Златко Теодосиевски

# ЗОШТО БУДАЛИТЕ НЕМААТ РОГОВИ?



NEW LINE

**Златко Теодосиевски**

# ЗОШТО БУДАЛИТЕ НЕМААТ РОГОВИ?

**и други текстови**

**(teodosievskiumetnost.wordpress.com/2015)**

**Нова линија, 2016**

**Вовед**

Книгата го носи насловот *Зошто будалите немаат рогови* по еден од текстовите вклучени во неа кој што го сметам за еден од носечките бидејќи се однесува на една битна за македонската уметност (и култура) тема: директното мешање на државата во уметноста / творештвото преку диригирани откупи на уметнички дела – наводно за потребите на националните институции – наспроти сите правни, стручни, професионални и морални механизми за регулација на тоа прашање. Ако се каже дека Македонија, во 2015 година, за прв пат во нејзината современа историја виде воспоставување на такви клиентелистичко манипулативни механизми во уметноста, како никогаш дотогаш, тогаш за понеупатените во тие прашања нештата ќе им станат појасни. Поточно, дури и во најцрниот соцреализам државата не се мешала така директно, така отворено и бескрупулозно во „откупот“ на уметничките дела за државните институции од областа на уметноста!

Пробниот балон пуштен прво во визуелните уметности потоа се прошири во сите творечки области – музиката (класична, поп и фолк, што е уште една фрапантна измислица на таа неписмена влада), сценаријата итн. И секаде „функционираше“, непречено. Дури со полна поддршка од повеќе уметници и уметнички здруженија. Толку за слободата и независноста на творештвото и творците кај нас!

Инаку, по повод оваа „акција“ (како што ја крстија надлежните), потписникот на овие редови, како редовен член на АИКА (Македонска асоцијација на ликовни ккритичари) и ИКОМ (Меѓународен комитет за музеи) достави Иницијатива за јавна реакција на овие асоцијации контра Министерството за култура, а заради грубо кршење на законите и мешање во откупната политика во музеите.
Ниту една од овие иницијативи не беше сериозно разгледана од овие асоцијации, ниту пак произлезе некаква реакција. Толку и за македонските уметнички асоцијации и нивната незавосност, стручност и професионализам!

Заради сето ова, мислев дека овој проблем заслужува поголемо внимание, па и наслов на оваа книга, особено и заради фактот што постои тенденција истиот да продолжува во недоглед. За потписникот на овие редови поразителен беше фактот што ни еден, ама баш ниту еден професионалец – со мала резерва ако нешто можеби сум превидел – во областа не најде за потребно да реагира на ваквата пракса на државата и бескрупулозното отворено мешање во откупната политика на институциите.

Од авторот

## ЗА ВРАЊЕ И КРАГУЕВАЦ

Не сум по природа параноичен, ама веќе со години имам чувство дека некој ми ги краде идеите. За многу примери имам и здрави аргументи, особено во поглед на некои проекти што (поединечно) сум ги доставувал до Министерството за култура на годишниот конкурс. Се разбира, ниту еден не поминал кај нивните „стручни“ комисии, ама малку-малку, за година-две, ќе видев во програмата безмалу ист проект, малку изменет во насловот и модифициран во некои маргинални сегменти, а го реализира некој од онаа булумента полуписмени пулени, кои Министерството секоја година широкоградо ги чести. И сум мислел да реагирам, ама, си велам, каде, кому? Па тие годинава, по повод конурсот за директор во Националната галерија на Македонија, отворено не' лажеа дека решавањето е во тек, дека Антикорупциска ги известила да го одложат изборот додека траат претседателските избори, па дојдоа парламентарните, па дојде есен ... за да на крај, после цела година малтретирање и лажење, не' известат дека уште во февруари тие решиле да го поништат конкурсот зашто немало пријавени соодветни кандидати за директор. Ама Палоши им беше соодветна, нели, и онаа пред неа? Елем, како и да е', вреди ли кај такви лажговци да се жалиш кога однапред знаеш што те чека? Да, некој ќе рече дека тие тоа и го сакаат – луѓето сами да се откажуваат – ама мора тук-таму да си ги штедиме живците. И нервите, нели?!
Како и да е', престанав (барем за кратко) да конкурирам на нивниот „конкурс“ за да не им давам идеи на тупаците. Но, ова со кражбите не е само таму. Кај непрежаленана Палоши во Националната галерија се случуваа такви интерни папазјании, што цели изложби се „префрлаа“ (ај да не речам се крадеа!) од еден на друг кустос. Документирано! И – никому ништо, вук појео магарца, што викаат Србите.

Како и да е', и ова за Врање и Крагуевац (иако мислам дека кај мене беше Лесковац!) сум го спомнувал неколку пати. Но, ајде да речеме дека и на некој друг, во случајов премиерот, може сосема случајно истите градови, и во ист контекст, да му се видат како соодветни за поентата. Не спорам. Иако јас ги „извлеков“ овие два града токму од „научните“ трудови на некои од професорските пулени на власта. Оние кои секогаш, по правило, тооолку знаат што нивниот научен видокруг допира одвај до Врање, преку сила до Лесковац. Крагуевац е сепак подалеку, мислам?
Но, впрочем, актуелнава „дискусија“ околу нашиве професори (а зошто само тие?) е стара македонска рак-рана. Барем беше во минатото, зашто безмалу сите наши светогледи допираа некаде до Белград, и таму – запираа. Како да имаше некаква замислена граница. (Така што, изгледа, со Врање и Лесковац се враќаме многу назад!). Ова највеќе се отсликуваше во културата и уметноста, но во принцип важеше и за сите други области од општествениот живот. Ако стасаш до Белград, цел свет е твој! Не случајно и Личеноски живееше таму неколку години. Тоа ни беше прозорец кон светот. Нормално, многумина тој прозорец го искористија да п(р)огледаат и подалеку, до европските метрополи, ама за грото од македонската култура и уметност Белград остана поим за свет.

Новото време – новата држава само навидум сакаше да ги отвори хоризонтите подалеку. Само навидум зашто, вообичаено, не можат луѓе со ограничени хоризонти да ги отвораат хоризонтите на другите. Или, ако сакате, да ја парафразирам (иако неволно) Солза Грчева, ние постојано се бафтавме со некакви „храбри“ влади, наместо да бараме умни влади! Храбрите поединци се можеби

соодветни за воени и кризни времиња, ама за ваква држава беа / се потребни умни луѓе. Луѓе со отворени хоризонти, со визии, со знаење барем два пати поголемо од оние на кои (ќе) сакаат да им продават памет. За жал, ни имавме ниту пак имаме такви луѓе во власта. Со чесни исклучоци, се разбира. Ама, ако претседателот на државата ви е човек со просек 7, за што правите муабет, за каков стандард, за какви визии и знаење? И сето тоа после се пресликува надолу со геометриска прогресија. И џабе му е и на оној кој го направи асистент вон сите процедури и критериуми сега да бара место во првиот ред на студентските протести. Требал тоа на времето да го бара, да бара асистенти од првите редови, а не од последните. Сега и нему му следува последен ред, ако воопшто нешто му следува!
Оттука, повторно за жал, не е далеку од вистината констатацијата за Врање и Лесковац, или Крагуевац. Ама, погледнете кој се' стана професор во оние дисперзирани по селските полјани факултети. Па за нив и Скопје беше / е метропола! За Белград да не говориме, зашто тие ниту го виделе. Или погледнете го Собранието на РМ и членовите во тамошните комисии: таму врие од нестручни луѓе токму за областите за коишто ги седнале да „одлучуваат". За културата одлучуваат правници, лекари, педагози, психолози, новинари ... и тук таму некој поблизок до областа; за образованието и науката исто (земјоделка, економист, пак психолог, математичар ...). Е па каков квалитет бараме, какви хоризонти подалеку од Врање и Лесковац бараме од тие луѓе?

Ако пак се знае вкупната политичко - партиска констелација во државава и фактот дека Собранието е само гласачка машина за предлозите на Владата, тогаш кој е виновен за Врање и Лесковац, или Крагуевац? Ако Собранието добива такви предлози од министрите, а мора да ги изгласа, тогаш – каде се крие зајчето? Во Врање и Крагуевац? Не ќе да е така. Таквите врања и лесковци, или крагуевци, се зацементирани во главите на оние што бистрат политика како во меана, што мислат дека се способни за сите ресори а не ги бива за ништо, оние кои без партиската книшка одвај би биле и вратари во некоја државна институција. Па дури и оние кои се наводно квалификувани за својата работа, како министерон за земјоделие, пелтечат како првачиња со бели коси: „па мене никој не ме известил за штрајкот ... па еве сега ... па сега еве ... еве ...". Што „еве", нема „еве", или знаеш или не знаеш?
Или, поточно, ако бараме професорите да гледаат подалеку од Врање и Крагуевац, не треба ли да бараме и такви министерства односно министри, таква Влада, такво Собрание? Зошто само овие би биле виновни и би морале пред општеството да положуваат сметки за својата кусогледост, а другите – не? Или, повторно како кај хонорарите: за едни ќе важи, за други не?
Да се разбереме: моето мислење за професорската бранша не е далеку од Врање и Крагуевац. Некој не допираат ни до таму. Не дека и оние од пред повеќе децении беа којзнае колку попоткувани. Барем моите. Ама стигнуваа до Белград, барем. Но имаше и исклучителни фигури. Мошин, на пример. Или Христо Илиевски. И уште неколкумина. А такви сигурно има и денес. И не баш така малку. Можеби е валидно и прашањето зошто ги нема повеќе. Ама прашањето повторно се враќа како бумеранг кај тие што запнале да го поставуваат. И тоа да важи само за професорите. А прашањето е: што им / ни пружа оваа fucking држава како поддршка, за да гледаме подалеку од Белград? И би го ценела ли тоа, навистина, ако гледаме подалеку? Или професорите, па и сите други, чии хоризонти допираат прилично подалеку од регионов, мора самите да инвестираат во својата надградба, во контактите, во истражувањата, а оваа банда лезилебовиќи да се шетка од Скопје до Куманово, евентуално до Врање, и тоа да го наплатува во суво злато? И уште да држи лекции?
Ако почнам да наведувам лични примери, ова ќе заличи на фалење. Ама оние тарабуки во Министерството за култура знаат за какви се' меѓународни собири сум се јавувал кај нив и сум барал финансиска поддршка. Само за пат. А сум добил –

нула! Дури се јавувале – особено оној земјоделецон – во Советот на Европа да не ми испраќаат покани. Не сум бил нивни. Е па, тоа „вашите“ ќе ве однесат токму до Врање. Крагуевац им е предалеку!

### *Ајваријади и пивтијади*

Не случајно го спомнав Министерството за култура. Како што сосема намерно треба да се спомне и Министерството за образование и наука, па и она за здравство, па државните институции под нивна капа итн. Ако оваа држава сака, се залага за отворени граници и луѓе со широки погледи, ако оваа држава поттикнува чекори од седум милји кои би го прескокнале полувековниот јаз што не’ дели од цивилизирана Европа, ако оваа држава се поклонува пред стручноста и компетентноста, ако ... зарем ќе имавме *такви* министерства, со *таков* кадар во нив? Зарем тие и такви министерства, и не само тие туку и целиот државен амбиент, ќе вршеа таква ригорозна негативна селекција насочена кон се’ што малку отскокнува од нивниот полуписмен светоглед, од нивната аналфабетска провениенција? Ако оваа и ваква држава, со овие и вакви функционери навистина сака(ше) да се натпреварува со светот на планот на културата, образованието, науката, зарем ќе толерираше вакви дилетанти кои денес се шепурат по државните ходници? Ако оваа и ваква провинцијална средина навистина сакаше да оформи здрав и широкоглед интелектуален круг, зарем ќе стимулираше коекакви лопови, лажговци и превaранти, особено во културата, образованието и науката, кои секојдневно го олеснуваат државниот буџет за милионски суми?

Многу пати до сега сум пишувал за годишните програми и чудесијата што таму можат да се видат секоја божја година. Е па зарем така се стимулираат поединци и институции да гледаат подалеку од Врање и Лесковац, па и Крагуевац? Вреди ли да се повторуваат? Вреди, уште сто пати: „Народната култура - трајна инспирација во моето творештво“; „Уметност - вистина и(ли) лага“; „Низ четката на преспански уметници“; „Цртање на асфалт“; „Снежен град и карван“; „Го градам мојот град“; „Кич, да?! (сте или не)“; „Биди креативен“;„Една слика илјада зборови!“; „Душата како слика“; „Поглед низ пресеци виа поглед кон мојот идентитет виа визуелноста на просторноста на квантумот виа“; „Ова е Вардарската долина“, (видеопрезентација); Годишна изложба на основни училишта; „65 години НТ Антон Панов преку фотографии и плакати“; „Туѓината - јадот и сјајот на душата“, ревија на костими; Изложба „Шарено велигденско јајце“; Моден дизајн, модна илустрација и ревија; „Land art 2014“ - ликовен проект; „Градина на бои - Допри ја уметноста“;„Нашиот шарпланинец“, „Успехот во наставата“, „Ревија ЕКО - Шар“, „Сетина и Попадија во минатото“, „Шар шланина низ слики и зборови“, „Корените ти се во оваа илирска земја“, „Охрид Травел Магазин“, „Free Time Guide Macedonia“, „Не можам да ти простам двапати“, „Струшки денови на отпорот“, „Ромите, небески народ“, „Приказни за Филип и Александар“ итн. И уште стотици вакви и слични идиотштини поддржани дебело финансиски токму од оние кои, наводно, гледаат подалеку, сакаат побрзо, повисоко. Ова ли се тие нешта што ќе не однесат подалеку од Врање и Крагуевац? Плус разноразни ракијади, пастрмајлијади, пивтијади, ајваројади и останати јадови, на чесо со берењето калинки на Хорхета, сите финансирани од државниот буџет.
И тоа е нашиот приоритетен културен производ, нашиот национален културен квалитет, и тоа само со примери во визуелните уметности (и делумно издаваштвото) што македонската културна и уметничка сцена ќе ја вознесе подалеку од Врање и Лесковац?
И уште еден (спорадичен ама индикативен)) пример, за којшто веќе пишував: ако Тина Гверовиќ, (релативно) млада мултимедијална хрватско британска уметница, со магистерски студии на Јан ван Ајк академијата во Мастрихт и докторат на тема

„Откривањето на современите меѓници: визуелната уметност и формирањето на современиот хрватски идентитет“, беше добра за изложба во ноември минатата година, во Tate Modern во Лондон, како тоа нашиве „стручни“ комисии со хоризонти преку Врање и Крагуевац глатко ја одбија за изложба кај нас? И уште колку вакви примери ќе бидат потребни да се види дека, всушност, не е проблемот во професорите ... и сите други? Дека проблемчето се крие во друга грмушче?

А кога веќе спомнав комисии составени од миленичиња на власта кои, веројатно, (треба да) имаат широки и современи светогледи, до кога Министерството за култура ќе ги крие имињата на членовите на нивните комисии? Ама јавно, и тенденциозно, ќе се објавуваат имињата на професори кои божем немале научни трудови? А кои се компетенциите и стручноста на посочените комисии кога кројат такви годишни програми? Какви ли импакт фактори на Глупоста имаат тие персони за да застанат зад такви „проекти“?
Или, можеме да продолжиме и понатаму па да посочиме примери на актуелни конјуктурни и особено ценети шарлатани, некои дури и со некакви академски титули, кои ни продаваат рог за свеќа и (мислат) не’ преведуваат жедни преку Врање и Лесковац и не носат во Европа. На пример оние наводни идеолози и крстоносни бранители на сите будалаштини во самонаречениот проект „Скопје 2014“, шуплоглавци од профилот на кичевскono сељаче кои во таквиот дискурс дури ќе видат „дизајн“ (sic!) „кој со својот класичен епски реализам е повеќе од соодветен на очекувањата и естетскиот вкус на тој ист народ“. Или некоја друга будала која целиот овој гротескно шизофрен склоп на квазизнаци ќе ги оправда со фактот дека некој се слика пред објектите и споменицитe. Или маалски филозофчиња чии газови се биле здрвиле од седење пред „Кооператива“ или „Дракстор“, па сега мудруваат дека „главната пошта во архитектонска смисла е толку откачена што странците се чудат што уште не сме направиле лого на градот со таа зграда“. Та такви ли, кукала им мајка, стигнаа да ни држат лекции од култура и уметност?
Ама странците – ги читаме и слушаме секој ден - не се чудат на вакви будали, нив впрочем ги има секаде, иако не во толкав број, туку се чудат на власта и на народов што ги трпи и ги толерира нивните стиропорни мудрувања обвиткани со златце од чоколатце. Тие ли закоравени умови ќе ни го покажат патот отаде Врање?
Проблемот е во тоа што со овој и ваков ум нам и Врање ни е многу. Нам ни се сосема доволни козјите патеки од Табановце до Гевгелија и од Делчево до Охрида града, да се вртиме ко нездрави на ова парче земја и да сонуваме за подобри времиња што никогаш нема да дојдат. Ако за оваа безмалу цела деценија никој не ни покажа што навистина има зад тоа Врање, сега допрва ли ќе ни покажува? Колку фалшиви врања и крагуевци видовме, не можеме да ги доброиме. И сите платени во цврста валута. Малку-малку па некој ја промовира македонската (не)култура некаде надвор, во некоја слична на нас вукојебина, а нашиве упикувачи – особено оние од т.н. новинарска фела – го пумпаат балонот до распрскување. И мислат дека им веруваме. Па уште и објавуваат фотографии. Како од последната „изложба“ во македонската амбасада во Виена. Ако е тоа проширување на нашиот врањански видокруг, подобро и да го нема. Зашто ниту е проширување, ниту пак е видокруг, зашто и тука и таму никој не не’ гледа.
И нема да не’ гледа зашто сме – невидливи! Тука сме, а не’ нема. Постоиме, ама сами за себе. За другите сме сива зона, бришан простор, магла ... И Врање и Лесковац, полека, за нас стануваат недостижни цели. Зашто ние и таму не би знаеле што да направиме. Нам ни е се’ – сеедно. Токму како и да не постоиме. И за тоа се најмалку виновни професорите и нивните импакт фактори. Уште помалку ние другите. И тука со полно право се вклучувам и себеси. Зашто, дури и кога сме сакале да помогнеме, помошта била одбивана. Не сме биле – ваши, што и да значи таа будалаштина. А сите оние волови и магариња кои секојдневно дефилираат низ

медиумите, некои со бели коси, некои уште си пубертетски мозолчиња на лицето, е таа неписмена багра ја претставува денешна Македонија. Жална Македонија.

## *Импакт фактор*

Иако си имав почнато убава тема, како за по Нова Година, тој импакт фактор не ми дава мира. Не' побудали сите, до еден. И треба да ни го воведат. Не знам зошто само на професорите – иако, како што објасни Фрчковски, со него ќе се занимаваат недолжните помлади генерации – а сите други да бидат амнестирани од такви контролни механизми? Ако не сака Владата да се позанимава со тоа прашање, нека го направат тоа студентите. Нека смислат импакт фактори за министрите и нивните заменици (особено за Шпиро!), за директорите на државните институции, за државната администрација ... И нека ги предложат на Собранието. Па да видиме „чија мајка црну вуну преде"! Каков импакт фактор би и наложиле на една Палоши, или легендарната Крстевска? А домаќинкана во Музејот на современа уметност, или на Сарајлија ... или на откупнана „комисија" при Министерството за култура?
Ако бараат помош во предлози, се пријавувам доброволно. На пример, за администрацијата да се воведе импакт фактор во (Монтипајтонско) глупаво одење или, евентуално, одење на раце од дома до работното место. Во траење од месец дена. Ако не го исполнат – AUS! За министрите и замениците цупкање на една нога до Врање (заменици) и Крагуевац (министри), еднаш на две години. Ако не го исполнат – оставка. И така натаму, со ред. За секој може да се најде соодветен импакт фактор за проверка на неговите способности и знаеа. (За оние поименично погоре спомнати кревам раце. За нив нема соодветен кантар, пардон – импакт фактор!).
Иако, всушност, Професорскиот пленум имаше ретка можност директно да испорача вакви предлог - импакт фактори, и тоа директно во Собранието. Не се снајдоа, како да се уплашија. Како ли ќе се борат понатаму кога директниот контакт толку ги збунува?

Шега на страна, страшно ме заинтересира тој импакт фактор и проблемот со новиот закон за високо образование. Не од аспект на толкава грижа или порасната граѓанска свест за проблемите на другите – зашто тие други не трепнаа со око кога *другите* имаа такви и слични проблеми – туку заради по којзнае-кој-пат воспоставувањето на принципот на отворена дискриминација, сега (и) меѓу професорската фела.
И ја читам и старата верзија на Закон за високото образование - не е ни битно која по ред – но и предложените измени, и во тој дел се сите мање-више исти. Односно, се' ви е јасно уште кога ќе ја прочитате „дефиницијата" за улогата на високото образование: „Улога и задачи на високообразовните установи се создавање, заштита и пренесување на знаењата за обезбедување на социјална и економска благосостојба и напредок на општеството, подготвување на студентите за занимања за кои е потребна примена на научни открития и стручни знаења, културна и јазична разновидност, поттикнување на технолошкиот развој, развој на уметностите, техничката култура и спортот". Брее, каков ум ли го смислил ова? Многу сличен на оној искривен ум од Законот за култура и неговите „дефиниции"?
Како и да е', како што им го скроиле, така ќе (си) го носат. Но, тоа е друга тема, овде зборот ми е за нешто друго. Имено во членот каде се говори за менторството и кој се' може да биде ментор на магистерски студии, стои: „Право да биде ментор на магистерски труд има само наставник кој објавил
најмалку шест труда во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт фактор кои се во првите 50% списанија од соодветната област во базата на Web of Science и кој добил акредитација од Одборот за акредитација и евалуација

во високото образование“. И пак тој фамозен импакт фактор. А за докторски студии, во чл. 96, стои дека „ ... менторот на докторскиот труд треба да има најмалку шест објавени рецензирани научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации од кои најмалку два во меѓународни списанија со импакт фактор кои се во првите 50% списанија од соодветната област во базата на Web of Science во дадено поле …“.
И, горе-долу истиот додаток за импакт факторот и „... првите 50% списанија од соодветната област во базата на Web of Science во дадено поле …“ се повторува како критериум и кај изборот / реизборот во наставно научните звања на високообразовните институции.
Е сега, зарем во државава постојат само професори на Правниот и Економскиот и уште еден-два факултети, кои пак мораат по секоја цена да ги исполнат овие услови? Зарем тие се најважните професори, носечките интелектуалци во оваа држава па само заради нив се носат закони? Сите, имено, говорат и посочуваат безмалу само професори од Правниот факултет при УКИМ, можеби по некој од некој друг факултет, ама повторно од општествените науки, и – толку! Та оние од техничките факултети, па информатичарите, па лекарите, па стоматолозите, па сите други, тие небитни ли се?

Или, дури и по цена да бидам малициозен, многу би сакал да видам некој доцент или професор од т.н. уметнички факултети, кој ги исполнува(л) овие услови. Особено оние од Факултетот за ликовни уметности, од Архитектонскиот факултет, од Факултетот за драмски уметности ...? Како тие (и до сега) биле бирани и реизбирани во наставно научни звања, колкумина од нив навистина ги исполниле овие импакт фактори и на колкумина им било прогледано низ прсти? Или, можеби, овие одредби не важат за нив? Односно, важат селективно, како за кого? И што ли можат да напишат тие професори, какви тоа научни трудови би можеле тие да објават, па уште во списанија со импакт фактор? За што ли „пишувале“ доцентите и професорите на Факултетот за ликовни уметности? Па некои од нив одвај умеат името да си го напишат!
Јас стварно не знам дали некој кај нас докторирал на Факултетот за ликовни уметности, ама дека многумина магистрирале, знам сигурно. И сигурно знам дека на истиот Факултет, како и на оние другине т.н. уметнички факултети, има и доценти и редовни професори. Но како, ако професорскиот кадар не ги исполнува(л) условите? Или ги исполнува(л), можеби, ама ние не знаеме? Се разбира, и тоа е можно, ама е речиси неверојатно. Баш би сакал да бидам демантиран. Меѓутоа, законодавецот, бистар како и обично, овде смислил „квака 22“ на која што цел живот се шлепуваат македонските уметници и уметнички „професори“. Знаејќи колку и како овие ги бива, кај нив вметнале друг услов, односно дека кај нив импакт фактор е ако имаат „... признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата, како и способност за наставна работа“. Ама тоа „признати“ и „од особено значење“ никаде и од никој не е објаснето. Што тоа подразбира, односно значи? Две реченици во каталог, од македонски „куратор“? И без каква и да е јавна рецензија или критика во медиуми? Или, некои можеби си ги книжат во евалуациите и нивните наводни учества на разноразни „меѓународни“ изложби? Можеби онаа фамознана во Виена, во македонската амбасада, или онаа во подрумот на КУД „Франце Прешерн“ во Љубљана? А оние пак со „учество“ на венециското биенале можеби треба веднаш да ги произведат во доживотни редовни професори? И за тоа ли е таа тепачка на македонскиве „професори“ за Венеција?
Се разбира, секој нормален ќе праша дали навистина тоа е еднакво на фамозниот импакт фактор во „... првите 50% списанија од соодветната област во базата на Web of Science во дадено поле …“? И затоа сите овие туткуни од таканаречените уметнички факултети молчат? Па тие однапред биле купени! Ќе си направат по една

изложбичка на три години, архитектине можеби ќе „проектираат“ по некоја гаража, ќе си формираат интерни комисии, малку (да простите) ќе се дудлаат, и – толку од импакт факторот! И дали навистина низ еден ваков театар овие туткуни стануваат конкурентни на меѓународниот пазар, како што бара премиерот?
А всушност, оваа држава најверојатно дури и не ги смета тие факултети за сериозни факултети? Можеби ги гледа како забавишта за неумни деца, за деца што не знаеле што сакаат, не можеле да станат правници и економисти, па станале – уметници? Иако не сум сигурен дека дури и оние „сериозните“ како Историја на уметноста, Археологија и слично, ги исполнуваат оние услови. Чест на исклучоците, ако ги има. За што ли тие објавуваат во списанија со импакт фактор? За патот на Ацета низ Македонија и можноста некаде кај Ќустендил да му побарале пасапорт?
Мислам, целава работа навистина заличува на една гооолема лакрдија, при што Врање и Лесковац, или Крагуевац, немаат три благе везе со нашава работа, туку се вметнати само да плашат една мала група професори кои никако да се примират и да си ја гледат работата туку се мешаат и во високодржавни работи!

***И уште еднаш***

Уште еднаш, се разбира, за И(мпакт) Ф(акторот), зашто нема да не остави на мира уште долго време. Ќе ровари и цинкари, ќе дели и казнува, ќе ја импактира цела држава. Ене уште една група „професори“ се придружиле во негова поддршка. Фантастично! Мислам дека вавки „професори“ нема никаде во свет. Самите си ја копаат дупкаат. Или – таа им е веќе ископана, а овие само си скокаат во неа. А попрво ќе да е дека отсекогаш и биле таму. Не можат пустите да излезат. Цел живот им е – дупка. И ИФ!
Но, моине омилени пулени од Факултетот за ликовни уметности, од Историја на уметноста, од Архитектонски ... и понатаму се притаени. И тие се во некоја дупка, под некој камен, и ѕиркаат, душкаат како се одвива работата надвор. Да не ги закачат и нив? Нема, се разбира, што би правела државава без такви бели мечки, во континуиран зимски сон?
И кога сме веќе кај нив, уште една дилема: ако тој фамозен ИФ е толку важен, ако навистина е толку битен во животот на оваа нација оваплотена во нејзините млади надоаѓачки (факултетски) генерации, тогаш навистина сите здушно би требало да го прифатиме. Ако тоа е толку важно во студентскиот живот на идните македончиња, можеби сите овие опоненти, вклучувајќи се и себеси меѓу нив, можеби сите навистина грешиме? Ако ние континуирано произведуваме фалшиви генерации (и дипломи), нели е време да се стави крај на таа будалаштина?
Не знам кој води евиденција колку студенти има секоја година во Македонија. Односно колку „идиоти“ – без државен испит и импакт фактор - произведуваме годишно? А што со оние досега произведени? Да се избркаат од работа, од семејствата, од државава ...? И да остане само Владата, и Контра пленумот? А Хорхе? Разбира се, држава без него – нема!

## JE (ne) SUIS (pas) CHARLIE?

**1.**

Речиси сто пати до сега сум си рекол дека веќе ништо не може да ме изненади, ама повторно се изненадувам. Речиси сто пати до сега сум си рекол дека веќе ништо не може да ме изнервира, ама повторно се нервирам. Не дека ми пречи друго мислење, не дека ми пречи друг или туѓ став, не дека ми пречи некој лично и персонално ... ама од некои луѓе очекуваш некакви константи, очекуваш континуитет и во минимумот критичност (ако не повеќе), очекуваш (барем) вообичаено мислење со своја глава. Без оглед дали некој ти ги финансира текстовите / работата, без оглед дали ние сме failed state (како што вели проф. Малевски), без оглед на се', некои минимум стандарди мора да се задржат. По секоја цена! Особено кога е во прашање професионалниот и личниот интегритет, квалитетот на професионалната работа и се' друго што оди со тоа. Зашто, ако дури и оние во кои јавноста има(ла) каква-таква доверба дека застапуваат некакви општи вредности, некакви современи стандарди, некакви цивилизациски норми, кои биле читани и ценети заради нивните слободни ставови, ако и тие почнуваат да се раководат од некакви мистериозни инфлуенци и слепо „ја држат“ страната на финансиерот (или на Глупоста?), тогаш, нормално, ни се стеснува полето на слободното мислење, на вербата во некакво можно подобро утре, во некакви интелектуални идеали што треба да им ги всадуваме на младите, ама и на повозрасните. Зашто и тоа се учи, мислам на слободата и идеалите, се учи како и се' друго, ако има такви примери. А кај нас ги има се' помалку, за жал. И, впрочем, веќе свикнавме на таквото македонско „новинарство“!

**2.**

Односно, ако грозоморието на Charlie Hubdo во сиот нормален свет предизивка згрозување и протест, кај нас не само што мува не ги лази, туку почнавме да читаме и такви „правоверни“ теории што, просто, делуваат запрепастувачки, И тоа од поединци од кои најмалку сме очекувале.

Фактот дека ниту еден политички званичник не се огласи (освен со неизбежните и по правило неписмени и смешни телеграми) по повод крвавиот терористички пир во Париз – а особено оној тутмакон од Претседател, такозвани Хорхе, кои се слика дури и кога бере калинки, но сега нема што да му каже на „својот“ народ – е наше секојдневие веќе со години. И фактот дека дури и таков настан ќе го искористат некои како онаа „шителова“ ергела наредена на некакви скалички и со натписи „Je suis Charlie“, и тоа ќе го голтнеме и ќе го одбиеме на вообичаената и за таквите примерена Глупост. Зашто, можеби е задоцнето самоосознавање, или доза на самокритика за сопственото комедијантско новинарство? Или сега треба да ги очекуваме и оние другине, партизанкана на пример, или оној Боцевски? Само што ним ќе им требаат поголеми натписи за да го покријат срамот. И телото.

Каков „Je suis Charlie“, какви бакрачи. Па тие единствено што можат да држат во рацете е „Je ne suis pas Charlie“, а уште подобро би им легнало „Je suis Будала“ или нешто слично. Сето тоа се нешта на коишто веќе свикнавме: однесување на малоумните, понуда „рог за свеќа“ или „муда за бубрези“, ако повеќе ви се допаѓа, коишто со години ни ги продаваат најголемиот дел македонски новинари, интелектуалци, професори, политичари ... И веќе никој и не ги есапи за живи, зашто и не се, барем не за нормалните луѓе и секако не за нивните професии. Тоа се истите оние, нели, кои од десетици илјади студенти умееа да избројат само петстотини, оние истите кои како снајперисти умеат да заокружуваат со црвени кругови, таа иста булумента која што веднаш формира контра движења, токму тие кои до перфекција го усовршија процесот на трансформација на лагата во вистина.

И повторно: тие се веќе вчерашна приказна, прочитана книга од две бедни сранички.

**3.**
Но, дека македонското новинарство (читај: Глупост) навистина е неповторливо во својата манипулативност, дека ние и само ние можеме така да ги изврtиме нештата и потоа да ги пласираме како издржани тези, дека само кај нас е можна дури и *таква* нискост, говори најновата „теорија“ за наводна неподобност на објавување на „проблематичните“ карикатури од Charlie Hubdo. Зошто? Зашто така одлучиле американските весници, односно дека „... и опишувањето на карикатурата е доволно информативно за читателите“[1]. Маније ваљда? И само заради фактот дека тоа, повикувајќи се на некаков Кодекс на уреднички принципи, било прифатливо за одделен број влијателни американски весници, тоа кај нас се пласира како „одличен потег“. Тотално некритички, или, ако сакате, тотално поданички – зашто порталот е финансиран од USAID – па сега и нам, или на цела Европа, ако сакате, треба да ни се натураат тие ставови. Тогаш, што беа оние 4,5 милиони народ излезени на улиците на Франција? Заебанција, им беше досадно на луѓето, или токму поддршка на слободата на говорот односно спротивставување на „опишувањето“? Од каде, и зошто, и кому му служат ваквите тези, сега пласирани дури и од новинари во кои некогаш јавноста имаше барем некаква доверба? И зошто тогаш, само неколку редови претходно, истиот потписник го искара македонското новинарство, па и сите нас, дека „Додека тикерите на светските агенции не престануваа да пласираат вести од Париз, градот каде што беа масакрирани дванаесет луѓе, низ катодните цевки на македонските телевизии течеа сарми, риби, гурабии и посланија, а круна на „истражувачкото новинарство“ беше решавањето на една од најголемите енигми на денешницата, од која зависи иднината на земјата: Кај кого паднала паричката во бадниковото лепче на македонските политичари!?“[2]. Па дури и да најдеме разбирање за американските медиуми – иако не сите се поведоа по „мудроста“ на неколкуте големи – имајќи го предвид сето она што таа држава го преживува(ше) од оној 11 Септември наваму, повторно: зошто тоа треба да биде и наш став? И од каде е тоа „одличен потег“?

**4.**
Зарем во 21-от век новинарството ќе се базира на рекла-казала, на прераскажување на настаните во светот, па нека е и од најгилемите новинарски пера? (Иако, за вољата на вистината, ни CNN ниту пак другите американски национални мрежи се држеа до тој „принцип“). Тоа ли е најновиот тренд според којшто ќе треба да се раководи и македонското новинарство? Та тоа за нас и не е којзнае каква новост – го гледаме секој божји ден. (Пре)раскажувачки мрак. Секој божји ден некоја будала ни прераскажува што и како некој сакал да каже, што и како некој направил, што и како ние треба да правиме ... и сето тоа, се разбира, во „меки порно верзии“, за да не се возбудува премногу народот. И сето тоа по избор на „новинарите“ односно нивните цензори! И што е тука ново за нас?
Или, можеби ова се однесува само на *сликата*, вклучувајќи ја тука и карикатурата, која што, ете, предизвикува такви жртви? (Како да ништо од ова немаше да се случи да не беа тие карикатури!). Или ние можеби не разбираме, или не сакаме да разбереме како и нашава „мудра“ новинарка, дека целта на крвавите напади е токму тоа: да се замолчат слободоумните? Зарем утре нема истото да се однесува и за *текстот*, а не само за сликата? И каква беше / е’ разликата помеѓу ова и „Сатанските стихови“ на Руждi? И нив ли ќе ни ги прераскажуваа(т)? Или некој од филмовите на турските дисиденти – режисери, некои дела на кинеските дисиденти –

[1] Катерина Блажевска, *Ослободете ја „Окованата патка“!*, Призма, 09 јануари 2015
[2] Исто

уметници? Можеме ли поголема услуга да им направиме? Каде е крајот, госпоѓо „новинарке“? Вие ли ќе бидете тие што ќе ни ги прераскажувате – со ваши „умни“ зборови, разбира се – политичките случувања во светот, културните настани, уметничките дела ...? Да не треба и екстра да ви плаќаме, за напорот што ќе го вложите?

Оттука, апсолутна бласфемија е да се каже дека кај нас Charlie е одамна мртов. Тоа сите го знаеме, но проблемот е: кој го уби? Или кој го убива, секој божји ден, повторно и повторно?!



## СЕ’ ШТО НЕ Е ЗАБРАНЕТО ...

**1.**
Добро е кога-тогаш човек да ги надмине заблудите. Или да се стреми да ги надминува. Да ги открива сопствените грешки, да ги надминува сопствените предубедувања, дилеми, нејаснотии, во животот и во работата. Говорам за себе, се разбира. Добро е да се луфтираат напластените илузии за средината, народот, државата ... Одлично е да ви се разбистри пред очи, дури и на повозрасни години, да ви се отворат нови хоризонти на мислата за тоа што и како се случува *околу* вас.
Кои се овие луѓе околу нас, овие кои секојдневно буквално навалуваат низ сите медиуми, објаснувајќи ни ги нивните (нарачани) идиотски „ставови“ за се’ и сешто, од импакт фактори до потребата од реформи во високото образование, од „вредностите“ на штрајкбрехерството до денунцирањето на колегите, од „големината“ на нашата култура за нивните длабоки џебови, од важноста на нивната „работа“ за нашето добро? Од каде исползаа такви креатури без морал и етика, без воспитување и култура, без елементарни човечки норми на однесување?
Некој ќе рече дека е тоа работа на перцепција, на снаоѓање, на разбирање на секојдневието и случувањата, на разбирање на околината односно околностите во кои што живееме. Тие биле тука, ама ние не сме ги забележувале? Односно тие цело време биле тука околу нас, ама притаени, маскирани? Веројатно е така, но безпоговорно перцепцијата *кон надвор* произлегува од перцепцијата *кон внатре*, личноста (ако е’ личност, се разбира) во голем дел низ надворешните манифестации ги пресликува сопствените лични, внатрешни карактеристики, сознанија, навики, размисли ... Ако сте *внатре* бараба, и светот ќе го гледате како место полно бараби и преваранти, нечесни луѓе кои одвај чекаат шанса за злодело, за лага, за измама ... Ако пак *внатре* сте принципиелна и морална личност ќе се обидувате и околината да ја доживувате на таков начин. (Иако, најчесто, ќе згрешите, се разбира, зашто очигледно нашиов свет не е таков!). Без оглед на се’, односно без оглед (и) на претпоставеното двојство на секоја личност – повторно: ако е’ личност, се разбира – на присуството на темната и светлата страна како некакво можно единство на спротивностите, јасно е дека доминантното ќе излезе на површината. Кога – тогаш!

**2.**
А тоа „кога – тогаш“ особено се однесува на кризни времиња, на пресвртни периоди, на ситуации во кои што човек мора да се определи. И тука маските паѓаат. Дефинитивно. Темната страна, таму каде што е посилна, ќе се покаже во сета своја дрскост и безобзирност. И тука нема помош, безобразлукот го освојува теренот, барбаризмот е доминантниот чинител во нивното секојдневие. Тогаш човек на човека станува волк, се’ што не е забрането – дозволено е, се плука и се лаже на сите страни ... И тука, повторно, паѓаат нашите предубедувања дека живееме во некаква библиска земја, меѓу некаков библиски народ, каде библиското останало само мртво слово на хартија. Полека ни станува јасно дека нашата перцептивна моќ затаила, дека сме се излажале во многу нешта, особено дека овој народ – односно неговите видни претставници – не ги совладале ниту елементарните домашни воспитни курсеви, а не пак важните историски лекции.
Илузија ли беше верувањето во питомоста и честољубивоста на овој народ, во библиската посветеност и побожност, во братољубието, во добрината ...? Па каде е тој народ да им ги истегне ушите на овие бараби, на оние денунцијанти, на оние штрајкбрехери, на оние уличари кои секојдневно почнаа да ни солат памет, за наше добро?! Ваква ли е таа „елита“ – политичка, академска, културна, образовна – вака ли се однесуваат честољубиви и морални луѓе?

Потенцираат: се’ што не е забрането, дозволено е. Зашто, „согласно Правилникот за избор на научници на УКИМ кои покажуваат врвни резултати во научноистражувачката дејност, согласно Законот за високо образование, како и согласно кој било друг закон, не постои забрана член на која било комисија при УКИМ, вклучително и член на Комисијата за наука, да нема право да се кандидира на конкурсот за избор“[3]. Да, да се *кандидира*. Ама да добие? И кој, и кому тука може да му каже дека во некои нешта не станува звор за закони, туку за чест, морал, професионалност, колегијалност, добро воспитување ...?! Толку ли се тие категории неразбирливи за „новиве“? И кои се тие закони на коишто овие им се поклонуваат? Законот на посилниот, на помоќниот, законот на протекционизмот и корупцијата, законот на партијата ...?
Секојдневиево некако одеднаш ни го фрла в лице фактот дека во оваа земја одамна се заборавени општите човечки принципи, оние врз коишто се темели секоја цивилизација. Зашто тие бараат законите да им забрануваат, а не свеста, совеста, честа, моралот ...! Впрочем, тие категории се повеќе некакви норми и принципи кои некој, некогаш и однемајкаде ги измислил и веројатно не очекувал луѓето вечно да се придржуваат кон нив? Особено не во библиските земји? И изгледа дека денес тие веќе и не важат, барем не овде и сега, и изгледа дека тие норми и принципи не се повеќе ни составен дел од домашното воспитување или основното образование!

**3.**
За нас е впрочем веќе се’ застарено. Ние имаме нови закони и нови луѓе. За кои законите не важат. Не важат ни Севишниот, уште помалку оној кој им ги пренесе на луѓето заповедите испишани со неговиот свет оган врз глинените плочи. Не ги ни спомнуваат. Овие бараат ново законодавство, важечко само за другите.
И каде впрочем, во кој закон пишува дека не смее да се лаже? Или дека треба да се каже „добар ден“, или да му се отстапи место на постар во автобус, или да се сочека во ред, или да му се помогне на снеможениот ...? И секако: во кој тоа закон пишува дека член на некаква комисија не смее себеси да си додели награда?
Впрочем, оваа пракса не е од вчера кај нас. Колку години по ред во сите комисии во она непрежалено Министерство за култура ежедневно си прават „на ти го, дај ми го“? Самите одлучуваат за себе и своите пајташи, се разбира. А Советот на Министерството? Кој до којега, мој до мојега, не може да помине година а сите до еден да немаат по неколку проектчиња во фамозната Програма за јавен интерес. Сите ни биле всушност – јавен интерес, само што ние не сме знаеле. Се’ уште ги мислиме оние некогашни шушумиги што не знаат ни носот да си го избришат. А они – научиле и во џеб да ти брцаат! И во кој закон пишува дека не смеат?
Или во кој тоа закон пишува дека не му доликува на еден претседател на МАНУ да биде рецензент на онаква будалаштина наречена „книга“ за еди кој си? Или во кој закон пишува дека правник и Институт за филм се две тотално различни работи? Или каде пишува дека домаќинка не може да биде директорка на Музеј на современата уметност, па уште и да ни држи говори за уметноста? Или кој закон забранува една иста шушумига континуирано, со години, да биде министер за се’ и сешто и патем да упропастува се’ што ќе допре? Или на Димета директорувањето и министерувањето да му е прва работа во животот? Или Миле да не смее да си ја издава куќата токму на тие странци кои подоцна случајно ќе победат на тендер? Или Хорхе да си го шета синот и да го претставува како наследник на лозата Хорхе-овци? Каде пишува дека тоа не смее да се прави? И каде, уствари, во кој закон пишува дека во оваа земја е забрането да се има таков претседател? Такви закони нема ниту во една земја, па зошто би ги имало и кај нас?

[3] *Каракамишева станала научник на годината додека членувала во комисија која ја предложила,* Плусинфо, 16 јануари 2015

Впрочем, прашање за дискусија – а кај нас веќе сите прашања се за дискусија – е дали еден претседател на држава, дали еден премиер, дали некој министер, академик, универзитетски професор ... мора да знае дека постојат и некакви други, поинаку напишани и поинаку формулирани закони? Уште од памтивека?
На пример, дали заповедта „*Не кради*“ се однесува и на членувањето во неколку одбори што немаат ама баш никакви допирни точки со професијата на членот? И дали тоа се однесува и на вработувањето на целото семејство – блиско и подалечно – во државни и странски фирми? И дали она „*Не убивај*“ се однесува само на Мартин Нешковски, Николче Младенов ... но и на сите оние други што заради нечиј ќеф со години веќе чмаат во македонските затвори, зашто и нивното е еднакво на смрт во тие години? Кој закон го спречува оној Маказиќ сега да го плука сопствениот фаворит, оној што го водеше за узда од асистент до претседател? Дали на тоа, можеби, се однесува она „*Не сведочи лажно против својот ближен*“? Па и токму Кежаровски, како најсвеж пример, експресно, ноќе, однесен (повторно) во затвор, а врз основа на нечие „сведочење“?
И зошто воопшто за Декалогот се вели дека е збир на религиски и морални закони, напишани од Бога, кога ние / тие тој Бог не го признаваат бидејќи не му ги признаваат основните закони што им ги наменил? Или тие се за другите, за рајата? А сепак први се редат на сите верски празници, се сликаат божем богопокорни, бацуваат раце и крстови ... Та нели е тоа најодвратното богохулење во оваа (наводно) библиска земја? Токму според онаа: слушај ме што говорам, не ме гледај што правам!?

**4.**
И повторно - дали навистина е дозволено се’ што не е забрането? И дали моралот, ако воопшто го има, се мери само според бројот на нулите на хонорарот за извршената „работа“. И бројот на управни и други одбори и комисии во коишто членуваат. За наводни 600 денари месечно! И се бават со наука, сите. Сите до еден. Не можеме глава да кренеме од научници со божемни импакт фактори кои сега начекаа да си ги кодошат своите ментори. А Аџиев – спие! Не сака вакви кодоши, ги сака оние од порано. Тие не можат да му наштетат. Овие можат главата да му ја скинат. А и не е некоја глава, за право!

## ДОЦНОБУДНИ ПЕТЛИЊА

Жал ми е што не отидов на протестите за Кежаровски. Човекот навистина заслужи таква почит, и напор, ама – не можев. Односно, претпоставував кого се' ќе видам (и чујам) таму и некако срце не ми даваше. Иако всушност тоа нема никаква врска и протестите – какви и да се – се отворени за сите. Па и за гнидите. Ама добро, можеби дадов некаков свој скромен прилог со текст на блогот.

Но, никако да престанам да мислам на *нив*. Додуша, и да сакам – не можам. Не даваат. Ене ги веќе на сите насловници на порталите, држат мегафони, врескаат ко ненормални. Држат лекции. Кому? На оние кои цели десетина години мака мачат да задржат уште ронка достоинство, на оние кои безмалу цела година ги мереа скопските улици и искинаа по две рала чевли во рамките на оној некогашен „Отпор" и сите други отпори, на оние чии имиња не смеат да се појават на ниту еден државен список, во ниту една програма, во ниту еден проект. Па не би се наредил зад нив и со злато да ме плаќаат. И згора да ги слушам како се дерат. Доцнобудни малоумни петлиња од метар и жилет!

Колку до вчера седеа распиштолени во фотељите делејќи троа ум и повеќе пари, бистреа „политика" низ оние петпарачки медиумски срања од типот на бурекџијана и компанија, пишуваа уводници, заводници и преводници пцуејќи по се' што не мислеше како власта. И како нив, се разбира. Сега – сечат вени за Кежаровски!? Бараат слобода за Македонија? Од кого - од себе си?!

Откако ги избркаа од фотељите зашто веројатно нешто усрале, или се усмрделе на местата, или направиле не-знам-што, не ме ни интересира, веднаш се прешалтуваа во борци за демократија. И тоа во првите редови. И морализираат, држат лекции. И на пастирот, и на Хорхета, и на сите по ред. Демек, „Видовме досега и лисици и зандани, видовме затворени весници и телевизии, медиумски газди во апс, новинари на улица, понижени и посрамени. Сакаат фамилиите да ни ги затворат, семето на слободата да ни го сотрат, вампирски крвта да ни ја испијат! Ѕверови се тие!". Како одма се поистоветуваат, да се чудиш. Каде тоа сте виделе „лисици и зандани", кои тоа ваши весници и телевизии биле затворени, кога тоа вие сте биле на улица ... петлиња доцнобудни? Или откако ве шутнаа ко тринаести прасиња, се свестивте? И станавте предводници на борбата за слобода? До следниот ангажман? До следниот (п)откуп? Па привремено сте тука, демек да се најдете во работа. Да не кмишете дома, да ве тераат жените на пазар и да ги чувате децата. Затоа, подобро е привремено да изигрувате бунтовници, и тоа во првите редови. Како оној Шкариќ, кој бара дури и резервација! Или навистина сега намирисавте дека доаѓа крајот, дека кад-тад, многу бргу, ќе има прераспределба на картите, па пак да фатите некој џокер?

А и овие опозиционериве какви се, да те бог сачува. Им препуштаат место само за да не се расправаат со нив. Или пак овие имаат силни лакти? Можеби, вешти се, навежбани. Како инаку би преживеале со тоа малку памет што го имаат? Малку памет – силни лакти!

Ама и не се малкумина. Се множат, придоаѓаат секој ден. Гледате дури и невозможни трансформации. Им фалат уште партизанкана и бурекџијана, и тие да земат мегафони и да се дерат ко нездрави. Против кого? Против секого, се' дури некој плаќа за тоа. А впрочем, нели и седеа заедно, барабар со онаа будала Сарајлија и ни ебаваа мајката еднаш неделно на ТВ а секој ден низ весниците? На сите по список. Не правеа сите луди. А сега цртираат Библија, порачуваат дека „немаме намера да се пазариме". Кој тоа, ние или – вие, доцнобудните супозиториски очерупани петлиња? И со кого, со вашите бивши газди? Ќе се

пазарите и тоа како, само овие да ви дозволат. И ќе усерете се' што другите, чесни луѓе, со мака го сработиле. Цел живот се возите на нечиј грб.
И како тоа кога таквите ги чистеа редакциите од непожелни новинари, токму новинари од типот на Кежаровски, кои не беа баш по ќеиф нивни и на власта, како тогаш во оваа „држава" се' беше ок? Зошто тогаш не земаа мегафони да урлаат и да протестораат туку ко млади мајмуни ги потпишуваа решенијата за отказ на колегите? Ама сега, кога и нив ги исчистија, е сега нешто не чини!?
И кога и овие би биле осамени. Ама не. Како кој добие клоца од актуелните газди, ене го на чело на сите протести. Сакате онаа универзитетска колумнистка, оној бивш капо на „Дневник" што сега му држи лекции на Милета божем тој е нешто поарен, овој малиов што се дере ко да го дерат ... и уште редица други. И ако, како што констатира Фрчковски, „ ... оваа власт ги има најпростите, најпродадените и најмрачните „експерти" извршители на ова убиство на слободата на Универзитетот од било која власт порано ...", нели се медиумите веќе одамна убиени токму од ваквите „интермедиумски" најпрости и најпродадени и најмрачни а сега кастрирани петлиња? Кои кукурикаат и ден и ноќ, за се' и секого?
И навистина ли така брзо се заборави (или забошоти?) нивната довчерашна улога? На пример, дека „Новиот уредник на Дневник, десничарот Димитровски, самиот обнароди, а и лично бев сведок кога телефонски разговораше со Груевски, дека премиерот му признал дека со Керим договарале главен уредник на Дневник. Дали тоа што Груевски му раскажа дека тогаш бил за него, ама Керим одлучил за Кокаланов, сега било причина Среќко да реагира со задоцнето палење, не е толку важно. Лично би сакала, како што Жоро тогаш призна дека, сепак, иако е кабинетски производ „Кокаланов умее да покаже дека не размислува со главата на Протуѓер" и тој да умее да го покаже истото!"[4]. Можат ли навистина такви „производи" да мислат со своја глава, и со каква мисла? И како тоа, да простите, овие десничари сега станаа предводници на левичарите? Или тоа нема везе, новинарите се „едно братство"? А и ние со нив? Та ако е така, зошто не си ги викнете и онаа партизанкана, и бурекџијана и сите останати и заедно да се наредите зад нив и да протестирате? За што и да е'.

Иако, впрочем, немам ама баш никакви намери некому да држам лекции. Ниту пак мислам дека и ова може нешто да промени. Само не сум сигурен каде сето ова не' води? И нема ли веќе утре повторно да си ја чукаме главата? Или треба да ги толерираме зашто тие некои се постојано поербап од другите? Во минута знаат да се преоблечат, да се прешалтуваат, да се сторат вевчански карневалџии. Маски не им ни требаат.
Фали уште некој да почне да не' убедува колку се они уствари добри, дека се во душа демократи, дека се каат, дека се златни, дека и тие имаат семејства (а другите божем немаа), дека и тие мора да живеат (а другите баш и не мора), дека ... ова и дека она. Можеби е и така, ама – на чело колоне? Извинете – НЕ! Сосе мегафони и срања – не, благодарам! И тие можат да продолжат да говорат во ваше име, ама не верувам дека говорат во името на мнозинството. Во мое секако не.
Можеби, во некое друго време, логиката на Геровски дека никогаш не е доцна, дека „се ќе беше поинаку ако овие луѓе протестираа вака орно пред четири или пет години и ако тогаш читаа вакви храбри, инспиративни говори" полесно ќе ја прифатев. Денес не, зашто тркалото е веќе одамна завртено, знамињата развеани, а овие само се шлепаат. Онака – најбезобразно, најкурвински. Денес можеби ни заличуват на храбри, ама во основа се пак кукавици, денес можеби изгледаат орни, ама во суштина се бедни. Ако пред толку години не можеа (не сакаа?) да го препознаат злото, зарем денес можат? Денес можеби викаат на ист глас со другите,

---
[4] Јадранка Костова, *Дали Срѓан Керим, за да излезе од шишето на преродбата, го флашираше Дневник*, „Фокус", 6 мај 2011

ама тоа е пискав глас на очајници кои само бараат скривалиште помеѓу народот. За нив одамна е доцна, Геровски. Заради такви како нив, како што вели Гелевски, „нацијата денес наликува на зомбифицирана глутница што се ака низ некаков апокалиптичен предел со споменици, несвесна и за себе и за спомениците (новата надраса дојдена од вселената?!) и за минатото и за иднината...“. Затоа, со повторно извинување до Кежаровски, попрво ќе го одберам „принципот на Солженицин“ и ќе застанам на страна од таквите доцнобудни петлиња!

***Капларот и куририте***

Да бидам искрен, и самиот се згрозив од (по)мислата што ја напишав: дека веќе утре секоја будала може да земе маска на Кежаровски и да маршира низ улиците на Скопје, и ние да се редиме зад него / нив. Почнувајќи од Хорхета, кој и така нема друга работа, па до сите оние кои всушност го сместија човекот зад решетки. И не само него.
А што ако утре токму *таа судијка* која во неговиот „случај“ пресудувала според „правдата“ на некогашниот турски башибозук згреши нешто и биде избркана од работа? Како и овие петлињава. И неа ли ќе ја следиме „на чело колоне“? А зошто пак да не? Или мислите дека таа е повиновна, а овие се – кокичиња? И зошто не би ги прифатиле и партизанкана, и бурекџијана, па и Миленко, за кого капларов сега во „Фокус“ пишува дека „лупета“[5]? Ама кога седеше кај него во студио сите говореа само и исклучиво умни думи? Каков лигле! И замислете каква живописна колона ќе биде тоа. Тие напред, зад нив цела опозиција, сосе лидерите. Алооо, вие нормални ли сте? Та не најдовте ли некој посаглам зад кого ќе се редите?
Но уште погрозна, поодвратна е неговата / нивната осиленост дека тие и понатаму можат на сите да ни ебаваат мајката, зашто некој, не знам зошто, ги прибрал повторно од улица. Некој дефинитивно (ќе) треба *јавно* да го објасни ова нивно воскреснување – и не само со колегијални причини – зашто инаку сето ова почнува да заличува на надградена и проширена реприза на некоја од пифтијадите или ракијадите, ама дислоцирани на улиците и низ редакциите во главниот град.
И сигурен сум дека утре, како по правило, највиновни, како во случајов, ќе бидат портирите, чистачките и – куририте. Сега пижено се нафрлило на куририте му, и ги ренда до сто и едно, и назад. А за кутрите и самото име говори доволно кои се, што се и што работат. И сега треба уште и да ги маваме? Ама тој како бивши каплар, но и сите други капои, сите оние наредници и заставници кои им поттурнуваа(т) готови пораки за пренесување на истите тие курири – е тие да ти биле поарни. Види богати!

И токму оваа драмолетка е она што веќе поодамна предизвикува морници и презир кај секој нормален човек, оваа циркусијада дека утре се’ ќе се одвива по некое вакво или слично сценарио. А за таквото сценарио се свесни многумина, ама бараат оправдување во фактот што ние сме ти биле мала земја, малку народ, сите се знаеме, па сега самите ли очите ќе си ги вадиме ...? Ама кога каплариве ни ги вадеа очите – тоа беше ок? И не бевме ли истата мала земја и изминативе години, не се ли знае(в)ме и познава(в)ме и до вчера, па и денес, ама тоа овие не ги интрересира(ше)? Ама од утре тоа ќе мора да функционира? Само така ли ќе им се прогледа низ прсти?
А такви скиселени сценарија циркулираа(т) кај опозицискиот блок веќе неколку години. И ферментираа(т) до заразна смрдеа, почнувајќи од фамозното „Скопје 2014“ па до најнебитните – ако такви воопшто има - аспекти на општественото живеење. И не еднаш слушнавме „мудреци“ дека е глупо да се руши нешто што е

[5] Зоран Димитровски, *Мојот одговор до „куририте“*, Фокус, 21.01.2015

веќе изградено (сега и гипсот и картонот го прифатија како елементи за градба!), дека администрацијата мора(ла) да се повинува на наредбите на партиските шефови (ама претходната не мораше, ни идната не ќе мора?), дека културата уствари и не е партизирана и дека ова се вистинските македонски вредности (сосе сетинци и попадинци, сосе објавените тртљања на Боцевски, сосе „книгана“ на ghost writer-он, сосе сите оние национални „уметници“ и пензионери ...), дека образованието ни е всушност по мерка зашто некои професори навистина „аздисаа“ (сосе професори штрајкбрехери, сосе беспослени универзитетски професори во секакви управни и надзорни одбори ...), дека дури и дипломатијата ни е ок (сосе поштари, кондуктери и остала „амбасадорска“ братија распослана низ светот) ... И впрочем, кому пак толку му боде очи она чудоно среде плоштадот во Скопје, што некои го нарекуваат дури и споменик?

А во духот на тоа наше (започнато со капларчено) братско помирување, мислам дека полека треба да го подготвуваме оној Минхаузен алиас Ацо Станковски за иден директор на Музејот на современа уметност; за министер за култура не сум до крај сигурен: дали супозиторнион џезер или коконана од „Комедија“; можеби она маалсконо филозофче-конзервативче кое членуваше во сите одбори и комисии што ни го посраа вака градот би бил добар за главен градски архитект; оној клекнатион аналитичар беспоговорно треба да биде некаков амбасадор, барем на Северен пол; во дилема сум дали Вангел би бил подобар министер за образование или да си го вратиме Шпирота ... и се разбира бурекџијана како најречит за министер за информации. Долго време се мислев за сериозен кандидат за министер за здравство, ама веќе не, сам се наметнува оној „стручњакон“ кој вели дека ако воздухот во Скопје не ни чини, да се гониме и три п.м. на Караџица или Свирипичино. Алал докторска заклетва! Веројатно и во опозициските редови има вакви (ама волкави?) шапшали, ама изборот на овие егземплари навистина би бил гест на дорба волја и интерпартиска соработка.
За министер за надворешни работи најтопло го препорачувам Андонис Самарас. И така набргу, по се' изгледа, ќе остане без работа, а кој подобро би ги застапувал македонските интереси во надворешната политика од него? А впрочем, мислам дека и „егејското крило“ ќе биде среќно. Тогаш она зачуденоно министерче може слободно да го прешалтуваат во „Слободна Паланка“ да ги прашува слушателите кој и зошто протестира низ Скопје. Итн, итн. Не знам само што бил добил Трајанов за неговиов херојски потег? А Лилето на тато?
И не мислам дека ова е претерување или само плод на некаква ежедневна досада. Сигурен сум дека низ нечии црпки се провираат вакви „мудрости“ согледани како вистинско подавање братска рака. А и Европа веројатно ќе не пофали. И ќе не потапша по рамо.

А сепак, извинете, ама дури да се и аманпуровки и леновци, пикасовци и преверовци, хоџкинси и ајнштајни ... а не безкичмењаци и гниди какви што се, ќе мораат да го почувствуваат тоа што им го правеа на другите. И тука нема христијански „мудрости“, и тоа нема никаква врска ни со некакво евентуално пријателство, ни колегијалност, најмалку некаква хуманост. Тоа, да простите, би било продавање муда за бубрези, или замена на тези, ако повеќе ви се допаѓа.
Ова што (некои од) новинарите сега си го „играат“ меѓу себе, тоа е нивна работа. Тие и утре нека си продолжат со сличните групњаци, ама не гледам зошто тоа некого би го интересирало. Или можеби овие се незаменливи? Ма дајте, ве молам. Колку новинари со години, и во мрак, ги остреа моливите за некаква (често имагинарна) правда? За да им дојде ова капларчево да им држи лекции? Та белки не сме до толку забегани?!

## (И) ЗА МОРАЛОТ СЕ РАБОТИ, НЕЛИ?!

Моралот и не е така апстрактна категорија како што изгледа на прв поглед. Може да биде растеглива, односно доволно растеглива за да се прилагоди на одредени општоприфатени стандарди, ама и растегнувањето има граници. Ако не повеќе, тогаш барем до десетте божји заповеди!
Но кај нас веќе нема *никакви* стандарди, па за морални не можеме и да говориме. Затоа ова македонска интелектуална, државна и ... (сосема на крајот) политичка катаклизма е со немерливи размери. И во прв ред – неморална. Зашто тој збор веќе не постои во вокабуларите на луѓето. Никој не го спомнува, зашто не е битен. И затоа Геровски има право кога се чуди и не ги разбира „... повиците Тодоров да поднел оставка од морални причини. Аман бре, луѓе, каде се наоѓате вие? ... Со кого живеете? Овие луѓе што ја водат државата се скарани со моралот и ќе направат се да останат на власт по секоја цена. Тие никогаш нема да помислат на оставка. Баш секој ден да умира по едно дете како Тамара, око нема да им трепне“[6]. И тоа е најстрашната вистина што не' удира среде лице секој божји ден. Од неа пострашна е само вистината дека има луѓе, дури интелектуалци (со наводници, се разбира), кои во тоа не гледаат ништо спорно! Ништо спорно?! Дури ни во фактот дека „одлуките“ за Тамара биле договарани - по телефон? Згора и со притисоци од „повисоки места“ кои овие бездушници дури и отворено ги признаваат? Како тие луѓе ќе се појават утредента на работа, и оној Тодоров, и онаа Аспазија, и онаа шушумигана од Фондот ...? Ама се појавуваат, и на работа, и на улица, и дома ...? И се сликаат! Па имаат ли родители, деца, роднини ... немаат ли никој норамален по дома да земе по една суроица ...?
Има ли оваа држава Лекарска комора, има ли некаков Суд на честа меѓу овие надрилекари?

И колку и да го растегнуваме значењето на поимот морал или морално(ст), не можеме да одиме подалеку од прагот според којшто низ принципот на моралот / моралноста ги правиме разликите помеѓу правилното и неправилносто, доброто и лошото однесување, чинење ... Низ тој и таков компас ги „мериме“ / разликуваме намерите, одлуките, делата, чиј распон не е којзнае колкав. Дури – мал е, иглата на компасот бргу варира од едниот пол до другиот, некогаш пребргу, за многумина.
И како што денес сосема згодно го проширивме изборот на одговорности од времето на социјализмот (колективна и, многу ретко, лична) сега измисливме неколку нивои на одговорности – од кривична, па полукривична (во обид!), па политичка, па партиска ... па маалска или сакам-нејќам одговорност ... А моралната никој и не ја спомнува, туку и за неморалноста измислуваат повеќе „категории“ низ коишто сакаат да се протнат. И во тој поглед секогаш „почесно“ ми изгледале асли неморалните, оние кои отворено покажуваат презир кон сите морални придобивки на цивилизацијата, кои едноставно не сакаат да се повинуваат на пропис, закон, на морал најмалку. Иако, велат, дека на улицата – разбрана во најпежоративното значење – владее(л) некаков морал. Разбран на специфичен начин, се разбира. Дури и мафиите имаат свој „морал“, или код на честа (верност кон организацијата, нецинкарење, не мешање на семејствата итн.). Со нив точно знаеш на што си. Или „ца“ или „бу“.

Оние другине, оние божем интелектуалнине, оние лигавине кои сакаат се' да наштимаат според нивната фалшива мелодија, тие се, да простите, *вистинскиот*

[6] Бранко Героски, *Оставка од морални причини може да даде само човек кој има морал*, Плусинфо, 09 февруари 2015

шљам. Тие немаат три чисти да бидат свои и да застанат на својот став ако не го измерат со владеечкиот, тие не смеат да писнат ништо контра ако тоа не им го одобри некој од „горе“. Или, постојано бараат мала врата низ која ќе се протнат а никој да не сети, вратиче од типот „па секогаш се прислушкувало“ и слични будалаштини. Или ќе здогледаат можен излез во сомневањето во се’ што им се „сервирало“, па ќе глумат дека го избираат идеалот или животот ... а во суштина од гласот им ечи стравот. И фацијалисот им и физикусот им прштат од глума, прикривање, несигурност, недоверба ... Не смеат дури ни да кажат дека режимот е Орвеловски. И најбезболно е да се каже дека „демократијата има повеќе вистини“. Ма немој? Ама ова кај нас – демократија ли е? И дајте еднаш кажете ја - вашата вистина! Па белки ја имате, по ѓаволите, некоја друга освен онаа, монетарната?
Или ќе бараат засолниште кај големите умови, цитирајќи ги а всушност извртувајќи им ги тезите онака како што ним им одговара: те Фукоови лекции дека ова ти било лудило, или ќе се закачат за Цветан Тодоров и обврските на интелектуалецот наспроти чевларот, ама во животот по правило ја бираат позицијата на – чевларот. Ама одлично платена, се разбира. Извинете, ама и наш Бабо во Чаршија – токму оној кој цел живот чисти туѓи чевли – е па и тој точно знае што е коза, а што рог. За моралот и обврските кон општеството да не правиме муабет!
Оттука, навистина, за кој црн морал можат тие да говорат? Зарем навистина нашево актуелно секојдневие е само форма на егзибиционизам и воајеризам? Зарем за такви интелектуални травестити една ваква патолошка субверзија како прислушкувањево, со монструзни размери, е само – егзибиција? Па каде, и како, живеат овие луѓе, со кого разговараат, ако разговараат, со кого разменуваат мислење, ако воопшто го прават тоа? Егзибиционизмот и воајеризмот се парковски и спалнособни активности, а не општествени и државни. И се применуваат токму таму – во парк или во спална соба! Ама токму таквите ментални мастурбации сместени во центарот на општественото ткиво, плус филувани со Фуко и Тодоров, го доведоа ова општество на рамништето на бесна глутница!
Гледаат ли што се случува надвор? Или се’ додека „структурите“ им фрлаат по некое ковче, пердето доброволно го навлекуваат на очи?! Каков е тој став дека тие не се политички определени, ама можат да политизираат? Од која тоа перспектива се гледаат како политички неопределени? Од интелектуалната? Ама кога другата перспектива ќе им затропка со кесенцето со сребреници – како се вика таа? Та и оној веќе изветвен шут кој глуми новинар а не знае во чие студио ја води емисијата, та и тој ли стаса да говори за морал? Чиј, негов?

И ние тука не разговараме за којзнае какви високи морални стандарди, коишто патем никогаш и не функционирале кај нас, ниту пак за не-знам-какви филозофски дефиниции на моралот и моралноста, нивната онтологија или епистемологија, туку за наједноставниот тип на диференцијација на црното од белото, лошото од доблеста, лагата од честа, злото од доброто ... Ние сме, за жал, се’ уште на тој првобитен стадиум на моралното, но и тоа го немаме, или го загубивме и она малку што го имавме. Зарем навистина не можеме да препознаеме вина во една група надрилекари, на чело со полуписмен министер, за смртта на едно девојче? И за уште цела една редица небрижни, несовесни и во основа неморални пропусти, осакатувања, лоши дијагнози, “експертутски“ (Вангелов) промашувања? Зарем навистина не можеме да се откачиме од онакви лигави новинари кои коленичат и мешетарат по сите телевизии, од квазиинтелектуалци кои се затскриваат зад квазифилозофски флоскули, од партизирани професори кои служат како крпи за бришење на промашувањата на актуелната политика ...? Кој и каков е тој јавен македонски морал што не’ присилува секојдневно да гледаме и слушаме ќелеш аналитичари на кои сето ова им било – малку? А што сакаат овие улични песови, да им презентираат снимки на колење и бесење, барем? Па отворите си некој садо-

мазо сајт и гледајте до миле воље, што викаат Србите. Зошто и нас не' правите учесници во вашите перверзии?
И немам јас никакви илузии дека ова се случува(ло) само овде и сега. Такви филмови, впрочем, гледавме до неодамна во соседството (Србија, Хрватска, Босна ... Грција ... Бугарија ...), за светот да не говориме. Неодамна некој го спомна дури и Хајдегер во сличен контекст. Ама кај Хајдегер, и нему слични, го гледаме *делото*, не човекот. Зашто човекот исчезнал во неморалот, засекогаш! Па и не само тој, туку можеме овде да наведеме илјадници такви примери – локални, регионални, европски ... – чии имиња се' уште се спомнуваат со доза на гадење. Но не и нивните дела, ако ги имале. Но нашиве немаат ни „х“ од Хајдегер или другите, не им се ни до колената, а камо ли до органот, за да се споредуваат и да ни продаваат евтини филозофии за тоа дека "The real doubt is the doubt that doubts that it doubts" (Кедар Јоши)!

Но ние можеби треба сериозно да разговараме и за моралот и моралноста на една цела нација – со исклучок, како што вели Ордановски, на две-триесеттина илјади кои креваат некаков глас, а впрочем тоа го покажува и бројката на прислушкуваните – која сака, и може, да остане глува, слепа и нема на се' она што и се случува? Зарем е можно да не ги допре смртта на тоа мало девојче заради нечија лична неодговорност, зарем не ги тангира ама баш воопшто фактот дека некој овде се разбашкарил и дури им влегува во приватниот живот на луѓето, кога сака и како сака? Едно здраво општество не би требало да биде загрижено за моралот на оние малкумина - и навистина се малкумина, се бројат на прстите на двете раце – кои блујат гадотии низ неколкуте медиуми. Уште помалку за оние пак кои им доаѓаат во емисиите, седат со нив и божем бистрат политика. Тоа се нечистотии со кои едно сериозно општество лесно се справува. Но кога *цела една нација*, и овде нескриено мислам токму на Македонската нација, се тутка и шутка, се ведне и крие, се прави недоветна дека ништо не гледа и ништо не слуша додека злото лично не им затропа на вратата, е тоа треба да не' загрижи. Онака, длабоко!
Зашто филозофските констатации од типот „Хуманоста е злосторство, Господ е криминалец“ (повторно екстравагантниот Кедар Јоши) се дозволени во салонските расправи, ама не и за нашиве состојби, сега и тука.

### ***Ако треба***

„Ако треба“, вели госпожата докторка. Таа не чувствува ама баш никаква одговорност за тоа што (не) го направила, па ќе поднесе оставка – ако треба!? И тоа – оставка само и единствено на членството во некаква надрлилекарска партиска комисија, но е и на клиника, нема да си ја искине ни дипломата ... Не можат да и' ја одземат, за жал, ни тие што и' ја дале, зашто не знаеле во што ќе се изроди. А повеќето од нив веројатно и не се живи па нема од што и да се срамат.
Но, токму тоа „ако треба“ е вистинското огледало на отсуството на секаков вид морал. Токму тие два (кондиционално искажани) збора говорат за отсуството на какви и да се' морални кочници. Зашто моралот, сведено на наједноставното, е токму тоа: инструмент / кочница што го спречува човекот да се однесува како животно, што му наложува да се социјализира сообразно општествените норми, што го спречува да лаже, да краде, да убива ... Законите се подеднакво ефикасни – некој велат уште поефикасни – ама моралниот код всаден уште во детството е базата. Моралните норми се првата брана против *нечинењето*, после доаѓаат законите. Зашто ако вам лесно ви паѓа на ум дека можете некого да убиете, ограбите, осакатите, излажете ... ако идејата за злото не е контролирана од моралот веќе во зачетокот ... тогаш лесно ќе ги прежвакате и законските одредби, какви и да се!

Впрочем, нема закон што ве спречува онака безобразно да лажете како шарлатанон министер кој вели дека направил(е) се'. А госпожава го офира дека наредбата да се причека со операцијата дошла „од повисоко место“. Додека не се отворел спиналниот центар, па некој да се обучува на девојчето! А зошто не ги чувате вашите деца, родители, браќа и сестри за такви државни ролји на заморчиња за македонското „велелепно“ здравство?
И инаку, што друго да и' се каже на онаа надрилекарка која без срам, широкоградо, нуди да си даде оставка во некоја си таму Комисија - ако треба? Абе жено божја, ти треба да си одиш од здравството, и ти и таквите како тебе, сосе шарлатанон кој го прифаќате за министер. И бидете среќни ако не ве стигне некоја затворска казна, набргу. Зашто вашето е одамна излезено од сферите на моралното и навлегло во сферите на – кривичното! А впрочем нели имаше некој кривичен член што го санкционира токму – нечинењето? И нема ли бре брате во Велес младина што ќе дојде пред Министерството за здравство и ќе бара оставки? И пред онаа Аспазија, и дома и на работа? Та само Скопје ли има млади??? Па и не мора да се *само* млади?

Не можам а да не се согласам и со Атанас Вангелов дека „пцовката е семантички празна и – афективно полна (Е. Бенвенист)“, и дека таа во суштина „зборува за некој долго собиран бес кој бара да се излее затоа што 'чашата се преполнила'“. Ама, прашањето е: зарем, и зошто, чашата се преполнува само кај 1-2% од македончињата, ама она остатокот, она македончиштана, ја голтаат ли голтаат истата преполна чаша со „blood, sweat and tears“? Затоа, полесно ми е да им кажам: ма гоните се у п.м., па нека е тоа израз и на семантичка празнотија! Ама (афективното) срце ми е полно!!! Некако е полесно кога (барем) ќе ги опсуеш!
Како и да е', македонската морална приказна, ако некогаш се пишува, а особено во овој период, ќе биде помала и од албанскиот телефонски именик, или збирката италијански јуначки песни. Се шегувам, се разбира, и тоа беше некаков глупав виц од пред многу децении, и не знам колку денес се' уште е точен, ама ова за нашава морална приказна секако е'.
Зашто да ги сведете, онака (квази)филозофски, актуелниве македонски случувања на „егзибиција и воајеризам“, треба нешто да ви фали. Не малку – мнооогу! И тоа веќе не е ни цинизам ни сарказам, хумор најмалку, тоа е безобразлук и гангстерај заедно, и типично отсуство на секаков морален код кај македонскиот (квази)интелектуалец. Иако многумина ќе речат дека монструозното прислушкување и провоцирана смрт на едно девојче немаат врска. Дали? Имаат, и те каква! Како и се' друго што ни се случува. Зашто кај нас веќе се' има врска со се', зашто кај нас токму тоа отсуство на морални кочници претворија една група луѓе во гладна глутница која ништи се' пред себе. И тоа во името на македонштината. И нема кој да им каже – НЕ, благодариме!? А тие што ќе се обидат, е тие ќе бидат – егзибиционисти!? Какво перверзно „размислување“!
И токму тука стапуваат на сцена интелектуалецот и чевларот на Тодоров (Цветан), наш Бабо од чаршија и „големион“ ни писател-воајер. Токму тука се гледаат обврските на едниот и другиот, и чинењето односно не-чинењето. И не случајно Тодоров (Цветан) смета дека имаат различни обврски (барем теориски, иако ни тоа не може да биде сосема точно!): интелектуалецот е тој кој *мора* прв да го препознае злото и неморалот и да укаже на иститe, а не оние што тоа ќе го направат наместо него да ги прогласува за „егзибиција и воајеризам“. Општеството, смета Тодоров (Цветан), *очекува* токму од интелектуалецот (а не и од чевларот?) да застане на браникот на моралот и правдата. Општеството сака, има потреба, треба да му верува на интелектуалецот дека го покажува вистинскиот пат, а не некои козји патеки на лукративност и безидејност. Онаа, на пример, новинарска багра, видена низ оваа призма токму како група чевлари, не може (и не смее) да биде израз на народната волја, иако инфицира / привлекува групи чии умствени капацитети се

горе-долу на истото (минус) рамниште. Беззубата безреферентна баба *бара* референци за професори, правници, адвокати, лекари ... а не и за Димета Спасов, од Шпиро, Адеми ... од претседателот и', премиерот и компанија!? Тие се, демек, референтни? Каде, во која паланка, во кое маало, на „референтната листа" на Аминта трети ?
Токму интелектуалецот е тој кој може да го направи потребниот пресврт. Ако е' интелектуалец, се разбира, а не козоводач или фашизоиден нечовечен примерок! И токму тука има право Литовски кога посочува на историската трагедија на европскиот (германскиот) интелектуалец, онаа фотографија од 10 мај 1033 година и палењето книги, дека „... таа фотографија од книгоцидот е најдобриот, најочигледниот, најјасниот, најнепорекливиот доказ дека национализмот, лажниот патриотизам, фашизмот се заразни болести од кои доста лесно и масовно се разболуваат и 'интелектуалците' и 'културната елита'"[7]!

И не можам да не се согласам и со Гелевски токму на оваа линија, дека кај нас дури и еден Гиш - онаков никаков, едно интелектуално пиже – станува метафора за цела една група кучиња на синџир што секојдневно ја чекаат корката леб од газдата. „Без газда и без синџир – тоа куче чувствува дека ќе умре"[8]. Иако, што се однесува до мене, мислам дека на онечистенава кутра земја од такви и нему слични и' е преку глава! Ако македонската интелектуала навистина спаднала на такви гишовски и рембрантовски гранки, ако трчи-прчи писателчиња (квази)филозофчиња мислат дека можат да се подјебаваат и мајтапат и со студентско движење, и со безразложната смртта на едно девојче и со монструозните објави на Големото уво, тоа е нивна работа, и нивни (не)морал. Личните синџири нека си ги обвиткуваат околу сопствените вратови колку сакаат. Додека не се удават. Но не смее да се дозволи да не' заплеткуваат и нас!

И ене го повторно оној шарлатан на „Телма" како бистри политика и морал – та дури и се надмудруваат - со уште еден шарлатан, некогашен самонаречен студентски „водач" од 1997 година, оној ист чии „студенти" со него на чело бараа и гасни комори. Сега, со олабавен оглавник од старо-новите стопани за да р'жи, па и да касне по малку, еве сега открива „странски служби" и ново-стари непријатели, не' убедува дека два-тројца луѓе од опозицијата можат да прислушкуваат цела држава, загрижен (повторно) за идентитетот на македончето ни ги посочува столбовите на кои што сме почивале, а не сме знаеле. И тоа е морал, се разбира. И тоа на релативно млад човек, со „д-р" по филозофија. Ама веднаш умее и себе си да си придаде значење дека и тој, можеби, е еден од прислушкуваните! Ма није ваљда? И што ли некој би чул од тебе?
Кој е тогаш, каков е, и до каде стасува моралниот праг на македонскиот интелектуалец, со или без наводници? И можат ли вакви шарлатани нешто ново да ни кажат? И зошто воопшто ни го арчат времето? И кој тоа ги плаќа?
Па дали доволна референца за сето ова што (наводно?) ни се случува според екс-студентскиот „лидер" и остала оглавничка мафија е пишувањето на „Франкфуртер алгемајне цајтунг" и македонските паралели со „Штази"? Но, во дадениов контекст, може и *треба* да се постави и прашањето на моралната димензија, уредувачката политика, свеста и одговорноста на медиумите – во конкретниов случај на шарлатанон што глуми новинар на „Телма" – за сервисирање на „ставови" и „мислења" и на вакви сподоби кои сакаат да баратат и со гасни комори! Зашто, што си мислеше „новинаров", со што ќе не просветли „докторов", со некоја нова „мудрост" за тоа кого и како треба да сместиме некаде? Или дека младиве нешто ќе научат од него? Или дека неговиот став и мислење се релевантни за земјава? Та

[7] Александар Литовски, *Предавство на интелектуалците*, ОКНО, 12.02.2015
[8] Никола Гелевски, *Граѓанска војна*, ОКНО, 10.02.2015

зарем не ни е доста од непораснати и недораснати „македончишта“ кои во се’ гледаат само непријатели?

Немам илузии дека одржувањето на моралот во перманентна кондиција, особено во вакви (локални) услови, не е лесна работа. Ама, преку такво ми се приказните од типот „мене ме мотивираше погибијата на Младенов“, „мене ми ги отвори очите апсењето на Кежаровски“ и слични каденци коишто всушност играат на тенките жици на заборавањето (или кратката памет, што би рекле), на псеудо мотивацијата, на барањето лажно алиби ... Зашто, да не се случеше погибијата на Младенов (кога навистина би можеле да го вратиме времето!) ќе си останеа ли во старото трло на мегафоните со оглавници, да не го бутнеа Кежаровски во затвор (кога и тука навистина би можеле да го вратиме времето!) ќе се свестеше ли оној со б’лгарски прекар дека работи за силите на злото? А што ли не’ чека, каква лавина од измислени или дури самоповерувани „објасненија“, кога ќе се отвори казнено-правниот процес за малата Тамара? Па другите процеси?
И што се’ ќе се изнаслушаме во времето што доаѓа, уште колку стотици, илјадници такви ступидарии, такви монтирани изговори за *не-чинењето*? Дали навистина некој верува дека еден настан, колку и да е немил, колку и да е трагичен, тажен или било каков, може да го сврти моралот кај интелектуалецот (со или без наводници) за цели 360 степени? Можеби и може, не се осмелувам да тврдам, ама имам право да се сомневам, нели? Зашто, тоа може да му се случува на дете, или адолесцент, а не на возрасен, зрел човек, и (условно) – интелектуалец! Зашто, еве, повторно го слушам некогашниот (од само пред четири-пет години) „капо“ на „Дневник“, сместен во таа фотелја директно од кабинетот на премиерот, како сега држи говори против тој ист премиер, како му испишува психолошки профил, како да докторирал на него! А можеби токму тие најблиските најдобро и ги познаваат таквите, знаат (од искуство) како функционираат моралот и другите нешта во македонската „политика“?

Јасна Котевска, во еден нејзин постар блог, го цитира Френк Слејд (Ал Пачино) од филмот „Мирисот на жената“: „... нема ништо пострашно од сликата на ампутиран дух, затоа што за тоа нема протеза“[9]! Ама, можеш ли да ампутираш нешто не постои, што го нема, што никогаш не заживеало? Дали се тоа фабрички / генетски грешки, или атрофирани сиви ќелии, или – едноставно препуштање на стихијата? Но, препуштањето е и намалена свест за себе, и за другите, недостаток и на одговорност – за себе и за Другиот; земањето книга в рака и фрлањето во огинот, или камен во главата на Другиот, како впрочем и повикувањето на гасни комори, не е само криминално, неморално, несовесно ... однесување. Тоа е и – нехумано, антицивилизациско однесување. Претпоставувам дека голем дел од тие што гореа книги, фрлаа камења, бараа гасни комори ... денес се срамат од сопственото минато. И си ги учат децата поинаку. Освен онаквите кои му се очигледно по мерак на шарлатанон новинар, па и денес им ги сервира на гледачите како некаков десерт, што ли? А впрочем, повторно, што ново можат да ни донесат такви типови, освен да дуваат во старите фобични жарчиња со страсна желба повторно да ги распалат? Ампутацијата на духот не зависи од средината, од системот, од идеологијата. Духот е свој и независен, додека не реши да се предаде некому, најчесто на злото, зашто тоа секогаш е полесната варијанта. Ниту некогашниот комунизам / социјализам можеше на овие простори да ампутира (или импутира), уште помалку тоа може(ше) да го стори денешниов систем, како и да се нарекува. Секогаш има *избор*, а секој избор се плаќа!
Затоа, кога Котевска исто така вели дека „Етичкиот гест се состои од невидливата граница“, дека „Таа граница навидум е бесплатна и навидум лесно се пречекорува“,

[9] Јасна Котевска, *За етичкиот гест,* Глобус, 31.07.2007

не заборава да го вметне зборчето „навидум“, навидум малку а всушност многу важно. И тоа е така, зашто границата помеѓу моралното постапување и непостапување е подеднакво тенка, можеби за некого невидлива, ама не е – бесплатна. Барем во цивилизираниот свет. Зашто таму прескокнувањето на моралните граници чини многу, понекогаш – се’: реноме, репутација, професија. Само кај нас се’ е бесплатно, па и исплатливо, дури и лагата, криминалот, несовесноста, неморалноста ... омразата кон Другиот!

Знам дека секоја генерализација е меч со две острици, при што ставот дека на страната на неморалноста по правило повеќе (или највеќе) натежнува интелектуалната групација е (можеби?) произволност од таков тип. Но сепак, некако и низ историјата е потврдено дека интелектуалецот во принцип е поподложен на морален пад од „обичниот“ човек. Заради многу причини, можеби и заради фактот што нему му се подостапни релациите со власта, која и да е’ и каква и да е’, нејзините корупттивни / кримогени механизми и марифетлуци, подофатлива му е леснотијата да се препушти на неморалната стихијност на животот и практикувањето на „слободата“. Или, многу подостапно и полесно од „обичниот“ човек, од чевларот, ако сакате! Што секако не значи дека секој интелектуалец - на власт, близок до власта или сосема независен - е неморален, коруптивен, кримоген. (Иако морам да направам локална дистинкција: се’ уште не сме виделе, барем кај нас, годиниве, некој од интелектуалците на власт, или блиску до власта, а да е – чист!). Ниту пак јас, сега и овде, и со оние претходни продолженија, ќе ги откријам причинско – последичните односи на интелектуалецот и моралот, интелектуалецот и власта, интелектуалецот и ниските страсти.
Меѓутоа, последниот пример со (некогаш) мојот омилен писател Орхан Памук – оној истиот што дојде и во Македонија да прими некаква награда, се разбира парична, директно од рацете на оваа власт за која што се правеше дека не знае каква е’ и која е’ – е тоа исто „бело памукче“ повторно го крева гласот за состојбите (ама само) во неговата земја велејќи дека „Луѓето шепотеа кога зборуваа“, дека турската влада „отстапува од рефомите и ги поткопува човековите права и слободи и независноста на судството“. Кога тоа се обидуваа да му го кажат и за Македонија, да му појаснат каде дошол и чија награда прима, „белото памукче“ се правеше мутаво. Не разбира, демек, што му говорат, не е од тука! Не го свести дури ни оној Саше Ивановски, кој среде „златниот кафез“ се обиде да му ги отвори очите. И ушите. „Белото памукче“ остана слеп и глув, ама си ги зеде парите! И замина, како и „независното“ русче.

Во 2011-та година „The Boston Globe“ објави интригантна сторија за една консултантска група со седиште во Кембриџ, инаку основана од група професори од Харвард. Сите со звучни имиња. Меѓу другите услуги што ги пружала оваа група биле и услугите на некогашниот Либиски диктатор Гадафи. За 250.000 долари месечно, во текот на периодот 2006 – 2008 година, харвардскиве алчни интелектуалци му обезбедувале широка лепеза услуги на Гадафи, меѓу друготоноселе и видни личности во Либија за средби со него, работеле на генерирањето позитивни вести и одгласи за земјата и диктаторот, а подготвувале и книга за Гадафи. Меѓу оние кои доаѓале во „посета“ на диктаторот на база на предлогот на групава биле и Joseph Nye (поранешен декан на Kennedy School of Government на Харвард), лорд Anthony Giddens (поранешен прв човек на London School of Economics), познатиот политички филозоф Francis Fukuyama и многу други. И тие сите сигурно не биле на гости кај Гадафи „за лепе очи“, што би се рекло. И никој од нив тоа не го бележи во своите биографии! Врв на скандалот било откритието дека харвардската група била платена и да му помогне на синот на Гадафи, Саиф, со неговата докторска дисертација на London School of Economics! Покрај општиот резил, еден од резултатите на оваа интелектуална проституција била и оставката на

сер Howard Davies од местото директор на London School of Economics и ветувањето дека целиот случај со синот на Гадафи ќе биде истражен до крај[10].
И сега, уште колку вакви и слични примери можат да се изнесат во прилог на тезата за неморалноста на интелектуалецот? Премногу. Или, некој ќе рече: ако таквото однесување му е дозволено на еден Фукујама, кои сме пак ние да не го практикуваме? Се разбира, и таков „одговор“ би бил некаква мерка на (не)моралот.
Не случајно Вирџинија Вулф вели за интелектуалецот дека е како „жива на закосена табла“, по малку нехуман но многу мил, како и сите нехумани луѓе! И иако Вулф ова повеќе го прецизира за John Maynard Keynes, еден од водечките економски умови на Велика Британија и светот во дваесеттиот век, но и познат расист и антисемит, нејзината дескрипција е валидна за сите интелектуалци од тој профил!

Не умеејќи подобро да ја сокрие својата зависност од милувањата на власта и уживањето во благосостојбите спечалени преку туѓата несреќа („Додека на еден не му се стемни, на друг не му осамнува“!), интелектуалецот наоѓа засолниште во глумењето недоветност. Не гледа, не слуша, не знае што и како се случува во неговата земја. Ако пак никако *не може* да не види и не чуе, е тогаш тој „не е од тука“, паднат е од Марс или Венера, гледа и слуша дека *нешто* се случува ама обично не знае „кој го тоа направи“! „Но, кој тоа го наложил, на кого, за кои поединци, органи, за колку илјади граѓани“[11], се „прашува“ апропо монструозното прислушување оној Мирчев глумејќи малоумен? И не заборава да додаде дека „... државата сепак се движи напред“. Еееј, каква интелигенција! Каде напред, во провалија? Мислам, нормално, и глумата се плаќа, ама да изигруваш Лоренс Оливије на стари години, или нечиј шут ...? Некоја граница во животот белки треба да остане?!
И овој тип фингирана недоветност кај нас е на дело веќе десеттина години. Никој ништо не видел, не чул, или во најмала рака – ако видел и / или чул – е тогаш нема појма кој стои зад гнасотиите што ни се случуваат. Зашто преголем е безобразлукот ако се правите комплетно мутав и слеп. Не поминува. Ама ако сте привремено (па нека се и цели десет години) „хендикепиран“ во таквите базични перцепции, ако глумите млад мајмун кој заради измислицата на оној Њутн случајно паднал од некоја гранка и му треба барем една деценија да се свести од падот, можеби некој и ќе поверува во таквиот разбој на настаните?! Сето ова што денес се слуша и гледа е само кулминација на една десетгодишна „развојна политика“ која од граѓаните, а особено од интелигенцијата, измеси безоблична непрепознатлива маса, податна и за дополнително гмечење низ разни низ вековите опробани начини на анихилација на духот. Но и тоа, се разбира, не (може да) се прави без отворена или прикриена поддршка пред се’ од интелигенцијата, без нејзиното (главно премолчено) одобрување и учество. Некогаш учеството е искажано жизнерадосно, неморалот е последната инстанца на која што некој помислува, но понекогаш тоа се прави камуфлирано, претпазливо, особено при крајот, кога веќе целата фотографија тендира да се осветли. Кога само за миг би го вратиле филмот station наназад и би ги погледнале оние платенички неморални „интелектуални“ орди што маршираа низ македонскиот образовен, културен, уметнички ... општествен живот ништејќи се’ пред себе, воведувајќи го нивниот „нов“ алајбеговски „вредносен систем“! Ќелеш тефтерот на Унко е мал да ги собере сите протуви што ни држеа лекции за се’ и сешто, а најмногу за она што тотално не го разбираат, како впрочем и онаа беззуба баба која „стручно“ ни го објаснува „... феноменот за цутот на академската и експертска неписменост и дунстерај во епопејата ’Скопје 2014’“[12], дека Европа немала ексклузива или тапија на барокот, па зошто Македонија да „... има забрана

[10] Farrah Stockman, *Local consultants aided Khadafyl*, The Boston Globe, March 4, 2011
[11] Димитар Мирчев, *„Вотергејт“ број два*, Дневник, 12.02.2015
[12] Мирка Велиновска, *Оф, како је лепо бити глуп*, Нова Македонија, 12.12.2014

за користење архитектонски стилови“, па дека дури и антиката не е „грчка ексклузива“, и се' така со ред! Гиш и „Рембрант“ во споредба со неа изгледаат како мали деца.
И не знам зошто и шуто и рогато, а главно оние полутки-интелектуалци, прво се пикаат во културата и уметноста и (ни) ги објаснуваат нивните „теории“ собрани по некои калливи патишта и зачадени крчми? Кога некој би седнал да направи список на сите протуви што кумуваа (генерално, но и по области) на ваквите состојби во културата, уметноста, образованието, здравството ... политиката, колкав ќе биде списокот? Колку гишовци и станковци, величковци и хаџи-пуљевци, каракамишевки и ачковки, тодоровци и аспазијки, мирчевци и жоровци, саркањци и други усранци може да собере еден ќелеш-тефтер?

Лагата е неизоставен дел на неморалот (не само) на интелектуалецот – дрската, безобразна, безочна, отворена лага што од денот прави ноќ, и обратно. Го слушате обвинителот како не' убедува дека тоа што сме го чуле, не сме го чуле, дека нема врска што (нај)високи функционери прецизно ја лоцираат персоната на злосторството? И мотивот. In flagranti! Ама не, што сте чуле – не сте чуле, што сте виделе – не сте виделе, се бранат. И така (прозирно) и понатаму ќе се бранат, сите до еден. Не бев јас, држ'те го крадецот! Ќе има ли навистина такви будали што ќе им (по)веруваат?
Се разбира, најмлаку обвинителот, уште помалку останатата политичка братија ги сметам за интелектуалци. Ама, значи ли тоа дека им е дозволено да лажат? Иако велат дека на политичарите тоа им спаѓа во опис и попис на работите. Но токму затоа, вели Чомски во еден свој постар есеј (The Responsibility of Intellectuals), „интелектуалците се во позиција да ги разоткријат лагите на владите, да ги анализираат акциите согласно нивните причини и мотиви и често скриени намери“!
Педантните американци прецизно утврдиле дека во врска со кризата во Ирак во 2003 година администрацијата на Буш официјално и намерно лажела во изјавите за наводното оружје за масовно уништување што (повторно наводно) го поседувал Садам. И лажеле сите, од претседателот Буш до Кондолиза Рајс, од потпретседателот Дик Чејни до Колин Пауел, од Пол Волфовиц до ... Буш имал вкупно 259 намерно лажни изјави (од кои 231 за оружјето и 28 за врските на Ирак со Ал-Каеда), Колин Пауел лажел 244 пати, итн[13].
Ќе се најде ли некој да пресмета колку пати нашиве излажаа за овие години? За сите наши „реформи“ и „економски успеси“, за сите наши „лидерства“ и “надградени и проширени резултати“ ...? Ќе се најде ли некој да ги прегледа / преслуша сите фамозни тв-дневници на националните ни канали(зации) и да ги изброи сите спинови и намерни дезинформирања на јавноста?

Чомски дури ги смета интелектуалците за „привилегирано малцинство“ кое ги поседува и можностите и образованието да ја бара вистината. Ако сака, се разбира. Нашава интелигенција – не сака. Неа и' е удобно во скутот на власта и не ја боли уво за ништо, најмалку за некакви вистини. Односно Чомски, за жал, не дава рецепт како да се постапува кога и интелектуалците лажат (и крадат) барабар со владите, кога линијата што ги раздвојува овие два света е одамна избришана, кога интелектуалецот е само puppet on a string дури и за најнеспособните политичари? Ако пак ваквата неприродна, неморална понизност на (грото од) интелектуалците кон власта е редовна состојба за македонското „интелектуално“ општество, што ли му останува како избор на „обичниот“ човек? Но, ако пак можат студентите, со нивните (горе-долу) дваесеттина години да ги согледаат сите небулози на образовниот систем во државава, како е можно МАНУ, со сите оние бели глави внатре, се' уште да нема став по ова прашање? И кој, и зошто (прилично обилно) ги

[13] Politics, *Study: False Statements Preceded War*, 03/28/2008

плаќа тие луѓе таму, од месец во месец, од година в година, со народни пари? Навистина ли никој нема што да каже?
Се ми се чини дека ние всушност и немаме работа со интелектуалци, туку со некаква затекната псеудоинтелектуала, со самопрогласена безидејна интелигенција со неколку поднаучени интелектуални фрази, неформални пајташки групички без насока, цел, морал. Односно, со една единствена цел: да се живее лагодно на грбот на другиот! Зашто, да беше поинаку, зарем ќе бевме на ова дереџе? Ако беа поинакви, зарем немаше до сега да ги покрене лагата на другиот, неморалот, кражбите, Тамара, студентите ...? Зарем „believing bullshit“ може да биде животен став на интелектуалецот?

Надоврзувајќи се на Dwight Macdonald[14], Чомски го побива моето размислување за можна „одговорност на народот“ (и) кај нас. Како впрочем и за одделни катастрофични случувања во поблиската светска историја, оние од типот на одговорноста на германскиот и јапонскиот народ за злосторствата на нивните влади во текот на Втората светска војна, на потенцијалната одговорност на американскиот народ за атомските бомби на Хирошима и Нагасаки итн. И Чомски и Мекдоналд сметаат дека нема место за утврдување на таква „одговорност на народот“, а Чомски го проширува списокот на американските државни злосторства и на Виетнам на пример, притоа инсистирајќи повеќе на вината на интелектуалците отколку на народот.
Се разбира, кога поумните говорат, треба (барем) да се слуша. Иако никако не можам да ги заборавам сите оние документарни снимки од Хитлеровите паради во Минхен и Берлин, истото одушевување и на јапонската маси при нивните освојувачки походи, или лагодните години на „американскиот сон“ додека се водеше крвавата војна во Виетнам. Се разбира, никогаш не е добро да се обвинуваат цели народи, уште помалку (ќе) може да се направи некаква прецизна селекција кој бил „за“ а кој „против“ злосторствата. Но можеби токму затоа и се генерализира вината и се префрлува на цел еден народ?
Исто како што и кај нас не може да се каже дека целиот народ знаел за криминалите и притисоците, за прислушувањата и малверзациите на властодршците. Ако не повеќе, оние два-триесеттина илјади што ги претпоставува Ордановски, тие што на некој начин искажале отпор или згрозување од таквите постапки, тие би се побуниле ако ги ставиме во ист кош со приврзениците на ваквите „политики“, или пак со оние кои се правеле недоветни, слепи и глуви дека ништо не гледаат и ништо не слушаат. Ама, сепак, барем за мене, „одговорност на народот“ и не е така апстрактна категорија. Или, можеби да ја крстиме – неморалноста на народот?

Оттука, да простите, по малку ми се смешни (да не кажам друг збор!) оние писма до некогашното другарче, каде ќе ги повикуваме „ху“ да се потсетат на идеалите на генерацијата, да се освестат, да се преобратат ... Па тие се до гуша во г...., тие изградиле кариери на туѓата мака, стекнале богатства. Каков член 151 став 5, какви бакрачи? Да не треба и на сладолед да ги однесеме? The game is not over, yet!

Ако таквата багра се' уште седи во темните подруми смислувајќи пеколни контраудари и не им текнува да излезат на дневна светлина да ги види народ, ако нивниот морал е стуткан во некакво нечисто шамивче и фрлен во некое ќоше, тогаш за каков член има тука да се разговара? Ако никој од актерите нема трошка доблест барем да се извини за тоа што го правел со години, за какво „трескање на вратата од надворешната страна“ може да стане збор?

[14] Американски писател, филозоф, социјален критичар и лев политички радикал (1906 – 1982)

„Ништо не ја открива подобро природата и карактерот на еден режим, од видот на луѓето на кои тој режим им пружа шанса“, го цитира проф. Малески Макс Вебер (1864 – 1920). Знам дека е, најблаго речено, непристојно да се дополнуваат умови како Макс Вебер[15], ама тој е сепак само – германец! Не е Македонец, или Македончиште. (Евентуално би поминал како македонче). Зашто, можеби во Германија во неговото време, режимите навистина „им пружале“ шанса на одделни луѓе. Ние не се служиме со такви деминутиви, кај нас луѓето по правило се (зло)употребуваат, се користат како крпи за бришење на сета нечистотија и потоа, главно, се фрлаат. Се разбира, претходно убаво се исцедуваат. Па купени се, пари се дадени за нив, по ѓаволите. Понекогаш, се оставаат во некоја темница – до следната прилика!
Некој, некогаш, можеби и во блиска иднина, ќе ги отвори сите ќелеш-тефтери и ќе ги објави сите оние на кои што овој режим „им пружи шанса“. Ама и оние на кои не им пружи ништо, односно направи се’ да им го зацрни животот. Тоа, се надевам, ќе биде уште една морална лекција во низата што македончиштата ќе мора да ја научат. Заедно со онаа дека секоја власт е корумпираа, а апсолутната власт е корумпиран - апсолутно. И краде апсолутно, и лаже апсолутно, и мами апсолутно, и прислушкува апсолутно ...

Очигледно дека ќе има многу за гледање, и слушање. Можеби по нешто и за читање. Ќе се отвораат сите снимки и досиеи, ќе се реконструриаат архивите, ако не тогаш ќе се пријавуваат самите да ги кодошат газдите само за да спасат глава, и плата, ќе се врти циркус ден и ноќ. Ова е само брегот на сантата мраз што ја мрзне земјава безмалу цела деценија!
Она што мене ме прави среќен е фактот дека дојде поддршка за студентите и од Милчо Манчевски. Ееej, мислам дека без тоа децава ќе беа некако полуголи, полубоси, полубунтовни. Сега можат да буфтаат со сета сила кога и овој е на нивна страна. Можеби децава ќе му ги заборават и оние милиони евра директно „од џебот“ на другар му – оној де, кој неотповикло (?) им го смести фамозниот Закон за високото образование - па нивните романтични ноќни шетања по сетови, па ...? А ние, и ние ли ќе му заборавиме, или можеби неговите колеги на кои им го земаше цел филмски буџет само за себе? Се разбира, овој не спаѓа во онаа категорија на „пружени шанси“, ама често умееше да изглуми – дури и подобро отколку да режира – дека он не е од тука, дека нема појма што и како се случува во државата, дека парите што ги добива и преку ред и преку сите процедури е нешто што нему логично му припаѓа, дека всушност прашање е дали ние воопшто и ќе постоевме ако он не се појавеше на мекадонскиот хоризонт!
Вистински „хало ефект“, како на Урал. А и зошто тоа би и’ било дозволено само на природата, а не и на луѓето. Тоа, на окото да му се прикажуват појави како (лажна) три-слика. Три сонца, на пример. Зошто и човекот да не може да им се прикажува на другите во три слики, по една за секој скептик, фан, или што и да е’? Овој, и неколкумина други, толку се извештија во тоа што мислам дека и природата ќе попуш(т)и! Само да е доволно студено, како деновиве, да може да така тера уште месец-два, што се’ нема да видиме. Мислам дека на крајот сите, сосе Владата и Хорхе на чело, ќе ги стават тоа маските со ликот на Кежаровски, или на Жорота, анонимусите или на студентите, и ќе тргнат низ улиците!

Сепак, назад на Вебер и „шансите“. Ајде да го усвоиме овој демонутив, пардон деминутив, како наш односно и како наше огледало на македонските прилики. Што во превод би значело тоа, од аспектот на власта, да не речам режимот зашто некои веднаш се ежат? Да се прифати и поддржи нечија способност за нешто, нечија

[15] Karl Emil Maximilian "Max" Weber (1864 – 1920), германски социолог, филозоф и политички економист, заедно со Карл Маркс и Емил Дуркхајм се смета за основоположник на социологијата.

креативност, на пример? Да му се помогне - на секој начин, па и финансиски - на потенцијално креативниот, на талентираниот, на умниот, на докажаниот во одделни области ... Но тоа би било позитивистичкото гледеање на „пружањето шанса", некаква позитивна дискриминација која што државата би требала да си ја дозволи. Што би значела негативната, зашто (само претпоставувам) дека има и власти, да не речам режими, што можат и така да ја разберат? Таа негативистичка варијанта, односно негативна селекција, би значела правење спротивно во се' што предвидува позитивната дискриминација. Поточно, тоа би значело дека се поддржува сето она што никако не може да донесе позитивен резултат на ниту едно поле, што било / е' докажано неспособно и во минати времиња (да не речам режими!), со одамна обнародена тапија за спсобност само за марифетлуци, превари, криминал, незнаење, простотија ... На тие и таквите треба да им се „пружи шанса"? Секој (по)нормален би рекол – не, зашто „пружањето шанса" на таквите по правило дава катастрофични резултати, на државно ниво! Ама, ние никогаш и не сме си (из)гледале баш како – (по)нормални, нели?

Читам кај некои ФБ пријатели, се исчудуваат на „моралниот" лик на одделни актуелни протуви, ги споредуваат со тоа што некогаш (божем) биле („вчера фраер, денес мивка"), дури не можат ни да поверуваат во тоа што го гледаат. Не дека и јас не сум се чудел, и се чудам, и не дека толку пати не сум се излажал во едно чудо (условно) пријатели во македонскиот „уметнички" свет, некои кои дури и дома ми доаѓале ... Ама, мислам дека, прво, вистинските карактери на луѓето се појасно видливи во кризни времиња, и второ, мислам дека, барем јас, не сум им придавал толку големо значење на тие нешта. Други биле условите, друго било времето, други биле „шансите". А зошто пак и да не им се пружат шанси на луѓето? Да, ама да го знаевме *тогаш* ова што го знаеме (и гледаме) денес, не знам дали така ќе размислувавме?! Односно, сигурен сум дека тие и такви протуви секогаш биле *такви*, ама успешно се маскирале, се мимикрирале во сјајни бои како најотровните печурки. И чекале нивни пет минути да сјебат се' до што ќе можат да дојдат! И секого!!!
Читам и Ризаов има некакви дилеми, се прашува „... дали се ова оние исти луѓе кои лично ги познаваме во едно сосема друго светло. Боже, што им направија на луѓето"[16]**.** Абе исти се луѓето, идентични, ама „ферментирале", се отвориле, си ги покажуваат роговите! Никој ништо ним не им направил. Ни порано, ни денес. Камо среќа да им направиле. Затоа, денес, *тие прават*!!!
И повторно, и во тие „други времиња", некои им „пружаа шанси", меѓу тие и јас, ако не повеќе тогаш барем како повик за натпревар, како можност да си ги покажат капацитетите. И ги видоа / видовме, ама ги толерираа, се разбира на некое пониско рамниште, ама никој не ги тормозеше. А можеби требаше? Зашто, ако тогаш беа поставени на нивното вистинско место, денес можеби ќе имавме понормални, поморални, повоспитани поединци, со некои секојдневни и полезни занимања – поштар, столар, чевлар итн. - а не сите до еден „ајнштајни"!?
Ако една актерка со неприкосновено реноме вели дека „вистинските уметници не им велат благодарам на министрите", ама друг „актер – бранител" се гледа себеси само како „државен службеник", за какви „пружени шанси" говориме ние? И какви резултати можеме од тие да очекуваме? Се сеќава ли некој на оној наш „чувен" режисјор и некогаш комунистички миленик, кого го направија дури и претседател на парламент, па амбасадор, како скокаше како млад мајмун низ Собрание? И нему ли некој нешто му направи? Или оној „Рембрант" што се влечеше како приврзок по елитата на опозицијава, ама сега е пун себе па веројатно веќе ни добар ден не им кажува? А маалсконо филозофче, до вчера усран голуб, а годиниве во улога на obersturmbannfuhrer кој дури одлучува и за национални споменици? Кој, и што ли,

[16] Ерол Ризаов, *Горди на својот срам,* Утрински весник, 17.02.2015

ним им правеше та се исчуручија во вакви „патриоти“? Кој воопшто порано го имаше на ум како стручњак за уметност она човечено од Архитектонски факултет што ни го посра градов со оние „скулптури“, од „Тешкото“ па на даље? Или сите оние други што седат по разноразни форуми и движења, почнувајќи од хармоникашон до квазиисторичарине, и глумат интелектуалци? Што ли толку им згрешила оваа држава, па и ние со неа, или тоа е само израз на немоќ, на потиснати фрустрации и комплекси што ги дочекале петте минути?

Од каде може оваа мала земја да издржи толкава „интелектуала“? Нема шанси, ни простор. И за беља, минатиот систем беше претерано толерантен во тој поглед: сакаш глумец – може, сакаш режисер – може, сакаш писател – сигурно, сакаш сликар – обавезно ... Точно е дека Македонија секогаш имала дефицит на интелектуалци (по 1945 година велат дека сме имале околу 400 горе-долу писмени луѓе), ама некогашната хиперпродукција мораше да испорача сметка, кога – тогаш! Денес ги гледаме резултатите. И го плаќаме цехот на шупливата интелигенција, на неморалниот интелектуалец.

Се разбира, неморалниот образ на македонската интелектуала, особено во последниве години, е толку нечист, избразден до бесвест, „гмо“ мутиран и оплоден со најниските страсти и подлости што човековиот ум може да ги смисли, што неколку текстови не можат да ги осветлат / набројат сите валканици од политички, образовен, културен, уметнички ... карактер, коишто нашава „интелигенција“ ги усоврши како елемент на беспоштедна борба против Другиот, особено против неистомислениците. Дури и денес сме сведоци на тотално поларизирани разбирања на сопствениот (не)морал и (не)одговорност пред генерациите: оние на „професоркана“ која преку ФБ бара поддршка да се исклучи од интернет светот (о, ќе има ли таков Господ?), до мрсулковци од маштабот на еден Митревски како режисјор на привремена печалба преку водата кој, гледајќи дека лотката дефинитивно отиде у п.м., бара начин да се (божем) самокритикува, ама со себе да го повлече и она малку што останало пристојно и чесно во оваа fucking Недојдија! Нешто како нова колективна одговорност, за да си го сокријат сопствениот нечист газ, односно да ги онечистат и сите други. Е па – „неќе моќи ове ноќи“, буразеру!
Гелевски пак, на пример, од негов аспект, потенцира дека „издаваштвото е една од поголемите жртви на груевизмот“. И не дека нема вистина во тоа тврдење. Јас пак би ја одбрал визуелната уметност како најболно и дефинитивно уништен дел од македонската култура. Ако издаваштвото е (само) жртва, ликовната уметност е – масакрирана. Не дека немам почит кон книгата и македонскиот писател – или барем неколкумина од нив - а особено кон неколкуте сериозни издавачки куќи чија примарна цел, од основањето, не беше профитот и само профитот. Впрочем, тоа лесно би се видело и проценило преку некаква споредбена анализа на издавачките програми на овие, со оние актуленине миленичиња на Министерството за култура.

Но, зошто велам дека би ја одбрал ликовната односно визуелната уметност како најголема жртва во лепезата творештва на македонскиот културен простор во изминативе години? Прво, тука, како шампион на шампионите, го сместувам венценосниот по небулозност т.н. проект „Скопје 2014“ како еклатантен пример на ништење на сите историски и современи придобивки на слободата на творештвото во ликовната уметност во изминативе седумдесеттина години! Овој т.н. проект уништи се’ здраво и нормално што постоеше во македонската ликовна уметност. Го поттчини македонскиот уметник под границите на елементарната пристојност, диктирајќи му што и како да мисли и работи, понижувајќи му го и минатиот и сегашниот творечки труд односно буквално фрлајќи му го на буништето на историјата. Како и да не постоел! Целата историја на македонската ликовна уметност на дваесеттиот век е збришана од полуписмени туткуни со невидени

амбиции, од недоквакани „уметници“ и политичко-уметнички спонзоруши, но со премолчен амин и на се’ уште бројните живи доајени на македонската уметност. И токму тие, оние кои ги вознесувавме како типични претставници на современата македонска уметност, како некакви наши некогашни авангардни никулци во зачмаената балканска уметничка крчма, токму тие со нивната понизност и жед за сребреници ги урнисаа со нивното молчење и последните столбови на некаков творечки дух и автентичност кај нас. Целата македонска ликовна сцена беше / е’ препуштена на импотентни лукративни фалсификатори, подготвени да го визуелизираат и црниот Ѓавол ако тоа носи некаков профит. Музејските и галериските простори беа и се’ препуштени на аматери и дилетантни, на непродуктивни имбецили и стерилни шупелки, кои дури ги испраќаат со државни пари да шират некултура и неписменост низ светот. Која се’ будала не отпатува во Њујорк и Софија, во Париз и којзнае каде, носејќи ја во папка и сопствената но и државната провинција на заверка пред светот. Ех, кога така би се правеле изложби и проекти како што замислуваат шапшаливе. Просто, на човека да му згади! Згора на се’, токму македонската „интелектуала“ авторски ни сервира богато платена „публикација“ на оние плакатни илустрации во Музејот на хоророт, претставувајќи ни ги како – уметнички дела!?
Но, да речеме дека таа веќе несопирлива поплава на обесчестување на уметникот е дури и поднослива во споредба со катастрофалните ефекти на идиотштината што околу себе ја прошири т.н. проект „Скопје 2014“. И се’ уште (ќе) ја шири. Дури и не толку по веќе констатираните и од Марс видливите финансиски шашми и ујдурми, туку особено по наследството што (дури и привремено) го остава на македонските млади генерации. Зашто, дури и децата кои се родија со започнувањето на овој интелектуален гангстерај, сега веќе имаат шест-седум години, растат и се развиваат меѓу она монструозно опкружување во центарот на Скопје. И мислат дека така треба! Оние пак кои тогаш тргнуваа во прво одделение, денес се во пубертет и за нив тоа е единствениот можен „уметнички“ исказ. Зашто друго не постои, или е направено да - не постои! Смрдеата на тој шизофрен „проект“ дополнително ја шират токму македонски „интелектуалци“ со сивоќелијна маса достојна на мравка, но богато наградувани и стимулирани за нови и нови интелектуални злосторства. Впрочем, тоа е токму тој шестокласен македонски „интелектуален“ ешалон, токму оние улични и кафеански орди секогаш подготвени да служат! Тоа е истиот ешалон на актуелни домобранители и форумџии, подготвени да ја продадат и сопствената мајка за грст евра.

Не дека мислам дека книгата нема подеднакво широко влијание, особено на младите. Ама сепак – нема толкаво, зашто „придобивките“ од „Скопје 2014“, барем до некоја блиска иднина, (ќе) трујат генерации и генерации млади луѓе кои немаат можност да видат подобро. Книгата нема такви злосторнички влијанија, ниту пак македонците навистина читаат толку. Што пак не е никаква утеха, се разбира.
А во рамките на веќе класичното културно – идентитетско злосторство наречено „Скопје 2014“, е вгнезден уште еден беспримерен неморал, уште едно од интелектуалците – или грото од нив - премолчено шизофрено изживување на еден грст неранимајковци врз архитектонското богатство на Скопје и градителското мајсторство на неколкумина македонски архитекти. И тоа е можеби уште поголемо злосторство: да се покрие, сокрие, преоблече, камуфлира ... што ќе рече – уништи за секогаш, два / пет / десет архитектонски објекти по коишто овој град беше препознатлив, коишто за многу генерации беа токму *топоси*, а конечно, претставуваа и некаква професионална гордост во биографиите на нивните творци. Ваквата бесрамна постапка, смислена и туркана од очебијно болни умови, наиде на блага, да не речам никаква осуда од страна на македонската интелигенција. Или, ако сакате, токму „чевларот“ излезе во одбрана на Градскиот трговски центар – ремек делото на Живко Поповски и постземјотресната скопска архитектура – додека

грото интелектуалци ги посматраа од околните кафеани, со редовното кафе и чашка ракија. Онака, воајерски. Токму „чевларите“ на овој град, предводени од мала група архитекти, се кренаа симболично да „го гушнат“ ГТЦ и на тој начин да му ја искажат љубовта и верноста пред надојдувачката разорна стихија на паланечките малоумни орди.

Јас не мислам дека будали се раѓаат само во Македонија. Никако. Ги има низ целиот свет. Ама само овде можат да бидат властодршци и да прават што сакаат. Може ли некој да посочи барем сличен современ странски пример еквивалентен на ваквиот вандалски однос на Македонецот кон своето историско наследство во сите творечки области, денес? Ако го изоставиме еднакво шизофреното нацистичко modus operandi, друго има ли во поблиското минато? Не дека немало секакви болни поединци кои сакале да ја рушат Ајфеловата кула, на пример, или на кои не им се допаѓал берлинскиот монумент на Холокаустот, или ... Ама, да ја пресоблекува Ајфеловата кула во налудничав барок или (квази)неокласицизам, е таков не се родил. Ниту пак средината би му допуштила да мрдне со малиот прст. Како е можно вакви нешта да се случуваат само овде? Та дури и религиозната егзекуција на Имарет, изградбата на кичестион Плаошник, скулптурине пред Владата и многу други – сите како специјална ретардирана фиксација на оној притвореникон Кузман, потпомогнати од интелектуалната му ергела – да ти биле само вовед во завршниот чин!
Малоумниот самонаречен проект „Скопје 2014“, сосе вкупната македонска интелигенција закачена по правило на финансиските цицки на државата, не само што не покажа трошка почит кон живите македонски архитекти, туку не мрда со прст да го заштити ни пиететот кон починатите. Ако, да претпоставиме, Муличковски можеби и потпишал некаква согласност за уништување на сопственото дело (што пак е посебно дискутабилно прашање сврзано со авторските права!), Живко Поповски тоа секако не можел да го направи. И? Се јавија ли „експертите“ за авторски права? Се јави ли некој негов колега од Архитектонскиот факултет да протестира против одлуките за неокласицистички стиропорен make-up на ГТЦ? Се кренаа ли сериозни протести на архитектонската фела против овој нов тип на современо дивјаштво? Да, неколкумина. Другите пак си ги чекаат своите пет минути во рамките на „Скопје 2014“!

И сега? После она задвчера, има нешто да каже Ачковска за злосторствата во Македонија? За предавниците? Или оној битолскион режисјор што ужива да лови сомови во матно, не баре е во слаткарницата на татко му? Да не го фати сомот за таквото, па да му извадат уште некои факти од семејното минато?! За моралот ли ќе говориме, или ...?
Иако повеќето луѓе денес, едноставно, се гадат од политиката во сите нејзини појави, од неа не можеме да избегаме. Таа стана составен дел на целокупниот живот, и на моралот, се разбира. Затоа, иако е во право една ФБ пријателка која вели дека, на пример, „Скопје 2014“ е првенствено естетски проблем, тоа сепак е – и политички проблем. Par excellence! Зашто токму актуелната политика го „смисли“ и реализираше наспроти многустрани укажувања, отпори, несогласувања ... Контра сите анкети, контра три пати прегласуваните избори во „Центар“ и упорното губење на истите, зарем тоа не беше доволен доказ за расположението на граѓаните?
Оттука, токму тоа е нашиот повеќегодишен проблем: мешањето на политиката во сите сфери на животот, па и во уметноста / естетиката. Такво нешто не си дозволија ни омразените комунисти, барем не толку долго и не со таква жестина. „Мора сите да ги сотреме“, велат. Ок, ама и тоа ли не е политика? Или луѓево мислат дека сотрувањето се однесува само – на другите?
Затоа, нема место за залажување: кај нас се’ е политика! И тоа онаа најниска, одвратна, неморална, вагабондска ... дури не е ни улична туку е баш – уличарска! И

тоа не можат да го сменат ни сто движења, форуми, одбори, портали ... коишто веќе хистерично ловат вештерки низ Македонија, а уловот се всушност самите тие. Дури и да се најдат толку беневолентни опозициски политичари, некои со прешироки срца и хоризонти што би допирале и вон сите утврдени криминали, не верувам дека ќе можат да ги амнестираат сити идиотштини што ги живеевме овие години. Дури и се' да се заборави, не може да се заборави Глупоста, Незнаењето, Неспособноста на комплетниот државен врв, на сите структури на власта, на сите ешалони. Токму затоа и сме на ова дереџе. Дури после таа еклатантна неспособност и незнаење во сите области доаѓаат веќе објавуваните криминали и перверзии невидени во македонската историја! И одат рака под рака, на некое ѓубриште.



Но, да се вратам на злосторствата / жртвите во културата што, сегментарно и од негов аспект, ги спомна Гелевски – тој издавачката, јас ликовната дејност. Издавачката дејност и визуелните уметности се полни со примери на бескрупулозни манипулации непознати во досегашниот развој на македонската култура и уметност. Или, поточно, ретко ќе најдете *нешто* што излегува од тие рамки, а е содржано во т.н. годишни програми од божемен национален интерес во културата. Нешто што промакнало, случајно се провлекло под окото на цензорските ножици на „стручњаците“ во Министерството за култура и пошироко, всушност само го потврдува правилото за комплетната аутистична партизација на македонската култура во овие сегменти. Зашто, секоја божја година ги читате истите (главно неспособни) имиња, со „проекти“ (книги, изложби, саеми, гостувања во странство ...) за кои што во Гевгелиско има еден извонреден израз - „од г'з м'кнеж“! И никогаш не им беше доста, никогаш не се свртеа да погледнат каква пустош оставаат зад себе.

Почнаа и јавно да си нарачуваат работа, да ја започнат уште веднаш и да инкасираат, зашто не се знае што носи утрешниот ден.
Се разбира, некој друг вон овие области на духот, ќе посочи и други веќе неизлечиви метастази проширени во македонското културно ткиво. Некој веројатно ќе посочи на безочното пљачкосување на културниот денар од страна на онаа булумента естрадни селски „ѕвезди“ и врескави фолкер(к)и кои актуелната културна „политика“ ги промовира во национални големини. Некој засегнат филмаџија пак, со потполно исто право може да констатира дека токму филмот е една од најголемите жртви на македонската културна „политика“ – токму заради најголемите средства што таму се вртат - со она беневолентно владино расфрлање на (огромни) државни пари само на неколку филмски миленичиња, прекршувајќи ги сите правила и процедури, со покривањето на енормните направени долгови заради некаков недефиниран мир в куќи, со негативната кадровска селекција итн. И сето тоа се правеше, онака, узурпаторски, насилнички, како да се тоа нивни наследени пари од гологузи дедовци и баби, како никој во оваа земја да нема право ниту да праша кому служат таквите мафијашки зделки од неколку милиони евра, се' до оние 800.000 на божем банкротиранион двоец, летнати в небо како никогаш и да не биле. И сето тоа без срам, безобразно, простачки, со набилдана улична агресија од една страна и со политика „не се замерувај“ и премолчен амин на еснафската фела од друга страна, или со одвај чујни коментари / прашања на кои никој не се ни труди да одговори. И наместо да бидат јавно шамарани и сместени таму каде што им е местото, тие уште бараа третман на национални „ѕвезди“! Токму „ѕвездите“ од тој тип избербатија се' што можеа, како впрочем и она миленичено кое сега се солидаризира со студентите и испраќа поздрави, а всушност повторно се самопромовира, се упикува за пак преку ред да фати некое крапче. Малку им беше, шупелки!

Не знам до каде би стигнала листата на жртвите на актуелното Министерство за култура, но овој македонски културен холокауст трае премногу долго. Како впрочем и целокупното дивеење, сиве овие години, на грст полуписмени ама дебееело лукративни бараби, кои воведоа стравовладеење на мракот и насилието, на незнаењето и неспособноста, во сите пори на општествениот живот. Зашто, од каде, инаку, онакви неморални протуви во образованието, културата, здравството, науката, новинарството ... од каде им смелоста воопшто да се појавуваат во јавноста со нивните аморални сурати и провинцијално профитерско „размислување“? Кој и зошто им даде таква моќ, да подјармуваат една култура макотрпно градена со децении? Идејата за „нов вредносен систем“, како што тртља оној Двоцевски? Па како можат да градат вредносен систем луѓе – без вредносен систем, без морал, без знаење ...?
Јас не знам што и како мислат и оние во Министерството за култура, можеби дека нивните злосторства и неморал континуирано вршени години, ќе застарат, ќе бидат заборавени? Или дека некој, утре, едноставно ќе сврти нова страница и овие грозомории ќе бидат заташкани? Не сум сигурен во тоа, премногу жртви оставаат, премногу ненаплатени долгови ...
Подеднакво интересно ќе биде да се види дали ќе има еден, барем еден, не само од културата, што ќе смогне сили да застане и да му се извини на овој народ за сите криминали и ујдурми, марифетлуци и лева-рака-десен-џеб филозофии, за сите кодошења и предавства, за сиот овој неморал во којшто ја турнаа земјава? Да собере храброст да застане и да каже во стилот на оној незаборавен лик на Бата Стојковиќ: „Јесте, крив сам, јео сам говна“!? Ако не заради себе, тогаш барем заради неговите потомци? Или таквите гестови едноставно се спротивни со нивниот (не)морал?
Македонската општествена трагедија во изминативе години како да се сведува на луцидната мисла на веќе спомнатиот Кедар Јоши: „The most fundamental tragedy of my life is that the ones who I see do not exist and the one who exists I do not see“?!

***Луѓето кои ги нема***

Токму на такви жугиќки-шушумигиќки и тамари, мишеви-каракамишеви, додовки и ачковки, никовци и двоцевци ... мисли Јоши кога вели дека тие кои ги гледа всушност – не постојат. Ниту постоеле. Тоа се само некои сенки кои талкаат низ просториве барајќи стопани кои ќе ги оживеат, ќе им дадат форма и глас, ќе ги заповедаат, или – погалат? Можеби навистина на таквите им треба некаков / секаков „контакт“ - па нека е и измеќарски, можеби навистина им треба(ла) милозвучноста на она „говеда“ и заповедноста на она „да ги сотреме“, им требал некаков збор - па нека е и автократски? Зашто, ако можеби растеле во некаков нивен виртуелен свет без човечки однос, без чувства, без морал, тогаш и оваа и ваква „реалност“ им е рај на земјата. Инаку, каков и колкав монструм треба да биде некој за да така се нафрли врз смртта на едно хендикепирано девојче? И нејзините родители? И да се изживува, јавно, низ социјалните мрежи? Или да го шпарта ова парче земја со такви клетви во устата?
Тоа се луѓе-нелуѓе, сеништа на некое дамнешно неморално минато, нешто што сме мислеле дека е далеку зад нас, во некоја друга проколната историја. Призраци јадни и гадни, јавачи на метли и апокалиптични магариња без трошка свест и совест. Зашто, да ги имаа, ќе постапуваа ли вака? Ќе слугуваа(т) ли така поданички на бескрупулозни газди? А барем да се некои газди, туку и тие гологузи измеќари кои преку ноќ се збогатија на туѓата мака. Ене – ги слушаме. Што, како и кому да се смести; што, како и кому да се урне; кој и како да се понижи, како да се наплати власта. Современа македонска садистичка реалност!

Ваквите сеништа по правило доаѓаат на крилјата на злото. На најтемното саруманско зло кое што ништи се’ пред себе, само и единствено во лична полза. Инаку, да не беше така, зарем не ќе ги знаевме пред десеттина години, зарем не ќе ги видевме на јавната сцена? Зарем не ќе ги препознаевме по нешто добро – барем ние повозрасните - по што и да е’: улога, песна, текст, збор ...? Ама нема, ништо, нула, зеро! Затоа тие и чекаат вакви зла да го заиграат својот дивјачки танц на смртта. За да оживеат, да им се придружат, да си ги облизуваат крвавите раце и усни со туѓа крв. Бал на вампирите? Можеби!
Постоењето не е и не може да биде само збир на прости механички функции сведени на елементарните потреби на единката. Постоењето подразбира и постојано надградуван склоп на мисли и чувства, на активен однос кон реалноста, на лични и општествени норми. Инаку, која би била разликата помеѓу глутницата и општеството? Кое и какво е тоа „општество“ каде се оркестрира една ваква абнормална и до крајни граници первертирана стварност?
Но, можеби, тие и такви жугиќки-шушумигиќки и тамари, мишеви-каракамишеви, додовки и ачковки, никовци и двоцевци ... не се нашиот голем проблем. Тие биле и – не биле, тоа се молци за една ноќ привлечени од светлината на злото. Како дошле – така отишле. Ниту едно општество не може да биде посериозно инфицирано од клиентела од таков долен вид. Тоа се дури и бенигни инфекции, тераписки решливи со ударни пеницилински дози. Зашто, зад овие не се реди и не може да се реди никој! *Тие* се редат зад Злото, ама и се проретчуваат. Тие не можат да привлечат и повлечат, зашто токму *тие* се повлекувани и привлекувани. Оттука, тие се нашата најмала грижа. Ги нема, не постојат! И – како и да не постоеле!!!

Дури, ние немаме (пре)голем проблем ни со материјалните отпадоци на ова Зло, сите оние идиотштини распослани низ центарот на Скопје, оние малоумно пресоблечени објекти што некогаш беа гордост на овој град, оние мостчиња со тролчиња и хорор музејчиња. Нормален народ со тоа се справува за 24 часа.
Она што македонското општество го разјадува од самата срцевина, она што дополнително го турка во невиден неморал и хипокризија, се неговите божемни

елитни претставници, оние таканаречени мудри и умни глави кои со децении седат во највисоките државни институции, полека побелувајќи во косите и неповратно луфтирајќи ги главите. Оние кои овој народ ги плаќа, секој божји месец, да му нудат излез од проблемите, да го советуваат, да го водат ... Оние исти МАНУ-овци кои денес бараат да се оди преку институциите на системот. Кој систем, кои институции? Па излезете, „мудреци“, и покажете го тој систем, и тие институции? Можеби овој народ навистина е слеп и не може да ги види. Ама, нели вие гледате и повеќе и подалеку – а и би требало, за сите тие пари што ви биле дадени – па ајде осмелете се и излезете на улица, нека е и со вашите бројаници во рацете, и посочите им на луѓево каде да тргнат. Од Уставниот суд, па – каде? Посочете им ги на луѓето и процедурите, Уставот и законите, и потврдете им дека на тој пат ги чека Правдата. Ако сте навистина толку сигурни. Ама не сте, и тоа го знете, ама уште калкулирате. Како најдолни бабетини, а не како академици достојни на својот народ. Или осмелете се или, конечно, соберете се и одете си. И од тоа МАНУ, ама и од македонскава историја, зашто и онака – ве нема! И не може да ве има со вакво неморално однесување. И не може да ве има со таква дволичност, со таква хипокризија, со таква подлост.
Зарем е можно од толкумина наводно умни луѓе – писатели, уметници, општественици, правници, економисти ... – еден да не стане да праша: а кои институции, а кој систем, а кои процедури ...? Зарем е можно дека сте отидени таму само и единствено за да заработите уште некој дополнителен денар врз грбот на овој народ? Толку ли сте залегнати во комформизмот и топлината на сопствениот неморал, па не можете да видите што се случува надвор? Треба ли народот да почне да ве прозива по име и презиме, да ви ги извади сметките колку сте не’ чинеле сиве овие години и што за возврат сте вратиле?
Еднаш ви беше простено што сакавте да ја делите државава сосе народот во неа. Мислите дека повторно ќе ви се прости?

***Fuck off***

Извинете, ама што значи тоа дека „Обединетите нации не можат и не смеат да си дозволат да бидат рамнодушни на кршењето на човековите права и правата на човечкото достоинство“, кога излегува од устата на оној Хорхе кој глуми претседател на државава? ОН не можат и не смеат, ама Македонија може и смее да си го дозволи тоа, и тоа под негов директен патронат, нели? Или под (ин)директно не превземање ништо – ама баш ништо, како да се работи за ланскиот снег – од неговите Уставни надлежности како (божемен) избран претседател? И за што ли тоа (божем) била избрана персонава? Оваа фарса од човек одамна нема ни срам ни грам достоинство барем целосно да се исклучи од нашиот видокруг, до дефинитивните разврски во земјата. А после – треба да го добие тоа што самиот си го подготвил со тоталната и доброволна апстиненција од превземање (законски и уставни) дела за коишто толку години добива плата и други бенефиции. Зашто, не може утре ни тој да каже дека некој не му дозволувал да дејствува. Та не е малолетен, или не дај боже малоумен?! Ако МАНУ-овците можат детски да се вадат на претседателот на МАНУ за своето нереагирање, на кого ли утре ќе се вади претседателот на државата?
Ако пак на оваа автократски нокаутирана од власта држава и’ требал некој кој во резиденцијата ќе везе миљенциња и хекла шустикли наместо да се занимава со виталните државни интереси, веројатно на претседателските избори ќе побарала некоја баба со такви склоности, и вештини. Која што и финансиски помалку ќе ја чинеше оваа земја.
Или можеби онаа подеднакво срамна глума на госпожата му како прва „дама“

на разни приеми и прослави треба да не' утеши дека тие - постојат? Како приемот по повод Меѓународниот ден на ретките болести, при што таа наводно испратила „силна поддршка и порака за истражувањата, третманите, раното откривање, раната превенција, потоа рехабилитацијата на пациентите со ретки болести, како и позиционирањето на ретките болести во јавното здравство, како на ниво на Европска Унија, така и во земјите од каде што доаѓаме, односно на национално ниво". Ја спомнавте ли и Тамара и нејзината судбина во вашата земја, Иванова? Испративте ли поддршка на нејзиното семејство? И му ја спомнавте ли и на вашиот сопруг, колку да биде информиран што му се случува во државата? Онака, навечер, уз чај и додека штрика, за да не се возбуди премногу па да рипне веднаш да ги средува работите?! Да има време барем да преспие!

Не знам што е тоа што може да биде наша утеха денес, барем минимална утеха дека не сме целосно морално банкротирани, дека немаме столб што не е потопен, или исечен до урнување од модерните „волови" на Милета и компанија. „Вистината за Македонија" се' повеќе станува мачна, трагична приказна за една аморална власт – и не само власт туку и за аморално општество сосе неговите „елитни" претставници - иако многумина, на почетокот, мислеа дека само добро ќе се забавуваат. Ама Ѓаволот редовно доаѓа по своето, некогаш побргу, некогаш поспоро. Ама доаѓа – сигурно!
Независно од политичките / правните (?) разврски на македонскава трагична приказна, последиците ќе бидат далекусежни. И темелни. Но такви и треба да бидат. Ние предолго се вртевме во круг, глумевме демократија, си игравме држава, од институциите правевме маалски театри според лични ќефови, од функциите – прчија. Тие даноци на глупоста, на нечинењето, на неморалот, на алчноста, на безобразлукот ... ќе мора да се платат. И сите трагедии што му ги приредија на народот.
А впрочем, не се трагедија, како што вели кумашинот, петте проценти за културата, трагедија се петте проценти за *ваква (не)култура*, трагедија е филмот на „Стале Попов", ама трагедија се и едно чудо друго филмови, мизерија се и оние тони и тони никому потребни „книги", оние дилетантски „изложби", оние документарци од пет стотини илјади евра и оние спотови од двесте и педесет (или беа шеесет?) илјади евра ... оние туристички патешествија на нивните пулени од сите фели, оние тони бронза и стиропор со коишто ја „усреќија" оваа држава. Онака, баш „до балчак! Macedonian story. Вистинска трагедија се оние полуписмени стрип ликови кои ни ги инсталираа како некаков вредносен репер, оние веќе спомнати жугиќки-шушумигиќки и тамари, мишеви-каракамишеви, додовки и ачковки, никовци и двоцевци, гишовци и рембранти ...
Сметките се трупаат во папките на Заев. Ама тоа не се сметки само на една малоумна власт, тоа се дебели сметки на улични орди аморални пижиња и улични филозофи, „глумици" и „професорки" со изгорени коси, куртон новинари и неписмени директори, архи-тетки и лумпен-ѕвезди ... Тоа се сметки за историјата, и иднината. Од вчера / денес натаму, светот ќе не' учи како пример на држава-превара, на глув и слеп народ немоќен да се справи со стотина простаци на власт, тинтрани од уште толку самонаречени интелектуалци – писатели, уметници, бизнисмени, професори ... – маскирани во некаков „крем" на државата.

Затоа, мислам, дека македонските разврски не смеат да останат на половина пат. Белки о(п)стана некое, некакво здраво ткиво во оваа држава кое што ќе може утре да побара да се платат сметките? Од сите, по име и презиме и на сите можни начини! Ако не – тука се студентите! Во нив, како што веќе покажаа, можеме да имаме доверба. Зашто, конечно, тие се *тие* што (ќе) си ја градат иднината.
Но, како и да е', некој – или *тие* - ќе мора цврсто да застане пред сите оние кои биле директно, индиректно или со нечинење замешани во сите криминали што

секојдневно ги гледа(в)ме, а еве денес и ги слушаме „во живо“. Почнувајќи од оној на Водно кој глуми дека не е од тука, преку МАНУ-овците закукулени во нивните кабинети, до секоја шуша во т.н. институции што одамна тоа не се.
„Еден ден“, вели во неговата поезија Ото Рене Кастиљо, „неполитичките интелектуалци од мојата земја ќе бидат испрашувани од најобичните сограѓани. Ќе бидат прашани што правеле кога нивната држава умирала бавно, како мило огниште мало и само“. Поезијата на Кастиљо не се прераскажува, уште помалку се „преведува“ во проза. Особено оваа песна. Иако допира и како проза, особено кај нас, денес. Зашто Кастиљо знае што говори. Го дал животот за својата земја. Го запалиле, жив. Нашиве „интелектуалци“ пак, се возат со автобуси и држат трибини, го организираат народот за борба против својата земја, против својот народ, против опозицијата. Која што била бесрамна во нејзините барања за подобра држава, за влаедеење на правото, за основни лични слободи, за ред и закон ... Е не, тоа не чинело, подобро било цела држава да биде нивен заложник и тие да кажуваат што и како да се прави. А за што? За нивните бедни (иако многумина велат дека и не биле така бедни!) хонорарчиња, книгичка ваму – книгичка таму, документарци од по 500.000 евра, членство во некоја мочана комисија ... Тука почнува и завршува нивната интелектуална борба за државата и добробитот на народот. Оние повештите ќе зграпчат и по некоја функција, како битолскион слаткар со секаква провениенција. Или баџанак му, шура ли му е, кој к.. му е којзнае, кој цел живот го помина со Македонија во устата и сребрениците во џебот? Каква неморална интелектуална бласфемија!
Затоа, *еден ден*, набргу, некој ќе праша: А што правевте вие додека државата ни умираше, полека? И конечно ќе им порача: Fuck off! А „вашата мизерија ќе ја глода вашата душа / И ќе бидете неми во вашиот срам“!!!

## *„Стокхолм синдром“*

Се мачам како црн ѓавол да го завршам ова, оваа аморална (квази)интелектуална „приказна“ од Дивиот Исток. Ама се' некако, нешто ми фали. Она „fuck off“ ми се виде најсоодветно за крај, ама пак некако – недовршено. Не ми го решава проблемот. А и лесно би поминале.
Па згора, на целата мака, ги преслушувам тоа „дијалозите“ на простациве и повторно нешто не ми штима. Видете, кумашинот вели „ние сме лудаци“, ама безмалу пола држава им враќа: „не бе, не сте, супер сте“! Знам, некој ќе рече: не е баш така. А како е? Зарем може една групичка полуписмени битанги толку години да се одржи без поширока поддршка? Па нека е и фингирана, нека е и штимувана, нека е и од страв (?), нека е и од лукративни цели, нека е и од простотилак ... нека е и криминална! А е', од сето по малку. Се разбира дека првото сидро на ваквите бараби се неморалните интелектуалци. Оние што глатко ќе се продадат за функција, за амбасадорско место, за тендер, за книгичка, за изложбичка ... И (доброволно) ќе ја шират „приказната“. Иако овие деминутиви не ја отсликуваат реалноста докрај, бидејќи кај нас овие интелектуални крлежи грабаа и грабаа многу повеќе. Томови книгишта и катагодишни изложби, „творештвото“ на ДВД и туристички крстарења низ светот, директорски места за нив (од Струшки вечери, Охридско лето, библиотеки и се' по тој ред) и работа за целото им семејство, места во сите можни комисии и одбори, до членство (ни мање ни више) во МАНУ, национални пензии и државни награди ...! Пожнеаа се' што можеа, и повеќе од тоа. Барем малку да беше заслужено, па да не ти е криво.
Ама, повторно, колкумина се *тие* – стотина, двесте ...? Сосе конвертитине, сосе поштарине и келнерине за амбасадори, сосе „културњациве“ што подолго седат по кафеани отколку на работа, сосе бронзено-уметничкион им „кадар“ секогаш на готовс да исполнува наредби, сосе градскана им советничка група на која што во

нормална ситуација би требало да им биде одземено жителството во Скопје заради сторени злосторства врз душата и телото на градот ... А другите? Добро, и оние распеанине новинарски мегафони, оние издишани „аналитичари“ (го гледам на Алсат-М оној клекнатион „аналитичар“ и несуден амбасадор, веднаш се преоблече!) и „анкетари“, онаа булумента „институции“ ... ама сепак – не се баш толку. Но, кога на ороводците ќе им се придодадат играорците како некаков втор или трет ешалон, па целата онаа партизирана администрација, па бизнис релациите, па „за грош“ (пот)купената македонска сиромаштија ... ете го есапот.

Оттука, повторно: кој е овде навистина луд? Тие, или – ние? Ова „ние“ е само фигуративно кажано зашто, дозволете, ама никако не се гледам себеси во таа група. А богами и уште илјадници други кои издржуваа и издржаа во оваа македонска лудница. Ама колкумина се пак - тие? Тоа ли е таа критична маса која се' почесто ја слушаме и која што ќе ја истера разврската на оваа наша „приказна“, со дијагноза и терапија? (Кога формулацијата „критична маса“ ја спомнав пред една одамна од тука заминатата амбасадорка на која очигледно се' и беше јасно, таа праша: „А како Македонија ја имаше таа критична маса во 1941 година“? И ми ја затвори устата!).
Не знам, не сум сигурен. И не сакам однапред да осудувам илјадници луѓе – на тоа немам право, (или имам?) – ама и таканаречената неполитичност има свои граници. Кои се и до каде се, каде е границата помеѓу неполитичноста и колаборационизмот, помеѓу (квази)неутралноста и соучесништвото? Можеби тоа прашање треба секој да си го постави самиот. И да го одговори со дело.  Ама, многумина нема да сакаат, свесно, зашто го знаат одговорот! Едно од (валидните?) оправдувања е дека не е секој подготвен да жртвува бизнис, професија, семејство ... дека не секој е подготвен на таква борба ... па иднината на децата, нели ... што ли?! Ама зошто пак другите и за нив би биле подготвени на тоа? И на се' друго?

Се разбира, јас немам магична формула за решавање на нашава срамна и болна ситуација. Ама можам да препознаам тенденциозни намери, ступидни анахрони дијагнози, малоумни анализи. Оние од типот на шарлатанон од „Телма“ дека од тројца македонци двајца се шпиуни (каква будала, и му дадоа на чинија цела телевизија!), или жалта за *оној* Груевски од 2006 (море носете си го дома и овој и тој Груевски), или прогнозите дека бргу и лесно ќе сме се справеле со кризата, односно дека криза воопшто и – нема!
Ни ќе биде ни лесно, ниту пак ќе биде бргу. Ако се знае дека од оние (најмалку) 150.000 јавна администрација барем половината се вработени последниве години, тогаш ништо нема да биде лесно. Зашто многу семејства ќе останат без плата и не ќе сакаат да го прифатат тоа баш така лефтерно. Иако лесно прифаќаа, и прифаќаат, кога другите остануваа(т) без плати.
Оние кои први ќе го напуштат брдот секако, повторно, ќе бидат – интелектуалците. Поточно – квазиинтелектуалците, овие кои денес ја шпартаат државата и го бранат народот од опозицијата, оние кои по обичај уживаат во аморалната ладовина на власта молзејќи и понатаму дебели средства за лични будалаштини, оние кои се истрчаа со текстови, со говори, со *дела* и веќе не можат назад ... сето тоа бргу ќе го смени дресот. Ако му се дозволи, се разбира. Дури и оној некогашен ригиден комунистички и  пројугословенски агитатор, сега претседател на МАНУ, кој бара некаква „вистина“ низ судските катакомби на власта. Сета таа булумента бргу ќе отиде по ѓаволите под притисокот на доказите.

Меѓутоа, во јавноста како да се препознава и една нишка на помирливост, на чудно сочувство („Стокхолм синдром“?) дури и со примарните џелати – демек, ете, тие се спротивставувале – со креаторите на сите погубни политики (ако и тие манипулации можат да се наречат политики!), со нивните први и втори пулени, со сета таа

забревтана партиска машинерија која се’ уште се билда, се’ уште сака да гази и упропастува. Како некои подземни сили да сакаат да создадат атмосфера на некакво лажно „национално помирување“, на толеранција во име на државата (која држава, оваа раскупусанава?), ако се почне со игри на тенки жици – пиши пропало! Ако целосно не се отворат криминалите, ако комплетно не се разобличат битангите, македонското (не само) интелектуално ткиво засекогаш ќе остане разјадено. Тогаш неморалот, перфидноста, превртливоста, глупоста, незнаењето, нестручноста ... криминалот дефинитивно ќе добие своја држава. Е тогаш – сите можеме да се сликаме! Во едно групно кадро со вемерото!!!



## ФАЈРОНТ

**1.**

Ако кај нас јавниот обвинител, а во врска со објавувањето на материјали од ПИМ на интернет, вели: „Во врска со објавување на материјали на такви мрежи, надлежното јавно обвинителство до надлежните институции има издадено наредби да се открие дали материјалите потекнуваат од посебни истражни мерки и дали се соодветни со некакви истражни мерки, односно кој и како ги поставил таму и, од друга страна, исто така, до надлежните институции дадени се наредби да се отстранат таквите материјали, без разлика од каде потекнуваат, и да се спречи натамошно објавување“[17]; ако „претседателот“ на државата смета дека, во ваква криза, „Советот за безбедност не е ниту собраниска комисија ниту јавно обвинителство“ и ќе го свикал кога ќе добиел „... збирни податоци информации од надлежните институции“; ако мишеви-каракамишеви *сега* велат: „Правото да се има слобода на мисла и слобода на говор, како и слобода на политичко уверување е неприкосновено човечко право“[18]; ако една друга професорка (Б. Ванковска) плачно вели „Премиере, ние не сме против Владата“; ако цела Влада се прави мутава за сопствените криминални зделки и говори за „конструкции“, „сецкања“, „лепења“ ... наспроти здравиот разум и сетила на сите нас; ако една „г-жа“ – мајка и жена - толку години глуми министерка, па уште за култура; ако (не)културните работници протестираат против опозицијата; ако некојси Миле (от Прилеп) брка луѓе од работа и укинува музеи; ако за еден „претседател“ на МАНУ оваа македонска монструозна реалност е само дневна политика и ја препушта да ја „решаваат институциите“, а осумдесеттина подеднакво умни, ако не и поумни од него, “академици“ молчат како глувци; ако еден Коле Манев, одамна бел во главата, вели дека „Никој не знае зошто од волшебните фрески во Помпеја се’ до појавата на италијанската ренесанса владееше дванаесет вековна ликовна штама“[19], а еден „новинар“, и тој подеднакво бел јавно измислува зборови од типот „скулптурство“ ; ако може премиерот, онака ноншалантно, божем од свој џеб, да му даде 2.5 милиони евра на едикојси режисер за едикојси филм; ако веќе секоја будала може да излезе и да тртља што сака а новинарите веднаш му ставаат микрофон пред фаца ... мислам дека сме зрели за – фајронт. Зрели, презреани!

**2.**

Ако во една држава, една партиска врхушка функционира како мафијашка организација за којашто не постојат ни институции, ни судство, ни јавност; ако во оваа и ваква држава надлежните институции сосе „министерот“ и „лекарите“ на чело оставаат едно деветгодишно девојче да умре заради нивна негрижа; ако во една земја примената на сите закони, вклучувајќи го и Уставот, зависат од два-тројца луѓе; ако во некоја држава една партија ја јавнала државата, а народот го трансформирала во клиентела поделена на „наши“ и „нивни“; ако „интелектуалците“ во една држава се малоумни до тој степен што не умеат да разликуваат бело од црно; ако во една земја континуирано и најбезочно се крадат избори; ако ... тогаш некој мора да објави фајронт и да ги изгасне светлата! Зашто ова веќе не се трпи, а и нема сврха да продолжи до недоглед. Чуму?

Затоа, мислам дека од некаде мора да се појави конобарот и да ја донесе сметката, мора да излезе шумарот и да ја растера оваа глутница, мора некој да направи нешто *сериозно* зашто ова ќе оди во недоглед. И воопшто не е битно *кој* ќе биде тој

[17] С.К.Делевска, *Обвинителството не ја спречува опозицијата*, Вест, 10.03.2015

[18] Тања Каракамишева-Јовановска, *За политичкиот говор на омраза и што со него?*, Дневник, 10.03.2015

[19] Коле Манев, *Ја омаловажија зашто наслика женски акт*, Дневник, 10.03.2015

некој – конобарот, шумарот, медијаторот – битно е оваа агонија да заврши. Зашто, сето ова веќе нема смисла. Не дека бомбите не се, или нема да бидат убоити, ама барабите носат панцири. И уште ја држат за м... цела држава. И не пуштаат! Од горе до доле, од десно до центар, од најголемине будали ала „домобранине“ до цела една Македонска академија на науките и уметностите продадена за 35.000 денари. По „академик“, (месечно, се разбира)!
Волшебното стапче кај нас одамна е загубено, ако воопшто и сме го имале. Целиот општествен живот – политички, културен, научен, образовен ... – е сведен на лага и измама, и трка по пари. Кој колку може, и како може. Ако човек може дури и да ги разбере помладиве наакани „домобрани“, зарем и на МАНУ-ковците им се се’ уште толку битни денарите? За што? Ќе ги носат во Бутел?

**3.**
Ако ние не сакаме да разбереме дека ни е неопходна една Лаура Кодрута Ковеси; ако граѓаните се’ уште не можат да разберат дека не можат две-три будали да им го упропастуваат градот само заради нивните инфантилни лични комплекси; ако кај нас се’ уште нема свест дека не може секоја шушумига да биде министер, а секоја лејка универзитетски професор; ако ние не сакаме да се справиме со еден прилепски простак кој мисли дека баш така може да дојде во Скопје и да ни ја е.. мајката; ако дури и во опозицијата има такви што мислат дека ова што ни се случува е затоа што не сме во ЕУ (а да бевме, немаше да ни случува?); ако ... тогаш ние не сме ни зрели за држава. Ама зрели сме за фајронт. И за ремонт, генерален. На сите рамништа.
Само не знам кој ќе го прави ремонтот? Ако се потпреме на оние кои Мисини сака да ги види како малкумина „херои“ во сегашните институции – ама кои преспаа цели девет години извршувајќи секакви гнасни наредби – тешко дека ремонтот ќе биде успешен. Ќе подзаборават некои витални делови, ќе поврзат погрешни жици, ќе доупропастат се’. Ако опозицијата не игра на картата на некомпромитирани (ама не онакви од типот на пребегнатите им пратенички!); ако не се воведе строг стручен и професионален филтер што однапред ќе го сопре можниот талог од типот на милевци, канчевки, ирени, ствчовци ...; ако пак почнат да се влечкаат ко црева фамилијарни и пријателски врски; ако пак почнат „широки“ или не знам какви коалиции со лилиња и павлиња, со зиковци и слични шутрачиња – е тогаш ќе играат само едно лето. А ремонтот ќе создаде само нов монструм!

**4.**
Но, прво мора сериозно да се отсвири фајронтот. И да се наплатат сметките. И домашните, ама и странските, оние низ сите белосветски оф-шор дестинации. Сето испумпано надвор мора повторно да стане домицилно, а оберконобарот потоа да почне да ги наплаќа домашните сметки. По азбучен ред, и по дејности: од градежна (инфра)структура до култура, од олигарси до издавачи, од лекари до пекари ... Колку за пример, ама и за долго паметење! Инаку, се’ ќе биде залудно – и „бомби“ и ровови и митинзи. Не знам дали е добро оберкелнерот да биде странец зашто тие се во принцип попустливи. Не’ гледаат како малоумни, заостанати, испрдоци ... и ни попуштаат и ни одбиваат на глупост. И си оставаат простор и за понатамошна работа. Затоа, фајронтот мора да го обзнани и процесуира домашен еснаф човек, добро запознаен со сите марифетлуци на барабиве. Од најгоре, до најдоле. И кога ќе подвлече црта – да е подвлечена. Со црвено!

## ПР.Б. – ПО.Б.

**1.**
Фактот дека прогласив фајронт за целава ситуација, барем во мојот компјутер, ако не повече, не значи дека нема да напишам ниту збор повеќе за истата. Тоа беше само мое чувство дека тоа ние е единственото решение. Фајронтот, впрочем, секогаш е и објава на крајот на играта, па и на оваа. Особено на оваа!
Апропо, апсолутно не мислам дека кај нас, сега и тука, животот треба целосно да замре. Тоа никој нормален не може да го бара од луѓето (иако многумина би се прашале дали пак ние сме навистина – нормални?). Луѓето мораат да продолжат да одат на работа, децата во градинка или училиште, оние без работа да продолжат да ја бараат, некаде, ако треба и надвор, пензионерите ќе ги користат првите сончеви денови по парковите (или она што останало од нив, ако не – нека се „грејат" под спомениците) ... Не сум сигурен дека еден голем дел ќе продолжат да си ги извршуваат секојдневните обврски со истиот ентузијазам (ако воопшто и постоел?), со истата посветеност. Зашто гледаат што се случува околу нив. Некои пак – да, ама тие тоа го прават веќе толку долго. И само тие знаеа – зошто. Но, сега, и ние знаеме.
И не секој може, или сака, да застане рамо до рамо, секоја вечер, со Ангелов. Или да оди на пресовите на Заев. Или да направи што и да е' во прилог на актуелните случувања. И тоа е разбирливо. И никој не ги ни тера. И тоа спаѓа во основните човекови права. Дали спаѓа и во моралните, етичките, хуманите, граѓанските, цивилизациските ... обврски, тоа е друг муабет што ќе се води во некое подобро време. Но, кај нас, вообичаено, се' е некако замаглено. Или некој само сака така да изгледа? Дали со тоа се искажува став? Можеби, иако – не верувам. Кај нас, во принцип, се бега од став. Поарно е кога го нема.
Меѓутоа, дури и да не беше оној циркус во неделата, времето во Македонија е дефинитивно сменето. Без оглед дали некој сака тоа да го прифати, или не. И притоа воопшто не мислам на пролетта што (календарски) доаѓа и останатите годишни времиња – тоа веќе го направија студентите запролетувајќи ја зимата – туку мислам на оние историски години-маркери, оние пресвртни години како референци според коишто се мери времето / историјата. Како пред Христа и после Христа, како мерење на времето во Исламот од 622 година, како оние реперни 1914 година, 1941 годна, 1945 година итн. Години кога се менува се' во животот, особено поимањето на нештата.
Кај нас, денес, добивме нова историска временска референца: пред бомбите (пр.б.), и после бомбите (по.б.)! И колку тоа некому да не му се допаѓа, тоа е вистината. Зашто, ништо после ова кај нас нема, или барем не би требало, да биде – исто!!! Новото демократското време, обновувањето на демократијата во Македонија (ќе) треба да се мери според овој нов временски параметар, без оглед на можните разврски. Ако Втората Република беше онаа по 1992 година, оваа би била – Трета. И ќе биде! (Мислам дека ова веќе го рече Фрчковски, не сум сигурен!).

**2.**
Затоа зачудува ставот дека ова некого не би требало да го интересира, или дека, дури, му е дозволена некаква (квази)интелектуална, (квази)граѓанска рамнодушност. Оние малкумина, па нека се и илјадници „човечиња" донесени вчера, а по којзнае кој пат, со автобуси во „метрополата", се сепак – малкумина. Другине пак се уште помалку, собрани во една спортска сала, и си аплаудираат себеси божем кревајќи си го дефинитивно треснатиот од земја углед (ако воопшто такво нешто постоело?), лажливата чесност, обнародената алчност, објавениот криминал. И упорно, и повторно верглаат: не верувајте си на ушите, не верувајте си

на очите! Останете слепи и глуви и покрај се' и верувајте во „преродбата“. Да, ама чија? Зашто гледаме дека овде има(ло) само *лична* и никаква друга преродба, само лично мафијашко богатење и лукративен интерес и – ништо друго! Оние пак, уште помалкумина, кои пееја и се кревељеа, кои играа и божем се радуваа, сето тоа е само добро осмислена сценографија за прикривање на суштината, и на трагите. Дури и онаа што се дереше како нездрава божем пеејќи ја химната, па оној „вечнион“, уште од комунистите кодиран со сите кодови (а највеќе оние слаткарските, лепливите) режисјор кој сега глуми антички македонец ... А глумците си се глумци, секогаш – глумат. Ама мислам дека и овие знаат дека глумат. Некако кисело се смешкаа(т). Важно „г-жа“ министерка за култура весело плеска со рачињата. Мисли – куртулила!
Се разбира, за тие кои одбрале да продолжат да живеат како влекачи, нема решение. Тоа е личен избор. Иако, според некои, можеби и разбирлив. Зашто „заработеното“ мора да се одбрани, стекнатото (па нека е и на нечесен начин) да се заштити, па нека и на ваков начин, со отплата на рати. Иако, знаат, на тоа одбрана нема.
Меѓутоа, овој *креиран* привид дека се' тече ама ништо не се менува е само уште еден дополнителен чин во трагедијата. Подолг, или пократок, сеедно. Тоа барем режисјорон-слаткар со шербетли прсти би требало да го знае. Хорот (chorus) овде, вклучувајќи го и него лично, упорно ја декламира истата рецитација: се' е лага. И глуми – нормалност! Ама, се разбира, тоа е само – привид, нормалноста (веќе) ја нема, повеќе не живее тука ! А впрочем, вакви „претстави“ и беа очекувани, иако можеби не со таква патетика и глума. Но сепак, повторно, влоговите се огромни! Дури и кај влекачите.

**3.**

Но, ако на почетокот, во општата збунетост, дури неверување во сопствените очи и уши, некако по инерција многумина продолжија да придонесуваат во привидот на нормална држава, денес таквото однесување се граничи веќе со чист безобразлук, неморал, недостоинство, бласфемија ... соучесништво! Зашто, веќе е необјасниво, не само кај македонската интелигенција, ова свесно наметнување на привиден мир во државата. И се' некако божем тече континуирано, се „работи“, се исполнуваат „програмите“: овде концертче, онде изложбичка, ваму промоција ... онде лопата! За кого, и од кого? Како да ништо не се случува, како се' да си функционира ама баш најтековно. Што и како демонстрираат / потврдуваат овие луѓе – дека во Македонија е се' нормално? Можеби, ама само во нивните празни глави. Или, утре, ќе се вадат на веќе договорени термини, превземени обврски ... што ли? „Моралниот човек ќе најде начин да се спротистави на неморалното општество. А неморалниот? Ќе бара изговори“, вели проф. Малески.
Затоа и реков на почетокот дека е апсурдно да се бара животот да запре. Ама – кој и каков живот? Ама мене животот ми е изложбата, ќе возврати уметникот. Се разбира, ама во нормални времиња. Или, повторно, ова време за нив е – нормално? Случувањата надвор се нешта што му се случуваат на – некој друг? Или, нормално е додека *мене* ми е нормално? Можеби, ама така треба да бидат и понатаму, во иднина третирани. Токму како – некој друг! Како соучесници. Или толку им е важно ама баш *сега* да се покажат во јавноста? Зошто?
Ако веќе не можат / не сакаат да стојат во редици со другите кои протестираат, ако веќе не сакаат отворено да се спротивставаат на оваа банда, заборааат ли дека има и други начини? На пример, нечинењето како став!? Неучеството во креирањето на привидот на оваа квазинормала!? Ако се толку плитки да не можат да ја видат историската пресвртница, тогаш се поплитки и од тоа што сум ги мислел!

Зашто, дури и на светот, оној европскиот, полека му стана јасно за што овде се работи. И дека не можат повеќе да се прават мутави. „Financial Times“ (според libertas.mk) констатира дека објавуваните разговори се „само еден мрачен детал од она што произлегува како еден од најлошите изборни скандали во Европа во поновата историја. Владата на Република Македонија се наоѓа под меѓународен притисок за решавање на обвинувањата дека организирала голема шема за фалсифкување на изборите за да ја украде победата на минатогодишните парламентарни избори. Тврдењата за изборна измама се најновите обвинувања кои произлегуваат од политичкиот хаос што ја зафати малата балканска држава во последниве неколку недели, труејќи ја својата политичка клима и нанесувајќи им удар на амбициите за членство во ЕУ“.
Швајцарскиот пак „Ноје Цирхер Цајтунг“ е посебно вдахновен опишувајќи ја состојбата во Македонија по откривањето на скандалот со прислушувањето како „мочуриште од уцени, злоупотреба на моќта и корупција“,и „аферата потсетува на надреалистичка театарска претстава“[20].
Затоа, ако не веруваат во опозицијата, ако не веруваат во објавеното, нека веруваат во странците! Или, и тие – лажат?
Оттука, зрело е времето кога „Секој граѓанин во Македонија мора да се рестартира себеси! Одново да се запраша која е неговата мисија во животот, колкав е неговиот личен придонес како хумано суштество и како индивидуа и какво место под сонцето ќе изгради. Што тој, како единка, освен што ја размножува својата ништожност, ѝ возвраќа на заедницата која некој ја изградил верувајќи во идеали?“ (Б. Илиќ). Тоа, се разбира, е лично право. Но, право што ќе го мери историјата. Онаа „пред бомбите“ (пр.б.) и особено оваа „после бомбите“ (по.б.)!



[20] *НЦЦ: Груевски сега игра на се’ или ништо*, DW, 13.03.2015

## „НАШИОТ“ НАРОД

„Нашиот народ е мирен, спокоен, семеен ... и не дај боже да му брцнеш во око или да го излажеш ...“, така некако велеше „премиерот“ во последниот му говор. „Министерката“ пак од „мвро“-то со слична интонација не подучи дека оние другине, оние не-патриоти се свесни дека кај нашиов народ „... нивната приказна не поминува“! И се изнаслушавме, и ќе се изнаслушаме уште многу „мудрости“ за карактерот / табиетот на „нашиот народ“, од различни аспекти. Дури и за неговиот генетски код, откриен од битолскион слаткар во улога на режисјор. И, некако, сите му го знаат табиетот на народот, сите знаат што сака а што не сака, сите (а особено политичарите) знаат што тој „наш“ народ мисли, и конечно - сите (божем) се трудат како да му угодат. Иако токму овие полни девет години, иако токму овие кои денес држат говори, не само што му брцаа во очи туку и умот му го зедоа, особено „патриотиве“ кога наплаќаа(т) по американски или јапонски цени.

Не верувам дека воопшто постои таков хомоген народ каков што го мислат политичариве. Тоа, особено, не може да се однесува на македонскиот народ. Зашто, кога велат „македонскиот народ“, на кого и на што мислат? Дали се тоа, на пример, оние „ антички македонци“ од првата не така одамна наметната поделба? Или е тоа остатокот од оние „словени“ и останата боранија? А Илири, има или нема, или друг се грижи за нив и тие не спаѓаат во „нашиот народ“? А Ромите, или како ли ги викаше онаа малечкана? А „небескио народ“ и неговите припадбици овде, на чело со земјоделецон во Министерството за култура (ееej, што работа им заврши тој таму на неговите браќа)? Сето тоа не само што ја побива тезата за некаков „наш“ народ, за некаква хомогеност, за некакво познавање на луѓето. И повеќе говори за научени на памет (деветнаестовековни) флоскули што, можеби, палат кај *само еден дел* од тој „наш“ народ.
Од друга страна, ние всушност и не знаеме како би се препознавале меѓу себе кој е кој, и кој е – што? Дали ако сите, како Хорхе онојпат, ставиме антички шлем на глава и мафтаме со сонцето од Вергина, автоматски стануваме „антички македонци“? А останатите се само словенски и некакви други македончиња? И остала боранија? И дали, како новооткриени наши браќа ќе ги сметаме оние од Белизе, Лугано ... и другите од-шор дестинации? И во која категорија на „нашиот“ народ ќе ги сместиме?
Па понатаму, дали поделбата на патриоти и издајници е подеднакво маркирана со некаков знак (на чело, на гради, на нозе ...?), видлив односно препознатлив за сите, или пак има некаков таен поздрав, некакви шифри и движења според коишто луѓето се препознаваат? Или, можеби, постои – и мислам дека тоа е знакот – некаков новоговор што ги разделува едните од другите, ги калкулира во дадената категорија? Тоа е, веројатно, оној тип новоговор присутен на одделни (национални) телевизии, во некои пишани медиуми, оној новоговор кој тера се у п.м. и најчесто го слушаме и низ актуелните „бомби“ на опозицијата!
Впрочем и зборот „опозиција“ е само уште една можна поделба контра замислената хомогеност на овој народ, како антипод на зборот „позиција“, подразбирајќи тука пред се’ – власт. Иако зборот „позиција“ не влегува во онаа прва категорија на суштествени карактеристики на еден народ, кај нас е сепак поинаку. Кај нас овој збор значи се’: остварување на желбите, седумка на лото, златна рипка ... кај нас зборот „позиција“ во последниве години стана синоним за carte blanche за лажење, крадење, мамење, фалсификување ... Но и еквивалент за неспособност, неукост, неумешност, неписменост, тупавост, глупост ...!

Затоа, кога политичариве велат „нашиот народ“, на што точно мислат? На сите два милиони граѓани, иако со различно етничко потекло но со (изгледа) еднакви или

слични генетски всадени карактеристики? И кој тоа, и како, ќе не селектира? Слаткарон Ламброзо од Битола?
Или, сепак, кога ги велат овие нешта мислат само на нивното членство и, евентуално, на нивното гласачко тело (што денес е веќе тооолку релативизирано со актуелните „бомби")? Но, дури и во таков случај, никако не би можело да се рече дека сите мислат исто, дури и помеѓу членството, дека баш сите се некаква хомогена (генетска) целина, зашто, еве, и таму се јавуваат некакви други „патриоти", некакви други „водачи".
Оттука, не знам од каде им е таа убеденост дека „го знаат народот", дека тоа што го велат се потврдило низ некаква историја, поблиска или подалечна. „Народот е нашата сила", велат. Не е точно, се покажа дека силата е во манипулацијата, измамата, фалсификатот, исклучувањето на лифтовите, влечењето за уши ... Ако веќе говориме за македонскиот народ, попрво би се обложил дека сето погоре изречено, па и она неизреченото или што ќе биде допрва изречено, нема ама баш никаква врска со реалниот народ. Зошто?

Прво, мислам дека хипотетичката слика за некакви национални карактеристики, особено оние од типот што сакаат да ни ги наметнат „политичарите" кога сакаат да не' одоброволат, нема врска со вистинската реалноста. Овој народ тоа многу пати го покажал и го докажал. А ако овој (само) двамилионски народ не можете да го подветете под едно равенство, како ли ќе се справите со народ што брои педесеттина, или стотина (да не речам една милијарда!) милиони „души"? Какви ли карактеристики би им пришиле нашиве актуелни „политичари" на една (и нешто повеќе) милијарда кинези? Освен дека имаат преубава кујна, ама и тоа не е точно, зашто има огромни (и суштински!) разлики меѓу кинеските кујни, зависно од регионот од којшто доаѓаат. Впрочем, како и кај македонската кујна, којашто не е иста во Скопје и Гевгелија, во Охрид и Берово, што ќе рече на растојание од некакви пишливи стотина и пет-шеесет километри.
Не знам дали некој друг во овој и ваков свет толку се бави со „својот" народ, сакајќи да го карактеризира и категоризира, да го сместува во (фиктивни) фиоки и полици, да го нарекува со секакви имиња. Ни постоел ниту пак може да постои таков хогомоген народ за каков сонуваат актуелниве македонски „политичари". Ни постојат, ниту пак можат да постојат некакви национални карактеристики што би му биле својствени на „нашиот" или кој и да е' друг народ.
На пример, ние сме биле гостољубиви! Види богати, а другите – не се? Или ние сме имале одлична храна! А другите – што, тие јадат лишаи, или пасат трева, или ние стигнавме да им кажуваме за храна на французите, или италијанците, или индијците ...? Па, ние сме биле весел народ! А дугите нон-стоп плачат, што ли? Ма ајде богати, нека излезат малку по улициве да ги видат тие „весели" лица како се мислат како да врзат крај со крај во денот, за месецот да не говориме!!! Или, ние сме имале богата историја? А другите – немале, нивната историја да ти била сиромашна? Мислам, убаво е човек да си ја сака земјата, да си го цени „нашиот" народ, ама да тресе вакви глупости, како да сме сами на планетава?
А зошто пак вистинскиот „наш" народ да не е оној што вандализираше пред и околу Општина Центар силувајќи го донесувањето на ДУП-от за (скриените) интереси на нивниот пастир? Или оној од далаверите од изборите во Струмица, па во Центар, па во ...?

Меѓутоа, мислам дека *тие* дури и не мислат на сето ова. За нив е битно овој „наш" народ да е мирен, спокоен, семеен (што ли и да значи таа будалаштина, дека имаат по три гладни деца, што ли?!) ... да гласа за нив и да не прашува многу. Особено – да не верува на неверниците, односно издајниците, односно непатриотите. И на „бомбите". Да му верува само и единствено на Пастирот, зашто сите други му брцаат во око, го лажат, го крадат, му купуваат парцели, му ги krijат парите по оф-

шор дестинации ... За жал, мислам дека дел од тој фамозен „наш“ народ токму така и се однесува. Не знам во колкав процент, зашто кај нас бројките се веќе толку релативизирани што ни Ајнштајн не би ги средил, ама десетина проценти се сигурно под таква анестезија. И тука нема помош, тоа е (сепак) *привремена* состојба на несвесност, нечувствителност, отсуство на примарни функции, губење на меморија ...

Оттука, сигурен сум дека тие мислат само на „својот“ народ, оној кој го посвојуваат, буквално го приватизираат заради идејата дека токму тој му носи барем дел од „победата“ на избори, какви и да се. Му одработува, ако ништо повеќе. Иако знаат дека, генерално, се’ е лага – како што впрочем и се покажа. Па останува само оној „наш“ народ што (ќе) се собира влечен за уши на последните партиски собири, оној страден народ за сендвич и сокче, за вреќа брашно, за кутија зејтин. Зашто, впрочем, тоа е и најдобриот модел да се има „свој“ народ: осиромашен до гола егзистенција, подложен на лаги и манипулации, особено на поткуп, на приказни за некакво славно минато и горделиви предци, иако ништо од тоа никогаш нема да се повтори. Како што впрочем никогаш и не било, освен во приказните и новокомпониранава историја на Ачковска и остала „научна“ булумента! Та да имаше Македонија тооолку комити и тооолку херои, зарем ќе останеше пет века под турско ропство?

Затоа, без оглед кој и како ќе го толкува, не би можел да се идентификувам со тој „наш“ народ, со оваа анестетизирана толпа водена од полуписмени преваранти. Со целото разбирање за економските тешкотии – коишто, патем, се резултат токму на нивните „водачи“ – тој „наш“ народ ќе мора еднаш да се свести и излезе од историската стапица во којашто го фрлиле. Ако мисли тој нивни народ дека може да се живее од митови и легенди, од бронза и стиропор, нека продолжи и понатаму. Со среќа, иако таа никако нема да ги следи! А за тоа време нивните водачи ќе купуваат планини и долини, згради и фирми, од езера ќе прават мориња ... се’ за благосостојбата на нивниот народ овековечена во сендвичот (со маргарин или паштета?) и сокчето. И, евентуално, сликањето пред Ацета, среде „метрополата“!

Тој и таков *нивни* народ не може да биде вистински репрезентативен примерок на нашиов народ. Ако тоа, преку измами и лаги, било толку години наметнувано како идеја за македонскиот народ (подразбирајќи ги тука и сите други кои живеат во земјава), тогаш таа приказна мора да престане. И тие и „нивниот“ народ нека си најдат некој друг народ да го малтретираат.

## *Греши ли народот?*

Во актуелниве престројувања и пребројувања на „народот“, почнувајќи од последнава навистина инфантилна дескрипција на истиот како „мирен, спокоен, семеен ..., а во истата насока и деструктивните на дело поделби со крајно навредливи придавки (предавници, непатриоти, соросоиди, комуњари ...), човек, заради некаква објективност – или подобро речено потсетување – мора да се врати и неколку години наназад. На пример, на онаа веќе историска изјава на Оној на кој (се’ уште) не смее да му се спомне името, дека „народот е секогаш во право, дури и кога греши“! Не можам да се сетам, а паметам прилично долго, дека некој на политичката сцена (не само македонска) изрекол *вакви* зборови за сопствениот народ!

И какви се’ не одгласи доби таа изјава, и тогаш, а гледам некои ја влечат за уши и денес. Од „Народот греши, но Бранко е секогаш во право!“, до „Народот е секогаш во право и не греши“, па велеа дека „... македонскиот народ плебисцитарно се изјасни дека сака да остане истата партија со истиот мандатар-премиер на власт во

државава“[21], дека „кој не ја сфатил, или пак не може да се помири со народната одлука, има проблем со кој ќе треба да се справи додека го осознае“[22], итн., итн.! (Ама сега, кога народот бара оставки, никој не треба да се справува и да го осознава барањето?).
Впрочем, токму заради ваквите непромислени „реакции“, уште повалиден станува научниот инструмент наречен *историска дистанца*, низ којшто најобјективно се „осознаваат“ вистините.
Иако, сигурен сум, оваа изјава имаше, и очигледно и денес има „употреблива вредност“ и секакви, најчесто произволни, толкувања, во дадениов контекст и од оваа историска дистанца мене ми звучи вака:
Прво, изјавата секако го дели народот на *наши* и *ваши*, иако не експлицитно. Зашто, претпоставувам, Б.Ц. (ајде, ќе му ги спомнам барем иницијалите, па што биде) не мислел дека и народот кој гласал за неговата партија – грешел. Што пак значи дека грешел оној *другиот* народ, кој гласал за противниците, односно за актуелнава бандитска опција. Потоа, од оваа перспектива, оваа изјава е апсолутно точна, гледајќи (и слушајќи) што и како се случувало тогаш, а и денес. Зашто, да беше поинаку, тој *друг* народ да гласаше поинаку, денес не ќе го имавме овој циркус. (Иако, впрочем, добро е што го имаме, зашто и тој друг народ веќе гледа кого донел на власт!).
Но, сепак, и таа изјава, на некој начин, иако денес потврден, го делеше народот на наши и – некои други. Но, зошто, ако веќе *тој* народ грешел, бил (според изјавата) во право? Јасно, тоа е чисто политичка изјава којашто не сака да ги навреди и тие други, односно цели (дури и да е привидно, а е') да им го остави правото на личен избор, што во основа е демократски. За разлика од денес, кога овие ги нарекуваат *другите* со најпогрдните зборови (комуњари, цигани, шиптари, ги правиме салата, им ебав мајката, че им ги исклучам лифтовите итн.).
А сепак, на крајот, наспроти сите квалификативи, оваа изјава денес прозвучува, прво, целосно точно – зашто *тој народ* тогаш навистина грешел, и второ, целосно неточно - зашто се покажува дека и *нивниот* народ не грешел, барем не многу, зашто победата тие самите си ја земале. На сила, и со измама!

И денешниот лидер на опозицијата често го спомнува народот, во различен контекст. Најчесто – позитивен. Дури, смета дека не само *другиот* народ, што ќе рече оној кој гласал за овие денешниве, туку и припадниците на владеачката партија се малтене невини за сето ова што ни се случува денес, и девет години station наназад! Но, и тоа е политички говор, којшто во суштина нема врска со реалноста зашто СИТЕ, а особено тие *другите*, знаеле што и како се случува(ло). Можеби не до детали, ама сепак. Сите можеби и немаат директна кривична или политичка одговорност, ама не може да не знаеле што и како се случувало во државава. Сите можеби не знаеле чии биле парцелите на Водно, кој и како ги купувал фирмите низ Македонија, чии се сметките по оф-шор дестинациите ... ама СИТЕ знаеле како се вработувале, тие и нивните семејства, сите знаеле и повеќето директно учествувале во грабежите на изборите, сите (или повеќето) знаеле за очебијните намештаљки на тендерите, пресудите, конкурсите ... Сите знаеле дека мораат на изборите да донесат уште по толку и толку гласови. Ако знаевме ние, знаеле и тие, зашто тие тоа го спроведуваа!
Лидерот на опозицијата вели (за „Алџезира“) и дека „нашиот народ покажа капацитет, државотворност и чувство дека татковината е пред се' и над се'“. Ок, ама не знам кој тоа „наш“ народ го покажа тоа? Веројатно не мисли и на оној „нивен“ народ кој само покажа дека е тупав, и кој сепак гласаше за газдиве, ги поддржуваше со години, дури и сега, иако го влечат за уши? Иако не ми е јасно ни како тој

[21] Бобан Нонковиќ, *Народот греши, но Бранко секогаш е во право*, Дневник, 12.08.2011
[22] (Аноним), *Груевски: Народот е секогаш во право и не греши*, Дневник, 17.06.2011

капацитет и државотворност го покажа и „другиот“ народ молчејќи цели девет години? Точно е и тоа, што вели Заев, дека сега „нашиот народ е похрабар и порешителен“, дека реагира правилно на овој поттик на опозицијата. И тука мислам дека мисли и на едниот и на другиот народ. И во право е. Ама, да го немаше тој поттик, уште колку години ќе тераше „нашиот“ народ онака кукавички? За „нивниот“ да не говориме, „нивниот“ е, нели, „мирен, спокоен, семеен“, задоволен од своите водачи!

Слушаме деновиве повторно за (дел од) народот: Заев ветува и дека нема да ја „чисти“ туку, буквално, ќе ја чести администрацијата, оваа партискава, оставајќи ја на работа. Белки не мисли сериозно? Но и тоа можеби треба да се гледа во контекстот на другите политички изјави, којашто оди по тенката (но опасна!) линија дека *нивниот* народ нема врска со криминалите на бандата. Велам опасна, зашто амнестира однапред, калкулира, свири на тенките егзистенцијални жици што произведуваат фалш тонови. Зошто тие би биле амнестирани кога токму тој „народен“ државен (а всушност тотално исполитизиран) апарат е пешадијата што ги спроведувала *сите*, и буквално сите наредби на Началството? Ама морале, за корка леб, ќе каже некој. Прво, администрацијата нема плати баш само за корка леб, а второ, другите не заслужувале ли, не заслужуваат ли да имат иста корка леб? И трето: токму таа партизирана а целосно неквалификувана, неефикасна и полуписмена администрација беше, и е’ р’бетот на овој неспособен „народен“ систем. Токму низ таа партизирана а целосно неквалификувана и полуписмена администрација поминуваа сите можни небулозни закони, правилници, решенија ... „проекти“, што од еден пристоен систем направија швајцарско сирење. Токму таа „народна“ партизирана а целосно неквалификувана, неефикасна и полуписмена администрација е клучот на намерно онеспособените институции, оние исти коишто слепо му служеа на овој и ваков криминал!

Но, сепак, дури и хипотетички: греши ли народот, некој народ, некогаш? Веројатно, дури и историски погледнато има такви примери. Иако никогаш и никаде не може да се говори за грешките на еден *цел народ*, дури ни во Сталиновото време во СССР (или токму спротивното!), во Хитлерова Германија, во Чиле под Пиноче – што ќе рече ни во најцрните авторитарни режими, дури ниту во религиозните судири, како некогашните хинду – исламски колежи во Индија и Пакистан, во шиитско – сунитските конфликти, па дури ни во крстоносните војни. Зашто, доволно е да се најде само еден, или група – претставници на еден народ или религија – па тезата за грешноста на народите да падне во вода. А по правило има повеќе од поединец, од група!
Оттука, кај нас, сега и овде, а во светлината на најновите јавно обелоденети кражби и манипулации на изборите, уште помалку може да се говори „грешен народ“. Иако актуелните поделби по политичка основа остануваат, сразмерите се битно променети. Оној нивен „наш“ народ сега е сведен на сосема мал процент кој сепак ќе мора да го носи срамот на плеќите. Ако воопшто и може да го согледа, ако воопшто и можат да направат некаква дистинкција во таа насока.
Особено не во онаа категорија на некакви нивни „поугледни“ репрезенти кои продолжуваат уште пожестоко да сејат магла и поддржуваат небулозни приказни пучеви, издајници и слични будалаштини. Некои од нив, како една „г-жа“ којашто инаку нејзините ја нарекуваат плачка заради парно греење, дури раскажуваат идиотски приказни за филмови во режија на опозицијата, се’ со цел да се оцрни инаку прекрасната и најдемократска Македонија, токму онаа Македонија на чија цицка тие научија да бидат со години закачени, ама сега некако како да снемува млеко. Таа проклета опозиција, вели еден екс-амбасадор кој половина живот амбасадоруваше под референцата ФИРОМ ама сега глави би сечел ако некој спомне промена на името, е па тој лично и персонално смета дека државата не ја

оцрнува оној дел од неговиот „народ“ кој крадел, мамел и лажел толку години, туку оние кои тоа сега го обзнануваат. И уште едно чудо такви типични репрезенти на тој нивен „народ“, со секакви морски теории – од вербални деликти до зајачки дупки како врв на нивните „анализи“ – само и единствено колку-толку да се спинува погубната вистина за водачите на нивниот дел од „народот“. И спремни се на се’: да инволвираат и МОСАД и УЧК, да набилдаат сценарија во коишто сите други се виновни освен вистинските криминалци, да смислуваат приказни дека не нивните газди туку токму опозицијата ги разнебитува институциите, дека еве некој друг дел од народот се ујдисал да го руши кредибилитетот на државата. Кој ли црн кредибилитет, каде ли го гледаат? Во простаклукот на прилепчанецон, во „мвро“-то како изборен штаб, во финансиско-градежните махинации на „лидеро“, во одмазничкиот чекан на
чуварот на партиското чоколадо ... каде ли го видоа тој кредибилитет?
Ама, како што запрежната кола што ја влече нивниот народ се тркала по прашливите излокани македонски патеки, така од неа еден по друг испаѓаат и некогаш „видните“ претставници на тој народ. Од Лазаревиќ, Димитров на тате, Јове на бате ... И ако Заев лаже, и овие ли лажат? Та нели до вчера беа дел од вашиот народ? Ама сега се дел од шпионската афера? И како што полека ќе испаѓаат и другите, на кого ќе остане запрежната кола? На смешнана Валентина, на оној кутрион Никовски, на уште покутриот Мирчев ...? Е па, има на кого и да се потпрете!

***Народ vs поединец***

Не знам дали некој, некаде направил таква стручна анализа на сопствениот народ каква што прават, особено денес, нашиве „политичари“. Се сомневам, иако не е исклучено, во одделни слични на нашата „демократии“.
Но, она што во самата суштина е интересно, е дефиницијата на поимот народ. Што подразбираме под зборот „народ“ кога денес, особено денес, толку често го изговараме, каде треба и (почесто) каде не треба. Народот стана џокер, алиби за се’ и сешто, особено (сега) за покритие за сите криминали. Божем, ако народот е „со нас“, тогаш слободно можеме да крадеме, што ли? Но, штом многумина толку често го ставаат во устите колнејќи се во неговата благосостојба, веројатно е некој и некаков важен фактор!
The Cambridge Dictionary дава една многу едноставна дефиниција за нашиот збор „народ“ (people): „сите мажи, жени и деца кои живеат во одредена земја, или кои имаат иста култура или јазик“. Според првиот дел на оваа дефиниција, сите кои живеат во Македонија би биле еден народ (не и нација, секако!), па следствено, „македонската дефиниција“ дека „нашиот народ е мирен, спокоен, семеен ...“ може да се однесува на сите. Ама не верувам дека останатите етнички заедници би се согласиле, прво, дека сме еден народ (people), а второ, можеби и не би се согласиле дека се такви какви што ги опишува „премиерот“.
Според остатокот од дефиницијата на Кембриџ, не можеме сите да се стокмиме како еден народ во една земја, така што, повторно, мислам дека добро сум проценил дека онаа „дефиниција“ на „премиерот“ сепак се однесува само на македончињата. Односно – на Македонците! Иако, мислам, дека многумина од нас Македонците исто така не би се согласиле со неа, зашто не се гледаат себеси како мирни, како спокојни, а уште помалку како семејни (според неговите „стандарди“).
Но, ако една власт, преку нејзиниот главен репрезент – ќе ми прости Хорхе, се надевам – така го гледа, или сака да го види народот, што се случува со сите други кои не се гледаат себеси во еден таков контекст, во една таква конструирана според свои потреби „дефиниција“ (мирни, спокојни, семејни)? Дали тие не се *мој* народ за кој мечтае власта? И што ако не се? Дали автоматски стануваат предавници, непатриоти, соросоиди, комуњари ... што ќе рече: народ од втор ред? Дали, во овој

контекст, треба да се започне со видливо обележување на едниот и другиот народ, бидејќи инаку тешко се препознаваме? Едните би носеле ленти со сонцето од Вергина, другите црвени ѕвезди петокраки?! Дали така власта конечно ќе знае кој е кој? Или они и така одамна знаат - кој е кој?!

Друг битен момент во нашава актуелна „народна“ приказна е фактот дека, божем, ние одамна го напуштивме (комунистичко – социјалистичкиот) принцип на колективитети, а во полза на силата и важноста на индивидуата, поединецот, граѓанинот. Зашто народите, во принцип, се само филозофско политичка фантазмагорија, непостојна категорија. Народите се збир на индивидуи, нив ги прават поединците со нивното делување, или неделување. Ниту војните не ги добиваат *народите*, туку токму оној збир на храбри поединци, од кои некои и ги оставаат животите на бојното поле, за добробитта на другите. А впрочем тоа се и оние истите (македонски) бранители кои денес овие ги нарекуваат „човечиња“, а понекогаш и – „говеда“! И тие не се сметаат за *нивни* „народ“.
Ако во социјализмот силата беше народот (и партијата, се разбира, ама повторно произлезена од народот), нели во демократскиот плурализам ќе доминираше поединецот и неговите (граѓански) потреби и интереси? Или тоа беа само флоскули додека се грабне власта? Зошто се тогаш потребни силењата на Груевски од типот „еве со кого е народот, во овој народ е нашата сила, во сите овие луѓе ...“? И што потоа? Што со таа наводна сила, ќе се употреби повторно против другиот дел од народот, оној *другиот*? Затоа, впрочем, и теоријата вели дека таквите (зло)употреби на народот се своствени главно на недемократските и авторитарните системи, ако ова кај нас воопшто и можеме да го наречеме систем.
Оттука, што се случи со поединецот, со индивидуата и неговото право на глас(ност)? Дали значи дека ако веќе е узурпирано правото на глас, а видовме и чувме дека е’, дали е укинато и правото на гласност? Се разбира, тоа е првото што се укинува, што пак се гледа и од актуелните состојби и од медиумската застапеност на едниот и на другиот „народ“!
Ако ова општество треба(ше) да биде општество на поединци, на (силни и самостојни) индивидуи, што се случи со таа насока? Каде, и кој, попатно – ја загуби? Наместо да се стимулира поединецот, особено оној кој мисли и делува самостојно, тие повторно се бават со стада; наместо да стимулираат модерна и слободоумна младина тиа сакаат да ја антиквизираат и униформират; наместо да се потпре на учени и писмени индивидуи овој „систем“ негува полтрони и поткупливци ...

Затоа, уште еднаш: народот не е ништо друго туку само прост збир на поединци, на индивидуи „... кои живеат во одредена земја, или кои имаат иста култура или јазик“, како што вели Кембриџ. Ако пак (демократската) власт се црпи од тој народ, што ќе рече од волјата на секој поединец искажана на (демократски) избори, каде е овде таа волја на поединецот, на индивидуата? И после се’ што слушнавме, може ли некој се’ уште да говори за искажана слободна волја? Ако некој пак ја узурпира (краде, манипулира, фалсификува) таа волја на поединецот, за каква *народна* власт можеме да говориме? И со таа и таква фалсификувана волја на толку поединци некој сега се повикува на – народ? А впрочем, и пресудите, нели, се носат во името на народот? Па слушајќи ги сега сите овие судски перверзии што ни се случувале во изминативе години, прашањето е: во името на *кој* народ се носени тие пресуди? И од кои судии?

Не знам какви се карактеристиките на македонскиот народ, ниту пак на другите што живеат овде. Не сум толку умен како власта која си го „знае“ стадото. Иако мислам дека воопшто и не е битно што ние самите мислиме за себеси, какви се’ карактеристики си придаваме, додаваме, измислуваме. Не само за Македонецот

вчера и завчера, туку и за овој денес, особено за овој денес. Побитно е *што* другите мислат за нас. И историски, и сега. А тоа не е баш за фалење.
Никој паметен не говори за цели народи, туку за негови репрезенти, за негови претставници – политички, научни, културни, уметнички, спортски ... Само истакнатите поединци се вистинските репрезенти на еден народ, оние кои навистина ги признава и препознава (цивилизираниот) свет. Флоскулите од типот „народот", „ние", „ние и народот" не поминуваат веќе никаде. Тоа се „модели" закречени во некое далечно минато, реторички празни и суштински надминати. Токму тие „модели" на однесување беа оние што требаше одамна да ги закопаме. Или – одново и одново (ќе) ги оживуваме популистичките слогани од типот „народот и партијата"?

Народот е препознатлив, ценет, силенако сакате, само и единствено заради препознатливите, ценетите и силните репрезенти, заради индивидуите чие знаење, умеење, интегритет, постигнувања ... се мерат во регионални и меѓународни рамки. Не според парите и плацевите, не според пцовките и оговарањата, не според местенките и криминалот ...
По што ние стануваме препознатливи за светот, вчера и особено денес? По кои големи луѓе, по какви големи дела? Кои се поединците, силните индивидуи со морален и творечки интегритет што му ги нудиме на светот, покрај „мирниот, спокоен и семеен ... народ"? Кои се современите претставници на тој „мирен, спокоен и семеен ... народ"? Кое е и тоа минато, ако баш сакате, на коешто овие се гордеат? Аце, Самоил, онаа дузина карикатури од комити во Џон Вејн стил, оние восочни лилипутанци во Музејот на хororот или оние тролчиња на уште посмешните мостчиња? Или можеби некој од политичкава „елита": оној кој самиот себеси се вика Хорхе, овие кои секој ден ги слушаме како го пцујат *другиот* им народ? Тоа ли е нашето денешно наследство – за иднината? И за светот? Или можеби на светот ќе му ги понудиме „интелектуалците" од димензиите на оние глувонеми МАНУ-ковци, или swarovski судијкине, или можеби некој од „професорите" од калибарот на онаа збирштина во анти-пленумот, можеби некој од „синдикалцине" за два или „уметницине" за три гроша ...? Извинете, ама таа багра не е ни за локална употреба, камо ли за меѓународна!
Не мислам и не велам дека ние немаме *поединци*, дека немаме силни творечки индивидуи кои со вкупниот морален (намерно го потенцирам овој сегмент!) и творечки интегритет можат да ја претставуваат Македонија секогаш и секаде. Ама, повеќето од нив не се по „стандардите" на оваа власт. Не се покорни, не виткаат кичма, премногу говорат и – лошо мислат. Не мислат во насоката на дополнителното лично и газдинско збогатување, туку повеќе се ориентирани кон духот. Е таквите не се по волја на оваа држава. Таа сака да крцка кесенцето, само нивното, а за другите – ќе размислат!

Првите асоцијации за Америка не се за Ал Капоне и Чарлс Менсон туку за Линколн и Кенеди, Кинг и МекКлинток, Хемингвеј и Апдајк, Полок и Калдер ... асоцијациите за Британија не одат кон Џек Мевосек и ,,, туку за Magna Carta и Черчил, Шекспир и Пинтер, Тарнер и Мур ... Шпанија не ја препознаваме по Франко или де Торквемада, туку по Сервантес и Лорка, Пикасо и Гоја, Алмодовар и Буњуел ...

## БОЛНИОТ НА БАЛКАНОТ

Не мора човек да биде којзнае каков дијагностичар за да ги почувствува, онака, „во лет“, главните симптоми на нашата општествена болест. Впрочем, таа е веќе хронична и ги минала безмалу сите прогресирачки фази, до последната, терминалната. Таа, се разбира, претстои, и може да биде многу болна, или помалку болна. Зависи и од пациентот и од лекарскиот конзилиум и / односно од третманот. Значи ли тоа дека сега, во оваа фаза, нема никаква (функционална) терапија? Тоа допрва треба да го кажат експертите, и нашите и странските, зашто за „болниов на Балканот“ мора да има меѓународен конзилиум кој најефикасно, но и најбезболно, ќе му ги скрати маките. Зашто, ова, веќе е – мачење! Тука веќе не помагаат ни оние препишани од надрилекари дневни прошетки на чист воздух карикатурално крстени како некакво „движење“ за спас на болниот, не помагаат ниту зголемените дози морфиум на оние „куртон медиуми“. Распадот е евидентен, и неминовен.

На сите малку поразумни, веќе на стартот како да им беше јасно дека нашава неоплазматична состојба не може да биде ни бенигна, ниту пре-малигна, туку баш – канцерогена. Веднаш, од прва.

И меѓу последните опитни и јавно изречени дијагнози, којашто патем (повторно) се покажа и сосема точна, беше и онаа на д-р Чаусидис. Тој утврди дека „... сегашните состојби во нашево општество можат да се споредат со заболен организам. Притоа, функциите на компонентите што ги предизвикуваат проблемите во него ме доведоа токму до дијагнозата „Канцер“. Зошто сред толку болести се решив токму за оваа, а не за некоја друга, како на пример, некаква бактериска или вирусна инфекција? Затоа што кон неа ме насочуваат симптомите на болеста, нејзината физиологија и концептите на дејствување. Канцер, затоа што и нашава општествена болест не ја предизвикува видлив екстерен окупатор во вид на некаков микроорганизам или паразит. На некој начин предизвикувачот сме самите ние, нашиот организам, односно некои негови мутирани клетки“. Не му беа потребни ни биопсии, ни други марифети, само – чисто набљудување!

И тоа е, се разбира, сериозна дијагноза, и сериозна болест. Мислам дека веќе ја потврдуваат многумина компетентни, и дома и надвор. Иако болештината и беше очекувана, зашто после толкаво истоштување на сите демократско - имунолошки капацитети на општествениот организам, по правило се јавуваат терминални процеси. Иако, за волја на вистината, нашите демократски и имунолошки (на криминал и марифетлуци) капацитети никогаш не ни биле на завидно ниво. Нашиот општествен организам никако не успеа да изгради соодветни одбрамбени системи, не успеа да воспостави баланс на очекувањата и можностите, не обезбеди континуираност на редовни дијагностички специјалистички и субспецијалистички прегледи кои на време би откриле автоимуни или други авторитарни / тоталитарни п(р)ојави.

Напротив, најбитните државни одбрамбени механизми, да не речам елитните општествени структури веќе на почетокот се поклонија пред терминаторот, пред заразата, пред Злото, посакувајќи му добредојде на Туморот како на радо виден гостин. Не баре ни носеше среќа и радост а не тага, не баре ни носеше просперитет а не - смрт! После тоа, метастазите само си ја вршеа својата вообичаена работа!!!

Она што ние подеднакво не успеавме навреме да направиме, после точната дијагностика, беше почетокот на сериозен третман. Малкумина укажуваа на вистинското лице на Злото, многумина мислеа дека е тоа краткотрајна инфекција, не баре настинка, грип, што ли, ама како никој да не бараше лек!?

Токму заради таа подзадоцнета и делумно игнорирана дијагноза и одолговлекувањето на иницијалните третмани, Туморот се почуствувал на топло и на сигурно. И земал замав, живнал. Впрочем, психологијата на Туморот е, велат, специфична психологија. Зашто и Туморот е жив па следствено ја има психологијата на – животот. Без оглед на степенот, и Туморот е крв, ткиво и месо. „Расте и се прилагодува на околината, се бори за опстанок ... Се храни од домаќинот, расте и се бори за живот ... “, вели еден филмски лик, инаку неврохирург. И сега, никој не сака такво нешто во организмот, па ни во општеството, се разбира, како посебен вид „организам“. Но, од друга страна, а ние сме жив пример за тоа, Туморот уште во стартот замислува дека не е тој *проблемот*, туку дека проблемот му е – домаќинот. Тоест, проблемот е организмот, или општеството, како сакате. Тој (организмот) односно тоа (општеството), од перспективата на Туморот, му е главната закана (иако се храни од него!), ние сме му опасноста – го напаѓаме - ние сме му проблемот. За Туморот, ние сме Канцерот! Тој, се разбира, сака да преживее и да се развива, а ние сакаме да го уништиме! Дури, кај нас, перверзијата оди дотаму што Туморот се предлага и како решение на проблемот. Што ќе рече, допуштете му да го „изеде“ општеството, и така е солидно етаблиран и веќе добро ухранет, па нека ја заврши работата. Прогласете смрт на општеството, а живот на Туморот! Општеството е мртво, да живее Туморот!!!
Зашто во оваа Балканска канцерогена перверзија испаѓа дека *ние* сме варварите кои сакаат да го отстранат Туморот, кои сакаат да му го одземат неговото перфектно осмислено и опремено живеалиште. А тој е подготвен на такви манифестации на слабост. Ќе превземе веднаш, попрво ќе уништи се’ отколку да се предаде. Ако му дозволите, се разбира.

Затоа, туморите се решаваат со инвазивни методи, а на крај – со хирушки зафати. Зашто друго нема, колку и да се мислиме, колку и да бараме поблаги решенија. А ако скалперот малку промаши, односно остави делови од канцерогеното ткиво, исто како и да не направил ништо. Тоа Зло е се’ уште живо и бара нови простори за растење и развивање. Тие таканаречени метастази се, тогаш, уште поопасни зашто започнуваат да се развиваат неконтролирано и во сите зони.
Затоа и зачудува нашата се’ уште наивна толерантност, до глупост. Ние сме подготвени, наводно, да се справиме со злото, ама ако може, онака, со аспирин. Аналгетик ако е ептен неопходно. И да не „се сече“ ептен длабоко. Ако воопшто мора. Затоа, впрочем, овој балкански пациент и боледува толку долго зашто е лечен од шарлатани и со бабини девитини. За секоја болка – тревка, за температура – две тревки! Ние никогаш не сме спремни да одиме до крај во борбата со Злото.
Затоа и сите базични институции се одамна метастазирани. Туморот веќе фатил позиција. Токму затоа и оние кои ги предлагаат (метастазираните) институции како логично решение на проблемот, се всушност само клонови на Туморот. Знаат дека тој, тогаш – ќе преживее! Впрочем, сосема на истата линија на „барање“ на решенија се и оние новинарскине „демократски“ вежби за т.н. Преодна влада. Та видете им ги луѓето, барем половината се метастазирани парчиња на Туморот што со години го јаде(ше) ова општество. Ама македонскиве новинари сметаат дека токму тие метастази, иако дел (поголем или помал) од болештината, токму тие ќе ни го решеле актуелниот проблем! Како? Со нови тумори, со нови разграноци?
Изгледа дека овде малкумина разбираат дека „болниов на Балканот“ е навистина сериозно болен. И дека со такви болести нема играчки од типот мои и твои „фаворити“, од активирање на стари неплатени сметки, можни симпатии и слично. Ако пак тоа не го разабира дури ни т.н. седма сила односно, поточно, токму оние кои беа сериозно „гризени“ од локалниов Тумор, тогаш, можеби, ни треба – еутаназија? Како инаку би си ги објасниле нивниве – и не само нивните, се разбира - надрилекарски рецепти за решавање на проблемот, со врачбини, тревки и подеднакво инфективни „терапии“?

***Надрилекари***

Не знам дали навистина не можеме без тревкари и надрилекари да го лечиме „болниов на Балканот“, или во сите присутни комбинаторики навистина има само политикантство и лични интереси и – ништо друго. Можеби малку и празна слама, којзнае. И немам апсолутно никаква намера некому да држам лекции за што и да е’, а најмалку на новинари *што и како* да мислат и како да си ја вршат работата. Ама сакам да си ја дообјаснам својата идеја, без оглед дали и колку некому му се допаѓа. Па така, најблаго речено зачуден од спомнувањето на одделни имиња во контекстот на некаква (се’ поактуелна) „преодна“, или „техничка“ или каква и да е’ друга влада со јасни и прецизно дефинирани ингеренции – а, меѓу другото, тоа би значело и стабилизација и дезинсекција на базичните државни институции, подготовка на демократски избори и (според мене најбитно!) водење на македонскиот Нирнбершки процес – мислев дека, можеби, не сум прочитал добро. Но и после неколкукратното читање, кога истите имиња и понатаму стојат црно на бело, чудењето се зголемува. Многумина велат дека тоа, практично, нема никаква врска со стварноста, дека утре никој не би ни водел сметка за тие и такви предлози, односно дека е прерано за такви размислувања. Не сум сигурен дека е така. Иако новинарите, верувам, никако не би биле главните фактори во составувањето на таа идна влада, сепак мислам дека ова, на некој начин, претставува подготовка на тереност / јавноста за некакви идиотски компромиси. Кому и зошто некому му требаат истите – останува нејасно! А бидејќи низ перата на многумина новинари кај нас говорат некои други усти, се’ станува уште позамрсено. Ама токму затоа и мислам дека сето тоа не е ни наивно, уште помалку невино, како што се сака да се претстави. Демек, седнале неколкумина новинари – и тоа токму оние кои беа шиканирани и згора прислушувани од режимов – и си правеле бајрам со умот кој и како би се нашол во таа некаква „преодна влада“. Не ќе да е баш така, ама дури и да е’ така, останува некаков чуден јадеж, некакво студенило околу срцето: зошто? И зарем тука, кај тие неколкумина (ај да не речам што!) завршува македонскиот избор? И не дека тие неколкумина (ај повторно да не речам што!) утре навистина ќе седнат во таа „влада“, ама самата помисла дека некој може / сака да ги види таму е – доволно страшна.

Но, впрочем, да беше само „стилската политичка вежба“ на неколкутемина новинари, ќе речев: добро, си прават бајрам на умот. Ама, како тоа, одеднаш, сите гласила што барем малку мислат слободно – чест на исклучоците – веднаш станаа фанови на т.н. амстердамска тројка, па истите имиња почнаа да се вртат безмалу секој ден низ медиумите, па ги викаат на интервјуа ... па – да ти се приповрати. Толку луѓе, подеднакво стручни ако не и постручни за дадените области од овие, стручњаци со години потискувани и шиканирани од владите токму на овие јунци, повторно ли ќе бидат заборавени, или прескокнати заради некакви „повисоки“ интереси? Чии? И да се кладиме дека после оваа увертира нивните имиња уште побргу ќе се вrткаат во јавноста како можни кандидати за што и да е’?
Не ги знам дотичните, ниту пак сакам да ги запознавам, ама сепак – не сме од вчера, нели? Ние сега можеме да измислуваме секакви бајки за дотичните, како што впрочем и почна да се прави, некој можеби веќе е ангажиран да им гради нов имиџ на прекалени демократски борци, но барем да не претеруваат.
Иако, мислам дека ако веќе некој запнал, ако веќе е неизбежно, максимумот што би требало да го добијат се некакви административни места во надлежните министерства, оние кадешто сега така здушно некој сака да ги види како челници. Ако веќе, навистина, мора да добијат „нешто“. Мислам дека тоа е доволно, иако, да е до мене, и тоа им е многу. Но, навистина би сакал да чујам со што тоа не задолжија овие персони, за да Македонија сега мора да се грижи за нив? Па уште и на – министерски места? Фактот што после девет години отворија уста? Па за *тоа*,

извинете, не следуваат такви награди. Затоа велам, административни места во угледно министерство – такви какви што би требале да бидат идните македонски министерства – е сосема солидно место!
Но, добро, еве јас не знам, ама навистина би сакал да чујам, и да знам: со што не задолжија персониве? Или фактот дека оној малион Димитров на тато порачува „да им ја вратиме ВМРО на граѓаните, на сите граѓани“ треба нешто специјално да не' потресе? И нема кој да му каже: не, благодариме, чувај си ја? Или треба да не' расплаче фактот дека тој и не е така „... чест гостин во штабот ...“? Па заради тоа треба да му дадете цело едно министерство, меѓу најважните во државата? Ало, има ли некој дома???

Или, уште еден таков „стручњак“ од веќе познатата „тројка“, сака да не' убеди дека неговиот пријател премиер мотивирал со „... неговите идеи за стабилна, богата, демократска, силна, Европска Македонија“? И овие ко кленови се фатиле на јадицата на убавите зборови и цели девет години не виделе што се случува околу нив и во каква Македонија се претвора ова парче земја? Тие денес ќе не' учат што и како треба да се прави во земјата? А тие, пустите, мислеле дека и' „... помагаат на својата земја ...“? И тоа заедно со човек „... кој ја освоил вашата доверба и кому ми верувате“? Е па убаво, нека си тераат и понатаму, и со помошта и со довербата! И што е тука спорно ако им се посака среќен пат во таа нивна ново-стара „мисија“?

Иако, во крајна линија, безмалу никаков проблем не се ни дотичните, ниту кој и да е' друг. Дури, за министер за култура можат да го предложат и оној „стручњакон“ од Сетинци и Попадинци. Човекот барем ни постави пет-шест споменици низ градов. А во што пак фамозна Ганка би можела да се мери него? Со онаа прочуена трампа со натурализиран македонец во Белград? А за здравство нели одговара онаа којашто ослепе неколкумина? Барем е со искуство!
Ако ние упорно *не сакаме* да мрднеме ни педа напред, ако инсистираме на лажни вредности, смешни персони и квази-критериуми, онака – до коска, тогаш навистина можеме да ја истераме и оваа трагикомична приказна до самиот крај. И после да си ја чукаме главата, како по обичај. Ако некому не му пречи моето мислење, еве сметам дека и првите десетина-петнаесет поединци што би ги сретнале во даден миг на улица би ни биле подобро решение од некои од овие чии имиња почнаа да се вртат во барабанот на игрите на глупоста.
Впрочем, на ваквата „плодна“ почва на импровизирана „политика“ веднаш се лепат секакви недоквакани од типот на оној Даскаловски кој мисли дека „креира“ некакви политики, па предлага, меѓу другото, како мерка за излез од кризата, „објавувањето на прислушуваните снимки треба да запре, а судскиот процес против сите вклучени во аферите 'Пуч' и 'Прислушување' треба да продолжи внимателно“[23]!
Само не знам како не се заморивме од вакви небулозни комбинаторики, од алаш-вериш кадровски политики, а особено од луѓе „за сите времиња“. Уште од 1992 година Македонија беше преплавена со нови верници, нови антикомунисти, нови демократи, нови интелектуалци ... а од 2006 година со нови патриоти, ново-стари антички македонци, нови конзервативци, нови бароколуупци ... па нови комити, нови потомци на славните војводи, нови гемиџии ... има ли крај? Секогаш кога ни треба нешто „ново“, како да ги гледаме истите луѓе како бргу ги менуваат маските и влетуваат во новите ролји на (повторни) спасители на нацијата. И секогаш, како по правило, наоѓаме некакви чудни надрилекари со застарени рецепти, некои магличави персони од минати времиња – да не речам векови – на кои (наводно) треба да им ја довериме судбината!

[23] Даниела Трпчевска, *Оставки, истрага за прислушувањето и избори до 2016 година*, Утрински весник, 27.03.2015



## ЗОШТО БУДАЛИТЕ НЕМААТ РОГОВИ?*

Не знам дали има уште некој нормален во земјава кому не му е јасно што и како ни се случувало изминативе девет години со оваа „преродбеничка“ криминална гарнитура. Можеби има по некој кој допрва се свестува, (или е дел од гарнитурата!), но како што се движат работите, приказната полека се ближи кон крајот. И тогаш, богами, многумина ќе имаат време не само за вежбање на личните кафеански „способности“ како онаа будала во Штип, туку ќе можат да учат цели оперски арии.
Но, веројатно станува збор за „заробени умови“, како што вели Атанас Вангелов, односно дека „верува е посилно од – гледа!“. Таквите сигурно не ги разубедува ни „фасадата“ на (новото) Министерство за правда, уште помалку – опачината, како посебна прича за себе. Тие веруваат во тоа што *не гледаат*, веруваат во некаква историска небулоза дека цел живот некој друг ни е виновен!

Но, на страна кој во што верува и кој што гледа или не сака да види. Ама јас, иако безмалу од првиот ден имав прилично точна претстава со кого (ќе) си имаме работа, се' уште, барем во некои ситуации, ги мислев попаметни. Попаметни во смисла дека некои нешта се учат и попат, дека ако гледаш дека ти се смеат во лице на глупостите што ги правиш, барем малку ќе си ја чукнеш главата, или ќе ставиш прст на чело, или ... не знам, нешто, некој ќе те посоветува ... Ама овие се дефинитивно изгубен случај, овие не знаат ни дека прават глупости, а уште помалку веруваат кога некој им се смее. Односно – ги исмејува. Тие мислат дека тоа е на идеолошка, а не на мајмунска основа. Каква црна идеологија, та тие и не знаат што значи тоа. Ама за мајмунлаци – знаат. И брзо учат.
Како и да е, и не само јас, во повеќе наврати беше јавно пишувано – да не речам исмејувано – за идиотските „проекти“ на Министерството за култура и потенцијалните, но и веќе евидентните штети на истите за актулената и идната македонска култура и уметност. Не дека и од тоа имаше некаква фајда, ама човек некако несвесно верува дека гласот сепак допира, фаќа место, што се вели. Зашто имаше и добронамерни укажувања (моите не беа такви, признавам!) на грешките, на катастрофалните последици, на ненадоместливите штети, на бескрупулозното трошење пари на глупости ... Се разбира, како и за се' друго во врска со овие полуписмени „преродбеници“, и тие укажувања и критики беа залудни. Ама, пак велам, барем да поднаучеа да се сокријат, да ги затскријат трагите, да не ги боцкаат очите на луѓето, да играат на картата на заборавањето. Не бре брате, овие запнале ко сивоњи да се горедеат и од она од коешто другите се срамат – сосема доволен е примерот со „Скопје 2014“ – да ги промовираат своите идиотштини на сите ѕвона, да играат и пеат на погреб! Што е бре ова, се' лудо и полулудо, пијано, болно во тоа мозочињата ...?

Еве, сега, ни мање ни више, запнале да прават изложба на „дела“ од „проектот“ на налудничавиот ни „Рембрант“ (како негов подарок-испрдок за македонската култура и уметност) односно т.н. откуп на дела со (квази)национални вредности за збирките на националните институции од областа на уметноста. И вон сите критериуми и стандарди, како впрочем и во се' друго што направија, вон сите законски и професионални норми, запнаа и ја истераа „акцијата“. Не потрошија многу пари, за волја на вистината. Некакави пишливи 60-70.000 евра, ама доволни да им затнат устите на (безмалу) сите (самопрогласени) величини во македонската современа

* Повеќето репродукции на откупените „дела“ ги оставам без основни податоци (автор, година, техника итн.) бидејќи мислам дека не заслужуваат да бидат третирани на ист начин како и уметничките дела!

уметност, кои се продадоа за смешни 2-3.000 евра за дело. Некои и за – помалку, многу помалку.
И нормално, како и кај сите шутраци, што на ум – то на друм, бууум – го истераа и тој „откуп“ наспроти сите јавни укажувања за кршење на закон, за непрофесионално однесување, за неморал, за мешање на политиката во уметност ... Го затрупаа Министерството со „уметнички“ дела, а тоа пак под итно им ги препрати на националните институции – главно Националната галерија и Музејот на современата уметност – за да овие ги сместам директно во поставките. Ни мање ни више, зашто така решиле „Рембрант“ и онаа Канческа. Обајцата како стручњаци, нели?! „Рембрант“ алиас Сарајлија* како првокласен дворски сликар на македонската криминална камарила, а Канческа како што, како пригодна „фигурина“ која прв пат видела музеј кога станала министерка?
И сега, ајде, било што било, поминала вревата, им ги дале паричките на тие што намислиле да им ги дадат, и наместо да се подзатскријат дури нештата се заборават, не – овие тераат даље. Решиле да прават изложба на „откупени“ дела за да покажат пред јавноста што и како сработиле!?! Нормално, за луѓе кои во животот ништо и не сработиле, ова може да се смета и за тешка умствена работа, нели?



Знам дека многумина, многу често, се прашувале зошто будалите немаат рогови? И тоа е, според мене, една значајна еволуциска грешка. Се’ ќе беше поинаку ако барем некако можевме да ги разликуваме. А сепак – можеме, зашто Природата се погрижила грешката да не остане целосно сокриена. Затоа, им ги оставила *делата*, а на паметните моќта по истите да ги препознаваат будалите. Зашто токму делата се дефинитивно најмоќната дијагноза, помоќна од многу лекарски, а богами и од жолтото комбе толку неопходно за Скопје.
Па така и во случајов: ајде што направиле глупост во стартот со удоволувањето на шизоидната „идеја“ на еден член на Советот за култура, ајде што прекршиле закон и редица други пишани и непишани критериуми и стандарди, ајде што ги лишиле навределе стручните институции и ги лишиле од нивната важна стручна работа, ајде што траљаво и колку (не)знаеле и (не)умееле ја истуркале работата според само ним познати виолинско партиски клучеви ... туку сега сакаат и да се перчат. Демек – еве што сме направиле! А сето тоа за да во старт се сокрие нивното злосторство што во изминативе години не дале ни скршена пара за откуп на уметнички дела, обвинувајќи ги за тоа, ни мање ни више, туку националните институции. Како да тие се Метрополитен или Лувр, па располагаат со којзнае какви независни буџети? Ама затоа, за пулените во налудничавото „Скопје 2014“ имаше пари за астрономски хонорари за какви ни Леонардо ни Микеланѓело не можеле да сонуваат?



Па затоа, уште еднаш: што мислите дека сте направиле бре шутраци? Нешто капитално за македонската уметност? Нешто полезно за македонските уметници?
Прво, ги претворивте националните институции во партиска маша, во безгласни орудија на шарлатани собрани во некакво самонаречено Министерство за (не)култура. Второ, ќе си теравте работа онака дилетантски да не ви беше укажано дека никој од надвор не може на националните институции да им каже кои и какви дела им требаат во поставките, па бргу ја преправивте комисијата со членови и од овие институции, ама кои пак ќе пеат според вашите ноти. Трето, им го срозавте угледот на едно чудо македонски уметници, а не само угледот туку и реалните цени на нивните дела на пазарот (иако, дел, ако не и сите, се очигледно подеднакви шутраци како и бирократите во Министерството, несвесни во каква игра влегле!). Петто, направивте директен упад на македонскиот уметнички пазар со дампинг цени утврдени од разноразни будали без никаков критериум, загрозувајќи ја егзистенцијата на галеристите кои живеат од таа работа (иако, како и кај уметниците, многумина од нив, ако не и сите, тотално немаат појма што и како им се случило!). Шесто, ги затрупавте – со тенденција тоа континуирано да го правите – националните институции со непотребно ѓубре коешто, главно, ќе чмае во депоата (до мигот кога ќе им биде вратено на директните учесници во оваа далавера, со обврска за нивна финансиска компензација, се разбира, па тие нека си ги закачат дома „делата“). Седмо, јасно и јавно покажавте дека немате појма ни од култура, уште помалку од уметност, претворајќи ги институциите во ваши политички пиони неспособни за самостојно одлучување.
И згора на се’, со тоа јавно се гордеете? Уште да дадевте пари и за каталог за „изложбата“, па циркусот да ви беше – комплетен! Ама не е ни доцна, можете и сега да поарчите уште пет-шест иљади евра. Што е тоа за вас, та не ги давате од џеб!

* Фамозниот ни „Рембрант“ пред некоја година го доби, едногласно и со право, престижниот прекар Сарајлија, во силна локална конкуренција. Инаку, Сима Милутиновиќ – Сарајлија е Босанец, фантастичен лик, кој „откри“ дека зборот Мухамед доаѓа од „муха“ и „мед“, нешто слично како и нашиот локален Сарајлија, кој исто така „откри“ многу нешта, меѓу другото и дека Анти произлегува од Антика (или беше обратно?), и редица други бисери!

## *Национална гордост, или срам?*

„Не видов творба што мене лично би ми била со сомнителен карактер. Навистина сум задоволен од сето ова. Во име на уметниците, како уметник и како член на Друштвото на ликовни уметници, можам да дадам целосна поддршка на оваа акција“[24], вели Данчо Ордев, македонски уметник, на отворањето на изложбата како претставник на ДЛУМ, а по повод „спектакуларната“ изложба на (от)купени дела од страна на Министерството за (не)култура.
И сега, кој би можел да му забележи на зборовите на Ордев, од перспектива на уметник со (от)купено дело во „акцијата“? Веројатно никој од неговите колеги, со исто така (от)купени дела. Ама, во оваа „акција“ (каков патетичен назив, небаре ја спасуваат македонската уметност!), не се бараа(т) „творби“, уште помалку со „сомнителен карактер“, туку се бараа дела (и автори) со национални вредности. Или поточно, ако Ордев заборавил, според конкурсот, приоритет во Конкурсот беа „... квалитетни ликовни дела од автори од Република Македонија кои дале исклучителен придонес во создавањето, профилирањето и афирмирањето на македонската современа ликовна уметност“! Или уште попрецизно, зошто на националните институции - Националната галерија и Музејот на современата

[24] *ЧИФТЕ-АМАМ: Отворена изложба на откупени ликовни дела*, Телеграф.мк

уметност пред се' - би им требале „сомнителни“ или какви и да се други неупотребливи дела, односно „дела“ што понатаму ќе фаќаат прашина по ќошови и во депоа?



Впрочем, токму затоа тој / таа кој(а) го пишувал(а) „говорот“ на Канческа (иако не сум сигурен дека таа нешто разбрала од напишаното, и виденото!) ни подметнува вака: „Уметничките слики, скулптурите, инсталациите кои се пред нас го потврдуваат историскиот континуитет на современото македонско творештво, тоа се дела на автори кои се гордост на македонската уметност и култура“[25]! Ама, ако козата лаже ...
Е па токму тука е проблемот, во квалификациите на конкурсот што бара(л) „дела од автори ... кои дале исклучителен придонес ...“, односно (како што сака да укаже Министерството за некултура во говорот на министерката) дела коишто би го потврдиле „... историскиот континуитет на современото македонско творештво ...“ и „... автори кои се гордост на македонската уметност и култура“! Е па сега, ако ова што го гледаме во Чифте амам е токму тоа - секоја чест. И на Ордев (односно најмалку нему, зашто нему му паднало во должност да фали нешто што не се фали!), и на министерката сосе Министерството, особено на онаа домаќинкана од МСУ (којашто дури се осмелила да говори на отворањето небаре и таа е некаков стручњак!), а посебно на Комисијата што ги „избрала“ овие „дела“.
А впрочем, токму тука, во таа спрега - полуписмено ама богато Министерство, послушни „директори“ на национални институции, коруптивни уметници и “puppet on

[25] Република online, 30.03.2015

a string“ Комисија - е изведена целата ујдурма, за среќа за релативно мали пари (се разбира, споредено со финансиските „ефекти“ на овие криминални умови во другите „проекти“ и „операции“ од „национално“ значење). Но, оваа „акција“ беше само увертира, да се испипа пулсот на македонската култура, на јавноста, на уметници ... Кога сите си легнаа на брашно мирно и молчешкум, следуваа(т) нови конкурси со поголеми пари. И, најверојатно, со истите резултати!

Но, на отворањето на изложбата Ордев, можеби не сакајќи, рече и нешто друго. Односно, рече дека „Ова е пресек на ликовното творештво во Македонија - имаме од сите возрасти, од сите правци, од сите сензибилитети“. Е сега, тоа ли беше поентата? Да добиеме уште една ДЛУМ-ова изложба, овојпат платена подебело отколку нивните редовни годишни „изложби“? И низ неа да протурат и се’ она друго (ќе простите) ѓубре кое никако поинаку не би можело да влезе во некоја од националните институции? Да платат некому за верноста, за (можеби) помошта, за партиските активности - онака, наместо сокче и сендвич? Зашто, ако (повторно) целта на оваа акција беше да се откупат дела со национални вредности, дела од уметници кои претставуваат гордост на македонската уметност ... тогаш каква врска со тоа има некаков пишлив „пресек“, или некакви „возрасти“, „правци“, „сензибилитети“? И уште ли не им јасно на оние неколкумина релативно сериозни и реномирани македонски творци во каква ујдурма влетале? Или важно е само едно: грабни ги парите и бегај да не се предомислат?
Ако ова требаше да биде само уште еден вообичаен и по правило здодевен ДЛУМ ама со партиски предзнак, нели ќе беше многу поефтино и поедноставно да се направеше еден убав панаѓур на којшто сите ќе си донесеа по две-три дела, ќе поминеше истата „стручна“ Комисија (сосе библиотекарката која ужива да се преоблекува во стручњак, па онаа од МСУ која буквално трампеше Надежда Петровиќ за Личеноски, Емануел Видовиќ за еден прилично сомнителен Мартиноски којшто сега стои кај „чеканот“ Ставре, итн.), па ќе ги „селектираа“ истите гадости, пардон „гордости“, на македонската уметност, и - чича Мича готова прича! Кому, и зошто, му требаше ваков циркус, и срам?

Но, најконкретно, она со што така дично се фали Министерството за (не)култура, па згора и двете национални институции, се (от)купените 64 дела, од коишто 21 дело ќе оди во МСУ (од авторите Ж. Вангели, Б. Маневски, С. Јанешлиева, Б. Ибрахим, Г. Наневски, М. Арсовска, Л. Цветковски, А. Мазневски, Г. Поповски, Д. Старова, И. Димитрова, И. Сековски, Б. Шемов, и др.), а 15 дела (од уметниците Р. Калчевски, С. Шемов, Р. Корубин, В. Ташовски, И. Аризанов, Л. Стефанова, Т. Аџиевски, А. Спасовски, А. Миов, Ј. Новковска, М. Кировска и др.) во Националната галерија.
Ама, една проста математика - не знам дали Канческа и оние приглупине во Министерството умеат толку да собираат - вели дека 21 плус 15 се 36! Што ќе рече дека до 64 (от)купени дела остануваат уште 28 дела, или „дела“, за коишто не се знае каде ќе одат. Соопштението на Министерството вели - „... некои од делата ќе бидат подарени во државни институции“ (sic!). Извинете, ама Конкурсот не предвидуваше „државни институции“! Ако државните институции сакаат да имаат уметнички дела, зошто не си ги купат? Малку ли пари имаат, или тие пари се за други „намени“, онакви какви што слушаме во „бомбите“? И никој ли не го поставува тоа прашање? Ако „акцијата“ била организирана за националните институции односно за пополнување на нивните збирки, каква тогаш врска имаат некакви државни институции и нивните канцеларии и ходници каде што, веројатно, би виселе овие дела?
Се разбира, сето тоа се коцкички во мозаикот наречен „Големата превара“ односно „откуп“ на уметнички дела со национални вредности за националните институции. Сложувањето на коцкичките можеби оди полека, ама мозаикот веќе доби грда, криминална форма. А впрочем, помудрите ќе речат дека сето ова беше познато –

однапред. Имајќи предвид како досега „работеше“ ова Министерство во сите негови „проекти“, како да беше јасно во чии едра и овој пат ќе дувне ветерот. Иако, веројатно, не мислевме дека во целото криминално замешателство улоги ќе земат и неколкумина реномирани македонски уметници.
Но, да речам и јас дека, некако, се’ беше јасно уште во стартот, зашто ниту еден паметен кој барем малку знае како се откупуваат дела за национални институции, не би поверувал дека целта на оваа „акција“ било токму тоа. Канческа и нејзината карневалска дружина сигурно немаат појма дека уметнички дела не се купуваат на кило и на пазар како патлиџани и пиперки, дека национални институции од „реномето“ (од коешто, за жал, не остана ама баш ништо!) на МСУ и Националната галерија имат потреба од конкретни (ремек)дела од конкретни реномирани автори, дека ќесто таквите дела дури и не се сопственост на уметниците туку треба да се преговара со колекционери и галеристи, дека уметноста не е и не може да биде алаш-вериш операција (без оглед колку тие би сакале да ја направат таква!).
Но бидејќи на целата селско кооперативна „акција“ пристапиле со ситнотрговски менталитет на очебијни провинцијалци, затоа се такви и резултатите. Затоа се, впрочем, такви и резултатите во македонската култура девет години наназад, од Канческа па надолу! Од целата таа збирштина натрупана во Чифте амамот, само едно – *и само едно* – дело го заслужува епитетот *антологиско* дело: делото „Крик“ (2002) на Славица Јанешлиева. Само тоа дело завредува да се најде во национална институција (и тука жалам што отишло во МСУ, зашто тие слепци не умееле на време да го побараат за нивната Постојана поставка). Сето друго е, мање-више, ремек дело на незнаењето, шарлатанството и кичот, што можат комотно да им го вратат на уметниците, дури и по цена да им ги остават парите! Нека им се алал на алчноста!!!



Славица Јанешлиева, *Крик*, 2002, дел од инсталацијата

***Понизност и нестручност***

Зошто го издвоив само делото „Крик“ на Јанешлиева како единствено можно антологиско – да не речам ремек дело – во тој „избор“ којшто некои полуписмени сакаат да ни го поттурат низ нивната простачка партиска диоптрија како наш „врв“? Затоа што тоа е единственото дело *таму* коешто е има сериозен интелектуален концепт, настанато е во вистинското време и на вистинска тема, говори на современ (постмодерен) јазик, силно метафорично и симболично, визуелно совршено (иако е нецелосно односно несоодветно презентирано), емотивно е и емпатично (но не и патетично!) ... вечно е ... и секаде каде што било изложувано, а особено во странство (а јас сум сведок на тоа!), предизвикувало исклучително внимание!



Славица Јанешлиева, *Крик*, 2002, дел од инсталацијата

Е сега, за кое друго „дело“ вклучено во онаа карневалска „изложба“ можете да изречете барем половина од нештата што ги содржи делото на Јанешлиева? Можеби онаа спектакуларно смешна „госпожа“ на Становски алиас Сарајлија, „стегната“ како да ја мачат стомачни проблеми; онаа јадно импровизирана

крводарителна „инсталација“; онаа пристојно насликана но тотално passé „Модести Блејз“; онаа „мачканица“ на Беди ... што? И кому воопшто му требаат такви „дела“, и како тоа сликари со двегодишно искуство после Академијата стануваат национални вредности, и од кога тоа Борис Шемов е тоа и со што тоа го заслужи, или оние божем етно будалаштини на „проф.“ Вренцовска ... па – ве молам, на тоа ли спаднаа македонските национални вредности денес? Па, ако сакате, и она дело на Чемерски – кому му треба тоа, наспроти другите негови антологиски дела што дремат во неговото ателје? Или она –дури не знам ни како да го наречам – „слика“ на Рубенс?
Во целиот тој карневалски галиматијас, освен Јанешлиева, пристојна е уште Вангели (иако тоа дело баш и не е толку репрезентативно за национална институција, и токму тоа е една од моите поенти!), се разбира и Ботев (иако со истата резерва како и кај Вангели!), и – толку. Или, можеби, некој „умен“ ќе сака да објасни кои се вредностите, а особено националните, на оној бескрупулозен морбиден кичерај со помпезен наслов „Everything rools but something must be pushed“ (згора и неписмено напишан!)?



Значи, на тој партиски маскенбал на национални вредности недостасуваат едно чудо уметници чии дела ќе беа добредојдени во двете институции. Или, подобро речено, без некои дела сегашните поставки во двете институции не се тоа што треба да бидат. Некој ќе рече дека можеби можам компетентно да говорам за Националната галерија, но не и за МСУ. Можеби, ама ако сте во оваа професија околу четириесеттина години тогаш знаете што поседуваат безмалу сите институции. Плус, нели „стручњаците“ од МСУ неодамна ја презентираа нивната Постојана поставка, што ќе рече дека ни ги претставија нивните знаења, умеења и компетенции – јавно? Е па, врз основа на тоа секој малку described пописмен во уметноста може многу да говори!
Затоа, да повторам: недостасуваат дела од многу сериозни македонски автори кои се или лошо или недоволно добро застапени во депоата и поставките на двете институции. И тоа го потпишувам со двете раце. Ако пак некој мисли дека 90% од она ѓубриште (от)купено денес некогаш ќе се појави во некаква, па нека е и најлоша поставка во институциите, се лаже.
И јас сега, тука, можам да наведам барем дваесеттина имиња, и уште толку конкретни дела коишто едноставно *мораа* да се најдат во рамките на еден ваков откуп. Ако откупот имал таква објективна цел. Но, целта не била, очигледно, да се пополнат евидентните празнини во институциите, туку да се дополнат џебовите на поединци кои ни биле, ниту пак ќе бидат – уметници. Но, за жал, глупоста и незнаењето ороводеле дури и кај оние малкумина за кои не би имале дилеми дека потенцијално треба да се најдат во еден ваков избор. На пример кај Ристо Калчевски, ама не со она изразито бледо дело – зашто Националната галерија веќе има во поставката две далеку подобри дела од истата фаза – туку со дело од најстариот период (почетокот на шеесеттите години на минатиот век) на уметникот, на пример. Или зошто и' е на Националната галерија *уште едно* „дрво“ од Симон Шемов, кога веќе има три во поставката? Или слепциве зимале се' што им се нуди, само да се потрошат парите?
А и да биле некои пари. Но тоа е друга приказна која што исто така ќе мора да се отвори: финансискиот третман на наводните „национални вредности“ од страна на Министерството за (не)култура односно нечија селскостопанска „проценка“ дека се сосема доволни по 1-2.000 евра за (потенцијално) дело со национални вредности! Па барем дупло повеќе пари добиваат од истото Министерство оние селскине естрадни „ѕвезди“ за една тралалајка од три минути. Или Канческа тој шунд барем го разбира, ама со уметноста не стои баш најдобро?

И понатаму, просто е фрапантно со каква понизност и (претпоставувам) одглумено неразбирање на нештата – ако пак не е одглумено тогаш е уште пострашно! – некои „сериозни“ македонските уметници се солидаризираат со патетичнава „акција“ и себеси во неа. Не верувам, или не сакам да верувам дека лукративниот инстинкт бил пресуден за нивното однесување и будалаштините што ги говорат. Или – „умно“ оставаат отворена врата и за идни вакви (п)откупи? Ама нели и уметникот треба да има некаква доза на морал?
Па така, Рубенс Корубин, освен што „му се допаднала изложбата“, вели дека за уметниците е „многу важно да знаат дека има некој што го сака тоа што го работат, го цени, убаво ќе се спакува и ќе се сочува како наше културно наследство“[26]. Е па ако е ова тоа „сакање“, и ако тие цени значат дека некој ги цени, секоја чест! Томе Аџиевски пак, инаку автор на онаа (неписмена) чудесија пред Собранието на РМ, не' просветлува дека „многу е важно што еден добар дел на ликовни дела влегува во Музејот на современата уметност и во Националната галерија, ...“[27]. Ма није ваљда?! Е баш и овие „дела“ ги чекавме да влезат. И очигледно не му пречи што

[26] Весна И. Илиевска, *Новите дела од националната колекција на увид пред публиката*, Дневник, 31 март 2015
[27] Исто

покрај неговото дело, ќе се најде и сето она друго ѓубре. (Па во тој контекст, добро би било, во Националната галерија - ако веќе навистина решиле да го сместат делото во Поставката - покрај него да го стават и оној подвижен морбиден монструм ковчег со сликички, чашки и разноразни други глупости! Ако пак Аџевски мисли дека покрај „ѓубре“ неговите дела ќе изгледаат подобро – се лаже. И тие ќе заличат на – ѓубре!). Ордев веќе неколку пати го цитирав, но ќе остане за историјата забележана и оваа негова изјава дека „ овие дела ... ќе бидат национално творештво“. Браво!
Се разбира, брилијантен во своето коленичење е и главниот капо на македонската уметност денес, „проф.“ Величковски, кој се’ уште живеејќи во некогашното време на Градската и Републичката откупна комисија изгледа повторно сака себеси да се промовира како потенцијален член, но не заборава да им каже на газдите дека „би било сосема неумесно да не се пофали овој чекор ...“[28]! Ама кој чекор, „професоре“: ова фрлање пари и полнење на институциите со ѓубре? Но, ако истиот „проф. д-р“ понатаму вели дека „... од сите изложени дела треба да се изврши една добра селекција“, тогаш – што е тоа што дотичниот го фали? И како може да се фали една „селекција“ од којашто, понатаму, низ идната селекција, од 61 „дело“ ќе останат 3-4 дела?
Каде ли е дното на понизноста, на коленичењето, на простотијата ...?

Конечно, она што дефинитивно недостасува, е ставот на струката, на професијата, како најбитен во моментов. Иако, делумно, преку „професорот“ ни е јасно на кое дереџе е ставот на делот на упикувачка групација. Но, не е невалидно и мислењето дека професијата, всушност, си го кажала ставот со фактот што ги избрала овие дела. И со фактот што безмалу никој – дури ни професионалните здруженија, ни институциите – не реагираат. Тоа што, за многумина, таа „Комисија“ или била слепа и глупа или дефинитивно, *на дело*, си ја покажала стручноста, е блиску до вистината. Но, зошто никој не го побара нивниот извештај, а таков мора да постои, со образложение за секое (от)купено „дело“? Зошто никој, па дури ни медиумите, не се заинтересирани за јавно обзнанување на критериумите на таа „комисија“ и за оправдување на потрошените пари? Или – не смеат?
Ама јас многу би сакал да го чујам стручното објаснение за „откупот“ барем на оној морбиден ковчег!

### *Смрдливо ѓубре*

Просто е неверојатно како и уметниците и јавноста потпаѓаат под влијанието на црната пропаганда на Министерството за (не)култура, убедувајќи ја цела држава дека во Македонија, до нивнава идиотска идеја, постоел вакуум во откупот на ликовни дела повеќе од 20 години. И како паднати од Марс тоа го верглаат на сите страни, и шуто и рогато, и тој што разбира и тој што не разбира, обвинувајќи ги на тој начин институциите за негрижа, непрофесионалност, малтене за убиство на македонската уметност, што ли?
И некако, бесрамно, сите започнуваат да им „се редат“ на институциите заради неоткупувањето на дела, заради се’ и сешто, а преносно всушност им пцујат се’ по список на претходните „постави“ кои, ете, не воделе грижа за македонската уметност. Шутраци!
И меѓу сите и (повторно) Ордев, распилавен дека божем „... имаме вакуум од околу 20 години - во 1990-тите беа последните откупи“; па незибежниот ни капо-„професор“ и неговото „мислење“ дека „... толку долго немаше откуп на ликовни дела“; се разбира и она „новинарчено“ на „Дневник“ како неизбежен зачин, со констатацијата дека „ова беше прв државен откуп по повеќе децении“! Какви

[28] Исто

тутмаци, невидени!!! И говорат онака ноншалантно, не баре секој ден се во институциите, не баре нешто знаат ...

И еве, нека биде така, ајде хипотетички да поверуваме дека од 1992 до 2006 година не е купено ниту едно дело од македонски уметник (освен онаа фамозна трампа, повторно во времето на вемерото, кога беше буквално распродавана колекцијата на тогашната Уметничка галерија!). Ама ако преродбеничкиов режим дојде за да ја преroди и културата, зошто нивното Министерство за (не)култура цели девет години дремеше го офуцан мачор на сонце и не презеде ништо во таа насока? Како тоа одеднаш им текна, и на Сарајлија и на остала боранија, дека – пази богати – во државава немало откупи? И кој, и како да ги прави? Институциите со онаа месечна цркавица што има ја даваат? Или требаше сега, после толку години, да се појават Канческа и Сарајлија како „спасители“ на македонската уметност? И македонскиве уметници, повторно ко кленови се закачија на јадицата и почнаа да ја шират веста: дојдоа откупи! Па дајте, ве молам, има ли некој барем малку посериозен во оваа работа?
Ако некој навистина е заинтересиран дали, и колку, имало откупи во изминативе години, треба да ги консултира музејските влезни книги на институциите. Зашто, со сигурност можам да потврдам дека во изминативе години, барем во Националната галерија, *влегле* нови уметнички дела. Еден дел платени – и тоа главно исто ѓубре какво што гледаме и на оваа изложба – а за станатиот дел немам информации, зашто истите се кријат како змија нозе. На пример како, преку ноќ, во поставката се појави дело на Станковски алиас Сарајлија? Или на Вана Урошевиќ (па бар да е некое дело!), па на Решат Ахмети ... па како се упика Трајче Јанчевски (само он и ни фалеше!) ... и редица други? Или тоа некој таинствено шета ноќе низ Даут пашиниот амам и реди дела по ѕидови? Ако пак тие дела не се откупени, значи дека уметниците се согласиле да ги отстапат делата бесплатно. Тогаш, извинете, за што овде разговараме?
Ако пак и поставката на Музејот на современата уметност, барем оние дела што не се наоѓале во нивните депоа од порано, е правена на „жими мајка“ односно со притисоци врз уметниците, со времени (или трајни) отстапувања, со „подароци“, тоа е друга работа. И зошто уметниците воопшто прифатиле таква игра?
Оттука, непобитен факт е дека не се точни приказните за немање откуп на дела од визуелните уметности цели дваесет години. Па дојдоа испрдоците на вемерото Сарајлија и Канческа да ни покажат како треба? Бреее! Откуп имало и изминативе девет години, ама селектиран, како сендвич и сокче. Како што впрочем и овој „откуп“ бил очигледно партиски селектиран, барем во поголемиот дел!

Но, од друга страна, зошто никој не го поставува прашањето на парите, односно на тоооолкавата великодушност на Министерството да потроши тооолку пари за уметноста? Односно, ако љубовта, барем кон овие нешта, се демонстрира и со износот на средствата вложени во нештата, како тоа ни уметниците ни јавноста не прашува: зошто *толку малку* пари за откупи? Зошто за толкава гоооолема љубов, толку малку средства – минимални, да не речам мизерни, одвај 4 милиони денари (65.573 евра!) – со коишто во некој друг пристоен свет се купуваат одвај две-три добри дела?! Впрочем, претходната споредба со македонската естрада е сосема доволна да се види вистинското место на македонската ликовна уметност во културните „политики“ на Канческа и Сарајлија, нивната „загриженост“ за уметниците, за институциите, за сите нас.
Или, ако сакате, ако на Сузето „национале“ Спасовска, како на наша „ѕвезда“, со закон (Закон за поттикнување на домашното творештво) и е гарантирано финансирање (барем) на една „композиција“ годишно во износ од 4.500 евра, за каква тоа „љубов“ на „министерката“ и оној билмезон кон македонската уметност говориме? Ако просечната цена на откупените дела (65.573 евра : 61 дело) е 1.074

евра, кој е овде луд, а кој збунет? И сака ли, можеби, Ордев, или Корубин, или Аџиевски ... да полемизираат за со Закон гарантираното финансирање (годишно) на создавањето на 200 композиции (150 забавни и народни и 50 детски) и овој пишлив откуп на 61 „дело“ од ликовната уметност по спомнатата цена?! И онаа самонаречена Комисија на „стручњаци“ која се нафати да асистира во „Големата превара“ нема ништо да каже по тој повод? Не смееа дури ни да прашаат зашто толку малку пари, а толку многу нарачани (идиотски) „дела“?

Понатаму, според сите показатели, а особено критериумите и стандардите валидни во нормалните / културните земји на цивилизираниот свет, овој „гемиџиски“ упад на Министерството за (не)култура и киднапирањето (а ла Мис Стон?) на надлежностите на националните институции само за да себеси се претстави во некакво позитивно „светло“, е всушност безумен акт на самоволие, кршење на закон и непристојно однесување. Зашто, ако се’ уште некому не му е јасно, Министерството за култура е *политички* орган на извршната власт, надлежен за *политиките* (иако видовме какви!) во културата. Тоа не е стручен орган, ниту пак може тоа да биде. И никаква супституција со некакви смешни „puppet on a string“ комисии не им го дава тоа право!
Проблемот кај нас е што тоа полуписмено Министерство не само што не знае кои и какви му се надлежностите, туку не може ни да ги извршува, дури и да ги знае. Та кој таму, ве молам, може да срочи три простопроширени реченици за каква и да е’ политика во културата, па нека е и македонската? Токму затоа ним им требаат вакви „акции“ со (наводен) голем популистички „ќар“ односно ефект што ќе ги прикаже во јавноста дека и тие нешто сработиле. А всушност, ја одземаат работата од институциите што им се подредени, криејќи ја сопствената неспособност!
И колку за споредба, и онаа навистина полуписмена Македонија во првите години по 1945-та година знаела и умеела подобро од оваа сељачана. И тие комунисти, соочени со безмалу празни „музеи“ (ако воопшто може да е употреби тој термин) и само неколкумина академски образувани уметници, определиле група од неколкумина уметници и историчари на уметноста (Никола Мартиноски, Димче Коцо, Борко Лазески, Лазар Личеноски и др.), им дале буквално полн куфер пари и ги пратиле низ тогашните југословенски центри (Белград, Загреб, Љубљана, Сараево) да купат уметнички дела за Македонија. И купиле луѓето, го одбрале најдоброто, највредното, онаа фантастична збирка што денес чмае и пропаѓа во депоата на Националната галерија, додека нашево Министерство за (не)култура троши пари за идиотизми. И тогаш, во таа 1946/47 година не тргнал Лазо Колишевски, Абаз или кој и да е друг од комунистичките главешини да селектираат и купуваат нешто во што не се разбираат, ама нашиве туткуни Канческа и Сарајлија, нели, знаат се’. Е па затоа од тоа „никакво“ комунистичко време остана, ако не повеќе, една од најрепрезентативните и највредните уметнички збирки што ги поседува Македонија, а од овие ќе остане само – смрдливо ѓубре!

***Племенски „вредности“***

Остана уште еден битен, ако не и најбитен, аспект на фамозниот ни (п)откуп на „национални вредности“ во ликовната уметност од страна на Министерството за (не)вредности и (не)култура: националната вредност *како таква* односно идиотскиот обид истата да се „дефинира“, или етаблира, во современата македонска уметност токму низ оваа „изложба“.
Но, прво, токму за поимот национално воопшто, па и во уметноста, за што, патем, пишував доста и порано, особено после детски неуките обиди на оние како Двоцевски да ни инсталираат некаков „нов вредносен систем“ почнувајќи уште од Венко Марковски – и застанувајќи кај него – зашто толку им беа знаењата. Имено,

упростено, има ли нешто „понационално“ (ако воопшто може така да се каже!) од една Национална галерија? И сега, ако овие се тооолку забегани по „националното“, можно ли е да остават една таква институција буквално и со години да се распаѓа, како што впрочем видовме и од неодамна објавените фотографии на колегата Лисичков? Една институција којашто како некогашна Уметничка галерија „Скопје“ беше првата *таква* институција во Македонија (основана 1948 година), а потоа, заради важноста, заради културното богатство во неа, заради дејноста ... преименувана во Национална галерија на Македонија. Фотографиите на состојбите во јавните тоалети во таа национална куќа за жал не можат да го доловат и мирисот (да не речам смрдеата!) што се шири од тие простории, за да гледачот стекне целосен впечаток. Но, кој сака – што никако не го советувам – може да појде и да се увери на лице место. И не само во руинираност на тоалетите, туку и во комплетната девастација на целиот простор, прво во „Мала станица“, па и понатаму! Простор којшто само до пред неколку години, пред доаѓањето на „патриотиве“, беше бисер на Скопје!!!




Ама затоа, на идиотскион ни Музеј на македонскиот хорор, на којшто до сега се потрошени околу дваесеттина милиони евра (или нека бидат и само 13,3 милиони, според „министерката“), сега му требале уште 500.000 евра за да си ја досуредат – конференциската сала. Брeee, и какви ли значајни конференции ќе се држат таму? И кој ли ќе ги држи, Ачковска и „директорон“ со марките и разгледниците?

Оттука, што воопшто (им) значи поимот национално во културата, а особено во уметноста, ако се спремни да оставаат една национална институција така катастрофално да пропаѓа, а во другата непотребно да се расфрлаат милиони евра? Или некој сака да ми каже дека повеќе посетители (и туристи) одат / би оделе да ги гледаат оние смешни восочни човечиња што глумат македонски војводи и сите други хорор приказни во таа „куќа“, наспроти националните уметнички збирки кои би можеле да бидат современо и професионално презентирано во објектите на Националната галерија? Или и во националното има нешто „понационално“ и помалку национално? И кој ја прави дистинкцијата? Сарајлија и Канческа? Или онаа т.н. Комисија за (п)откуп? Па токму затоа и се препелкаме во вакво ѓубре! И, згора на се’, кога ќе ги видите актуелните „директорки“ на Музејот на современата уметност и на Националната галерија – единствените две институции кај нас кои што, евентулано, би можеле да кажат што е што во нашава современа уметност - како гордо шетаат низ изложбата и дури даваат изјави, што ви треба повеќе? „Овој проект, кој е дел од Националната стратегија за културата 2013-2017, го поздравија првите луѓе на МСУ и НГМ – Елиза Шулевска и Маја Неделковска-Брзанова, и уметникот Данчо Ордев во име на Друштвото на ликовните уметници на Македонија-ДЛУМ“[29]. И понатаму: „Директорките на МСУ и НГМ нагласија дека со конкурсите перманентно, а не инцидентно како досега, ќе бидат збогатувани нивните колекции, дека се поттикнуваат уметниците да творат, се валоризира нивниот труд и нивните дела стануват подостапни и видливи за публиката“. Збогом памети, што би се рекло!

Немам никакви дилеми дека и ова чудо е само дел од оној самонаречен „нов вредносен систем“[30] во државава, пропагиран од хистерични новинарки и чорап аналитичари, маалски филозофи и слични будали. Впрочем, ги читавме и нивните бисери, крстејќи се притоа на плиткоста на умот и егземпларното непознавање на националната култура и уметност, а никако не успеавме да видиме ни назнака од тој „нов вредносен систем“. Барем не на конкретни примери, освен неколку имиња (Венко Марковски, Јован Котевски, еден смешен стрип цртач и – толку), кои пак, искажани од устите на оние погоре спомнатите, дури повеќе личат на навреда за истите отколку на пофалба.
Но, во конкретниот случај со (от)купените дела под фирмата „национална вредност“ или „национална уметност“, гледаме многу поконкретни имиња од само оние две-три претходно спомнати. Но овие „новиве“, споредени со претходните, се тооолку конкретни што просто го загадуваат просторот околу себе. Тие „нешта“ – зашто навистина е срамота и да се наречат уметнички дела - сега и овде поттурени како некаква фамозна „национална вредност“ во уметноста, повеќе наликуваат на некакви вуду предмети за повикување на дожд или бериќетна година отколку на дела што би можеле да урнат некои претпоставени стари вредносни системи во уметноста!

А всушност, целиот тој концепт на „национална уметност“ или „национални вредности“ е изживеан и преживеан во Европа и светот во осумнаесеттиот и деветнаесеттиот век. Ако ние тоа, заради објективни историски причини, не сме го направиле во тоа време, тоа не значи дека не сме го направиле воопшто. А ако овие тутурутки тоа не го знаат, тоа е сепак нивни проблем.
Зашто, Македонија односно македонската култура и уметност, токму заради објективни историски (не)прилики, некои важни за нацијата и државата аспекти

[29] (Аноним), *Изложба на уметнички дела од првиот конкурс за откуп*, A1on.mk, 30.03.2015
[30] За ова повеќе пишував во: *Нов „вредносен“ систем?!*,

мораше да ги прави подоцна, дури по формирањето на првата држава, што ќе рече после 1945 година. И тоа било мање-више направено, особено во шеесеттите и седумдесеттите години на минатиот век, прочистени се доста прашања и аспекти (теориски и практично) на т.н. национално во уметноста и културата, на потенцијалните национални вредности во ликовната уметност и слично. Дури, по мое скромно мислење, тогаш и се претера со таа „национализација“ на уметноста, со барањето на некакви (дури и измислени) аспекти на „одразот“ на националното во ликовната уметност (особено кај Б. Петковски), тоа „национално“ дури се земаше и како некаков валиден критериум, се „прогласуваше“ и „национален колорит“ (!?) и секакви други будалаштини. За среќа, тоа не траеше предолго, ама сепак го одвлече вниманието од инхерентните вредности на самото уметничко дело кон некакви национални ќорсокаци и кози патеки.
Меѓутоа, тоа да се прави сега, на средината на втората деценија на 21-от век, е безмалу налудничаво. Ако пак овие денес не знаат, или не сакаат да знаат заради икс причини (а не можат да не знаат зашто барем три тутурутки од т.н. Комисија многу добро знаат што и како се случуваше во македонската историја на уметноста пред три-четириесет години), тогаш – нека се резилат. Но зошто ја резилат и професијата, и институциите?

И понатаму, како што исправно забележува Ранко Дакиќ, македонски уметник со долг „стаж“ во Берлин, терминот „национална вредност“, особено во уметноста денес е тотално нејасен, односно непостоечки. „Каква е таа ’вредност’ национална, возвишена, специјална, чиста, изворна, патриотска, доминантна, од граница до граница или што ... ???!!! Ваква терминолошка назнака сум сретнал само во периодот на фашизмот во Германија 1933 – 1944 и сега во 2015 лето господово во Македонија“, вели Дакиќ. „Или пак ’национален уметник’ ... што е тоа, кои се тие креатури национални, посебни, елита, кој ги назначува, потврдува, оценува ... Замислете си сега да му кажеме на Baselitz или на дивљакот Markus Lupertz, или пак на оној улавиот Jonathan Messe ’ти си национален уметник’ или ’твоите дела се од национална вредност’. Јас сум убеден дека ќе се засрамат и ќе бидат увредени, а Markus може и да ве удри, он е опасен господин ...“!
Но така би било во Германија, претпоставувам. Во Македонија, нели, важат други „стандарди“ и „критериуми“, оние на полуписмената багра којашто не разбира подалеку од носот. За жал. Или човек треба да помине подолго време вон Македонија па некои нешта, особено во уметноста, да му се разјаснат, да почне да ги „прима“ како останатиот цивилизиран свет? Нашето настојчиво негување на некакви примитивни „племенски вредности“ разбирливи само нам само не’ оддалечуваат од нормалните (европски и светски) текови на културата и уметноста. Ако ние не успееме да ги доближиме / компарираме „нашите“ вредности со европските и светските, ако продолжиме како во малоумен инкубатор да подгреваме онакво племенско ѓубре како на оваа изложба и потоа го растеме како „национална вредност“, тогаш веќе одамна сме ја загубиле трката со светот. Вредноста е една и таа нема и не може да има национални бои. Ако вредноста / „приказната“ се допира и до некои пошироки национални „теми“, како на пример „Крик“ на Јанешлиева, дотолку подобро. Но тоа пред се’ се проверува на меѓународниот терен на Уметноста, а не пред некоја македонска селска задруга, со шише топло пиво в рака! Таа типична „национална“ црта само го комплицира и онака сложениот историски и уметнички македонски мозаик, го подведува под секакви сомнителни лични, групни, партиски и секакви други „критериуми“, уништувајќи го и она малку потенцијална уметност во себе. Националноста денес е само географска и евентуално идентитетска одредница, никако одредница за квалитет. Особено не во Уметноста!



Славица Јанешлиева, *Крик,* инсталација, 2002

## ШЕСТАТА ТЕШКОТИЈА

**1.**

Речиси е неверојатно како Брехт, пред цели деведесет години, пишувајќи го текстот *Пет тешкотии во пишувањето на вистината*, пред очи како да ја имал Македонија 2015 година, а не фашистичка Германија од 1935-та година. Можно ли е нештата така циклично да се повторуваат на еден мал простор, или генијот на Брехт бил толку голем што поставил тези за сите времиња (и сите простори) кога станува збор за вистината и нејзините јавни манифестации? „Оној кој денес има намера да им се спротивстави на лагите и незнаењето и да пишува вистина, мора да надмине најмалку пет тешкотии. Мора да има храброст да ја пишува вистината, иако таа секаде се потиснува, ум да ја препознае, иако таа секаде се прикрива, умешност да ја направи употреблива како оружје, промисленост да ги избере оние во чии раце вистината станува делотворна, лукавство да ја прошири меѓу нив. За оние кои пишуваат во фашистички режим овие тешкотии се големи, но тие постојат и за сите оние кои се прогонети и избегани, па дури и за оние кои пишуваат во земји со граѓански слободи“[31], констатира Брехт. Маестрален приказ на ситуацијата со *вистината* вчера и денес во Македонија! А сепак, и покрај сите тешкотии, таа пробива, како што велат некои, како шило. И се шири и станува се’ поделотворна, секој ден се’ повеќе. Удира право в лице!

Оттука, речиси и да нема веќе човек кај нас – освен онаа група десперадоси, се разбира – кој се сомнева во тврдењето на Фрчковски за валидноста на латинската Aut dedere aut judicare (За стореното мора да се пресуди), како метафора и за сите други криминални дејанија а не само за повторно актуелизираните „Хашки случаи“. И тие нема да бидат осамени меѓу сите други случаи што („кога тогаш“, како што вели Фрчковски) ќе потпаднат под оваа латинска сентенца, зашто шилото стана неумоливо, и врти ли, врти.

**2.**

И повторно, веројатно ништо од тоа не е, или нема да биде спорно. Ама, како што кај нас обично бидува, спорно е *сето друго* – или шестата тешкотија - што можеби нема да потпадне под вакви силни (и обврзни!) латински изреки, сите други „нешта“ што нема да добијат таква звучна етикета, па дури ни лепенка од типот на тежок криминал. Е ние тука секогаш паѓаме. По правило. Тогаш тука кај нас почнува да проработува шестата тешкотија: некаква смешна помирливост, некакво двоумење помешано со лажна христијанска патетика, дилеми од типот „па дали е сега време“, „па дали е тоа неопходно“, „та нели може и поинаку“ и слични будалаштини. А имаа ли овие дилеми, можеби?

Во таквите состојбите, кога тажната приказна завршила – а и оваа наша премногу несреќна приказна ќе заврши, кога тогаш - или е веќе при крај, можеби е и нормално да се јавуваат и такви дилеми. Односно, ако главните виновници / наредбодатели бидат подведени под словото на законите, во што веќе никој не се сомнева, зошто би се арчело време, средства и емоции за разноразна ситна боранија, за оние стотици капо-и кои „само“ извршувале наредби, заради лична или групна корист, заради унапредување, заради ... што и да е’? Како уште сега да се слуша тапото ехо на шестата тешкотија, на идните помирливи гласови (божем) на совеста дека на овој народ му треба помирување, му треба нова перспектива, му треба – иднина!

Па токму тоа и е’ поентата. Ни помирувањето, ниту перспективите, уште помалку иднината, ќе дојдат со нерасчистени криминали, со евидентирани а неказнети злосторства (некои и со потенцијалната етикета на злосторства против државата и народот!), со утврдени малверзации и хохштаплерај со далекусежни, а често и

---

[31] Бертолт Брехт, *Пет тешкотии во пишувањето на вистината*, ОКНО, 08.04.2015

несогледливи последици. И не сакам јас овде туку-така да ламентирам и компарирам т.н. „Хашки случаи“ со „Скопје 2014“, „Мавровски работници“ со упропастена иднина и / или кариера на редица македонски творци / уметници / интелектуалци ... Директната, од омраза или садизам предизвикана човечка болка и / или смрт (како злосторство против човештвото) е немерлива со што и да е друго, безмалу! Но дали пак тоа значи дека туку-така ќе ги занемариме долгорочните и не така лесно разрешливи последици од актуелните повеќегодишни опустошувања / девастација на Скопје? Комплетното бришење на столетната меморија на жителите на овој град? Монструозното ништење на неговите некогашни симболи, малоумното „редизајнирање“ на неговите препознатливи топоси? Апсурдното ретроградно нагрдување на неговиот Плоштад, шарлатанското „украсување“, дилетантските „урбанистички“ решенија, загрозувањето на виталните институции, уништувањето на течението на реката Вардар ...?
Зарем тоа не се истородни злосторства против граѓаните на овој град? И како ќе бидат казнети?
Веќе неколку пати пишував дека (нај)младите скопјанчиња родени околу 2008-та денес веќе одат в училиште, пораснале меѓу онаа грдотија на градскиот Плоштад и околината, ги гледале од нивната „жабја“ перспектива оние монструми над нив и в сон се плашеле. Оние пак родени некаде околу 2000-та, сега се веќе тинејџери кои можеби и не виделе подобро од ова што им го понудиле овие злосторници. И ако (главно) сите сознајни инструменти и мисловни матрици се формират во првите години на единката и тоа главно преку комуникациите се најблиската околина, какви идни граѓани се формирале во *ова* и *вакво* Скопје? И кој ќе плати за тој злостор? Ако на тоа злосторство наречено „Скопје 2014“ не може да му се залепи етикетата „злосторство против цветот на граѓанството“, на кое може? Која и каква (измислена или ретуширана) „херојска“ историја учеле и ќе учат до догледно време овие деца преку оние квазиспоменици низ централното градско подрачје? За која и каква уметност и архитектура низ „визурите“ на денешно Скопје ќе можат да дискутираат со нивните врсници од Европа и светот? Првото нивно излегување од Македонија за нив ќе претставува непоправлив културен шок! Додека другите им говорат за Лувр, за Теит Модерн, за пирамидата среде Лувр, за Заха Хадид, за Валенсија на Калатрава ... нашиве деца ќе им го објаснуваат Музејот на македонскиот хорор, „убавините“ на Спомен куќата на мајка Тереза – што ли?
Има ли некој одговор на овие прашања? И постојат ли соодветни казни?!

**3.**

Или, ако се прочешлаат повеќегодишните програми „од национален интерес“ на Министерството ни за (не)култура, каква слика се добива за развојот на македонската култура и уметност во изминативе години? А особено ако повнимателно се прелистаат сите *одбиени* проекти и програми, оние што не ги задоволиле партизираните „вскусови“ на тамошната бирократија, каква тогаш жална слика се исцртува за упропастени можности, за исечените надежи, за дискредитираните културни и уметнички идеи на оваа земја?
Кој и како ќе ги објаснува расфрлањето со буџетските пари на партиски диригирани идиотизми, свесното заобиколување (да не речам газење) на културните и уметничките потенцијали на оваа држава само заради нивната поинаква партиска и идеолошка ориентација или независно мислење, кој и како ќе ги оправдува тенденциозните заобиколувања и етикетирање на секое од партиските „норми“ поинакво однесување во македонската култура, како на сегашните но особено на идните генерации ќе им се објаснат незамисливите злосторства против културното наследство низ формите на нечинење и едноставно игнорирање на проблемите, како ...?
Има ли во тие меѓународни акти и прописи одредби што ги тангираат злосторствата против културата и уметноста на еден народ? Ако ги има – тие се апсолутно

применливи во нашиот случај; ако ги нема – треба да се допишат, барем во нашето законодавство, со ретроактивно дејство! Зашто она што го проживуваше македонската култура и уметност под раководните шепи на овие неписмени шалабајзери е токму злосторство од невидени размери.
Ако талибанцине, а потоа и оние од ИСИС, најпростачки и најнасилнички – со динамит и со токмаци – се „справуваа“ со омразеното им културно наследство, зарем нашиве методи „во ракавици“ се многу подобри? Динамитот и токмакот рушат во миг, нашиве „ракавици“ тоа го прават полека и континуирано. Или – со стиропор! И тука нема никаква разлика, освен во пристапот и методот!!!
И кога еднаш ќе се раскрилат тие процеси, кога ќе се отворат архивите на направените злосторства, којзнае и што друго ќе излезе на виделина. И кога ќе се направат рекапитулациите – на потрошеното, на уништеното, на одбиеното, на ненаправеното – пак ли ќе се најде некој мудрец со шестата тешкотија, некој кој ќе предлага цивилизирани мерки?

**4.**
Ако пак, понатаму, се сочинат такви рекапитулации на злосторствата и во другите области (не само) на општественото живеење, почнувајќи од образованието, науката, екологијата, здравството, медиумите ... каков ќе биде заклучокот? И повторно ли ќе кажеме: да, ама тоа не се „Хашки случаи“?! Зарем повеќегодишното континуирано и монструозно труење на еден цел град не е „Хашки случај“? Или упропастувањето на генерации и генерации млади низ полуписмени наставни програми и уште понеписмени учебници?
Оттука, Брехтовото „спротивставување на лагите“ и заложбите за вистината не може да се ограничи само на „Хашките случаи“ и ним сличните. Храброста да се осознава и шири вистината не може да се држи на политички учкур и да се попушта или затегнува како кому ќе му текне, и ако му текне, зашто сите сме веќе „Хашки случаи“! Освен оние кои не се, односно кои се одговорни за сето ова!!!

## „СТРУЧЊАЦИ“

**1.**
Мислам дека нема поголема интелектуална радост, поголемо љубопитно задоволство од тоа кога „компетентен“ човек, „стручњак“ или „експерт“, како сакате, ќе ви ги објасни нештата што одамна ве интересирале, дури ве мачеле во барањето соодветни одговори. Особено оние нешта со коишто безмалу секојдневно се сретнувате – да не речам судрувате – оние нешта кои просто ви бодат очи, и не само вам туку и на цел град, дури држава.
И таквите луѓе, тие „компетентни“, „стручњци“ или „експерти“, треба да се негуваат ко „малку вода на дланката“. Зашто, де факто, ги има малку навистина „компетентни“, „стручњци“ или „експерти“. Мислам кај нас ама и пошироко, во регионот и подалеку. Ние ги имаме доволно, иако никогаш не е на одмет и по некој плус. И кога тие ќе ви ги објаснат нештата што ве мачат, ко ново сонце (на слободата?) да ве огреало: ви се разбиструва пред очи, скриените тајни се откриваат пред вас, денот е конечно – поубав! Исто како, на пример, кога онаа партизанкана ви ја објаснува светската политика, или кога „министеркана“ говори за културната ни политика. Јасно како ден!

**2.**
Е токму така, сигурен сум, на многумина ќе им се отворат очите од новото и неверојатно откриете на нашиот „национален режисер“ со привремен престој (кога му притребуват пари!), кој во најновиот негов „уметнички“ напор во форма на видео клип постиран на ФБ, во неколку секунди, ни ги разјаснува сите мистерии околу „Скопје 2014“. И тие што сме ги имале, и оние што можеби не сме ги имале.
Поточно, првиот кадар е (режисерски и сценаристички) прилично нејасен зашто го прикажува подножјето / основата на еден столб, без попрецизно појаснување на времето, локацијата, градбата, дури градот / државата. Ама веќе наредниот кадар, во којшто се појавува една (мислам женска) рака и започнува да тропка по канелурите на столбот, веднаш ви ги разбива сите дилеми. Всушност, тоа повеќе го прави оној тап, празен звук што произлегува од тропкањето по столбот, оној звук на шупликавост, како кога ќе чукнете по нечија празна глава. И по неколкукратното тропкање, во различни интервали, раката мирно се повлекува и – уметничкото дело завршува. Штета што нема ни најавна ни одјавна шпица!
Но, битно е дека тука веќе се’ ви е јасно, барем на оние кои малку подобро си го познаваат градот. Прво, јасно е дека столбот е еден од оние квазијонски „столбови“ пред најновото ни Министерството за финансии на „чеканот“ Ставрески. Што пак веднаш не’ упатува на мислата дека, ете, режисерот се нафатил сериозно да ни ја открие тајната по којашто трагавме толку години, тајната на „разубавувањето“ на нашата метропола. Тој, во само неколку секунди, ни покажа, и докажа, дека се’ било заебанција, дека тие столбови се шупливи, дека тоа, и не само тоа, е само некаков конструиран филмски сет за филмот „Големата превара“, што веќе неколку години се снима во Скопје.
А сепак, ова режисерчево е доволно мудро да не ви ги открие сите тајни наеднаш, туку сака да ве натера да мислите и со своја глава. Па затоа, впрочем, и не ви го покажува целиот објект за да веднаш ви биде јасно кој е и каде е. Не ви објаснува ни дали клипчето (уметничко, се разбира) крие некои метафори од типот: дали шупливиот звук доаѓа само од Министерството за финансии, и зошто; дали (како што вели Бибер) и тој факт има некакво преносно значење; дали пак тоа значи и дека државата финансиски ни е шуплива; зошто, на пример, не отишол со неговата „актерка“ да тропне по столбовите на зградата на владејачката партија, што се наоѓа само дваесеттина метри подалеку ... итн?

Она што режисерот не ни го открива, е името на големиот мајстор на филмот „Големата превара“, чиј сегмент илити сценографија ни ги прикажал. Не знам зошто, можеби зашто едно време беа пријателчиња? Или можеби зашто и ова режисерче има свои дееееббееели заслуги за тој гооолем „филм“? Не знам, ете тоа ми останува нејасно после ова фантастично просветителско „уметничко“ дело!

**3.**

Слично просветление, ако не и посилно, и „стручно“ едновремено, се разбира, човек можеше да сподели низ „толкувањата“ на еден „национален архитект“ – бреее, се' национални типови! – кој онака речито, безмалу филозофски, ни објасни зошто ГТЦ не е тоа што мислиме и зошто треба да се преоблече во ново руво. Ама неговото „ремек дело“ – не, тоа морало да остане како архитектонско наследство за иднината! Каков мудрец, нешто како и „режисерчено“.

Нејсе, „националниот архитект“, прво, воведе едно сосема ново толкување во архитектурата: дека таа мора да се цени првенствено според профитот што (ќе) го носи нејзиниот ентериер! Па така, бидејќи ГТЦ на Живко Поповски на тамошните дуќани и дуќанџии им носи само зијан, односно тие токму *заради изгледот* на објектот се постојано во загуба, тој мора да се преоблече. Какво фантастично откритие, и решение! И тоа ќе рече дека квазибарокната односно квазинеокласичната фасада на ГТЦ ќе биде дефинитивното откровение / решение на сите финансиски маки на продавниците во тој објект. („Националниот архитект“ не појасни како, и зошто, такви финансиски, а и други проблеми немаат апсолутно модернистичките / современите архитектонски зданија како City Mall, Capitol и други, а се наоѓаат дури на периферииите на градот, за разлика од ГТЦ којшто е во самиот центар?). И мислам дека „стручњаков“ им даде прекрасен шлагворт на сите фирми (државни, приватни) за нивните економски неуспеси: обвинете ја зградата! Таа е единствено виновна за вашите промашувања и економски падови, објектите на факултетите се тие што „произведуваат“ лошо образувани кадри, можеби и старана и никаква зграда на Министерството за финансии е виновна за економскиот колапс на државата? Сега со новата, онаа (квази)неокласичната, по којашто тропкаше „режисерчено“, кога ќе ни тргне ...!

Едновремено, иако некако очекувано, „националниов архитект“ по којзнае кој пат не' убеди дека човекот е само и единствено – хомо политикус. Односно, дека „таму некои“ (а всушност безмалу цел град) му опонира на неокласицизмот само и единствено заради политички причини, зашто сакале да се пресметат со власта!? Види, види, какво политикантство! Ама инсистирањето пак на власта на примената на таков ступиден архитектонски „исказ“ во Скопје не е политички диктат?!

**4.**

И се' така со ред овој „стручњак“, лека полека, ни ги отвори очите за едно поинакво гледање на само на ГТЦ како на објект – зашто, вели, „фасадата на ГТЦ нема којзнае какви заслуги за презентацијата на македонската архитектура“, што повторно ја потврдува одамна утврдената вистина дека архитектурата е всушност само *фасада* – туку и на архитектурата, па и културата и уметноста во целина. Зашто, нели, тој како „гооолем“ архитект ни тврди дека никој, па ни градот, уште помалку Македонија, нема ништо да загуби ако таа безвезна фасада на ГТЦ се смени, или пресоблече, како сакате, во некој од (кај нас) актуелните архитектонски „правци“, на пример одвратниот (квази)неокласицизам.

Но тој, како „стручњак“, нели, тврди и многу повеќе од тоа. Тој не' воведува во полето на авторските права и поставува параметри за целата македонска архитектура, култура, уметност ... укажувајќи ни, нам необразованите, дека авторските права се законска категорија (каков Колумбо!) и ако сакате да го заштитите својот објект (во случајов ГТЦ, а инаку и кое и да е' друго дело!) не било

доволнмо да е „напишано дека вие сте го проектирале“. Или насликале, или напишале, или што и да е’ друго од областа на креативниот чин. Овој „стручњак“ не’ просветлува дека и Живко и сите други живковци во сите други творечки области морат да си го регистрират делото во некоја авторска агенција. Без тоа – труба, сите знаат дека тоа е ваше дело, ама тоа и не е ваше дело зашто не е регистрирано! А тој, „стручњаков“ мудрец, си го регистрирал своето монструмче наречено Спомен куќа на Мајка Тереза, и сега никој не смее да го пипне!!!
А пусти ГТЦ, кој му е крив: ем е само фасада, и тоа беззначајна, ем авторот ги продал авторските права!!!
Не знам навистина уште колку долго ќе живеевме во интелектуален и стручен мрак да не беше човеков. Па и оној првиот. Навистина ни требаше просветлување од ваков тип. Знам луѓе кои сериозно се конфротираа со многумина тврдејќи дека скопскиве градби се за навек, дека ние критизерите сме само љубоморни и ги озборуваме оние кои работат, дека ваква творечка експанзија не е видена кај нас. Кога – оној првион вели дека сето тоа ти било шупливо! А знам и луѓе кои сечеа рака за ГТЦ, дека бил ремек дело, бисер на постземјотресната скопска архитектура ... а овој вториов глатко ни плесна в лице дека тоа било само – фасада! Во какви заблуди сме живееле, за што сме се залагале. Не знам што ќе правевме без овие.

**5.**
Единствено што малку ми го мати умот во двата случаи е следното. Кај првиот, на пример, зошто дури сега? Зошто ја остави цела нација да живее во заблуди кога она женско раче можеше да тропне веќе на првиот столб во Скопје, на пример кај оној „фамознион“ Археолошки музеј, плус Архив, плус Уставен суд (каков иновативен концепт!)? Уште тогаш се’ ќе ни беше појасно, а „националниот режисер“ ќе беше и национален херој. Може ќе пропуштеше неколку милиони евра, или долари, може немаше да биде ни национален уметник или културен амбасадор и се’ друго што прибра низ годиниве, ама можеби ќе беше почесен човек? Којзнае!
И во вториот случај ми е горе-долу се’ јасно. Ни требаше вакво отрезнување, особено она од типот на продавањето на авторските права, што пак ќе рече дека во таков случај секој може да ти го силува делото како сака и кога сака. И око да не му трепне. Ама неговото монструмче – не смее. Никој не смее да го пипне зашто било регистрирано! Брееe, каков пронајдок. А ако му го демонтираме и му го однесеме дома, и тоа ли би било нарушување на неговите „авторски“ права?

Она што не ми е јасно, особено заради фактот дека „стручњакот“ се повикува на закони, се неколку члена токму во Законот за авторското право на РМ. Не знам, не можам да тврдам како и што читал „стручњаков“, ако читал, ама нашите прописи велат поинаку. На пример: „Авторското право е самостојно право и независно од сопственичкото право или други права над предмети/ствари во кои е содржано авторско дело, доколку со закон поинаку не е определено“ (чл. 6); или дека „Доколку сопственикот на архитектонски објект има намера тоа дело да го преработи, е должен таа преработка првенствено да му ја понуди на авторот на изворното дело, доколку истиот е жив и е достапен на вообичаен начин“ (чл. 10), и понатаму „Доколку авторот неоправдано ја одбие понудата од ставот (1) на овој член, сопственикот на делото стекнува право на преработка, но е должен да ги почитува моралните права на авторот“; или „Авторот има право да се спротивстави на менување, деформирање или сакатење на делото што може да наштети на неговата личност, чест и углед, како и на уништување на делото“ (чл, 24) и уште многу други одредби што речито го демантираат „стручњакот“!
Иако, мислам, вакви „стручњаци“ дури и кога читаат, не знаат што прочитале. Но, да речеме, и сето тоа да не е важно, и сето тоа да не иницира сериозни дилеми во реченото / направеното. Еве, нека останат само моралните права на некој „безвезен“ архитект (кој дури добил и награда за објектот, иако „стручњаков“ и неа ја

негира!), нека остане само етичката страна на проблемот. Нека се тргнат на страна и сите реакции не само од архитектонскиот еснаф туку и од огромен дел од граѓаните на Скопје, сепак повторно останува прашањето: како е можно еден „архитект“, па нека е и со наводници, да оправдува уништување на дело на друг колега? Или онаа грабежливост на режисерчено од првион случај, кога им го дрпаше цел буџет за филм пред носот на колегите? Што народ е ова, каков е овој (не)морал, какви се овие „стручњаци“?



## СМРДЕА ВО МНОГУ ЧЕКОРИ

**1.**

Иако е пролет, се' наоколу замирисува на лошо. Замирисува – убива. Смрди. Се шири смрдеата од премногу усти, од премногу спотнати од чукање гради, од заседнати превртливи задници, од предавничка пот. Дури и еланот насобран кај луѓето издишува пред надоаѓањето на тој некаков гнасен мирис на одбивност, на необјаснива помирливост, на превртништво ... познат одамна во Македонија, а последен пат на дело виден и помирисан 2002 година. Застојана смрдеа над една земја без демократска провев, над еден народ кој историски одбрал никогаш да не крене глава по свеж воздух, уште помалку рака да ја растера смрдеата. Ние не само што дозволуваме да ни се повторуваат нештата, туку самите ги повикуваме, им постиламе црвен тепих. Кај нас смрдеата се шири и персонално, ама богами и општо, кога веќе никој ништо не превзема. Смрдеата ни станува начин на живот. Не' ништи безмалу од сите страни, дури и од таму од каде што не ја очекуваме, од светлата страна, од малкуте позитивни енергии. И тие како да засмрдуваат, можеби и несакајќи. Или – под притисок. Ама под притисок и се проверува цврстината на нештата!

**2.**

Најчевска се згрозува, читам, од еколошките злостори на народов. Вели: „Отидов до Бањанска река. И ми падна мрак на очи. Ми рекоа дека сум го навредувала македонскиот народ. Дека не сум го сакала. дека народот бил секогаш во право. А јас мислам дека не сум го навредила доволно. Овој народ навистина заслужува се што му се случува. И сиромаштија, и неправда, и нечист воздух, и власт која го пљачка, и болештилаци, и потсмевање од сите наоколу, и ... Народ кој не знае каде се фрла ѓубре, кој не знае дека не смеат да се сечат старите дрвја, кој не знае да ја заштити природата, не заслужува ништо подобро од Груевски и Мијалков и Ставрески и Гордана Јанкуловска".

Без намера да ги релативизирам нештата, особено не сега, ама може ли некој, па нека се и тие три персони, да залудат цел еден народ? Дали тој вид персонализирана вина ни го олеснува дишењето, не' смирува, ни ја отстранува смрдеата под ноздрите. Онаа смрдеа што тлее по улиците, во институциите на „системот", по конференциските сали, по општинските, градските и собраниските аули ...? Се чувствуваме ли поудобно, полагодно, ни олеснува ли дишењето кога имаме (барем) три конкретни цели во кои ќе го вպериме прстот?

Не, за жал! И никако не би сакал, а не можам да не се согласам со дијагнозата на Тричковски дека „... злото и несреќата понекогаш имаат културолошки димензии кои дозволуваат да се каже дека народите се виновни, а поединците во рамките на тие заедници се невини! Македонскиот народ спаѓа во народите кои пречесто и преинтензивно произведуваат жалост, мака и очај, од себе, од својот културен формат, како мала фабрика за несреќи во кои страдаат совршено невини индивидуи. Ние сме самите за себе еден огромен хендикеп, една огромна несреќа до мерка која ја прави апсурдна самата идеја за Македонија во услови на демократија"[32]. Сега, фабриката за несреќи почна да произведува и голема смрдеа. Онаква, најлоша, ОПШТА, македонска, која што не' сотира! Сите смрдливи нешта, и персони, излегуваат на површина. Чесните исклучоци, се разбира, ништо не можат да променат.

---

[32] Бранко Тричковски, *Вистината за Македонија е потешка од вистината за Груевски*, ОКНО, 15.04.2015

**3.**

И што всушност ние сакаме? Очекуваме *проблемот* да ни биде решение, *злосторникот* да ни биде судија, *соучесникот* да глуми медијатор ... изворот на смрдеата да се опарфеми во миризливо миро? Очекуваме чуда? Ни ги имало, ниту пак ќе ги има. Барем не кај нас, зашто Господ одамна кренал раце од ова парче земја! И од овој народ.

И малку ни беше фамозната „Амстердамска тројка“, сега и Владо Поповски, па и Љубчо Георгиевски и којзнае уште колку и кои такви усмрдени лејки ќе ни солат памет? И ние мораме да ги слушаме? Ама – тие имале што да кажат! Ма немој, тие одамна кажале се’ што имале. И направиле. Нели ни беше доста од такви? И кој тоа, и зошто, нон-стоп на таквите им пика микрофон пред уста? Кој и што воопшто очекува од такви ... ај да се воздржам, барем малку?

И повторно ќе ја тераме истаме приказна со амнестии и национални помирувања, со простување на грабежите и злосторствата? И зошто воопшто требаше некој да му простува на оној б’лгарки м’рсник? Нему, на жената му, на сите оние бараби околу него? Или на овој другиов кој со кренатата рака „за“ ги преспа во општинските и градските клупи сите злосторства над овој град? И без срам инкасираше, месечно, па дури и ни држеше предавања за историјата не вемерото? Која црна и каква историја познава таа шушумига?! Онаа што сакаат да ја чујат водачите му? И сега, повторно, тој има нешто да каже? И навистина ли некој сака да го слуша? Ако имаме проблем со краткото паметење, белки немаме со сетилото за мирис? Зарем таква смрдеа лесно се заборава?

Природата, па и таа кај Бањанска река, ќе најде начин да се исчисти себеси. Можеби ќе и’ треба време, ама ќе успее. Ќе смогнеме ли ние сили да се исчистиме? Од оваа смрдеа, од овој џган, од овие бараби се’ уште заседнати како советници, пратеници, политиканти, (квази)лидери ...? Изгледа нема, очигледно многумина уживаат во системскава смрдеа, во придобивките од онаа неизбежна „Смрдеа во сто чекори“ – па уште и надградена и проширена – та дури и нејзиниот творец сакаат да го седнат во идната експертска влада. Демек – тој не знаел со кого си има(л) работа! Брееe, ако му бил привремено затнат носот, барем за тоа има(ло) медицински препарати. Или и на Љубчо не му функционираше сетилото, и на Владо ... и на Петре и на Трајче ...? Или Македончиштето природно се раѓа без сетило за мирис? Жан Батист Гренуи го бараше вечно недостижниот мирис на младата женственост, ние како да не можеме без општествената смрдеа!

**4.**

Ако „Вистината за Македонија“ беше / е’ тој моќен распрскувач на актуелнава застојана, лоша миризба, зошто мораме и понатаму да ги гледаме и слушаме овие загадувачи на и онака малото количество чист воздух во државава? Кој тоа ужива да живее во нивната и ним сличната смрдеа, кому тоа сега му оди в прилог? Или – колку посмрдливо, толку подобро? И како што полека не’ навикнаа на она убиствено загадување, на невоспитаното однесување, на глупоста, на криминалот ... сега треба да свикнеме и на оваа смрдеа што ја шират поединци и групи низ градов и државава? И тоа да ни биде секојдневие? Науката вели дека смрдеата има шест интензитетни точки. До која сме стигнале ние, до последната? И после тоа – што? Треба да умреме од општа смрдеа?

Ќе се најде ли некој како ФЕМЕН да им скокне на маса на овие наши локални битанги, да им ги искине хартиите и да им ги земе микрофоните? И да ги избрка од салата на политиката и нашите животи, еднаш засекогаш? Ќе не’ куртули ли некој, некогаш, од смрдеава?

## ТУРКАЊЕ ПРАЗНА КОЛА

**1.**

Не знам дали има некаков научен израз / објаснување за нескриената желба / страст што ја имам за следење / читање на искази на македонски „уметници“. Веројатно нема, што пак не ме ослободува од „зависноста“. А веројатно нема ни лек – онака, апче, сирупче или слично – што пак дополнително ми ги комплицира работите. Ама, ете, повторно: уживам во објасненијата, искажувањата, теоретизирањата, полемизирањата на македонските „уметници“ од сите еснафи. Некако, ми отвораат нови прозорчиња не само во нивното поимање на уметноста (по правило со мало „у“), туку особено во нивниот однос кон нивната професија, кон средината во којашто живеат, па и создаваат (како кој, и што!), очекувањата од таа иста средина и слично. Ако сакате, мислам дека тоа се драгоцени документи за едно време, за едни луѓе – уметници или „уметници“, сеедно – за една средина. Документи (повторно: драгоцени) кој изгледа малкумина воопшто и ги гледаат, уште помалку ги читаат, освен ако не се скандалозни, или полни со навреди кон некој познат, или политички (политикантски) ... Всушност, *и тие* ја пишуваат историјата на современата македонска култура и уметност, паралелно со стручните текстови, прикази, книги и друг аудио-визуелен материјал, некогаш дури и поексплицитно!

**2.**

Еве, пред некој ден пишував за „протестот“ – го ставам под наводници зашто задоцнил најмалку цела година! – на еден нов (дали?) самопрогласен синдикат на 17 културни институции. Протестот беше упатен контра нашено непрежалено Министерство за (не)култура и нивниот Закон за изменување и дополнување на Законот за културата, донесен во февруари 2014 година. Добро, преспале две зими, им дошло од газот во главата дека нешто сепак треба да направат и – бум: протест! Иако беше некако поинаку објаснет, изјавите на водачите и присутните се концентрирани главно на уметниците (како тие да се единствени културни работници засегнати од Законот) и нивното несогласување да бидат третирани како бирократи. И секој нормален ќе рече – така е!

И сега јас како уметнички критичар би требал да бидам на страната на овие уметници. И би бил, иако нашите уметници речиси никогаш не се на страната на македонската критика, што било потврдено многу пати низ праксата (тие впрочем највеќе би сакале и да не’ нема) , последен пат при оној „државен“ (п)откуп повторно од страна на непрежаленото ни Министерство за (не)култура. Нејсе, би сакал да сум на страната на уметниците, ама ... ама овие уметници *работат*, односно се *на плата* во државните институции! Ама не сакаат да бидат третирани како и другите во тие институции, не сакаат некој да ги оценува, да ги именува, да ги контролира, не сакаат ништо од тоа. Ама сакаат – плата! Е сега, зошто уметниците мислат дека се повредни од другите вработени во тие институции – од кустосите, библиотекарите, археолозите и др. – па за нив да не важат тие правила? Ако сакале да бидат независни, нека се „преквалификуваат“ во слободни уметници, како и многу нивни колеги. Значи, не велам, ниту пак мислам дека тие не се вредни, дека не работат, дека се бирократи (а другите се?), ама некои и некакви правила мора да важат за сите. Тоа што оваа постава во Министерството за култура е тооолку тупава и неписмена па смислила таков „закон“, тоа е друга приказна. И зад таа *друга приказна* требаа на времето да застанат и овие уметници, тогаш кога и опозицијата и невладиниот сектор и многумина независни поединци пишуваа и говореа против тој закон. Ама „уметнициве“ – молчеа. Некои можеби и спиеа, а некои мислеа „секое чудо за три дена“. Е па, чудото им дојде на врата!

**3.**

И сега, тие велат: „Ние сме уметници и не сме административни работници. Ние не сме бирократија за истиот закон да важи и за нас. Ни наметнуваат бодови и оценувања. Нас има кој да не оцени, тука е публиката. Ние ќе се бориме секогаш против законските решенија за кои воопшто не сме прашани, а кои се носат зад затворени врати во канцеларии“. Тие не биле административни работници, ама (сакаат да) работат во административни институции. Тие не се бирократија, ама плата примаат во државни „бирократски“ институции. Тие не сакаат бодови и оценувања, ама сакаат плата. Е па како да им ја дадат таа плата? Онака, ѓутуре, од „кому и како иде“? А зошто пак кустосите да се бирократија? И зошто пак нив некој да ги оценува, некој од оној неписмен ранг на тутуриткине во Министерството за (не)култура?

Но, вистински бисер е она дека нив има кој да ги оцени и тоа да ти била, ни мање ни више, туку – публиката. Па луѓе божји, зошто тогаш таа публика не ви дава плати? Двојни, ако мисли дека треба? Зошто и нас „бирократите“ не би не’ оценувала таа иста публика, па да видиме кој колку ќе добие? И која е воопшто таа „публика“ која што би ве оценувала? Вашите семејства, пријатели, колеги ...? Па дајте, ве молам, бидеме барем еднаш на нивото на еден Уметник!

Но ова не е прв, а сигурно нема ни да биде последен ваков „инцидент“, којшто пак укажува на се’ уште силните соцреалистички корени во македонската култура, особено меѓу уметниците. И не го говорам ова на памет, уште помалку туку-така. Кај нас културата (и уметноста, се разбира) остана на опашката на системските случувања и промени, заборавена (иако некогаш и намерно!) во бирократските лавиринти на полуписмен типови кои изигрувaа министри и министерки, држејќи ја културата (и уметноста, се разбира) токму како монета за поткусурување, за подметнување, за уцени, за популистички трампи од секаков вид. А што, инаку беше оној „државен“ (п)откуп на ликовни дела, оние глупости со нарачки на музички дела, па оние мајтапења со естрадата како дел од културата?

**4.**

Но, ако оној „протест“ беше колективен пример на „уметничка“ глупост, оној најновион, поединечен, на „славнион“ ни режисер на привремена работа во Л.А. е вистинско бисерче во ѓерданчето на македонската соцреалистичка културна стварност. Зашто, иако неговото „писмо“ до некој негов (не)познат пријател има божем личен карактер – ама курназот го објавил на портал – само го дополнува впечатокот за карактерот, разбирањата и ставовите на македонскиот „уметник“ денес.

Не навлегувајќи во мотивите на неговото „торжествено“ писание и ветувањето дека ете, тој наш големец, нема повеќе да снима кај нас (не знам дали треба да прогласиме денови на жалост?), неговите петнаесеттина „точки“ се вистински јавни „тези“ за неморалниот однос на македонскиот уметник и кон државата, и кон еснафот и културата во целина.

Прво, како и сите други „уметници“, и овој, пред се’, не сака некој да му „... поставува речиси неостварливи услови за соработка и потоа спроведува инквизициски мерки на контрола“[33]. Они бре брате, зашто се големи „уметници“, плус гооолеми Македонци, не сакаат услови, уште помалку контроли. Тие би „пари на рака, Мара за рака“, кеш што би се рекло и никакви прашања, да не речам контроли. Второ, како тоа нашите договори за финансирање на филмови да ти биле правени „... да ги набркаат потенцијалните приватни инвеститори?“. Можеби, повторно, би било поеднаставно со првиот принцип, без договори и „пари на рака, Мара за рака“, кеш

[33] *Дарко Митревски го стопира „Аферата Мис Стон“ поради Дарко Башески*, Плусинфо, 17 април 2015

што би се рекло? Трето, сега кога на овој „уметник“ нешто му пречи, веднаш и законите стануваат „погубни“ (ама порано не беа?) и можеби му ја ограничуваат „креативната“ слобода, ама порано не му ја ограничувале? (Ама „ограничувањето сепак не било толку страшно, зашто прво лапнал 30 милиончиња, потоа уште два, па и тие му биле малку!). Четврто, веднаш на помош се повикуваат едно чудо „колеги“, по правило неименувани, кои наводно **„...** се откажуваат од својата филмска професија и бараат алтернатива во снимањето реклами и музички спотови“ (со што, можеби, е „осиромашена“ македонската филмска „индустрија“?), а оние кои се именуваат се токму од истата „сорта“ која би сакала директен влез во чекмеџето, во азното, непречено како и порано. На крајот, по правило, „главниот“ аргумент: „Зошто Македонија, држава во која денес многу се вложува во филмската продукција, во меѓународните филмски кругови има репутација на територија што треба да се избегнува?“. Е зошто де? И „уметничево“ никако не разбира каква контрадикција напишал, дека се открил целосно, да не речам се обезгаќил. Па ако навистина *тооолку* се вложува, зошто би не избегнувале? Да не е заради такви режисјорчиња кои сакаат да играат без правила, па заради некои други кои целосно ги празнат буџетите со нивните филмови, или оние кои кмишеа и кмишат кај „премиерот“ како главен филмски ментор во оваа „филмска“ држава, или кај „министерката“ која веднаш потегнува истраги зашто друго не ни знае што би работела, зашто ...?! Да не е заради тоа, бре „уметниче“?!?

**5.**

И некако сите наши „уметници“, особено оние кои по некоја случајност избегале надвор па сега уживаат да солат памет, е сите тие да ти умирале „... од пуста носталгија и љубов кон професијата ...“, па повторно од ептен љубов и којзнае какви други чувства ни довлекуват „... меѓународно реномирани имиња ...“ (каде ли се отседнати тие?), па дури и нивни „... искрени пријатели ...“, а ние, проста сељачаана, ги бркаме! Што љубов ќе беше тоа од нивна страна? Колку ли само чини, пресметано во долари? 32 милиончиња, во денари?

И како таа „љубов“ особено беше функционална и кај овега и кај неколкумина нему слични само во времето кога во државичево имаше неброени пари за нивните будалаштини, со директни владини и којзнае какви „доларски инфузии“, ама сега кога славинчето се затна „љубовта“ некако попушта и сите им се виновни? Како тоа нашиве „уметничиња“ одма клоцаат кога ќе им се земат скапите играчки, кога некој ќе се осмели да ги потсети дека постојат и правила, а не дај боже да им побара финансиски отчет? Веднаш се отвораат родољубивите дневници, се пцуе и се вика, сите се тогаш неблагодарни, не ја заслужуваат нивната „уметност“. Што е штета, се разбира. Ете ние ќе останеме ускратени за нивните ремек дела, ама можеби оние во „Градот на Ангелите“ ќе ја превземат улогата на државна цицка од којашто овој, и другите, ќе цицкаат кога ќе им се присака? Дај боже, можеби ќе не’ куртулат од нивното „уметникарење“, па на ред ќе дојдат и некои други деца, некои кои немаат дедо владика или не седат пред министерски и премиерски кабинети, некои кои исто така учеле школи и сакаат да покажат што научиле.

Белки некогаш ќе заврши и овој македонски од по соцреалистичките културни маки? Зашто сето ова многу заличува на потфатот на двајцата „Гинисови“ македонци – искрени честитки за Александар Чекоров и Александар Смилков – кои и официјално станале нови рекордери во дисциплината „Најголема далечина помината со туркање кола од двајца луѓе за време од 24 часа“. Токму на тоа веќе заличува македонската култура: на туркање на една празна кола во круг, непрестајно, тврдоглаво, до умирачка. А ја туркаат токму оние кои ја испразнија! Можеби за да им биде – полесно?



## ШТО ВСУШНОСТ САКАМЕ?

Не знам, ние сигурно не сме осамени во нашето незнаење, неспособност и несакање да се стори нешто паметно и конструктивно, ама во моментов не ми текнува на други слични на нас. И не сум сигурен дека еден, барем еден од актуелнава политичка постава воопшто има претстава што и како и' треба на државава. Освен нивниот личен профит, се разбира. И џабе ни се и закони и процедури, протоколи и стратегии – какви се, нека се - кога ништо од тоа не се спроведува ама баш во ниту една област. Ама затоа имаме нуклеарна програма, нели? Сега очекувам да се појави и некој одговорен за свемирската програма на РМ. Сигурно имаме некој таков. Ако не – ене го Мирчев. Тој е стручен за се'.
За среќа, уште не сме го виделе да замеша прсти во културата и уметноста. Ама – „никогаш не вели никогаш“! А всушност, не ни е ниту потребен. Има доволно такви како него! И што фајда што македонската култура има и закони и стратегии, има (дал Господ, односно народот) и пари како никогаш досега, има и сериозни творци, ама сето тоа на тупавциве не им е доволно. Џабе им е кога не можат да го видат, да го препознаат квалитетот. Секогаш прво пред очи им е профитот, па партијата, па квантитетот (пуста популистичка школа!). Друго – нема!

Каде се' не се прошетаа македонската култура и уметност во изминативе години. И кого се' не прошетаа во нивно име. И безмалу секаде – чиста утка! Онаква, за кец. Нит некој ги видел, уште помалку ги чул. Греота за оние малкумина квалитетни творци кои „игром случаја“ ќе се најдат на нивните списоци. Па и оние „новинари“ кои ги шетаат со себе како некаква награда, и тие пишуваат за сосема десетти нешта. Ене, по којзнае кој пат дотичната „уредничка“ Дамовска – инаку нивна миленичка – ја однесоа дури до Париз. И божем нешто да ни каже за македонската презентација таму, неа не и' се бендисал градот. Бил, некако, „валкан град“[34]! А Скопје и' е чисто. И метрото во Париз се расипува. И ве убива „миризба на канализација“. Скопје, за среќа, нема метро, ама пак труе на канализација! И се' така со ред, „уредничкава“ не' просветлува со туристичката разгледница на Париз, за да на крајот не' извести дека сепак „ступкан, валкан, ама останува најљубовџиски град на светот“! Жити мајка! И ај, да била „госпожава“ на туристичка променада на свој трошок, па нека тртља глупости, дури и за Париз. Ама таа отишла таму заради неколку македонски содржини презентирани (без причина, но божем со повод) во тој град, за коишто не разбравме – ништо! Се' што разбираме за овој тип наши „претставувања“ надвор се самофалбите на сајтот на Министерството за (не)култура. А можат слободно да се прекрстат и во Министерство за туристичка промоција на македонската (не)култура.
Но и тоа не е прв, а нема сигурно да биде ни последен пат. Кај нас во културата се' се случува на тој начин: стихијно, полутајно, анонимно, без сериозни одгласи ... Како да нештата се прават некаде само кога некому ќе му дојде малку да се прошета, такаречи пролуфтира, да си ја поднови можеби гардеробата, да се пододмори? И никој не знае кој, како и зошто ги бира токму содржините што ја претставуваат македонската култура на тие туристички патувања, според кои критериуми и стандарди, според кои стратегии? Се разбира, се случува и да погодат – понекогаш – една или две пристојни содржини, ама што фајде кога остатокот е бофл роба, како од Бит пазар!

И, се разбира, не мислам дека македонската култура и уметност треба да кмишат заклучени дома. Напротив. Ама, повторно, која е ползата од потрошените (големи)

[34] Лилјана Грџо Дамовска, *Сите мириси на Париз*, Дневник, 15.04.2015

пари кога, прво, немаме повратна инфирмација, потоа немаме (или се ретки) критички одгласи, немаме реципроцитет или истиот е комплетно занемарлив и несоодветен? Знам дека многу пати оваа тема кревала тензии во македонската култура, предизвикувала расправии (но само во тесни кругови), и со право. Зашто ние, се' уште, а особено годиниве, ги урнисавме сите, па и оние разнишанине од порано критериуми за квалитет во македонската култура и уметност. Што ќе рече дека тоа ни е „стара болка“, ама никогаш не болела толку како последниве години. Зашто, извинете, ама не можат туткуни да ви креираат стратегија за презентација на културата во светот, не можат полуписмени бирократи да бираат програми и проекти што би не' претставувале пред странската публика, која и да е'. А притоа, не можат и оние македонскине културно и естетски тотално неписмени амбасадори да повикуваат и реализираат крајно површни културни содржини во европските метрополи. Едноставно – не знаат, бре брате.
Не мислам, и не сум мислел дека Македонија нема што да му понуди на светот во културата и уметноста. Ама тоа никако не е работа на нашево Министерство за (не)култура. Односно, тоа е' *негова работа*, но само во доменот на обезбедувањето услови (меѓудржавни договори) и финансии. Сето друго е работа на стручна проценка помината низ многу филтри. Инаку, како и последниов случај со Париз, па претходниот со Виена и онаа смешна изложба во македонската амбасада, па претходно Рим, па Венеција, па Љубљана, па ... еди која друга европска дестинација! И секаде истите пулени, истите фаци, истите глупости!!! А „министерката“ – насмеана. Кога навистина би знаеле колку пак нам ни се смеат странците.

Но, впрочем, надворешниот „одраз“ е само „израз“ на внатрешните состојби, односно надвор никако не може да биде подобро кога внатре е уште полошо! Локалниот културен хаос нормално произведува и интернационален културен срам.
Распадот на сите културни вредности, урнисувањето на и онака кревкиот вредносен систем во уметноста, партизацијата на сите институции и процедури, логично ќе се реперкуира и врз сите други сегменти во културата, па и во меѓународната презентација. Македонскиот културен срам што не' следи веќе со години дома си соѕида кули и дворци од лажни творци и медиокритетски вредности, допадливи само на кичерскиот ала „Скопје 2014“ светоглед. Македонското Министерство за (не)култура, следено впрочем и од сите локални / општински надлежни органи / институции во културата, се престорија во пропагандни партиски штабови за само една мала партиски етаблирана групичка „творци“ кои не бремзаат никој друг. Секој ден се по провладините „куртон“ медиуми со нивните „блескави“ сочиненија!
Но, дека корените на одамна раширениот културен плевел се сериозно длабоки на ова тло, дека медиокритетството дефинитивно го надвјасало сериозното професионално размислување, не е веќе само ноншалантна салонска констатација туку македонско секојдневие. И правило. Ене, си ја местат оградата на мостот кај „Холидеј ин“ како да сме во најдобрите денови на идиотската хистерија наречена „Скопје 2014“. Дел по дел, „табла“ по „табла“, ја раскажуваат профитабилната македонска фасцинација со измисленото минато, со изживеаните симболи, со лажниот патриотизам, но и со вистинскиот кич.
А пред неколку дена, демек за прв пат, го прославивме и Денот на уметноста, во режија на неодминливиот шарлатан Коробар како „куратор“ на изложба на македонската ликовна уметност, со неколку странски „гости“. И тоа да ти било „раскошен букет на ликовни, креативни творби, кои зрачат со духовна енергија и ја осветлуваат човековата душа од внатре“. Види мајката! Како да сме во најубавите соцреалистички денови, токму некаде пред 1-ви Мај, и го славиме трудот и другите социјалистички „вредности“, меѓу кои секако и „Уметноста“. И таму, внатре, во таа наша прослава, типична мултиетничка шареноликост со правична застапеност, па

ред некакви „гости“ за кои никој не објаснува од каде се и што се, па ред видни спонзори меѓу кои и Општина „Центар“ (?). Болат очи, ама боли и умот.
Ама ако тоа е актуелната македонска ликовна вредност, ако тоа е *она македонско* со коешто треба да го славиме и тој Ден на уметноста, тогаш подобро да си ги фрлиме и дипломите, и искуството, и знаењето (ако воопшто го имаме) во оној матен Вардар.

Зашто, точно е дека ликовната уметност одамна стана општа заебанција на шарлатани како Коробар (а во случајов и како Жерновски, Мухиќ и Клетников како „признати“ стручњаци со нивни текстови во каталогот), ама ова ги преминува дури и тие граници. Ако на ваков начин ние се вклучуваме во прославата на Денот на уметноста, па уште востановен на денот на раѓањето на Леонардо, подобро тоа и да не го правиме! Нека си го прават тие кои имаат што да покажат. И немам дилеми дека секој уметник, па и „уметник“ треба да добие простор и време да го покаже тоа што го сработил, ама по ваков повод, во ваква „режија“, на ваков начин?
Впрочем, и ова сосема ни оди во прилог на вкупните текови во нивелацијата на македонската (не)култура, каде што, повторно, ене оние синдикалцине се прогласуваат за „креативната сила“ на оваа држава, каде добрите партиски врски и позиции гарантирано ве носат во странство, каде што секој себеси се прогласува за светски уметник ... А сепак, еднаш, кога и да е’, ќе мораме да решиме што всушност сакаме во културата и уметноста: квантитет или квалитет, кич или Уметност, професионалност или дилетантизам, малограѓанштина или ...?



***Reality култура***

Не се сомневам дека за еден огромен дел од македонската популација (подразбирајќи ги тука сите етникуми) поимот reality show е безмалу секојдневие. Сакате како телевизиски формат, изразен главно низ превземените кретенски бомбардирања главно од соседниот сосед, или пак како македонско политичко односно (подобро речено) политикантско секојдневие изразено низ настапите на нашено „премиерче парапетче“ низ македонските паланки.

А сепак, за еден добар дел Македонци поимот reality show е речиси непознат, или недоволно познат и необјаснив феномен. Дефинициите за него се движат од телевизиски жанр што се бави со импровизирани (без сценарио) животни ситуации фокусирани на „драматични“ персонални конфликти (Wikipedia); телевизиска програма за обични луѓе снимани во реални ситуации (Cambridge Dictionaries Online); вид на телевизија којашто цели кон прикаже како обичните луѓе се однесуваат во секојдневниот живот, или во ситуации често креирани од страна на продукцијата (Collins English Dictionary), итн. Во секој случај, колку дефинициите да варираат, во основа кај овој (тв) формат акцентот е на претставувањето на т.н. обични луѓе, кои се (доброволно!) континуирано снимани во подолг временски период, при што фингираните / провоцираните животни ситуации треба да внесат драматичност, конфликт, често љубов и / или еротика, се’ со цел повеќе да бидат забавни отколку информативни или едукативни.

И во ваквите тв програми може да се види се’ и сешто, од сестрите Кардашијан до навистина low life верзиите во некои српски варијанти, од коишто ќе ви се смачи животот! Меѓутоа, сите се таму „славни“, „познати“, знаат и умеат се’, животот е за нив играчка. А ефектот е главно – бахանалиски!

Е сега, во последно време се’ повеќе ми се врти мислата дека за нас всушност овој тип на пристап кон „реалноста“ и „вредностите“ е вистинско откровение, нешто како нарачано токму за нашите културни состојби последниве години. И не само културни, туку и политички, образовни, научни ... секакви. Имено, мислам дека во овој (тв) формат и сите негови дефиниции се содржи целата „филозофија“ на нашево битисување последниве десеттина години, којашто на народот треба да му покаже дека секој, ама баш секој, може да биде претседател, премиер, министер, директор ... уметник, дека секоја будала која немала попаметна работа во животот туку се вмешала во политиката (односно политикантството) може далеку да дотурка, дека и луѓе со фонд од стотина зборови можат да бидат универзитетски професори само ако партијата застане зад нив, дека и најтупавите мајкини и таткини синови и ќерки можат да бидат „ѕвезди“ во оваа паланечка галаксија!

И кога така ќе ги поставите нештата, се’ ви станува појасно. И полесно. Појасни ви стануваат и резултатите на тој Reality experimentum Macedonicum, односно ова бахանалиско дереџе на коешто не’ донесе оваа феноменална измислица. И полесно ви е да ја гледате (и слушате) онаа булумента луѓе од сите „професии“ и рамништа, оној шљам што глуми политичари и уметници, оние некадарници кои не умеат ни носот да си го избришат ама мудруваат за геополитика и светски заговори. Ја гледате „лигњана“ како измислува „реформи“, убеден дека решава проблеми, а несвесен дека самиот е најголем проблем. Го гледате „хипо“ како тртља зелени за некаква економска стабилност а луѓе немаат што да јадат, „чеканарон“ како си ги псуе соборците и се’ друго по список трошејќи ги народните пари, го слушате „парапетчено“ како добива „идеи“ среде ноќ ... и сите мислат дека се важни, битни, незаменливи, умни ... и сакани. Величенствено македонско политичко реалити шоу!

Та оттука ни оваа нова реалити македонска култура не може да избега од дадениот формат, не смее избраните партиципиенти да ги замени со некои други, не дај боже подобри, зашто автоматски паѓа во вода целата концепција на системот. Затоа

впрочем и естрадата станува дел од националната култура – кај бива реалити шоу без певаљки? – за неа дури се организираат и добро платени конкурси, се множат фолк фестивалите, ечат  песни новокомпонирани за актулениве ни реалити политиканти.



Кога таквиот бран ќе зафати една култура, особена ваква како нашата којашто и онака стои на стаклени нозе, тогаш сите стануваат „ѕвезди“, „уметници“, „креатори“ ... иако во животот не создале ама баш ништо што би наликувало на културен или уметнички производ. Впрочем, токму затоа и онакви коробаровци и слични „овци“ ќе влегуваат во кураторски филмови и ќе ни организираат „изложби“ како букети свежи цвеќиња, кичевска сељачаана ќе се трансформира во „теоретичари“ на уметноста, бетономешачи ќе се видат себеси како главни архитекти и ќе го пустошат градот со нивните антиквизациски „идеи“. А зошто и да не, кога и премиерчето парапетчето исто така се гледа себеси како главен филмски продуцент и критичар, па дури и како музејски (ос)мислител, кога театарџии  кои цел живот го поминаа како бубрег во лој одеднаш стануваат дисиденти, кога „режисерчиња“ на привремена работа во странство си ја нарекуваат државата „фиљан-фиљан земја“ ама ги сакаат нејзините пари, и каде ако не во една ваква реалити култура „министерката“ за култура не би отишла на проекцијата на филм на големиот Макхмалбаф?

А впрочем, која друга ако не реалити културата би си го нарекла творецот на современиот јазик – „џуџето од Небрегово“?

И сето ова нема никаква врска со некаква интелектуална ароганција или со потенцијалните поделби на народ и елита, поделби какви што често слушавме изминативе години залепени не само на челото на политичката опозиција туку и на се’ друго што малку вредеше во оваа држава. Токму спротивното, односно ако, вообичаено, токму „ниските“ народни слоеви се публиката и учесниците во реалити „светот“, кај нас сегашната политичка, културна, образовна, научна ... „елита“ е носителот на овој реал-културен погром! Нашите современи „проветители“ одвај прочитале две книги во животот, нашите најлоши глумци се директори на театрите, нашите уби боже уметници се дел од сите ликовни комисии ... целата таа багра воспоставува некакви правила и стандарди а не умее да собере ни два со два. Е па, тогаш, каква култура сакате да имате?

И токму веќе спомнатиот Макхмалбаф вели дека „улогата на филмот е да ја менува културата, затоа што ако нема промени во културата, нема да можеме да оствариме ниту една општествена цел“**.** Е, мислам дека ние тука успеавме како ретко каде. Ние, не само преку филмот, од корен ја проментивме културата, ја пресоривме во нешто што таа никако не смее да биде, а со тоа го остваривме идеалот на иранскиот режисер: го сменивме и општеството во подобро, попрогресивно, поидеално ИДИОТСКО реалити општество! Сега можеме да уживаме во плодовите!!!
И се разбира дека работата не била лесна: да уништиш, до корен, нешто макотрпно градено со децении, еден културен систем втемелен на желбата да се биде составен дел на европските културни текови, да се натпреварува, ако може, и колку може, дури и со светот! Ама, нели, што може да расипе еден будала, сто паметни не можат да го оправат? Плус, имаа на располагање цели десет години и голема партиска војска дебили во целата администрација соодветна за таков тип реалити (ос)војување. А во културата особено: од земјоделци до манекени, од социолози до забарски техничари, од домаќинки до хауз мајстори ... од мој до мојега (што би рекол Агим Јонуз). Додека некои спиеја, овие – работеа!

***Виртуелен свет***

Го добивме ли сега, на дело, бараниот одговор од поднасловот („Што всушност сакаме?“)? Да! Можеби не целосен, можеби не докрај легален, можеби не најдемократски ... ама некаков одговор – добивме. И знам дека не ни се допаѓа, односно ни се допаѓа делумно, што ќе рече дека 95% од излезените на референдум граѓани гласале „за“ односно „против“ силувањето на Градскиот трговски центар, ама тоа не е бараниот одговор. И тоа *е’* фантастичен резултат во вакви услови, неспорно. Зашто ГТЦ денес веќе не е само некој таму објект во центарот на Скопје во којшто, како што тртљаше една „филозофска“ будала, некогаш сме го имале првиот „Драгстор“, не е само меморабилија на едно друго време и на постземјотресната скопска архитектура ... туку ГТЦ се трансформираше во точка на отпор, во културен / цивилизациски симбол наспроти варваризмот и насилието на актуелниве антиквизатори и бароколъупци.
Ама, секогаш тоа „ама“ ни го расипува расположението. Пирова победа? Можеби, односно сето тоа можеше да биде и поинаку, и подобро и поуспешно. Не (само) заради тоа што сега бароколъупциве ќе се ситат и „неуспешниот“ референдум ќе го земат како адут во дефинитивното расчистување на сметките со ГТЦ (а така ќе биде, сигурен сум!). Таква бланко верификација, такво признание за лудачката македонска варијанта на „неокласицизмот“ тие не добија со „неуспешноста“ на

референдумот. Зошто? Зашто мнозинството жители на Центар (извинете, веќе не можам да ги нарекувам граѓани, зашто тоа – не се!) не се изјаснија за инфицирање и на ГТЦ со вирусот на лудачката македонска варијанта на „неокласицизмот“. Тие не се изјаснија за ништо, останаа дома како задња сељачаана, по папучи (а некои веројатно и без нив, зашто и тоа им е непознато!), како кукавици во туѓи гнезда (што впрочем и се'!).
Некој дури се исчудуваат што и Хорхе не гласал. А „од дека„ е тоа човече, извинете на прашањето? И што нему му значи ГТЦ, и Скопје, воопшто, кога немаат ни калинки, ни ракијади, ни пивтијади ...? Дали не би гласал за воведување на една турлитавијада во главниот град, а? Право пред „претседателската“ му палата?

Иако, мислам, тешко е да се споделува оптимизмот – дури и ако е реален и искрен – на градоначалникот, на Циги и другите. Фактот дека ГТЦ освоил повеќе гласови од кој и да е' претседателски кандидат е за почит, назнаката дека оној број вистински граѓани на Центар и на Скопје покажа дека и без големи партиски кампањи може да се дојде до (некаков) резултат исто така импонира, но иднината не е баш така светла. Идејата дека „следен чекор е ГТЦ да се прогласи за културно наследство“ е некако задоцнета зашто, веројатно, тоа требаше да биде првиот чекор?! А згора на тоа, се сеќавате што се случи со џамијата на Имарет? И знаат ли кој сој „стручњаци“ седи во онаа калакурница наречена Управа за заштита на културното наследство? И што „сработиле“ изминативе години, на чело токму со оној кој е „надлежен“ за прогласувањето на архитектонски дела за културно наследство? И знаат ли кој „стручњак“ таму директорува? (И зошто луѓево уживаат однапред да ги откриваат чекорите што планираат да ги направат? Прво скокни па речи – оп!).
Колку и да се лутат некои директно засегнати, мислам дека ГТЦ можеше да помине многу подобро ако целата работа не беше препуштена само и исклучиво на два-тројца „запалени“. Од референдумското прашање (Геровски), преку кампањата, до сите други детали. Ама, кога не би имале толкави суети, нели?
Но, што всушност покажа / докажа и ова епизода со ГТЦ? Покажа, и докажа, дека единствените разумни гласови во оваа држава, безмалу по сите прашања, некако „се лепат“ и се крепат главно на виртуелниот свет на социјалните мрежи, добивајќи притоа лажен впечаток за масовноста и решителноста на добронамерните. Ама тоа се погрешни податоци, односно даваат невалидна, нереална слика за состојбите. Затоа и се – виртуелни! Кога ги следите, читате, само еднонасочните, едновалентните, унисоните гласови односно оние коишто ја поддржуваат само вашата теза, добивате слика на масовност и сплотеност, на ијладници поддржувачи веднаш подготвени за вас да влезат во рововите. Ама кога таа виртуелност ќе се пренесе на теренот, се добива сосема друга слика, прилично искривена, затемнета, со многу шум и „снег“, безмалу до непрепознатливост со виртуелната.

Оттука, повторно, случката со референдумот односно неговата виртуелност ги гледам само како парадигма за сите наши состојби, се разбира и во културата и уметноста. За сите битни прашања во овие области на општественото живеење во виртулниот свет добиваме поддршка, а во реалниот – шамари! Сетете се само на протестот на не така бројните студенти по архитектура против градбата на црква среде Плоштадот. Ви текнува како заврши приказната? Им дојде некој на помош? Не, дури ни нивните професори односно оние кои едноставно мораа да бидат до нив во тие миговi. Ама сега, истите тие „професори“ филозофираат за оградата околу Владата! Какви лицемерни битанги!!!
И тоа не е осамен пример. Македонската култура изминативе години забележа стотици катастрофални случувања, „проекти“ и зафати што претставуваа директен рез во нејзиното меко ткиво. Колку само годишни конкурси за финансирање на „националниот“ интерес во културата ни поминаа, колку само директори аналфабети се изредија низ годиниве, колку само „уметници“ се закитија со

највисоките државни награди само и само благодарејќи на нивната партиска ориентација, колку неписмен и полуписмен свет издаде книги кај нас, колку милиони евра се потрошија за туристичките излети на „министерката“ и нејзината свита? Колку податоци се изнесоа за очебијните малверзации токму околу самонареченият проект „Скопје 2014“ којшто буквално изеде пари колку за цел еден нов град? И? Реакции (нека се и многубројни) имаше само во виртуелниот свет на Интернетот, но не и во реалниот свет на македонското секојдневие. Ама ние сепак се задоволува(в)ме и со тие трошки, мислејќи дека нештата, кога – тогаш, ќе мрднат од место. Не бре брате, нема. Зашто газениот е навикнат да го газат, толчениот да го толчат. И уста да не отворат!
И за кого ни се тогаш референдуми и други бакрачи, за кого и за што ни се сите овие писанија и измислување на разноразни „форми“ на несогласување со актуелнава линија на целосна кретенизација на народот и државата? А заслужил ли овој „народ“ нешто подобро? Заслужил ли и македонскиот уметник и културен работник подобра општествена клима, услови и стандарди за неговата уметност, за неговите проекти, за неговиот просперитет? Да, ама некој треба да му ги сервира на сребрен послужавник? Марш бре, и тоа што го имате ви е многу!



## КОЛКУ БЛЕСАВ ТРЕБА ДА БИДЕШ ЗА ДА ТЕ СМЕТАТ ЗА СЕРИОЗЕН?

**1.**

Дури и со ризикот да ме обвинат за комуњарство, ќе кажам: порано бре брате се' беше подобро! Па и лудилото. Односно, полесно се справувавме со него. Имаше некакви „блесиметри“, ќе застанеш, ќе те измерат, и – блесав си толку и толку посто, или лудилото ти дошло (на скала од 10) до 7, и слично. И сепак, некако мислам дека баш и немаше толку и толкави будали. Како да се криеа. Им беше срам? Или можеби Партијата ги криеше, ги правеше невидливи, недостапни. Не можеше баш секој да ги види, да ги измери, па да шири натаму дека тој и тој имал толку и толку.

Денес се' е покомплицирано. Прво, се намножија будали од секаков вид. И никој не ги крие. Ни тие самите. Уживаат да се покажуваат и – докажуваат. Секојдневно. Второ - нема „блесиметри“. (Можеби уште тогаш ги прегоревме, или ги потрошивме?). Како човек да дознае со кого си има работа? А сепак, всушност, како што општеството еволуираше, така еволуираше и лудилото, но и справувањето со него. Поточно, денес улогата на оние „блесиметри“ ја превземаа медиумите. И ја вршат одлично! Ако ви е до тоа да ја измерите актуелната блесавост / лудост на нацијата, имате перфектни приклучоци: одделни тв емисии со „познати“ водители и уште „попознати“ гости, одделни дневни весници – особено во конкретни денови – каде се среќаваат „блескави“ колумни (земете го, на пример, вторник во „Утрински весник“ и оние тртљарии на Ацо Станковски алиас Сарајлија!) ... Се' се тоа извонредни примери на нововременски односно современи блесиметри коишто, од една страна, ја тестираат дијапазонската скала на лудило на поедини персони ама, од друга страна, и општата инволвираност во блесавите ментални процеси на пошироката публика која ги чита / слуша тие бљувотини!

**2.**

На пример: колку одлепен човек треба да биде за да рече дека „македонците во архаичниот период се јавуваат како главни протагонисти во делот наука, техника и така натаму“? И тие да ти биле „мајстори во целиот тој дел“! Во кој тоа „дел“, професоре Тентов, и какви „мајстори“, можеби ќе прашате? Нема да ви каже. Па понатаму, „ние сме измислиле монетарен систем, сме измислиле банковен систем, монети и така натаму“! Ај за монетарен систем и банковен систем ми е јасно, гледајќи денес што прават и како ги растураат тие „системи“ овие антиквизирани Македончишта. Ама ние да сме измислиле и монети? Па овој тие е бре брате не само професор, туку и револуционерен ум, овој ти е повампирен односно антиквизиран македонски Ајнштај, Аристотел и Гејтс заедно, директно од архајскиот период, како што вели.

И стварно немам ништо против ваквите теории за нашиов народ, и држава (која што била силна, како што вели професоров). Кога би биле барем 1% точни, ако не повеќе. Или, можеби Тентов си има некој друг архајски период, некој само негов, и не сака да го дели со другите. Држи и таа работа, зашто пак оние мутави светски историчари велат дека архајскиот период на овие простори датира некаде од 800 – 480 година пр.н.е., а во тоа време никој не спомнува Македонци, уште помалку нивни пари. Но затоа (пак оние мутави светски историчари) велат дека првите монети се појавиле во Анатолија, во Лидија (т.н. electrum) исковани од лидијскиот крал Алијатес (619 – 560 година пр.н.е.), потоа монети веќе имало и во Кина и Индија (600 година пр.н.е.), па во грчките градови-држави во Архајскиот период итн.

Но, понатаму, ни раскажува професорот, и средниот текст на „Каменот од Розета“ да ти бил дешифриран „од некои кои што нешто напишале, но не до крај“! И писмото на Маите да ти било дешифрирано не од советскиот лингвист Кнорозов, а со удел и

на епиграфичарот Томсон и археологот Проскуријакова, туку од – информатичар (како професорот, ам пустиот заборавил како човекот се викал!).
А создавањето на светот? Делот каде дури и бурекџијана (аргументирано) го корегира е урнебесен, па го враќа назад, па професоров секогаш ни дава друг редослед, за да на крајот не' просветли дека – деветтиот ден Господ ги создава Македонците! И затоа светот не не' сакал!!! А на прашањето од каде му се тие сознанија, тој вели: од моите дешифрирања! Па добро бре професоре, кај вас – има некој дома? Мислам дека овој би ги прегорел сите блесиметри и во старата и во новава држава! Како ли издржаа она екранине?

**3.**
А најновиот македонски прилог во проучувањето на историјата на човекот и неговото безрезервно лоцирање во Источна Македонија? Ние, значи, токму во стилот на Тентов, ја порекнуваме и теоријата на „Y-хромозомскиот Адам", и постарите тези за Етиопија како лулката на првиот човек, но и најновите тврдења (F. Cruciani, R. Scozarri и др.) дека токму Централна и Северо-западна Африка се вистинскиот пра-дом на модерниот човек. Нели сме веќе зрели и блиску и до некаква Нобелова награда, а не само до Гинисови рекорди за туркање на празни коли? Или, можеби, до некоја (повторно) светска награда за најблесави открития?
Или, бидејќи веќе го спомнав, колку блесав треба да бидеш за да смислиш дека Антика доаѓа од Анти, како што не' убедуваше Станковски алијас Сарајлија? Или дека „сега зградата на Владата на Република Македонија (онаа „новата", пресоблечена во рувото на квазинеокласичен палјачо, м.з.) веќе има изглед на музеј"[35]? Ама Метрополитен, Гугенхајм, Кролер – Милер, МСУ ... зашто се такви какви што се, не изгледаат како музеи? За да на крајот не' поздрави со налудничавиот пионерски поздрав: „ Сите нека лаат и понатаму, а карванот нека врви во една покултурна Република Мекадонија"!(?). Мислам, колку сериозни дијагнози се потребни за ова? И колку врвни стручњаци да дијагностицираат?
Ама, што е најинтересно, тоа се, некако, постојано истите пациенти кои ги среќаваме на современиве блесиметри. Од ден во ден, од недела в недела, исти налудничави приказни (а Хунзите?), исти или слични изливи на неподнослива „мудрост", својствена само за овие наши зачадени простори. И нема лудоста врска со старосна граница, раса, пол, етничка припадност, па ни функција. Ви текнува на „космодиск" и неговиот смешен изглед ама добра функција? Или на „разумниот компромис"? А најновиот ваков излив во Баку, дека „Македонија нуди големи можности за странските инвеститори"? Па, извинете, ама ... ај да бидам пристоен и да премолчам!

Или: „Добро би било политичката криза што побрзо да заврши со цел стопанството да ги оствари предвидените резултати", изјавил деновиве вицепремиерот и министер за финансии Зоран Ставрески. А кој тоа, простете на прашањето, треба да ја „заврши" кризата? Комуналец? ЈП „Водовод", Зоолошка градина ...? И како овие би ја завршиле, зошто не им понудите некаков предлог, некакво можно решение? Мислам дека веднаш би прифатиле, само да е доволно блесаво!

Или: „Здружението на спортски риболовци „Бабуна" од Велес и рибочуварската служба во организирана акција фатиле на дело група рибокрадци, кои незаконски ловеле на езерото „Младост". Тие ловеле во време на ловостој и време на мрест, на терен каде што е обележано дека е забрането фаќање риба и тоа во периодот од 15 февруари до 31 јули. Оваа група ја гониме една година, и конечно успеавме да ја фатиме на дело. Беше силно организирана, поради што акцијата ја изведовме тајно, а полицијата ја повикавме кога веќе бевме на терен", велат од „Бабуна". И, ни мање

[35] Александар Станковски, *Транслација*, Утрински весник, 27.04.2015

ни више, кај крадциве нашле 15 килограми крап, 17 килограми сом и 2,5 килограми амури, како и четири мрежи од 250 метри, специјално наменети за улов на крап и сом. Па тоа е бре брате цело богатство! А зошто тогаш оној Зврлевски не ги повика на помош овие од „Бабуна“? Тие лесно би ги фатиле и оние милиони евра од „жутите“, па оние од „Актор“, и се’ друго по список. И кој е овде луд, а кој блесав? Како можеле овие на дело, што ќе рече in flagranti да ги фатат крадциве, а он со толкаво Обвинителство, плус полиција, нема појма кој пљачкосува низ државава?

**4.**

Она што, мислам, дека нам денес ни треба се некакви ориентири за обичниот народ, некакво скалило за блесавост според коешто луѓето би се раководеле при следењето на овие медиуми. Некако, да светне некоја сијаличка кога ќе се појави ваков тип, да покаже некаква скала со цифри ... Или, ако некој сака да се појави на некоја од вавките телевизии или да напише нешто за некој весник, да знае што таму го чека, какво би му било друштвото итн. Тоа скалило на блесавост, или лудило, прецизно ќе ги упатува до каде треба да стасаат за да ги стигнат актуелниве будали, да не речам да ги престигнат. Зашто вака, ние навистина не знаеме кој односно колкав е степенот на лудилото што се бара, за да човек се појави некаде на вести со изјава, или да добие некоја минутка во оние „славнине“ шоу и ток програми? Добро, спомнав некои персони како можни ориентири, ама и тие варираат во блесавоста. На пример, кој предничи во оваа работа: ваквите божемни математичари кои знаат се’, од историја до археологија, од дешифрирање стари писма до астрономија; слични сезнајковци од типот на професорон Мирчев или можеби оној Никовски, па Сарајлија, Хорхе ... листата е прилично долга. Што и не е лошо, имаме повеќе кандидати да си ја мериме. Блесавоста, или лудоста, како сакате!

## ХАРТАЛ

**1.**
Ние немаме таков збор. Таков збор е својствен на поголемите јазици, поискусните, можеби оние со побогата историја. Хартал на гујарати јазикот (индо-аријски јазик од Западна Индија) буквално значи ден на жалост, на тишина, на молчење. Но, како што вели Ружди (Салман) „во златните денови на Махатма, кога дури и јазикот ги почитува упатствата на Гандиџи“, тој збор добил нови призвуци, нови значења. Кога големиот Бапу ќе прогласел Хартал, во Индија застанувало се’. И буквално – се’, дури и возовите. Чукале само индиските срца како едно, заедно со големото срце на нивниот „мал“ Бапу, против британското владеење во таа земја.
Хартал не е само генерален штрајк, не е само граѓанска непослушност, не е само протест ... хартал е сето тоа заедно, и многу повеќе.

**2.**
Не знам зошто ние немаме таков збор. Но некој требаше веќе да го измисли по вчерашниот пеколен ден, и ноќ. Зашто после сето она што се случуваше во Скопје, пред стриропорниот симбол на македонскиот криминал и узурпација, во Македонија денес требаше да биде прогласен „хартал“. И да застане се’. Буквално се’: од возилата до градскиот сообраќај, од медиумите до училиштата (коишто ионака не работат), од кафеаните до коцкарниците ... Бидејќи, сигурен сум, секој од нас имал по некој близок или подалечен помеѓу оние деца кои *овие* (ни имињата да не им се спомнат!) веќе ги нарекуваат со секакви погрдни називи, уште малку третирајќи ги како терористи врз коишто треба да се стрела. И тоа не со гумени куршуми!
Ако вчера извадија „желки“ и водени топови против своите деца, утре ќе извадат тенкови и митралези. И ќе убиваат. И ќе ги фалат тие што убивале дека добро си ја завршиле работата. И ќе ги наградат со нови 10% на платата!

**3.**
Мора некој да прогласи македонски „хартал“ зашто срамно е децата да се остават сами во оваа битка. Како што останаа сами (со чесни исклучоци) и студентите, како што се горе-долу сами и средношколците. Во вакви кризни времиња не може да има ништо поважно од општата унисоност по прашањето на опстанокот на нацијата и државата. Зашто до таму е дојдена работата. Овие не се и не можат да бидат ни едното ни другото. Едноставно – не сакаат да бидат! Поважен им е криминалот, парите.
Но прашање е дали можат да се победат онака како што почнаа децава. Можеби можат, ама на младиве им треба поддршка. И тука престанува да биде важен бизнисот, работата, патувањето, весникот да излезе, телевизијата да зрачи, машината да работи ... Сето тоа мора да застане!
Или, ако не можеме да им помогнеме, барем да не им одмагаме. Како оние „новинари“ (на пример на „Телма“) кои не умеат да направат разлика помеѓу поимите „толпа“ и „демонстранти“, кои контејнерите ги викаат „контењери“, како оној бесрамниот „директор“ Бранко Цветковски кој на живи очи не’ лаже дека во Библиотеката било се’ нормално ...!
Можеме ли поднесеме уште еден Мартин Нешковски?

## „ОПЕРАЦИЈА“ ПРОФЕСИОНАЛНО САМОУБИСТВО

Знам дека е најлесно (самозадоволно) да се каже: па нели ви реков! Ама тоа евентуално самозадоволство не ни носи ништо, не ни ги оправа работите. Се разбира, говорам за последната „феноменална“ одлука на актуелнава власт да ги прогласи за *културно наследство* сите оние налудничави градби нацуцулени во Скопје последниве години, а во рамките на самонаречениот проект „Скопје 2014“. Зашто, нели, по референдумот за ГТЦ, како можно продолжување на акцијата за спасување барем на овој објект, беше идејата дека „следен чекор е ГТЦ да се прогласи за културно наследство“! Јас ваквата најава ја видов како некако задоцнета зашто, веројатно, тоа требаше да биде првиот чекор?! Меѓутоа, ја видов и како прилично несоодветна, да не речам незрела, недоволно промислена ... заради една, и само една причина. Поточно, и тогаш прашав: се сеќавате што се случи со џамијата на Мехмед Втори на Имарет? Којашто, патем, одамна беше прогласена за споменик на културата (според старата терминологија), а којашто глатко и без око да му трепне на Паскота и компанија ја урнаа за да му направат место на започнатиот „проект“ Плаошник. И прашав дали заговорниците на идејата за барање ГТЦ да се прогласи за културно наследство знаат кој сој „стручњаци“ седи во онаа калакурница наречена Управа за заштита на културното наследство? И што „сработиле“ изминативе години, на чело токму со оној кој е „надлежен“ за прогласувањето на архитектонски дела за културно наследство? И знаат ли кој „стручњак“ таму директорува?
А прашав и зошто луѓево уживаат однапред да ги откриваат чекорите што планираат да ги направат?

Е па сега, се’ си мислам дека им дадоа идеја на мафијашиве од културата што и како да прават со сето ова архитектонско и скулптурално ѓубре наталожено во централното подрачје на Скопје. Не дека тоа нешто ќе им помогне, ама сепак. Тие си мислат дека со прогласувањето на ова вчерашно ѓубре за културно наследство, утре никој не ќе смее да го чепка, уште помалку да го – руши.
Се излажале, се разбира. Зашто такви будалаштини од типот на прогласувањето за културно наследство на (квази) Спомен домот на Мајка Тереза, на (квази) Триумфалната порта, на Музејот на македонскиот хорор и другите лепешки изнаредени долж левиот брег на Вардар и центарот на Скопје нема ама баш никого да сопрат во справувањето со тие тони стиропор! Односно, како што има „прогласување“, така има и губење на својството културно наследство. И таа постапка оди подеднакво брзо како и првата. Ако не и побрзо! И стварно ли мислат дека со овој десператен акт нешто ќе спречат?
А сепак, наспроти сите наши досегашни искуства со оваа струка којашто себеси сака да се претстави како заштита на културното наследство, добро е уште еднаш да ги (у)видиме, на дело, сите нивни „квалитети“ и „способности“. Не дека не ги знаевме, нели, ама мислам дека сега не’ изненадија. Не’ фатија на препад, или на спиење. Мајстори се! И тоа безмалу во истиот ден кога во Министерството за (не)култура бил конституиран националниот совет за културно наследство. Машала, како ја почнале работата - ептен стручно! И уште кога ќе ги видите таму испоседнати се’ од „стручен“ постручен, милина.
Во едно мораме да се согласиме, независно од тоа што и како мисли овој новоконституиран Совет: да прогласиш за културно наследство објекти изградени пред само неколку години, е тоа е навистина врв на стручноста. И професионалноста, се разбира. Да ги изедначиш во значењето, и третманот, овие стиропорни квазибарокни лепешки од типот на Триумфалната порта, Археолошкиот музеј, Музејот на македонскиот хорор и сите други будалаштини испилени од

малиот мозок на главниот архитект во државава, со еден Пантелејмон во Нерези, со Стоби, со Курбиново, со Шарената џамија во Тетово, со Самоиловите тврдини, со Св. Климент ...? И повторно, не дека не знаевме какви „стручњаци“ се котат во македонскиве институции последниве години, ама - до толку?

И навистина е глупо сега тука да се наведуваат сите можни дефиниции на културното наследство, на недвижното културно наследство и слично. Иако сите главно се вртат околу УНЕСКО-вата дефиниција дека (недвижното) културно наследство е завештание, оставнина од минатите генерации, згрижено во денешнината а наменето за бенефитот на идните генерации. И сега нашиве „стручњаци“ сакаат да ни кажат дека наведениве објекти од налудничавото „Скопје 2014“ се нашето завештание за идните генерации? Можно ли е толку да се полтрони, толку да се послушници, толку да не смеат да писнат пред диктатот на актуелната политика? И да мислат дека тоа ќе им помине, туку - така?
Не знам што и како мислел оној „професорон“ кој во работно време прогласува вакви лепешки за културно наследство а во слободно време пишува „книги“ за Ацета, не знам ни што и како мислела целата таа „стручна“ багра сокриена во т.н. Управа за културно наследство, под пазувите на милното им Министерство за (не)култура. И прашање е дали воопшто нешто мислеле, и дали воопшто таа операција на сивите мозочни ќелии е својствена за такви персони. Но, нема дилеми дека еден ваков скандалозен чин од (наводно) стручна организација не’ вбројува директно меѓу талибанските држави во светот. Да, некој ќе рече дека ова е само шлаг врз нивното толкугодишно нереагирање на се’ што се случуваше во Скопје и во државава, и - ќе биде во право. Но, некако, склон сум во изминатите нивни ступидарии да побарам и видам очекуван притисок од полуписмени министерки и политички авантуристи, да помислам дека повеќегодишната нивна неработа не може да резултира во нешто подобро. Ама сепак, ова чудо е еднакво на професионално самоубиство на вкупниот „стручен“ екипаж на таа институција, на чело со оној шарлатан кој глуми директор! Иако, да бидам искрен, немам ништо против таквиот нивен самоубиствен чин. Безмалу - време беше! Ама мислам дека со тоа дефинитивно ја убија и струката којашто, во некои други времиња, беше ценета професија во Македонија. Со значајни и евидентни успеси на полето на заштитата и на движното и на недвижното културно наследство. Дури не дојде ваква багра, се разбира!

Но, за да нема импровизации, еве како гласи и нашата дефиниција за културно наследство: „Културно наследство во смисла на овој закон се материјални и нематеријални добра коишто, како израз или сведоштво на човековото творештво во минатото и сегашноста или како заеднички дела на човекот и природата, поради своите археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и други научни или културни вредности, својства, содржини или функции, имаат културно и историско значење и заради нивната заштита и користење се наоѓаат под правен режим согласно со овој и друг закон“.
Е сега, дали нашиве локални лепешки, според Законот – добра, навистина имаат вакви својства? И какви: археолошки, етнолошки, историски, уметнички, архитектонски, урбанистички, амбиентални, технички, социолошки и / или други научни или културни вредности, својства, содржини или функции? Или, можеби, сите заедно, како и што доликува на сегменти од еден самонаречен проект каков што беше „Скопје 2014“?
Не знам, но она што сега би било интересно е да се објави стручното образложение врз основа на коешто е изведена операцијава „професионално самоубиство“! Кој го составил, кој го потпишал ... што се’ е внатре наведено како оправдување за стореното злосторство? Ако не го видиме сега, ќе го видиме утре, задутре, некогаш.

Таквиот професионален срам не може да остане вечно сокриен. Зашто, вака, кога човек слуша или чита низ медиумите дека овие будали направиле тоа и тоа, некому може и да не му изгледа налудничаво. Ама кога би се прочитале образложенијата, оправдувањата за таквиот „стручен“ потег - е тоа би била посластица пар екселанс!
Знам дека ќе се јават душегрижници кои веднаш ќе кажат дека тие таму работеле под притисок, дека било вака и онака. Како да само тие работат под притисок. И што значи тој притисок, дека треба да си ја скинеш дипломата и да ја фрлиш на ѓубриште? Ако воопшто ја имаш, односно ако воопшто си се помачил да ја добиеш. А и новоформираниот Национален совет работи под притисок? И чив? Имаат ли барем тие малку срам? Се разбира, да имаа, барем некој ќе реагираше!
Ако пак сите тие „стручњаци“ така се однесуваат „под притисок“, тогаш зошто и’ се на оваа држава? Нека си седат дома, можеби таму немаат притисоци. И впрочем, ова е уште еден нов пример на таа македонска „стручна“ јавна администрација, онаа што ќе не’ однесе во Брисел. Онаа која што ќе седне и ќе преговара со бирократите од ЕУ за нашата подготвеност за влез во Унијата. Токму тоа се тие втори, трети ... петти ешалони за коишто пишуваа некои, а коишто требале да стават прст на глава и помислат што прават. Каков прст, каква глава, кога ја немаат? А ако ја имаат - празна е!
И токму тие ќе треба да останат на истите работните места, со државна плата, со сите други принадлежности, заради „мир в куќи“? Кому воопшто му требаат такви какви што се? И што и како ги учи студентите оној „професор“ кој наводно директорува со таа Управа? Ако таа и таква багра едноставно не се разбрка, никогаш нема да имаме ефикасна и стручна администрација? Освен ако под тие поими (ефикасна и стручна администрација) не подразбираме луѓе подготвени на секакви, па и најцрни компромиси и злосторства!

Колку за крај: во еден документ што овие од Управава го нарекуваат „Национален регистар на објекти кои се заштитено културно наследство“, или (нагалено) „Список на заштитени добра“ со состојба до 31.12.2012 година (а којшто е приказна за себе, но за тоа во друга прилика!), се наведени поименично сите заштитени објекти во Македонија, по општини. Па така, во Општина Центар, од овој тип на понови јавни објекти, за ставен под режим на заштита се смета само „Објект на Градската болница“!(?). Знам, многумина ќе се чудат, некој и ќе се прекрсти, ама на тоа дереџе ни е оваа струка. Го нема, се разбира, Градскиот трговски центар, ама ја има „Македонска куќа“ во Стара чаршија, го нема (додуша веќе ни физички!) објектот на некогашната ЦК на Муличковски, ама има уште други куќи низ Чаршијата, иако таа е целата заштитена целина, итн.
Но, во тој „документ“ постои и ваков запис: т. 37, Урбана целина „Централно градско подрачје I“! И сега, прашања: ако Урбаната целина „Централно градско подрачје I“ е сместена во овој (импровизиран) „Список на заштитени добра“ со состојба до 31.12.2012 година, тоа значи дека таа урбана целина била законски заштитена според одредбите на Законот за заштита на културното наследство. Па, тогаш, како се правени сите овие глупости во изминативе години, како се градени, преградувани, рефасадирани објекти токму во таа Урбана целина „Централно градско подрачје I“? Можно ли е никој да не ја испитал (бидејќи никој и не ја спомнува!) оваа трага?

### ***Стиропорни заштитени целини***

Некој ќе рече: село гори баба се чешла, ама веќе ни е јасно зошто селото гореше, а започнатава тема ветив дека ќе ја завршам.
Па така, точно знам како се пишуваат законите кај нас, особено оние во културата, и кој ги пишува. Затоа и се’ такви: неразбирливи или двосмислени, ретроградни и /

или ретардирани, смешни и / или жални ... Оној Закон за заштита на културното наследство е еден од водечките токму такви. Расприкажан до зла бога а се губи во основните нешта, (непотребно) воведува едно чудо категории „културно наследство" безмалу спротивни или спротивставени една на друга, остава простор за секакви толкувања како кому му (а највеќе на „струката") одговара! Всушност, како и повеќето други закони кај нас (не само во културата), очигледно е напишан „да служи", да не се применува односно да се применува само и исклучиво „со толкувања" и сл. Затоа можеби и никој не го есапи за сериозно? Или – така повеќе им одговара?
Да се вратам на темата, односно проблемот: ако во оној импровизиран „Национален регистар на објекти кои се заштитено културно наследство", или (нагалено) „Список на заштитени добра" со состојба до 31.12.2012 година, кај Општина Центар стои (точка 37) дека *Урбана целина „Централно градско подрачје I"* е културно наследство односно заштитено подрачје, односно целина, нели е логично прашањето – како таму можело толку да се гради, да се преградува, да се менуваат фасади ...? Или тоа што таму го пишува е само за малите деца, а не и за власта? Или пак „струката" (читај: Управата за заштита на културното наследство) издава(ла) специјални дозволи за градба, или ...? Многу „или" и прашалници за една сериозна работа како што би требало да биде културното наследство!

Или, ако сакате, ако целите на заштитата на културното наследство се: зачувување на културното наследство во изворна состојба, создавање на што поповолни услови за опстанок на културното наследство и за задржување на интегритетот на сите податоци што тоа ги носи во себе како сведоштво, извор или своевиден документ, пренесување на културното наследство на идните генерации, па ако културното наследство е темелна вредност на државата итн., тогаш како се случило тоа културно наследство заведено во 2012 година како *Урбана целина „Централно градско подрачје I"* да доживее таква катастрофа? Некој, во државава, треба ли да одговори на ова прашање? Ако пак „Заштитата на недвижното културно наследство се остварува и со негово задолжително вклучување во просторните и урбанистичките планови и во плановите и програмите за заштита на животната средина и природата, како и со негов третман како фактор на одржливиот економски и социјален развој, особено во насока на развојот на културниот туризам, домувањето, специфичните занимања и едукацијата" (чл. 6 од Законот), како тогаш низ ова заштитено културно наследство во Општина Центар помина таква кичерајска фурија, како Управата и Министерството го дозволија тоа?
Од друга страна, како е можно тој фамозен Регистар да говори за „Урбана целина" како културно наследство кога таква дефиниција не постои во Законот за заштита на културното наследство. Додуша, постои нешто слично – „Споменички целини се урбани, рурални и други населби или нивни делови и остатоци ..." (чл. 13) – ама тоа сепак не е исто и не е јасно дали „стручњациве" мислеле токму на тоа? И дали целата наша „заштита" на културното наследство е само една голема – импровизација?

Меѓутоа, ако нашиве „заштитари" можеме да ги обвиниме за нестручност, некомпетентност, простотилак, полтронство ... сепак не би можеле да ги обвиниме и за неажурност. Зашто, прво, видовме како ургентно реагираат кога ќе им свирнат шефовите и прогласуваат за културно наследство се' што ќе им се принесе за потпис. А второ, ако случајно се обидете да го консултирате уште еднаш спомнатиот Регистар (мојата копија беше симната од веб страната на Управата кон средината на 2014 г.), него веќе го нема. Никаде. Ни на веб страната на Управата, ниту на веб страната на Министерството за (не)култура.
Ама ептен ако запнете, Википедија (сосема случајно) ќе ви отвори страница со „Список на објектите прогласени за културно наследство на Македонија според

евиденцијата во Регистарот на културно наследство на Управата за заштита на културното наследство на Македонија (УЗКН) заклучно со 30 септември 2014 г.“! Што ќе рече – нешто најтазе. Е ај сега речете дека се неажурни!
Ама таму добивате сосема други информации, сменети речиси за 360 степени во однос на стариот Регистар (барем за Општина Центар). Па така, наместо некогашната (точка 37) „*Урбана целина Централно градско подрачје I*“, сега стои (точка 38) „*Урбана целина Централно градско подрачје II*“!(?) Што се случи со „*Урбана целина Централно градско подрачје I*“? Не се знае. Да не ја заштитија комплетно, или попрво ја уништија, па сега веќе не треба ни да се спомнува?
Ама тоа не е единствената новина во однос на состојбата од 2012 година. Сега, односно лани, на „стручњаците“ од Управа им стасало од газот до главата дека во Општина Центар има и други објекти што би требало да ги уживаат бенефитите на заштитено културно наследство, па ги внеле: Споменичка целина „Дебар маало“, НУ Национална и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, ЈНУ Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, НУ Филмски центар „Вардар филм“, Градска библиотека „Браќа Миладиновци“, МСУ и Музеј на Македонија! Да, некој ќе рече – па добро де. Ама, овие објекти „стручњациве“ не ги знаеа во 2012 година? Или не ги беа валоризирале, иако некои од нив се постари и од 50 години? Ама затоа, веднаш односно за само неколку години, ги „валоризирале“ Музејот на македонската борба и Спомен куќата на Мајка Тереза и ги вметнале во Регистарот? Врз основа на кои и чии критериуми, врз основа на кои и чии стандарди? И сега, треба да ги изедначиме објектот на Музејот на современата уметност со оној монструм наречен Спомен куќа на Мајка Тереза? Или објектот на Националната и Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ со оној безличен Музеј на македонскиот хорор? Тоа ли е таа силна македонска заштита на културното наследство и нејзините критериуми? Па тоа ни на Паскота не би му се случило!

Но, се разбира, јас / ние можеме до утре сабајле да се спрдачиме со овие шарлатани и полтрони кои сакаат себеси да се нарекуваат „заштитари“. Меѓутоа, работава не е за спрдачење зашто овие како што почнале ќе понат да си ги прогласуваат и сопствените куќи за културно наследство, и плевните од селата од каде што дошле, а семејствата и роднините уште сега ќе си ги прогласат за историски личности.
Но, запрепастува агилноста и подготвеноста на македонската заштита да се спушти на нивно рамниште, да стане крпа за бришење прашина од некогашниот сјај на професијата, од оние имиња кои некои до денес ги изговараат со пиетет. (By the way, да не има „академик“ Грозданов нешто да каже по повод најновово дополнување на списокот на културното наследство? Или да се огласи Институтот за историја на уметноста?).
Или, ако сакате, ако веќе македонската заштита спаднала на такви ниски гранки, не умееше ли никој до сега да ги пролиста овие нешта пред да презема одредени чекори? На пример Општина Центар не знаеше ли што и како од нивната територија се наоѓа под заштита, каква-таква? Или Сојузот на архитектите, кога веќе започнуваа битка против „Скопје 2014“, па за спас на ГТЦ и слично? Немаше ли некој да покрене тужби вакви и онакви, претставки, поднесоци ... вакви или онакви? А зарем сега е доцна? И ќе побара ли некој да ги види образложенијата со којшто оној кичерај е прогласен за културно наследство? И тоа ли не може да го направи Општина Центар? Толку ли е тоа тешко?!

## „АМБАСАДОРИ“

**1.**
Не знам луѓево гледаат ли што се случува, слушаат ли, читаат ли? Иако, знам, најчесто не се тука, далеку се, кој ваму низ Европава кој таму преку Океанот, ама – и таму има телевизии, има весници. Дури тие некогаш се и подобро информирани. Иако не баш и за деталите. Тие ја бараат „Големата слика“! Можеби и нашиве станале такви, гооолеми?
Или можеби мислат дека ние овде сме со кратко паметење, не знаеме дури ни вчера што и како се случувало, дека сме затупавеле уште повеќе и секој може да ни продава муда за бубрези. Не дека не може, се' уште. Ги има многу такви, нив повеќе од другине, понормалнине. Или само така ми се чини? Можеби, зашто кога ги гледам младиве, богами, веќе никој не може ништо да им продаде.
Ама, пустото, уште се обидуваат. Уште мислат, особено двајцава, дека оваа балканска крчма (ете, и ова е само уште еден закоравен стереотип!) е истата дупка калакурница како и пред години. Не е баш така, за среќа. Луѓето порачуваат: „Барајте не' на улиците! Живееме во држава каде немаме никаква контрола над својот живот – ги поминуваме деновите во милост и немилост на оние кои некако се истркалале до врвот, оставени сме на нивната каприциозност, немарност или пак ситни интереси. Сите демократски граѓански механизми кои му даваат сила на нашиот глас, кои се мегафон на нашата волја се угушени, се уништени или пак се блокираат целосно успешно. Одземени ни се медиумите, без кои не можеме да креираме јасна слика за нашето опкружување. Живееме во нечиј сон, конструкција, живееме во кошмарот на несигурноста, незнаењето и стравот!“[36].
Ама ова „амбасадорчињава“ наши мислат дека тоа се улиците на Њујорк, или Кентербери, каде се' тече според (веќе здодевните) правила, каде секој може да каже што сака (на одредени за тоа места, се разбира), каде што системот – функционира. Ги заболе нив, да простите, што и како се случува на нашите улици!

**2.**
Затоа и така се однесуваат. Затоа и се избрани за нивни „амбасадори“, додуша „културни“, ама сепак. Знаат нашиве со кого како можат. И кој за што е. И за колку е!
А ние сме, за едниот, само „... две завојувани страни. Едни веруваат дека јајцата треба да се кршат само од тапата страна, а други исклучиво од заоблената. По тоа прашање се води војна од памтивек и луѓето се замразени. Навиваат строго за своите и ги обвинуваат оние другите дека се на погрешната страна на историјата“[37].
Иако, можеби и добро сме поминале. Сме можеле да бидеме и оние Брехтовите луѓе „... со обли глави против оние со зашилени глави“. Опипајте си ја главата, видете во кои спаѓате. Можеби полицијата џабе ве тепа кога вие, според главата, сте – нивни!?
И добро е што човеков ни остава право на избор дали ќе бидеме јајца со зашилени или заоблени страни или сепак „луѓе“, па нека сме и со „обли“ или „зашилени“ глави. Мислам, тоа е таа европска култура – ти дава право на избор. Нашиве таму бргу ја учат. И стануваат многу попроникливи, помудри, го гледаат и тоа што тешко одовде се гледа. На пример, гледаат дека „И двете страни имаат одамна воспоставени системи, хиерархии, војски и полиции, приоритети, агенди, херојски традиции, навики, селективно паметење, здруженија за негување на ова или она, денонoќна индустрија на спин, армија на медиуми, мрежи за комуникација, дресирани клиенти,

[36] Тамара Атанасоска, *Барајте не на улиците*, 8 мај 2015, tamaraatanasoska. wordpress.com
[37] Горан Стефановски, *Пофалба на обратноста*, http://goranstefanovski.co.uk/4653-2/

трабанти, вешти лица, вљубеници и платеници кои се хранат и живеат исклучиво од негувањето и одржувањето на ваквата поделеност. Секој обид да се артикулира и застапува некаква средишна позиција се доживува, напаѓа и отфрла како трула неутралност, пакт и капитулација“! Ние тоа од овде не можеме да го видиме. И мислиме, се разбира погрешно, дека само *оние* имаат оружје, војски и полиции, дека само *оние* имаат индустрија на спин и армија на медиуми.

Но, затоа човек треба да има свои луѓе надвор, зашто од таму подобро се гледа и тоа што не се гледа. Дури тоа и да не е точно, ама *Тој знае*, *Тој* е – од Европа! И бидејќи во таа и таква Европа секогаш нештата се артикулираат мирно и трезвено, а не вака диво како на Балканов, затоа и сме грешеле што не прифаќаме средишна позиција, која и да е’, каква и да е’, па нека е и онаа што дефинитивно означува смрт на слободата. И впрочем, што е тоа слобода? Можеби и тоа е надмината работа во нивните средини?



Нам ни е, ни вели *Тој*, „топло во толпата“. А можеби ним таму им студи? Ама, како да им помогнеме? Немаме време зашто, ете, ко’ ненормални „Тргаме на една демонстрација, па на втора, па логично и на трета, па потоа сме вовлечени во митинзи, манифести, политички говори, прогласи и колумни, па одговори на напади, па контранапади, па силни акции, па уште посилни реакции, па мафтање со партиски книшки, па итни вонредни седници со анализа на новонастанатата ситуација, па широк ангажман со сечење глави на противниците“! И кому тоа му

треба? Само на балканскава беда која решила да се избори за нешто! Тие *таму* тоа не го прават. А немаат ни зошто. Колку ли им е здодевно?

И вака подучени, наполнети со европски демократски дух, можеби сите треба да почнеме да мислиме со неговите мисли, да мечтаеме со неговите мечти: да замолчиме, да си ја негуваме својата меланхолија и весела мизантропија, да сонуваме и зборуваме само за своите дела?! Да „амбасадоруваме“! Кому воопшто му треба нешто друго, нешто од она за коешто, овде, младиве, ама и старите, излегуваат на улици, секој божји ден, како не им е здодевно, и протестираат – а за што, нели? – да си бараме некој друг живот без политика, по можност некаде надвор, да си најдеме некој колеџ да предаваме ... И да, повторно – да „амбасадоруваме“!

**3.**

За разлика од *онега*, другиов „амбасадор“ и режисјор некако ми заличува на еден друг, постар режисјор – ама театарски – но во повој, во пелени, што би се рекло. Со сите предиспозиции да се доразвие како и битолчанецон! Зашто, како и тој постариот, нон стоп плаче и реве, крокодилски солзи реди како него сите го мразат, како е на сите црни листи, како дерман за него нема во оваа земја ...
Ама упорно е тука. И се чуди. И тој, како и оној од Кентербери, се чуди како тоа во оваа проклета (м.з.) Македонија човек „не може, прво, да биде независен, а потоа и независен интелектуалец“[38]? Дури тоа било „страшно, и тажно“. Некој овде како да измешал некој лончиња, особено во поимањето на зборот интелектуалец и неговата улога во општеството. Ама, веројатно тоа сме ние, ние овде во оваа македонска дупка. Зашто, кога човек гледа од Њујорк, на пример, почестен заради „независноста“ со неколку (наши) милиони евра, тогаш навистина е за чудење. Велат, којзнае дали е точно, дека и Британската кралица постојано се чудела како тоа кај нас не може да се биде независен? Независен амбасадор, на пример?!
Ама, тоа не значи дека нашиов е неутрален. Никако, тој “уопште не е неутрален кога се во прашање идеи, ставови, постапки“. Добро, некој лош како мене ќе праша: а извинете, г-дин њујоршки „интелектуалец“, а зарем сега – денес и овде – не се работи за идеи, ставови и постапки? И зарем во Њујорк, и во САД, не протестираат заради убиства на малолетници, заради кражби, проневери, милионски провизии ...? Ама тој всушност да ти бил неутрален само „кога се во прашање племиња, партии, навивачи, групи“! И тој „размислува со своја глава“! Види мајката, што знаеле овие „независни“ интелектуалци? Како ним им изгледал овој „племенски“ танц низ улиците на Скопје?! И со чија / чии глави ли размислуваат ова младиве, па и постарите, низ Македонија? Кое ли слободоумно племе живее во тој Њујорк? Иако, во друга прилика, на пример за Aljazeera, вели дека „луѓето се секаде исти / мали се разликите“! Ама изгледа, навистина, ние сме најлошите?!

И навистина, којзнае како ним, оттаму преку Океанот, им изгледа ова диво племе овде? Нон-стоп се млатат по улици, ене сега гинат и полицајци, и – како да фаќаш страна? И сигурно си велат: ма дај, батали го тоа племе, што такво бараш таму. Освен, се разбира, кога ќе ти затребаат пари. И титули. И ретроспективи. И книги. Тогаш племево, навијачиве и имбецилниве групи се тука да помогнат со по некое милионче. Долари, или евра, се разбира. Ама, всушност, мислам дека тоа му го должиме. Та тој работи само за нас, да не’ прослави низ светот. Иако ние, во принцип, нему и на таквите „независни великани“ им враќаме со најлошо. Прво, ги правиме амбасадори. Потоа им даваме милиони за филмовите, за рекламните спотчиња (апропо спотчињата што ги работел за другарчето му Г......и препорачувам

[38] Милчо Манчевски во Топ тема, Телма телевизија, 9 мај 2015

да се прочита Петар Гошев во „Окно“[39]!), за се’ што ќе намислат, за да веднаш потоа ги ставаме на – црни листи! И никако да разбереме дека човеков „не дозволува парите, нечија суета или политичките потреби да му го диктираат уметничкото дело ...“, па затоа да ти бил „... на црна листа во мојата татковина“! Неверојатно, ама вистинито. Ама, зошто тогаш земаше пари директно од Владата, од другарму Г.? И не знам дали воопшто нешто друго и може да се очекува од вакво племе, овде. Иако, повторно, останува нејасно како тоа него „и левицата и десницата (го) плукале во нивните медиуми и во Собранието“, ама тој да ти работел за „... уметнички дела и мои соговорници и работодавачи се луѓето кои припаѓаат на оваа култура, значи граѓани на Република Македонија“! Ама кои бре брате граѓани, оние племенски суштества, оние навивачи, оние групи коишто, ете, нон-стоп се по улиците? И бараат преку леб – погача? И ги млатат токму неговите финансиери и некогашни другарчиња?!
И кој сега му ја финансира таа монографија од ни помалку ни повеќе туку 650 страници? И која будала ги дава тие пари, ако смее да се праша? Оние што го ставија на наводните црни листи или оние племиња што шетаат по улиците?

**4.**
Ама мислам дека, после подолго време, ми станува појасна работата со овие „независниве“ и нивниот однос кон нас, зависните (од крв, од јад, од војни, од – што?). Тој вели дека „не сака да биде врзан со групи кои се некритични. А ние гледаме дека нашите групи тука се некритични“! Токму нашата некритичност е идејата водилка на „независниве“. Токму нашето (некритичко) отсуство на здрав разум, рационална проценка, валидни критериуми ... е причината што тој не сака да се врзува со нас, ама ни ги сака – парите. Па кога ќе му затребаат, веднаш е тука. И нормално, некритички групи можат ли да проценат што и како треба да направат? (Не, да имаше некој критичен, ќе го / ги избркаше за пет минути!).

**П.С.**
Сето погоре кажано не треба да се доведува во врска со досегашните творечки резултати на нашиве, пардон – нивниве, „амбасадорчиња“. Ама, некогаш е тешко да се оддели човекот од творештвото, нели?
А сепак, не можам да не спомнам дека ако ги соберете сите монографии за Никола Мартиноски, за Петар Мазев, па и за Чемерски, нема да достигнат бројка од 650 страници, заедно! Добро, некој ќе рече: прашање на проценка, на вредности, на мерка ...! Можеби, а повторно, многу ме интересира и текстот на Абаџиева „Концептуални практики во ликовните наративи на Милчо Манчевски“ (?). Мислам, што е многу - многу е’! Па нека е и Манчевски, нека е и Абаџиева!

[39] Петар Гошев, *Оди си!*, ОКНО, 08.05.2015

## НЕСПОСОБНОСТА КАКО СУДБИНА

Не' уби(ва) неспособноста. Вдолж и попреку, од горе до доле, од лево до десно. И метафорички, и буквално. Константно, и историски. Просто – немаме како да се одбраниме! Само погледнете околу себе и доволно е. Или само повнимателно слушнете што и како говори врхушката на власта низ „бомбите“ на Заев. На страна сите други епитети што им ги доделила судбината – од арогантност до глупост, од простотилак до нечувствителност, од идиотлук до омраза – ама неспособноста како да царува. И тоа не само неспособноста да се делува во соодветна (нормална, исправна) насока, туку и неспособност рационално да се промислува, да се чуе и другиот, да се послуша совет, да се согледат ефектите од постапките ... Неспособност да се разбере времето, да се прифати реалноста, да се биде современ народ во современа држава!
Но, не верувам во предодреденоста на лични судбини. Некако, сам човек, во одреден миг, во дадени околности, секогаш може да ја измами судбината, да го надитри дури и ѓаволот. Нормално, со малку среќа. Поединецот учи и на грешките, учи да биде повнимателен, да не верува слепо ...
Ама цели народи – никако. Тие се влечат и низ историјата како долги слепи змии никогаш не пронаоѓајки го вистинскиот излез од пустината. Зашто нивната судбина не е запечатена некаде таму „горе“. Напротив, таа е запечатена тука некаде долу, во нивната неспособност да учат од минатото, да се прилагодуват на историските околности, рационално а не слепо да веруваат, никогаш да не проверуваат. Тие по правило не умеат да изберат. Самите си ја избираат несреќата, самите се кумови на својата пропаст, самите си ја копаат дупката.

Ние како да сме таков народ! Погледнете ја само историјата station наназад илјада-две години и се' ќе ви биде јасно. Или – нема? Односно, да ни беше јасно, ќе ги повторувавме ли истите грешки?
Или – погледнете ја сегашноста. Има ли подобар пример? Историјата и не ни е потребна, се' ни е тука, пред очи. Ако ги имаме да видиме. Ако, повторно, ги немаме ... е па кој ни е крив? Ни се повторуваат години и векови како на филмска лента од браќата Манаки: веќе изветвена, очајно контрастна, тргни – застани ... По којзнае кој пат истите приказни за мали деца, истите измислици и лаги, машината на неспособноста повторно ставена во погон. (Или таа воопшто и не се исклучува?).
Кај нас неспособноста е хиерархиска, по вертикала. Секогаш. Потоа се распостила како излеана река, насочена тече и по хоризонтала. Што ќе рече – неспособноста како да ни е во гените, како да ја наследуваме, или континуирано ја учиме и ја дополнуваме, надградуваме. Некој ќе приговори дека сите народи имаат светли и темни мигови, сите имаат подеми и падови, сите ... не знам што. Арно де, ама сите *други народи* учат на сопствените грешки! И учат од другите. Или барем се обидуваат. Ние – не! Ние како да имаме зацртана (историски димензионирана) линија на неспособност, некомпетентност во пошироки размери, неусогласеност со светските цивилизациски текови. Па дури и за небески „Зета Македонци“ тоа е премногу - ние катастрофално пропаѓаме!
Во еден целосен општествен распад распукан по сите шевови, „системот“ глуми власт. И држава. Како што *оној* сугерира да глумат некаков петпарачки водвиљ околу неговиот возљубен „Mercedes-Benz S600 Guard B6“. Сосе телевизор, за малечките! И за што му е, ќе ги гледа протестите на 17 мај? Собранието пак (демек) работи и избира нови министри, Владата (демек) исто така е залауфана и никој не може да ја сопре во економските подвизи, институциите уште потрагично ги играат довереnите маргинални улоги не баре се главни глумци на сцената ... Владинине

пак подлизурковци го опсипуваат народот со топло-ладна бласфемија за државава како најдобра од сите можни!

Или, можеби, ние (и) на ваквите општествени катастрофи гледаме како на природни појави, па како што лесно се помируваме со природните непогоди – прст божји? – така некако виткаме глава и пред овие нечовечки но судбински животни катаклизми? Можеби, зашто на овие простори сите видови суеверија и атавизми се' уште егзистираат. Фактот дека ние самите *го бираме* злото не менува (пре)многу во тој контекст! Зашто, инаку, зарем циклично би ни се повторувале вакви нешта? И со безмалу исти или слични неспособни типови во главни ролји? Која е разликата во историското perpetuum mobile на овие простори, ова денес и она пред стотина и нешто години на преминот на вековите, или уште стотини години поназад, па ако сакате и се' до Самуила, па и пред него? Кои се разликите? И како тоа само за нас и нам слични важат некакви (напумпани до зла бога) „историски неприлики“, „неповолни времиња“, „меѓународни кризи“, „рецесии“ и слично, како алиби за сите наши неспособности во справувањето со процесите? Па каде, по ѓаволите, изветреа, ако го имало, тој фамозен дух на боговите „зето-македонци“, или мудроста и воинственоста (да не навлегуваме во другите карактеристики!) на големиот Александар?



Да, знам дека „експертите“ од типот на „госпожана“ и некогашниот „уставотворец“, со нивната неверојатна академска алхемија, би имале (демек) многу што да противречат, ама тие, и не само тие, си противречат на самите себе веќе толку години. И не само тие, туку и една цела булумента новоиспилени „аналитичари“ и „стручњаци“ за македонската вековна (не)способност. И како по правило, сите во хор дрндаат против единствениот сериозен историски потфат – НОВ и Револуцијата - кога овој народ (или барем дел од него) се осмелил да ја земе судбината во свои раце. А овие неспособниве шарлатани ќе ги нарекуваат „комуњари“ а не се достојни ни чевлите да им ги чистат? Тој единствен по слободарските референци период настојчиво се брише од македонската историја зашто, всушност, боде очи, излегува од вековниот зацртан колосек на судбинската неспособност. И не само фактот дека токму тогаш дојде до остварувањето на сонот за самостојна држава, и не само тоа, или најмалку тоа, ако сакате, туку тоа значеше вовед во општествена, културна, образовна, научна ... еманципација на Македонија во рамките на постојните Балкански држави. Се разбира дека *и за тој* епохален потфат биле неопходни одредени историски предуслови, особено Македонската Преродба, на пример, ама – видете каде заврши таа: седната на смешни нео-фотелји лево и десно од самонаречената „Триумфална порта“, или нацуцулени како тролчиња на она мизерно мостче што води директно во Јавното обвинителство! Иако, додуша, и кремот на историски поблискиот македонски ум од водечка институција се трансформираше во онаа геријатриска попатна станица наречена МАНУ за по 500 евра месечен надомест!

Нашата актуелна неспособност станува светски егземплар, токму за неа ќе се учи во историските учебници, а не за акциите (како што вели монструмчено) во коишто изгинаа толку полицајци. (И тоа – за ништо!). Цел цивилизиран свет отворено ни посочува каде ни е проблемот, амбасадори нескриено се приклучуваат кон протестите на опозицијата, ама народов – мртов ладен. Како да станува збор за некој друг народ, некоја друга држава. И не само државата туку и народот, особено неговите „лидери“, стануваат светски сертифициран примерок за историски дилетанти и игноранти, за дрва недоделкани седнати на врвните државни позиции. Можеби за Туѓман со право велат дека измислувал (хрватски) зборови, а за еден соседен претседател дека ги движи усните кога чита, ама што да се каже за нашиве? Како денес, после се’, звучи изјавата на македонскиот „претседател“ дека „За оваа група во почетокот на 2015 година писмено информиравме 17 партнерски служби на земјите од Европската унија и НАТО, како и земјите во регионот. Можам да констатирам дека размената на информации, со цел да се изврши превенција на намерите на групата не даде резултат“? И кого тоа убедува „претседателот“, и кој му верува? Нормално, полесно е, повторно, другите да се виновни. Особено странците. И тука божем никаква врска нема нашата неспособност, нашата глупост, наша недоветност, нашиот команден дилетантизам од врвот па надолу, нашиот Ахмети, нашето шурување со мрачните сили на злото ... не, полесно е кога другите се виновни. А особено кога тоа се странците. И нашите, ама оние „другите“. „Мора да се надминат тесно-партиските интереси ... За оваа цел да престанат личните и меѓупартиските конфронтации. Видовме што тие ни донесоа“, настојчиво вергла и даље „претседателот“, поттурнувајќи ја и понатаму вината, сега врз домашните „странци“!
Ние сме, исто така, наклонети неспособноста и сите други „фалинки“ да ги врзуваме за еден-двајца, главно челни луѓе, што во принцип и би било доволно, па со тоа да извршиме мнозинска замена. Не дека прввиве, главниве, не се тоа што се, ама со тоа правиме повторно злосторство амнестирајќи цели ешалони еднакво неспособни дилетанти заседнати на државни позиции. Зашто, кај нас „не се саде тие“. Ги има (пре)многу за било какви амнестии. Впрочем, не постои амнестија за глупост, неспособност, недокваканост и останати „карактерни“ црти.

Кога само би тргнале низ културните институции и нивната персонална карта, не би требале да одиме понатаму. Или, не дај боже, да ги споредуваме актуелниве културтрегери со оние генерации кои пред себе ја имаа задачата да ја кренат од нула македонската култура и уметност пред шеесеттина, седумдесет години! Или кога би ги погледнале годишните (културни) програми, јавната творечка сцена, професионалните здруженија ... Е тоа е слика и прилика на македонската неспособност!
И затоа: уште колку „бомби“ ќе бидат потребни, уште колку докази за неспособноста, за криминалите, за узурпацијата, за хохштаплерајот на целава гарнитура, за сите ешалони кои сплотено дејствуваа(т) во насоката на уништувањето на земјата и она малку (фала му на бога) нормални луѓе? И што тие би промениле? И ова што досега го слушнавме и видовме е без преседан во современата (барем) европска државна историја, верификувана диплома за сите можни светски рекорди во глупоста, неспособноста, во лагата и измамата ама и (до)вербата на еден народ, во шизофрените идеи но и манијакалната сплотеност на власта и дел од „интелигенцијата“, на општото губење и образ, и достоинство и историска одговорност за идните генерации. За жал, тоа едновремено може да значи и конечно губење на последната верба, и смисол, и чувство на чест и обврска токму кон оние млади кои покажаа како треба да се реагира. Затоа, овој 17-ти, којшто монструмчето намислило да го гледа на мониторот во својот скап Мерцедес, треба конечно и еднаш за секогаш да покаже - сме или не сме!

Во (пре)широката лепеза на нашите (судбински) неспособности, последниве месеци особено дојде до израз неможноста, неумеењето / неспособноста да ги препознаеме нештата во мигот на нивното настанување / п(р)ојавување на општествената сцена, нашиот веќе вроден далтонизам во старт да не ги согледаме сите колоратурни нијанси на маските на измамата. Плус, нам по обичај црното ни се гледа бело, злото добро.
Или, ако сакате, не можам да кажам дека бев претерано изненаден од некои локални самонаречени политичари и нивните обиди сега (сосема неуспешно) да си ги перат гревовите за погрешните проценки, за лошо одбраната страна (што во случајов звучи само како деминутив), за садењето тикви со самиот ѓавол. (Ако сакате пример, ене ви го, најдобар: ДОМ ќе учествува на протестите на опозицијата!). Но и кај многумина рационални, разумни и следствено на тоа сериозно профилирани политичари и интелектуалци забележлива е, се’ уште, дозата на неверување, збунетост, зачуденост од развојот на нештата во т.н. „бомби“, од разоткривањето на самата суштина на овие персони кои толку години се претставуваа – а и ни ги претставуваа! - како македонска политичка елита. Та дури и Заев (пре)често ни сугерира да сме слушнеле „до каде отишла“ забеганоста на Груевски и врхушката! Овде забеганоста не отишла, не ескалирала, таа е тука од самиот почеток!!!
Зборот ми е: навистина ли веруваме дека дотичните биле нешто друго, та сега се исчуручиле; зарем некој навистина сака да не’ убеди дека доброто туку-така, преку ноќ станува лошо; зарем е можно нивните проценки да се толку драстично различни за само неколку години? Не верувам, зашто такво нешто не е можно. Односно, можеби е можно во сапунски опери и турски серии, можеби е можно и во крајно стресни тоест драматични пресврти во животот на единката, ама – до толку? Поточно – до волку, едни (наводно) примерни политичари да се престорат во криминалци, една партиска елита да се трансформира во група преваранти, бајчиња преку ноќ да навлечат волчја кожа? Можеби и тоа е можно, ама само во нашите нерационални умови.

Или, ако сакате, како е можно (како што не' убедуваат некои) во првите години „премиерчето" да ти било за пример, а после се' почесто му текнувале парапети среде Охридско езеро и сите други глупости што денес се општонародно „богатство" слично на оставштината на Итер Пејо? Или, како што пишува друг, во него прво да гледале современ (иако тој отсекогаш да ти бил барокен), млад (се покажа дека и тоа може да биде мана!), менаџер (што ли изменаџирал?) и човек (веќе и тоа е доведено под прашање), а потоа тој се престорил во својата спротивност. Како може да се размислува дека „Епизодата со Хунзите ја сметавме за детска фантазија, апсењата на неколку деловни луѓе од СДСМ за битка против корупцијата а ситните екцеси со контролата на медиумите како логичен реванш кон претходниот режим"? Па зарем некој / некои навистина мислеле дека е нормално да ги сметаш Хунзите за побратими од детската фантазија, а пак ако била навистина детска зарем дете ни требаше на премиерската фотелја? Или дека апсењата на неколку луѓе (ама само од СДСМ!) да ти било „битка против корупцијата", а сета останата олигархиска багра да се остави и понатаму да хара низ македонското секојдневие? И зарем посакувањето „контрола врз медиумите" може да биде само „екцес" (и впрочем гледаме каде тој „екцес" не' доведе) и зарем една сериозна влада треба да се бави со реванши кон други политички партии, особено опозициски?
Или, ако сакате, како звучи ланската карактеризација за македонскиот „претседател" („Не си подготвен да бидеш независна личност, немаш желба да излезеш од рамките на партијата, стана човек без нови идеи од полза за иднината на Македонија. Забележувам дека сакаш да бидеш повеќе зависен отколку слободен и дека повеќе го гледаш личниот, а помалку јавниот интерес") дадена од неговиот ментор кој пред повеќе години го предложи и поддржа за таа функција? Зарем главните карактерни црти кај еден возрасен човек – што ќе рече: над педесеттата година - можат толку драстично да се променат? Ако човекот вчера не бил подготвен да биде независен, зарем бил пред пет години кога го предлагале за функцијата, и како може човек од идеи да стане „човек без нови идеи" ...? А кога пак ги слушам бајковитите прикажувања на некои возљубеници за комунистичко – социјалистичкото минато на истава тутурутка, па како Македонија била среќна што има(ла) таков човек во младински и други партиски форуми на Југославија (коишто овој настојчиво ги крие во неговата биографија!), просто ми се повраќа. Да не говориме за интелектуалните капацитети на дотичниот, начинот како влегол во факултетските структури и сл. И некои мислеа дека од таков „материјал" се прави претседател, ама после увидоа дека се / не' излажале?!

Ние дефинитивно боледуваме од вредносен далтонизам. Не умеме (или не сакаме?) да препознаеме вредност, доблест, стручност, професионалност, чест, одмереност ... И можеме да продолжиме во истиот стил и да прашаме: а кој беа интелектуалните потенцијали, човечки вредности, професионални постигнувања на безмалу сите овие кои денес ги слушаме и читаме низ транскриптите и коса ни се крева на глава. Се гадиме и од нив и од самите себеси. Како тоа никој не знаеше кои се и што се овие кои цели девет години и' ебаваа мајката и на државата и нам? Како тоа преку ноќ се станува заменик премиер, министер, директор, амбасадор ... само и единствено заради партиски заслуги и климање со глава? Што во животот сработила, кои се резултатите на онаа која сака да истребува цели дваесеттина проценти население? И на сите оние бараби кои, со име и презиме, уживаат да го заиграат танцот на смртта на македонска почва? А оној кој, според сопствено признание „колку повеќе гледа толку помалку разбира", па уште и тајно смислува ново сложено име за државата? Та зарем тој шустер – поносен „германски ученик" со ситнособственички селски менталитет – ќе ни ги решава највиталните национални прашања?
Дилемата пак дали не умееме или *не сакаме* ја поставувам само условно, иако сум сигурен во одговорот, сигурен сум дека таа не игра кај нас. Или – барем кај еден

поголем дел нас. Не дека ги нема, и тоа во голем број, и оние кои најбезобразно не сакаат да ги видат фактите, не сакаат да ја видат вистината за нивните пулени, уште помалку сакаат да ги читаат транскриптите. Зашто, демек, биле сечени, лепени, монтирани ... Ама оваа власт не е? И сечена, и лепена и монтирана?
А ги читаат, гарантирам. Зашто и тие се радознали да видат до каде може(ла) да оди човечката идиотштина, колкав замав земала манијакалноста на нивните „играчи". И после тоа добро да го уновчат. Но тие целат на други цели, тие ги слават заради други причини. Зашто само меѓу такви уличари можат себеси да се видат како нешто значајно, како нешто важно за македонското општество. И да ќарат нешто, се разбира. Крупно, ако може! Впрочем, тоа е таа (сепак мала) група која што хистерично бараше превреднување на вредностите, бараше нов вредносен систем со барабиве на чело, пишуваа и говореа панегирици за најголемите криминалци во македонската историја. Со нив го градеа новиот вредносен систем! Преку нив и тие се гледаа како властодршци. На лагата, се разбира.



И кога списокот би застанал тука, кога би можеле да кажеме: е па добро, сепак беа малкумина во споредба со толку народ. Ама – дали е така? А онаа булумента т.н. државна администрација која што овие ја напикаа во системот и којашто, спред некои, брои дури двесте илјади (загубени) души? Зарем тие се во нешто подобри од првиве? Па ако тоа се помножи „пута три", па ако тука се додаде една сериозна бројка којашто сосема успешно „соработуваше" во сите криминали со властодршциве, од бизнис секторот до „уметниците", до која цифра би стасале? Па ако ја додадеме онаа (не мала) групација пословични скептици и неранимајковци кои уште се држат до тезата дека тие ја бранат државата а некој друг (читај: опозицијата) ја урива, па сите оние ремонтирани трабанти од некакви групички и

партиички подготвени и за сто евра да сјебат се' што ќе им се нареди ... тогаш до која бројка би стасале? Се разбира, тука ја имам предвид и извонредната поента на Васил Мицковски дека „новинарите се само посредници помеѓу елитите и пошироката јавност и дека нивната основна задача е да ги разбиструваат работите...", но и луцидниот негов заклучок дека кај нас тие одбрале само да „ја забавуваат и да ја залудуваат публиката".
Не дека сум песимист – иако сум, барем во овој поглед – ама иднината ќе биде тешка, за многумина. Кој и како, (ако веќе до сега не успеал), ќе им докаже на овие далтонисти дека се' што лета не се јаде? И всушност, се лечи ли е далтонизмот, воопшто? Се разбира – не, барем на кратки патеки. Ваквиот тип на далтонизам е прашање на време, на стабилни системи, на освоена и практицирана повеќедецениска демократија, на (ре)валоризирани вредности.

Никој не може подобро да сведочи за некого од неговиот промотор, од неговиот ментор, од оној кој некогаш – заради разни причини – го поддржувал, го охрабрувал, дури му помагал. Затоа и го наведов (сегашниот) став на проф. Шкариќ, менторот и предлагачот на нашиот возљубен „претседател", наспроти карактеристиките што му ги припишуваше (со уште еден маалски „филозоф") за време на кандидатурата.
По истиот шаблон, еве што (сега) вели Сем Вакнин, некогашен промотор на нашево подеднакво возљубено „премиерче": „Беше отсутен и не многу бистар. Беше воздржан и несигурен. Еден вид менаџер од средно ниво"! Не дека и сега е нешто многу побистар и поприсутен, ама затоа – гледајте го, му пркоси на цел свет! Баш ко малине деца кога ќе се налутат и не сакаат повеќе да си играат со другарчињата. Дури ни со најблиските. Овој, на пример, ги избрка и од Владата и им ги зема играчките. Сега ќе си игра сам. Сам против сите! Некои велат дека големината на човекот се гледа во поразот. Каква црна големина, каква човечност?! Видете на што спадна. Не верувам дека ни родената мајка може да го препознае. Или – може, таа најдобро знае што ни сместила?
Но не е овде проблемот само во него. Замислете што се' би имале да кажат пријатели, познаници, учители и учителки, професори и професорки и за сите други бараби кои девет години ни се качуваа на глава? Што се' би можеле да чуеме за карактерите и интелигенцијата, воспитувањето и културата на сите оние (квази)министерчиња, (квази)директорчиња, (квази)пратеничиња и (квази)советничиња кои продефилираа сосе нивната глупост изминативе години? Или – доволно ни беа и „бомбите"? Веројатно!

Не сакам да кажам дека во минатите влади и владеења гледавме и слушавме само Ајнштајни и Тесли. Напротив! И тогаш, и таму, ни се креваше коса на глава од разноразни недоквакани типчиња заседнати во фотелји врз основа на некакви неразјаснети „квалитети". А факт е дека и во сите европски влади од сите провениенции седи по некој тупак кој служи како забава за народот. Ама, некако, мнозинството го „покрива(ше)" малцинството.
Сега разликата е во тоа што глупоста ни стана правило, принцип, систем – заседна во Влада, Собрание, локална самоуправа - (пот)просечноста се претвори во квалитет и суштински предуслов за место на општествената сцена. Се разбира, тука, пресоблекувајќи се во од, веднаш се вклучија и сите паљачовци од минатото и искривената слика си го доби финалниот изглед. И да, во прво време сето тоа изгледаше смешно ама некако и наивно забавно – ви текнува, на пример, на оние еден по друг министри за култура Илиријан и Џемаили, како извонреден пандан на некогашниот незаборавен комичен пар Димитров и Чоревски? – се гледаше од авион дека луѓето се втурнати во некаква авантура од којашто не знаат како да се извадат. И не знаат што да прават со себе. Беше забавно се' додека не почна да станува трагично, за да на крајот добие монструозни размери, денес разоткриени

низ т.н. „бомби“ на опозицијата. Зашто, ако првите беа дури симпатични во незнаењето и неснаоѓањето, овие се развија во приглупи ешалони што следат една и само една наредба – онаа на „лидеро“.
Од друга страна, не смее да се заборави дека, ако „лидеро“ беше болниот ум на, на пример, „Скопје 2014“, едно чудо потпросечни Канчески профилчиња беа (и се’) послушните рачиња што плескаа(т) и „остваруваа(т)“! Ако оној „прилепскио сељак“ командаше со сите изборни далавери и растрчани провизии, имаше уште стотици извршители кои слепо се покоруваа на секоја наредба.
И целото началство уживаше полтроните да ги викаат „министре“, „министерке“, „претседателе“ ... ќе си venечеш дека се, во најмала рака, функционеришта на германската влада а не обични уличари и криминалци! А впрочем, така се создаваше и задржуваше власта: со тотално упросечување, дури потпросечување на се’ што мрдаше во нивна близина, така што тие можеа да делат ум и по некоја шега на рајата. Сето друго околу нив требаше да биде мало. Психологија на оние мали мажиња кои се пентарат на штикли за да изгледаат повисоки! Затоа и во нивната околина немаше сериозен, култивиран квалитет што ќе можеше да соопшти различен став, евентуално да направи некаков пресврт, што ќе можеше барем за педа да отскокне од околината и да посочи дека царот и неговата свита се дибидус голи, и боси. Затоа, впрочем, им требаше и таков „претседател“ – ќутолог, такви полуписмени обвинители, судии, „аналитичари“ кои не умеат да изанализираат ни сопствен испрдок! Затоа впрочем во државава секна секаква дебата – особено полтичка, онаа „очи в очи“ со *другиот* – а особено демократска, од јавноста најперфидно беа исклучени сите кои мислеа поинаку, особено ако тоа мислење беше / е’ стручно и аргументирано!

На сопствена „мерка“, односно по правило и под неа, сведоа се’ живо што требаше нешто да значи во државава. Ги сведоа, ги упросечија, и мртвите. Мостон на „уметноста“ е типичен пример за таквиот начин на „размислување“, при што и мртвите треба да се сведат на една мерка, по можност на оваа на живите. Па така испадна дека Личеноски и Мартиноски да ти биле некако исти по раст, блиску им е и Мазев, па Кондовски ... и останатите некогашни бардови на македонската култура и уметност, сега сведени на дпмнеовска квази-мерка на денешнината. И никој ни „а“, ни „б“! Сигурен сум дека овие ни знаат ниту пак чуле за тие имиња, уште помалку ги интересира нивното дело, се’ додека се „остварува“ и „надградува“ и течат договорените провизии.
Впрочем, културата и уметноста се можеби и најдобриот пример за овој целосен распад на македонските вредности – политиката и онака никогаш не ни била силна страна - на настојчивото и планско упросечување на потенцијалните вредносни репери кај нас. Како инаку, и зошто, сето она ѓубре замислено како уметност во центарот на градот ќе го правеа анонимуси и дилетанти без едно сериозно верификувано дело во нивните „биографии“? Се разбира, и во тој потег имале пред се’ скриени лукративни цели (инаку, зарем ќе можеа така да командуват со сериозни уметници и да им бараат поврат на средства и / или подоцнежни донации?), но и идеја на „народот“ да му се покаже дека тие можат преку ноќ да урнат секаква вредност кај нас и да воспостават нова. Нивна! Ќопава, саката, ќорава, слепа ... ама нивна!
Не сакам овде и сега да го коментирам *нивното* образование и до сега покажано знаење коешто всушност е основниот репер и за нивните дневни општествени „активности“ и потребата од целосно упросечување на државата. Но, тоа е (нај)битен индикатор и „аргумент“ за сите случувања во државава последниве девет години. Или, потсетете се на „компетентнион“ за се’ „министер“ Тодоров! Но, настојчивото верглање во празно, убедливото (за многумина) тртљање за некакви (најчесто петпарачки) проекти и (квази)остварувања, создаде фама за некаква стручност и компетентност, за некаква работливост кај најголемиот дел од

полуписмените фанови. Кога кон тоа ќе се додаде умешното купување на луѓето преку бенефиции, работни места (за мизерни плати), субвенции и слични во основа коруптивни марифетлуци, се комплетира македонската жална слика.

Оттука јасно е како може(ла) да функционира една така упросечена според незнајковци држава. И таа и таква упросеченост беше консеквентно спроведувана од врвот до дното, со инсталирани чувари на просечниот дух во сите институции и сегменти на власта. Секое извишување беше казниво! Така впрочем функционираат и сите други авторитарни режими. Затоа и се создаде атмосфера дека секој, ама баш секој е стручен за се' – само ако посака (и има партиска книшка, се разбира), дека секој разбира се' и може да „аргументирано" да коментира од геополитика до уметност итн. И добиваше аплаузи!
Затоа и оној убоги Дојчин може да тртља за некаква библиска земја и луѓето кои ја водат (?), онаа распојасана „глумица" која глуми верничка да вреска и игра пред Собрание, типови од форматот на еден Двоцевски да продава ветер и магла за новите македонски вредности итн. Затоа и примитивци ни пишуваат учебници каде „Татковина е наследство, а истовремено и состојба на поседување на земја, територија, духовни вредности и содржини кои ја сочинуваат културата на еден народ. Република Македонија е нашата татковина", каде Грција излегува и на Јадранско море, итн. Затоа, впрочем, и овој и оваков центар на некогаш модерно Скопје, затоа впрочем и „културна" манифестација „Денови на Крали Марко" во Прилеп, затоа впрочем и сите оние ракијади и пастрмајлијади, за да го држат народот во солиден приземен дух!
Оние пак неколкумина вечни клиенти кои веќе свикнаа да служат секогаш и секому се подеднакво упросечени во мислењето коешто мора да одговара на званичната линија. Како инкау оној кутар екс-амбасадор би смислил дека „Од првиот момент, Вашингтон не го прифати Груевски бидејќи не беше спремен за прекрстување на земјата и разнебитување на македонскиот народ"[40], а овој увелико не само што ја прекрстува туку и ја изнесува на Белизе? Или уште помалоумната изјава дека „Ако опозицијата, со нелегални средства, добие техничка влада и, сепак, дојде на власт, нема да профитира – ќе ја рушат на ист начин, со сила. Во меѓувреме, државата ќе пропаѓа". Мислам, колку човек треба да се успросечи, колку треба да се клиентизира, колку да се понижи себеси за да се спушти на рамништето на оваа и ваква македонска „идеологија" и „политика"?

[40] Ристо Никовски, *Нелегални акции не носат демократски дострели*, МКД.мк, 17 мај 2015

## СРЕЌНА СТАРА ’48

**1.**

Не знам што треба човек да направи кога му паѓаат на ум исти или слични идеи како и онаа булумента подопашници? Во различен контекст, се разбира, и со сосема друго значење, ама сепак?! Да се подзамисли, да престане да мисли, да не му придава големо значење на тоа? Веројатно последново би било најпаметно, иако ме јаде јанѕа од каде слични мисли во две тотално различни глави. Пу, пу, скраја да е да заличам на *нив*!

Како и да е’, од понеделникот односно од „епохалниот“ говор на „премиерчето“ ми се врткат неколку мисли за коишто (си) барам објаснение. Прво, севкупната реторика (ако и тие „искази“ и тоа дерење спаѓа под овој поим!), па подгреваната атмосфера, па одделни акценти ... сето тоа ми заличуваше на оние (видени во филмови и прочитани во книги) мрачни години во некогашна Југославија / Македонија кога, велат, се водела жестока рововска (не само) кампања против тогашната (народна!) власт од страна на земјите под капата на некогашниот СССР. „Коба“ и компанија никако не ги бендисувале Титовото спектакуларно „НЕ“ и определбата за самостоен пат во комунизмот преку станицата наречена социјализам. (Иако некои историчари тврдат дека тоа бил прецизно исконструиран / договорен „судир“ со цел да се заплаши народот и да се сочува власта. Ама нејсе, историјата денес ја злоупотребува кој како ќе стигне, па и незнајковци, што јасно и гласно ни покажа, на истиот митинг, „историчарканa“ бранејќи го, ни мање ни више, туку – Јануковиќ!).

Исто и сега: надворешни притисоци, странски служби, домашни предавници ... атмосфера ко од филм или (петпарачко) романче за 1948. И како што тогашните комунисти во онаа Југославија победуваа, еве сега и Македонија со денешниве „конзервативци“ победува (со задолжителната додавка „пак“), односно: „Македонија пак победува“! (Кога ли претходно победувала, и во што, освен себеси, особено последниве години, не можам да се сетам?). И пак „Македонија силна“, и Македонија не-знам-каква, и пак ќе ги згазиме душманите, па не ја даваме демократијата (која црна демократија?), па ... не чув само дали пак ќе отвориме друг Голи оток. Зашто, со овие “странски слуги“ и „вазали“ кои  фрлаат такви непатриотски бомби и залегнуваат во рововска битка баш пред најсветото нешто кај нас – стиропорната Влада – очигледно нема разбирачка.

**2.**

И ко за беља, уште неседнат да си ги напишам импресиите, читам: „ Во 2015 година Груевски е во иста ситуација како Јосип Броз-Тито во 1948 година. И фамозниот наратив е речиси идентичен. Во 1948 година улогата на денешен Брисел во „слободна Европа“ ја имаше Коминтерната одговорна за Источна Европа, односно за делот од поствоениот колач од држави што му припадна на Советскиот Сојуз. Југославија павташе помеѓу двата воени блока. Сталин таквите како Тито и Јанош Кадар, кои сакаа да останат во безбедносно-политички вакуум, ги повикуваше на тегнење уши во Москва. Тито одби да оди во Москва, каде што го чекаше свилен гајтан. Во сеќавањето на луѓето и историјата остана да грми историското НЕ во услови кога Југославија ги лекуваше раните од војната, уште ги расчистуваше урнатините, плачеше по мртвите и исчезнатите, а голем дел победнички комунисти се крстеа во Сталин како нивна атеистичка икона. Тито го стекна светското уважување благодарение на неговата способност да донесува храбри и болни

одлуки секогаш калкулирајќи ја како предност поддршката на народот. Затоа е во списокот на великаните“[41].

Добро, ако мене ми заличело на „Среќна стара 1948“, можело да му заличи и на друг. Па нека е и на партизанкана. Ама, малку усул во споредбите, малку објективност, малку (само)критичност, малку (само)контрола? Јас признавам дека слушнатата „реторика“ на 18 мај ме сепна, малку ме подисплаши зашто, ако е да се верува на историските извори и на сведоштвата на преживеаните, благо е да се каже дека тоа биле прилично лоши времиња. Војници гинеле надвор, на граници, луѓе биле затворани внатре. И сега некој одново ги посакува, денес и тука? И ќе не' подготвува за „нешто“? Како на пример: „Не ве плашам со војна. Туку ве советувам да се подготвите како да ќе ја има. Паника и страв не помагаат, ами рационалност, присебност и спастреност. Имаме психолошка предност на луѓе што ги бранат своето достоинство, слобода и право на мир и живот. Имаме и мотивација. Имаме и самодоверба и искуство. Отпорашите се веќе неутрализирани и изолирани оти се препознаени и темелно демаскирани. Соседите ни се добро познати по капацитет. Сега ни преостанува да видиме дали Американците во предизборно лудило ќе ризикуваат од Балканот, а Македонија како повод, да почнат европска или светска војна поради еден гасовод и една пруга и така да си ги одмерат силите со Русија и Кина“?! Според онаа (повторно) на Тито (кого до вчера најсочно го плукаа како најголем непријател на Македонија): „Работите и живејте како 100 години да ќе биде мир, ама подготвувајте се како утре да ќе има војна“!? Ало, вие нормални ли сте?!

**3.**

И кој со кого ќе војува, баш ме интересира? Дали партизанкава ќе излезе да се бори или ќе ужива гледајќи како гинат млади деца, оние од „неутрализираните отпораши“, оние од онаа „другана страна“? И како тоа нашево воинствено „премиерче“ да ти било плукнат Тито кој не сакаше да оди во Москва („каде што го чекаше свилен гајтан“), кога овој на првиот свиреж прв стаса во Стразбур (како да го чекаше некакво одликување, можеби?)? А и оние претходнине, исто на првиот свиреж, директно на поклонение, па на оставки, кај „душманите“ во Американската амбасада? Или – тоа не е за кажување, не мора баш секој да го знае?

И кои сте впрочем тоа „вие“, вие што сте „имате мотивација“? А – за што, ако смее да се праша? Или не смее? И ќе објавите ли каде го планирате тој ваш нов Голи оток, барем семејствата да знаат каде ќе ги носите луѓето? Зарем лудилото стаса до таму отворено да се повикува на војни? И никој ли нема ништо да каже апропо тоа? По којзнае кој пат ли ќе ја гледаме македонската црнила каде сите се злосторници само ние сме правите? До кога ќе ги преповторувате во болните глави и 1913, и 1918 и 1948 година?

И се' ми се чини дека токму еден од „нив“, не сакајќи, ни го дава вистинскиот одговор. И иако мислев дека никогаш не ќе се согласам со некој став на нашион локален Минхаузен алиас Станковски, ама ете, овој пат морам. Зашто тој сосема прецизно констатира: „Во моментов нашиов дел од оваа гигантска светска мрежа на информативна џунгла со несогледлива магнитуда потсетува на една мала бара, преполна со разни суштества, адаптирани на овој смрдлив и влажен простор, од кој најголемиот дел се подобни на жаби. И тоа, жаби–крекачи, на кои со непоимлива инфлуенца влијаат најеклатантните хохштаплери, платеници, политички мршојадци и болно амбициозни луѓе, без основни морални и стручни доблести“[42]!

Каков групен автопортрет, ремек дело! Едноставно, не можете да поместите ни точка ни запирка, цртка уште помалку, да најдете евентуално забелешка на еден изречен / напишан збор. Освен, се разбира, на генералниот контекст, на општата

[41] Мирка Велиновска, *Груевски се сретна со својата 1948 година*, zurnal.net, 21 мај 2015

[42] Александар Станковски, *Бара*, Утрински весник, 18.05.2015

насока на искажаното, таргетот на неговата омраза. Не гледајќи се себеси и „своите“, сето тоа се, според него, токму „оние другите“, оние кои кампуваат пред неговата возљубена стиропорна влада и особено нивните инспиратори, па оние кои нему и на неговата подопашна свита често им противречат контра минхаузенштината и валканите селски конструкции, контра нивните отворени повици за крвопролевање ... Ама човечево заборавило дека е сликар и дека постојано се слика себеси! Барем да не му е попусто и прекарот „Рембрант“!

**4.**

Која е разликата помеѓу светот и нас? Ко „Бог и шеширџија“, вели една (точна) српска поговорка. Гледајте, светот почнува да размислува за *едно знаме*, а ние не можеме се’ уште да се откачиме од она од Вергина. Додека светот се глобализира, ние се локализираме; додека светот оди на други планети, ние одиме во Паљурци, или евентуално кај Хунзите; ако за светот државата полека станува транснационална и без граници, ние / „тие“ не можат да го смислат ни роднината свој ако мисли поинаку; додека светот се организира како да го сочува туѓото културно наследство од разни талибанци, нашиве домашни на државно ниво уништуваат се’ по список ...!

А во двава тажни случаи не станува збор само за вообичаената, дури очекуваната македонска неспособност да се согледаат нештата во поширок (барем европски) контекст, да се сместат во реално време и простор а не во 1913 или 1948, да се направи обид да се помести централната точка од „јас“ на „ние“, а понатаму и „тие“, оние „другите“ кои треба да се газат. Не, зашто овде, веќе толку години, станува збор за една невидена себичност на една мала група минхаузени, локални бараби, лукративни подлизурковци кои се ставаат себе си пред сите други, нивните потреби пред општите очекувања, нивните гнасни прсти пред рацете на другите. Зашто во моментов Македонија е токму една застојана „мала бара“ во којашто, наспроти светот, крекаат неколку отромавени од гнетење „жаби-крекачи“, дремливо залегнати во македонскиот информативен простор, чекајќи го вообичаениот поттикнувачки звук на сребрениците пред уста да отворат.

Но тоа и е’ суштината на „жабата-крекача“. Таа мисли на стомакот дури и кога нема излез, кога се’ е готово – а готово е! – кога цел свет отворено се згрозува од нашава реалност. Ама светот е, нели, фашизоиден и само ние односно „тие“ се добрите, исправните, патриотите ...

Можеби најсоодветно резиме за тажниве „сочиненија“ е токму курдско-турската приказна за жабата-крекача и нејзините навики. Елиф Шафак (во „Чест“) раскажува за жабата-крекача фатена од група деца и поклопена со стаклена тегла „под која таа седела скаменета од страв“, чекајќи ја незибежната смрт. „Тогаш едно момче извадило полжав од џебот и го пикнало под превртената тегла. Жабата веднаш заборавила на својата мака и му се настрвила на пленот ... Жабата скокнала еднаш, па уште еднаш, и го фатила полжавот. Пред очите на децата десет разврескани деца, жабата го лапнала полжавот, додека од устата и’ течела леплива, лигава слуз“!

## ШАРЕНА ЛАГА!

**1.**

Во многу, речиси во сите („историски“) реплики на нашиов главен архитект на актуелниве македонски јад и беда, е содржана *суштината* на општонародното секојдневие последниве девет години, но и самата срцевина на идејата, мислата, начинот на практикување на власта во дадениот период. Што и да издвоиме, не само од фамозните „бомби“ што речиси целосно ја разоткриваат интелектуалната и моралната беда на овие, можеби нема да биде доволно добар пример. Ама последново - е’! Последново е шампион, бисер, златна палма или златен лав (како сакате), оскар ... Целата идејна беда, целата неспособност, безидејност, дилетантизам, бездушност ... но и измамништво, покондиреност и лажен сјај, е содржана во фамозната реченица: „*како да е мермер, а не е мермер*“!!!

Таа е најдобриот надгробен споменик на „големите луѓе“ од актуелнава власт, на сите нејзини „политики“, на вкупниот нивни придонес во разнебитувањето на земјата, но придонес и на сите нивни ешалони во демолирањето на се’ што допреа во државава. Таа е, впрочем, и основната идеа водилка на таквиот тип луѓе - пробисвети, трчи-лажи, неуки и необразовани ама самобендисани сезнајковци, умислени архитекти и планери без елементарни познавања од што и да е’, луѓе без основна култура и воспитување! Опозицијата треба да направи беџови со „историската“ сентенца и да ги дели по улици, почнувајќи прво, се разбира, од Владата, преку Собранието, другите јавни институции ...! За пример, за другите, но и за себе.

**2.**

Зашто, всушност, кога „малите човечиња“ ќе погледнат наназад низ годиниве, баш се’ беше „како да е мермер, а не е мермер“. Од горе до долу, од лево кон десно, од напред кон назад. Се’ што измислија се покажа како жива превара, што и да кажеа баздеше на лага и измама, се’ што направија излезе фалшиво како фалшив мермер. Можете да правите какви сакате ретроспекции, да се мислите ден и ноќ барајќи нешто што ќе заличи на пристојно завршена работа, на заокружена активност, на сериозно обмислен проект, а повторно и повторно ќе налетувате на шарената лага, на лажното злато, на она „како да е мермер, а не е мермер“. Не верувам дека кој и да е друг период во македонската историја ќе може да се овековечи на тој начин, со само една реченица којашто ја отсликува суштината на идиотизмот на овој период. Сите оние глупости што ги тресеше безгласнион глумец во Вилана на Водно од типот на „космодиск“ и “разумен компромис“ се нула, ништо, детски работи во однос на мермеров.

Напросто: ги ококорува очите, го разбиструва умот и кај оние кои тоа никако не го сакаат, а мораат да го слушнат. И сите нешта станувaа дефинитивно јасни, ако веќе некому му биле нејасни. Сите овие поарчени години, сите толкави буџети, целата оваа „преродба“, „надградба“ и „доградба“ да ти биле токму за приватни шарени целофанчиња, за фалшиви мермери, за нивни интерни и екстерни неморални заебанции. И за сметки, во странство, се разбира! Не само што не постоеле стандарди и критериуми, морал и образ, вредност и квалитет - за знаење е илузорно и да се помисли - туку сиве овие иљадници денови им биле само „за да ние си правиме што сакаме“. И правеле, што е уште пострашно. И немало кој да ги сопре, што е најстрашно. А сите, или повеќето, гледале дека мермерот не е мермер, дека системот не е систем туку хотел промаја, дека законите се холандски „ементалер“, дека буџетот е само фина форма за џепарлак на неколкумина ... Гледале и оние т.н. бизнисмени кои сега ги кријат валканите раце, и оние ситни

политичарчиња кои им седеа в скут, и онаа булумента судии, и професори и остала гребаторска багра ... гледале сите како се калеше челикот што не е челик туку обична тоалет хартија, како се гради со нешто „*како да е мермер, а не е мермер*“, гледале и слушале како се брише и допишува културно наследство, како стиропорот се прогласува за градежен материјал број еден, гледале и слушале како неколкумина полудени му ебаваат мајката на цел еден град, па и на држава, и - молчеле!?
Затоа констатацијата на Тричковски дека во „... Македонија може да се смени власта, но не може да се смени Македонија“ е шокантно вистинита. Дека „... Македонија си ја носи својата смрт со себе, дека и кога ќе умре ќе продолжи да се труди да се убие!“.




(Илустрацијата е позајмена од demotivacija.mk.)

**3.**
Дали барем сега, денес, после се’ што слушнавме и за мермерот и за се’ друго, ќе стане некој од македонскава „културна“ заедница да каже, или да праша: кој, како и зошто го бришеше и допишуваше културното наследство? Ќе излезе ли барем еден од онаа фамозна калакурница наречена Управа за културно наследство, или скопскиот им пандан, да каже - „да, јели смо говна“ и се срамиме од тоа? Останала ли барем ронка професионална етика кај некого, или уште како глувци ќе се кријат и ќе ги слушаат налудничавиот главен архитект и неговата полуписмена лева рака која глуми г-ѓа министерка ? Или ќе чекаме „чудо“ како она (се’ уште нерасветлено!) во „Св. Димитрија“ па мермеров што не е мермер да се престори во аслимермер, онаа (и формално и фактички) „качак Влада“ да се ре-трансформира во тоа што беше, а скопските фасади магично да се вратат во првобитната состојба? Онака, сами од себе!?
Ќе проговори ли некој, сега или некогаш, и за сите други „мермерни проекти“, од културната, образовната, научната, здравствената сфера, за сите оние фрлени низ ветер пари без резултат? За сите оние томови и томови (квази)книги, за сите оние испрдок изложби и театарски претстави, за сета оваа „како да е култура, а не е култура“, за сето ова „како да е образование, а не е образование“, за сета онаа „наука“ што откриваше зети-македонии и гробови на Ацета велики, што „толкуваше“ одамна толкувани текстови и допишуваше „херојски“ страници во македонската историографија?

**4.**
Нема да ни биде којзнае каква сатисфакција што, велат, „големиве“ се на заминување, им се гледал крајот. Зарем може да има сатисфакција после една ваква катаклизма, после едно вакво општо лудило со учество на сите државни институции, на МАНУ, на Универзитетот и оние други универзитетчиња, на (речиси) целата македонска интелектуално гребаторска елита која буљеше во мермерот што не е мермер, ама како да е мермер, и - ракоплескаше? Која што гледаше како се упропастува еден град и цела држава, како се уништува едно културно наследство за да се озваничи стиропор и не-мермер, која што се редеше на бацирака за еден мочан потпис и 500 евра, која што „мудро“ климаше со глава на сите еркери што ни ги забиваа в глава?
Единствената сатисфакција може да ни биде конечното раскрстување *и* со ваквите подмочани и гологузи персони, нивното дефинитивно бришење од македонската интелектуална сцена. Како што живееле, така и нека си одат, сосе „мермерот“ в џеб!

**П.С.**
Многумина ќе речат дека, паралелно со мермерот што не е мермер, ама изгледа како мермер, подеднакво идиотско таинствено е и прашањето на телевизорите во автобусите на ЈСП. Но тоа е полесно решливо, односно можеме да поставиме наградно прашање: што ќе се прикажувало на телевизорите во автобусите на ЈСП, оние новине, кинески, двокатни, односно зошто главниот архитект на македонскиов јад и беда прашувал дали воопшто ќе има телевизори во автобусите?
Не знам дали некој ќе погоди, не знам дали и мојот одговор е точен, ама мислам дека таму ќе се вртеа две нешта – она смешноно „видео“ за „Скопје 2014“, како вовед (или журнал, ако сакате), потоа ќе течеа сите говори на главниот архитект, обоени портокалово. Симбол на времето, негово и за жал – и наше. И така, кој како ќе седне(л) во автобусот, со тригерче под седиштето ќе се вклучела „програмата“. Главниот штос ќе бил во тоа што не можеш да ја исклучиш. Никако. Единствен спас би бил да си излезеш порано од автобусот, без оглед до каде си сакал да одиш. Ама планерот мислел и на тоа и му дал задача на Милета да испита дали е изводливо никој да не може да го напушта автобусот кога ќе започнела „програмата“. Не знаеме дали нашле решение, Миле си поднесе оставка, нели.

Ама во таквите автобуси - кога би ги имале - би ги седнал оние МАНУ-ковцине, па професорине, па судиине ... и да вртат по цел ден низ градов. Онака, на тенане. Нека се возат, нека гледаат и нека слушаат. И така за ништо друго не ги бидува!



## НИЕ ВЕЌЕ НЕМАМЕ ШТО ДА МУ ПОНУДИМЕ НА СВЕТОТ![*]

Перформансот на „Протестирам“ во Театарот на спрдачината од пред некој ден допрва ќе се анализира и проблематизира. Како и за се’ друго, ќе треба време соодветно да се оцени. Што пак не ни го ускратува задоволството и сега да си го кажеме мислењето, колку и да изгледа избрзано, наврапито, можеби површно. Се разбира дека во еден (јавен!) перформанс, па нека е и во траење од само неколку секунди, има мноштво елементи што заслужуват внимание: како, кога, каде, зошто ... итн. И следствено на тоа би варирале и (пр)оценките односно конечните ставови.
Не дека човек не може - макар и минимално - да се согласи и со ставот дека „Вчера не беше нападнат театарот, за жал“, односно дека „Она што се случи вчера, на сред претстава, не го сметам за паметен потег зашто, прво, немаше врска со претставата и, второ, во таа акција не беа поштедени останатите актери на сцена кон кои нападот не беше упатен“ (Сања Арсовска, актерка).
Ама сепак - беше „нападнат“, нели? Мислам театарот, па и целата македонска култура, ако сакате! И формално, и фактички. Зашто, веќе целата македонска култура е - спрдачина. Тоа што некои кои кога ќе го чујат зборот *култура* веднаш се фаќаат за партиската книшка во џебот и делат етикети од црвенокмерски тип, тоа е најмал проблем за македонската култура. Такви секогаш имало, особено во комунизмот. Толку разбираа(т), кутрите. А впрочем, тоа и *се* типични комунистички деца, зашто и комунизмот, како и секој тоталитаризам, не е во возраста туку - во умот! А замислете, нападнат бил Театарот на спрдачината како столб на македонската култура и директорката - глупица како спрдачина сама по себе! Па за нив не само црвени кмери, туку и жути мрави, по ѓаволите!
А сепак, она што прво мора да се потенцира е фактот дека протестот во Театарот на спрдачината беше втора акција на „Протестирам“. Првата беше (за мене) уште пооригинална и поефектна: беа блокирани / пломбирани неколку културни институции во градов, вклучувајќи го и Министерството за (не)култура! Иако тој перформанс / акција помина некако, за жал, незабележително, тоа сепак беше вовед во јасните цели на младиве.

[*] Фотографиите се од фејсбук профилот на движењето „Протестирам“

Од друга страна, можеби „нападот“ навистина предизвика и колатерални „жртви“, ама сепак имаше јасна и гласна цел, поединечна но и општа. И тука „жртвите“ нема зошто да бидат навредени или да се чувствуваат омаловажени. Освен што „играат“ во такви „претстави“, со такви ... ај да не кажам што. Ама оправдувањето „од нешто мора да се живее“ секогаш функционира! Но тоа е друга тема.

Меѓутоа, слични ставови можеме да понудиме за секој вид протест, особено денес кога македонските улици се буквално полни со луѓе кои протестираат заради актулените политички, економски, криминални и други состојби во државата: против што и зошто се протестира, дали тие потези се паметни и кој тоа треба да го процени, дали има колатерални жртви (од локални - од типот на застој во сообраќајот, до можни меѓународни импликации итн.). Ама, не можеме да им го ускратиме правото да протестираат, кога мислат дека имат причина, и цел? А децава од „Протестирам“ имаа едно чудо причини, и јасна цел.

Но, особено кога станува збор за македонската актуелна културна ситуација, ваквите форми на отворен простест беа / се реткост. И затоа е добро што ги има. Да покажат дека некој сепак е загрижен, дека некому му боде очи оваа девастација на современата култура, дека некој има нешто да каже против заглупувањето и запустивањето низ формата на тоталната партизација на сите културни сегменти. А „нападнатите“ - институцијата и глупицата - се очебиен пример за сето ова. Та зарем толку бргу се заборави дека „госпожава“ - сама, како единствена вработена, и тоа на местото директор - си доби цел театар на располагање? Со кои и какви налудничави параметри би се мерела оваа идиотштина и на Владата, и на Министерството за (не)култура, но и на дотичната „директорка“?



Јас, за жал, не ги познавам „протестантите“. Не им ги знам биографиите, врските со културата, културните преференци ... но тоа впрочем и не е битно. Но им го читав образложението, ако некакво образложение воопшто е потребно за еден ваков јавен чин. Но кај нас денес за се’ е потребно образложение. Образложение дури и да си го живееш животот. И одобрение. Веројатно од онаа бандана? Е овие не барале одобрение од никого, особено не од некои партиски шушумиги кои сакаат да изигруват политкомесари.
Во образложението тие велат: „Со ова сакаме да искажеме револт кон партизираноста на уметноста и културата во Македонија за сѐ она што се случуваше изминатиов период. Како што знаете, голем број уметници не можат да најдат работа во театрите поради нивната политичка и партиска неподобност или каква било друга афилијација, доколку не се согласно политиките на извршената власт. Во тој поглед со овој протест сакаме да укажеме да се ослободи уметноста од канџите на партиските притисоци и сериозно да се сфати културата и уметноста како водечка сила во едно општество, за негова целосна ревитализација“! И? Треба уште нешто, нешто не е јасно? Или проблем е што протестот и се случил токму на бланширанана глупица? Па таа е олицетворение на сето грдо во македонската култура. Таа и неколкумина други од форматот на еден Станковски алиас Сарајлија, на шалабајзерине со „уметнички“ амблеми што ни го кичосаа градот, на изопинченион џезер кој (велат) веќе почнал да ја критикува Владата (опааа, какво престројување!), на „културнине“ амбасадори, на сите други знајни и незнајни културтрегерски јун(а)ци подопашници, на неписменине директори кои ги м’кнат од свирипичино да директоруваат во „метрополата“ ...?
Не, проблемот е што ваквиот тип перформативни јавни протести се случуваат после цели девет катастрофални години за македонската култура и уметност, но и за сите творци и културни работници кои не се видоа себеси како партиски играчки во рацете на приглупи и припрости министри кои ни „к“ од културата не научија. Проблемот е и во фактот што никој друг не се осмели на вакво нешто, дури ни оние кои и должат се’ на оваа култура, цели кариери, цело (дебело платено) творештво. И проблем е што академик Ќулафкова не’ убедува дека тие во МАНУ разговараат за кризата во државава, ама чуму кога ние ништо не слуш(н)а(в)ме?! Кому му е наменет тој нивни разговор? На ладовината во манучките дебели ѕидови, или е само уште една измислена форма на перење на совеста пред македонската јавнсот? И кои се тие, ве молам, „академици“ кои не сакале да се изјаснуваат за дневнополитички работи? Па државата (и културава) дневно, и политички, се уништуваат. Та дајте еднаш да ги видиме на дневна светлина. А сакаат ли можеби да разговараат за 500-те евра народни пари што секој месец ги калупат по џебовите? Може ли за тоа (јавно) да се разговара?

Ние веќе имаме генерален проблем со се’, ама со културата и со уметноста особено. Идентитетската „дилема“ што божем не знаеме кои сме и што сме не е голем проблем на современата уметност. Таа со тоа може да се справи. Ама со другите проблеми нема така лесно да се справиме зашто за тоа не постои волшебно стапче. Ниту академик кој може да не’ спаси. Кај нас е пореметено се’: од критериуми до вредности, од писменост до стручност, од квалитет до ...! Ние веќе немаме што да му понудиме на светот. Ни порано немавме којзнае колку, ама барем се трудевме. Сега - останувамe трудни од банди импотентни преваранти заседнати на сите места! Светот цени оригиналност но цени и обид, сака да види автономни вредности но и придонес во заедништвото. Ние денес немаме ништо. Нула, зеро. Исчуручија се’, ко чума да фатила и низ она малку што можеше да се нарече оригинален македонски придонес - каков таков - кон европските и светските културни вредности. Денес ќе им дадеме - што? Скопје 2014?
Ние во Рим продаваме резба. Во Рим! Не дека не ја ценам македонската резба, ама - во Рим? На Венециското биенале Националната галерија оди со турски куратор! И

со проект ... ај да не кажам каков. Претходно одевме со глувци, уште порано со оригинални копии на странски уметници ... Ако некој не чул, годинава награда за национален павилјон во Венеција доби - Ерменија. Нека отворат „стручњаците“ и нека споредат!
Ние веќе не се мериме ни со регионот, а камо ли со светот. Ние веќе не можеме да се мериме ни со себеси, со она што бевме. Се копрцаме во калта на македонската лага дека нешто правиме и некаде се претставуваме. Каде, во македонските амбасади каде не влегува никој, како во Амбасадана во Виена која што стана главен наш изложбен простор во тој град? Ало „г-жа“ министерке, најдете конечно некој да ви дошепне што е култура а што - не е? Театарот на спрдачина, сосе глупицата во него, тоа сигурно не е. Ама не се ни оние квазиинституции и квазилуѓе инсталирани низ градов и во Министерството. Тоа се само објекти, и празни глави, и ништо повеќе. Тоа никако не може да се нарече култура, особено не на една современа држава. Или веќе и тоа не сме?

Затоа, наместо критики, во овој миг младите од „Протестирам“ мора да добијат целосна културна поддршка. Пред се’ зашто го осветлија образот на македонската култура, покажаа дека во градов и државава нешто сепак може да се случи. И треба почесто да се случува, секаде, на сите културни манифестации. Не дека и тоа ќе има којзнае каков ефект зашто оние глави не само што се празни туку се и тврди. Ама барем ќе види светот. Можеби тоа е единственото што ни остана да му го покажеме. Ќе види дека се појавиле млади кои се грижат, кои не се плашат да го кренат гласот против сите партиски узурпации и инсталации, против сите некултурни политики на оваа власт, против скороевиќите и селјачаната во културните редови, против ретроградните и малоумните „трендови“ ... Дури и само тоа да ни останало за пред светот, добро е. И доста е, барем за почеток!

*

**П.С.**
Не дека сум ги заборавил младите од „Архи бригада“ и првите нивни форми на јавни протести против злото наречено „Скопје 2014“. Тие беа првите светулки во македонскиот настапувачки културен мрак. Но изгледа се загубија - или ги загубија, сеедно. Но и не добија никаква поддршка, за жал. Особено не од нивните „професори“, особено не од оние кои еве сега (како нивниот тогашен декан) нешто се тртат да коментираат и да се бунат - денес, после девет години! - што „барокот“ ќе се ширел и во Универзитетскиот кампус. Брее, или ги здоболело што тоа пак ќе го прави оној барокно возљубенион дилетант (со особена помош на главниот архитект, се разбира) а не они? Како и да е’, протестите на „Архи бригада“, иако не беа обмислени како јавни перформанси како на „Протестирам“ (што мислам дека е подобра културна форма!) не се заборавени!

***Џуџуња, џинови и снежана***

Односно - згрешив. Ние *имаме* што да му понудиме на светот. Избрзав што го пуштив текстот така, без да причекам ден-два да ги видам „реакциите“ од оние помрзливите, оние поспорите, оние кои треба дебело да „мислат“, и да смислат што тоа се случило и каков став треба да се заземе по тоа прашање. Односно, попрецизно: да ги сочекаат инструкциите од централата па тогаш да се изјаснат! И - се изјаснија.

Еве, на пример, веќе насловот „Кој се обиде да го замолкне театарот“[43] на уредничкана на „Дневник“ ветува многу. Ако не повеќе, ветува нови „бисери“ на македонското клиентелистичко новинарство. И, се разбира, ветува и многу повеќе. На пример, една тотално изврtена слика на македонската култура, една жална „уредничка“ перцепција на македонските состојби, едно целосно первертирано (па ако сакате и типично платеничко!) гледање на македонското културно секојдневие и случувањата во истото. Кога сето ова би било прв пат, па човек горчливо да се насмее и да ја игнорира глупоста. Ама не е, ниту пак ќе биде последен, зашто оваа глупост не е веќе случајна, или само времена, ова е трајна и злонамерна определба да се лаже јавноста, да се создава вештачка слика за македонските културни состојби, да се пропагира дека сите други се луди само овие на власт се паметни. Особено овие дилетантиве во културата.



[43] Лилјана Грѕо Дамовска, *Кој се обиде да го замолкне театарот*?, Дневник, 07.06.2015

Па така, „уредничкава“ не’ просветлува дека „речиси сите, културни дејци и останатите, кои тоа не се, останаа вџашени по обидот на група разуздани млади да го замолкнат зборот искажан на сцена во четвртокот вечерта кога извршија упад во театарот ’Комедија’ ...“. Јас стварно не знам како функционираат македонските дневни весници и другите медиуми, ама можеби навистина луѓето се јавуваат кај новинарите, кај уредниците - главни, помошни или оние други леви сметала - за да ја искажат својата вџашеност, своето незадоволство од локалниве случувања. Можеби пишуваат и писма, искажуваат револт од обидот да се замолкне фантастичниот македонски театар, неговите секојдневни успеси, а особено оние на Театарот на спрдачината и неговата главна и одговорна директорка и прва глупица. Можеби навистина сето тоа така функционира, ама сепак, некаква резерва треба ли да постои? Баш сите ли „културни дејци и останатите“ ја известија дотичнана и и’ дадоа одврзани раце да ги цитира и одбрани нивните ставови?
Ако беше така, тогаш кого претставуваа оние никакви „разуздани млади“ со нивниот протест токму против таквите „културни дејци и останатите“, подразбирајќи ја секако тука и дотичната и нејзините истомисленици низ другите медиуми? Или секогаш, во мисловниот оперативен систем што постојано шмелцува кај ваквите персони, таквите протести се и ќе бидат „инцидент“ а партискиве глупици и директорчиња кои урлаат по партиски митинзи ќе бидат константа, до кога едните секогаш ќе бидат „импулсивен пубертетски испад“ ама малоумноно и до крајност разулавено однесување на другине е - „македонска театарска уметност“?

И токму овој одвратен културен клиентелизам инсталиран безмалу низ сите македонски медиуми најбезобразно се прашува „како сега да му објасниме на светот ... дека во Македонија имаше обид да се прекине претстава ...“. Замислете, светот да не познавал такви случаи, да не знаел зошто всушност се изведуваат такви јавни перформански, туку ќе се чудел, како нашава светски информирана аналфабетка. А сета таа перформативна ујдурма на младиве од „Протестирам“ - повторно нашава го информира светот - не била „... затоа што театарот не ни чини ... туку дека упадот е зошто ставовите на главната актерка, директорка на театарот ... не биле по ќеф со ставовите на упаѓачите ...“! Мислам, маестрално научени лекции по первертирано клиентелистичко клише каде секогаш другиот е винивен и за нешто што нема појма дека е виновен, секогаш главните причини не се тие што цел свет ги гледа туку да ти биле некакви „ставови“, можеби дневни симпатии или антипатии, можеби дури и бланширана боја на косата на глупицата ... И нормално, глупавава македонска театарска публика се организира - или да не е и тука замешан оној Сорос? - и трас: прекинува претстава. Нема спомнување на вистинските причини, нема партизирани институции, нема партиски театар, нема упропастена култура ... само некои деца, бесни од самозадоволство, се глупираат низ скопските улици!
Ваквиот начин на криење на вистинските состојби во македонската култура и општеството во целина, низ сиве години, се разви во права ретард-школа на малоумни типови кои мешетарат низ македонската (културна) јавност. Затоа, впрочем и културата, па и јавното мислење ни се на такво рамниште. Тоа е школа на *плукни и бегај*, на *лажи до бесвест*, на нечисти совести и испрани мозоци кои работеа во илјада чекори на уништувањето на духот на македонската култура. Тоа е токму тој клиентелизам инсталиран во сите сегменти и на македонските медиуми и културата, каде интелектуални џуџиња градат некаква бајковита слика за македонската култура која што никој не може да ја види. Освен Снежана, во белата „шампита“! А таа ужива да слуша такви бајки кои, можеби, во детството никој не и’ ги читал, па сега инсталира човечиња кои умеат да ги измислуваат. Убави, современи, македонски бајки за тоа колку ни е убава културата, колку ни се прекрасни институциите и нивните директори, колку е се бајковито, распеано, разглумено,

рассвирено ... И џуџињава работат - копаат, носат, градат, мислат ... само Снежана да им биде задоволна.
И навистина, зарем „некој таа вечер се обиде да го замолкне театарот“, оној наш прекрасен македонски партиски театар и неговите прекрасни партиски играчки кои глумат глумци и директори, едновремено?!

Знам дека џуџуињава се тука за да креват галама, да си ја одработат гнасната работа за сребрениците што ги добиваат одвреме навреме. Ама кога ќе се вклучат и џиновите, е тогаш бајката станува сериозна. И крвава, понекогаш. Летат глави и нозе, тече крв, пискотници се слушаат ... Зашто тие удираат снажно и на вистинското место, бууум: „Неподобна уметност“[44], вреска нивниот литературен измислувач на магла! Човек со право ќе се праша што ли тоа се случило кај нас, да не навистина и овие џиновиве како писателскиов мегафон прогледале на единственото око во вистински правец, да не (конечно) макар и после толку години коленичење осознале дека во оваа култура нешто навистина смрди и дека има неподобна уметност и неподобни уметници, па и неподобни луѓе? Зашто има такви случаи, вакви огромни фигури заслепени од белите дворци и жолтите златници да не можат реално да ги согледаат нештата, ама во вакви пресвртни мигови да им дојде, што се вели, од газот до главата. Иако патот е долг, тие се големи, дури и кандидати за МАНУ, човече!
Ама, сум утнал, по обичај, од пуста надеж дека дури и нешто такво бајковито ќе се случи во оваа македонска хорор претстава. Џинот и потенцијалниот МАНУ-ковец, за кого глупицана во Театарот на македонската спрдачина да ти била врв, вели: „Скандалот може да се прогласи за глупост на деценијата. Не е спорно дека многумина чувствуваат револт кон политичката гарнитура на власт, но вакво сквернавење на уметнички чин можат да направат само луѓе што не ја сакаат уметноста, кај кои политичкото е посилно од естетското ...“! И плус овде да ти станувало „збор за флагратен тоталитаризам“! Пуу, до кај сме ја дотерале.

Јас не знам дали дотичниов џин и потенцијален МАНУ-ковец (кој како извонреден пес чувар на Снежана одлично ќе се вклопи во нивните редови) учествуваше на историскиот протест на културниот естаблишмент против опозицијата, прв и единствен од таков вид во светот. Ама - исто како да учествувал. Зашто, тогаш, пак опозицијата беше најлошата, најтоталитарната, најидиотската ... во државава зашто не даваше да се донесе криминалниот буџет, а нашиве културњаци без буџет не работат бре брате. Нема плати, нема хонорари, нема (п)откупи, нема бенефиции ... ебати таква култура!
Е сега и овој еве ти го со тезата дека младиве од „Протестирам“ да ти биле тоталитаристи а не режимов на неговата Снежана, тие да ти биле и фашисти (види, пак тезата на екс-амбасадорон со црвен нос; овие да не се договараат?), ама и комунисти, па да ти биле и анти ЛГБТ ... Тие да ти биле се’ што неговата Снежанка не е, барабар со она негово лево раче во Министерството за (не)култура кое што му плеска ко нездраво секој ден. Целиот овој усран систем без вредност, општество без критериум, култура без чест и морал да ти биле ок, ама сите оние кои протестираат да ти биле лошите и злите, оние кои конечно се решија на дело да го прокламираат своето незадоволство од ваквите состојби да ти биле потпалувачите на книги. И прекинувале - уметност, ни мање ни више, и тоа во Театарот на македонската спрдачина!
Каква перверзна поделба на улогите, достојна на еден џин со мозок на џуџе! Јас сум сигурен дека вакви „умови“ имаат свои теории и за се’ друго што ни се случува. Убеден сум дека тие знаат дека и Мартин Нешковски всушност сам се убил, дека и малата Тамара е случај импутиран на неговите идоли од типот на онаа лигњана,

[44] Венко Андоновски, *Неподобна уметност*, Нова Македонија, 08 јуни 2015

дека и опозицијата всушност е виновна за целава катастрофа во државата зашто не сака да соработува со неговата Снешка ... Само не знам кога ќе не’ просветли и со овие негови откритија.

И, се разбира, за да тезите добијат на силина, веднаш се потегнуваат историските примери од типот на Езра Паунд, па Оскра Вајлд, па „Смртта во Венеција“, а меѓу нив (sic!) и нашана глупица како великан, нормално, на македонскиот колач резервиран само за одбраните, оние со книшки а без кучми, оние со глави а без мозоци, оние спремни за три гроша да напишат што сакате. Дури и да не’ прогласат сите нас виновни за тоа што ја вознемируваме оваа македонската (не)култура во нивното уживање, што им ги матиме работите во нивната прчија, што ете некој помислил дека конечно е време да се каже што е што.
А тоа што младиве од „Протестирам“ го прекинале не е театар, уште помалку уметност. Зашто и театарот, но и музиката, и визуелните уметности, и филмот, и архитектурата ... уметноста особено ... се создаваат низ борба на идеи и ставови, низ конкуренција на проекти, а не низ еднонасочни слепи сокаци коишто една партија ги гледа како култура и уметност. Тоталната партизација на македонската култура денес е токму затворен стаклен свет по мерка на вакви типови во којшто пристап немаат неподобните, независните, непартиските, слободоумните ... Каде, и кога, во последниве години видел дотичниов џин со џуџести преференци во македонската култура да се случи нешто - што и да е’ - што излегува вон партискиот концепт зацртан од културтрегерите и лумпенартистите на оваа земја? Или фактот што неговото име го среќаваме секоја година во разни „национални“ програми, низ секакви бенефицирани и дотирани и спонзорирани и преплатени ... активности, тоа ли е доказ за плуралитетот и квалитетот на оваа култура? Напротив, токму тоа е клучниот доказ за поткупливоста, за безрбетништвото, за нелојалната конкуренција, за всадениот клиентелизам на оваа „култура“!
И ако нешто точно согледал џинов со краткорочна употребна вредност, тоа е фактот дека „За жал, ова сепак личи на класично силување на уметноста со фалусот на политиката ...“! А тоа силување трае еве девет години. Само, мислам дека на погрешно место ги бара и силувачите и силуваните. Треба да погледне во себе, и околу себе. Зашто оние навистина неподобните, независните, непартиските, слободоумните ... тие држат до својот интегритет и не дозволуваат да бидат вклучени во таков „процес“. А оние другине, навистина силуванине, оние чии имиња секојдневно ги читаме во „националните“ партиски билтени, богами се и добро платени за таа работа!
Затоа, велам - згрешив. Ние сепак имаме што да му покажеме на светот. Паралелно со рецептурата, опробана кај нас толку години, за уништување на се’ што не е по ќеифот на Снежана и џуџињата, ние имаме да му покажеме – а дај боже да можеме и да ги извеземе, за стално – и вакви уредници и писатели, и слични глупци и глупици, и идентични молери и зурлаџии ... едно чудо вистински егземплари на една зачмаена и силувана „култура“!

## *Селектирана неподобност*

Мислам дека мојот имењак Ориѓански греши, се препознал во нашион литературен „великан“ мислејќи дека е некој друг. Зашто луѓе не се менуваат така како што тој опишува. Стареат – да, им паѓа коса и им расте стомак – да, ама стануваат помудри, поумни, поискусни ... Не заглупавуват! Затоа мислам дека станува збор за некој друг човек, можеби со исто име и презиме, што кај нас не е реткост. Овој не бил таков, и не можел да биде таков каков што Ориѓански го опишува. Тоа е истата приказна на оној Лазаревиќ за Снежана:  Абе не беше во почетокот таков! А каков бил, зарем парапетите и сето останато туку-така паднало од небото?

Затоа и мислам дека луѓето не се менуваат така едноставно, внатре. Надворешните менувања може да влијаат, ама не до толку. Впрочем, зошто никој не се јави и за онаа „уредничкана“ со три слатке речи? Каква си била, таква останала!
Но, друг ми е муабетот. Се мислам, дали нашиве џуџиња и џинови, сите овие локални „великани“ – мали и големи – гледаат што се случува во светот? На пример како протестанти од Тибет во Лозана ја попречуваат церемонијата на избор на домаќин на Олимписките игри во некоја идна година само заради фактот што кандидат е и – Кина!? И гледаат ли како тоа го прават? И никој не ги нарекува „разуздани млади“,„импулсивен пубертетски испад“, не дај боже да спомне дека тоа е „флагрантен тоталитаризам“, дека тие се фашисти или дека нивниот протест е - „глупост на деценијата“! Луѓето си ја бранат (и) на тој начин земјата. Или: другите можат ама македонската младина не може? Овие џуџињава им забрануваат за да не им се тревожи Снежана пред важните преговори во дома и во Брисел?!

Како и да е', посебно ме заскокоткаа оние споредби на „великанот“ на нашава ситуација со Езра Паунд, со Томас Ман и слични. Не (само) заради тоа што локалнава македонска збирштина ја споредува со такви имиња – или се има на ум себеси, за утре? – туку заради фактот што и тоа е лага, ама завиткана во убав целофан. Прво, Паунд (за кого Мусолини бил „the boss“) не поминал баш многу убаво при крајот на животот заради своите фашистички убедувања. А впрочем, заради неговите идеолошки бубачки и отворен антисемитизам и целото негово творештво до денешен ден останало контроверзно. Затоа, ако баш запнеме – а овие баш запнале ко магариња - ние би можеле и нашава „ситуација“ да ја натегаме до Паунд, иако логично нема никаква врска.
Ама затоа, може да има врска со, на пример, анти-естаблишмент контракултурните протести на младите во 1960-тите и ’70-тите години на минатиот век, започнати во САД и Велика Британија, а проширени потоа и низ целиот свет, па и тогашна Југославија. Зашто тие протести, во најширока смисла, ги кумулираа идеите, барањата, ставовите на младите за општеството / државата и служеа како интелектуален и социјален катализатор за брзи промени во тогашните општества.
Или, ако сака(ат), нека земе да прочита малку за ваквите движења во САД, за групата Black Mask (подоцна прекрстена во The Motherfuckers) и нивните упади на културни настани во Њујорк, на пример. И никој не ги нарекол фашисти, уште помалку тоталитаристи. (Е сега, да се вратам на почетокот: ако Ориѓански, со великанов, на времето ги слушале заедно и „Weather Report“, а токму „Weather Report“ е една од претставниците на т.н. „jazz fusion“ групи на раните седумдесетти и припаѓа на таа контракултурна светска сцена, ете затоа велам дека овде не станува збор за ист човек)!
Зошто нашиве слепци „великани“ не можат настаните во Македонија, и особено серијата протести на младиве – вклучувајќи ги и обмислените акции на „Протестирам“ – да ги видат во една таква светлина? Бидејќи нема да бидат платени за такви согледувања? Зашто ќе ги загубат бенефициите и учеството во криминалните делби на македонскиот културен колач или тоа што остана од него? Зашто ќе им се налути Снежана?
А има ли, можеби, нашиов „великан“ коментар на изјавата на човек кој (неодамна) бил избркан од работа заради партиска неподобност и присуство на протести: „За да работи во Археолошкиот Музеј на Македонија човек мора да се откаже од размислувањето со сопствена глава и да почне да го позајмува она од партијата на власт“[45], вели човекот!? Или пак, да не одиме далеку, ќе гукне ли џинов за последните случувања во Синдикатот на Драмски театар (та нели театарот е негов фах?) и малтретирањата на партиски неподобната Ирена Ристиќ? Па белки ја знае,

[45] *Писмо: Ме избркаа од работа затоа што не станав ВМРО*, reporter.mk, 07 јуни 2015

и таа е глумица, или не е „врв“ како двене негови миленички, па нека и прават што сакаат а тој ќе одбере да молчи? И каква е таа селективна правда што ја бара џинов за едни, ама не и за други?
Или, ги прочитал ли џинов изјавите на една Милица Стојанова (која според неговите „критериуми“ не е врв на македонскиот театар!) дека „вистинските уметници не им велат благодарам на министрите“ и другите нејзини ставови за состојбите во македонскиот театар, во македонската култура, за „златниот“ театар во којшто дотичниов се шепуреше како промотор на наградата на неговата Снежанка? Или можеби повеќе му се допаднале ставовите на Синоличка Трпкова, на пример која вели „никогаш нема да бидам режимски уметник, како некои мои колеги“!? Е па сега, и овие изјави ли се „флагрантен тоталитаризам“, фашизам и што ли не друго, или можеби спаѓаат во категоријата на „разуздани млади“ и „импулсивен пубертетски испад“, според џуџено?

Ако пак треба јас да го потсетувам великанов токму за формите на протест на / во театрите ширум светот, тогаш човеков сигурно не е тој за кој се претставува, а уште помалку оној за кого говори Ориѓански. Зашто човек „од театарот“ веројатно би знаел за една „театарска коалиција“ на театри и артисти во САД наречена Theaters Against War (THAW), во којашто членувале околу 250 театри (главно од Њујорк), а против војната во Ирак.Формирана 2002 година во Њујорк THAW цели пет години организирала и учествувала на редица протести во театрите и театарските настани ширум Америка. И никој не ги обвинил за фашизам и тоталитаризам. И ако самите театри можат да бидат промотори на протести, зошто да нема протести и против нивното однесување?
Сепак, знам дека ние допрва ќе мора да се учиме да толерираме и вакви отворени изливи на незадоволство од општествените случувања, вклучувајќи ја тука и културата. Не дека и во минатото во културата / уметноста немало таков вид протести, можеби не директно против институциите, но против одделни појави во културата секако. Впрочем, целата уметност на седумдесеттите години (и кај нас) - подразбирајќи го тука уметничките акции, перформански и хепенинзи - е уметност на протестот!
Затоа и Џаспер (James M. Jasper) вели дека „... протестот се јавува секојдневно, на целата планета и секогаш. Протестот е фундаментален дел на човелката егзистенција и секој историски период има потенцијал да воведе важни промени“. Затоа, сите оние тртљана за „скврнавење на уметничкиот чин“, за „замолкнување на театарот“ и слични будалаштини се само изливи на локален закоравен конзервативизам, на страв од она што доаѓа утре, на непознавање на базичните дефиниции и силите на културата и уметноста ...! Зашто „културата држи три клучни компоненти: сознание, емоции и моралност“ (повторно Џаспер). Каде нашиве џуџуња и џинови ги гледаат овие компоненти во актуелната македонска култура? Токму во оној Театар на спрдачината?

## СИСТЕМСКИ ФАЛИНКИ

Којзнае колку пати сме се судриле со констатациите дека кај нас веќе не постои систем, ама упорно се изненадуваме. Којзнае колку пати сме се согласиле дека кај нас веќе не постојат ни институциите на системот, ама повторно се чудиме кога токму тој факт ќе не удри по глава. И ако веќе нема систем, ако веќе нема институции … што има? Ништо, и се' си функционира „беспрекорно“, онака како што сакаат неколкумина. А и тоа сме го слушнале многу пати, дека веќе немаме што да бараме од државата зашто нема ни кој да ве заштити, ниту пак да ви помогне кога е потребно. А се случува да е потребно!

Или, ако сакате, не само што го урнисаа системот и институциите, урнисаа и се' што можеше да се нарече струка, професија, еснаф, знаење … Се разбира дека на многумина тоа им одговара зашто сега, велат, секој може се', секоја будала е стручна за се' – па ене ви го „Скопје 2014“ како (се' уште) жив пример – дека секој може да си истурка што намислил, нормално with a little help from my Party friends! А впрочем, како (и каде) инаку се станува главен архитект на метрополата, со економски факултет? И затоа кога гледа(в)ме кој се' жари и пали низ градов, кој се' се претставува како уметник, архитект, дизајнер, урбанист, историчар … не' фаќаше уплав и не знаевме што ќе видиме утредента како најнов нечиј хир. „Скопје 2014“ беше буквално почеток на нашиот (стручен, професионален но и морален) крај после што веќе се' беше дозволено. Некому – на „избраните“ – се разбира! И научивме и со тоа да живееме.

Затоа, впрочем, и целиот понатамошен живот, оној од почетокот на „Скопје 2014“ ни се одвива во таков дух. По теркот на духот зол од шишето излезен да упропасти се' што може, до крај, до коска. Затоа и оние малку понормални се фаќаа за глава гледајќи што се случува и каде (в)оди приказната. Зашто, кога помина – а помина – се' она низ Скопје, тогаш може да помине и се' друго. И поминува!

Кога се чудевме како е можно среде „метрополата“ да се поставуваат идиотски копии на познати скулптури – од „Бикот од Wall Street“ на Ди Модика, преку „Просјакот“ кај „Пелистер“ и уште едно чудо „оригинални фалсификати – „стручњакот“ Хаџи Пуља во својство на претседател на Комисијата не' просветли дека „Условите во конкурсот беа јасни. Скулптурите требаше и треба да бидат оригинални и иновативни. Ако има поклопувања со скулптури на странски уметници, одговорноста треба да се бара кај авторите на делата“. Што ќе рече: виновни се авторите, а не тие што бирале а не знаеле што бираат! И земале хонорар за избраното – и не го враќаат! – коешто, се гледа од авион, е плагијат. И тоа беше некаков вовед во целосната дилетантизација и на уметноста кај нас, потоа на архитектурата, па на културата, па на науката … (Политиката одамна пливаше во тие води!).

Претпоставувам дека сличен „одговор“ дека некој друг е виновен ќе има, кога–тогаш, и од фамозната комисија на „стручњаци“ што ги бираше новите македонски пари од 200 и 2000 денари, а што деновиве е топ-бомба во македонската јавност. Топ-бомба не само со уметнички и културен фитил, туку со и политичко полнење пар екселанс. Зашто, ако може една навистина врвна институција – онаква заради која ќе менуваа и Устав, богати – да биде вовлечена во такви „игри без граници“, ако и во дизајнирањето пари има политика „натиго – дајмиго“, а има, тогаш тоа е веќе политички карневал. Без маски, зашто маските одамна се паднати.

Зашто, во случајов, само слеп не би го видел тоа што се гледа со голи очи, само луд би пишувал нелогични и неодржливи „образложенија“ за покривање на нечија нестручност (случајна или намерна, допрва треба да се утврди). А не е за верување дека таму се баш сите слепи и луди. Точно е дека кај нас, во континуитет, тотални дилетанти решаваа(т) за се’ и сешто за да се спроведат во дело налудничавите идеи на неколкумина, што очигледно и овде бил случај. Ама, само добро организирана „екипа“ (што секако е само деминутив на вистинскиот збор) можела ова толку долго да го влечка, да ги замајува сите, особено уметникот, да пушта и да повлекува решенија, да се демантира себеси … Ако пак, од друга страна, сето ова може да се „игра“ и во такви институции кои, наводно, работат со ММФ, со Светска Банка, со сериозни маѓународни (финансиски) фактори, каква порака се испраќа низ еден ваков фијаско за некакви пишливи две нови хартиени пари? И кому сето тоа му требало?



И се разбира, по правило, кога еден од нив ќе усере нешто, потоа сите здружено и здушно (партиски) го бришат. Почнувајќи од нашето непрежалено Министерство за (не)култура, коешто, по обичај, се прогласува за ненадлежно дури и за авторски права. А за кој ѓавол им фигурира тој цел сектор за Авторско и сродни права? Што ли работат тие шушумиги таму, ако повредата на авторските права, и тоа во ваков случај, не е нивна надлежност? А потоа и сите други се ненадлежни, почнуваат да го шетаат човека низ кафкините ходници на „правдата“ додека не му се смачи.

Втората фаза при вaквите валканици (претходно добро институционални забришани) е – молчењето. Сите молчат иако прозвани, сите се прават на три ипол, никој уста не отвора, ни да ни не, демек пушти будали, ќе помине.
Ама ете, некому не му пушта, му се смачува па ќе ги распизди низ медиумите. Ама тие и на тоа се имуни, нив ништо не ги допира, нели? Си имаат свое обвинителство, свои судови и свои судии – си имаат цела своја паралелна држава – и само будала би се фатила во тоа оро!




Иако, некогаш и тоа не е најлошото, зашто веќе на се' не' навикнаа. Најлошото е што веќе никого не го боли уво за ништо, што никој веќе не чувствува никаква одговорност, морална најмалку, целата таа багра остана, а ги остави и другите, и без морал и без образ. Грешки се прават, иако вакви не, особено не во нормалниот свет, ама и за грешките има начин. Меѓутоа, ова се' бре брате како да е растено во некоја и некаква пустелија каде што не важат никакви цивилизациски и човечки норми, некое црно свирипичино каде владеат само волчјите и партиските закони.
Кај нас веќе се заборави се', па дури и честа. Затоа и го бранат неодбранливото, затоа и го кријат смрдливото. Не знаат дека некои нешта се едноставно – неизводливи. Дека, на пример, во уметноста – а дизајнот влегува во доменот на визуелните уметности – нема такви „случајности“. Двајцата уметници случајно дошле до едно исто решение, во исто време, на ист конкурс! Па дури и до исти детали. Пази богати, каква „случајност“!!!!
Дека и кога има(ло) такви „случајности“ – едната е сомнителна. За жал, неуки се и не знаат дека две глави не можат, барем во уметноста, да „родат“ исто решение. До детал. Такви случаи историјата на уметноста не познава, а тие што ги познава ги нарекува со друго име.
Во Модерната се познати случаите на *слични* идеи, на блиски решенија, на неможност да се одреди приматот на едниот или другиот уметник во одделна идеја. Кубизмот, на пример, може да се гледа како плод на творечките лаборатории и на Пикасо и на Брак, но и на неколкумина други. Но тука се говори за *сличност на*

*идеи*, не за идентични решенија, не за идентични детали! И Постмодерната дозволува користење / превземање на готови „цитати“ во изворна форма, но користење во сосема друг контекст. Овде ние не можеме да говориме ни за Модерна ниту пак за Постмодерна. Ние овде можеме да говориме за локална, македонска варијанта на „оригинален фалсификат“, што повторно е некаков наш придонес во светот на уметноста. Кога не умееме подобро, и поинаку!

***Општ молк***

Некои нешта ни се својствени само нам. Некои нешта се можни само кај нас како форма на локален фолклор, дури и кога станува збор за сериозни работи. Некои нешта се толку неразбирливи, а разбирливи ни се само нам.

На пример, кога гувернерот на Народната банка на РМ излегува деновиве во јавност и го смирува граѓанството дека банкарскиот систем ни е стабилен, ниту еден, ама баш ниту еден новинар не го прашува да го коментира скандалот со можниот плагијат на новите македонски пари. Или, на пример, дури и по избивањето на скандалот во јавноста, грото од македонските медиуми се однесуваат како тоа да е некакво маргинално – што ќе рече најневажно – прашање а не (политички) скандал пар екселанс. Или, ако сакате, каде на друго место, на национална телевизија со присуство на еден екс-гувернер и уште еден реномиран банкар ќе се расправа за се’ друго, речиси половина час ќе се објаснува кризата во Грција, ама збор нема да се каже за плагијатската криза во домашната Народна банка?

Македонија – и се’ е можно? Не би рекол, тоа е најдрско, најбезочно, најбезобразно држење на јавноста во мрак! Особено бидејќи „случајот Народна банка“ ескалира, се вклучуваат и други директно инволвирани во целиот процес. И зошто македонската јавност не би ја интересирала можната разврска, или можните последици, или барем точната информација, а тооолку не’ интересира Грчкиот случај? И „новинарот“ на националната телевизија ќе ги праша банкарите дали сметаат дека „канделабрите и тркалото се приоритет наспроти некои други приоритети“, ама нема да ги праша ништо за новите пари: каде се, зошто се доцни, што мислат за објавениот скандал со нивниот дизајн …? Ваков општ молк за вакво сепак сериозно прашање е индикативен.

И навистина многу ме интересира дали европските медиуми туку-така би поминале преку еден „случај“ со вакви димензии во којшто е инволвирана не само националната банка туку и редица други институционални и политички фактори, дали така лефтерно би разговарале за кризата во Грција наспроти скандалот во сопствениот двор?!

Ниту медиумите, уште помалку надлежното за авторско право Министерство за (не)култура, а најмалку другите надлежни за овој вид проблеми сосе Народната банка на РМ како најдиректно инволвирана и креатор на скандалот, не реагираат. Се прават мутави, што би рекле, како сето ова да се однесува на некој друг, на Грција можеби. Нема одговор, дури ни формален, на еден куп отворени и сериозно аргументирани прашања. Особено сега, кога во „приказната“со свои коментари (во „Глобус“) се вклучува и Билјана Унковска, уште еден учесник на овој конкурс и автор на дизајнот на првите македонски пари. Ама ни Богов, ни другите, едноставно не ги удостојуваат со некакво одговор. Или одговорот можеби треба да го даде г-ѓата Вилма Трајковска, како наш „познат стручњак“ за уметност и дизајн и како претседател на фамозната Комисија што ги усвоила решенијата и ги доделила наградите? И која што „експертски“ сметала дека е дозволено да се позајмуват детали од другите идејни решенија (наградени и ненаградени) и така да се скрпи *едно* победничко идејно решение? Каде ли овие луѓе растеле, какви школи ли учеле и што ли научиле кога вака одлесно ги тераат дури и сериозните работи што им се ставени во надлежност? Можеби во нивниот свет и тоа е дозволено: да позајмувате од сите по нешто и така да оформите свое решение на „проблемот“,

ама тој „свет“ можат да си го живуркаат дома, а не во највисоките државни институции! Или, можеби, Богов ја награди Трајковска за добро завршена работа?

Впрочем, целата работа одамна смрди на локална кујна со политикантски зачини, а нејзината (за нив несакана) разврска и сегашното молчење на инволвираните е само уште еден случај врз купот нетранспарентно и дилетантско водење на работите. Зашто, што ли мислат оние во Народната банка на Македонија, дека тие си направиле пари за лична употреба, дека никому не треба да полагаат сметки за стореното, дека сето ова е некаква приватна журка на која што со новите пари ќе си играат семјствата на Богов, на Трајковска, на другите инволвирани?
И не само врвот на Народната банка туку и таа фамозна дилетантска комисија, и сите други од горе до долу имаат *должност* да одговорат на многу сериозни обвинувања и на уште толку сериозни прашања. На пример, на прашањето што го поставува и Унковска: зошто не е организирана јавна презентација на пристигнатите и наградените идејни решенија? Или, во таков случај, уште тогаш јавноста ќе можеше на лице место да види што значи крпење, лепење, монтирање …?! И каде впрочем овие „стручњаци“ за пари научија дека е дозволено своеволно да земате детали, дури цели решенија, и истите да ги монтирате во едно првонаградено „решение“? И сето тоа – без прашање, без консултација, без компензација? И кој е впрочем, и за што е стручен, тој извесен Јанче Лековски од НБМ која што тврди дека таа постапка на крпење, лепење и монтирање е оправдана?
Меѓу другото, валидно е и прашањето: каде се тогаш, по ѓаволите, новите пари ако се било по ПС? И што ако утре, да речеме, излезат фамозните нови пари, ама дојде и тужба пред меѓународен суд? Па и пресуда? Какви ќе бидат последиците? Каков ќе биде резилот за Македонија и нејзината „стабилна монетарна позиција“? Или тоа Вилма не ја интересира? А Богов?

## ВУЛГАРНОСТИ И БЛАСФЕМИИ

**1.**

Просто не знам како издржавме до сега. За себе си – знам: во длабок неспокој, во исчекување, во нервози што ми се чинеше дека пак ќе пропушам ... За другите не знам, ама верувам дека сите родољуби се чувствувале некако слично. Освен пушачите кои не морале да се грижат дали повторно ќе пропушат. Како и да е, кога објавија дека фамозната ограда за мостот кај „Холидеј ин“ и неприкосновеното ни Министерство за надворешни работи е готова, просто не знаев што ќе направам од среќа. Скокај, играј, смеј се ... вистинска веселба, дури празник. Сигурен сум дека дотичното помпезно министерче веќе направило план на посети на сите странски делегации. Па и греота би било да го пропуштат. А и личи мостот на него, мислам – на министечето, баш така, раскошно е, помпезно, нафракано ... А велат дека не само оградата, туку готови биле – и монтирани - дури и некакви си канделабри какви што светот не видел!

Впрочем, да е само тоа што светот го нема видено. Па цел град ни е таков, во светот невиден. Ама чуен, се говори за него, се пишува континуирано, во суперлативи од типот „шизниленд“, „Дизниленд“, „престолнина на кичот“ итн, што некако му доаѓа како комплимент визави вистинскиот изглед.

Некои (на пример Лисичков) ми велат дека кога деновиве поминувале по мостот, среќавале луѓе како плачат. Од радост, нормално, што го доживеале и тој ден и еден таков настан. Ќе си го бележат во биографиите. Некои додуша биле некако индиферентни, ама тие сигурно не се по уметноста. Не можеме сите да бидеме.

Добро, има и такви на кои не им се допаѓа. Белки на тоа имаме право, се’ уште?



Мост *Слобода*, Скопје

**2.**
Како и да е’, не може да се одрече фактот дека на светов се граделе, и се градат, навистина грди мостови. Ги има секакви, секаде. Некој, како и обично, ќе рече дека и тоа е работа на вкус, ама не е. И грдотијата во архитектурата си има стандарди, оние што кај нас ги нема. За некого, особено за нашиве бароковозљубеници, и Милениумскиот мост во Лондон (2000 год.) е грд. И за тоа дури и може да се разговара, особено што на почетокот мостот си имал и друг проблем – се нишал кога го поминувале повеќе луѓе! (Кај нас сега – сите се нишаат!).
Чарлс Дикенс пак го сметал стариот мост Ламбет во Лондон за „the ugliest ever built“. Од друга страна, дури и Golden Gate мостот во времето на градењето го сметале за грд и непријатен и дека ќе „го упропасти природниот шарм на пристаништето“! Тоа веќе може да биде работа на „вкус“, ама ова кај нас одамна излегло од рамките дури и на невкусот. Ова кај нас се претвори во целосно шарлатанство, во промашување до промашување платено со огромни народни пари, во нечие игралиште за малоумни идеи токму од типот дека еден едноставен мост треба да „носи“ онаква шизофрена „ограда“. И уште да биде осветлен со оние карикатурални канделабри!
Веќе и на најтврдокорните модерномрсци им е јасно дека овде станува збор за нечие инфантилно поигрување - овојпат врз мост - и со некаква историја, и со некаков фолклор, со нешто тотално анахроно на современото на 21-от век и неговите уметнички тенденции. Многумина, се разбира, како „градоначалникот“ Трајановски, развиваат амбиции и ова да го претставaт како уметност. Ама за тој тип луѓе се’ е уметност, дури и рингишпилон крај Вардар. Но за жал, таа „мостовска инсталација“ е на истото шарлатанско рамниште како и останатиот кич на „Скопје 2014“. Тоа настојчиво „раскажување“ на некакви квазинационални “приказни“ и размафтување со плачлива (фолклорна) симболика завиткана во прескапа бронза само го зацврстува уверувањето во точноста на симптомите на Данинг-Кругеровиот симптом дека токму најнеспособните и некомпетентните „често се полни со несоодветна самодоверба, охрабрени од нешто за што тие мислат дека е знаење“. А ова нашево е богами сериозна смелост!



*Милениумски мост*, Лондон

**3.**

И сега, ако некој ја погледне целата онаа мостовска агломерација, од некогаш модернистичкиот мост „Гоце Делчев“ упропастен со онаква тенекиена гобленовидна ограда, па некогаш импозантниот Камен мост сега со притеснети визури и соседство на оние две мостчиња со тролчиња, па завршувајќи со оваа самоправска инсталација како капак на петмостовјето, ќе види дека тука не станува збор за сериозно планирање, уште помалку за концепт, туку за редење на играчки без ред и смисла! А Камениот мост, како најстар, црвенее од срам во такво соседство и моли бога да не се сони некому уште нешто па и него да го фати некаков нов „патриотски“ бран од Илинденска б.б.

А впрочем, што е тоа толку национално во оваа најнова идиотска мостовска инсталација што толку ја чекавме и што завреди толкави пари? Оние квазиштитови ли треба да ни претставаат некаква македонска хералдика? Или оние тројки развиорени играорки, па играорци, па размафтани сабји, па кавалчиња, зурли и гајди ...? Тоа ли е Македонија денес, или само тоа ли била, само тоа ли се корените (чии и да се’), само тоа ли се сеќавањата? Па што не ставивте и по некој домат и пиперка, некоја лубеница и праска, па имиџот да биде целосен како во оние спотовине за „Македонија вечна“? А тавче гравче, зошто за него нема место на мостот? И кому ние денес ја продаваме таа и *таква* Македонија? Ако некој навистина (во што не верувам) боледува од *таква* bullshit-nostalgia, нека оди па нека се лечи!

А приказната со канделабрите и ангелите-серафини, каде ли таа се вклопува во скечот „Македонија вечна“? Или „уметницине“ премногу гледаат филмови па го бендисале „Небото над Берлин“?

И се разбира, во сиот тој „раскош“ од бронза, од ангели и играорци, веднаш под нив штрчат оние две грди цевки со целата инсталација за мостот. Лепота! А оние во Париз мислат дека завршиле некаква работа со новата ограда на Pont des Arts!



*Pont des Arts*, Париз

**4.**
И кога сме веќе кај конечностите и чудата, кому, впрочем, повторно и толку настојчиво му ја продаваме приказната и за Мајка Тереза, сега повторно преку некаква урнебесна „скулптурална“ композиција од триесеттина метри што дефинитивно ќе ја убие и онаа малку преостаната почит за големината на таа жена? Кому навистина му дошло повторно да се подигрува со животот и делото на Мајка Тереза само за да укнижи уште некој процент? Малку ли беа сите будалаштини на таа тема, малку глупости ли испонаправи она Министерство за (не)култура сиве години па му дошло сега, на крајот, да се занимава и со тоа? Нема ли таа „министерка“ навистина попаметна работа и знае ли еднаш да каже - не? А ако не знае, како што впрочем ни покажа во континуитет од неколку години, нема ли Ватикан овде некаков свој претставник, некаков нунциј или како ли веќе се викаат тие персони? И што прави тој човек овде, дреме и не може да отвори барем едно око да види како се упропастува ликот и делото на нивната (и нашата) блажена? Или повторно тој ист Ватикан ќе партиципира и во ова злосторство со свој претставник во некаква комисија, како и во случајот со онаа налудничава градба која што ја крстија „Спомен дом на Мајка Тереза“? Како можеше тој ист Ватикан, и тогаш и сега, да си допушти таков „луксуз“? Еден Ватикан, опкружен со таква уметност?
И зарем навистина е дозволено кој како сака, па дури и вакви болни умови како нашиве, да простите, да се заебава со нечиј лик и дело како ќе му текне? Има ли некој малку да ги размрда, да ги подразбуди господата скопски парох дон Давор Топиќ и Скопскиот бискуп и Апостолски егзарх во Македонија д-р Киро Стојанов, поставени овде веројатно да се грижат, да внимаваат, меѓу другото, и на угледот на блажените од рангот на Мајка Тереза?!

**5.**
Зашто, дефинитивно, ова што овде се случува со скврнавењето на личностите (не само) од македонската историја е безгранична вулгарност, а ова со Мајка Тереза е чиста бласфемија. И целиот тој некомпетентен безобразлук е дневно поттикнуван, поддржуван и хранет од највисоките интелектуални структури во државата, а сега и од верските заедници. Веќе никој не може да се вади дека нешто не видел и за нешто не слушнал, бидејќи лудилово трае со години. А почна, и еве конечно завршува - како што вели главниот архитект - токму со уште една шлаканица врз граѓаните на Скопје, ама и врз ликот на Мајка Тереза!

*

**П.С.**
А кога сме веќе кај шлаканиците, колкава ли силина има шлаканицата на љубимиот ни Путинчо врз цела Македонија со наградувањето - по повод 70-годишнината од победата над фашизмот – на „партизанкана“, на Хорхе и Велимирчо?

*

*„Ако не можеш да нахраниш сто луѓе,*
*тогаш нахрани барем еден човек“*
*(Мајка Тереза)*

**6.**
Знам дека во оваа и ваква Македонија, а особено во светлината на актуелниот наш *државен* однос кон онаа река мигранти, горниот цитат звучи како да е од друга галаксија. И е’, зашто ние (не само денес) и Мајка Тереза сме токму два света, две галаксии. Затоа и не можам да ги видам врските на нашиов „новоосвестен“ интерес

за нејзините лик и дело освен како - и тука морам да бидам лош до крај - уште една чисто лукративна мисла, уште еден начин некој добро да заработи, овојпат на сеќавањата на една ваква жена. Зашто, ако некој навистина ја почитува, ако некој навистина ја цени нејзината добрина и придонесот (во светски рамки) за сиромашните и болните, зарем тоа би го правел на ваков начин? Зарем некој кој низ годиниве вака се однесувал кон сопствениот народ, а сега и кон оние странци на коишто им треба помош, зарем тој некој може искрено и чесно да гради пиетет кон личности од форматот на Мајка Тереза?
Но, не се сметам себеси за којзнае каков моралист или особен познавач на делото на оваа жена. Ама овде, кај нас, на овој начин, се' е некако сомнително, се' добива димензии на вулгарност, бласфемија и криминал, дури и да има трошка искреност во намерите. А нема!

**7.**

Од друга страна, никако не мислам дека само кај нас, особено денес, е пренагласено (и во толкави износи) изразено чествување на историските личности, па и на блажените и светците. Тоа не е наша измислица, ама секако сме шампиони по количината на парите и по грдотијата на чествувањата. Ова со Мајка Тереза секако е врв на невкусот и веќе заличува повеќе на спрдачина отколку на чествување. И знам дека не би имало никаква полза од посочување на спротивни примери, оние што заслужуваат сериозно внимание како форма или гест на славење на личности од таков формат. Нашиве „умници“ не прифаќаат такви споредби, не дај боже совети. Ама сепак, можеби некој барем ќе прочита?
На пример, само за споредба, пред две години биле канонизирани (што ќе рече: прогласени за светици!) две скромни жени, Лаура Монтоја Упегуи и Марија Гвадалупе Завала, првата Колумбиска сестра која особено се грижела за загрозените етнички групи, а втората Мексиканска сестра и болничарка. Ни за едната ниту пак за другата ќе најдете раскошни споменици или спомен куќи, скулптурални ансамбли или слични будалаштини, освен можеби една-две скулптури, на вистинско место и со вистинска мерка. Да, ниту една од нив можеби ја немала славата на Мајка Тереза, ниту пак добила Нобелова награда за мир, но нивната работа била подеднакво важна и ползена за населението во Јужна Америка како и на Гонџа Бојаџиу во Индија!
За некои други пак, на пример Св. Еуфразија Елуватингал („The Praying Mother“), исто така Индијка, безмалу нема ништо освен нејзината смртна постела во локалниот музеј во Олур. За други - ни толку!

**8.**

Ни за машкиот дел од поновите канонизирани личности нема којзнае какви спектакуларни чествувања изразени преку споменици, спомен куќи или музеи и слични во суштина непристојни и недостојни за такви личности обележја. Еден од поновите канонизирани свештеници, Св. Гаетано Катанозо од Сицилија, ја имал таа чест по него да биде именувано едно училиште, а неговите останки се чуваат во една црква во Реџо Калабрија.

## ШТО МИ ФАЛИ ВО „ИЗВЕШТАЈОТ НА ПРИБЕ“?

**1.**

Во суштина - ништо, дури ни неговиот „понтиевско – пилатски“ карактер, што би рекол г-дин Зеколи. Ама тогаш ни овој текст не би имал смисла. Односно, Препораките на Групата на искусни експерти за системските прашања за владеење на правото поврзани со следењето на комуникациите откриени во пролетта 2015, кај нас веќе попознати како „Извештај на Прибе“, можат / треба да се прифатат како вистински модел за овој тип текстови, со јасна методологија, аргументирани наоди и конкретни препораки. Впрочем, и годишните извештаи за Македонија, безмалу сите во последниве години, беа со слична (малку позавиткана) интонација, прилично длабоки согледувања, прецизни лоцирања на проблемите и одговорностите ... А сепак, и во нив, континуирано, ми фалеше зборот „култура“ односно целата оваа област која што кај нас, особено изминативе години, беше токму платформата од која што власта ги диригираше повеќето идеолошко идентитетски манипулации, но и област од каде што всушност започна целата криминална индустрија. Зашто, веќе еднаш напишав, самонаречениот проект „Скопје 2014“ беше вистинскиот почеток на нивниот крај, на таа понатаму перфидно развивана индустрија, на корените на клиентелизмот којшто потоа пушти пипци низ сите области, низ целата држава. Тој „проект“, се покажува, беше првата менгелеова лабораторија не само за идеолошко - идентитетско перење на мали мозоци, туку за воспоставување на мафијашки систем на „натиго - дајмиго“, на инсталирање на постојани клиенти соучесници во малверзациите и манипулациите со законите, буџетот и народните пари.
И затоа поимот „култура“ ми фали и во овој „Извештај“ како што ми фалеше и во сите претходни годишни извештаи на ЕУ, каде што само се гледаше дали и понатаму има препорака и како таа е формулирана, каде што горе -долу беа нотирани сите проблематични области во државата, но повторно - без културата.

**2.**

И тоа не е заради типично македонската недоветност која што заради незнањето, неразбирањето на оваа област (заедно со уметноста) најчесто го одбегнува овој поим, оваа област. Не, кај европјаните ја нема таа слабост, тие прилично точно знаат што е тоа култура и какво е нејзиното место во државата, а особено кои се / какви се државните ингеренции во културата. Но бидејќи ЕУ сепак ја остава културата (во најголем дел) како битен сегмент само на грижата на националните законодавства и спецификите на секоја земја членка во развојот на оваа област, така и во нивните извештаи за Македонија културата најчесто беше заобиколена или одвај спомната. Значи - со причина!
А сепак, европјаните мораа до сега да видат дека таа македонска „култура“ не е ниту налик на некоја од европските во смислата на организацијата, на раководењето, на ингеренциите на државата, во законодавството или дневното практикување итн. И мораа до сега да видат дека токму културата беше перјаницата во сите нетранспарентни, партизирани, криминализирани процеси во оваа држава. И првата, и често главната, клиентелистички оринетирана пералница на пари!
Или, ако сакате, доволно беше ако некој од административците во ЕУ амбасадата во Скопје подетално ги следеше сите написи што со години се појавуваа низ македонските медиуми за коруптивните и криминалните случувања во македонската култура, или само да ги прочитаа двата извештаи на Општина Центар за откриените малверзации околу „Скопје 2014“. Тоа ќе беше доволно и културата со сета сериознот да биде вклучена и во овие „Препораки на Групата на искусни експерти за системските прашања за владеење на правото поврзани со следењето на комуникациите откриени во пролетта 2015“, особено и заради фактот што токму

културата, и министерката за култура, и спомнатиот „проект“, се јавуваат како главни старлети, најчесто целосно разгологузени како на pin-up фотографија во неколку епизоди на серијалот „Вистината за Македонија“.

**3.**

Понатаму, низ културата во овие години поминаа неколку милијарди евра. На некои им се знае трагата - односно *можеби* им се знае трагата наречена „национална програма“ која што беше се’ само не национална, на другите пак, како на оние над 600 милиони евра (или којзнае колку повеќе) фрлени на „Скопје 2014“ се’ уште не може да им се откријат врските. Затоа, зошто не била посетена односно вклучена и македонската култура од страна на европските експерти, туку само претставници на, на пример, МВР, обвинителствата, судството, ДИК ... итн.
Односно, како што се вели, „Групата беше фокусирана на она што се појави како области каде се најпотребни мерки за следење на тековната кризна состојба. Значајни недостатоци беа идентификувани главно во пет сфери: следење на комуникациите, судство и обвинителство, надворешниот надзор од независни тела, избори и медиуми“. Добро, можеби културата не е на рангот на важноста на овие сфери, ама количеството на парите не вели така. Поточно, количеството на парите буквално фрлени во Вардар и на разноразни приватни сметки е токму помеѓу петте најкриминални сфери на македонското секојдневие. Или, ако сакате, колку пари отидоа во корупцијата на медиумите? Многу, ама повеќе од неколкуте „културни“ милијарди со коишто, во еден дел, беше целосно корумпирана македонската култура (односно она што остана од неа), а другиот дел на она шизофрено градење низ Скопје? Не би рекол! Дали пак штетата беше поголема кај медиумите? Можеби, гледано краткорочно, ама штетите во културата најчесто се ненадоместливи!
Од друга страна, ако се потенцираат „... демократските стандарди, особено поврзани со слободни избори, слобода на медиумите, соодветен надзор над разузнавачките служби и независноста на судството“, нема ли културата барем приближно исто значење? Треба ли да се потсетуваме дека токму културата е темелот на една држава, а развојот на вистинска демократска култура се цели два темели на секоја демократска држава!?
Понатаму, експертската група со право потенцира дека „Демократија, еднаквост и почитување за човековите права и за владеењето на правото се помеѓу основните вредности на кои е основана Европската унија. Токму затоа и строгото почитување и спроведување на овие вредности е суштинско за земјата кандидат“! Но, ако во културата, образованието, науката, здравството ... овие принципи не важат, а (божем) ќе важат во некои други области, тогаш што фајда од таква држава? Или, не дај боже, да не експертиве терале муабет со некои од форматот на нашине познати „великани“, па оние „врвни глумици“, па оние налудничави барокољупци ... и овие ги убеделе дека во македонската култура е се’ во најдобар ред, токму како што треба по партиски терк?

**4.**

Или, Групата вели дека „Наодите објавени неодамна покажаа сериозни инциденти на политичка корупција на различни нивоа и на повеќе начини“ (т. 14 алинеа 4). Е па ако во културата немаше корупција, и тоа токму на различни ниова и на повеќе начини, тогаш не знам каде имаше. Плус, македонската култура особено допринесе кон збогатувањето на арсеналот на начините и нивоата на корупција, почнувајќи од најгоре (ако сакате дури и до МАНУ), па до вратарите и чистачките во институциите. А впрочем, џабе ли пишувавме толку години токму за „фините“ начини и грубите начини на корупција, токму за корупцијата во самото Министерство за (не)култура - почнувајќи од Советот каде членовите секоја божја година дебело брцаа раце во буџетот за свои „проекти“, за корупцијата како востановен систем во македонската култура. Или, ако сакате, каде во светот уметниците донираат споменици на

државата? Или оние бедни здруженија што ни ги подарија најновите македонски револуционери - каубојци? Или сите оние други ситни ама еднакво очигледни коруптивни методи на „враќање“ или „благодарност“ преку пцуење по се’ живо што не е компатибилно со нивните криминали? И повторно, тоа што го покажа македонската култура изминативе години не беа инциденти туку е правило, не е беа случаи туку константа, систем!
И понатаму, во т. 17 Групата констатира дека „Многу често, и во голема мера, групата се соочуваше со оградување од одговорност, минималистичко толкување на мандатот на институцијата и со обиди за задскривање зад надлежностите на други институции, како изговор за непостапување ...“. А што беше улогата токму на Советот на Министерството за (не)култура, на другите органи и комисии? Да молчат и да климаат со главите, да негираат каква и да е’ инволвираност во малверзациите на Министерството и да се грижат само за својот џеб? На таков ли вид „оградување од одговорност“ мисли Групата?
Или, понатаму, ако Групата констатира (т. 19) дека „Скандалот со прислушкувањето откри масивно прекршување на основните права, вклучително и правото да се учествува во јавните работи и ... правото на еднаков пристап до јавните услуги ...“, тогаш македонската култура им е вистинскиот пример за таквите прекршувања. Јас би можел, сега и овде, да им наведам цела листа на поединци / групи кои биле депривирани од учеството во јавните културни работи, кои немале еднакво право на пристап до јавните услуги во културата, особено не до културниот буџет. Но тоа не е моја работа, тоа ќе го утврдуваа некои други, набргу. А може да се состави и доооолга листа на обратни случаи, на катадневно, месечно и годишно пљачкање на културниот денар за секакви приватни „проекти“ дома и екскурзии низ белиот свет.
Или, ако сакате, за ЕУ експертите „претставува извор на загриженост“ пресудатата (спогодбата) на еден од осомничените во случајот „Пуч“. Ок, ама не треба ли да има барем ист степен на загриженост за едно чудо именувани и неименувани уметници и културни работници осудени на творечко игнорирање, на јавен мрак и партиски културни судови сиве овие години?
Знам, многумина ќе речат дека такви примери немало само во културата туку ги имало во сите области. Па добро, нека почнат да ги отвораат, сега е моментот!

## ТРАДИЦИЈА ИЛИ ДЕКАДЕНЦИЈА?

Знам дека не е упатно човек да се впушта во коментирање на црковни (не верски!) нешта. Зашто нашиве веднаш фрлаат анатеми, клетви, и којзнае што друго од негативниот религиозен арсенал ако некој, не дај Боже, им prерече нешто или напреку ги погледне. Ама, со што уште ќе не' изненадат? Иако зборот изненадат веќе и не е соодветен зашто и со нив свикнавме на секакви марифетлуци, на секакви идиотлуци од најдолен вид, недолични за (наводно) верски лица. Иако мислам дека веќе никој, или само малкумина, се' уште веруваат во нивната вера и верба во нешто. И не е само јогава, и не се само џиповите и не е само раскалашниот начин на живот и не е само тоталната политизација и партизација и на МПЦ како институција и на свештенството како отворени политички агитатори. Се' околу нив еманира лажен сјај, анахроност, необразованост, закоравеност ...!
Но, тоа е, да речеме, работа на верниците и начинот на нивното справување со тие што им проповедаат морал што самите го немаат. Но, работа на „неверниците“ - како што вообичаено токму свештенството сака да ги нарече оние кои што, демек, не веруваат во нив (како да божем има во што да се верува!) - се сите оние други манифестирани *нешта* што го загрозуваат животниот простор на сите граѓани, па и на оние кои не веруваат. А го загрозуваат на (пре)многу начини, не само со глупостите што најчесто ги говорат. И прават.

На пример, градбата на новата црква – која што некои сакаат да ја поистоветат со некогашната „Св. Константин и Елена“ – сепак не е религиозна работа. Или барем не е *само* религиозна, туку е и јавна работа. Иако, како по правило, никој кај нас збор не кажува за тоа. Па дури и „експертите“ за средновековна уметност - на пример академикон како неодамнешен добитник на Климентовата награда - или архитектите, историчарите на уметност итн. Се плашат од анатема, што ли. Или навистина сметаат дека нема што да се каже?
Ама сепак, зборовите на поглаварот на МПЦ дека ќе сме добиеле „ремек дело“ се недвојбено важна (јавна) работа. Зашто не баш секој ден се добиваат ремек дела, уште помалку во форма на црква. А кога кон тоа ќе се приклучи и премиерот велејќи „Црквата Св. Константин и Елена била и ќе биде една од најубавите цркви во Скопје и Македонија“[46], тогаш работите мора да се земат сериозно. Иако, во нашиов случај, навистина станува збор за поединци тотално некомпетентни за тоа што го говорат. А впрочем, барем оние кои еднаш поминале покрај новата „градба“, би се посомневале дека воопшто станува збор за македонска црква!
Велат дека, барем во Македонија, градбата на црква некогаш бил празник. И тоа, наводно, не се однесувало само на она „пусто турско“ време. Веројатно се мисли уште на времето на Св. Пантелејмон во Нерези, Св. Климент во Охрид, црквичката во Курбиново, манастирите во Водоча и Вељуса ...? Или Св. Наум, па дури и Св. Софија, односно целиот (некогашен) Охрид со неговите, повторно велат, три стотини шеесет и пет цркви. Иако слични приказни се слушаат и за Ерменија, на пример, за Ереван и истите три стотини шеесет и пет прекрасни цркви, по една за секој ден во годината. Но од овие многу малку останало. Мораме да им веруваме на збор.
Нашите се се' уште тука. Барем еден добар дел. Па дури и црквите на Андреа Дамјанов заслужувале подеднаква почит како и оние градени во времето на династиите Комнени, Палеолози и други. Имале мерка, вкус, чувство за естетика, за

---

[46] (Аноним), *Груевски: Наша мисија е да ја изградиме најубавата црква во Македонија,* Вечер, 09 декември 2014

скромната по земни димензии но сепак велика по дух  градба, и верба. Токму онака, според Бога горе, и верниците на земјата.
Не знам каде отидоа овие доблести на македонското црковно градителство и на македонската вера. Доблестите на верата - или подобро речено на верниците(?) - се веројатно уште тука, зашто доволно е да се види посетеноста на македонските храмови не само на верските празници. Збунуваат другите нешта.




И тука не мислам на актуелното „однесување“ на дел од македонското свештенство, зашто тоа се сепак изолирани случаи, а и не се моја работа. Нив ќе ги „оценуваат“ верниците. И Тој горе.
Мислам повеќе на континуираното, на безмалу трајното - зашто трае веќе долго време - отсуство на должното почитување на македонските градителски традиции,

на „експериментирањето“ (иако тоа е сосема неприкладен но прифатлив во друг контекст збор) со вековните архитектонски стојности на македонските цркви и манастири, мислам на недостојното (од сите аспекти, особено верски) расфрлање со богатства и моќ и архитектонски неуверливото горопадење со вертикали и хоризонтали, со непристојната грандоманија несвојствена на верата на овие простори. Еклатантен пример за тоа е токму онаа „градба“ во процес во центарот на Скопје, која што повеќе наликува на парче бетонски метеорит треснат од којзнае која галаксија отколу на македонска црква. И токму таа требала да биде – ремек дело?! Еклатантни примери од такви размери се среќаваат и низ цела Македонија, како некаков натпревар во грди цркви. Во Скопје пак, дијаметрално спротивните по димензии но рамни по невкусот „црквички“ и „параклиси“, расеани низ скопската спална наречена Аеродром никнуваат ко печурки по дожд.
Кому и за што му требаат такви градби што само глумат верски храмови? Или чинот на осветувањето секоја грдотија ја прави – света? Дали навистина верниците бараат такви монструозни чуда или е (и) тоа само уште еден „бисер“ на неукото свештенство? Или, какви се тоа денешните гревови на народов во споредба со минатите, па заради тоа им се потребни толкави градби? Односно, зарем во она време минато македонците немале гревови? Или имале, ама биле мали? Затоа ли денес црквите се толку големи? Или можеби димензиите на храмовите биле пропорционални на бројот на верниците, па следствено на тоа и црквите биле помали зашто имало помалку верниците? А денес ги има - многу? Не ќе да е баш така. И дали силината на верата и интензитетот на чувствата, или можеби темелната божја вистина се мери според големината на храмот Божји?

Некако, кога и да поминам покрај новата „црква“ во градба, ми паѓа на ум Даниел Либескинд (D. Libeskind), еден од плејадата големи современи архитекти (Еврејски музеј, Берлин; Империјален воен музеј, Манчестер; „Keppel Bay“, Сингапур; „Ground Zero“, Њујорк и секако т.н. Century Spire во Њујорк), кој вели: „Секој проект мора да ја рефлектира уникатноста на местото. Тој мора да биде уникатно скроен според барањата, функционалните барања, просторните и барањата на околината, но на крајот, тоа мора да биде оригинално дело“. И понатаму: „Мојот пристап кон архитектонскиот дизајн е, би рекол, хуманистички пристап. Тој не започнува едноставно со техничките прашања какви материјали ќе употребиме, или за градителските сили што нашиот објект очигледно треба да ги изрази. Тој започнува со прашањето: кои се културните аспекти на архитектурата? Како објектот е обликуван од поезијата, од танцот, од светлината, од астрономијата, од хуманите уметности? Тоа е култура, културата на градот. Така тој мора да инкорпорира навистина нов вид на убавина ...“

Либескинд не проектирал цркви, но сепак не може да се рече дека неговите зборови не се однесуваат и на црквите - или на конкретната „црква“ во градба - зашто и тие се, пред се’ и после се’, архитектонски дела. Каде, како, според што и со што би можеле да ја вклопиме оваа наша актуелна градба во зборовите на Либескинд?
Дали локацијата рефлектира некоја и некаква уникатност според која што таму мораше да има баш - црква? И тоа таква, толкава? Близината со некогашниот католички храм не е соодветен репер зашто, прво, тој не беше со такви димензии, и второ, на него веќе „се налепи“ оној друг монструм што сака да се нарекува Спомен куќа на Мајка Тереза. Која и каква е уникатноста на тој простор за да заслужи таков објект? Од друга страна, познати беа амбициите на духовните татковци да се сместат на централниот Плоштад, блиску до вистинското место на старата истоимена црква („Св. Константин и Елена“), но со дијаметрално различен изглед. Не успеаа, иако некој (неверник?) би рекол дека само уште тие недостасуваа таму. Но, и таа градба што беше планирана за централниот плоштад, онака збиена и нелогично извишена, повеќе наликуваше на некои средновековни црквички во

Хрватска (Св. Крст во Нин, Св. Донат во Задар итн.) отколку на оригиналната некогашна црква или пак на какво и да е’ македонско црковно градителство со верба во сопствените традиции. Новава варијанта, оваа во градба, заради поголемиот простор, веројатно ја размафтала „имагинацијата“ на архитектот, па сега заличува на некои карактеристични руски цркви од 11 и 12 век во Владимир, Киев и Москва, повторно онака тромава, масивна, грда во волуминозноста и несоодветна за локацијата.
Или, понатаму, кои се културните аспекти на ова градба како таква? Споредени со историските и културните аспекти на македонските цркви во минатото, со традицијата на нивната градба, со културните аспекти на комуникацијата на оваа градба со околината односно со просторот околу неа ...? Или, како што бара Либескинд, какви се релациите во обликувањето на оваа градба со поезијата, со танцот, со светлината ...? Или - се’ кај неа е токму спротивното? Се’ до едно, од почеток до крај, до „културата на градот“, каде таква „градба“ едноставно - не спаѓа! Ремек дело на грдотијата и декаденцијата!



*Св. Константин и Елена,* некогаш

Или, ако сакаме, ако во многу нешта, особено во световната архитектура - иако и тоа е сосема дискутабилна теза - нема(в)ме релевантна сопствена историја на која што би можеле да се повикаме, која што би можела да ни биде естетски репер, тоа не можеме да го кажеме за црковната архитектура. Зашто црковните градби на

тлото на Македонија, од деветтиот век наваму, се вистински бисери (не само) на црковната архитектура, и не само во регионот. Како што тое е, впрочем, случај и со уметноста. Мислам на средновековната македонска уметност, фрескосликарството и иконописот, кои што беа значајна предлошка за развојот и на современата македонска ликовна уметност по војната. Иако денес од многумина омразената Модерна, којашто на крилјата на авангардните движења само навидум настојчиво расчистуваше со минатото и традицијата, се покажа дека во извесна смисла (и не само) во Македонија традицијата беше еден од важните врутоци на инспирацијата. Ако за првите повоени македонски генерации уметници важеше слоганот за „творечко достигнување на светот", подеднакво битен момент беше и творечкото *надоврзување* на традицијата.

Интересна теза за дискусија во случајот со новата „градба" што ја глуми некогашната црква „Св. Константин и Елена" би било тврдењето, доколку такво постои, дека традицијата е веќе надмината, дека претставува само далечно и главно заборавено (естетско) ехо. Но никој, се' уште, барем не јавно, не изрекол таква ерес. Особено не во однос на црковната градителска традиција. Иако неизрекувањето, туку постапувањето, подеднакво важи! Не дека острите прекини со традицијата се нешто непознато во светот, или во регионот. Напротив. И тие давале и позитивни резултати, зашто често се покажува дека традицијата, минатото, особено во уметноста, не е лесно бреме за носење. Едновремено, не мислам дека уметноста, подразбирајќи ја тука и архитектурата, не треба да има свој развој. Напротив. Би се наредил прв во редот на поборниците на релевантното и квалификувано но одмерено и умерено почитување на традициите, а особено за нивно осовременување.
Но што е *ваквиот тип* црковно градителство? Развој, надградба на традицијата, што ...? Или повеќе наликува на (свесно) искривување на традициите? Или навистина некој оваа грда градителска треска ја смета токму за почитување на црковните традиции и канони? Но, според кои и какви параметри? Или, наместо традиција, повеќе и' одговара поимот - декаденција?!
Оттука, повторно, кој, и зошто, на таков начин, свесно или не, ја деградира македонската црковноградителска традиција? Каде се загуби онаа македонска варијанта на византиската „... виртуозност во суптилноста на дизајнот и рафинманот на деталот" (Томас Ф. Метјуз)?

Не знам колку би ни помогнале некои туѓи искуства но, на пример, проектот за новата руска црква во Париз е доминантен пример на спој на традиционалното и современото во архитектурата. Новата Руска ортодоксна црква, планирана блиску до Ајфеловата кула, е дело на францускиот архитект Жан Мишел Вилмот, а проектот уште од почетокот предизвикува контроверзи, дотаму што парискиот градоначалник Делано ја нарекол „медиокритетска" и „пастиш". Се разбира дека не бил во право, туку се посрамотил зашто проектот за црквата изгледа фантастично.
Но, интересен пример е уште една руска црква, повторно во Париз: катедралата Александар Невски, која што многумина ја сметаат за една од десетте најчудни цркви во градот. Со нејзините пет пирамидални извишувања од 40 метри и со позлатени куполи, оваа градба (подигната 1860 година) е скромно но интересно потсетување на импозантната црква Св. Василиј на Црвениот плоштад. Оваа црква во Париз не е позната само заради нејзината архитектура туку и по венчавката на Пикасо со Олга Коклова, и нивните венчани сведоци Жан Кокто, Гијом Аполинер и Макс Жакоб. И вакви и слични примери има многу во православното црковно градителство. Синтезата на традицијата и современоста, онаму каде што е изведена со идеја и знаење, по правило дава примерени резултати. Таков, впрочем, е и примерот на Соборниот храм на МПЦ! Па ако е така, на кои и какви традиции или пак современи искуства се потпира новата аналфабетска градба на улица

„Македонија“, која што претендира да се нарекува македонски православен храм „Св. Константин и Елена“? (Нешто подобра во овој однос е новата црква „Рождество на Пресвета Богородица“, иако со доста пропусти во однос на првобитната црква, но и дефинитивно упропастена со оние смешни „столбови“ со тролчиња што глумат светци и богородици, расфрлани околу црквата!).

Од друга страна, како некаква нова и слична нерешлива загатка ни доаѓа еден (повторно) наш пример од релативно блискиот Загреб, каде (повторно) под покровителство на МПЦ–ОА пред неколку месеци започна да се гради македонска православна црква. И кога ќе се спореди проектот за оваа црква (автор Зоран Божевски), со ова што кај нас се гради последниве години под името „црква“, престанува секаква дискусија. Зашто тоа во Загреб може да биде се’, само македонска православна црква не. Ни според некогашни, ниту според сегашни „критериуми“! (Истото впрочем важи и за сите оние „македонски“ цркви во дијаспората, но да речеме дека повеќето од нив не се градени под патронатот на МПЦ-ОА).



Македонска православна црква, Загреб (макета)

Односно, да се појаснам, проектот за црквата во Загреб изгледа сосема пристојно за некој католички храм, за баптистичка или адвентистичка црква и слично. Но, тоа да се нарече македонска црква е прилично амбициозно, да не речам ступидно. И тука повторно (за нашите љубители на Русија!) ќе ги спомнам руските цркви во Париз – двете во распон од околу 150 години – и нивната идеја да се инкорпорираат типичните руски црковноградителски елементи во (релативно) современи градби. И прашањето: како тоа сите други православни цркви умеат да си ја сочуваат традицијата, само ние - не?

И да не бидам погрешно разбран: без оглед што проектот изгледа сосема различно од нашите разбирања за македонските традиционални цркви, при што да не е крстот би можела да помине како секоја друга световна градба, сепак - зошто да не? Но, судирот на концептите (ако концепт воопшто постои!) е евидентен. Еден за Загреб, друг за Скопје. Или: Загреб не би прифатил некое од нашиве денешни грандомански русифизирани чудесија?
Па оттука и прашањата: зошто во името на Македонската православна црква во Загреб може да се гради објект со современи архитектонски визури, а кај нас тоа не е можно? Дали православните канони - ако оној паднат метеорит воопшто може да се подведе под некој канон - се врзуваат само за локалното тло и не важат надвор? Дали македонските, и не само македонските (православни) верници во Загреб се толку ралични од македонските верници во Скопје? И дали македонските верници во Македонија, иако главни финансиери, навистина заслужуваат таков однос?

Еден опис на една од најновите цркви во скопски Аеродром, којашто веќе добила и своја книга, вели дека „Новиот храм Св. Јован Крстител, кој две години се градеше на атрактивна локација, во паркот со авион во општина Аеродром, на кејот на реката Вардар, е петкуполна црква со специфична, древна архитектура, а во комплексот има камбанарија, фонтана и парк. Во црквениот комплекс има камбанарија висока 18.5 метри, фонтана во облик на крст со три водоскоци, природен камен стар 25 милиони години тежок 15 тони, донесен од рудникот Бучим во Радовиш а дворот е партерно и хортикултурно уреден со места за одмор на посетителите“! Бреее, како ли ја пресметаа и староста на каменот?



*Св. Јован Крстител,* Аеродром

Ама, дали баш на се’, и буквално на се’ врз што ќе ставиме крст и што ќе го „освети“ г.г. Стефан треба да се нарече - црква? Нема ли дефиницијата за црква и некои други стојности, освен (само) материјалните? И дали големината и накитеноста се примарниот фактор во определувањето на светите места?
И тука воопшто не мислам на немањето однос ни кон традицијата ниту пак кон современото при проектирањето и градбата само на православните религиозни објекти. Ситуацијата не е воопшто подобра ниту кај џамиите што исто така никнуваат како печурки по дожд, а врз една иста / слична пресликана матрица. Се разбира дека не е лесно да се следат некои од величенствените светски примери (Shah Faisal Masjid во Исламабад, Исламскиот центар во Мичиген, џамијата во Кобе, фантастичната Sultan Omar Ali Saifuddin Mosque во Брунеи ... и редица други) и тоа можеби кај нас никој и него очекува. Но, зарем не може да се размислува во насоката на осовременувањето на проектантските визии и за овој вид објекти, како на пример Исламскиот центар во Источен Харлем во Њујорк, или џамијата во Ванкувер?
Но ние по правило немаме одговор на ваквите логични прашања односно на нашите нелогични ситуации и зафати. Немаме одговор ни пред себе си, а камо ли пред другите. Можеби затоа и ни се чудат. Сите. Особено оние кои ја познаваат историјата на Македонија и нејзината уметност и архитектура.




Џамија во Ванкувер

Вториот битен сегмент, односно подеднакво битен сегмент, барем во минатото, на македонското традиционално црковно градителство е внатрешната декорација на црквите со фресоживопис. Или, ако сакате, по правило, македонските цркви во минатото биле декорирани *исклучиво* со фрескоживопис, без отстапки (за што, секако, имало многу причини, меѓу другото и цената на работата!). И токму затоа, заради квалитетот и на архитектурата но и на живописот, одделни македонски цркви

биле вброени во самиот врв на некогашното византиско (во неговата македонска варијанта) градителско и сликарско мајсторство.
Оттука уште поголема беше запрепастеноста кога - безмалу пред две години - за градбата во центарот на Скопје што треба да ја глуми некогашната црква „Св. Константин и Елена“ беше распишан јавен конкурс за изведба на *мозаици* во ентериерот! Апропо идиотштинава на времето напишав дека изгледа нашата духовна братија одвај чекаше да се вклопи во „дострелите“ на глупоста на „Скопје 2014“, односно дека кај нас рака под рака одат профаното и духовното. Односно дека духовното ни е – најпрофано. Испрофанисано до зла бога!
Елем, тогаш, нашиве „владици“ (ако некого го интересира зошто служат наводниците, нека се јави, ќе му објаснам), ни мање ни више туку беа намислиле да ја редат со мозаици новата црква „Св. Цар Константин и Елена“, истата онаа што, се покажа, се гради од „донации“ што луѓето не ни знаат дека ги дале и што така ревносно ја чуваше едно „здружение“ на хистерични баби, коешто прво ја уриваше Општина „Центар“ а потоа ги бранеше темелите на црквата. (Патем, ако навистина се гради од донации, кому му текнале да го избере убедливо најскапиот вид на внатрешна декорација?).
Поточно, МПЦ си објави конкурс за избор на уметник кој ќе ги изведе мозаиците во црквата, планирајќи прво да си помуабетат со уметниците што ќе се пријават, односно прво дооообро да ги испрашаат(?) како и колку тие знаат за византиската иконографија, што сработиле во животот, дали можеби се верници, пушат ли, какви се нивните размислувања за добрите / лошите мозаици во православниот свет итн. Е ако уметникот го поминеше овој прв (тие велат теоретски) дел, го чекаше вториот дел: „изработка на парче мозаик, на точно зададен лик од светител, (Св. Климент од Перивлепта), допојасна претстава во природна големина, со природни камчиња, без отстапки од цртежот, а со сопствена интерпретација во претворањето на зададената фреска во мозаична форма“. Шампиони!

Ама и тоа не беше се’. Имаше уште еден предуслов, којшто велеше: „ПРЕДУСЛОВ за избор на уметникот е претходно во целост да ги познава канонитe на православната иконографија, традициите и православната духовност, да го работел тоа, да се занимавал со фрескоживопис (кој би имале можност да го видиме во живо), како и да има искуство во изработка на мозаици во византиски стил (истиот како продолжение на традицијата на нашите цркви). Технички и технолошки да е образован и да има преглед врз историјата на православната уметност како низ вековите така и денес. Секој кандидат треба да ги презентира своите размислувања и на според него светски добри примери од мозаици со православен карактер, да ги презентира своите знаења и размислувања и да ги сподели со одговорниот тим“. Можеби некому му се сонила „Св. Софија“ во Цариград?
За да на крај „владициве“ појаснат дека „станува збор за огромни површини кои временски не би можел еден уметник сам да ги сработи“, па „би се направил избор на Тајфа од уметници – мајстори во која одговорен ќе биде најдобриот и најспособниот уметник“! Сполај ви на глупоста, немерлива е!
Не разбравме чија измислица беше мозаикот, исто како што не разбравме ни зошто се откажаа од него. Можеби Севишниот им потшепна дека се дудуци и дека не си ја знаат ни сопствената традиција? Нејсе, набргу се откажаа од мозаикот (иако, сепак, нацуцулуја некакви јадни сочиненија што глумат мозаици на надворешните ѕидови, колку да им помине меракот!) и се насочија кон традиционалниот фрескоживопис, чијашто реализиција се’ уште не е ни почната. Иако браќава веќе држеа служба во недовршената и неосветената „црква“!
И сега, останува да се види што конечно ќе произлезе од внатрешната декорација. Судејќи според генералното промашување во надворешниот лик на градбава, односно во „архитектонското“ конципирање на оваа црква како некакво туѓо

декадентно тело во историјата на македонското црковно градителство, такво нешто најверојатно ќе се случи и внатре. Браќава веројатно ќе одберат некој дилетант со брзо и лесно „решение“, можеби нешто во стилот на сите други црковни декорации кај нас последниве години, со катастрофални последици: употреба на акрилни бои или (не дај боже) облепување на внатрешноста со цели готови насликани платна! Ем брзо, ем лесно, ем ефтино. Зашто, впрочем, во македонските цркви се’ стана ефтино, и профано, и за срам. Скапи останаа само услугите на неукото свештенство!

Оттука, првичната дилема за нашиот однос кон традицијата во црковното градителство односно нашето целосно потпаѓање под очигледен декадентен наплив можеби и не е веќе дилема. Тоа е наше секојдневие, наша реалност, и профана и световна, рака под рака. Не може полуписмен свет да создава Уметност, како што не можат ни со Верата да се бават неуки луѓе! И Уметноста и Верата се возвишени и кријат премногу тајни за обичниве параспури. Но затоа ним Профитот им е близок и свети во нивните умови како „благословено“ кандило на сите нивни „подвизи“, и профани и световни!

И можеби токму тука е местото за вистинското прашање: традиција (што во нашиот случај води во декаденција) или современост? Зашто, дури и црквата како институција, ако се цени барем според другите вакви институции во светот (на пример Католичката црква!) не е застаната во времето Петар и апостолите, не може да живее денес како пред пет или десет века, дури и во традициите на градителството и сликарството. Дури и некогашните македонски цркви, оние вистински бисери на локалната византиска градителска и сликарска варијанта, сведочат за *развој*, за *осовременување* на традициите, за прогрес ако сакате. Токму затоа е различен живописот на Курбиново од оној во Нерези, како пак што е различен од нив оној во некои од поновите охридски цркви. Сосема исто е и во развојот на архитектонските концепти, се’ до современиот третман кај еден Андреа Дамјанов, на пример. Или, сосема поедноставено: зошто од македонската црква денес е анатемисана современоста? (Впрочем, истото прашање важи и за современата македонска култура и уметност, но тоа е друга тема).

Два брилијантни европски примери (во временски распон од шеесеттина години) говорат во прилог на посакуваната (маестрална) синтеза на верското чувство и современата уметничка / архитектонска мисла: Корбизиеовата црква „Notre Dame du Haut“ (1950) во Роншам во Франција и црквата „Св. Павле“ во Фолињо (2009) во Италија, дело на архитектите Масимилијано и Доријана Фуксас, во соработка со уметниците Енцо Куки и Мимо Паладино.
Корбизиевата црква, изградена недалеку од Париз, е архитектура на чист простор, со впечатливи светлосни детали добиени низ грижливо избраните пробиви во внатрешноста. Градбата е токму спротивност на традицијата деталот и орнаментот и е прозивод на еден вид редукционистичка естетика, со акцент врз чистоста на медитативниот простор, што е’ и една од основните вредности на една *црква*.
Гратчето Фолињо не случајно го спомнувам, зашто има барем една сличност со Скопје: во 1997 година го погоди катастрофален земјотрес, по што градот континуирано се обновува. Во името на таа обнова, во 2009 година е завршена градбата на црквата „Св. Павле“ која што според основните карактеристики воопшто не личи на италијанска црква какви што има повеќе во Фолињо. Проектот на архитектите Масимилијано и Доријана Фуксас, во соработка со уметниците Енцо Куки и Мимо Паладино (и други, се разбира) е чиста геометрија, монолитен минимализам, и повторно - света тишина и медитација! Образложението на жирито при изборот на овој проект било дека проектот „е знак на иновација и поддршка на

најновите меѓународни истражувања, симбол на повторното раѓање на градот по земјотресот“.
Ќе се појави ли некогаш некое слично македонско жири?



*Notre Dame*, Ronchampe

## ЕДНА ГОЛЕМА (В)РАБОТИЛНИЦА

Мислам дека г-дин Тричковски дефинитивно претера. Што сега му пречат белите маички на новинарите на „Вест“? Па уште: „... јебале вас белите маички“! Зошто? А на нив убаво си пишува - „Македонија вработува“. И што тука има погрешно?
Ама, ако Македонија е навистина *нешто* во изминативе години, тогаш тоа е една голема (в)работилница. Тука се (в)работи се’ и сешто и се вработува се’ и сешто. Од шуто до рогато, од ќораво до слепо, од криво до сакато ... од глупо до поглупо. И сите нешто работат, и сите се вработени. И им се даваат „решенија“ за една година унапред, и им се ветуваат брда и долини и им се раскажуваат приказни за мали деца. И овие - веруваат. Баш ко мали деца. Ко Ристо Никовски, на „24“! (И кога сме кај него, може ли некој да објасни како човек со таква „логика“ можел да биде амбасадор? И може некој да ни каже кој и зошто воопшто некогаш го вработил? И сите оние други ко него, од онаа „амбасадоркана“ во Хрватска па надаље? И сите овие двесте и кусур илјади во јавната администрација? Е што е тоа ако не е вработилница?).
И сега ги најдоа новинарине на „Вест“, само тие не чинеле па ќе ги отпуштаат? А имат убави маички. И, плус, ми се допадна нивниот „перформанс“ со мобилните и селфито. Многу слично како неодамнешниот перформанс на „Протестирам“ во милиот ни Театар на спрдачината и Н.В. директорката. Која што, еве, покрај партиското пренемагање наречено глумење, организира и меѓународен фестивал, ама со театри од Македонија. Добро, и еден од БиХ! Каква инвентивност од нашата најдобра глупица, според „великанон“. Ама, ете, чекам, имено тој ист „великан“ да се јави и да протестира и против перформансот на новинарите не „Вест“ односно да го каже судбоносното „*за*“ нивното (потенцијално) бркање од работа. И како воопшто се осмелуваат да протестираат против газдите? Та тоа е непојмливо во оваа (в)работилница!

И ене, како убаво ја вработија и дотичната „госпожа“ да носи бурек во Археолошкиот музеј на Македонија. Ним навистина им требаше уште само тоа, односно таа. Се’ друго им е потаман, иако зградата веќе почнала да им се распаѓа, да пука. А како и не би под товарот на толку глупост набиена во неа. Пазете: ем Археолошки музеј, ем Уставен суд ем Државен архив! Мега глупост, на квадрат. Плус проектантот. И разбирливо, веќе во старт, после само неколку месеци, Археолошкиот музеј станува - археолошки експонат! Чуди невидено. И повторно ќе доаѓаат странци да го гледаат како којзнае кое по ред светско чудо. Само не знам зошто не го изложат внатре - а може и надвор, пред влезот, уште подобро - и главниот „проектант“, па главниот изведувач, па главниот ... падар, се’ до Големиот архитект. Нека ги гледаат луѓето, нека знаат чие дело е тоа. Нека направат еден споменичен ансамбл, за сликање, па и за „селфи“. Ако дозволи „великанон“, се разбира, зашто тоа може ќе го крсти напад и врз овие велелепни институции?
И навистина мислам дека треба да се определи еден ден во неделата кога сите вработени глаучи во државава, со нивните пулени наречени јавна администрација, би се построиле пред нивните институции, народ да може да ги гледа. И кога велам сите, мислам од Хорхета па надолу. Ќе се одбере еден ден, еве на пример понеделник, сите ќе си се постројат пред влезовите и ќе можеме да ги видиме кој за што е надлежен. Зашто вака изгубивме и ред и рачун кој каде е, кој за што одговара, кој што работи односно - не работи. Така би си имале увид, и ние и тие. Зашто, сигурен сум, и власта изгубила есап каде кого вработила. Кој што прави или треба да прави. Вака - сите на ачик, па бирај аго шта ти драго!
Едновремено, мислам дека пред институциите треба да се наредат и оние кои чекаат вработување во нив, оние на кои нешто им е ветено, оние кои добиле пред-

договори или пред-решенија дека ќе бидат можеби вработени во 2021 година итн. Зошто? Па така ќе видиме зошто одделни персони хистеризираат низ медиуми, зошто се прават луди како оној Никовски и братија, зошто со нокти и со раце и со нозе се држат до налудничавите тези во одбрана на власта. Само така ќе видиме кој какви ветувања има и на какви трки трча. Така на време ќе ја видевме и онаа што треба да носи бурек во Археолошкиот музеј. И многумина други - жени, мажи, синови и ќерки, браќа и сестри ... сите наредени пред институции, сосе пред-договорите в раце. Милина!

Па така, почнувајќи од горе, од Хорхета, па надолу, би имале одлична претстава кој се' за џабе ги јаде државните пари. Или, можеби, Хорхе треба да го поштедиме, човекот често заспива, губи фокус и перцепција. Него би можел да го застапува новиот му советник, а? А да ја имавме воведено мерката порано тој ќе стоеше во другиот ред, кај оние кои чекаат вработување во Кабинетот и ќе ни беа појасни сите негови лудории.
Како и да е', значи од Водно па надолу, преку неколку министерства, па МАНУ (со сите оние „надежни“ кои чекаат и пред нејзините врати!), па Владата, па разноразни агенции и дирекции ... би виделе импресивна галерија на ликови. Се' кој до којега, „кремот“ на оваа македонска лудница. Е тогаш оној од Антикорупциска не ќе можеше така да бега од новинарите. Ќе мораше да стои мирно пред влезот во зградата и да одговара на прашања како и за што арчи државни пари. Или, кога ќе се наредат заедно оние од Обвинителството, сосе Зврлевски, ама и оној претходниот кој сега држи лекции за кодификација и закони. Па, па, пааа, каква глетка би било тоа.
Се разбира, не би требало да се заборават и универзитетите, барем оној државнион, се разбира. Тууу, каква „интелектуална“ збирштина бо добиле: нацуцулени ректорчиња ко оној одликуванион, па до нив деканчиња, па профресорчиња ... па од другата страна сите оние идни наречи-професорчиња на кои некој нешто им ветил и само чекаат ред да ја фатат фотелјата ... Нормално, културата би дошла на крај, како шлаг на тортата, сосе „министерката“, па нејзиноно директорче на Управата за уништување на културното наследство, па една цела булумента домаќинки и домаќини кои глумат директори низ културните институции ... Таква карикатура ни Цицо Поповиќ не би можел да нацрта!
Само така би станале свесни за оваа целосно вработена работилница наречена Македонија, во којашто ништо не се произведува. Освен глупост,  лаги и криминал! И непријатели, се разбира. Сите што не се пред институциите, се против нив. Тоа е јасно ко бел ден и не ни треба дури ни Никовски да ни го објасни.
Само една таква слика и' треба на оваа (в)работилница. Му треба додуша и на г-динот Заев за да точно види кого се' оваа држава плаќа, и за што. Еден таков панорамски кадар веројатно би ги развеал идеите дека таа јавна булумента која што некој сака да ја нарекува администрација треба да ја задржи на работа. Зошто, и кому му е потребна? Македонија никогаш немала понеспособна јавна булумента од оваа, која (не)свесно ја води земјата кон катастрофа. Нивната докажана неспособност е веќе легендарна, епска. Замислете како би изгледале потенцијалните преговори со ЕУ кога на наша страна би седнале овие „стручњаци“. SF хорор! Затоа, ни на г-динот Заев ниту пак некому друг му требаат којзнае какви тестови или проверки на способноста на оваа администрација. Нивниот групен портрет е на виделина толку години. Сосема доволно ќе биде само уште еден поглед врз нив, онака построени, некој понеделник ... од Хорхета па надолу!

***Идеална булумента***

Елем, приказната за македонската јавна булумента која што некои сакаат да ја нарекуваат јавна администрација кога-тогаш ќе добие разврска, дури и наспроти помирливите тонови на опозициските лидери за некаков нереваншизам, за толеранција, дури „соживот“ и не-знам-какви други приказни. Можеби и тоа некогаш ќе профункционира, и кај нас, како и во другите цивилизирани европски земји, особено скандинавските, а за што можам и лично да посведочам. Но, денес-утре, не верувам, заради многу причини.
Прво, дали е реваншизам ако на неспособниот, утре, му ја покажеш излезната врата и му кажаш да ја затвори однадвор и повеќе да не ја отвора навнатре? Или некој ќе посака да ме убеди во способноста на оваа булумента? Ок, чекам. Чекам да слушнам за нивните способности, за нивниот досегашен придонес, за нивните решенија за подобрувањето на јавните услуги сиве овие години, за нивните „проекти“ што ја однесоа Македонија во друштвото на почитуваните. Нормално - ги нема. И не може да ги има зашто станува збор за неспособни туткуни кои не знаат подалеку од носот. И тоа нема никаква врска со потенцијалните нивни дипломи од секаков вид - што денес кај нас се добиваат како кило домати на Бит пазар - со нивните CV-а билдани по партиски „работилници“ и во здруженија од типот на сетинцине и попадинцине. Таквата хиперпродукција на факултетски „образувани“ морони, подучени од македонската квазипрофесура, е одамна наш „стандард“. Па оттаму и онаа веќе со години воспоставена идиотска пракса дека во оваа јавна булумента секој може да работи се’, па следствено така и ги вработуваа своите пулени каде и како ќе стигнат. Оние поблиските, пријателите и роднините, ги правеа - директори и министри!
Од друга страна, не тврдам дека и во таа и таква булумента нема квалитетни поединци. Ама, белки некој знае и умее да направи таква разлика? Зашто - има разлика и таа е лесно воочлива. Ако некој сака да ја види, се разбира. Но, во што би се (с)огледал тој квалитет ако и тие малкумина цели девет години дремат, примаат плата и извршуваат небулозни наредби? Оние од типот на „Мој термин“ на лигњана, или квалитетот на учебниците и екстерното оценување во образованието, или сите оние легализирано партизирани буквални кражби низ формата на „Годишна национална програма во културата“ на онаа којашто го исфинансира и „Скопје 2014“ со пари од културата, или науката на оние квазиисторичарине кои девет години ни продаваат „чојство и јунаштво“ во македонизирана варијанта, или ...? Каде тука се гледа професионализмот, кадарноста, квалитетот и на тие (малкумина) кои молчешкум исполнуваа(т) и такви „проекти“? Или, на пример, се сеќава ли некој на некаква реакција на „стручниот“ кадар апропо „политиката“ на домаќинкана која глуми директор на МСУ? Па ги тера да прават изложби и во македонски амбасади? Или може ли некој да посочи на каква и да е’ реакција апропо онаа полуписменана во Националната галерија (едни новинари на времето дури ја прогласија и за личност на годината, ама сега веројатно од тоа се срамат), или на „стручноста“ и „квалитетите“ на биологичарката после неа? Тогаш - за каков кадар говориме? И ако тој и таков „кадар“ утре биде (пристојно) замолен да си побара друга работа, тоа ќе биде реваншизам?
Или, ако сакате, ќе се смета ли за реваншизам идното раскинување на договорот на „госпожана“ бивша од Фондот за здравство, сега во Министерството за финансии? Да? Е па направете ја повторно директорка!

Второ, во контекстот на идното постапување со оваа булумента често се спомнува и поимот толеранција. Иако по правило секогаш еднострано. Но каде, во кој речник стои дека толеранцијата подразбира и замижување пред неспособноста, пред глупоста, пред незнаењето ...? Како е можно утре да постои толеранција во здравството токму кон оние кои не’ усреќија со овие „белосветски реформи“ на нивната нереформирана свест? Или во Министерството за култура кон оние кои така беневолентно го спроведуваа последниов (п)откуп на ликовни дела, па

распишуваа конкурси со фрапантни износи за наградување на турбо фолкот и македонскиот естраден кич, или замижуваа пред скандалозно малоумните „проекти" финансирани од државни пари исклучиво заради лични богатења или партиски компензации? Дали помилувањето на тие и такви „административци" ќе значи спроведување на некаква толеранција? Никако, тоа само ќе значи спроведување на самоубиство во неколку чекори, зашто од такви „професионалци" никој нема полза, државата најмалку.
И како овие поими се потегнуваат секогаш кога овие со историскиот предзнак треба да заминат на буништето на политиката? А се сеќава ли некој на постапките на „либералот" Димитров и „демократот" Чоревски кога како двоец без кормилар упаднаа во Министерството за култура во 1998 година? Тогашните петнаесеттина од нив избркани луѓе - само заради фактот што не беа „нивни" - добро ги паметат. А на нивните места донесоа дилетанти, вклучувајќи ја и сегашната „министерка" за култура која тогаш изигруваше секретарка! Па и за тоа не ја бидуваше.
И колку такви имаше низ цела Македонија, во сите министерства, во сите институции? Зошто *тогаш* никој не ги спомнуваше зборовите толеранција, нереваншизам и слично? Или, зошто овие поими беа така наврапито заборавени во 2007 година, кога започна партизираниот марш на булументава?
Трето, каков „соживот" - поим што најчесто го употребуваме во меѓунационалните односи, но функционира и овде - би можел да постои помеѓу сегашниве административни туткуни и идните професионални кадри во јавната администрација коишто толку (ќе) и' требаат на оваа држава? Дали, во старт, тоа значи дека другите ќе треба да ја работат и нивната работа а овие (и понатаму) да дремат и да примаат плата? Тоа ли би бил тој соживот? Или ќе бидат пратени дома - барем да не завземаат места - ама сосе платите, како и оние илјадници други за коишто слушавме и читавме? Ако Македонија навистина е толку богата, тогаш и таа будалаштина можеби ќе ја видиме.
Или, замислете ја во тој соживот целава сегашна ергела полуписмени партиски активисти влезени во амбасадорски филм и расштркани низ светот, кога ќе ги вратат во Скопје а тие брже-боље ќе фатат ладовина во нивноно Министерство за недовршени работи. Можеби ќе го ангажираат Никовски да ги брифира и подучува за најновата ситуација во земјата, и светот?
Или, дали под формата на соживот нашиот непрежален „Рембрант" алиас Сарајлија и пулените во Министерството за (не)култура и понатаму ќе смислуваат „национални проекти" од типот на „Продадете го ѓубрето од вашето ателје на државна институција"? Ние, објективно, се' уште не знаеме колку (и кого се') може да издржи оваа држава. Ама, ни треба ли и тој ризик?

Дури и како предизборно ветување приказните со јавнава булумента не држат. Едноставно - зашто овие се неупотребливи. Тотално. Зашто, не можете да очекувате од човек кој цел живот не влегол во *една* културна институција да знае што е тоа култура. Или некој кој не прочитал една книга во животот да пишува учебници. Или понављачи да ви продаваат реформи за дебели пари. Или ебиветри да кројат надворешна политика! Дали навистина, како што вели Дамјан Манчевски, некој има илузии дека оваа и ваква администрација и остала „клиентелистичка фукара" (К. Наумов) некогаш ќе каже „... НЕ на своите криминални наредбодавци"? Тој филм нема да го гледаме, од едноставна причина што не е снимен. И никогаш нема да се сними. Та тие се ухлебени тука токму за да *не* кажуваат - не!
Не дека сакам да го подведам под сомнеж правото на работа, на запослување, ама баш секој ли е способен за се'? И баш секој ли е за во јавна администрација? Се разбира дека е наједноставано да се повикаме на командната одговорност и целата вина за македонскиве катастрофи во сите области да се префрлат на врхушката. Впрочем, во многу сегменти тоа и е' вистината за Македонија! Ако не повеќе, ги слуша(в)ме нивните „бисери", нивната „стручност" и „компетентност" во

раководењето со земјата. Го слушаме и „министерот“ за здравство како изигрува будала и вели дека не е запознаен со извештајот на Стејт департментот за неговиот ресор. Ама токму професионалната јавна администрација а не оваа партиска булумента може да биде единствениот коректив на глупоста и некомпетентноста на политиката. И се разбира дека не мислам дека тоа е баш така едноставно да се направи. Ама реформирана јавна професионална администрација - вклучувајќи ги тука сите државни институции - подразбира реформа и на свеста за истата. А таа, свеста, денес е токму на потребното ниво: таа треба да е полуписмена, да слуша, да не мисли и да носи барем по уште пет гласачи! Ако таа „свест“ важи и утре, тогаш навистина нема потреба од какви и да се менувања. Оваа булумента е - идеална! Тие се тука, што би рекол Ордановски, токму за „... режимот да може комотно да се рециклира и ефикасно да ги елимира сите оние што им велат дека во огледалата пред кои секојдневно се фрцкаат, се одгледува најгрдата македонска реалност“!

## ДОЃИ МИ У ЗАГРЉАЈ

**1.**

Којзнае со какви мисли, или можеби восклици и желби се подготвуваше Сребреница за „пречекот“ на Вучиќ, кој со сиот ум, после се’ - и тука мислам исклучиво на неговата лична „историја“ со настанот - се натопори на лице место, иако некогаш бараше за еден мртов Србин не знам колку мртви муслимани. Можеби - доѓи ми у загрљај? Ама и тоа е Балканот, оној ист којшто (Марија) Тодорова го нарекува „етнографски музеј на мултикултуралноста во еден ќош на Европа“. И всушност, целиот тој Балкан, токму со аминот на Европа и големите сили, настојчиво и потполно свесно се труди да си ја задржи таа карактеристика, да ја оправда пред светот. Барем засега!

Обидот на Вучиќ, во таков контекст, не изгледаше како искрен обид за покајание - зашто тука ќе фалеа уште многу други додатни елементи, а пред се Шешељ и претседателот Николиќ - туку повеќе личеше на одработување на прифатена задача. Затоа и заврши така - со камен в глава!

Затоа впрочем и нашите работи завршуваат така бидејќи како да нема искрени обиди нештата да се променат, да се прифатат вините, да се плати сметката. Зашто барем пари има, ако не друго. Ги има речиси и отповеќе.

И понатаму кај нас, како и на целиот Балкан, сосе фолклорниве „инциденти“, се’ си функционира како ништо да не се случило, ниту пак ќе се случува. Џабе „бомби“, џабе „преговори“, џабе се’ - сите институции си функционираат „нормално“ (како впрочем и сиве овие години!), ене домаќинките го отворија и Охридско лето, полека ќе ги растураат и камповите зашто летните одмори „за по странство“ навистина ќе започнат ... доста беше одмор дома. Идила! Избори, преодни влади, оставки ... апсења ...? Други нека се заморуваат со такви будалаштини. На пример - оние кои немаат пари за одмор!

**2.**

И мислам дека Тодорова не случајно не’ нарекува „музеј на мултикултуралноста“. Тоа го прави со причина. Зашто, иако на прв поглед - или можеби само нам погледот ни оди таму кај што навистина не’ боли, како со расипан заб? - акцентот е ставен на мултикултуралноста, на онаа се’ уште жива рана на овие простори каде што *другиот* е по правило помалку вреден, поентата, според мене, е во музејот. Зошто? Затоа што Балканот - вчера, денес и утре - е токму пример за идеален музеј со раскошни артефакти и константна, неменлива постојана поставка. Како и во секој музеј, и во овој се сместени горе-долу истите експонати, со сосема мали и небитни измени, осветлувањето е по правило штедливо (што ќе рече - мрачно), редовно се подзабришува правот, но со намера одделни делови да се оставаат правливи за да има работа и за утре ... Пописи, отписи и ревизии на мултикултуралните артефакти ретко се прават зашто, главно, се’ и секогаш си е на број, со незнатни варијации.

И главните кустоси се безмалу постојано исти, со незабележливи измени во надлежностите, и во „проектите“: од големи и мали сили, антанти и оски, лиги на народи и (божем) обединети нации, преку ЕУ и кој како стигне. Секој по нешто чепка и проветрува, колку да не се сбајатат работите, зашто Балканот тогаш страшно замирисува!

Единствено менливо нешто во овој музеј се границите односно просториите во коишто се движат мултикултурните народи. Кустосите им дозволуваат одвреме навреме да се прошируваат или пак со сила ги стеснуваат, ги пикаат во помали, мемливи и загушливи собчиња. И сето тоа се прави врз основа на валидни договори и планови од типот на Версајскиот, Букурешкиот и некои други купи-продај договори,

иако денес се повалидни оние (и кај нас) познати алаш-вериш спогодби потпишувани на тоалетна хартија! Е па и „големите“ сили не се тоа што беа!

**3.**

Ако порано политиката на овој балкански музеј беше повеќе експанзионистичка односно насочена кон надвор, денес е валидна политиката насочена кон внатре, како од насловот: Дођи ми у загрљај! Зашто балканските музејски експонати веќе никој не сака да ги гледа, уште помалку да ги прими или да ги финансира. Затоа, балканскиов музеј бара свежа крв, бара нови газди, бара инвестиции кои во неговата прегратка се трансформираат во смртоносни стапици. Или, локално - меѓународните прегратки завршуваат како трамбулини за извоз на домашниот капитал надвор, како услужни перални ци на пари од секаква провиниенција итн. Токму затоа балканскиов музеј на Тодорова е и занимлив за странците, инаку одамна ќе беше затворен. И се' уште има што да се земе од него. Останало по нешто.

Затоа, кога музејот ептен ќе се избербати, доаѓа Главниот куратор од „преку барата“ - како деновиве - да ги подсуреди работите, да очита некоја лекција од современа музеологија на локалниве бараби, но и да им даде малку на значење. Демек - еве, ние се грижиме за вас. Но и тие лекции бргу се забораваат и летаргијата се враќа на местото на злосторството! Животот (ќе) си тече според старите навики и закономерности.

**4.**

Она што е интересно е фактот што ваквите нешта како да не допираат до нашите политички „елити“. (Ако некому не му се јасни наводниците кај зборот елити, нека се јави, ќе му ги објаснам!). Тие како да уживаат во улогите на експонати во балканскиот мултикултурален музеј, постојано и особено настојчиво потврдувајќи ја тезата дека за овој ќош на Европа едноставно нема подобри времиња. Постојано истото време, постојано истите луѓе!

Тука се' ќе биде исто, уште неколку наредни векови! Оние кои се обиделе нешто да сменат, да ја осовременат поставката, ги јаде мрак. Историски потврдено. Ви текнува што, како најсвеж современ настан, му се случи на Ѓинѓиќ? Прво му лепат етикети на странски шпијун, а потоа му лепат - куршум. Препознатливо? А се мислам: ќе поминеше ли и Ѓинѓиќ исто во Сребреница, со истата прегратка?

Денес актуелен enfant terrible е Ципрас. Нашиве „стручњаци“, главно од злоба и неразбирање, му залепија се' што можеа. Дури и дека сакал да ја урне еврозоната! Ама никој, на пример, не објаснува - зошто? Зошто тој би сакал да го направи тоа? Не, ама полесно е да се лепне етикета, нели? Особено на некој друг, по можност да е Грк!

И токму тоа е вториот битен сегмент зошто овој балкански музеј е ист за век и веков. Зашто никој не сака да се зафати со промени, со проветрувања и осовременување на поставката, на идеите, на делата. Никој не сака да ја смени перцепцијата за музејот во насока на европеизација на нештата, не се обидува да го тргне товарот на колективното жигосување и локално затупување. Никој не ги поставува вистинските прашања на кустосите и кураторот: ќе се смени ли еднаш перцецијата за овој ќош на Европа, ќе се разговара ли нормално како и со другите светски ќошови со речиси еднакви проблеми, ќе се избрише ли вековната кравава прашина од поимот - балканизација? И зарем за се' што се случува во тој мултикултурален музеј мора да се бараат идиотски историски претексти и поттексти, зарем овој ќош нема право на нормални историски превирања како и другите европски региони, зарем не може и кај нас нештата да се мерат според рационалните параметри а не само според прастарите непријателства и одмазди кон цели народи?

**5.**

Не мислам дека евентуалната релативизација на нештата, па дури и на безгрешноста на Европа и светот би не’ ослободила од нашата одговорност. Никако. Тоа би било самозалажување, што денес е наш национален спорт, не само македонски. Но сепак, можеби е краен момент да почнеме самите да си ја бришеме правта од локалните експонати, да ја разбиваме таа проклета усталена слика на провинцијален музеј, иако упорно и самите градиме такви. Ние веројатно одлично и’ служиме не Европа да си ги плаши децата со нас, особено можеби со Ципрас, деновиве, како со Ханибал на времето. Меѓутоа, сликите што ги испраќа Балканот нема да ја ослободата Европа, но и нас, од бројните фрустрации. Овој балкански склад на сите негативни карактеристики мора да се обиде (барем) да и’ парира на конструираната и самобендисана слика на „Европеецот“, зашто “Балканот остана европски кмет, антицивилизација, алтер-его на Европа, нејзината темна страна“, потенцира Тодорова.

Се разбира, видливо е со голо око, некому овде, во овој ќош, не му е битна перцепцијата на другиот, дури ни искривената слика за неговите најблиски само заради фактот што се нашле во оваа вукојебина. Не им е битно *менувањето*, битно е одржувањето, и - богатењето. Но тие и така немаат кредибилитет да менуваат. Но, што е со останатите? Или - доаѓа време на одмори, па ќе му мислиме наесен?

Знам дека власта денес, на сите рамништа, е дежурниот виновник за се’, единствениот црн ѓавол натокмен на грбот на државата и народот, без желба да се симне и да ги сноси заслужените консеквенци. И за тоа не требаат којзнае какви аргуметни илити докази, зашто за многу нешта е сосема доволно да се прошета низ градов - за државата и да не говориме, пуста пустелија - и да се прави список на злосторствата. Ама, време ли е за одмори, навистина? И за самобендисани прегратки???

## ЗОШТО КУЛТУРАТА ТРЕБАШЕ ДА ДОБИЕ ПРИОРИТЕТ?

Едноставен и недвосмислен одговор на прашањето од насловот, а во светлината на најновиот Договор за разрешување на политичката криза во Македонија е: затоа што културата е темелна вредност на едно општество, а на македонската култура и' се неопходни темелни реформи! Ок?

Е сега, и прашањето, но и одговорите имаат уште редица финеси, се разбира. На пример, легитимно е потпрашањето: а зарем културата е толку загрозена што мораше да се најде на списокот на желби на опозицијата? И тука одговорот е едноставен и краток: да! Или, ако сакате, може и подолго: треба ли поголем аргумент од самонаречениот проект „Скопје 2014“ и од комплетно девастираните културни институции, од упропастеното културно наследство, од замолчените интелектуалци и културни дејци, од алаш-вериш културата промовирана на голема државна врата, од кичерајот навлезен во сите пори на општеството ...?

Можеме да спориме дали за една држава е побитно земјоделието или културата, ама мислам дека не можеме да спориме дали за една држава, особено од типот на Македонија, се побитни ресорите труд и социјала од културата, или информатичкото општество и администрацијата од културата ... Или, може и вака: кои се тие суштински реформи (освен субвенциите!) што се потребни во земјоделството? Или во ресорот труд и социјална политика, или во информатичкото општество ...? Да, знам дека при потпишувањето на Договорот не се мислело на неопходните реформи во дадените ресори туку на други нешта, ама сепак: кои се тие специфики што ја насочиле опозицијата да се сврти кон оние други ресори, наспроти културата?

Или, нели е доволен аргументот од типот: во кој од наведените ресори има *толкава* промашена инвестиција како во културата, олицетворена во „Скопје 2014“ и неговите близу 700 милиони евра?

Но добро, знам и дека секој, согласно личните и професионалните преференци, има забелешки на „добиените“ ресори со најновиот Договор со којшто, нели, Главнион архитект никако немаше да ја напушти премиерската фотелја. И тоа е сосема логично и верувам дека секој има аргументи зошто е побитно Министерството за внатрешни работи од Министерството за (не)култура, или Министерството за труд и социјала од Министерството за (не)култура итн. Ама логично би било да има и различни мислења односно и некои други да не се согласат со тоа, нели? Зашто и другите можеби имаат аргументи! Иако нам не ни е баш најјака страна борбата со аргументи. Никогаш не ни била.

Сеедно, не е грев ако некој јавно го искаже сопственото мислење, нели? Особено ако истото не се сменило повеќе години – за што, повторно, постојат аргументи, односно бидејќи ни културата не ни се сменила веќе толку години – а константно било јавно искажувано на повеќе начини.

Иако, признавам, многу би ме интересирале аргументите од типот: кому, и за што, му требало Министерството за земјоделие среде зима, наспроти Министерството за (не)култура коешто ќе продолжи да арчи нови и нови државни пари за сите будалаштини што вообичаено ги финансирам вклучувајќи го и „Скопје 2014“? (Па само т.н. Панорамско тркало би изело околу 20 милиони евра!). Ќе се делат ли некакви субвенции среде зима па на опозицијата и' треба(ло) токму тоа Министерство? Или оцениле дека можат (идеолошки, да не речам партиски) да влијаат на земјоделците преку тоа Министерство? Можеби, иако се сомневам.

А Министерството за труд и социјала? Идеолошки (да не речам политички) ќе се убедуваат социјалните случаи за кого да гласаат или – нема принадлежности? А Министерствоно за (самонаречено) информатичко општество и администрација,

што ли таму (ќе) се спрема? Ако може идниот министер од опозицијата во старт да потпише едно 150.000 отказни решенија за македонскава партиска администрација – ок! Ако не, што бараат таму? Ќе ги убедуваат неписмениве за кого да гласаат? Па тие се таму зашто знаат за кого да гласаат!
Да, го слушав Шилегов и неговите аргументи, и тие држат, ама сепак - малку да подразмислеа? Или барем малку да го сменеа стереотипното размислување на оваа партија?!

Како и да е', мислам дека има доволно простор (барем) за полемики и дијалог со некој кој е спремен на тоа, иако нема простор за пишманење бидејќи Договорот е потпишан. Ама јас сепак ќе се обидам.
Па така, морам да почнам со односот кон културата, којшто никако (и никогаш) не бил јака страна на левава опозиција кога била на власт. Како што се покажува и денес. Мислам дека луѓево немаа, и немаат појма што е тоа култура и која е и каква е нејзината моќ (да не говорам за нејзиното значење, кое што исто така како да е непозница!). За нив културата е некаков спореден колосек, нешто без коешто не се може зашто другите инсистираат на тоа, некаква „сива зона" во која што луѓето говорат на неразбирлив јазик. Нивна главна девиза беше: промоција на „живата" култура!
За разлика од нив, десницата, кај нас олицетворена во карикатуралноста наречена дпмне, не знае(ше) но насетува(ше) дека оваа област е особено важна за вакви мали држави и (културно) загрозени (мали, по бројност) народи. Затоа обично не ја испуштаа од раце, освен оние година-две во 2007/8 кога ја препуштија на коалициониот партнер и веднаш видоа каква глупост направија. Меѓутоа, нивниот проблем е', и секогаш бил, кадровски и теориски. Прво, секогаш за министри поставуваа често неуки (за културата) и уште почесто неспособни (за се' друго) луѓе. Од времето на самобендисаниот а тотално изгубен Цветан Грозданов во „експертската" влада, до актуелнава бароколјубна „госпожа" која после толку години, од секретарка дотурка до министерка! Нивните министри појма немаа(т) ни каде се, ни што треба да прават. Сите мислеа дека работа им е да ги (по)делат културните пари шаком и капом на нивните полуписмени сопартијци, и да одржат по некоја идеолошка лекција, се разбира. Мислам, направете список и потсетете се: од оној паунон кој ќе му подаруваше скулптури на светот а подоцна се прослави во Министерството за одбрана со 13-те милиони марки, преку Ганка која не' збогати со едно чудо фалсификати од белградската „ресавска" школа, па Димитров и неговата „беспоштедна" борба со кичот која заврши со шетање на ковчег низ Венеција ... па до денешнава широкорака „градителка" која не знае од носот подалеку. А нејзиниот заменик – земјоделец! Е па сега, видете со кого сме имале работа и зошто не мора да се чудиме до кое дереџе ни стасала културата!!!
Нивното теориско рамниште по правило било под нулата, а познавањата за културата им се сведувале на набројувањето на таканаречените културни дејности. Овие пак денес особено го збогатија арсеналот на културните глупости: од национален уметник до национални пензии, од мешање на културата и естрадата до аздисано трошење на грдни пари за триминутни македонски забавни и фолк тралалајки, од (от)купување на ѓубре од ументичките ателјеа до упропастување на цел еден град ... Еден од главните „теориски" постулати им беше, и се' уште е', дека предност во културата треба да има т.н. мртва култура, односно заштитата на културното наследство, музеите итн. И „резултатите" на нивните познавања се евидентни: од онаа будала со три часовници која ги нареди античкине скулптури пред Владата до создавањето на „современо културно наследство" како посебен македонски продонес во светската наука и култура!
Затоа, сигурен сум дека размислувањата на опозицијата ги ставила на кантар многуте ресори и дека (мислат дека) ги побарале клучните. Што добиле - добиле, читаме. Ама не сум сигурен дека воопшто, барем за миг помислиле на културата. Е

тоа ме интересира. Зошто не? А не сум сигурен и дека би ја добиле. Културата, мислам. Зашто таму има уште многу да се сокрива.
Но, зарем навистина оваа област е таква непознаница за нив или (повторно навистина) мислат дека е неатрактивна (за нив, за народот, за кого?), или пак навистина мислат дека тука нема некакви специјални проблеми? Е тука се излажале. Дебело.

Една од оние фамозни „национални“ куртоновизии излезе со „информација“ дека опозицискиот камп пред Владата зад себе оставил 30 квадратни метри ѓубре! Неписмениве мислат дека ѓубрето се мери како плочки за купатило, или како паркет. Нејсе. Не кажаа колку кв.м. ѓубре останува секојдневно од омилената им власт, во цела држава, од 2006 наваму. Ама некој и тоа ќе го пресмета. Можеби специјалниот обвинител?



(Фото: А. Кондев)

Како и да е, ѓубрево е добра метафора за понатамошно образложение на тезата дека токму културата требаше да добие приоритет кај опозицијата како важен ресор за државата, како нивен фокус и како област во која криминалите беа (и се’) најтешки. Но и лесно видливи, дури не им треба ни специјален обвинител. Доволно е два-тројца поербап луѓе да прошетаат со пајтонот низ централното градско

подрачје. Тука, за неколку години, е наталожено тони и тони ѓубре, шут, смет ... боли глава. Една цела депонија! И тоа е само еден дел, оној на површината, видливиот, забележливиот. Тоа е едната од, можеби првата, причина за неопходноста опозицијата потемелно да се зафатеше со оваа област. Зашто, за изнесувањето на тоа ѓубре не се доволни неколку месеци. Ако се почнеше од септември ...
Не знам каков специјален или „обичен“ (културен) обвинител ќе биде потребен за да се расветлат сите наталожени криминали, практицирани низ оние разновидни измислени форми на легализиран грабеж, почнувајќи од вообичаената „Годишна програма ...“ па натаму. Или, некој мисли дека е случајност и (само) неспособност што за толку години немаме ниту еден, ама баш *ниту еден*, финансиски извештај на Министерството за (не)култура? Или зошто упорно одбиваат, со години, со објавената „Годишна програма ...“ за фамозниот национален интерес во културата да посочат и финансиски показатели за секој проект одделно? Токму таа „Годишна програма ...“ - да не ги спомнуваме сите други смешни „програмски“ измислици - е изворот на бројните махинации и манипулации, клиентелизам и неосновано богатење, делење на државни пари за партиски потреби, почнувајќи токму од оние сега популарнине „сетинци и попаданци“, па едно чудо наши „заслужни“ творци закачени на буџетот со орловски канџи ... Ако само во овој сегмент од работата на овој ресор треба три пати да се преврти едно ливче, како ли ќе се постигне со другите небулози што чекаат таму? Ако се почнеше од септември ...

Сепак, суштествената причина за потребата односно неопходноста во културата *веднаш* да се преземат ригорозни реформи е очебијниот нејзин крах во сите сегменти, од легислативни до творечки, од административни до менаџерски, од општи до персонални. Македонската култура со години не дава ни просечен резултат. (Не дава додуша никаков, но некои сакаат ова што го гледаме околу нас да го наречат - некаков). Низ годиниве во македонската култура се востановија примитивни принципи на квантитет наместо квалитет, на фолирантство и плагијат наместо творештво, на дилетантизам наспроти професионализам. Не е важно кој си туку е важно од која партија си, не е важно што правиш туку кој ти дошол на отворање, секоја шушумига се пишува уметник а овие му даваат награда како стартна основа за национална пензија, на неродени деца им отвораат работни места да ги чекаат кога ќе пораснат ... Зошто тогаш се чудиме на скандалозното велешко одбивање во Ликовниот салон да се изложи акт? Па целата култура ни стана порнографија, онаа од најлош вид, на чело токму со оние кои „одлучуваат“ за неа! А нели е, да простите, чиста порнографија бомбастичното најавување на „работилницата“ на Влатко „национале“ во Крушево, а сега и неговото „гостување“на гитаријада во - Зајечар?

Тоталната повеќегодишна блокада (илити партизација, како сакате) не само на институциите туку и на целата култура, буквално, вклучувајќи тука и невладини организации и професионални здруженија и творци ... сите со ред ... го исцица и она малку творечки и културен дух од македонската култура. Но, да речеме дека и тоа не е којзнае колку битно. Се’ додека тоа партиско културно ѓубре останува(ше) во државата. Зашто ние веќе свикнавме на неговиот мирис, го препознава(в)ме на километри. Меѓутоа, овие самобендисани незнајковци почнаа континуирано да го извезуваат тоа исто ѓубре и во странство, некогаш на само ним познати и по ќеиф локации, но често и на важни меѓународни културни и уметнички манифестации, прикажувајќи го како современ „дострел“ на македонската (не)култура. Да те изеде срам!
Тоа ќе рече дека на нашиов актуелен тип на десно-бољшевичка културна матрица и’ претстојат сериозни трансформации, ригорозни реформи неизводливи на краток рок. Фактот дека неписмени носеа некакви стратегии и програми - коишто и самите не ги разбираа зашто им ги пишуваа други - не е утешителен, особено и заради

фактот дека никој и не ги почитуваше. Или, подобро речено, работеа токму спротивно на тоа што, демек, го смислиле! Ќе мора и во културниот меѓународен свет да се разбие сликата за Македонија како заостаната, закоравена, неспособна и типично балканска културна средина која што нема што да и' понуди на Европа. Ако се почнеше во септември ...

Денес во Македонија, не само во културата, се погазени сите повеќедецениски добиени битки против пролеткултот и идеологизацијата на културата, против балканскиот дух и урамниловката, калливите опинци и селските духовни сокачиња. Сите вредности се фрлени на партиското буниште на една карикатурална партија, која што од културата ни „к“ не разбира, но успешно ја користи за општа и поеденечна манипулација. Демонтирањето на сите квазимерки и решенија, приучени „акциски планови“ и „стратегии“, не е тешка работа. Но рестартирањето на независниот и често неизвесниот творечки дух и вкупната демократска културна машинерија - или она што останало од неа - не е баш така лесна работа. Велам неизвесниот зашто во творештвото, па ни во културата, никогаш ништо не е апсолутно, извесно, предвидливо. Освен кај нас, денес, и годиниве, каде што се', и буквално се', беше познато и извесно. И кој ќе добие пари, и за што, и кој нема да добие пари, и зошто, и кој ќе патува каде, и кој нема да патува никаде, и какви конечни културни „плодови“ ќе ни даде годината!
И таквиот тип работа ја нема во ресорите како што е земјоделието, социјалата, информатичкото општество итн. Таму, претпоставувам, треба да се прелистаат односно преиспитаат главно партиските субвенции и донации / дотации, а средствата да се насочат на вистинските корисници. Културата е сепак нешто различно, друг тип на организам со редица специфики - поединечни и општи, со булдожерски потреби но и со нијанси на најфин и најпрецизен механизам остелив и на најмали потреси. Во земјоделието, претпоставувам, преорувањето е потребна мерка, во културата таа мерка може да биде и - погубна.

Оттука, на македонската култура и уметност, токму во овој миг, им требаше некој нов видокруг, нов хоризонт што ќе мотивира и потврди дека некому во оваа држава сепак му е грижа за состојбите во овие области. Токму овој миг на обновени демократски импулси, со евентуален, потенцијално нов и реформски наострен правец, можеше да сигнализира некое ново време за македонската култура. Не дека и вака, и со овие дополнителни месеци на продолжен очај, којзнае колку ќе се заостри и онака трауматизираната состојба. Ама, проблемот е што македонската култура постојано тренира одложување, чекање, подобри времиња, некој да се смилостиви да и' обрне посериозно внимание. Токму затоа, веројатно, и македонскиот сликар Божидар Дамјановски во неговиот коментар на првиот текст, вели дека „културата никогаш не се одложува ... бидејќи ако тоа пређе во 'навика' ... тешко си на таа држава“!

Знам дека на овие горештини, дури и да читаат вакви мрсомудонастроени сочиненија, шефовите на опозицијата нема (пре)многу да ги заболи глава од размислување дали добро постапиле при изборот на, за нив, интересните (дозволените?) ресори. Ама затоа сигурно ќе почнат да мислат за молскавичното упикување на Лилето-на-тато-Блаже сосе нејзината екологија како најбитен сегмент во утрешното управување со државата. Истата онаа Лиле-на-тато-Блаже која до вчера прдеше и се усмрдуваше во лејката на власта и и' удираше чивии на опозицијата, ама сега експресно бара нови приклученија. А бидејќи политиката е таква ... да не речам што ... овие сигурно ќе почнат да ја есапат за сериозно. Можеби ќе им донесе гласови, дури 5-6?!

Се разбира, темата за културата е доволно сериозна самата за себе, но, бидејќи застанав кај нејзиното постојано *одложување*, тоа ќе рече дека ретко кога е сериозна и за државата! И тоа е нејзината перманентна судбина, кај нас. И токму тоа е и проблемот што и сегашново (повторно) поттурнување на културата под тепих и оставањето на проблемите *за некои подобри времиња* целосно наликува на однесувањето на најголемата опозициска партија и во минатото. Зашто, да бидеме искрени, и нејзините мандати, како впрочем и на оваа карикатурална „десница", обично поминувале во игнорирање на проблемите, а согласно политиката - *не таласај*! Не знам зошто, немам дефиниран одговор, па дури ни претпоставка, зашто во нивните редови имало - за разлика од другиве - поединци кои ги разбирале проблемите и можеле да понудат решенија или, во крајна линија, знаеле кој може да им помогне. Еден од малкуте, да не речема единствен таков реформски потег на сегашнава опозиција беше *Одлуката за мрежата на национални институции во култура* (2003) која што ги разграничи компетенциите во културата на национално и локално ниво. За тоа време голем чекор, ама толку, се застана на тоа. Зашто Одлуката се однесуваше само на финансирањето на платите на културните институции. Сето друго остана по старо. Овие пак денешниве десни болшевици тоа само го дополнија финансирајќи не само локални туку и селски проекти (вклучувајќи ги тука и сите пифтијади и ајваријади), па и оние прекугранични (како национален интерес!) од типот на сетинци и попадинци, кои пак потоа ни враќаат со подигање на споменици во главниот ни град. Лепота!
Што ќе рече, дали на власт се десни или леви болшевици, македонската култура нема(ла) којзнае каков ќар и третман - освен некои, нормално, во зависност од блискоста со властите. А такви, кај нас, секогаш има(ло) многу: од надобудни "академици" и „писателчиња" до опинчани џезери, од „брилијантни" глупици до „авангардни" пенисолози, од домаќинки до штребери кои не знаеле што да прават со себе па заакале во културата.

Оттука, може да се покаже дека сосема е на место тезата (неодамна актуелизирана и од М. Стевановиќ!) дека кај нас политиката всушност се плаши од културата како од нешто туѓо, непознато, безмалу несакано! И тој страв, тоа непознавање (и на теориските и на практичните страни) на културата води кон несакање и - нечинење! Полесно е кога нешто не правиш, нели, барем не можеш да згрешиш!?!
Токму затоа, впрочем, кај нас културниот модел (ако воопшто можеме да говориме за нешто такво!) наликува на некаков социјалистички диносаурус со тук-таму модерни асесоари. Десниве болшевици неодамна комплетно и го зацементираа ваквиот македонски „културен" имиџ воведувајќи ги некогашните комунистички платни разреди во културата како нивен нов белег, нивен најнов дострел во промислувањата на културата. Какви идиоти, невидени. Да не говориме за веќе спомнатите будалаштини од типот на „национален уметник", „национална пензија" и сите други позајмици од најригидниот социјализам. (Можеби ова е таа „преродба" за која што пишува акмакон Сарајлија?). Затоа, веројатно, на овие простори, но и на сите други во регионот во времето на социјализмот, владееше максимата: „не ме плаши министерот за култура, туку ме плаши *културата* на министерот за култура". А и за плашење е, богами, без оглед со какви се' титули се китат нашиве министри! Само што ние почнавме да се плашиме од културата на сите министри - особено на потпретседателон на Владата кој брка новинари по улица за да ги тепа, а се плашиме и од здравството на министерот за здравство, од образованието на министерот за образование (оној, де, кој не сакаше да одговара на прашањата во „Вин - вин"!), се плашиме од историјата на нашите историчари, од градбите на нашите архитекти, од споменицине на нашине уметници ... се плашиме 24/7, за се' и од се'!

Непознавањето (да не речам стравот од) на културата и современите културни текови е, (и) според мене, една од битните причини зошто културата не се најде во фокусот на интересот на опозицијата визави претстојната распределба на „територии“ односно ресори. Тоа, прво, упатува и на непознавање на состојбите и неопходноста од коренити промени во овој ресор, но и непознавање на некои посуштински аспекти на значењето на културата за државата и нејзината улога во современите меѓународни релации. Понатаму, тоа укажува на неподготвеност да се фатат во костец со наталожените проблеми, особено оние најболните: во легислативата, во финансирањето на културата, во справувањето со злосторствата од т.н. проект „Скопје 2014“!

Но, се разбира, сите тие проблеми нема да исчезнат. Тие се тука, а десниве болшевици само добија дополнително време да ги забетонираат нивните будалаштини во културата, да потсокријат некои документи, да потрошат уште некое милионче. Евра, се разбира. Но, повторно, работата така само повеќе се усложнува, но не се решава. Прв сериозен тест ќе биде справувањето со злосторствата од т.н. проект „Скопје 2014“. И, се плашам, тој тест многумина нема да го преживеат. Политички, мислам. Зашто уште пред некоја година беше јасно дека битката против ова злосторство ја водеа, и ја водат, во најголем дел, луѓе вон политиката, интелектуалци кои јасно, од прва, ги согледале сите краткорочни и долгорочни последици од оваа криминална авантура. Политиката, мислам опозициската, тука се вклучуваше само во финансиските афери, како подлога за напади врз власта и нејзиното аздисано трошење. И правење паралели што и колку може(ше) да се изгради со тие пари. А зошто пак тие не го градеа тоа за што сега се залагаат? Мислам на болници, училишта, инфраструктура итн? Основните квазипостулати на овој „проект“ - историски, културолошки, идеолошки, образовни и др. - и општите штети на долг рок по правило остануваа вон видокругот на опозицијата. Дури, во извесни мигови, опозицијата на општинско / градско рамниште прилично попустливо преминуваше преку многу идиотски сегменти на „проектов“ наметнувани од идиотиве.

Впрочем, тоа се случува и денес: оној безгарнично ступиден, анахрон и визуелно примитивен „амблем“ на Општина Кисела Вода - оној со црквата де, иако во општината нема ниедна вредна црква - (велат) е изгласан со воодушевување и од опозициските советници. А згора на тоа, автор на истиот е кој друг ако не економистон кој глуми уметник, инаку „автор“ и на спорните (најблаго речено!) нови пари на Народната ни банка! Е па сега, јасно ли е?

Се си мислам дека истата приказна ќе ја читаме и во стрипот „Скопје 2014“, при што опозициските сили здушно ќе застанат во одбрана на кичерајот што им го „разубави“ градот. Зашто, кутрите, ни разбираат што им се случило пред носот, ниту пак можат да претпоставата какви последици тоа (ќе) има за нивните деца. (И) за нив, како и за десниве, е важно да светка, да е големо, да е препознатливо ... И кој ќе смее да пријде со француски клуч, баш би сакал да видам!?

Тој прв тест ќе ги отвори картите докрај, но ќе отвори и сериозни проблеми, проблеми што понатаму ќе се реперкуираат и во целата културата. Зашто, за македонската политика не е битна суштината - никогаш и не била - туку само формата. И мирот. А во „Скопје 2014“ ним формата им се допаѓа, по ѓаволите. И не можете да ги разубедите во тоа. А мирот? Тоа значи дека е битно да се продолжи со изложби, какви - такви, со претстави, какви - такви, со издавање книги, какви - такви, со концерти, какви - такви ...

Битно е да се продолжи со стариот привид дека ние, сепак, имаме култура. И тука нема којзнае колку многу да се дискутира. И кој, впрочем, видел некаква фајда од културата? И, ако сакате, токму на тоа наликува и сегашната релаксираност и (дали?) задоволство што барем во првиве месеци не ќе мораат да се плеткаат со она незгодно *нешто* што се вика - култура. Нека си кршат глава со неа оние кои тоа

и до сега го правеа. Само што тие не си ја кршеа нивната глава, туку ја кршеа главата, и кичмата, на македонската култура. Иако и тоа не е некоја новост, барем кај нас.



## МАКЕДОНСКА „РЕНЕСАНСА“

Јас не знам што точно е проблемот со оваа земја и овој народ, вклучувајќи ме тука и мене, се разбира, ама ние мора многу да сме му згрешиле на Господа. Зашто нема друго: народ и земја осудени на вакви тормозења, од ден во ден, од година в година, на вакви маки да мора да гледа, слуша а богами и чита се’ ова што ние видовме, чувме а богами и прочитавме, е такви земја и народ мора (пре)многу да се грешни. Од кај нас ли потекнал исконскиот грев, што пак ја докажува тезата за Македонија како Библиска земја, од ова тло ли потекнуваат и сите други човечки гревови, што повторно оди во прилог на нашата древност? Толку ли сме го пцуеле Господа, сме го мавале ли со камења ... што ли? А велат и св. Павле поминал оттука, или беше св. Петар? А онаа Лидија? Немаме ли и само заради тоа некаков попуст?
Не знам, и впрочем не можам да ги знам гревовите на нашите предци што довеле до ваква Господова пизма и осуда на современото македонче - пардон, Македонец - а можеби влечат корени уште од времето на она глупаво доселување на Словенскине варвари и нивното мешање со тукашните тогашни „ариевци“ кои, еве, почнаа да го слават и роденденот на Ацета. Малку доцнат, додуша, едно 22-3 века, ама никогаш не е доцна, велат. Или можеби Господ токму затоа вака не’ казнува зашто, сепак, знаеме и кој и што бил тој Аце?
Ако е пак заради она (сепак краткотрајно во размерите на вечноста) комунистичко роварење - грешка е. Та токму тие му ги озваничија неговите „пратеници“ на земјава и нивната куќа. Мора да е нешто друго!

### *Расцутот на македонскиот гениј на глупоста*

На страна шегата, ама ние навистина мора да сме многу грешни штом сме осудени тооолку години на ред да гледаме, слушаме и читаме секакви будали и нивните маломозочни сочиненија (божем) просветлени од некакви внатрешни инспиративни „гласови“, а всушност дебело наплатени неписмени блебетања лиферувани по нарачка преку националните куртон-медиуми. Зашто, навистина, што се’ не се наслушавме и нагледавме низ овие години на царството на малоумните, кој се’ не излезе на јавната бина да ни каже што тој / таа мисли, знае и умее, какви се’ идиотизми моравме да трпиме само заради нивната решеност да му слугуваат на голиот цар за бедни триесеттина сребреници?
Но, што е уште пострашно, нивната самоувереност со години растеше, просто цутеше, нивните брливи скаски добиваа на „тежина“ (но и на дијагноза), зафатија секаде и секого, допираа „глобалистички“ теми и „геополитички“ стратегии, локално-маалски филозофии и регионални историографии. Го живеевме, на дело, безмалу секој ден, расцутот на македонскиот гениј на глупоста! Ни копаа по генетската структура, го бараа гробот на Ацета, си пцуеа по комунистичките татковци и дедовци, пишуваа и допишуваа национални и светски истории, палеа договори, ни носеа „браќа“ од далечниот Исток, ѕиркаа во некакви паљурски дупки, откриваа нови светски уметнички и архитектонски стилови, а богами и нови светски заговори ... направија се’ што еден налудничав ум од оваа почва изникнат може да направи! Не не’ оставија раат ни ноќе ни дење, бомбардирани од сите страни како да сме осудени на сите Дантеови кругови, еден по еден, па повторно од почеток.

И мислам дека и најсталожените и најмирните меѓу нас, дури и оние најучените, не можеа да останат имуни на сите нивни растегливи и умножливи, целосно фабрикувани или делумно извитоперени „тези“ и „теории“, спинувани вистини и

полувистини, лаги и паралаги. Ќе мораше да се отвори барем по некоја енциклопедија, ако не книга, да се изврти некој лексикон, човек ќе почнеше да се сомнева и во сопствените знаења зашто пресијата на сто пати повторената лага цели токму и кај најсамоуверените да предизвика (барем) сомнеж. Од сите тие антиквизации, археологии и истории, од сите оние бароци и неокласицизми, од сите оние национални вредности и дострели почна, богати, да не' јаде сомнеж и во сопствениот здрав разум! Можеби тие навистина се во право? Да, кога врбата ќе роди грозје. Или кога Чак Норис ќе земе да прочита книга!

Но, не мислам дека најсоодветниот одговор на сето ова, оној одговор во вид на тупо молчење што го гледаме сиве години, е вистинската одбрана од ваквите умоболни манијаци. Знам, многумина ќе кажат: абе пушти будала! Да, ама тоа стадо будали ене го разнебити градот, усра се' што можеше да се усере, смени личен опис и на македонската култура и на македонската уметност, инсталира идиоти како некаков наш нов вредносен систем. Затоа, мислам дека филозофијата „пушти будала“ само оди во прилог на маскирањето и пропуштањето на ваквите тенденции. Впрочем, ако не повеќе, добро е барем да се проверат нивните „тези“, онака - лефтерно, колку да се види до каде е забегана работата. Или, ако сакате, што ако луѓето се во право? Што ако ние навистина живееме во време за коешто и не сме свесни каквио вредности ни донело, и ни носи? Што ако ние, навистина, во нашата интелектуална закоравеност, завидливо гледаме кон ваквите нови теоретичари и нивните тези за нас и нашето општество, што ако времето навистина не прегазило односно оној проклет комунизам уште ни тече во вените? Што ако овие (сепак) малкумина се новите македонски просветители, преродбеници, геостратези, архитекти, уметници ... а ние, да простите, се заебаваме со нив како со малоумни? Таквиот однос не доликува на цивилизирани луѓе, ако се сметаме такви, нели?
Поттикнат токму од ваквите дилеми, а инспириран од последниот генијален излив на виспреност, ученост и посветеност на „каузата“, сметам дека е крајно време сите овие битни за нас тези да почнат сериозно да се проверуваат. За да не останеме неуки и неинформирани, за да не не' гази и понатаму времето. Јас додуша во неколку наврати се обидов да си расветлам, себе си, се разбира, некоја од новиве теории - на пример: за новиот вредносен систем, за новата македонска уметност, за културата итн., - пласирани од некои од нашиве јун(а)ци, кои очигледно и одлично напредуваат благодарејќи на нивните умствени (не)способности. Ене, оној што упорно се обидуваше да не' убеди дека ние веќе сме имале нов вредносен систем дотера до советник на Хорхета!(?).

Значи, последната генијална теза пласирана како шлаг на повеќегодишно украсуваната торта на македонскиот идиотизам е скаската дека ние, практично, го живееме времето на некоја наша „преродба“, ни повеќе ни помалку! Или, ако сакате, еве го целиот цитат што цели конечно да не' просветли и извлече од мракот во којшто упорно талкаме: „А сега, да ви соопштам, со целиот ризик од вашиот анимозитет дека „преродбата“ ќе продолжи, и мора да продолжи. Таа не е само естетско-уметнички проект, како што Дизниленд или Лас Вегас не се тоа во потполност. Таа е, пред се', проект поврзан со историската вистина и идентитетот, таа е и туристички и економски проект“ ! Не знам колкумина веднаш ќе го препознаат овој веќе солидно етаблиран наш генијалец од клапата „нови просветители“, но за оние понедосетливите добро е да се даде насоката дека себеси ужива да се нарекува - „Рембрант“. Но и тоа впрочем воопшто не е битно, не е битна ни неговата повеќегодишна репутација и јавна дијагноза, битно е што вакви сериозни поими, а во контекстот на нашето секојдневие, можеби и токму истиот, ги слуша(в)ме многу, многу често. Не знам за другите, но јас навистина мислам дека е крајно време да се преиспитаме дали можеби сме грешеле во однос на прифаќањето на новово време и неговите идеи, дали можеби погрешно - што би

рекле: разроко или накриво - сме ги читале / слушале овие нови маалски филозофи, овие современи улични интелектуалци со се’ уште калливи опинци, овие најнови производи на оваа нова македонска ренесанса која што тендира да ја однесе земјата во нејзината најцрна иднина. Или повторно само ќе ги исмејуваме, ќе ги слушаме со нашиот вообичаен цинизам, со нашето познато опозициско предубедување наспроти сеприсутната распупена македонска реалност? Или, едноставно, ќе ги игнорираме?!
Та ако овие нови млади (добро, не се сите млади) и умни (добро, не се сите ни многу умни) глави успеваат да ги пласираат нивните тези безмалу секојдневно, преку весници, списанија, радија, телевизии ... а згора на тоа и добро се платени за тоа што го прават, па зарем тоа не е доволен знак дека во земјава има и такви кои со внимание и со почит ги следат дострелите на нивните генијални умови? Или суетата, онаа типична левичарска суета, не ни дава конечно да симнеме капа и да им одадеме должна чест и респект на неуморноста, на настојчивоста, на патриотизмот да ја шират вистината за нашето секојдневие?
Се разбира, некој може да приговори дека ваквиот типичен македонски „гениј“ секогаш расцутува во последната, најдекадентна, предсмртна фаза! Но и тоа би биле само зборови на завист. Мислам дека онаа безмалу историска сентенца, онаа цитирана погоре, за нашата преродба, заслужува неподелено и неускратено внимание, од сите аспекти. Во следната прилика, секако. А за да не ја заборавиме, еве ја уште еднаш, малку дополнета: „А сега, да ви соопштам, со целиот ризик од вашиот анимозитет дека „преродбата“ ќе продолжи, и мора да продолжи. Таа не е само естетско-уметнички проект, како што Дизниленд или Лас Вегас не се тоа во потполност. Таа е, пред се', проект поврзан со историската вистина и идентитетот, таа е и туристички и економски проект. Затоа, кога плукате по палмите како биле кич, отидете во Мадрид или во Рим, па да видите колку тие палми им даваат шарм и убавина на овие прекрасни градови, преполни со посетители и туристи“.

***Преродба со заокружена цена***

И сега, без оглед дали, и колку мене ми се допаѓа целата сентенца за нашата преродба, дали, и колку мани можам да и’ најдам, признавам дека мене особено ми се допаѓа - почетокот. Ми личи, и по форма но и по суштина, токму на Сезан и неговата чуена „Ви ја должам вистината за сликарството и ќе ви ја кажам“ (во писмото упатено до Емил Бернар, 23 октомври 1905 г.). Да, но Сезан не само што ја кажа вистината за сликарството, туку и ја - покажа, на дело, барем неговата вистина, во тоа време!
Нашиве нови маалски „филозофи“, па дури ни оваа селска варијанта на „Рембрант“ алијас Сарајлија, не кажуваат и не покажуваат ништо. Новиот македонски преродбенички стил е да се трупаат зборови без смисол и значење, без врска со реалноста, но зборови што ќе оставаат впечаток не на тие кон кои се наводно упатени, туку на оние кои тие зборови ги нарачеле, директно или индиректно. Односно, битно е да покажат дека задачата за тој ден е завршена. Инаку, и самите многу добро знаат дека одамна се прочитана приказна, ако не повеќе тогаш според коментарите што ги добиваат за нивните умотворенија. А впрочем, кој, и што може да разбере за новата македонска преродба од онаа збирштина случајни и неповрзани зборови цитирани погоре?

На пример: каква врска има некоја, па нека е и нашава актуелна „преродба“ со некаков „естетско - уметнички проект“? Та не ќе да е да мислат новиве просветители дека преродбите се сведуваат на тоа, на некаква естетика и некаква уметност, какви и да се? И толку? А што пак некој „естетско - уметнички проект“, па нека е и нашиов „Скопје 2014“ (ако веќе сме решиле така нагалено да му се обраќаме на тој

злосторнички чин!) има со Дизниленд и Лас Вегас? Зарем овие преродбеничкиве дејци навистина толку го потценуваат она на што до вчера му се восхитуваа, па сега го сведуват на Дизниленд и Лас Вегас? (Што за нив не би било чудно, ама ми изгледа некако преурането, таквите освестувања треба да дојдат подоцна, кога нивните газди ќе бидат сместени на политичкото и историското ѓубриште). И каква врска имаат Дизниленд и Лас Вегас со некаква естетика и уметност? Или знаењето на дејциве допира дотаму што ним и Дизниленд им личи на - уметност!?

И понатаму, дали овде станува збор само за некаков случаен лапсус? Но не, зашто лапсусот се случува во збор-два, не во толкава реченица. Зашто, веднаш понатаму, „преродбата“ се изедначува со - проект. Мислат ли овие навистина дека некаква преродба е само и единствено проект? Нешто како да реновираш купатило или да засадиш нивче со канабис?

Сепак, право на секоја будала е да го вика како сака. Право на секоја будала е дури да смета и дека „Барокот и проектот Скопје 2014 еден ден ќе бидат историско наследство“[47], односно дека „... градот го има еден од најубавите плоштади во регионот, а во промотивните секвенци изгледа како место од светот на бајките“[48]. И јас воопшто немам намера тоа право да им го ускратувам на будалите. Има дури будали и од таков формат (како „главниот архитект“ Груевски) кои веруваат дека „Скопје 2014-та е одличен проект, со значајна суштина, поврзана со нашиот толку многу негиран идентитет и историја, со разубавување на главниот град, со негово правење поатрактивен за туристите ...“[49]!




[47] Горазд Чомовски, *Жарко Чаушевски, креатор на новиот лик на Скопје: Фасади и згради не правам по ничија директива*, Фактор, 05 септември 2014

[48] Аљоша Симјановски, *Архитектурата на архитектите*, Утрински весник, 26.07.2015

[49] (Аноним), *Скопје 2014-та има суштинска поврзаност со нашиот идентитет*, Вечер, 2 мај 2015

Ама, кога тоа нивно лично право ќе го изнесат јавно, кога јавно ќе почнат да не' убедуваат дека, еве, ние живееме како во бајка, и тоа во преродбеничка бајка, па кога ќе почнат да не' праќаат во Рим или Мадрид да сме ги виделе тамошните палми ама не ни го плаќаат авионот и престојот во тие градови, е тогаш нивното „право" иницира и друго право (барем) на размислување и евентуален - одговор. Можеби некој смета и дека е право на градоначалникот Трајановски да мисли (и каже) дека парите за т.н. тушеви за новозасадените палми низ целава римо-мадризирана држава не се големи. Тоа било - ефтино! Ок, негово право е да мисли така, ама само тогаш кога ќе си брцне во џебот и тоа „ефтиното" ќе си го плати со свои пари. Само тогаш има навистина право да каже дека е ефтино.
Меѓутоа, кај нас туѓото секогаш било ефтино. Затоа што е туѓо, се разбира. И ним сигурно ефтино им звучат и оние 600 милиони евра (што така детално ги лоцираше БИРН) фрлени во ветар (овде ветарот е метафора за нечиј џеб) а божем за нашава преродба, за оваа „бајка" во која што не' ставија. И тука делумно имаат право зашто сето ова околу нас е навистина ефтино, и тоа се гледа - пропадна, се упропасти за само две-три години. Некои „ремек дела" и за пократко време. Токму заради тоа што сето тоа беше ЕФТИНО. Ама проблемот останува: каде отидоа другите пари?



Дали потписникот на онаа фамозна преродбеничка реченица, и сите останати преродбеници кои на еден или на друг начин во изминативе години му го переа мозокот на народов со нивните дегутантни изливи на воодушевување, сметаат дека една ваква национална преродба може навистина да биде така ефтина? И да се самодемонтира, да се офуца, да се упропасти за само неколку години, некогаш и помалку? Дали навистина станува збор за преродба или за нешто многу попрозаично, нешто со што ќе се бави идниот специјален обвинител?
Секој иоле нормален и малку учен ќе се фати себеси дека, дури и несвесно, се испрашува дали знае дека една сериозна национална преродба може да се сведе

само на некаков проект со неколку згради како филмски кулиси и едно чудо кич-споменици. Па нека има и по некоја палма плус, наводнувана дури со (ефтини) тушеви. Таквото лично преиспитување можеби ќе доведе и до поегзактни проверки низ некоја книга, ама секогаш со истиот краен заклучок: светот не познава таков тип преродба, па уште и национална, демонстрирана само низ градителскиот и скулпторскиот „гениј" на една нација и веќе во старт финансиски заокружена на цена од осумдесеттина милиони евра (коишто подоцна ќе нараснат до епски размери од 600 - до сега познати и откриени - милиони евра). Тоа, повторно, му доаѓа како нашава преродба да ја планирал некој дилетант претприемач, некој не баш еснаф човек кога дозволил цената тооолку да му порасне, и тоа без последици и консеквенци по него и неговата тајфа. Барем засега, се разбира. Или, ако оваа наша национална обнова ја упростиме баш по нејзината вистинска мерка и ја споредиме со, еве, реновирање на едно купатило за коешто вашиот архитект (главен или спореден, седно) ви кажал дека ќе чини околу 2 илјади евра, а на крајот ви побара 16.000 евра, ќе му ги дадете ли? Или ќе ја грабнете првата мотка при рака и ќе го избркате од дома?
Или нашиве просветители-преродбеници навистина мислат дека цената на националната преродба не може и не смее да игра некаква улога, или дека платената цена во нашиов случај е мала, ефтина? А да си ја платеа и тие, како и Коце тушевите, од џеб? Или бидејќи преродбата е национална, не' тангира сите, па мораме здружено и да ја плаќаме, колку и да чини? Но добро, и ова може да се смета за зајадливо опозициско мешање во една таква значајна работа и комуњарско поистоветување на преродбата со некакво купатило. Иако, всушност, и онаа Градска плажа што неодамна ја преораа беше дел од преродбата (ваљда да го потсетува народов дека треба да се бања!), па оттука и асоцијацијата на купатило!



Но, пак шегата на страна, ама прашањето стои: што навистина преродивме, односно - преродија? Може ли една толку скапа преродба да се сведе само на десеттина згради (од стиропор и „мермер што личи на мермер ама не е мермер“!), два-три музеи (ако и тие можат да се протнат под тој поим!) и - едно чудо дилетантски, да не речам кич, споменици? Тоа ли е таа преродба (и затоа ли ја пишуваат со мала буква?) или јас можеби сум пропуштил нешто? Како што, изгледа, лани го пропуштив инсталирањето на оној нов вредносен систем којшто, се покажа, никој нит го видел нит го чул, иако беше громогласно најавуван од страна на новион consigliere на Хорхета и онаа партизанкана?

Како и да е', ако добро се сеќавам, Македонија во поновата нејзина историја памети две преродби - првата национална (крај на деветнаесеттиот и почетокот на дваесеттиот век) и втората државотворна, но и национална и културна и уметничка (по 1945-та година). Дали третата ќе биде онаа во 1991 година, или можеби некои шуплоглави историчари од денешниот македонски профил ќе ја прогласат токму оваа денешна „преродба“ за официјално трета, останува да се види. Ако тргнат по умот на оној „режисер и публицист“ и неговата бајка, којзнае?! Иако некако мислам дека тој филм нема да се сними кај нас.

Но, како и обично, допуштам дека грешам. Допуштам дека и маломозочниве изливи на нашиве нови просветители еднаш може да погодат. Виделе нешто што ние сите не можеме да го видиме. Ок, ама баш би сакал некаков пример, нешто што би излегло вон видокругот на оној „... монументален зафат од епохална пропорција за македонскиот народ и народностите“ , нешто прилично попристојно, да не речам поумно, нешто што навистина наликува на преродбенички менталитет, на пример: книга од форматот на „За македонцките работи“ или барем расказ како „Силјан штркот“, или претстава од типот на „Македонска крвава свадба“, или списанија како „Вардар“, „Лоза“, „Македонски глас“, „Македонски лист“, или можеби поема како „Сердарот“, песна како „Т'га за југ“, што ли во оваа нова преродба би му парирало на Тријазичниот речник, како таа Преродба цели кон европеизација на Македонија а оваа, „новава“, кон антиквизација ... Зашто тоа се вистински духовни белези на една Преродба, а не грст, па нека се и стотина недоквакани споменици! Или дајте, по ѓаволите, современици од форматот на Мисирков и Чуповски, Пулевски и Цепенков, Чернодрински и Миладиновци, Прличев и Шапкарев, Мартиноски и Личеноски, Вапцаров ... набројте ги, по име и презиме, па да им се поклониме!

Или, ако сакате, да не одиме толку далеку, изроди ли оваа преродба, ова време-невреме, барем нешто приближно до форматот на „Ленка“ или „Тутуноберачите“, „Тешкото“, збирките „Везилка“ или циклусот „Стерна“; или роман како „Крпен живот“, „Големата вода“, „Пиреј“; или драми како „Црнила“, „Диво месо“, „Лет во место“; или можеби монументални дела од типот на фреската „НОВ во Македонија“ во старата Железничка станица, споменикот на Св. Климент Охридски пред НУБ, спомен костурницата во Велес, монументалниот комплекс во Кочани ...? Или каде се кријат современиците кои би можеле да се мерат со еден Блаже Конески и Матеја Матевски, Петре М. Андреевски и Коле Чашуле, Димитар Солев и Гане Тодоровски, Димче Коцо и Михајло Петрушевски, Петар Илиевски и Владимир Мошин, Петар Мазев и Душан Перчинков, Петар Хаџи Бошков и Стефан Маневски, Властимир Николовски и Ѓорѓи Константиновски ... (со сета почит и кон многуминатa неспомнати!). Тоа се, шупелки низаедни, преродбеници и преродбенички дела, дела и луѓе кои остануваат во историјата на еден народ, а не вашиве пишливи споменици и стиропорни зданија! Каде е тогаш современиот пандан на овие, и не само овие, каде се тие имиња што денес значат нешто за ова време, а ќе значат и утре, и задутре? Што вредно изнедри оваа „преродба“ за да остане запишана во гените на нацијата?

Треба ли можеби да ги редам сите македонски институции што беа основани од 1945 година наваму, за прв пат во македонската историја, а коишто денес се

континуирано упропастувани токму од оваа преродба со мало „п“ и овие преродбеници? До каде ли би стасал тој список?

***Фаличен испрдок на поматени умови***

Не случајно завршив со основањето на првите македонски национални / културни институции во времето на втората македонска Преродба (по 1945та година), оние институции кои за прв пат во македонската историја работеа на кодифициран литературен македонски јазик, ја фундираа македонската културна, образовна, научна и друга мисла. Оние истите институции што денес се на директен одмазнички удар на новава „преродба“, како да се основани од марсовци а не од (истите) македонци. Или овие денешниве преродбеници се некои други македонци - асли македончишта - штом си дозволуваат такво понижување и деградација токму на тие институции? И треба ли навистина да се набројуваат сите што потпаднаа под ударот на овој нов преродбенички камшик само заради тоа што овие „македончишта“ не го разбираа нивното значење, улога и работа? Треба ли, впрочем, дас е уништи се’ што не се разбира?
Оние кои се’ уште, богами херојски, а главно по навика, одат во овие институции - јас, признавам, одамна не сум еден од тие, не одам ако не морам - и одвреме навреме ги посетуваат онаа беда и јад „програми“ што се вртат низ нив, можат подобро да ја раскажат таа приказна. За мене таа заврши, зашто тажно е да се гледа како преродбенициве упропастуваат се’ што ќе допрат. За нив се битни оние три-четири нивни „институции“ - меѓу кои особено Музејот на македонскиот хорор - коишто така беневолентно се финансираат, зашто изгледа треба да покажат дека цела Македонија во минатото била една голема зандана, се’ до денешново преродбено „ослободување“.
И многу пати досега пишував и ставав дури и фотографии не само за денешниот изглед на „Мала станица“, на пример, или „Чифте амам“, туку и на повеќето други наши институции. Се разбира, без резултат, зашто преродбенициве немаат време за гледање, и читање.
Или, можеби, денешнава преродба треба да покаже дека сето она постигнато во минатото било направено од погрешни луѓе, од некои македонци од несоодветен материјал, па заради тоа треба да се остави да пропадне, за да на нивно место гордо се извишат нивните дилетантски институции? Впрочем, а кои беа мотивите за преоблекувањето на ремек делото на Муличковски во онаа урнебесна шампитовидна скаламерија? Па и фасадине низ централното подрачје, па настојчивоста во затскривањето на стариот (модернистички) објект на Комерцијална банка, па на некогашната НА-МА, па ГТЦ ...? Не е само во прашање неразбирањето (незнаењето, неможноста) односно неписменоста да се „читаат“ современите кодови во уметноста и архитектурата, неразбирањето и непочитувањето на културното наследство (со идеја дека тоа може и денес да се создаде!), малограѓанштината „да се личи на другите“ итн. Во прашање е (и) длабоко притаена омраза токму кон способноста на некои тоа да го разберат, па кон оној некогашен Македонец со „погрешна“ генетска структура, омраза кон се’ што барем малку ја доближува(ло) Македонија кон современиот цивилизиран свет.

Секоја преродба, по правило, особено денес, остава траги - материјални и духовни. И дел од духовните се материјализирани, се разбира, преку книга, филм, уметничко дело, претстава ... Таква (материјализирана) духовност оваа самонаречена современа македонска преродба не остави. Таа, главно, остави - ѓубре! И во културата, и во уметноста, особено во архитектурата и градежништвото. Говорам во минато свршено време зашто - очигледно е - оваа преродба заврши и „резултатите“ се на видело. Иако не сите. Ќе има уште многу да гледаме и читаме зашто

„стручњациве“ (се’ уште) стручно кријат. Оној „докторон“ со две презимиња во Управата за заштита на културното наследство не дозволува да се видат решенијата со коишто новово ѓубре е прогласено за културно наследство ex lege. Па и не е за давање, којзнае што се’ пишува таму. И кои будали го напишале, и се потпишале. Можеби и Главниот архитект, главом и брадом? Само не знам до кога мисли дека ќе ги крие. А кога еднаш ќе видат бел ден, ќе си ја скине ли дипломата, а сосе докторатот ќе се самозапали ли? Зашто, велат, саможртвата на овој тип македончиња било херојски чин. Ајде да видиме!
Не е исклучено, деновиве некој да посака како духовни вредности да ни ги поттури и оние стотици идиотски текстови нашкрабани и/или изблуени по „весниците“ и другите преродбенички „медиуми“, а во слава на преродбеничкиот дух на владеачката клика. Или можеби ќе ги издадат во вид на сведоштва за новата македонска преродба? Па да ги заштитиме и нив. Но, тоа дури и од преродбенициве би било премногу, нели? Или не?
Сепак, шегата на страна, но останува оној битен дел од потенцијалните духовни траги што ги остава една сериозна преродба, оној збир на општествени, интелектуални, творечки импулси што го придвижуваат општеството во саканата насока, онаа неопходна идејна димензија што иницира суштествени национални промени. Македонската национална Преродба од втората половина на деветнаесеттиот век, паралелено со процесот на културно - националното будење, размислувала во контекстот на поставувањето на Македонија на европската цивилизациска мапа, на препознавањето / (само)идентификацијата на Македонецот како дел од современиот Западен свет.
Македонија по 1945-та односно (подобро речено) по 1953-та година размислувала за „творечко достигнување на светот“, за создавање вредности што (барем) ќе можат да се приближат до европските и светските вредности во културата и уметноста. Иако еден од новиве малициозни македонски шалабајзери на кои оваа држава им даваше се’ што посакаа не’ убедува денес дека од Македонија единствено вредно се кебапите (којзнае, можеби на будалава му се пријале па почнал да ги сонува?), сепак, компетентни луѓе во светот велат дека, на пример, преводот на Хомеровата „Илијада“ на Михајло Петрушевски е еден од најдобрите во светот! Да, ама кој го чита Хомера денес? Или преводот на комплетниот Шекспир на Драги Михајловски?! Или еден монумент од форматот на Споменикот на Слободата на Чемерски во Кочани? Или и тоа е рамно на „десетка со кромид“?!?
Еден друг пак, веќе спомнат шапшал кој себеси исто така се доживува како режисер, ги сместува продуктите на нашава преродба во оние т.н. психолошки деструктивни тури од типот на турите на Дракула, ама тоа не му пречи да ни порача дека „Идните генерации, убеден сум, ќе бидат горди и благодарни за овој редок благороден градителски напор“ . Но, можеби тоа и сме го заслужиле кога секој шиљокуран кај нас станува уметник, режисер, писател ... кога секому оваа „култура“ му дава пари за неговите малоумни сочиненија!
Ама јас сепак сум убеден дека идните генерации нема да имаат можност да ни благодарат за ваквата оставнина зашто истата, за среќа, нема да ја има. Таа самата се јаде себеси, се самоуништува пред нашите очи, што е нејзин најголем дострел!

Како и да е’, новава македонска реалност сомнабулно крстена преродба ќе биде предмет и на нови искази и аргументации, обиди за нејзино дефинирање и објаснување. Иако, искрено, не знам што тука има да се дефинира и објаснува. Резултатите се очигледни и ниту една филозофија нема да може да ги прикрие.
Но, заблудите се очигледно огромни, ама огромно е и дефокусирањето од најбитните нешта. Од иницијалната идеја до деталите и не’ следат како хорор сенки. На пример, не знам од каде се влечат аргументите дека „... културниот проект ’Скопје 2014’ има намера да ја афирмира, зајакне и осигура историската вистина за македонскиот идентитет како единствена вистина ...“, односно дека нашава

„преродба“ оваплотена во самонаречениот проект „... се надоврза на серијата разочарувања од НАТО и Европската унија кои упатуваа на неодредено одложување на влезот во двете организации како резултат на проблемот со името помеѓу Грција и Македонија, и покрај тоа што земјата е кандидат за членка на ЕУ уште од 2005 година“ ? Кој низ онаа гунгула среде Скопје може да види некаков идентитет, и кој, или каков? Дури и да го види, не ќе може да го определи како македонски, па ни антички македонски. Подеднакво збунувачко е и размислувањето на Гран (Andrew Graan) во поглед на идејата „Скопје 2014“ да се согледа како „... инвестиција во македонската меѓународна препознатливост и компетитивност на глобалниот пазар“! Демек, потенцијалните инвеститори, особено (веројатно) европските, можеби ќе се почувствувале како дома меѓу овој (квази)барок и (квази)неокласицизам и ќе истуреле пари во Македонија. Каква приземна логика во еден инаку простоен текст! Впрочем, видовме што пари се истурија во Македонија, и зошто. Овој амбиент го заинтригирал, изгледа, и оној инвеститор дури од fucking Virgin Islands, па ќе градел леарница кај нас. Па зарем некој уште верува во овие бајки (освен „режисерчено“, се разбира)?
Она што останува како факт е дека оваа „преродба“ буквално е нема, а и она што го говори е само пелтечење. Тоа не е говор на разумни луѓе, ниту пак е говор на еден современ и разбирлив јазик, а божем е наменета на современиот граѓанин. Оваа „преродба“ не е ни идентитетска, ниту пак инвестициска, таа е само фаличен испрдок на нечии поматени умови, но смислена и реализирана со некои сосема други цели. Впрочем, тие цели веќе беа посочени од многумина и дома и надвор (Комисијата на Општина Центар, БИРН базата на податоци, многу угледни странски весници и стручни списанија). И овие сознанија богами укажуваат на многу сериозни нешта, нешта кои немаат ама баш никаква врска со некакваси преродба, туку само и исклучиво со конкретни мрачни страни на македонската политика! Затоа, преродбеничкиве македонски народни приказни што ги слушаме на секој 2 Август веќе станаа дегутантни, се гледа дека веќе ни говорниците не веруваат во нив. А останатите? Па, дури е исплатливо, ќе ја везат и понатаму преродбеничката приказна. Додека не најдат полукративна тема!

### *Кукавичка преродба*

Можеби токму овој 2 Август, можеби токму говорите на „преродбениците“ по повод празникот ни ја открија вистината за оваа „преродба“ со мало „п“, вистината за неостварените болни (да не речам погрд збор) амбиции, цели и идеали? Зашто, врз основа на оној испрдок наречен „Скопје 2014“ да се споредуваш со Илинденците (Груев, Делчев, Карев, Гули...) или антифашистите (Рацин, Димов, Корчагин, Јосифовски, Апостолски ... да не ги спомнувам повоените генерации кои лично ја изнедрија втората Преродба) е малку налудничаво, нели? Зашто тоа веќе не е (само) недостаток на неопходната скромност, на морал, на чест и на сите други доблести што обично ги красат сериозните политичари, луѓето воопшто. Тоа е веќе нешто друго, богами. И згора на тоа, на таков празник да ги плашиш луѓето со жива беда мигранти, со терористички намештаљки, со којзнае какви апокалипси само ако некој друг дојде на власт? Та зарем така им се обраќале на Македонците Делчев и Груев, плашејќи ги со турскиот аскер или со бандитските чети, тоа ли биле „идеалите“ на комунистите и антифашистите - да го заплашуваат народот во недостаток на подобри идеи во клучни мигови? И со тоа ли сакаат овие да се споредуваат со оние?
А делата, ќе проговори ли некој за делата? Ама за оние вистинските - баш за оние девет проспиени години, за оние милијарди поарчени на глупости, за други милијарди изнесени којзнае каде, за затупавената администрација, за уништената култура и уметност, за инвеститорите од fucking Virgin Islands, за иселените 400.000

претежно млади од земјата, за ...? Дали комунистичките „агитататори“ - како што овие „преродбенициве“ уживаат да ги нарекуваат - му говореа на населението да се сокрие ко глувци во куќите зашто пред влезовите може да им осамнат, да ги начекаат германски или бугарски „мигранти“ и/или терористи? Оние низ шумите гонеа окупатори, овие по улици тепаат новинари. Каква „смела“ генерација, силна на вилици!

Токму затоа, но и не само затоа, оваа цела „преродба“ мириса на неспособност и незнаење, на дилетантизам и политикантство, на затскривање зад минатото и кукавичко несоочување со сегашноста. Зашто, лесно е да се држат говори, потешко е нешто да се направи: да се направи како што треба, според европски и светски стандарди и критериуми, како што доликува на времето и условите, како што тоа го прават сите цивилизирани народи / држави. Зашто лесно е да се копираат туѓи достигнувања, да се пресликуваат туѓи идеи, да се нагрдуваат низ фалсификати дури и уметнички стилови, тешко е да се биде оригинален, уште потешко таа оригиналност да ти ја признае светот.

Впрочем, токму во тоа и се состои целиот кукавичлак и на „преродбава“ и на нејзината (единствена) „круна“ - самонаречениот проект „Скопје 2014“: таа нема намера да се бори за признавање, нема амбиции да го „достигнува светот“, нема за цел да се споредува со другите. Нејзина една и единствена цел е да се самофали, да се споредува со себеси, да се мери и одмерува со локалниот национализам и ксенофобичност, со домашниот простаклук и незнаење. И, се разбира, патем да заработи по нешто за сите „патриоти“ и „преродбеници“, секому според заслугите (што допрва ќе го проверува спец-обвинителот!).

Малку им беше кражбата на стилови, па почнаа да крадат и дрва тоест палми. А шапшалон гледа преку плотот во Рим и Мадрид и се водушевува од нивните палми. Или во она негово свирипичино од коешто беше дошол, растел под палми? И под барок?! Поарно да се опули кон Тетово, каде во 21 век гинат луѓе, и деца, од порои. Е тоа е новата македонска преродба - ваму стиропорна шампитна скаламерија, таму свлечишта што носат луѓе!!! И бидејќи повторно ги спомнав Рим и Мадрид како врвен „македонски сон“, дали можеби таму „преродбенициве“ виделе дека фалсификатот е врвната уметност во тие метрополи? Иако, за овие нашиве „објекти“ и зборот фалсификат е епитет. Ама можеби во нивните римови и мадриди така се гради, со стиропор и „мермер што лични на мермер ама не е мермер“. И чини поскапо иод автентичниот мермер. И дали и во тие Рим и Мадрид организарано, како на работна акција, носеле сликари од Украина и Белорусија да им ги сликаат херојските историски дела, по наш „вкус“ и според епопејски налудничавите замисли на нашите „историчари“? И дали и во тој Рим (за Мадрид не знам, ама може да се провери) им ги давале фонтаните на изработка на шестокласни занаетчии или пак на уметници и архитекти од форматот на Бернини (Fontana del Tritone, Fontana del Quatro Fiumi), Салви (Fontana di Trevi), Липи (фонтаната во Villa Medici), Мадерно и Бернини (фонтаната на плоштадот Св. Петар) и др. А споменициите и скулптурите?

Затоа, велам, има ли поголем кукавичлак од недовербата во своето умеење, во презирот кон сопствената традиција и уметност туку барање туѓи решенија, „прераскажување“ на странски приказни / искази, копирање на одамна мртви решенија? Каков е тој страв на овие преродбеници да се соочат со уметниците на своето време, со уметноста на нашето доба, со оригиналната современа домашна уметничка мисла, туку се задоволуваат со оригинални фалсификати?

Од каде тој страв од соочување со светот и светските влијанија, уплав од современите текови во културата и уметноста, од натпреварот во идеи и дела? Каде ли ќе беше оваа Македонија ако и илинденците и антифашистите така ја затвореа македонската национална мисла? Каква е таа преродба што ја носи земјата во минатото наместо во иднината? Оттука, оваа кукавичка преродба ќе има свое

историско место по кое плаче „режисерчено“, ама тоа место никако нема да биде такво какво што тие го посакуваат. Таа измислена преродба ќе биде пример на регрес и декаденција, на неспособност и неодговорност, на кукавичлак и простотилак! И никого не ќе можеме да обвиниме за тоа, освен самите себеси!!!



## КОНТИНУИТЕТОТ НА БЕЗЗАКОНИЕТО

Да не спомнеше г-динот Томе Серафимовски дека, со Трифун Костовски, сакале „на еден законски начин“ да го реализираат (во 1999 година) спомeникот на Мајка Тереза во центарот на Скопје пред некогашната католичка црква „Свето срце Исусово“, можеби и ќе си премолчев. Да не спомнеше и пред некој ден г-динот Трифун Костовски дека тој, со г-динот Серафимовски, се навредени од тековните реализации на последната (којзнае дали е последна?) глупост на Владата на РМ да ја реализира идејата (на индискион лажго) за нов споменик на блажената Мајка Тереза среде центарот на Скопје и дека размислуваат да си го тргнат „нивниот“ споменик, можеби пак ќе премолчев. Ама, ко за беља, ги најдов текстовите што во таа 1999 година ги пишував апропо тогашното инсталирање на нивниот споменик, и ме заскокоткаа прстите. Особено што сега испаѓа дека тие двајцата нешто ни дале нам, на неблагодарните скопјани, а сега сакаат да си го земат назад. Зашто, изгледа, ние тоа - нивниот споменик - не го заслужуваме. И можеби требаше со голи гради да го браниме односно да не дозволиме, прво, да се изгради „оној невиден кич од архитектура наречен дом на Мајка Тереза“ (Т. Серафимовски) пред нивниот споменик, и второ, да легнеме сите заедно пред да се поставaт темелите на новото чудовиште во центарот на Скопје, посветено повторно на Мајка Тереза?

### *Нивен и/или наш споменик*

Меморијата е опасна работа. Кога функционира, ако функционира. Односно, не се сеќавам дека господава - лично и персонално - реагираа и по првиот и по вториот повод. Не, напротив, ракоплескаа и се редеа да му честитаат на Големиот архитект на неговите идеи и успеси. А сега нас не’ буцкаат да си ги вадиме очите со него. Или - ќе си го земеле споменикот (!?) односно ќе го преместеле на „некое посвето место“! Мислам дека јас тоа, или нешто слично, го предлагав уште во далечната 1999 година, кога го поставуваа на сегашната локација. Зашто (и) тој споменик е комплетна дивоградба, како и сето денешно „Скопје 2014“, вклучувајќи ја и најновата скаламерија на Големиот архитект посветена (божем) на блажената Тереза.

Се разбира, ништо од тоа не е точно, односно не беше така како што двајцава денес сакаат да го прикажат. И, да бидам искрен, мислев дека во овие пет-шеснаесет години ќе се најде една влада што ќе стави ред на узурпациита и беззаконието во оваа област. Односно, мислев дека ќе се најде човек кој на узурпациите ќе одговори со ред и закон и прв на удар ќе се најдеше токму тој споменик на Мајка Тереза, насилно и незаконски инсталиран пред очите на целата македонска јавност, а сега прикажуван како некаква жртва на денешниве малверзации.
Имено, уште тогаш пишував дека Скопје, без оглед на постојаниот растеж и развој, секогаш ќе си остане некаква чудна балканска касаба. Градот и понатаму ќе се шири и ќе се (пост)модернизира, ќе се раѓаат и ќе растат нови и нови генерации ... а менталитетот ќе остане - ист! Оној типичен, балкански, паланечки, малограѓански, кафеански менталитет и начин на шушкање и озборување, на "јавни тајни", на филозофијата (ако тоа воопшто може така да се нарече) "не се замерувај". А "нештата" навистина се случуваа(т), сите знаат, сите муабетат, а јавно - молчат!? Молчи државата, молчи Скопје, молчи културата, молчат уметниците ... ! И тогаш, и сега, некако сакав да верувам дека нештата сепак ќе мораат да добијат нормален, демократски, јавен тек ... Можеби сум го мислел Скопје поинакво: возрасно, мудро, умно, европско. Излегува дека не е така!

И пред пет-шеснаесет години се чудев зошто му е на Скопје споменик на Мајка Тереза? Не сум достоен и немам апсолутно никаква намера да ставам дури и интерпукциски знак на животот и делото на таа жена. Нејзиното дело е споменик! Сепак, Скопје / Македонија, во тоа време, немаше споменик на Самоил, Карпош, Прличев, Пулевски, Миладиновци ... На мајката на (можеби) сите мајки Скопје и' оддаде почит со спомен плочата во центарот на градот. (Не дека таквото ликовно-естетско-споменичко решение особено ми се допаѓаше, но сепак...). Ама, и тогаш, како и денес, остана нејасно кој беше тој / тие што одлучил(е) дека Скопје задолжително треба да има споменик на Мајка Тереза? Зошто, како, според кои критериуми? Та нели веќе има спомен плоча, нели велеа дека ќе се снима и игран филм, итн? Впрочем, Гонча Бојаџиу го спомнуваше Скопје само како роден град, и толку.
Но, најважно, оваа држава и тогаш имаше Закон за споменичко одбележување на настани и личности, многу сличен на денешниот. Според него, никој во оваа држава не смее да поставува споменици на настани и/или личности спротивно на законот. И законот велеше дека во оваа држава ќе се донесе Програма за споменичко одбележување на настани и личности, во којашто децидно ќе бидат набележани сите настани и личности во Македонија на коишто ќе им биде подигнат споменик! И таа Програма беше направена односно изгласана од Собранието на (тогаш) СРМ! Во неа, сепак, го немаше навестуваниот споменик на Мајка Тереза!!! Многумина ќе речат дека во тоа време не можело да се предвиди се'. Точно, но спомнатиот закон водел сметка и за тоа па предвидел дека претходно спомнатата Програма може да се дополнува и со нови споменици, но според прецизно утврдена процедура! (Што, се разбира, во случајов не беше направено!). Понатаму, пишував пред пет-шеснаесет годидни, кои се тие - или тој - што го плаќаат овој споменик? И зошто го прават тоа? Не ги знаат ли законите во оваа држава или тие ништо не им значат? Дали, навистина, парите кај нас значат - се'?! Дали навистина со пари кај нас може да се купи се'? Па дури и - споменик?! (На што: на парите?). Конечно, не помислиле ли тие "спонзори" дека целото случување за нив ќе биде само - лоша реклама?
И конечно, значи ли тоа дека воведуваме ризична пракса на "принцип" секој да подига споменици каде ќе му текне и како ќе му текне? Само заради тоа што - има пари?

Целава скопска (или, ако сакате - македонска) можеше да се постави и поинаку. На пример: Скопје треба да има споменик на Мајка Тереза; таква одлука донеле надлежните државни органи; таквата одлука била донесена во склад со законите на оваа држава ... И потоа, што? Нормално: се распишува конкурс, се формира комисија, се пријавуваат уметници, комисијата избира најдобар проект ... градот / државата добива културен споменик!
Некој ќе рече: да, ама финансиерот не сака да плати за културен споменик туку - за некаков друг. И тоа е за почитување. Секој си ги арчи парите за нешто. Така и овие спонзори. Но, нека платат за одбраниот споменик, ама нека си го постават во сопствениот двор. Едноставно: не можат / не смеат нивното незнање, или несакање, или непочитување... да (ни) го сместуваат во центарот на градот!
Скопје и тогаш, како и денес, имаше дури отповеќе јавно декларирани надобудни набљудувачи, историчари, пишувачи, хроничари, архитекти, уметници ... кои, велат, толку го сакаат градов што се' би дале за него. Во дадениот случај, како впрочем и денес, сите - молчеа!
Во тоа време искрено посакував споменикот на Мајка Тереза да биде пристојно уметничко дело, реализирано преку позитивните прописи и процедури, без лаги и малограѓански измами. Не се оствари ништо од посакуваното! Нејсе.
Тогашниот мој текст беше објавен на страниците на "Дневник", а во оригиналот имаше наслов "*Култ-ура* од неколку метри", сакајќи да ги потенцира токму некултурните аспекти на поставувањето на споменикот на Мајка Тереза во центарот

на Скопје. Требаше едновремено да потенцира дека *култ*-овите од минатото навистина се' уште ни траат и дека на *ура* можеме да направиме буквално - се'!
Тогашната редакција на "Дневник" изгледа не го беше бендисала мојот оригинален наслов, па поимот *култ-ура* го беше заменила со "споменик", такашто текстот се појави со наслов "Споменик од неколку метри" (28 август 1999). Не знам зошто била извршена оваа измена; можеби поимот *култ-ура* им изгледал премногу некултурен за еден таков споменик!?
Меѓутоа, многу бргу се покажа дека оваа измена во насловот била одлична замисла, зашто низ сите тогашни весници ("Дневник", "Утрински весник" и другите) "надлежните" почнаа да коментираат и да "објаснуваат" дека всушност и не станува збор за споменик туку САМО за спомен-обележје на Мајка Тереза! И ете од каде потекнува идејата за изигрување на законот и за сите „спомен - обележја" високи по десетина и повеќе метри во фамозното „Скопје 2014".



***Споменичко лудило***

Дека ова е луда земја не сведочи само фактот дека еден уметник и еден спонзор / донатор намислиле да си го земат назад споменикот што своевремено, со помпа, му го подарија на Скопје, и тоа само заради фактот што сега и некој друг ќе прави споменик за истата личност. Иако нивниот споменик е чиста довоградба, исто како што ќе биде дивоградба и новиот споменик, од другава „уметничка“, а „донатор“ требаше да биде еден белосветски. Земјава дефинитивно докажува дека е налудничава затоа што, еве, во Битола, велат, скулптура ќе реализира и Руслан Сергеев, исклучително интересен современ уметник кој, за живо чудо, не е ни барокно ориентиран, уште помалку неокласик. Зошто и како власта го дозволува ова? Та зарем не може тоа да го сработи некој од нашиве веќе познати, и видени, „уметници“ кои ни го украсија Скопје? Зошто тие да не преминат и во Битола, малку и таму да заработат? Што ќе и' е на Македонија некој од надвор, па уште и познат? И не знаеме што може да смисли, да направи? Ако направи и тој некаква „темна естетика“ па да ни ги зарази малите битолчанчиња? Вака, знаевме што може да направи Серафимовски, знаеме што може да направи Валентинчето. Чист рачун!
Но, да се вратам на темата/

Имено, како и денес, и во времето на првиот (нелегален) споменик на Мајка Тереза, овој што овие денес сакаат да си го земат, локалната и централната власт соработуваа како лева и десна рака. Фатени со рацете во незаконскиот мед, почнаа да шират приказни дека тие всушност подигаат спомен-обележје (од неколку метри!), дека тука нема потреба од примена на (тогашниот) Закон за споменици и спомен обележја итн., се' со цел да се протурка замисленото, иако целосно нелегално.
И тогаш, и денес, надлежните мислеа дека живеат во град на тапоглавци и слепци кои нема да видат дека наводното спомен обележје на Мајка Тереза достигнува височина од цели три (3) метри, а денешново исто така наводно спомен обележје на Ацета цели 15-тина метри. Никој од надлежните во таа 1999 година не одговори на прашањето зошто ни е уште едно (тооолкаво) спомен обележје на Мајка Тереза кога само неколку месеци претходно поставија спомен плоча (т.е. спомен обележје, по дефиниција) среде Скопје? Впрочем, никој од надлежните ни денес не одговара на истите прашања. Ниту пак објаснува ако ваквите шверцувани спомен-обележје ни се толкави, колкави (ќе) треба да ни бидат спомениците: 20, 30, 50 ... метри? Како никој да не разбираше, или не сакаше да разбере, дека со вакво (квази) спомен-обележје од 3 и кусур метри воспоставува (квази) стандард што веќе утре ќе ни се удира од глава? Е тоа утре е денес, односно самонаречениот проект „Скопје 2014“ којшто сите споменици ги прогласи за спомен обележја само за да ја избегне законската (собраниска) процедура!
Но, споменикот на Мајка Тереза што денес сакаат да си го земат назад воведе уште еден квази стандард за којшто и тогаш пишував: дека донаторот на споменикот (читај: тој кој плаќа) определува каде и како ќе ја реализира својата донација! Машала!!! Па така, на градот му требал, можеби, споменик на Самоил или Миладиновци, ама донаторот вели - не, тој намислил тоа да биде Мајка Тереза; или на градот можеби му требала концертна сала, ама донаторот вели - не, тој сака да гради спортска сала ... итн! Значи градот ќе расте, ќе се развива и ќе се естетизира согласно замислите на донаторите а не според своите планови и потреби? А што ако некој американски донатор, некогашен рок-енд-рол тип а сега познат бизнисмен, намисли да „донира“ споменик на Елвис Присли, блиску до овој на Мајка Тереза? Или токму до Ацета? И тоа ли ќе биде - донација од скопски тип?
Оттука, "надлежните" на овој начин воведоа и втор квази стандард: дека секој со пари односно донација може во Скопје и Македонија да подигне споменик - кому сака и каде сака!!! И тогаш прашав: не им се чини ли дека е тоа премногу опасно?

Нормално, одговор не добив, ама: „Скопје 2014“ и Главниот архитект, како и во се’ друго, го доразвија овој квазистандард па и со туѓи (народни) пари градеа како со свои - што, како и каде сакаат! И после некој ќе каже дека во македонската политика немало континуитет!!!

И повторно: сериозно мислев дека некоја власт, која и да е’, кога и да е’, ќе го „реши“ овој споменик на Мајка Тереза. Прво заради фактот што е нелегален односно ги прекрши сите позитивни законски процедури, и второ, затоа што во суштина е лош споменик. Далеку е под нивото и на Серафимовски и на тогашната македонска скулптура. Дотолку повеќе што е и анатомски нелогична, односно невозможна (десната нога на Мајка Тереза е неприродно изместена, пробајте да застанете така!), иако скулптурата пледира на некаква реалистичност. Но, дури и да беше ремек дело, што не е, секоја нормална власт ќе мораше да го отстрани како пример за непочитување на законски процедури. И денес / утре, сосема лесно и легално, повикувајќи се токму на тој чин, ќе може(в)ме да се решиме од кичерајов низ Скопје!
Но затоа, во оваа луда држава - меѓу другото и заради ова, на почетокот, напишав дека ова е дефинитивно луда земја - во 2008 година беше отстранета *како нелегална* бистата на Тодор Александров поставена во приватниот двор на Драги Каров во Велес. Локалната власт на Велес, пишуваше тогаш „Дневник“, соопштила дека со програмата на Советот на Општината не била предвидена ваква биста на Тодор Александров и тие побарале да биде отстранета. (На овој типичен наш куриозитет ме потсети Рамадан Рамадани, за што му благодарам!). А како и можела да биде предвидена со некаква општинска програма, кога човекот си ја подигнал бистата во сопствениот двор, со лични средства?
Па оттука, кај нас човек не смее ни во сопствениот двор да си постави биста на некоја историска личност која ја почитува (од едни или други причини), но некој донатор, или пак локалната и државната власт, можат (во наше име!) сосема бесправно да подигаат споменици на кого сакаат и каде сакаат! Или Тодор Александров е непожелен, ама Мајка Тереза е добредојдена? (Но, се разбира, во лудите држави апсурдите секогаш победуваат: само пред две-три години оваа власт - повторно лажејќи дека подига спомен обележје - му подигна цел споменик на истиот Александров, на коњ, под полна воена спрема, среде Кисела вода! А Мајка Тереза? Е неа овие двајцава ќе си ја земеле зашто власта ќе градела уште еден споменик. Чисто лудило! ).

Конечно, останува да виси во воздух прашањето: зошто всушност нам ни беше потребен закон во оваа област, па уште и законски донесена долгорочна програма што ќе предвиди на кои значајни настани и личности, важни за оваа држава, ќе им бидат подигнати споменици, и какви? Затоа што во оваа област во изминативе 50-тина години во Македонија се случуваше токму ова што се случуваше и во 1999 година, но и денес: безредие, беззаконие, илагала, споменичко насилие ... Низ Македонија беа изградени секакви споменици и спомен-обележја. Некои достојни на личноста или настанот, достојни и на називот јавен споменик, но и секакви други! Дури срам да те фати. И овие другиве се во значително поголем број. А се граделе токму на денешен начин, по диктат на полуписмени властодршци, партиски профитери и селски кметови. Важно било на *ура* да се одбележи со споменик *култ*-от кон личноста, кон настанот... И „никнувало“ се' и сешто!
А се решавало слично како и во сегашниов скопски случај: решавале некои "надлежни" - некои од општинските собранија, комбинирани со претставници од општинските комитети, па сојузите на борците ... итн. И споменикот - никнал! А, вообичаено, можело да се претпостави и кој уметник ќе го работел споменикот. Односно, поголемиот дел од уметниците си ги добивале спомениците во нивниот роден крај или според слични роднокрајни врски! (Освен ако во меѓувреме не се преселиле во Скопје, но врските долго и успешно функционирале!). Се разбира, и

тоа време не било баш толку „диво“ како денешново бидејќи има(ло), останале и доволен број исклучоци, особено за поголемите споменички зафати, кога се' одело по некаков канален ред: со конкурси (јавни или повикани), со стручни комисии и слично. Така впрочем Македонија и доби неколку вредни јавни споменици. Односно споменици што можат да се наречат и - уметнички дела!
Односно идејата на законското и програмското регулирање на оваа материја беше токму таа: секој споменик финансиран од јавни средства да биде транспарентно програмиран и процедурално реализиран. Само така државата можеше да воведе ред во оваа област, а културата ќе добиеше споменици што ќе можеа да се вбројат во уметнички (ремек) дела! Ама редот и поредокот некогаш не ни одговараат, нели?

***(Траги)комедијата никако да заврши***

Претпоставувам дека како што заврши онаа првична комедија со спомeникот на Мајка Тереза, така ќе заврши и оваа, новава. Првата комедија, во 1999 година, заврши онака како што доликува на трагикомедија од балкански тип: со говори, поклонувања, спуштање односно кревање на завесата, аплаузи ... и споменикот на Мајка Тереза едноставно - никна. На „ура“, наспроти се', божем во почит на мајка Тереза, а всушност во слава на поединечни и / или групни интересни, наспроти законските процедури, контра здравиот разум и логика. На поклонение на таа тогашна комедија дојдоа најрелевантните во државата, почнувајќи од Претседателот на државата г-динот Глигоров па до сите тогашни актуелни претседателски кандидати (бидејќи во тек беа претседателски избори): Васил Тупурковски, Стојан Андов, Тито Петковски, Борис Трајковски ... Во времето на (божем) деполитизацијата на културата, одамна не бевме виделе толку високи политичари заедно на едно место, и тоа на трагикултурен чин!
Дури, тогаш актуелниот Претседател Глигоров се поклони пред споменикот!? Се поклони - кому: на мајка Тереза или на споменикот? И тогаш и сега сакам да верувам дека се поклони на мајка Тереза, зашто втората варијанта би била премногу недостојна, особено за еден Претседател! Но, поклонението, не само неговото туку и на сите високи македонски политичари присутни на самото место, можеше да биде изведено и на изложбата посветена на мајка Тереза. И ќе беше подостоинствено. Заради следното:
Не мислам дека Претседателот на државата и другите (нај)високи македонски политичари мораат да читаат ама баш се’ што се пишува низ печатот, а особено не моите текстови во тогашниот „Дневник“. Но некој од нивните кабинети веројатно нешто прочитал, наслушнал, му дошепнале ... дека не било баш се’ така чисто со споменикот што тогаш се подготвуваше да никне среде Скопје. И тие некои во кабинетите веројатно ги предупредиле своите шефови. Наспроти се', сите дојдоа на поклонение! На поклонение на - дивоградба!(?). Како ли потоа, во кампањата, изгледало нивното залагање за закон, ред и поредок, правна држава и ситу други будалаштини што ни ги верглаа(т) постојано, кога во праксата го прават токму спротивното?

За да сето ова не биде, и тогаш и сега, напишано неаргументирано, еве што велеше тогашниот Закон за споменици и спомен-обележја, (инаку донесен уште во далечната 1982 година). Имено, во членот 5 од овој закон децидно стоеше "дека за настаните и личностите... што треба да се одбележат со споменик се изготвува програма". Па членот 6 детално ја опишува содржината на таа програма (настани и личности на коишто ќе им биде подигнат споменик, вид на споменикот, локација, основни елементи на текстот на споменикот итн.), членовите 11-16 ја пропишуваат постапката за подигање на споменик содржан во оваа програма (формирање на одбор, јавен конкурс, јавно изложување на пристигнатите проекти) итн. Програмата

за којашто зборува законот беше донесена од страна на Собранието на СРМ ("Сл. весник на СРМ бр. 46/86 и 46/88), и во неа беа прецизирани сите споменици што долгорочно треба да се подигнат во Македонија, со точни локации, опис, други елементи и слично. Во неа, се разбира, го немаше овој споменик.

Но наведената Програма не беше света книга дадена еднаш за секогаш. Во неа беше предвидена можност за дополнување со нови споменици, според одредена постапка. Тогаш, во што беше проблемот? Зошто иницијаторите на споменикот на мајка Тереза не покренале постапка за дополнување на оваа Програма, како единствен валиден законски документ според којшто кај нас може да се подигне јавен споменик? Тоа беше едноставна процедура што можела да се заврши за месец-два (а за овој споменик тогаш се говореше  повеќе од шест месеци!) и се' ќе беше - легално! Не верувам дека некој во Собранието на РМ би бил против таков ЛЕГАЛЕН споменик. (Убеден сум дека и мајка Тереза така ќе се чувствуваше подобро!).

Но, ако една до баналност едноставна процедура не била испочитувана, значи имало некаква „цака“, имало - нешто друго!? Што? Дали е тоа, на пример, обврската за јавен конкурс? Па ќе се јават и други уметници со свои проекти, па ќе има комисија, и тоа стручна, па ... којзнае!? Но тука веќе би навлегле во сверата на фикциите.



Сепак, она што е цврста и неумолива реалност е следното: членот 30 од тогашниот Закон за споменици и спомен-обележја вели дека "*со парична казна од 30 до 90 плати ќе се казни за прекршок организација на здружен труд, друга самоуправна организација и заедница и здружение на граѓани ако подигнат споменик или спомен-обележје што не се содржани во програмата од член 5 или во програмите од член 18 на овој закон, а споменикот односно спомен-обележјето ЌЕ БИДЕ ОТСТРАНЕТО"* (подвлеченото мое)!!!

И сега - што? Нормално, сите и понатаму се правеа недоветни, удрени со мокра чорапа, како и на свеченоста на откривањето на споменикот! И ние сите поминува(в)ме покрај овој спомемник и го гледа(в)ме, ама како да не го гледавме. Споменикот постоеше, ама како да не постоеше? Дури, секоја година, на одреден ден, делегации полагаа цвеќе. На што, на дивоградба? Чествуваа на дрскоста на неколкумина да одат контра се', баш тука да постават споменик, баш таков, баш од тој и тој, за да се види кој е моќен во државава. Ама, еве, комедијата, сепак, никако да заврши! Се појавија нови моќници и сега тие им тераат инает, а овие плачат ко онакви!
Да не се разбереме погрешно: ни тогаш, во моите текстови, ни сега, не се залагам за отстранување на споменикот на Мајка Тереза по секоја цена, иако така велеше законот! На крајот на краиштата тоа е сепак некакво уметничко дело. Но, никој, толку години, и не помислуваше да бара решение на проблемот, никого, особено не надлежните, глава не ги заболе што некој пред нос им инсталирал незаконски споменик! А ова не ни се случуваше прв пат, и (тогаш напишав) нема да биде ниту последен. И тука можеби е основниот проблем со овој случај. Зашто, ако може еднаш, може секогаш! Како да се' уште не можеме да се ослободиме од провинцијалниот начин на водење на работите, од онаа ситна селска итроштина дека кучињата лаат ама карванот си оди, од типично мафијашкиот стил дека со сила се' поминува. И уште - ќе си го земеле споменикот назад!?!

И повторно, комедијата никако да заврши. Само добива на интензитет, на енергија, на марифетлук. Оние подигнаа еден споменик, овие - цел град! Повторно со измама, со сила, со марифети. Буквално ја пресликаа постапката на овие што сакаат да си го земат споменикот назад, и тоа во сто чекори. Направија цела држава - дивоградба!
Ако во еден предолг период што го нарекуваме социјалистички се однесувавме на тој начин, зошто тоа трае - до денес? Или, всушност: ништо не се изменило?! Наместо уште тогаш да им го однесат дотичниот споменик - овој што оние сакаат да си го земат назад - пред домашната врата и да им наплатат за транспортот, плус законската глоба, нашиве власти, кои и да беа, се нацуцулија ко попчиња на свеченото отворање и дури се поклонуваа. И секоја година полагаа цвеќе!
Денес, во нешто видоизменети услови зашто самата власт инсталира дивоградби, повторно имаме свечени отворања и катагодишно поставување свежо цвеќе на дивоградбите од самопрогласениот преродбенички проект „Скопје 2014“. Самите дивоградат, самите свечено ги отвораат, самите поставуваат цвеќе. Милина! А самите ги носеа и законите, особено оној Закон за меморијалните споменици и спомен обележја, според којшто сосема прецизно е утврдено што е споменик а што спомен обележје и какви се процедурите и за едното и за другото. И никаде во законот не стои дека споменик може да глуми спомен обележје, дури и ако така му се нареди „од горе“. И ние да мора да веруваме во тоа. Се разбира, Законот што самите си го донесуваа кажува и многу други нешта, меѓу кои и таа дека спомен обележја се подигаат за настани и личности од локално значење, што автоматски, според законот, им го симнува нивото на значењето на сиве овие личности (и настани) почнувајќи од Ацета, преку Ченто и останатите!

Но, Законот предвидува и нешто друго. Предвидува дека глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице подигне меморијален споменик што не е содржан во Програмата на Собранието! Е сега, нормално дека оваа власт нема самата себе да се казнува, и тоа за најмалку педесеттина споменици (по 4.000 евра еднакво 2000.000 евра!), плус се' друго бесправно подигнато среде градов. Ако пак на тоа се додаде и обвинение за злосторничко здружување - што може да се примени и на првиот споменик на Мајка Тереза, оној што сакаат да си го земат назад - испаѓа доста работа за идниот специјален обвивинител, нели?! Можеби дури тогаш, и на таков начин, дефинитивно ќе заврши и оваа македонска трагикомедија?

## МАКЕДОНСКА СТУДЕНТСКА ПРОЛЕТ

***„Soyez realistes – demandes l'impossible"***

Реченицата од поднасловот значи „Бидете реални – барајте го невозможното", и е еден од навистина легендарните слогани на некогашните бунтовни студентски демонстрации (не само) во Париз 1968-та. И тоа е типичен младешки, не само студентски идеал, некогашен и сегашен, којшто едноставно не трпи стеги од никаков вид, најмалку од ступиден бирократски „екстерен" тип, и бара се' – сега и тука. Дури и невозможното! Иако кога е во прашање младоста / студентите, ништо не би требало да биде невозможно. И гордо е да се застане зад таков слоган, како впрочем и зад другите подеднакво познати: „Cela nous concerne tous" (Ова ги засега сите), „Les Beux-Artes sont fermes mais l'art revolutionaire est ne" (Уметничките академии се затворени, но револуционерната уметност е родена), „Power to the People" (Силата е во луѓето) итн.

Претпоставувам дека многумина од мојата генерација, па и некои повозрасни или малку помлади, би дале се' сега да можат да се вратат во студентските клупи. Не заради стекнување којзнае колкави поголеми знаења и вештини – зашто и тоа, во крајна линија, зависи од капацитетите на индивидуата, а не само од професорите – туку заради атмосферата, вриежот, еланот, решителноста, смелоста ... на овие генерации конечно да се спротивставaат на македонското лудило и диктатот на понављачите, уличарите и упикувачите.




Иако е неспорно дека во таа '68 имаше и локални македонски обиди за приклучување кон југословенските (главно) студентски протести, тие главно останаа на рамништето на декларативниот збор низ пишаните медиуми, без „силата на улицата". Ако некои сакаат да веруваат дека и ние сме имале „македонска '68",

(иако многумина од нас кои бевме тука изгледа не успеавме да ја забележиме!), така нека биде. Фактите говорат друго.
Затоа, мислам дека сегашниве млади не треба да имаат дилеми: ова дефинитивно е првата и вистинската македонска студентска пролет! Па и професорска, и граѓанска, се разбира. Зашто ако за онаа 1968 навистина не' врзуваа(т) само лични и пусти желби за (пропуштено) директно учество, денес е невозможно да не се забележат реките студенти (и професори, и граѓани) низ скопските улици. Ако тогаш за Македонија студентското движење беше само „таму некаде“ – па нека тоа „некаде“ е и Белград, за Париз да не говориме, иако такви протести имаше дури и во Мексико – читано низ весниците и видено на по некој телевизор, денес таа реалност ја имаме директно пред нас. (Иако не и во директен пренос, зашто ниту една македонска телевизија не се осмели на такво нешто!). Неколкуте (некогашни) написи низ весниците („Студентски збор“, на пример), истакнатите барања за божемна „демократизација“ и слични нешта не можат сепак да го заменат личниот активен ангажман на десетици илјади млади луѓе денес, кои отворено протестираат против што и да е'! А овие имаат за што да протестираат!!!



Иако веќе ги спомнав (дел од) македонските професори како составен дел од амбиентот, би ги спомнал уште еднаш! И иако ние можеби ги немаме некогашните професорски вертикали од типот на еден Сартр или Фуко (со или без импакт фактор!), сепак една сериозна и не така мала група компетентни професори покажа дека сакаат и умеат да застанат на вистинската страна. Зашто за професорите и нема друга страна освен студентите. Тоа е единствената можна и логична спрега, нивните цели и идеали никогаш не (смее да) се различни. Тие се различни само за онаа моронска група штребери, оние глувчиња штрајкбрехери кои цврсто стојат на

браникот на власта. И не мрдаат ни педа. Но тоа се такви типови, такви профили на луѓе. Такви биле и како деца, и како „студенти". За нив *силата* е моќ, не знаењето. Којзнае какви се' комплекси наместо книги влечкаат во торбите. Ним не им ни требаат студенти, им требаат министри да ги тапшаат по рамо, да ги предлагаат во управни одбори и комисии, да им фрлат по некое ковче и овие живи среќни мавтаат со опавчињата. Ним не им требаат студенти зашто немаат ни што да ги научат. Тие не подучуваат, тие држат говори. Сега и на радија. Talking heads! Од такви студентите никогаш немале полза. Од овие впрочем полза нема никој, освен нивните џебови. И власта, се разбира. Ги употребува како крпи, па ги одлага да се исцедат, до следната прилика. Во меѓувреме ги распределува низ медиумите и попатно им дава по некоја награда!
За жал, такви има и во првиот табор. Инфилтранти. Со умот се кај мороните и штрајкбрехерите, а со телото кај професорите. А впрочем, таквите секогаш се на две места, за секој случај, за недај боже. Да бидат на сигурно. И никогаш нема да ги видите на улица, меѓу студентите, или на каков и да е' протест или собир. Не сакаат да бидат видени од власта, ќе им забележат. А има и зошто. Којзнае колку се должни. Вака, останува само име на хартија. Секогаш можат да се вадат на – грешка. Тоа не се впрочем ни Talking heads, кај нив нема ни слика ни тон. Ама има – џеб! И не пуштаат глас ни за жива глава. Дури и кога ги прозива јавноста, дури и кога им ги тепаат студентите на Плоштад, дури и кога им ги резилат колегите ... Лепота, македонски „интелектуалци"! Но, уште поинтересни се оние кои *ги нема* таму. Каде се оние некогашни македонски „авангардни" уметници, писатели, режисјори ... ? Или толку ги наполнија џебовите, што натежнаа па не можат ни да одат? Или - не смеат да писнат? И тие ли се толку должни, на власта?
Или оние професорине од МАНУ, на пример. Ако можел проф. Ѓорѓи Филиповски, на негова возраст, да застане на страна на студентите, па Шоптрајанов и неколкумина други, останатите – не можеле? Или не сакале? Арно им е таму, газовите на топло, има кафе или чајче, па и некоја ракиичка ...? Каде ли живеат овие луѓе, ако воопшто живеат?
Или оние, на пример, за кои другите (проф. Котевска) благонаклоно се грижат, и прашуваат „Што ќе остане од ... Богомил Ѓузел, од Луан Старова, од Оливера Николова, од Ресул Шабани ..."? Извинете, ама тие мали ли се, не умеат ли да отворат уста? Или сепак повеќе им годи добро платената ладовина?

Но сега сите се умни и им делат совети. Треба вака, треба онака. Изборот е сепак нивни, на студентите, а професорите би требало само да ги поддржат. Во се'. Ако запрат сега – готово е! Како што впрочем неславно заврши и „Отпор", заради алчност за градоначалнички фотељи. Сепак, тоа е друга приказна.
И иако студентскиве протести ми ја потврдуваат тезата дека Македонија објективно доцни зад Европа околу половина век (1968 – 2015), во се' па и во ваков тип протести, вистинско задоволство е да се следат овие млади луѓе во нивните напори за подобрување на образовниот процес во државата. Кога веќе тоа не го прават оние кои за тоа примаат (не мали во споредба со другите) плати. Односно – го прават токму спротивното!
А сепак, сличностите се тука, но и разликите. Студентските протести во 1968-та прераснаа во општи (работнички и граѓански) протести против бирократските капиталистички политики во образованието, економијата, социјалата ... На тоа се надоврзаа и војната во Виетнам, човековите права, полетот на социјалистичките движења ... И сето тоа прерасна во отворени, насилни судири, нешто што кај нас се' уште некако се држи под контрола. До кога? Во Париз и во другите европски (и светски) градови се правеа барикади, се живееше на улиците, на универзитетите, во парковите ... Тогашните студентски протести востановија и „своја" уметност – уметност на плакатот, на графитот, на транспарентот. Впрочем, овие студентски

протести како да беа „кремот“ на прогресивните „контракултурни“ движења на младите во Европа и светот во шеесеттите години на минатиот век.
Кај нас, барем засега, протестите го немаат тој обем, таа широчина, иако на студентите им се придружуваат и граѓаните. Оттука, велам, многу сличности, но и многу разлики. Од друга страна, кај нас, сепак, официјалната уметност никогаш не ги следела ваквите (условно) антисистемски движења, протести, демонстрации. Тие никогаш, или многу ретко, (најчесто многу подоцна, ако воопшто, како некакви далечни рефлексии), прераснувале во „тема“ за ангажираната уметност.
А впрочем, забележа ли некој некакво учество на „славните“ македонски уметници на некој од протестиве? Или нив тоа не ги интересира, кој ќе се расправа со студенти, тие би да направат уште по некој споменик?!

***„Образ ова ни е“***

Реномираната македонска уметница Виолета Чауле ме потсети дека всушност таа, како студент на тогашната École Nationale Supérieure des Arts Décoratifs, беше дел (и) од мајските студентски протести во Париз 1968-та година. Што ќе рече дека, ете, и ние сме имале директен претставник во тие бурни случувања. Велам „и“ зашто Чауле е (единствена?) македонска уметница присутна и на скопските студентски демострации, што е евидентно од една фотографија објавена низ македонските медиуми, заедно со професорската двојка Марјановиќ, кои исто така ги бев заборавил, како еминентни академски претставници кои застанаа до студентите на нивниот марш. Заслужуваат почит, секако! И (повторно) ја наметнуваат мислата: како е можно типови како Адеми, Шпиро, Тодоров и остала булумента да не разберат, односно да не сакат да разберат, дека луѓе од ваков ков – стотици, илјадници - не излегуваат на улица туку-така, од ќеф или заради политички диктат?

Инаку, првобитен наслов на овој дел ми беше (повторно) уште еден извонреден слоган на француските студенти „IL EST INTERDIT D'INTERDIRE“ („Забрането е да се забранува“), како уште една од многуте „декларации“ кои што влегоа во легендите на тој мај 1968 година во Париз. Сепак, кога на една фотографија од македонските протести ја видов паролата „Образ ова ни е“, го сменив насловот. И ако е дозволено лично определување за најинвентивен слоган на македонските студентски демонстрации, потписникот на овие редови секако го издвојува овој како брилијантна игра со клучниот збор „образование“, којашто погаѓа директно во сржта на проблемот! Зашто ова што се случува(ше) со македонското високо образование, и македонското општество во целина, токму го отсликува нашиот образ. Или безобраз, како сакате. Како што, се разбира, и многу други пароли и од скопските студентски протести ќе останат запаметени како израз на сериозен бунт против налудничавото бирократско и во суштина антиреформско и антидемократско решавање на проблемите во високото образование.
Македонските студенти велат: „Кој ќе ве тестира вас?“, „И од образованието сакате да направите споменик?“, „Професори искажете став“, „Студентот има должност да го заштити факултетот од Владата“, „Образование а не дресирање“, „СТОП за лошите реформи“, „Не ви го даваме утре“, „Лесно ви е вас, никогаш не сте студирале“, „Менувам индекс за американски пасош“ ... И тоа се пароли што речито – некогаш сатирично но најчесто директно – ги коментираат актуелните состојби не само во образованието, туку во сите сфери на живеењето. И искажуват став, и барања.
Она што е очигледно е фактот дека и паролите и транспарентите односно целата визуелизација на македонските студентски протести 2014/15 е главно „самоправска“, по принципот „направи сам“ и нема никакви естетски амбиции.

Студентите немале помош од „уметничка рака“, а можеби сметале и дека не им е потребна?

Мајските протести во Париз 1968-та – во секој поглед помасовни, поагресивни и подобро организирани – покажаа колку уметноста може да биде блиска до секојдневието (социјално, политичко и друго), колку уметниците можат да се вмрежат и сплотат во една заедничка ангажирана цел, колку уметноста може да му „служи“ на општото добро. Во такви ситуации уметноста се претвора во вистинско, и силно, оружје за јакнење на свеста и провокација кон акција. Токму за тоа говори и познатата од тогаш парола: „Уметничките академии се затворени, но револуционерната уметност е родена“!



Веќе првите денови на мајските протести, на графичкиот отсек на Ecole des Beaux Arts, група студенти го формираат т.н. Atelier Populare (Народно ателје), кое што веднаш станува централната уметничка движечка сила на протестите. Слични литографски студија имало и на École Nationale Supérieure des Arts Decoratifs, на École de Medecine и други. Овие ателјеа ќе произведат стотици извонредно дизајнирани плакати за протестите, сите како бесплатни анонимни креации (иако во нивниот дизајн учествувале и познати уметници). Ниту еден уметник, до денес, не ќе побара авторство над кој и да е' од овие плакати! Плакатите биле печатени во огромни тиражи, доставувани дневно без паричен надомест и можеле да се видат на барикадите низ цела Франција.
Графичките решенија на овие постери по правило вклучуваат и слика и текст, правилно применувајќи ја познатата вистина дека визулената порака е подеднакво силна како и текстуалната. А нивната комбинација – најсилна. Изворите велат дека тогашните слогани биле утврдувани дневно од страна на една општа асамблеја состевена од претставници на студентите, работниците и уметниците. Македонските транспаренти се (најверојатно) плод на личната инвентивност на поединци или на Студентскиот пленум. Сепак, ним им недостасува визуелниот / „сликаниот“ елемент, односно целосно се задржуваат на текстуалната порака / ефект. И тие се, главно, лошо или аматерски дизајнирани односно испишани. Но, повторно, македонските студенти немаа(т) креативна поддршка од македонските уметници!

Од друга страна, безмалу зачудувачки се одделни сличности помеѓу пораките од некогашната 1968 и денешната македонска 2014/15. На пример, француското студентско „Не за бирократијата“ е во една поширока смисла апсолутно блиско до нашето „Лесно ви е вас, никогаш не сте студирале“ или „Кој ќе ве тестира вас?“, алудирајќи на неспособноста, некомпетентноста и глупавоста и на министрите и на бирократијата. На ситемот во целина, ако сакате.
Понатаму, и проблемот со медиумите е безмалу идентичен. Француските ателјеа исфрлија неколку извонредни постери / пароли во врска со слободата на медиумите: „Ве трујат“, „Слобода на информациите“, „Печат – не голтај“ и др. Денес, во втората деценија на дваесет и првиот век, македонските национални телевизии и провладиниот печат бескрупулозно ги „пребројуваа“ студентите и врз база на тоа „одлучуваа“ дали протестите се легитимни, ги заокружуват учесниците со црвено како мети пред стрелање, или пак воопшто и не објавуваа(т) вести за протестите. А сепак, македонските студентски пароли не му посветија големо внимание на овој проблем. Иако истиот постои и го денунцира нивното право на протест.
Сепак, мора да се потенцира и следниот факт: педесетте години „доцнење“ (и) во младешкиот бунт значат одржување во драстично видоизменети услови, па и во сегментот на естетизацијата / визуелизацијата на протестите (студентски или било кои други!). Времињата се други, младите се други.

### *Не се заебавај со студенти*

Овој поднаслов не е уште еден слоган од некогашните '68-шки немири, ниту пак од македонската студентска пролет, туку е моја „креација“. И ја потврдувам со фактот дека многу често ја забораваме силата на младите, особено на студентите, нивното *право* да бидат бунтовни, нивната инвентивност за разноразни „безобразлуци“, *нормалноста* да се оди дури и во крајности ... Впрочем, и (прет)последните случувања го потврдуваат насловот: решеност за „одење до крај“, смелост дури и да се окупираат факултетите, но и креативна енергија за мали, ситни „герила“ акции од типот реметење на предавањата на омразените професори-штрајкбрехери, прашања дали го слушале последниот албум на Цеца која што недвојбено на овие им е нивото итн. Кога студентите ќе почнат да играат мајтап со професорите (а

нашиве успешно и со право почнаа тоа да го прават), кога кај студентите нема почит кон професорите (а кај нашиве е тоа веќе очигледно), тогаш и крајот на реалниот воспитно-образовен процес е блиску. Или е веќе тука. А кај нас е', од поодамна, и тоа е јасно ко бел ден. А студентите немаат друг излез – патот што го одбрале е единствениот можен и исправен пат. Но, како понатаму - тоа е друга приказна!




Во поглед на „естетскиот“ декор на актуелните македонски студентски демонстрации, мора да се има предвид и фактот дека 50 години по воинствената ’68 начинот на комуникација на / помеѓу младите е драстично сменет. А тоа значи дека и средствата за изразување / комуникација се целосно различни. Ако на студентските маршеви низ скопските улици - освен студентите, професорите и граѓаните – доминираа инвентивни и(ли) помалку инвентивни транспаренти, на facebook страницата на Студентскиот пленум се гледа и другата, „естетизираната“ страна на пораките на ова студентско движење. На оваа социјална мрежа како

денешен примарен супстрат на комуникацијата (не само) меѓу младите се постирани низа извонредни примери на визуелно искажување на студентските ставови апропо наметнатиот Закон за високото образование: од Гоце Делчев со индекс во рака, преку баскет во кош со укажување „Сведи го ова на 5 прашања со заокружување“, до Том Хенкс во „Аполо 13“ известувајќи „Houston, we have a државен испит“! И уште многу други. И сите до еден се израз на свеста на македонскиот студент за опсегот, за широчината на проблемот со којшто се соочени, за глупоста на системот и неговите „официелни“ претставници.




И во случајов, како и со некогашното Atelier Populaire во Париз, овие инвентивни фотомонтажни „постери / плакати / креации“ ... или како ли ќе ги наречеме, немаат автор. Поточно – авторот е анонимен, не е назначен!
Меѓу овие фотомонтажи се наоѓа и по некој класично решен „плакат“ (иако потписникот на овие редови не знае точно дали некогаш и биле употребени како класични плакати), како на пример оној насловен „Повик за солидарност“ за учество на студентскиот марш на 10 декември 2014 година (решен во манирот типичен за некогашните соцреалистички плакати, но и оние на руската авангарда, на пример, со прилично „едноставна“ визеулна естетика), потоа плакатот „Протест – да го

вратиме образованието на образованите“ (решен во сличен манир како и претходниот, потоа модернистички решениот плакат за Студентскиот пленум итн.
Впрочем, денес подготовката и печатењето на плакатите подразбира трошење на време и пари. Кои што студентите ги немаат, се разбира. Компјутерот и социјалните мрежи се поедноставни и помасовни средства за комуникација, достапни за младите без голем напор и средства. Денес и повозрасните повеќе „висат“ по социјалните мрежи и читаат вести и колумни на интернет порталите отколку што читаат весници. И можат и да коментираат, да разменуваат мисли и идеи, што пак е особено важно за студентското движење. А откако интернетот и facebook-от станаа основна апликација и на мобилните телефони, младите (и не само тие) веќе го имаат светот на дланка.

Се разбира, ова не значи дека времето на плакатот е минато. Напротив! Па погледнете ги само скопските билборди, особено во време на избори, и се’ ви е јасно во однос на силата на плакатот. Или последните случувања со плакатот за наводното враќање на „српската доминација“ во Македонија, што така ги вознемири духовите, та дури оној полуписменион функционер на не-знам-што вели дека тука има и елементи на кривично дело, ама не знае кои и какви! И кој ли уште ја зема онаа будала Георгиевски за сериозно? Изгледа само Стоиљковиќ, кој би „да полети“? Па белки од (по)високо ќе си го види и сонародникон-земјоделец залутан во Министерството за култура и ќе предложи некој посаглам на негово место?! Или стварно Србите во Македонија спаднале на такви ... ај да не речам какви?
Но добро, тоа е мал отклон од темата, ама сепак сериозно ја отсликува моќта на јавната „слика“, и збор, налепени на билборд, на ѕид, на врата ... Му текнува ли некому на тезите на Лутер, испишани на лист хартија и заковани на врата на црквата „Сите свети“ во Витемберг? Е па и тоа е моќта на (претходницата) на плакатот!
Како и да е’, најновите вести најавуваат (можна) победа на студентското движење, што би рекле „без испукан куршум“. Зашто, објективно, одлагањето на примената на туткунскиот закон е – студентска победа. Кој како сака нека го гледа тоа, но тоа е така! Впрочем, веќе и самата покана за дијалог со Студентскиот и Професорскиот пленум, само десетина дена по помпезното усвојување на Законот за високото образование, беше нивна победа. Можеби не конечна, можеби не целосна, но блескава победа секако. После ова, иако секако ќе има обиди од страна на онаа Шпирова мангупарија да ги преведат жедни преку вода, сите адути се во нивни раце. Иако времето умее да ја отапи острицата на протестот, што овде очигледно е една од намерите. Но, секој обид за изигрување, мислам дека ќе предизвика уште посилни реакции.
Но, прашањето е: зошто сега, и зошто вака? Зарем навистина македонската Влада е составена од мали разгалени деца кои прво сакаат да си го истераат ќеифот, а после може и да разговараат? И не им беше ли срам на истите актери повторно да седат со студентите и професорите?
Но, уште посмешно ќе биде да се видат фаците на онаа збирштина од штрајкбрехери, на оние подлизурковци кои фрлаа дрвја и камења врз своите колеги и ги нарекуваа со секакви имиња. Кои лажејќи не’ убедуваа во нивните „морални“ и „стручни“ ставови. Како ги пуштија низ вода, ќе стигнат дур до Солуна града! Или, можеби, ќе тргнат сега тие на протести? Па, кога би имале м..., тоа би требало да го направат. И баш би сакал тоа да го видам. Па да се формира студентски шпалир и да ги испопљукаат токму онака како што и заслужуваат тие упикувачи. Но, за жал, тоа нема да се случи зашто на сите им беше јасно од каде дува нивното противење односно нивното залагање *за* „реформите“. И нивната употребна „вредност“ и функција. Ќе застанат ли и утре пред студентите да држат предавања? Ќе се засрамат ли барем малку? Ма јок, ѓонови!

Знам дека ќе има поединци кои ќе потсетат на едни постари „студентски“ протести, оние од 1997 година. За жал, тоа најмалку беа студентски протести, а уште помалку образовни. И навистина не гледам што повеќе би требало да се објаснува околу тоа, освен да наведам (некои од) паролите што беа извикувани на тие протести, а коишто говорат самите за себе: „За Шиптари гасни комори“, „Нека разберат клетите Шиптари, македонско име нема да загине“, „Софија[50] Шиптарка“, „Со свинско ве поткупија комунисти“, „Денес еден факултет, утре цел универзитет“, „Ние не сакаме туѓо, своето си го браниме“, „Софија се продаде на сечените“, „Сите во школо, Софија во џамија“[51] .

Не можам, и не сакам, да навлегувам колку млади тогаш беа заведени, прелажани, измамени во нивната младешка бунтовност, дека протестираат за образовен проблем, за национален проблем, за идентитетски проблем ... И тогаш, но од денешна перспектива особено, јасно е дека тие протести отворено удираа против една цела етничка заедница во Македонија, против нивното право да се школуваат на мајчин јазик, против нивните човекови права, конечно.

Оттука, дефинитивно, ова се првите и вистинските македонски студентски протести, без оглед што се’ уште не се завршени. Крајот, каков и да биде, нема да им ја одземе таа аура.




[50] Станува збор за Софија Тодорова, универзитетски професор и тогашна министерка за образование и наука.

[51] Борис Георгиевски, *Десет години од протестите кои го изменија политичкиот амбиент*, Утрински весник, 16.02.2007

***И сега – што*?**

И сега, навистина – што? Се' од почеток? Онака, без срам? И тука не мислам ни на студентите ниту на професорите. Тие ја добија првата битка, им останува да ја добијат војната. Со истиве не ќе можат, иако самоуверено велат: „Сосема е позната законската процедура: прв чекор кон укинување на закон е мораториум односно одложување на веќе донесениот. Првиот чекор ќе го сметаме за исполнет ако го видиме изгласан во собраниска процедура. Следниот е донесување на целосно нов закон. Нашата борба е студентите да бидат постојано и директно вклучени во негово креирање како неодминлив и релевантен фактор. Ако тоа не се случи отвореноста и подготвеноста на нашата влада ќе бидат нелегитимни. Тие би биле обично ретерирање, одложување на револтот, страв… Во тој случај наша граѓанска должност останува бунтот.
Поучени од досегашната транспарентност и инклузивност, остануваме будни! Прогласуваме автономна зона! Студентскиот фронт не е затворен!", порачува Студентскиот пленум"[52].
Зашто ова е, очигледно, само купување на време од страна на власта. И елиминација на заканите што така рапидно се множат. Зашто, како што вели Вангелов, „Времето врти накај некои побуни. Сега засега, тие побуни се мали, кротки пламенчиња кои проблеснуваат во дебел, како пелте, мрак. Сепак, тоа не значи дека, од тие кротки пламенчиња, веќе утре или задутре, нема да избувне некој див пожар кој ќе го опустоши и тоа што останало неопустошено од преродбата".
Прашање е само *каков* ќе биде крајот?!

Не верувам дека можеме да им забележиме на студентите што прифатија дијалог и вакво решение. Барем како почеток на решавањето на проблемот. Иако, како што вели Мимоза Ристова, не е лесно човек да се определи, дали „да седнам со Груевски и со Адеми на иста маса да дебатирам со нив на тема ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА или да се самозапалам? Поскоро ќе се самозапалам!!!!!". Се разбира, тоа е исто како човек да седи на иста маса со оние печалбарине од новооснованата „гдом" или „гном" или „морон" или како веќе се викаат и да дискутира за што и да е'. Па видете им ја „лидеркана", ко да е излезена од под шинелот на Грузиецот!
Се разбира, ваквата разврска повеќе и' одговара на власта. Зашто ни Шпиро, ни Адеми, а најмалку оној Тодоров ќе бидат утре попаметни – е тоа би бил настан! – за да разберат каква идиотштина направиле, ниту пак мислам дека имаат сериозна намера нешто да превземат. Работата треба да се разводни, да се деконструира студентското движење, да се распадне Пленумот, да се оладат и студентските и професорските глави ... и на тоа да заврши приказната. И за тоа ќе се користат сите средства: ќе се притискаат водачите, ќе се уценуваат, ќе се бара шпиун во нивните редови како оној Дојчин кај СОНК за да ровари од внатре (бива ли македонска ситуација без шпиун?), ќе се користи целиот (веќе виден и познат) „демократски" арсенал на овие „патриотиве", Македонциве. Не сакам да бидам ни Баба Ванѓа ни аналитичар од типот на нашине уличари од „Аминта Трети", ама тоа се некакви неизбежни прогнози својствени за македонсково поднебје.
Се разбира, би сакал да бидам демантиран, како што студентите веќе неколку пати ме демантираа, зашто мислев дека нивниот протест ќе заврши пред и да почне! Би уживал во таков демант!!!

И не знам дали на разговорите во „Владата на Македонците" некој го спомна зборот – оставки? За Адеми, за Шпирота, за сите сивоклеточни инвалиди инволвирани во оваа лакрдија наречена Закон за високо образование? Ама, ако на ректорчено,

[52] *Студентски пленум: Прогласуваме автономна зона – Премиерот попушти, но не сме наивни*, Плусинфо, 06 февруари 2015

после јавните лекции и завратници, не му беше срам повторно да седне на иста маса со другине, зошто пак овие би се срамеле? Тие се впрочем оперирани од тоа, во нивниот вокабулар таков збор не постои. Но студентите не би смееле да поминат така лесно преку тоа. Барем нека бараат, па нека е и невозможното! НЕКОЈ НЕКА БАРА ОСТАВКИ!!!



## НЕСПОСОБНОСТА КАКО СУДБИНА

Не' уби(ва) неспособноста. Вдолж и попреку, од горе до доле, од лево до десно. И метафорички, и буквално. Константно, и историски. Просто – немаме како да се одбраниме! Само погледнете околу себе и доволно е. Или само повнимателно слушнете што и како говори врхушката на власта низ „бомбите“ на Заев. На страна сите други епитети што им ги доделила судбината – од арогантност до глупост, од простотилак до нечувствителност, од идиотлук до омраза – ама неспособноста како да царува. И тоа не само неспособноста да се делува во соодветна (нормална, исправна) насока, туку и неспособност рационално да се промислува, да се чуе и другиот, да се послуша совет, да се согледат ефектите од постапките ... Неспособност да се разбере времето, да се прифати реалноста, да се биде современ народ во современа држава!

Но, не верувам во предодреденоста на лични судбини. Некако, сам човек, во одреден миг, во дадени околности, секогаш може да ја измами судбината, да го надитри дури и ѓаволот. Нормално, со малку среќа. Поединецот учи и на грешките, учи да биде повнимателен, да не верува слепо ...

Ама цели народи – никако. Тие се влечат и низ историјата како долги слепи змии никогаш не пронаоѓајки го вистинскиот излез од пустината. Зашто нивната судбина не е запечатена некаде таму „горе“. Напротив, таа е запечатена тука некаде долу, во нивната неспособност да учат од минатото, да се прилагодуват на историските околности, рационално а не слепо да веруваат, никогаш да не проверуваат. Тие по правило не умеат да изберат. Самите си ја избираат несреќата, самите се кумови на својата пропаст, самите си ја копаат дупката.

Ние како да сме таков народ! Погледнете ја само историјата наназад илјада-две години и се' ќе ви биде јасно. Или – нема? Односно, да ни беше јасно, ќе ги повторувавме ли истите грешки?

Или – погледнете ја сегашноста. Има ли подобар пример? Историјата и не ни е потребна, се' ни е тука, пред очи. Ако ги имаме да видиме. Ако, повторно, ги немаме ... е па кој ни е крив? Ни се повторуваат години и векови како на филмска лента од браќата Манаки: веќе изветвена, очајно контрастна, тргни – застани ... По којзнае кој пат истите приказни за мали деца, истите измислици и лаги, машината на неспособноста повторно ставена во погон. (Или таа воопшто и не се исклучува?).

Кај нас неспособноста е хиерархиска, по вертикала. Секогаш. Потоа се распостила како излеана река, насочена тече и по хоризонтала. Што ќе рече – неспособноста како да ни е во гените, како да ја наследуваме, или континуирано ја учиме и ја дополнуваме, надградуваме. Некој ќе приговори дека сите народи имаат светли и темни мигови, сите имаат подеми и падови, сите ... не знам што. Арно де, ама сите *други народи* учат на сопствените грешки! И учат од другите. Или барем се обидуваат. Ние – не! Ние како да имаме зацртана (историски димензионирана) линија на неспособност, некомпетентност во поշироки размери, неусогласеност со светските цивилизациски текови. Па дури и за небески „Зета Македонци“ тоа е премногу - ние катастрофално пропаѓаме!

Во еден целосен општествен распад распукан по сите шевови, „системот“ глуми власт. И држава. Како што *оној* сугерира да глумат некаков петпарачки водвиљ околу неговиот возљубен „Mercedes-Benz S600 Guard B6“. Сосе телевизор, за малечките! И за што му е, ќе ги гледа протестите на 17 мај? Собранието пак (демек) работи и избира нови министри, Владата (демек) исто така е залауфана и никој не може да ја сопре во економските подвизи, институциите уште потрагично ги играат доверените маргинални улоги не баре се главни глумци на сцената ... Владинине

пак подлизурковци го опсипуваат народот со топло-ладна бласфемија за државава како најдобра од сите можни!

Или, можеби, ние (и) на ваквите општествени катастрофи гледаме како на природни појави, па како што лесно се помируваме со природните непогоди – прст божји? – така некако виткаме глава и пред овие нечовечки но судбински животни катаклизми? Можеби, зашто на овие простори сите видови суеверија и атавизми се' уште егзистираат. Фактот дека ние самите *го бираме* злото не менува (пре)многу во тој контекст! Зашто, инаку, зарем циклично би ни се повторувале вакви нешта? И со безмалу исти или слични неспособни типови во главни ролји? Која е разликата во историското perpetuum mobile на овие простори, ова денес и она пред стотина и нешто години на преминот на вековите, или уште стотини години поназад, па ако сакате и се' до Самуила, па и пред него? Кои се разликите? И како тоа само за нас и нам слични важат некакви (напумпани до зла бога) „историски неприлики", „неповолни времиња", „меѓународни кризи", „рецесии" и слично, како алиби за сите наши неспособности во справувањето со процесите? Па каде, по ѓаволите, изветреа, ако го имало, тој фамозен дух на боговите „зето-македонци", или мудроста и воинственоста (да не навлегуваме во другите карактеристики!) на големиот Александар?

Да, знам дека „експертите" од типот на „госпожана" и некогашниот „уставотворец", со нивната неверојатна академска алхемија, би имале (демек) многу што да противречат, ама тие, и не само тие, си противречат на самите себе веќе толку години. И не само тие, туку и една цела булумента новоиспилени „аналитичари" и „стручњаци" за македонската вековна (не)способност. И како по правило, сите во хор дрндаат против единствениот сериозен историски потфат – НОВ и Револуцијата - кога овој народ (или барем дел од него) се осмелил да ја земе судбината во свои раце. А овие неспособниве шарлатани ќе ги нарекуваат „комуњари" а не се достојни ни чевлите да им ги чистат? Тој единствен по слободарските референци период настојчиво се брише од македонската историја зашто, всушност, боде очи, излегува од вековниот зацртан колосек на судбинската неспособност. И не само фактот дека токму тогаш дојде до остварувањето на сонот за самостојна држава, и не само тоа, или најмалку тоа, ако сакате, туку тоа значеше вовед во општествена, културна, образовна, научна ... еманципација на Македонија во рамките на постојните Балкански држави. Се разбира дека *и за тој* епохален потфат биле неопходни одредени историски предуслови, особено Македонската Преродба, на пример, ама – видете каде заврши таа: седната на смешни нео-фотелји лево и десно од самонаречената „Триумфална порта", или нацуцулени како тролчиња на она мизерно мостче што води директно во Јавното обвинителство! Иако, додуша, и кремот на историски поблискиот македонски ум од водечка институција се трансформираше во онаа геријатриска попатна станица наречена МАНУ за по 500 евра месечен надомест!

Нашата актуелна неспособност станува светски егземплар, токму за неа ќе се учи во историските учебници, а не за акциите (како што вели монструмчено) во коишто изгинаа толку полицајци. (И тоа – за ништо!). Цел цивилизиран свет отворено ни посочува каде ни е проблемот, амбасадори нескриено се приклучуваат кон протестите на опозицијата, ама народов – мртов ладен. Како да станува збор за некој друг народ, некоја друга држава. И не само државата туку и народот, особено неговите „лидери", стануваат светски сертифициран примерок за историски дилетанти и игноранти, за дрва недоделкани седнати на врвните државни позиции. Можеби за Туѓман со право велат дека измислувал (хрватски) зборови, а за еден соседен претседател дека ги движи усните кога чита, ама што да се каже за нашиве? Како денес, после се', звучи изјавата на македонскиот „претседател" дека

„За оваа група во почетокот на 2015 година писмено информиравме 17 партнерски служби на земјите од Европската унија и НАТО, како и земјите во регионот. Можам да констатирам дека размената на информации, со цел да се изврши превенција на намерите на групата не даде резултат“? И кого тоа убедува „претседателот“, и кој му верува? Нормално, полесно е, повторно, другите да се виновни. Особено странците. И тука божем никаква врска нема нашата неспособност, нашата глупост, наша недоветност, нашиот команден дилетантизам од врвот па надолу, нашиот Ахмети, нашето шурување со мрачните сили на злото ... не, полесно е кога другите се виновни. А особено кога тоа се странците. И нашите, ама оние „другите“. „Мора да се надминат тесно-партиските интереси ... За оваа цел да престанат личните и меѓупартиските конфронтации. Видовме што тие ни донесоа“, настојчиво вергла и даље „претседателот“, поттурнувајќи ја и понатаму вината, сега врз домашните „странци“!

Ние сме, исто така, наклонети неспособноста и сите други „фалинки“ да ги врзуваме за еден-двајца, главно челни луѓе, што во принцип и би било доволно, па со тоа да извршиме мнозинска замена. Не дека првиве, главниве, не се тоа што се, ама со тоа правиме повторно злосторство амнестирајќи цели ешалони еднакво неспособни дилетанти заседнати на државни позиции. Зашто, кај нас „не се саде тие“. Ги има (пре)многу за било какви амнестии. Впрочем, не постои амнестија за глупост, неспособност, недокваканост и останати „карактерни“ црти.

Кога само би тргнале низ културните институции и нивната персонална карта, не би требале да одиме понатаму. Или, не дај боже, да ги споредуваме актуелниве културтрегери со оние генерации кои пред себе ја имаа задачата да ја кренат од нула македонската култура и уметност пред шеесеттина, седумдесет години! Или кога би ги погледнале годишните (културни) програми, јавната творечка сцена, професионалните здруженија ... Е тоа е слика и прилика на македонската неспособност!

И затоа: уште колку „бомби“ ќе бидат потребни, уште колку докази за неспособноста, за криминалите, за узурпацијата, за хохштаплерајот на целава гарнитура, за сите ешалони кои сплотено дејствуваа(т) во насоката на уништувањето на земјата и она малку (фала му на бога) нормални луѓе? И што тие би промениле? И ова што досега го слушнавме и видовме е без преседан во современата (барем) европска државна историја, верификувана диплома за сите можни светски рекорди во глупоста, неспособноста, во лагата и измамата ама и (до)вербата на еден народ, во шизофрените идеи но и манијакалната сплотеност на власта и дел од „интелигенцијата“, на општото губење и образ, и достоинство и историска одговорност за идните генерации. За жал, тоа едновремено може да значи и конечно губење на последната верба, и смисол, и чувство на чест и обврска токму кон оние млади кои покажаа како треба да се реагира. Затоа, овој 17-ти, којшто монструмчето намислило да го гледа на мониторот во својот скап Мерцедес, треба конечно и еднаш за секогаш да покаже - сме или не сме!

Во (пре)широката лепеза на нашите (судбински) неспособности, последниве месеци особено дојде до израз неможноста, неумеењето / неспособноста да ги препознаеме нештата во мигот на нивното настанување / п(р)ојавување на општествената сцена, нашиот веќе вроден далтонизам во старт да не ги согледаме сите колоратурни нијанси на маските на измамата. Плус, нам по обичај црното ни се гледа бело, злото добро.

Или, ако сакате, не можам да кажам дека бев претерано изненаден од некои локални самонаречени политичари и нивните обиди сега (сосема неуспешно) да си ги перат гревовите за погрешните проценки, за лошо одбраната страна (што во случајов звучи само како деминутив), за садењето тикви со самиот ѓавол. (Ако сакате пример, ене ви го, најдобар: ДОМ ќе учествува на протестите на

опозицијата!). Но и кај многумина рационални, разумни и следствено на тоа сериозно профилирани политичари и интелектуалци забележлива е, се’ уште, дозата на неверување, збунетост, зачуденост од развојот на нештата во т.н. „бомби“, од разоткривањето на самата суштина на овие персони кои толку години се претставуваа – а и ни ги претставуваа! - како македонска политичка елита. Та дури и Заев (пре)често ни сугерира да сме слушнеле „до каде отишла“ забеганоста на Груевски и врхушката! Овде забеганоста не отишла, не ескалирала, таа е тука од самиот почеток!!!
Зборот ми е: навистина ли веруваме дека дотичните биле нешто друго, та сега се исчуручиле; зарем некој навистина сака да не’ убеди дека доброто туку-така, преку ноќ станува лошо; зарем е можно нивните проценки да се толку драстично различни за само неколку години? Не верувам, зашто такво нешто не е можно. Односно, можеби е можно во сапунски опери и турски серии, можеби е можно и во крајно стресни тоест драматични пресврти во животот на единката, ама – до толку? Поточно – до волку, едни (наводно) примерни политичари да се престорат во криминалци, една партиска елита да се трансформира во група преваранти, бајчиња преку ноќ да навлечат волчја кожа? Можеби и тоа е можно, ама само во нашите нерационални умови.

Или, ако сакате, како е можно (како што не’ убедуваат некои) во првите години „премиерчето“ да ти било за пример, а после се’ почесто му текнувале парапети среде Охридско езеро и сите други глупости што денес се општонародно „богатство“ слично на оставштината на Итер Пејо? Или, како што пишува друг, во него прво да гледале современ (иако тој отсекогаш да ти бил барокен), млад (се покажа дека и тоа може да биде мана!), менаџер (што ли изменаџирал?) и човек (веќе и тоа е доведено под прашање), а потоа тој се престорил во својата спротивност. Како може да се размислува дека „Епизодата со Хунзите ја сметавме за детска фантазија, апсењата на неколку деловни луѓе од СДСМ за битка против корупцијата а ситните ексцеси со контролата на медиумите како логичен реванш кон претходниот режим“? Па зарем некој / некои навистина мислеле дека е нормално да ги сметаш Хунзите за побратими од детската фантазија, а пак ако била навистина детска зарем дете ни требаше на премиерската фотелја? Или дека апсењата на неколку луѓе (ама само од СДСМ!) да ти било „битка против корупцијата“, а сета останата олигархиска багра да се остави и понатаму да хара низ македонското секојдневие? И зарем посакувањето „контрола врз медиумите“ може да биде само „ексцес“ (и впрочем гледаме каде тој „ексцес“ не’ доведе) и зарем една сериозна влада треба да се бави со реванши кон други политички партии, особено опозициски?
Или, ако сакате, како звучи ланската карактеризација за македонскиот „претседател“ („Не си подготвен да бидеш независна личност, немаш желба да излезеш од рамките на партијата, стана човек без нови идеи од полза за иднината на Македонија. Забележувам дека сакаш да бидеш повеќе зависен отколку слободен и дека повеќе го гледаш личниот, а помалку јавниот интерес“) дадена од неговиот ментор кој пред повеќе години го предложи и поддржа за таа функција? Зарем главните карактерни црти кај еден возрасен човек – што ќе рече: над педесеттата година - можат толку драстично да се променат? Ако човекот вчера не бил подготвен да биде независен, зарем бил пред пет години кога го предлагале за функцијата, и како може човек од идеи да стане „човек без нови идеи“ ...? А кога пак ги слушам бајковитите прикажувања на некои возљубеници за комунистичко – социјалистичкото минато на истава тутурутка, па како Македонија била среќна што има(ла) таков човек во младински и други партиски форуми на Југославија (коишто овој настојчиво ги крие во неговата биографија!), просто ми се повраќа. Да не говориме за интелектуалните капацитети на дотичниот, начинот како влегол во факултетските структури и сл. И некои мислеа дека од таков „материјал“ се прави претседател, ама после увидоа дека се / не’ излажале?!

Ние дефинитивно боледуваме од вредносен далтонизам. Не умеме (или не сакаме?) да препознаеме вредност, доблест, стручност, професионалност, чест, одмереност ... И можеме да продолжиме во истиот стил и да прашаме: а кој беа интелектуалните потенцијали, човечки вредности, професионални постигнувања на безмалу сите овие кои денес ги слушаме и читаме низ транскриптите и коса ни се крева на глава. Се гадиме и од нив и од самите себеси. Како тоа никој не знаеше кои се и што се овие кои цели девет години и' ебаваа мајката и на државата и нам? Како тоа преку ноќ се станува заменик премиер, министер, директор, амбасадор ... само и единствено заради партиски заслуги и климање со глава? Што во животот сработила, кои се резултатите на онаа која сака да истребува цели дваесеттина проценти население? И на сите оние бараби кои, со име и презиме, уживаат да го заиграат танцот на смртта на македонска почва? А оној кој, според сопствено признание „колку повеќе гледа толку помалку разбира", па уште и тајно смислува ново сложено име за државата? Та зарем тој шустер – поносен „германски ученик" со ситносопственички селски менталитет – ќе ни ги решава највиталните национални прашања?
Дилемата пак дали не умееме или *не сакаме* ја поставувам само условно, иако сум сигурен во одговорот, сигурен сум дека таа не игра кај нас. Или – барем кај еден поголем дел нас. Не дека ги нема, и тоа во голем број, и оние кои најбезобразно не сакаат да ги видат фактите, не сакаат да ја видат вистината за нивните пулени, уште помалку сакаат да ги читаат транскриптите. Зашто, демек, биле сечени, лепени, монтирани ... Ама оваа власт не е? И сечена, и лепена и монтирана?
А ги читаат, гарантирам. Зашто и тие се радознали да видат до каде може(ла) да оди човечката идиотштина, колкав замав земала манијакалноста на нивните „играчи". И после тоа добро да го уновчат. Но тие целат на други цели, тие ги слават заради други причини. Зашто само меѓу такви уличари можат себеси да се видат како нешто значајно, како нешто важно за македонското општество. И да ќарат нешто, се разбира. Крупно, ако може! Впрочем, тоа е таа (сепак мала) група која што хистерично бараше превреднување на вредностите, бараше нов вредносен систем со барабиве на чело, пишуваа и говореа панегирици за најголемите криминалци во македонската историја. Со нив го градеа новиот вредносен систем! Преку нив и тие се гледаа како властодршци. На лагата, се разбира.

И кога списокот би застанал тука, кога би можеле да кажеме: е па добро, сепак беа малкумина во споредба со толку народ. Ама – дали е така? А онаа булумента т.н. државна администрација која што овие ја напикаа во системот и којашто, спред некои, брои дури двесте илјади (загубени) души? Зарем тие се во нешто подобри од првиве? Па ако тоа се помножи „пута три", па ако тука се додаде една сериозна бројка којашто сосема успешно „соработуваше" во сите криминали со властодршциве, од бизнис секторот до „уметниците", до која цифра би стасале? Па ако ја додадеме онаа (не мала) групација пословични скептици и неранимајковци кои уште се држат до тезата дека тие ја бранат државата а некој друг (читај: опозицијата) ја урива, па сите оние ремонтирани трабанти од некакви групички и партиички подготвени и за сто евра да сјебат се' што ќе им се нареди ... тогаш до која бројка би стасале? Се разбира, тука ја имам предвид и извонредната поента на Васил Мицковски дека „новинарите се само посредници помеѓу елитите и пошироката јавност и дека нивната основна задача е да ги разбиструваат работите...", но и луцидниот негов заклучок дека кај нас тие одбрале само да „ја забавуваат и да ја залудуваат публиката".
Не дека сум песимист – иако сум, барем во овој поглед – ама иднината ќе биде тешка, за многумина. Кој и како, (ако веќе до сега не успеал), ќе им докаже на овие далтонисти дека се' што лета не се јаде? И всушност, се лечи ли е далтонизмот, воопшто? Се разбира – не, барем на кратки патеки. Ваквиот тип на далтонизам е

прашање на време, на стабилни системи, на освоена и практицирана повеќедецениска демократија, на (ре)валоризирани вредности.

Никој не може подобро да сведочи за некого од неговиот промотор, од неговиот ментор, од оној кој некогаш – заради разни причини – го поддржувал, го охрабрувал, дури му помагал. Затоа и го наведов (сегашниот) став на проф. Шкариќ, менторот и предлагачот на нашиот возљубен „претседател", наспроти карактеристиките што му ги припишуваше (со уште еден маалски „филозоф") за време на кандидатурата.
По истиот шаблон, еве што (сега) вели Сем Вакнин, некогашен промотор на нашево подеднакво возљубено „премиерче": „Беше отсутен и не многу бистар. Беше воздржан и несигурен. Еден вид менаџер од средно ниво"! Не дека и сега е нешто многу побистар и поприсутен, ама затоа – гледајте го, му пркоси на цел свет! Баш ко малине деца кога ќе се налутат и не сакаат повеќе да си играат со другарчињата. Дури ни со најблиските. Овој, на пример, ги избрка и од Владата и им ги зема играчките. Сега ќе си игра сам. Сам против сите! Некои велат дека големината на човекот се гледа во поразот. Каква црна големина, каква човечност?! Видете на што спадна. Не верувам дека ни родената мајка може да го препознае. Или – може, таа најдобро знае што ни сместила?
Но не е овде проблемот само во него. Замислете што се' би имале да кажат пријатели, познаници, учители и учителки, професори и професорки и за сите други бараби кои девет години ни се качуваа на глава? Што се' би можеле да чуеме за карактерите и интелигенцијата, воспитувањето и културата на сите оние (квази)министерчиња, (квази)директорчиња, (квази)пратеничиња и (квази)советничиња кои продефилираа сосе нивната глупост изминативе години? Или – доволно ни беа и „бомбите"? Веројатно!

Не сакам да кажам дека во минатите влади и владеења гледавме и слушавме само Ајнштајни и Тесли. Напротив! И тогаш, и таму, ни се креваше коса на глава од разноразни недоквакани типчиња заседнати во фотељи врз основа на некакви неразјаснети „квалитети". А факт е дека и во сите европски влади од сите провениенции седи по некој тупак кој служи како забава за народот. Ама, некако, мнозинството го „покрива(ше)" малцинството.
Сега разликата е во тоа што глупоста ни стана правило, принцип, систем – заседна во Влада, Собрание, локална самоуправа - (пот)просечноста се претвори во квалитет и суштински предуслов за место на општествената сцена. Се разбира, тука, пресоблекувајќи се во од, веднаш се вклучија и сите паљачовци од минатото и искривената слика си го доби финалниот изглед. И да, во прво време сето тоа изгледаше смешно ама некако и наивно забавно – ви текнува, на пример, на оние еден по друг министри за култура Илиријан и Џемаили, како извонреден пандан на некогашниот незаборавен комичен пар Димитров и Чоревски? – се гледаше од авион дека луѓето се втурнати во некаква авантура од којашто не знаат како да се извадат. И не знаат што да прават со себе. Беше забавно се' додека не почна да станува трагично, за да на крајот добие монструозни размери, денес разоткриени низ т.н. „бомби" на опозицијата. Зашто, ако првите беа дури симпатични во незнаењето и неснаоѓањето, овие се развија во приглупи ешалони што следат една и само една наредба – онаа на „лидеро".
Од друга страна, не смее да се заборави дека, ако „лидеро" беше болниот ум на, на пример, „Скопје 2014", едно чудо потпросечни Канчески профилчиња беа (и се') послушните рачиња што плескаа(т) и „остваруваа(т)"! Ако оној „прилепскио сељак" командаше со сите изборни далавери и растрчани провизии, имаше уште стотици извршители кои слепо се покоруваа на секоја наредба.
И целото началство уживаше полтроните да ги викаат „министре", „министерке", „претседателе" ... ќе сиречеш дека се, во најмала рака, функционеришта на

германската влада а не обични уличари и криминалци! А впрочем, така се создаваше и задржуваше власта: со тотално упросечување, дури потпросечување на се’ што мрдаше во нивна близина, така што тие можеа да делат ум и по некоја шега на рајата. Сето друго околу нив требаше да биде мало. Психологија на оние мали мажиња кои се пентарат на штикли за да изгледаат повисоки! Затоа и во нивната околина немаше сериозен, култивиран квалитет што ќе можеше да соопшти различен став, евентуално да направи некаков пресврт, што ќе можеше барем за педа да отскокне од околината и да посочи дека царот и неговата свита се дибидус голи, и боси. Затоа, впрочем, им требаше и таков „претседател“ – ќутолог, такви полуписмени обвинители, судии, „аналитичари“ кои не умеат да изанализираат ни сопствен испрдок! Затоа впрочем во државава секна секаква дебата – особено полтичка, онаа „очи в очи“ со *другиот* – а особено демократска, од јавноста најперфидно беа исклучени сите кои мислеа поинаку, особено ако тоа мислење беше / е’ стручно и аргументирано!

На сопствена „мерка“, односно по правило и под неа, сведоа се’ живо што требаше нешто да значи во државава. Ги сведоа, ги упросечија, и мртвите. Мостон на „уметноста“ е типичен пример за таквиот начин на „размислување“, при што и мртвите треба да се сведат на една мерка, по можност на оваа на живите. Па така испадна дека Личеноски и Мартиноски да ти биле некако исти по раст, блиску им е и Мазев, па Кондовски ... и останатите некогашни бардови на македонската култура и уметност, сега сведени на дпмнеовска квази-мерка на денешнината. И никој ни „а“, ни „б“! Сигурен сум дека овие ни знаат ниту пак чуле за тие имиња, уште помалку ги интересира нивното дело, се’ додека се „остварува“ и „надградува“ и течат договорените провизии.
Впрочем, културата и уметноста се можеби и најдобриот пример за овој целосен распад на македонските вредности – политиката и онака никогаш не ни била силна страна - на настојчивото и планско упросечување на потенцијалните вредносни репери кај нас. Како инаку, и зошто, сето она ѓубре замислено како уметност во центарот на градот ќе го правеа анонимуси и дилетанти без едно сериозно верификувано дело во нивните „биографии“? Се разбира, и во тој потег имале пред се’ скриени лукративни цели (инаку, зарем ќе можеа така да командуват со сериозни уметници и да им бараат поврат на средства и / или подоцнежни донации?), но и идеја на „народот“ да му се покаже дека тие можат прекуноќ да урнат секаква вредност кај нас и да воспостават нова. Нивна! Ќопава, саката, ќорава, слепа ... ама нивна!
Не сакам овде и сега да го коментирам *нивното* образование и до сега покажано знаење коешто всушност е основниот репер и за нивните дневни општествени „активности“ и потребата од целосно упросечување на државата. Но, тоа е (нај)битен индикатор и „аргумент“ за сите случувања во државава последниве девет години. Или, потсетете се на „компетентнион“ за се’ „министер“ Тодоров! Но, настојчивото верглање во празно, убедливото (за многумина) тртљање за некакви (најчесто петпарачки) проекти и (квази)остварувања, создаде фама за некаква стручност и компетентност, за некаква работливост кај најголемиот дел од полуписмените фанови. Кога кон тоа ќе се додаде умешното купување на луѓето преку бенефиции, работни места (за мизерни плати), субвенции и слични во основа коруптивни марифетлуци, се комплетира македонската жална слика.

Оттука јасно е како може(ла) да функционира една така упросечена според незнајковци држава. И таа и таква упросеченост беше консеквентно спроведувана од врвот до дното, со инсталирани чувари на просечниот дух во сите институции и сегменти на власта. Секое извишување беше казниво! Така впрочем функционираат и сите други авторитарни режими. Затоа и се создаде атмосфера дека секој, ама баш секој е стручен за се’ – само ако посака (и има партиска книшка, се разбира),

дека секој разбира се’ и може да „аргументирано“ да коментира од геополитика до уметност итн. И добиваше аплаузи!
Затоа и оној убоги Дојчин може да тртља за некаква библиска земја и луѓето кои ја водат (?), онаа распојасана „глумица“ која глуми верничка да вреска и игра пред Собрание, типови од форматот на еден Двоцевски да продава ветер и магла за новите македонски вредности итн. Затоа и примитивци ни пишуваат учебници каде „Татковина е наследство, а истовремено и состојба на поседување на земја, територија, духовни вредности и содржини кои ја сочинуваат културата на еден народ. Република Македонија е нашата татковина“, каде Грција излегува и на Јадранско море, итн. Затоа, впрочем, и овој и ваков центар на некогаш модерно Скопје, затоа впрочем и „културна“ манифестација „Денови на Крали Марко“ во Прилеп, затоа впрочем и сите оние ракијади и пастрмајлијади, за да го држат народот во солиден приземен дух!
Оние пак неколкумина вечни клиенти кои веќе свикнаа да служат секогаш и секому се подеднакво упросечени во мислењето коешто мора да одговара на званичната линија. Како инаку оној кутар екс-амбасадор би смислил дека „Од првиот момент, Вашингтон не го прифати Груевски бидејќи не беше спремен за прекрстување на земјата и разнебитување на македонскиот народ“[53], а овој увелико не само што ја прекрстува туку и ја изнесува на Белизе? Или уште помалоумната изјава дека „Ако опозицијата, со нелегални средства, добие техничка влада и, сепак, дојде на власт, нема да профитира – ќе ја рушат на ист начин, со сила. Во меѓувреме, државата ќе пропаѓа“. Мислам, колку човек треба да се успросечи, колку треба да се клиентизира, колку да се понижи себеси за да се спушти на рамништето на оваа и ваква македонска „идеологија“ и „политика“?

[53] Ристо Никовски, *Нелегални акции не носат демократски дострели*, МКД.мк, 17 мај 2015

## КУЛТУРА СПОРЕД ПРОВИНЦИСКА МЕРКА

Еве и јас, како и Геровски, сакам да си ги проширам видиците, па ме интересира „колку треба да си потплатен, или уценет со фотографии ...“ на коишто се случува не-знам-што, за да толку си ја мразиш културата, а со тоа и државата, се разбира. И со што се потплатени тие луѓе, која е нивната цена, или што тоа направиле за да уценувачите ги држат така цврсто в рака па овие не можат да мрднат односно не смеат да го одречат велепредавството кон сопствениот народ и држава уништувајќи им го најсветото - културата? Или, можеби, културата не е приоритетна во оваа држава, можеме ние и без неа како што можеме и без многу други (за цивилизираните народи важни) нешта како морал, етика, хуманост, чест ...?
Или, можеби, во културата и не се толку замрсени работите како што изгледа, како во другите (поважни) државни сектори зашто тука, во културата, нештата се веќе јасни како ден, а прилично е јасна и (не)одговорноста? Иако таа, (не)одговорноста, беше / е' прилично јасна и во случајот Куманово, или „Диво населје“, на пример, ама таму, колку што видовме, барем имаше одговорност, па нека е и фингирана. А има ли (не)одговорност во мигрантската криза, или во армијата со крпени униформи, или во загубените животи во тетовско ... или и тука ќе се мислат кој и за што (би) бил (не)одговорен, и тоа во некоја од паузите при отворањето на „новите“ прозорци низ државава на едниот, или сладењето со пастрмки во ладовините на Охрид, на другиот?

Повторно, за среќа, во културата (не)одговорноста е потранспарентна и е лоцирана кај еден и само кај еден човек - министерката за (не)култура! И Министерството за (не)култура! Одговорноста на целата Влада се подразбира, но таа е некако посредна, индиректна зашто концитe по правило ги влече првиот човек на ресорот. И затоа тука нема многу премислувања во некакви и нечии потплатувања или уцени, со или без фотографии или некакви други заебанции. И затоа нема друг субјект кому би се упатило прашањето: немаше ли подобар начин да се потрошат народните пари за стимулација на домашната забавна „музика“ од онаквото безмилосно расфрлање по џебовите на локалниве провинциски „ѕвезди“? Зашто, веќе втора година овој вид „стимул“ на домашната забавна „музика“ (ако некому не му се јасни наводниците нека се јави, ќе му објаснам!) служи, да простите, за подбив и заебанција дури и помеѓу нашиве „ѕвезди“, но парите упорно се истураат небаре ги имаме отповеќе.
И не е последниов случај со македонскава „музика“ само уште еден спорадичен инцидент, туку е само потврда на правилото што во континуитет трае во македонската култура цели девет години, без прекин. Секоја т.н. годишна програма, секоја т.н. манифестација, секој т.н. проект е изблик на малограѓанската македонска некултура, производ без стандард и критериум, објава на локалниот провинциски менталитет за којшто сите веднаш глава како да ни е тоа наметнато од некои други. Последниов случај со македонскиве естрадни „ѕвезди“ на нашево темно провинциско небо кои никој нит ги знае нит ги познава вон границите на Табановце и Гевгелија е само уште еден во низата државни дисквалификации на вистинската македонска култура, уште еден грозоморен чин на невкус и омаловажување на творечкиот чин во оваа земја.

Впрочем, на кој, каков и (конечно) чиј невкус повладува ваквата културна „политика“ на македонското Министерство за (не)култура? Ако фамозниот самонаречен проект „Скопје 2014“ беше израз на невкусот односно кич вкусот на Главниот архитект и неколкумина околу него, а не' чинеше околу 600 милиони евра, чиј е овој провинциски културен кич што од година в година арчи огромни суми пари и создава

ненадоместиви некултурни дупки во свеста на младите? Ако „госпожата“ министерка дома ги слуша токму овие македонски „ѕвезди“, мораме ли и ние, мораат ли и нашите деца, внуци ...? Ако оваа некултурна односно кич-културна македонска политичка врхушка се одушевува само на турбо фолкот и плагијатот, на ефтините стакленца и џиџи-миџи панаѓурски „спектакли“, мора ли цела држава да ја малтретираат со тоа? Која и каква е таа современа македонска (не)култура што се мери со самата себеси, од северната до јужната, од источната до западната граница? И кому тоа му раскажуваат приказни за гости (па дури од Франција!) кои *специјално* доаѓаат на „Охридско лето“? Па ако навистина има такви, барем еден, нека му платат престој во Охрид цела божја година. Заслужил човекот! А впрочем, по тоа ли се мери успешноста на еден фестивал? И од кога тоа токму „Охридско лето“ се наредило во редицата на реномирани европски фестивали, како што сака да не' убеди фестивалскиот менаџмент? Со што? Баш со гостинот Франција? Знае ли оваа македонска (не)култура што всушност денес значи современ фестивал од тој тип? Или ние не поставуваме такви глупави прашања. Ние за се' имаме *наш* одговор, наша мерка. Оној / онаа од Табановце до Гевгелија!?
Ние впрочем веќе не поставуваме ни други глупави прашања од типот што тоа значеше добра современа изложба, добар филм, добра претстава ... Ние веќе не знаеме ни што е тоа добра културна институција! Нашето добро се замени со нивното „добро“ односно со нивниот кич со којшто не' трујат секој божји ден. Културниот кич, паралелно со политичкиот и кичот и во сите други општествени пори во оваа земја, се инсталираше директно со државни средства и помош од највисоките државни институции, вклучувајќи ја тука и МАНУ.

Македонија никогаш во овие седумдесеттина години самостојност немала ваков неписмен, кич-културен, необразован културен естаблишмент. Дури ни во првите години по 1945-та, кога на прсти се броеле факултетски образованите граѓани. Дури и тогаш постоела светст за потребата од културно описменување, од културно осамостојување но во релација со светот, а не со самите себеси или, уште полошо, со најнеписмените меѓу нас. Македонија никогаш порано немала вакви самоубиствени политики во културата што ја ставаат во редот на најрегресивните држави во Европа. И тоа нема никаква врска ни со лошата економија, ни со немањето странски инвестиции, ниту пак со некакви глобални или регионални заговори и геополитички срања на некои наши „аналитичари“. Тоа има врска со писменоста, со образованието, со културата, со способноста да се носиш со светот или - да останеш сам, на дното, во калта, во кичот и лажното злато што некој сака да ни го претстави како култура!

### ***Вистинските тие***

Не знам дали некој може да си замисли на што ќе личеше оваа земја да имавме една ваква неписмена кич-културна политичка репрезентација во онаа 1945 година, кога оваа земја требаше да се покрене од средниот директно во дваесеттиот век? Јас можам, зашто денешницава евидентно ни ја проектира таа слика, секој ден. Веројатно уште ќе живеевме во колиби, а главни репрезенти на културата ќе ни беа Есма, Сузето и евентулано Калиопа. Трио снова, што би рекле. А во меѓународните води ќе пловеше „госпожа“ Алачки со нејзината презентација на македонската кујна и култура, за што и сегашново Министерство за (не)култура така широкоградо ја плаќа. И може ли некој да одговори од тоа Министерство - ако веќе „министерката“ е и нема и глува и слепа - која е таа македонска култура што ја шири „госпожа“ Алачки? Дали е тоа културата на пиперките и доматите, на сармичките од штавел или ...? И која провинциска будала, да простите, одлучи финансиски да го помага (и) овој „проект“?„Госпожа“ Алачки ли стаса да биде претставник на македонската

култура, или кујна, сеедно, дури во Јужна Америка, а оттаму и ширум светот? Според кои паланечки мерила, според какви налудничави критериуми?
Или, впрочем, и тоа не се разликува претерано од сите други „проекти“ што ова Министерство со години ги финансира, сведувајќи ја македонската култура на шарена лажа пропагирана од идиоти? На пример: концерт на Сузана Спасовска со гости, па концетна турнеја на Калиопа низ Македонија (бреее, ама турнеја!), па „проект“ од типот „Музичка вероисповед“, па нормално „Фолк-фест Валандово“ и „Лешочки фолк-фестивал“, па што би правеле без изложба како „Екологирање на екоЛобирање“ или „Огледалото на Мартек - сетете се на уметноста“ или фамозниот серијал сосема достоен за нас и наречен „Кич, да / сте или не“ (кој го смисли насловов треба да добие орден од Хорхета), и нормално како последен бисер „Дијамант / серија Што е потребно да стане дијамант?“! Нормално, вакви „дијаманти“, има уште безброј - сите производ на нашава етаблирана паланечка културна мерка, толку агилно спроведувана од национално освестенава ама неписмена политичка „елита“.

Какви се овие хоризонти што за македонската култура ги отвора една ваква (не)културна кич политика? Или таа не цели кон отворање на хоризонти, туку кон - затворање? Зашто, кои и какви хоризонти можат да отворат Есма и Сузе, Калиопа и Алачки? Можеби грешам, иако сум сигурен дека не грешам, ама дали (не)културната политика на оваа држава - ако веќе пледираме со сите сили да не’ нарекуваат држава - цели кон проширување на видиците на граѓаните или кон нивно замаглување, дали оваа провинцијална кич политика треба да го образува народот или дополнително да го заглупува? Чија е оваа (не)култура што ја гледаме секој ден во македонската реалност? Или „госпожата“ министерка сака да не’ убеди дека тоа сме вистинските ние? Не, зашто тоа можат да бидат само вистинските *тие*! Ние сме свикнале и сме пораснале на темелите на една поинаква свест и култура, сме партиципирале во и сме следеле поинакви културни матрици, а богами во извесни мигови и сме ја претставувале вистинската македонска култура и вон границите. Од каде тогаш дојде овој неписмен варварски бран, од каде се појави оваа некултурна булумента што руши се’ пред себе и се пали на турбо треси-меси и десетка со кромид? Или клечела во некое ќоше притаена и замаена во нејзините лажнозлатни ливчиња и мермери што личат на мермери а не се мермери и чекала погоден миг за преврт? Тоталната партизација и турбофолкеризација на македонската култура допрва ќе ги покажува резултатите / последиците, на оваа култура допрва и’ претстојат тешки денови на хемиско чистење и деконтаминација. Зашто загадувањата се секогаш побрзи и поефикасни, а противмерките долготрајни и со дискутабилен резултат. Но овој период на вулгарна естрадизација на културата, на нејзиното поистоветување со кичот како нејзина заменска форма секако ќе најде место во некои идни македонски учебници, магистратури и докторати. Зашто како да е измислена / создадена за темелни проучувања, за дијагнози, за елаборации и дисертации.
И тука не можеме да се правдаме ни со постмодернизацијата илити глобализацијата на кич културата, уште помалку со идентификациите / компарациите и со другите земји во регионот и во Европа, зашто ваква провинцијализација кај нив не се случува. Или, ако се случува, се држи под контрола и не се презентира како официелна државна култура како кај нас!

Нашата провинциска мерка - односно нивна и никаква - е мерката на оние кои цел живот (или она нешто што го замислувале живот) мечтаеле за допир со квази-естрадата, со „славните“, за потпис на марамче или, можеби, на некој поинтимен дел од облеката, сонувале да седат на иста маса со „чаше ломим“ креатури, да муабетат уз кафе за нивните „успеси“. Нивните мерила не успевале да дофрлат ни до Табановце, за Гевгелија да не правиме муабет. И бидејќи, еве, нивната партија

им ги сервираше нивните животни пет минути, сега нивната мерка настојуваат да ни ја наметнат како општ стандард, како државна култура. Во нивниот кич-свет функцијата (читај државата!) служи за исполнување на личните кич-желби. И токму затоа овој паланечки невкус во оваа антиквизирана вукојебинска - зашто не е дури ни балканска, и Балканот веќе се обидува да се ослободи од нас - „култура“ може да биде израз и производ само на некои лични, од поодамна и дијагностички потврдени постапки. Затоа и програмите ни се такви, затоа и „проектите“ ни се такви, затоа и критериумите ни се такви - никакви!
Впрочем, токму „госпожата“ што глуми директорка на нашиот „најреномиран“ (уште малку па европски!) фестивал во една прилика беше рекла дека сакала да го донесе Бочели на фестивалот. Ма види богати! Како да се тие тука пратени од господа да си ги исполнуваат личните желби и барања, нивните провинциски сништа и мечти, а ние треба да ги плаќаме. Среќа што оваа го потрефила баш Бочели (иако и тој спадна на пеење на промоции на „Алфа ромео“), можеше да биде и Маринко Роквиќ, според преференците на „госпожата“ министерка, нели!? Целата култура, за жал и уметноста, се сведе на нечија налудничава желба и критериум ала Мица трофртаљка.
И затоа кај нас во културата ни царува пирејот, а во уметноста кичот, затоа кај нас наместо изложби се вртат фиќовци во воздух и наместо скулптури се извишуваат карикатури, затоа нашиве „архитекти“ сонуваат passe' стилови а градежнициве ѕидат со стиропор, затоа шарлатани ни продаваат „спектакли“ а естрадниве „ѕвезди“ им ги јадат парите на уметниците; додека македонските уметници ги бутаат на изложба во собчињата на македонската амбасада во Виена, „стручната“ македонска амбасадорка во истиот град приредува гала вечери во чест на Кајмаковски како последно пласиран на Евровизија ...! И сетоа тоа веќе не е случајност, не е инцидент, бидејќи инцидентите се намножија и прераснаа во систем. Систем на неписмени и кичомани, на недокваквани, некултурни и необразовани кои личниот невкус го проектираа(т) на државно рамниште.

### *Хохштаплерска култура*

Hochstapler е човек преварант, измамник, луѓе кои сакаат да бидат видени како нешто повеќе од тоа што всушност се, кои се претставуваат како нешто друго - поумно, попрофесионално, постручно, подобро - од нивните вистински капацитети, навлекувајќи си така костум со позначаен општествен имиџ. Нивната девиза е *mundus vult decipi* - светот сака да биде измамен! Се разбира, тоа не е точно, особено не во културата и уметноста. Измамите се можни, но секогаш се краткотрајни. Често хохштаплерите оваа мимикрија ја изведуваат во подолг период, безмалу со години, до мигот кога се разоткриени. А тој миг доаѓа, порано или подоцна.
Ние, денес, ја живееме деветтата години на хохштаплерајот во македонската култура и уметност, на удирањето в гради без основа и смисла, на измамите и (себе)промовирањето без мерка и критериум, не баре цела држава, па дури и светот, уживаат да бидат лажени. И, нормално, тука дефинитивно важи поговорката дека можете да измамите некого еднаш, можете да измамите и многумина многу пати, но не можете да ги мамите сите секогаш! Иако нашиве преваранти се се’ уште тука, се’ уште на државните јасли и во сите институции, нивната претстава одамна е прочитана. Публика има се’ помалку!

Имено, затворените култури, културите без широчина на светогледот, провинциските 164 километарски култури без компаративни механизми и затутулени самите во себе, културите што подлежат на секакви други освен на вредносните мерила и критериуми консеквентно продуцираат - хохштаплерски култури. Во нив,

по правило, има место за само за поединци и групи кои чекорат по една автоматизирана (во нашиов случај и партизирана) линија на диктат и октроирани тесноумни „вредности“, на наметнати правила и квази-критериуми, на малограѓански спектакли и ширење на шарена лажа. Мерката на врхушката, без оглед колку очигледно е провинциска и неука, е мерка и на државата и на поединецот. Нивниот маалски светоглед се трансформира во „легитимен“ општествен недоглед, нивната кич-естетика постанува државен стил! На таквата (не)култура поважен и е’ настапот на некој Кајмаковски на „Песна на Евровизија“ отколку презентацијата на современата македонска ликовна уметност во истиот град, на таквата периферно ориентирана култура поважен и е бројот на преведените (демек) светски книги отколку квалитетот на нивниот превод што никој жив не го разбира, на таквата државна „стратегија“ во (не)културата побитно и е’ да има илјада партиски хохштаплери во институциите отколку десетина професионалци.
Во таков од горе инсталиран хохштаплерски систем вирее единствено хохштаплерскиот пиреј на културата на измамата, на грабежот, на тендеризмот, на популизмот - сите сме култура, сите можеме се’ (само некои се подобро платени за тоа!), сите сме „уметници“ (само некои се уште подобро платени за тоа!) ...! Ваквите провинциски култури несвесно го живеат Бојсовиот идеал, само што во нив „уметниците“ повеќе наликуваат на некаква лумпенпролетерска багра што ужива во државната благосостојба! Инаку, како ќе беше можен онаков (п)откуп на „уметнички“ дела за националните музеи, или како ќе беше можна ваквата легализирана естрадна и турбофолк пљачка на културни пари, или како ќе беа можни новиве цркви со платнени „фрески“ по ѕидовите, или како инаку ќе се „изградеа“ оние стиропорни кулиси низ Скопје и околу нив онаа циркузијада од „споменици“, или ...?! Или, како инаку, во рамките на самонаречената културна манифестација „Топол културен бран“, финансиран од буџетски пари и промовиран од Министерството за (не)култура, носечки „ѕвезди“ би биле Здравко Чолиќ и Есма, „Слаткаристика“ и „Силви бенд“, Калиопа и Ламбе Алабаковски ...?! И кога „госпожа“ министерка разговара со нејзини европски колеги - иако всушност и не разговара, да не се лажеме, не би можеле ни да се разберат - или држи говори на разноразни славјански „форуми“, што им кажува за карактерот на македонската култура денес? Можеби ги подучува како да ја тендеризираат и естрадизираат и нивната култура? А дали во нејзиното „обраќање“ на Светскиот форум за култура и културни индустрии ги извести присутните дека ние денес го постигнавме идеалот на тој тип „култура“ - ја преобразивме во целосно приватна „културна“ индустрија, од Табановце до Гевгелија!?

Ваков тип на провинциска *затворена* култура, само(за)доволна култура без критериум, стандард и мерка не е непозната на овие простори. Беше практикувана и кај нас и во сите соседни некогаш социјалистички држави. Кај нас заврши бргу (периодот на соцреализмот 1945 - 1953), кај (некои од) соседите богами траеше до 1991 година и падот на властодрштите. Кај источните соседи еден од стожерниците на комунистичката култура беше Људмила Живкова, ќерка на Тодор Живков. Иако таа ги држеше сите (не само) културни конци во свои раце, сепак нејзината „политика“ имаше и светли мигови на отворање на бугарската култура кон светот, на поттикнување на бугарските уметници да се школуваат и усовршуваат вон Бугарија итн. Се разбира, Живкова беше и образована жена, за разлика од нашиве неписмени!
И сите соседи, за оние подалечнине од Источниот блок и да не говориме, сите се извлекоа од таа малоумна кал, а ние по втор пат се давиме во неа. Доброволно, своеволно, мазохистички, не баре светот завршува на границите на Македонија. Самите себеси сме си мерка, самите си се прогласуваме за најдобри и најуспешни, самите си делиме награди ... и светот почнува и завршува со нас ... милина!

(Додуша, и северниот сосед, под „културното“ водство на сличната на нашиве Мира Марковиќ доживеа во деведесеттите години реставрација на паланечкиот самозадоволен културен дух, но во многу помали размери од нашиов! Тие навистина ја промовираа идејата дека на светот прво настанале амебите а потоа Србите, ама не си го упропастија тотално главниот град!).
И токму таквата филозофија на паланката погодува на размножувањето на хохшташлерајот (и) во културата, каде успешно се продава кич и шунд, подгреан спектакл и загорен турбо фолк, каде пинџурот е извозен културен производ, каде има „кралеви“ и „кралици“ во секое правливо маало, а естрадниот шунд се издигнува дури на рамништето на револуционерство! Во што - во глупоста, во идиотизмот, во ограниченоста?
Ваквото директно од државата наметнато упросечување на вредностите, нивелирање на критериумите, форсирање на кич вредностите и културниот изолационизам, се разбира, ќе бидат погубни за македонската култура на долг рок. Заради многу причини, но прво заради фактот што самата култура не ги согледува ваквите состојби. Самата култура прифаќа да се дави во шунд и непрофесиоанлизам, во не-вредност и провинцијализам, не успевајќи да развие соодветен одбрамбен механизам. Можеби таков и нема кога е во прашање „од горе“ наметната стриктна партизација и изолација, кога целата култура зависи од волјата на тр-четири неписмени или полуписмени персони. Но македонската култура ниту покажува свест за состојбите, уште помалку желба да ги надмине.
И џабе ни се сите приказни за „Македонија во срцето на Балканот“ кога ние самите се дистанцираме не само од тој Балкан, туку и од светот. Нашата денешна самодоволност скапо ќе ја плаќаат идните генерации, како впрочем и сиве овие кредити со коишто ја задолжија земјава. И нема да имаат време ни глава да кренат и да видат што се случува во светот околу нив. Ваквото државно поттикнување на културната и творечката изолација на земјата свесно ги хендикепира идните македонски културни генерации!
Кога шпанците ги откриле Канарските острови, нашле заедница на бели луѓе кои живееле како во каменото доба. Можеби споредбата е претерана, ама и нашата култура и уметност денес заличуваат како од каменото доба во однос на дострелите на културата и уметноста во цивилизираниот свет. Таму не ги бројат и делат гостите на фестивалите кој од каде доаѓа, туку се обидуваат со фантастични продукции да ги привлечат и оние на кои на памет не им паѓало да појдат на фестивал! Културната изолација денес не е веќе прашање на географија, туку на ум, она што ние докажано - го немаме!

### *(Само)изолација*

Културната изолација може да биде наметната од друга земја, од повеќе земји или од меѓународни организации. Во одделни периоди на нашата историја, дури и оваа поновава, сме искусиле (главно делумни) манифестации од тој вид. Но наметната културна изолација, како и секој наметнат проблем, краткорочно или долгорочно, е решлив. Како што впрочем и Македонија, постапно, во минатото, решавала слични проблеми. Се разбира, ги решавале разумни луѓе, не како овие неписмениве!
Самоизолацијата е потежок облик на изолација. Како впрочем и се’ друго што е самонаметнато. Некогаш, или најчесто, самонаметнатото е неизлечиво. Зашто не постои свест за тоа или постои, ама во искривена форма - за самоизолацијата, за нејзината штетност, да не речам погубност. Да постоела свест за тоа, веројатно немало ни да има самоизолација. Или - се лажам?
А под самоизолацијата не мислам на географската изолација како природно наметнат проблем, каков што е спомнатиот пример на Канарските острови. Или Кина, на пример, иако низ историјата кинезите во дадени периоди самите ја

потенцирале географската (Хималаите, пустината Гоби, Пацификот, Источното кинеско море, Жолтото море) изолација и (несаканите) странски влијанија преку разни мерки (Кинескиот ѕид) итн.
Една студија на професори од Вилијамс колеџот и Браун универзитетот констатира дека, прво, поголемиот степен на културен диверзитет го зголемува(л) животниот стандар во индустриската ера (земајќи ја 1960 година како репер), второ, културната хомогеност имала позитивен импакт на економскиот развој пред Индустриската револуција но води кон намалување на per capita приходот по 1960 година, и трето, недостатокот на културната дифузија ја слабее способноста на тие општества да се адаптираат на новите технолошки парадигми!
Ама, Македонија е, нели, во центарот на светот?

Провинцијализацијата е дефинитивно самоизолација. Во секој поглед, во секоја област. Во културата и уметноста особено, а во културата и уметноста на малите народи - неизоставно! Тоа е како самите да си потпишете смртна пресуда, да си ја ставите јамката околу вратот и да чекате кога столчето ќе падне. (Не дека штетите од самоизолацијата и во другите области се помали. На пример, судството и последниве „случаи“ со неприфаќањето на снимките од аферата „Прислушување“ или „пресудата“ за сменетата уредничка на Телма. Ако тоа не е самоизолација не само од правото, и меѓународното преаво, туку е изолација од здравиот разум, од логиката, од умот!).
Без оглед што парадоксот ни е второ име за државата, во ваквата самонаметната (културна) изолација некои други нешта - да не речам цела државна политика - стануваат уште понеобјасниви. На пример, кој и каков идентитет бранеа / бранат патриотиве, кога истиот го губат дома на секој чекор, особено во културата и уметноста? Или мислат дека истиот се чува преку провинцијализацијата на овие области? За кој и каков идентитет, за која и каква македонска идеја ќе можеме да говориме кога во културата ни царуваат блефери и хохштаплери а во уметноста плагијатори и фалсификатори? Зарем мислат дека во оваа паланечка варијанта на културата и уметноста странците не препознаваат свои - пресликани односно плагирани - елементи, детали, градби ...? Зарем кога ќе го видат идното панорамско тркало шизофрено забодено среде Вардар или некаква посељачена вмро-вска варијанта на шпанските скали среде Скопје нема да знаат колку е часот и со кого си имаат работа?
Или, ако сакате, како е можно една земја што мисли дека е (во) центарот на светот, што се гледа себеси како следбеник на „големиот“ освојувач со нејзино име (односно презиме), да повикува странски инвеститори ... а едновремено да ја држи сопствената култура и уметност во изолација (не само) преку наметнатиот државен и парадржавен провинциски критериум во овие области? Нормално, ние сме земја на парадокси, па затоа и е можно Владата да се фали дека околу 63% од населението користи интернет - а до 2018 таа бројка наводно ќе се покачела до фантастични 80% - а во културата и уметноста да се работи на свеќа. Или на газиена ламба, сеедно. Зашто во овие области сме застанале некаде тука. Се разбира, прашање е колку и сиве овие владини бројки се валидни, како впрочем и сите други фалби на властиве во другите области, коишто потоа им се удираат во глава низ меѓународните мерења и анализи (како со нашето „реформско“ здравство на последното место во Европа, или судството, или образовниот „систем“ итн.). Каква е ползата од ова интернетско „просветлување“ кога приоритет во сите области, а особено во културата и уметноста, добиваат токму оние кои се’ уште живеат во блаженото незнаење на средниот век, на бабините деветини, на мастиљавите моливи? Ние, можеби, го имаме интернетот како прозорец во светот, ние можеби глумиме дека учествуваме на меѓународни културни манифестации, ние можеби мислиме дека имаме културни институции, но всушност нашиот интернет,

нашиот вкупен систем е како севернокорејскиот локален интранет систем на којшто „драгиот лидер“ љубезно ни става се’ што треба да знаеме и видиме!

Западната цивилизација, онаа на која што мислиме дека припаѓаме, се темели (се’ уште) на културата која што континуирано и константно го јакне човечкото знаење и неговите многукратни и многузначни дострели. Кај нас провинцијализацијата наметна култура на периферијата, на партијата и (во последно време) на верата. Една, по силата на историските случувања заборавена земја, одвај крената од средновековната кал и турната од тогашната интелектуална елита во нејзиното Просветителство и Модерна, сега се враќа во мракобесието на културната заостанатост и интелектуална зачмаеност. Македонскава културна летаргија самозадоволно се валка во правот на кичот, незнаењето и перфидната сто пати повторена лага на „драгиот лидер“ и неговата камарила.
Ако првите година-две од ваквата провинцијализација на македонската кутлура и нејзината јавна изолација од светските културни и уметнички текови можевме да ги припишеме на неснаоѓањето на новите (не)културни кадри, на нивното сиромашно познавање дури и на македонските културни процеси а камоли на европските и светските, денес, после толку години доследно посељачување на се’ што допреа, веќе не можат да се бараат и измислуваат оправдувања. Денес е евидентно дека, прво, станува збор за очајно неуки и неспособни поединци заседнати на челните позиции на македонската култура. Второ, станува збор за инсталирани ешалони на тотално неспособна и неписмена (не само) културна администрација, послушна само на / за партиските шефови и нивните „идеи“. Трето, веќе е очебијно дека и огромните пари што со години флуктуираа низ џебовите на партиските (или партизираните) уметници, режисјори, музичари, актери ... не беа и не се доволни од нив да создадат сериозна културна екипа. Напротив, се покажа дека станува збор за аутсајдери со паланечка мерка, за културтрегеска булумента неспособна да изроди автентичен културен дискурс, неуки дури и само да следат одделни европски културни процеси.

Современите антрополози сметаат дека културата е општествено конструиран, научен комуникациски код на еден споделен систем на знаци (Mac Marshall). Ама ние овие денешни немтурски знаци не можеме да ги разбереме просто зашто се - неразбирливи, неразговетни, нечитливи. Тоа е збирштина од „знаци“ на некаква локална малоумна група, без логика и след, без смисла и сериозно значење. Дури, кога би можеле да фатиме конци на некаков критериум и мерка, на некаков валиден стандард што би се провлекувал низ овие неразумни постапки, тогаш, велам можеби, би се обиделе да најдеме некакво логично објаснување за ова што ни се случува. Мeжутоа, не еднаш, не сто пати оваа кич номенклатура покажала дека нема ни мерка ни критериум, ни стандард ни вредност што би се земале како репер на нивната „политика“ (не само) во културата. Или, каков шизофрен спој е Аце Македонски и неокласицизмот, барокните фасади и пифтијадите, поправањето појачала и водењето држава, естрадното треси-меси и информатичкото општество ...? Или, ако во една враќа ги ставите Есма и Милчо Манчевски, Калиопа и Љубиша Герогиевски, (сега и) „госпожа“ Алачки и „Рембрант“ алиас Сарајлија, за каков критериум, за каква културна мерка можеме да говориме. Или, всушност, токму тоа е не-мерката, не-политиката, не-културата: партискиот мастиљав молив и лењирче за потцртување - се разбира со црвено - на „вредностите“ во современата македонска култура?

***(Не)културен (не)говор***

Не верувам дека некој, па и јас, сериозно очекува дека македонските репрезентативни кошаркари, после евентуална победа ќе слават со Бетовеновата „Ероика“ или после поразите - како почест случај, за жал - ќе тагуваат со „Патетичната симфонија“ на Чајковски. Нашиве, според некоја нивна логика, и вкус, сакат да слават и да тагуваат со Калиопи и Каролина. Ама, некој можеби би рекол дека тоа баш и не е само нивна работа, и вкус, зашто таму не се застапуваат себеси туку - државата. Арно де, ама сигурно не можат да „го пеат“ ни Стојан Стојков? (Некој, исто така, би можел да приговори дека некои други спортисти, репрезентативци на некоја друга земја, не ќе поминеа така одлесно, па дури и славенички, како оној пат нашиве со „Излези момче“!).
А сепак, зошто баш Калиопи и Каролина, и кому мислат дека му се обраќаат со таквата песна? Баш на сите Македонци што ги гледале и поддржувале? Односно, според чија мерка се одбрани баш тие две персони и нивната музика (иако некој не би согласил дека тоа е музика!)? Според критериумот на селекторот, на шефот на стручниот штаб, на директорот на репрезентацијата, на претседателот на КФМ ...? Иако, искрено, не мислам дека е баш најбитно како и со што слават македонските државни спортисти, зашто некогаш еуфоријата на резултатот простува други нешта. Ама кај нив дури и тоа се’ помалку го има, а песна - се’ повеќе. Онаа според Калиопи и Каролина, иако не е јасно каде се Есма и особено „госпожа“ Алачки (која најверојатно е пак на некое „културно“ патешествие низ светот, со наши пари, се разбира!).
Меѓутоа, мислам дека е битно кому и како се обраќа, на пример, министерката за (не)култура на оваа земја. Односно, кога таа вели дека „од денеска во нашата држава ќе се снимаат големи филмски остварувања, што е резултат на заложбите на Владата која изминатиов период интензивно настојуваше да ги промовира потенцијалите на нашата држава и да ги зголеми вложувањата во наша земја“[54], прво, што точно мисли, и второ, кому тоа му се обраќа со такви зборови? Или, на пример, што за министерката значи „големо филмско остварување“ кога филмот уште не започнал да се снима? Демек таа однапред знае дека „остварувањето“ секако ќе биде големо зашто се снима кај нас? И зашто тоа било заложба на Владата, а научивме дека сите нејзини заложби се гооолеми? А богами и скапи, за граѓаните. (Мислам дека допрва ќе видиме колку и ова „големо филмско остварување“ ќе не’ чини!). Или е гоооолемо заради фактот што се снима кај нас, а во екот на туристичката сезона ќе го затвори единствениот патен правец Велес - Градско, плус обиколницата на Скопје? На цели 28 дена, односно цел месец, речено народски? И тоа за пишливи 280.000 евра за коишто, мислам, се’ уште не се знае од чии пари ќе бидат платени. (И во чии џебови ќе отдат?). Во тоа ли е големината на филмов што ќе не’ нервира месец дена? Или фактот што „госпожа“ министерка седнала со режисерот на филмот автоматски го прави гооолем?

Се разбира, на крајот филмот може да излезе и добар зашто режисерот веќе покажал дека знае да прави филм, ама прашањето не е во тоа. Прашањето е: има ли нешто што не е тооолку големо што го направила оваа Влада, ова Министерство, нешто што сепак се мери во обични човечки пропорции а не нивни провинциски мерки дека се’ направено од нивните раце е безмалу епохално? И кому е упатен ваквиот паланечки политички говор што се’ прогласува големо, уште непочнато? Кого треба да убедат ваквите самофалбени зборови - македонската културна јавност, македонското гласачко тело, странците ... кого? Ако досега не ги видовме и осознавме паланечките капацитети на оваа Влада, особено во

[54] (Аноним), *Македонија влегува на светската филмска мапа со снимањето на француският „А фонд“*, Дневник, 04.09.2015

провинцијализацијата на културата, сега ли допрва ќе не' убедуваат во нивните способности? Овој ограничен не-говор може само уште еднаш да ги потврди сознанијата за тоталното отсуство на мерка и познавање на нештата, на чистата импровизација и служењето со полувистини, на апсолутното непознавање што и како се случувало во оваа култура пред десет, петнаесет, дваесет години итн.
Но тоа е генералниот јазик на овој не-говор на провинциската свест, на периферните познавања и кич вкусови, истиот оној „говор" на типични малограѓани и скороевиќи втурнати во политички авантуризам. Македонскиот јавен простор - политички и особено културен - со години е затруен од провинцијализам, од маалски некултурни дијалекти, од творечки пелтечења што одвај допираат до Табановце а ни се претставуваат како европски и светски потфати.
Или, ако сакате, еден од највпечатливите примери - можеби претходница на сите други - на овој наш нововремен провинцијален не-говор е забележан надворешните „ѕидови" на еден од најгрдите објекти во центарот на Скопје - т.н. Порта „Македонија". Таму, Големиот архитект не' убедува дека таа квазиградба да ти била „... еден од најубавите објекти во Македонија и обележје на метрополата"! И дека ние бевме како луди без неа, ќе бевме никој и ништо, и дека таа „стана симбол, обележје на градот" ... па дека „Порта Македонија, како и другите објекти и споменици од проектот Скопје 2014 му дадоа нов лик на центарот на Скопје, значително го зголемија бројот на туристи во главниот град и сите заедно дадоа сериозен печат на нашата историја, државност, независнот, традиција и идентитет, токму во време кога тој беше најмногу негиран и оспоруван од сите страни"!
Повторно епохални провинциски потфати, повторно маалски идентитет, улична симболика, кич традиција, сето спакувано во популистичко интонирано незнаење и неукост. Кога онаа малоумна грдотија како споменик на нашата очајна некултура и паланечка естетика би имала барем десет проценти од тоа што и' се припишува, би биле навистина среќни.

Но, повторно, која е таа фамозна македонска културна мерка што јавно изрекува вакви будалаштини, и кому му ги соопштува, па уште ги врамува на ѕидовите на грдотиите што ги распослала низ градов како споменик на сопствената глупост? Зарем навистина некој, денес, во втората деценија на дваесет и првиот век, може да верува дека оваа кич стандардизација е сериозен репер што треба да се следи? Зарем постои и таква и толкава кратковидост и незнаење, толкава неукост и неинформираност?
И да се вратам пак на почетокот: со што се потплатени тие луѓе, која е нивната цена, или што тоа направиле за да уценувачите ги држат така цврсто в рака па овие не можат да мрднат односно не смеат да го одречат велепредавството кон сопствениот народ и држава уништувајќи им го најсветото - културата? Или, повторно: немаше ли подобар начин да се потрошат народните пари за стимулација на домашната забавна „музика" од онаквото безмилосно расфрлање по џебовите на локалниве провинциски „ѕвезди"? Или на оној најнов кичерај за Мајка Тереза, за којшто, повоторно министерката не' убедува дека ќе ни го разубави животот и културата а ќе не' чини само 5-6 милиони евра? Која е, каква е таа маалска, провинциска мерка на овие луѓе, како успеаа да посељачат цела една држава?!?
Провинциската психологија на цела една номенклатура, мерејќи ги нештата според сопствениот паланечки светоглед, ја тера културата во изолација а творештвото во стагнација и ретроградност. И тоа го прави најпростачки, безобзирно и со помош на лаги и манипулации. Онака како што министерката за (не)култура тртља дека дури и најновата лага наречена споменик на Мајка Тереза „... е дел од програмата на

Министерството која добила доверба од граѓаните“[55]! Што, всушност, за ваков тип на (не)култура е стандардна измама!!!

***Подрумот ни е одамна татковина***

Се разбира, крајот делото го краси! Малку ни е што кошаркарите ни ги сервираат Калиопи и Каролина, сега и на фудбалерите требал да им пее - „хер“ Кајмаковски, „венцоносецот“ на последното место на „Евросонг“. Што ли си мислеа оние во ФФМ, дека Кајмаковски може да им биде некаква среќа, кога самиот за себе е малер? И, ни мање ни више, на нашиов прв од позади мораше клавир да му свири никој друг туку Симон Трпчевски!(?) Пијанистот кој настапува во „Ројал Алберт хол“ ние го третираме како придружба на Кајмаковски, свирејќи ја македонската химна. Или нашиве мислат дека тоа за него е голема чест? Веројатно, а уште поголема кога му свири на Кајмаковски. Зашто, тоа се нашите репери за вредност: Трпчевски го придружува Кајмаковски. Не обратно, никако обратно, зашто кај нас „ѕвезда“ е второиов (односно последниов), а Трпчевски ако сака нека свири. Ако не - ќе најдат друг. Или пак и на тој толку му фаќа умот, дека служи како параван на еден кафански пеач?
Но впрочем, токму тоа и го споменав неодамна: дека оваа македонска фалична и до зла бога паушална државна „категоризација“ на (не)вредностите во исти кош ги става и Калиопи и Милчо Манчевски, и Каролина и Горан Стефановски, и Алачки и едикојси, а еве сега и Симон Трпчевски со Кајмаковски! Како што ја направи и Есма национален уметник. И како што и деновиве ја направи и Ана Дурловски национален уметник. И тоа со комисија во која што членува (дури) и академик Ќулавкова (веројатно како протеже на идејата за национален уметник што ни ја донесе дури од Украина!). И уште еден академик, Газанфер Бајрам. Кое ниво - за Комисијата или за академициве, не сум сигурен. Можеби заради тоа МАНУ нема време да се зафати со посериозни нешта што ја мачат државава и нејзината (не)култура? Не можат да се откажат од членството во вакви петпарачки комисии? Пуста пара, буши дури и во МАНУ.
Инаку немам ништо, ама баш ништо против Ана Дурловски. Напротив, со задоволство ја слушам. Ама таа е родена во 1978 година, а дебитирала на македонската сцена во 2000-та. И за петнаесет години стана национален уметник? Наспроти Бајруш Мјаку како противкандидат? Извинете, академици, ама вие појма немате ни од култура, уште помалку од вредност во вистинската смисла на зборот. А впрочем, токму таква ни е и „културата“ на Академијата. (На другите членови на Комисијата мислам дека не вреди човек ни да се обраќа. Ем не би разбрале, ем тие си одработуваат други долгови!).

Но, кога напишав дека крајот делото го краси повеќе мислев на говорот на премиерот (ако некому му пречи што зборот е напишан со мала буква, нека се јави ќе му објаснам зошто е така направено!) по повод националниот празник. На премиерот кој, според сите узанси и параметри, според сите негови лични фалби и манифестации, но и туѓи искажувања, е главниот инспиратор и промотор на новиве „вредности“ и стандарди во македонската култура, на новово паланечко мапирање на македонската уметност. Промотор и „мецена“ токму на понапред елаборираната паланечка „филозофија“ на културата, репрезент на маалскиот политикантски јазик и норми, поддржувач на сите оние лажни вредности што денес ја „красат“ македонската култура. Заедно, се разбира, со оние шупелки коишто мојата

[55] *Канческа-Милевска: Изгледот на „Мајка Тереза“ е објавен, не знам како не сте го виделе*, Плусинфо, 04 септември 2015

маленкост ги гледа само како уназадување, провинцијализација, периферизација, самоизолација ... на оваа култура и уметност.
И дефинитивно добив потврда за тоа. Зашто, дефинитивно се покажа дека кај нас царува двојниот морал, политикантството, незнаењето односно лагата, лицемерието и демагогијата, паланечката „мудрост“ да говориш едно а да правиш друго. Поинаку овој говор не може да се доживее.
На пример, (и нема да се задржувам на сите изречени политички и историски глупости, туку ќе се ограничам на мојата тема) што значи следниов исказ: „ Оттогаш па наваму (се мисли на 8 септември 1991, м.з.) главниот предизвик е како подобро да се уреди животот и функционирањето на нашата држава, во рамките на демократските принципи, и како побрзо во секој поглед да ги достигнеме стандардите на заедниците во кои стремиме - ЕУ и НАТО“. Ок, супер, само: во која земја членка на ЕУ културата е уредена на ваков провинцијален и партиски принцип; во која земја членка на ЕУ културата од буџетски средства наменети за културни програми гради споменици што потоа лажно ги поттура како спомен обележја само за да го изигра законот; во која земја членка на ЕУ културата дава пари, и тоа големи пари, на естрадата, ги плаќа и нивните концерти и промоции, нивните ЦД-а и ДВД-а, нивните турнеи ...; во која земја Министерството за (не)култура откупува дела директно од уметниците и потоа им ги дели на музеите и галериите; во која земја членка на ЕУ од културниот буџет се плаќаат готварските авантури на одделни персони, божем под превезот на промоција на културата; во која земја членка на ЕУ Министерството за (не)култура цела деценија нема јавен финансиски извештај за потрошените пари; во која земја членка на ЕУ Министерството за (не)култура избира национален уметник, ...?

Или, на пример: „Апелирам, основните вредности да не се предмет на политичко поткусурување и собирање ситни политички поени. Основните вредности се столбот на општеството, не смееме да ги рушиме“. Супер, и со ова се согласувам, ама - кои се, и какви се основните вредности во македонската култура? Дали столбовите на општеството, на културата, се естрадата и фолк музиката; дали столб на општеството во културата може да биде насоката за лажно претставување односно фалсификување и плагирање на туѓи дела, како што (докажано) се повеќето од оние „скулптури“ расфрлани низ центарот на Скопје; зарем основна вредност, столб на културата и уметноста може да биде исклучивото форсирање на партиски или партизирани поединци, најчесто и без основни квалификации, и претставувани како наша вредност во културата и уметноста; зарем столб на едно општество, на една култура можат да бидат национални институции тотално разнебитени од полуписмена партиска „политика“; зарем не е рушење на основните вредности во културата и уметноста целосното дезавуирање - да не речам игнорирање - на генерации и генерации творци и културни работници, а во полза на партиските културтрегери и профитери; зарем не е целосно уривање на вредносните столбови она перверзно - да не речам шизофрено - масакрирање на историската архитектура на Скопје, ...?
Или, ако сакате, што треба да значи реченицата: „Со иднината на нашите деца правиме дневна политика“. Кој тоа прави политика, ние - граѓаните, опозицијата, невладиниот сектор ... - или токму владата (ако некој сака да знае зошто владата е со мала буква, повторно нека се јави, ќе му објаснам)? Кој во името на дневната провинциска политика го преплави градот со кич и лажен мермер со коишто растат „нашите деца“ мислејќи дека тоа е Европа? Кој во името на дневната паланечка филозофија упорно, со години, го турка „концептот“ на лажна барокизација на македонската современа архитектура, учејќи ги „нашите деца“ дека тоа било архитектонски современ стил? Кој во името на маалската итроштина токму на „нашите деца“ им продава рог за свеќа, муда за бубрези, стиропор наместо мермер,

столбови од половина зграда, лоша бронза и уште полоша скулптура, карикатуризам како уметнички стил? Ние или - владата?
Па згора на се', и констатацијата: „Ама без знаење, без учење и во таа ЕУ, ќе бидеме секогаш на опашката, на дното, најслаби, во подрумот". А каде сме сега, г-дине премиер? Да не сме можеби на врвот, или блиску до него? Та за ова општество, денес, вакво какво што го направија овие „политики", и подрумот е многу. Одамна сме ние таму, само ми се чини дека паѓаме и подлабоко, во дупките на пеколот. И каде, во која ЕУ премиерите и министрите за (не)култура можат да се пофалат со такви неуки кадри на раководни места во институциите? Каде во Европа директор на некој музеј на современа уметност може да биде уметнички тотално неписмена персона која во животот немала еден ден контакт со уметноста? Или биолог, каква што назначивте во Националната галерија? Или разноразни глупици и глупци како директори по театрите (а едновремено и главни викачи на партиските митинзи), или газолисци и останати партиски неписмени шупливоглавци како кочоперни директорчиња на (некогаш) значајни манифестации? Каде, во која ЕУ, во кое НАТО го има тоа „без знаење, без учење" директно да се седне во директорска фотелја и да се упропастува нечиј повеќедецениски труд? И каде, впрочем, во која земја членка на ЕУ и НАТО, поштари и келнери, хостеси и унезверени партиски жентурачи стануваат дипломати, да не спомнувам за лица со криминални досиеа?

Оваа култура, оваа уметност односно она малку вистинско што остана од неа не може да застане ниту зад една запирка од таквите демагошки и политикантски, а во основа и провинциски итроштини, што по повод националниот празник требаа божем да го подигнат моралот на „државава". Од толкав „говор", од толку „мудрости", македонската култура и уметност можат да се согласат само со една изречена реченица: „Зошто нешто што е нормално во другите држави кај нас не е нормално"? Ама ние не можеме да одговориме на тоа лицемерно прашање, нели?! Тоа е во ваша и во надлежност на министерката за (не)култура!!!

***Кој профитираше од ова?***

Уште еднаш: ако некој мисли дека штетите од повеќегодишното таложење на лажната самодоверба, некритичност и отсуство на мерка од типот „во генот на македонското 'јас' силно одекнува исконско ехо за убавите нешта"[56], се лесно надоместливи - се лаже. Или некој можеби мисли дека, на пример, тврдењето дека „македонската ликовна сцена убедливо, модерно и храбро чекори во ритамот на современоста рамноправно со сите други"[57], искажано од истата млада уметничка, директно од Париз, не е апсолутен производ на општата самобендисана провинцијална клима од последнава деценија? И ова е само една банална илустрација на перфидното влијание на наметнатиот систем на не-вредност, на лажни величини, на отсуство на мерка и критериум.
Од друга страна, знам дека многумна ќе кажат дека и не е така тешко да се критикува провинцискиот менталитет на провинцијалци, кич-вкусот на кичери, паланечката мерка на сељачаана ... односно дека е многу лесно да се пишува за овие и вакви актуелни (не)културни „политики" на една булумента полуписмен свет кој некако се добрал до власт. Ама - тоа е нивни проблем, нели? Иако не е *само* нивни проблем, зашто нивелацијата на вредностите и критериумите според нивната провинцијална рамка цунамивидно зафати огромен дел и од онаа врвна македонска култура, оној дел од некогашната елитна македонска интелегенција, сега нурната

[56] Лилјана Грџо Дамовска, *Небата над Париз ќе ги ставам на платно и ќе ги донесам во Македонија*, Дневник, 14.09.2015
[57] Исто

заедно со нив во калта на паланката, уплашена за својот задник и профит. Токму тој дел, впрочем, на македонската култура и интелегенција овозможи ваков лупинг на македонската култура и уметност, безумно (или свесно?) вклучувајќи се во овој повеќегодишен dance macabre што ништеше се' пред себе, лакомо и соучеснички грабајќи го своето парченце од културниот колач. Токму тој дел, впрочем, на македонската култура и интелегенција овозможи криминалци да се вгнездат во највисоките пори на државата, дијалекти да го исплукаат литературниот јазик, технички секретарки да стануваат министерки, домаќинки директорки, понавлјачи стратези, уличари идеолози, итн. Дисолуцијата на вредностите не можеше да биде протуркана сама од себе или само од овие незнајковци. Беше потребна помош и истата беше дадена. На (сребрен) послужавник, сосе врвните македонски вредности на него. Онака, како од чиста заебанција, а всушност од лакомост и профитерство, од пуста глад да останат вклучени (и) во овој грабеж, некој да не им го зафати местото. За една или две книги повеќе, за една или три изложби во некоја европска дупка, за комисиички, за хонорарчиња и ситни бенефиции додека оние горе товареа шлепери и галии незаработени пари. Пред нивни очи. А овие - молчеа!

Основното прашање и тука, во оваа провинцијализирана современа култура по паланечки терк не е: зошто ни требаше ова? Тоа прашање е безмалу небитно, или со познат одговор. Битното прашање е: кој профитира(ше) од тоа? Само тоа прашање е легитимно и легално и треба веќе утре да посочи на бараните одговори. Иако горе-долу ги знаеме уште денес, а ги насетувавме и вчера. Тоа се оние истите бедни човечиња (како оној од „најреномираниот“ ни фестивал!) кои денес божем се пренемагаат дека се ужаснати од поделбата на македонскиот народ а всушност настојчиво, секојдневно работат во таа насока зашто само во таква поделеност можат да бидат важни во оваа култура. Тоа се оние исти третокласни глупици и глупци кои немаше никој да ги спомне ако не врескаа(т) на партиските митинзи и по социјалните мрежи. Оние силни доктори на науки кои во листите за културно наследство впишуваат стиропорни објекти изградени вчера и денес, или со сета сила на својот беден авторитет сакаат да не' убедат дека „сјајот“ на руско-украинскине плакати обесени низ македонскиот музеј на хоророт е нашиот современ уметнички врв. Тоа се истите сили на паланечкото мракобесие кои само во вакво наметнато (само)изолирање можат дома да лажат колку се важни и неопходни за оваа земја и култура, кои ги здебелија личните конта на трансакционите и девизните сметки секојдневно одејќи на поклонение пред дворската камарила по нови и нови задачи против сопствената култура. А впрочем провинцијата така функционира: како неколку баби средсело, како три-четири оговарачки кои целодневно мелат и создаваат афери, како пиљари кои продаваат грав за кавијар!
Многумина „учени“ кои елоквентно партиципираа во нашава партизирана провинцијализација, една демек почнал да размислува „... колку е падната етиката на сите професии. И колку се сите професии понижени: од професор, преку лекар, до келнер“[58]. Што перфидно ја префрла вината на професиите а не на поединците, на човекот. Божем професиите, еве во културата, беа тие што ја уназадија македонската култура за цели два-триесет години, божем професиите беа тие што билдаа кич и партиски значки како барјак на оваа култура и уметност! А така ќе биде и утре. Провинцијалците и партиципиентите, злосторниците и нивните помошници ќе бараат вина во некој трет, можеби (повторно, по којзнае кој пат) во историските неприлики, во опкружувањето ... во професиите ... !!! А „учениот“ пак ќе подучува дека „Долго време живееме во поделена колективна свест, во еден вид колективна полит-медиумска шизофренија. Расцепеност на две“[59]. Не, ние - не, тие - можеби, иако и тоа е само мамка, маска, отстапница за утре.

[58] Венко Андоновски, *Достоинство*, Нова Македонија, 18.08.2014
[59] Венко Андоновски, *Пржење пиво*, Нова Македонија, 20.07.2015

Ако профитерите горе-долу ги знаеме, губитниците - уште повеќе. Не само цитираната млада уметница и нејзини помлади и постари колеги и колешки. Станува збор за генерации и генерации растени во извртен на глава систем на вредности, во лажен сјај и креирана „самодоверба“.
Оттука, наш проблем секако е што ги трпевме толку долго и што ќе мора да се справуваме, долгорочно, со штетите. Како знаеме и како умееме, односно ако знаеме и ако умееме. Зашто минатото, па и сегашноста, не се некоја голема утеха бидејќи покажуваат дека има(ло) големи сличности во третманот на културата и на другата страна, во т.н. опозициски блок. И не само во минатото. Малкуте (со оглед на распоредот на политичките сили), но сепак актуелни примери, покажуваат дека и таму, за жал, владее провинциска мисла и неразбирање што е’ а што не е култура, дека културниот денар често е само параван за заебанција на општинските власти и подмирување на повторно оживеаните апетити на еден дел од вечно гладната македонска сивоеминентна култура! Тоа се „опозициските“ структури за кои новогодишните прослави и градското украсување или пак „манифестации“ од типот на „Денови на македонскиот мед“ и печатењето општински рекламен материјал се третираат како - култура! И таквите будалаштини, ни сантим подалеку од владеачката провинциска логика во културата, некој ги третира сериозно и ги троши пари на граѓаните. Кај нив веќе сега се прилепени сите минати шалабајзери, а сегашните чекаат на ред.
Токму затоа, сериозната опозиција има сериозна задача бргу да покаже современ концепт на културни политики, а за што има реални назнаки. Да покаже дека културата не е само песна и игра, и тоа лоша песна и игра, дека македонската култура не е периферија, а уметноста провинција, дека парите вложени во културата можат да претставуваат сериозна инвестиција. Едновремено, утрешната културна политика ќе мора да се темели на современи знаења и практики, а трабантите - кои секако веднаш ќе се прешалтуваат, а старите ќе кренат глава - децидно и јасно да ги исклучи од главните текови. Зашто, не може оние кои намерно ја провинцијализираа културата, кои наметнуваа дилетантски „уметнички“ практики и кич светоглед, сега повторно да бидат во жижата на реставрацијата. Бидејќи токму реставрација од најстручен тип им е неопходна на македонската култура и уметност, хоризонти што ќе натфрлат над граничните ѕидови издигнати од незнајковци и неспособни, што ќе ја отворат вратата за светот и за нас во него. Тоа подразбира и цврсти стандарди и критериуми за вредност (иако, нормално, шупелкиве повторно ќе се обидат се’ да релативизираат!), квалитет наместо квантитет и уметност наместо кич.
Ако пак почнат и утрешните одговорни за културата да се вадат дека тоа не се прави преку ноќ, дека македонската култура е тотално девастирана, дека гласачите барале ова и она, дека ... тогаш подобро нека не се зафаќаат. Ако повторно почнат да ги слушаат советите на оние нивни пулени и некогашни големи душегрижници и сиви еминенции кои вообичаено се повикуваат на нивните не-знам-какви „заслуги“ и „квалитети“ - подобро нека не се зафаќаат. Зашто, не дека македонската култура не е тотално девастирана, не дека еден огромен дел творци и културни работници не се целосно изблamирани, не дека и нивните гласачи нема да бараат ова и она ... и точно е дека сето тоа не се прави преку ноќ, ама се прави - бргу. Ако знаеш. Ако не, тогаш ни пет години не се доволни, а голготата на македонската култура само ќе се продлабочува. А патот од подрумот до пеколот не е долг!



Victoria University Library

## (НЕ)ЧИНЕЊЕТО КАКО ОБЛИК НА СОУЧЕСНИШТВО

### *„Професионалци“*

Некако паралелно го слушам Заев (на „Вин - вин“) и го читам - не многу внимателно, признавам - предлогот од актуелниве „стручњаци“ за измени и дополнувања на Законот за заштита на културното наследство. И ајде после некој нека каже дека нема(ло) никаков договор помеѓу двете партии? Заев говори (не прв пат!) за македонската професионална администрација, за потребата да се има доза на почит кон оние професионалци во актуелнава бирократија кои чесно и совесно си ја вршат работата. А Законот, односно предложените измени и дополнувања (повторно) се плеткаат со некакви лиценци, со некакви испити, со бази на прашања, тестови, комисии за верификација на прашањата и слични будалаштини од „професионален“ тип. Односно, сакам да кажам дека сите некако удриле на оваа тврда професионализација - не само во културата, на добивање на некакви (пара)стручни дополнителни дипломи и лиценци од, повторно, (пара)стручни комисии, а никој не гледа како (не) ни оди работата! Па со толку образовани стручњаци, со толку професионалци, со толку лиценцирани и со триста дипломи потврдени експерти ... зарем оваа држава ќе беше на ова дереџе (не само) во културата?
И од каде таа необјаснива глад за нови професионалци и лиценци, за персони со најтазе потврди и дипломи, за допрофесионализација на постојните ионака професионални кадри? И кому, и што му гарантираат тие, и за што им се потребни кога тоа се истите лица кои ионака ги вршат истите работи? Односно - не ги вршат! Што ќе се промени со тие лиценци?

Се разбира, не мислам дека има каков и да е' договор (дури и) по ова прашање меѓу партиите. Скраја да е. Напомените на Заев околу „професионалната“ администрација сакам да ги гледам само како некаков политички бонус на СДСМ на ова шутрациве заседнати во македонската администрација, како необврзно заобиколување - барем во дадениот миг, до април - на најгорливиот проблем (покрај криминалот, некој би рекол) во македонското општество. И тоа е нивно право, нивен начин на објавување на евентуалните идни чекори што би ги правеле како влада после април 2016, со задолжителните дообјаснувања (а ќе мора да ги има) во некое догледно време. Зашто лично не верувам дека некој кај нив мисли сериозно кога го говори ова. Дури ни Заев. Тие можеби посакуваат така да биде, ама ...! Или спротивното однесување некој би го толкувал како реваншизам? Не би рекол.
Односно, веќе цела Европа знае што и како се случувало во Македонија во изминативе десеттина години. Па зарем таков криминал и со такви размери, зарем таква нестручност (да не речам глупост), зарем такво незнаење ќе беше можно со професионална, стручна администрација за којашто (сака да) говори Заев? На крај памет не ми е да негирам дека има(ло) и такви - стручни и професионални кадри во македонската државна администрација - ама, сликовито кажано, тоа би било како микро оазички во пустината на смртта. А треба да е обратно: професионалноста и стручноста да се оазата во којашто се провлекле смртоносни островчиња жив песок! Ама не е така, за жал, и нашето секојдневие тоа го потврдува.
Или, ако сакате, да не грешам душа, ама како би било можно сериозни стручњаци и професионалци - барем во културата - да останат неми на сите идиотштини што ни се случуваа во оваа област изминативе години? Каде беа / се тие „професионалци“ во времето на разнебитувањето, партизацијата, параинституционализацијата ... на македонската култура и уметност? Некој им слушна ли глас, прочита ли нешто од нив, го виде ли некаде да протестираат против комплетната девастација на

културата? И бидејќи го спомнав Законот за заштита на културното наследство: се јави ли некој (освен Барџиева!) да протестира против запишувањето на малоумните нови стиропорни објекти во Листата на заштитено недвижно културно наследство? Или тие, оние со идните лиценци, се престручни за такви баналности? Тие би, можеби, веднаш да ги (пре)откриваат египетските пирамиди, или да му се приклучат на нашион академик во новото „дешифрирање“ на каменот од Розета?
И, извенете на прашањето, какви се тие професионалци кои цели девет години ја накривиле капата, подработуваат тук-таму по нешто за да ја оправдаат платата и - уста не отвораат? Како можат да седат мирни ко кленови покрај се' што се случува(ше) во културата годиниве, а и понатаму да се сметаат себеси за стручњаци, за професионалци, лиценцирани или не? Во македонската култура во изминативе години требаше да се случат најмалку неколку културни револуции токму од заспаниве професионалци, и тоа по суштинските прашања за опстанокот на оваа култура. А се случи - сматок, ќорфишек, катастрофа, цунами ...! Ама тие се се' уште професионалци?!? И некој смета на нив, утре, задутре?

Од друга страна, кога ги гледате актуелниве назнајковци и нивното континуирање измислување на нова и нова „топла вода“, просто човек останува без текст. Ама они немаат гајле.
Во таква светлина и ова инстистирање на некаква дополнителна (а всушност многу сомнителна) допрофесионализација, доусовршување, лиценцирање ... на сегашнава администрација и „професионалците“ од страна на неписмениве на власт. Едно од можните прашања е: дали тоа е нивна компензација за личната неписменост, незнаење, неспособност ... за работите за коишто ги плаќаме, па од другите го бараат тоа што тие - го немаат? Како инаку да се објасни оваа трка по стручњаци со секакви лиценци кои, ете, веќе утре божем ќе ни го сменат животот во културата, или во случајов во заштитата на културното наследство? На пример, прво, дали некој им побарал проверка на знаењата од областа на културата - односно нивна подготвеност, да не речам поткованост, што може да е посоодветен термин - на министерката за (не)култура, а потоа и на нејзиниот заменик? Зашто, некој ќе праша: каква врска има социологијата со културата? Да, постои социологија на културата, ама нашево Министерство за (не)култура не се бави со тоа, ниту пак министерката е специјалист за социологија на културата. Затоа, ќе и' побара ли некој, па нека е и денес, после толку години, формална (но и фактичка) лиценца за бавење со оваа материја? Или можеби затоа културата ни е на ова ниво, заради нејзината некомпетентност?
Ако пак таа е тотално некомпетентна за работата што (не) ја врши, можеби и' дале компетентен заменик? Ама, тој со земјоделски факултет тешко дека би бил покомпетентен од неа, односно воопшто компетентен за што и да е' друго во врска со културата. Или некој ги помешал лончињата „култура“ и „земјоделска култура“?
Ако пак првите двајца надлежни за културата на оваа држава се тотални дунстери за областа, апсолутно неподготвени и априори некомпетентни, тогаш за каква стручност говориме, за какви професионалци, за какви лиценци? И за каква култура воопшто можеме да говориме во оваа држава кога и остатокот од културниот „кадар“ по институциите е слика и прилика на првите двајца челници на македонската култура? Оттука, ние (да го парафразирам проф. Малески) не само што имаме „слом на демократскиот систем“, туку имаме (с)лом на човечкиот материјал, на неговите професионални, стручни и морални шевови. И тука веќе не е прашање само на спороста на идниот „процес на негова рехабилитација и консолидација“, туку е прашање на идната доверба во таквите „професионалци“ и „стручњаци“!

***Конфорен молк***

Не случајно го спомнав (с)ломот на моралната вертикала на македонската интелигенција и професионализам како битен фактор во општата девастација на системот. Зашто, иако за политиката можеби моралот е небитно оптеретување, за стручниот кадар, за професионалците, за творците тоа би требало да биде (нај)битен репер. Зашто нема стручност, нема професионалност без моралност. Но, политиката, како и парите, ги расипува луѓето. Не случајно О'Конел (Daniel O'Connell), ирски политички водач, велел дека „ништо не е политички исправно ако е морално погрешно". Во Македонија, денес, политичкото стана примарно, а моралното, стручното, професионалното заборавено. Меѓу политичкиот (или политикантскиот) и моралниот концепт, превагнува првиот. За жал. И никој не сака да види дека неморалноста ги води во криминал!

Токму затоа оваа година се покажува клучна за победата и на македонската моралност, за (повторно) наметнување на моралната, стручната, професионалната вертикала како единствено можна во едно современо општество. Оттука, не знам дали може некој сериозно нешто да му приговори на ставот на Фрчковски дека развојот на настаните сведочи за „голема победа" на демократскиот и опозицискиот курс односно пораз на сите опструкции на оваа криминална власт. Со мала или со глема помош на странскиот фактор, сеедно, атмсоферата во Македонија суштински се менува и тоа е една од големите придобивки на овој период.

Но, она што мене ме интересира е: како е можно македонската култура да живее толку години во тоталитарен мрак; зарем никој (со чесни но малубројни исклучоци) од таа армија „професионалци" не само во администрацијата не најде за потребно да крене глас против сите узурпации на системот; дали конформизмот, лукративноста, синекурата беа / се основните (движечки) мотиви на македонската интелигенција и професионалците во културата ...? Кому, впрочем, треба да биде (условно) благодарна македонската интелегенција за сите (лични и општо, културни, творечки) придобивки во изминативе децении - на поединци од оваа власт или на државата како целина, нејзината култура и уметност? И немаа(т) ли обврска да проговорат во одбрана на таа култура и таа уметност?

Ако, на пример, Димче Протуѓер и Борко Лазески, во далечната 1954 имаа доволно смелост и прифесионален дигнитет јавно, на страниците на „Разгледи", да се спротивстават на соцреалистичките ставови на еден Киро Хаџи Василев (тогашен висок партиски функционер, министер за просвета, министер без ресор итн.), како тоа денес - после цели шеесет години - никој од етаблиранаиве творци, професионалци и интелектуалци нема(ше) смелост да се спротивстави на глупостите на „госпожа" министерка? Ако пак спомнатите Протуѓер и Лазески гледаа опасност во тврдењето на Хаџи Василев дека уметноста не смее да му служи на уметникот „... за некаква 'слободна' егзибиција на, со ништо неограничената, разгоропадена уметникова фантазија, којашто може да роди, се разбира, најмонструозни и најневозможни творби, како што тоа речовито го покажува имено современата западна пикасовска уметност"[60], како никој денес не виде дека наназад десет години власта не само што ја ограничува уметноста и културата туку дури и диктира што и како да се гради, какви споменици да се прават, каква музика да се создава ...!?!

Колкумина македонски интелектуалци, уметници, творци, професионалци видовме на неодамнешните протести низ Скопје, колкумина од нив сме прочитале во малкуте независни весници или сме ги виделе да отворат уста на некој од подеднакво малкуте независни медиуми? Се бројат на прсти. Пропаднаа во нивната опортуна

[60] *Денес 1953 - 1983*, Уметничка галерија Скопје, Скопје, 1983, стр. 83

малодушност, во улежаниот садистички систем на делење според заслугите кон режимот, се удавија од затворените усти и умови.
И не дека сме ние исклучок. Сосема идентични ситуации покажаа и други култури во дадени турбулентни времиња. Арапската пролет во Тунис, Мароко, Египет, сега во Сирија, тотално го урниса кредибилитетот на многу интелектуалци и творци кои важеа за модерни, смели борци против неправдата, а во интерес на човекот и културниот напредок. Еден Адонис, носител и на Струшкиот венец, „е парализиран додека Арапската култура се движи околу него“[61], вели Мона Нагар, „и ги предаде сите идеали што ги пропагираше ... Тој маневрира и очигледно се надева дека ’темните облаци’ бргу ќе поминат“. Но тие не поминуваат, Сирија стана синоним на крвопролевање и болка, но Адонис - молчи! И истата приказна се повторува со редица видни арапски интелектуалци и творци кои ги одмолчаа и Арапската пролет, и демонстрациите на плоштадот Тахир во Каиро или авенијата Бургиба во Тунис, ја вртеа главата на друга страна кога илјадници нивни сограѓани бараа слобода, права, подобар живот.
Ние само ги усовршивме начините, механизмите на молк и нечинење, ги доведовме речиси до совршенство. И воведовме наши, ама и пошироки „стандарди“: дека професионалната администрација мора да биде исклучиво партиска и да служи на партијата на власт, дека уметноста мора да биде целосно партизирана а носителите на истата да ја носат партиската ккнишка блиску до срцето а далеку од умот, дека културниот денар од сите граѓани е за распределба според строго партиски и послушнички критериуми ...

Се разбира дека таквото недолично поведение на интелектуалната и професионалната елита и’ беше добредојдено на власта. Оттука, qui tacet consentire videtur (молчењето е одобрување), иако можеби најслабата / најлабавата форма на некаква претпоставена консензуална „согласност“, сепак беше сламката за којашто се закачи свеста на неписмениве дека цела Македонија, бидејќи молчи - ги одобрува нивните „политики“ (и) во културата. Оние малкумина кои говореа и пишуваа, оние малкумина кои протестираа против, тие беа непатриоти, некадарници, соросоиди ...
Молчаливата Македонија навистина премолча се’, како во нем црно-бел филм во втората деценија на дваесетипрвиот век, како фон на некоја Чаплинова урнебесна комедија. Конфорот и привилегиите на нашите стручњаци, професионалци, експерти, интелигенција ... не можеа да го нарушат ни т.н. бомби на опозицијата, ни пленумите, ни стиропорот, ни лошата бронза и фалшивото злато, ниту палмите низ целата држава или средновековните галии и врби среде Вардар, потсмевот на целиот свет или општото рангирање меѓу најмизерните земји во светот. Затоа и зачуденоста: која е таа стручност, кој е тој професионализам и интелигенција што утре ќе не’ извадат од оваа кал којашто денес упорно не сакаат да ја видат? Можеби онаа „стручост“ и „професионалност“ што здушно се издерава на новата химна на СОНК, нивната „клетва и заклетва“, за сите времиња!?! Па малоумни едни, во 1945 година не се пеело така! И сега Лисичков прашува: нели им е срам? Па како може на малоумни да им биде срам?

### *„Јас“ или „ние“*

Не случајно ја спомнав идиотската химна на СОНК, зашто токму тоа е обележјето на денешните „професионалци“ во културата (а веројатно и во образованието, науката итн.), олицетворени во нивните „министри“, се разбира. Зашто, зарем сериозни професионалци би трпеле такви полуписмени „министри“ кои со нивното незнаење

[61] Mona Naggar, *The Silence of the Thinkers*, Qantara.de 2011

им одземаа(т) десет години од „кариерите“? И затоа и верувам дека тие ќе се редат и со задоволство ќе урлаат според малоумните рими на оваа златнославејска песничка, за којашто, велат, повторно министерката за (не)култура дала пари. За какви „професионалци“ - таква химна. Зашто никој од нив глас не крена кога им носеа од дома домаќинки за директорки во национални уметнички музеи, или дури од Демир Капија (бреее каков археолошки топос станала таа паланка!) за директорка во новиот Археолошки музеј, или кога за претседател на (п)откупната комисија за музеите ја сместија онаа која „омажи“ толку дела во профитерската трампа на векот помеѓу Уметничката галерија и една македоно-белградска бараба ...

И затоа, овде не станува збор за обичните гласачи на една или друга партија, за симпатизери на една, друга или трета политичка опција, туку станува збор за воспоставен однос помеѓу стручната интелигенција и властите, за изградени поданички, или клиентелистички, како сакате, релации - повеќето (пот)платени со одредени привилегии. Велам повеќето зашто не може човек туку-така да ги обвини сите стручни луѓе во државава, особено оние во администрацијата, дека влечат некакви - нека се и минимални - бенефити од оваа криминална власт, за себе или за своите. Но, останува мистерија како можеа / можат да премолчат континуирано, систематско неуко владеење на незнајковци, како архитекти можат молчешкум да ги гледаат оние стиропорни објекти низ Скопје (иако, всушност, архитектите, барем голем дел од нив, беа најгласни меѓу македонските професионалци во културата), како историчарите на уметноста и уметниците можеа / можат да останат индиферентни пред оние карикатури од скулптури во центарот на градот, како македонскиве т.н. писатели успеаа да одмолчат цели десет години наспроти сите идиотизми што ги преживеа македонската култура и уметност, како можеа македонските музичари да останат неми на расфрлањето буџетски пари за глупостите на македонската естрада ...?

Се разбира, останува на ниво на хипотеза дали, и колку, нешто ќе се сменеше во македонското културно секојдневие ако професионалците, низ нивните професионални асоцијации но и самостојно, реагираа од самиот почеток на оваа македонска културна бламажа меѓу и околу нив? Дали ако повеќето македонски скулптори реагираа на начинот (и диктатот) на реализацијата на онаа беда и јад наречена споменици низ централното градско подрачје, дали можеби ќе го сопреа процесот? Дали ќе имаше ефект ако ним им се придружеа и професионалните аоцијации на историчарите на уметноста и критичарите? Зарем не се засрами цел Архитектонски факултет (со чесни исклучоци) читајќи го проф. Константинов (на негова возраст!) и неговото настојчиво објаснување на идиотштните на нашиве политички „градители“ и нивните стручни стирополагачи од „форматот“ на оној сеприсутен Чаушевски? Зарем „табернакулци“ не го слушнаа потсмевот но и гневот на (нека е и малубројната) јавност во врска со нивната „награда“ од името на оваа криминална власт, па продолжуваат и оваа година со таа комедија? Како што пред цели шест-седум години се собраа сите оние - ај да не кажам што - од Македонската филхармонија, нацуцулени ракоплескајќи пред темелите на новата зграда што требаше да биде готова за две години, зошто годиниве наназад никој глас не пушти за тој се’ уште незавршен објект? Ако оној СОНК, наместо да составува онакви идиотски клепаници, се зафатеше со општокултурни протести при воведувањето на 86-те (се разбира, импровизирам) платни разреди во културата, ќе се осмелеше ли (не)културнана министерка да донесе таков закон?

Или, ако сакате, а да излеземе малку од кругот на културата: претседателот на некојаси fucking стопанска комора се’ уште говори за некакви одговорни луѓе кои го проектирале буџетот, за некоиси проекции и калкулации. После толку години економски крах македонската „бизнис“ заедница да ти имала доверба во овие криминалци? Или, ако сакате уште еднаш, од каде толкав страв од предлогот за

месечна транспарентност / јавна отчетност на буџетот? Кога само Министерството за (не)култура месечно би ги објавувало финансиските дознаки до поединци, групи и групички, би ги покренало ли тоа нашиве професионалци на повишен тон?
Да, сето ова може да се нарече чиста шпекулација, ама ниту една власт не е имуна на протести, особено не на протести од страна на стручната интелигенција! Впрочем, тоа најдобро го покажаа студентските (и професорските, иако малубројни) протести на почетокот на годинава. Кај нас, вчера, и особено денес, не станува(ше) збор само за личен, персонален / професионален став и избор туку за - историски став и избор! Став и избор за добробит на опстанокот на оваа култура!!!

И да, како да сето тоа му се случува(ше) на некој друг и нив тоа не ги тангира. Тоа, се разбира, во малку поинаква форма, е вообичаениот одговор на интелигенцијата секаде во светот: ние не знаевме што се случува! Нормално, сите се овде ќорави или слепи, глуви или наглуви, сите се зафатени со личните „проекти" и проблеми и не гледаат што се случува надвор. Никој овде не гледаше како се упропастува цел еден град, како се девастира цела една култура, како се дезоириентира цела една уметност. Сите беа зафатени со својата работа и не знаеа што му се случува на - другиот! Огромното, сеприсутното „јас" надвладува над бледото и неважното „ние". Свеста, моралот, етиката се развиле само до степенот на самопреживување, илити, ако сакате, до степенот на некои пониски форми на егзистенција.
Во оваа насока, еклатантна е експликацијата на големиот Мстислав Ростропович, еден од шиканираните (но преживеани) творци во времето на Сталин, кој за колегите вели: „Зарем мислите дека мојот голем пријател Шостакович, кој напиша неколку дела специјално за мене, или мојот близок пријател Хачатуријан, или композитор како Кабалевски, не знаеа низ што поминувам додека бев прогонуван? Тие знаеа! Шостакович и Хачатуријан ме видоа неколку пати како липам. Зарем не можеа сите да отидат кај членовите на владата, да им кажат: знаете, Ростропович е уметник кој се' уште може да и' служи на Советската музика; може да ни биде од голема музичка полза, не го отпуштајте! Тој има многу студенти и ќе ја онеспособите нашата чело програма?"[62].
И ова е само еден пример од многуте, не само од времето на Сталиновите чистки во СССР. Колку пак слични примери на нечинење, на нереагирање можат да се најдат во Германија во времето на фашизмот, или секаде низ светот во времиња на авторитарни режими? Многумина ова прашање ќе го видат повеќе во светлината на личните, човечките карактеристики односно мани (ако воопшто овој збор одговара), но зарем професионалците, особено професионалците, интелегинцијата, не треба да биде токму пример и за другите? Некој ќе забележи дека во Македонија, денес, сепак нема таков прогон и погром на интелегенцијата како во времето на фашизмот и сталинизмот. Ама, прво, прогон има, и тоа оној најперфидниот - сеприсутен но тивок, безмалу нечуен (демек незабележителен!), проткаен со тотално игнорирање, оневозможување, замолчување. А потоа: ако во вакво време македонската стручна интелигенција молчи, ако во втората деценија на дваесет и првиот век нашите стручњаци и професионалци се согласни да бидат тотално исклучени од најважните општествени текови, тогаш како ли би се однесувале во потешки, покрвави времиња?!?

*

Кога сите би имале, да простите, муда како Мирјана Најчевска па да ги именуват работите и персоните со нивните вистински имиња, а притоа да се самопрогласат кој за Плисецкаја, кој за Пикасо, некој и за Толстој, нештата во македонската култура

[62] Claude Samuel, *When Silence is not Golden*, (conversations with Mstislav Rostropovich and Galina Vishsnevskaya), Azerbaijan International Magazine, Summer 2005 (13.2)

(и општество) дефинитивно би тргнале на подобро. Овака, со локалниве ќутолози, секоја будала станува претседател, премиер, министер ... директор ... стручњак ...![63]

### *Срце или џеб*

Во принцип немам никаков проблем со тирадата на нашион Милчо национале дека „за да снимиш филм треба да имаш срце“. Секој има право на свој поглед на нештата. Иако, да бидам искрен, мислев дека за филм треба да имаш и некој други нешта, на пример – пари. Ама изгледа нашиве филмаџии лесно доаѓаат до нив па срцето им е поголем проблем? Но, од друга страна, мислам и дека ние, во глобала, со „срцата“ немаме особени проблеми и дури ги има(в)ме и отповеќе. Барем според тоа колку филмови се снимаат во земјава. Нам треба некој да ни каже што треба да се има за да се биде Уметник. Тоа ни е поголем проблем, а филмови – колку сакаш. И пари, особено кога ги дава Владата, онака, под рака и преку ред, како и орденон на Буш Јуниор. И мислам дека, особено кај „филмаџииве“, срцето е одамна престорен во - џеб. И тоа длабок, прилично!
И ова пак ме враќа на Најчевска: од толку филмаџии, писатели, сликари, музичари, културњаци ... колку вистински уметници и професионалци имаме? Онакви кои би можеле / смееле на министерката за (не)култура да и' го кажат тоа што навистина го мислат за нејзините (не)културни политики а не да се смешкаат ко луд на месечина. Да кажат и што треба да се има за да се биде Уметник - па и професионалец, ако сакате - во вистинската смисла на зборот па отворено да се проговори за состојбите во културата и уметноста кај нас? Односно, што навистина треба да се има за да се биде претседател, премиер, министер, директор ... или баш секоја неделкана будала кај нас е родена (и) за тоа? Или: како после цели десет години на театарската сцена се прекинува поданичкиот молк кај нас и се појавува претстава како „Време на забава“ на Бузалкова (во којашто „игра“ и минатиот пат цитираната Најчевска, во улога на балерина)? И зошто во една таква претстава нема ниту еден, ама баш ниту еден од оние омилени на власта и на по некој „писател“ фаворити и фаворитки што врескаат по партиски митинзи, (а сега тоа ќе можат да го прават и пеејќе ја славната им синдикална химна)? Дали ова значи дека во Македонија сепак МОЖЕ да се чуе и друг културен, творечки глас освен режимскиот и поданичкиот, ама неопходен е сериозен ангажман, а не само - срце? Тој тип на критичка творечка активност секако не е забава, иако насловот на спомнатата претстава упатува на тоа. Или - можеби им било навистина забавно да ја подготвуваат претставата? Прашање е колку е навистина забавно да се подготвува претстава без пари бидејќи, како што вели режисерката, им било јасно дека „... не ни смееме да конкурираме за пари од државата, ако сакаме да имаме навистина тотална слобода да го направиме она што сме го замислиле“.

[63] На 25 септември, на нејзиниот ФБ профил, Мирјана Најчевска објави: „Викајте ме Маја Плисецкаја. Кога Катица Јанева ја нарекувате специјален јавен обвинител, кога Тодоров го нарекувате министер за здравство, кога Ѓорѓе го нарекувате претседател на држава, кога Груевски го нарекувате премиер, кога Миленко го нарекувате новинар, кога Адеми може да биде министер за образование, кога Латас го нарекувате професор, кога Караѓозоска ја нарекувате амбасадорка, кога Миновски може да биде претседател на Комисија за заштита од дискриминација, кога ... јас мислам дека заслужувам да бидам наречена балерина. Се пријавив на конкурс и бев избрана како најдобра балерина меѓу сите кои се пријавија. Поразговарав и со неколку луѓе со кои требаше да се поразговара и многу се изненадив кога ме избраа мене. Верувам дека ќе бидете многу позитивни и ќе ми дадете шанса. Целта ми е Бољшој театар“.

И тоа можеби е еден од цврстите џокери со којшто се оправдува молкот на малодушната македонска култура во вакви времиња на „забави“ - немањето пари! Кога во една земја сите пари, па и културните, алчно ги држи една партија и ги арчи преку министерката за (не)култура на нивни потреби, не секој, велат, е подготвен личниот бунт, или барем несогласување со актуелните (не)културни политики, да ги искажува на сопствен трошок. И патем да ризикува уште години да биде на некоја / нечија црна листа (за којашто сите, нели, велат дека не постои!).
Се разбира дека егзистенцијалниот колапс - кај нас одамна дојден до точката на живуркање односно голо преживување - е проблем што во културата и уметноста е можеби најизразен. Поточно, кај нас секогаш и бил, иако никогаш до оваа мерка. И познато е дека во отсуството на вистински културен / уметнички пазар, или милје, како сакате, и кога се’ што се случува во државата на планот на културата е горе-долу (пре)платено од страна на властодржците, кои и да се, не е лесно да се крева гласот против оние што плаќаат. Дури и ако тие плаќаат со туѓи односно со наши пари (а некои будали понизно ги нарекуваат мецени!). Но спомнатата претстава, како и неколку други (за жал малубројни) појави низ годиниве (на пример, ми паѓа на ум активноста на „Кооперација“ и редица слични творечки „колективи“), коишто оформија интересна независна (свесно го одбегнувам префорсираниот поим андерграунд) уметничка сцена (барем во Скопје, но и во Битола, па Струга итн.), говорат дека може и поинаку. Односно, во контекстот на темата за (не)чинењето како соучесништво, таа сведочи дека македонската култура сепак не е мртва, дека не с(м)е сите соучесници во злосторството. Или, ако сакате, ако најголемиот дел од македонската култура и уметност премолчено ја прифаќа улогата на лабораториското глувче со кое идиоти си прават партиски експерименти накарадно наречени култура, ако најголемиот дел од македонските творци прифаќаат да бидат дневни аргати на неписмени газди, убаво е да се види дека има и некои гласови во тој хор што пеат атонално, дури фалшираат (според гледањето на етаблираната „култура“), само за да покажат дека се живи, дека се тука. Е за тоа треба срце, помеѓу останатото!

Ако една интелигенција не сака да ја земе сопствената и општата судбина во свои раце, ако професионалците во администрацијата, и пошироко, не се способни да се изборат за својот стручен збор и став туку десет години се (о)ставаат под команда на кловнови, тогаш дефинитивно го губат правото да бидат нарекувани со тоа звучно име. Таа интелегенција односно таа социјална, интелектуална, културна, творечка и економска елита мора да биде идентификувана низ нејзиниот неспорен интегритет, цврста моралност, непоколеблив дигнитет и принципи ако сака земјата да има верба во неа. Ако тие не се совеста на едно општество, ако не се чувари на моралниот компас на народот, тогаш - што се? Замолчена и поткупена безлична толпа којашто се движи според насоките на властодржците? Тоа ли е примерот (не само) за нивните деца, за идните млади генерации? Или фактот дека нашето „независно“ новинарство дури денес, после толку години, „открива“ дека имаме целосно партизирана администрација? И со новинарите едно чудо „експерти“ дури сега гледаат дека таа администрација не е професионална туку е само сервилна и ништо повеќе? Можеби им требаат уште десетина години за да се доразбудат и откријат и дека повеќе немаат ниту држава?!
Знам, звучи премногу морализаторски, ама ние сме стасани до тоа дереџе. Дојдовме до фазата кога со гадење и презир гледаме на довчерашните ведети на научната, културната, уметничката ... интелектуалната мисла во Македонија, кога луѓето си прават мајтап со највисоките македонски институции одреномето на една МАНУ, или Универзитетот, или судството или...! Таа интелектуална елита, тие професионалци со години плаќани од државниот буџет, прво, го поплукаа некогаш идеализираниот систем што до вчера (некои дури и гордо!) го градеа, за да денес се обесат на вратот на други - а всушност идентични, само понеписмени - властелини

кои тотално го криминализираа македонското општество и урнисаа се’ по ред. Или, ако сакате, во што е разликата помеѓу оние осумдесеттина „народни“ пратеници кои секојдневно креваат рака „за“ продолжување на животот на ова злосторничко здружување, и оваа безимена толпа што континуирано молчи безмалу десет години?

*

Ако е точно, а немам причина да не му верувам на Геровски, дека во тимот на спец-обвинителката се нашла и таа „професионалка“ која го притворила Кежаровски, тогаш во мојата теза за нечинењето како соучесништво доаѓаме до уште еден апсурд: дека токму *чинењето* - и тоа она најотворено, најподаничко соучество во македонските злостори - се покажува како одлична препорака, дури доблест, и за времињава во коишто се надевавме на промени. Па тогаш, зошто воопшто нешто да се менува? Најефтино е се’ да си остане по старо! Господ на помош!!!

***Поле за криминален натпревар***

Нема сомнение дека материјалната / финансиската добивка е можеби главниот мотив на (не)чинењето како облик на соучесништво во секој тип криминал, особено оној на интелектуално и државно рамниште. Не се за потценување и другите можни придобивки - вработување, напредување, наградување ... субвенции, привилегии итн. - но сите се, во основа, повторно поврзани со материјалниот фактор. Се разбира дека има разлика во (не)чинењето односно во степенот на инволвираност во злосторничките / криминалните дејанија, и тие се веројатно сразмерни на големината на добивката. Зашто, сигурно не е исто секојдневното брутално агитирање, во сите прилики и на сите можни начини, „за“ оваа и ваква и авторитарна, криминализирана и во суштина злосторничка политика, и поданички прифатеното молчење односно нечинењето диктирано од (повторно) егзистенцијални мотиви. Не е исто, се разбира, клиентелистичкото и вулгарно до зла бога јавно аминување на сите налудничави политики на оваа власт од страна на некогашни „видни“ интелектуалци (амбасадори, професори, академици ...) заради ситносемејни парични / тендерски добивки, заради членување во барем неколку (профитабилни) управни или надзорни одбори итн., наспроти изнуденото нечинење односно молчење на некој административен службеник. Не е ист, се разбира, јавниот и веќе со монструозни размери клиентелизам во медиумската сфера, каде што, слушаме, станува збор за милионски (во евра) износи (по разни основи) што се тркалаат низ нивните џебови многу пати во годината, наспроти „професионалецот“ (иако може и без наводници) во некоја културна установа, во училиште, амбуланта и слично.

Со ова не сакам да ја разводнам тезата за (не)чинењето како несомнен облик на соучесништво. Сакам само да укажам на извесното можно степенување на вината (или „вината“), а не да амнестирам, што впрочем ниту е во моја надлежност. Односно, можеби сакам да потенцирам дека секоја вина (или „вина“) е - мерлива, иако нашето општество во принцип се плаши од тој поим. Ние се’ уште би сакале ништо да не е мерливо. Онака, како во социјализмот, под формата на колективната одговорност. Тоа веројатно ќе го говорат утре и оние „избраници“ во Собранието, убедувајќи не’ дека некој со сила им ја кревал раката. Или дека одговорна е само нивната партија, а не и тие самите.

Тоа сигурно ќе го говорат и оние „избраници“ во Собранието на град Скопје, кои толку години креваа рака за уништувањето на овој град. Или мислат дека само така ќе им биде простено? Зашто нивното никако не може да се подведе под нечинење. Уште помалку под немерливо (не)чинење. Нивното чинење, па нека е и само со кревата рака, е најотворен, најеклатантен, најочигледен пример во македонската

историја на соучесништво во сите (културни, еколошки, здравствени, урбанистички ...) злосторства на властите против овој град и неговите граѓани!

И бидејќи веќе го спомнав Скопје - како отворен град, но секако не отворен и за злосторства од секаков вид - некои нешта мора да се потенцираат. На пример, не знам зошто медиумите, барем оние неконтролирани од власта, не ги објавуваат имињата на советниците во Скопје секојдневно, секој божји ден, да ги научиме напамет и да не заборавиме кој всушност така безмилосно го упропасти овој град. Онака, под формата „да не се заборави“!
За нивното ужасно злосторство не треба ни спец-обвинител ни посебни постапки и истраги. Нивното злосторство е јавно, очигледно, видливо со голо око. И нивните имиња утре треба да бидат испишани на некаква плоча на срамот на овој град, некаде во центарот, на видливо и достапно место. И да може секој, онака, од ќеф односно според афинитетите, да им одаде должна „почит“ на нивните имиња со соодветна телесна течност. Бидејќи, точно е, цела Македонија беше / е’ поле за криминален натпревар на нашиве „елити“, ама Скопје го претворија во специјална зона на перверзно изживување, на малоумно однесување, на простачко докажување сила и власт! Е па тоа треба да се „награди“. Соодветно!
И повторно, ако нивното злодело беше, и се’ уште е во траење, и мерливо е и видливо е, тоа никако не ги прави единствени виновници во девастацијата на еден град. Тие се најголемите, и по тоа, и само по тоа, ќе останат познати во неговата историја, но веднаш зад нив се наоѓаат и сите оние кои молчаливо преминуваа, и преминуваат, преку сите нивни изживувања. Е тоа не може да се оправда со ништо, таков граѓански, интелектуален, морален резил не го пере ни цел Вардар во неговите најдобри денови! Или, ако сакате, без оглед како беа толкувани резултатите на референдумот за ГТЦ, ако на истиот излегле на изјаснување само 17.655 гласачи од општина Центар, што претставува одвај 40,53 % од вкупниот број граѓани запишани во избирачкиот список, што покажува тоа? Дека само тој процент граѓани покажале некаква свест за судбината на објектот што го сметаме за симбол, белег на современо Скопје? Да. И дека само тој процент граѓани имаат утре право гордо да се наречат граѓани на Скопје? Повторно - да! Бидејќи другите дури не излегоа ни да гласаат против, туку не излегоа - воопшто!!! Со други зборови, дремеа дома како кукавици молчаливо подржувајќи група неранимајковци во нивните налудничави напори да го доупропастат градот. Оттука, овој град има целосно право да се срами не само од своите „советници“, туку и од своите „граѓани“ од тој тип.

Радикални времиња како нашево наложуваат радикални одлуки и однесување. Некои тоа го прават, некои не. Мислат дека нечинењето нема да ги чини ништо. Грешат. И нечинењето има своја цена. Обично ја плаќаат другите, но и нивните потомци.
Но таквото однесување не останува туку-така заборавено и од судот на јавноста, од сограѓаните, од историјата. Цената на нечинењето и молкот се плаќа секогаш, дури и на рати. Па така и кај нас, еден убав ден, овие луѓе ќе се соочат со својот минат молк, со презирот на блиските, со јавниот прст вперен во нивните големи или мали, видливи или скриени врски со сите злосторства против овој град, оваа култура, ова општество. Некому - во најмала рака на нивните деца - ќе мора да ги објаснат сите дубиози на нивното однесување, сите соучеснички нечинења, целата онаа силна тишина произведувана толку години по ред.
А што е, инаку, барањето на младиве за Народен трибунал за „бомбите“? Нели е токму тоа нивната идеја: да се осудат, по име и презиме, па нека е и симболично, сите здружени злосторници против овој град и неговите граѓани!

***Радикален рецепт***

Пишувајќи го ова продолжение, на телефонската секретарка дома добив порака од човек (кого не го познавам) од едно преспанско село. Човекот го прочитал претходното продолжение (*Поле за криминален* натпревар) во „Слободен печат“, оставил име и презиме, поздрав и порака дека текстот му се допаднал. Одвреме навреме и на улица ме пресретнува некој случаен минувач - читач и застанува да коментира, главно позитивно. Зборот ми е: текстовите допираат до луѓето, до т.н. „обичен“ човек (иако не мислам дека едните се „обични“ а т.н. интелигенција „необични“, иако уживаат себеси така да се гледаат), но не дај боже некој од „засегнатите“ да скрши збор-два и да ви каже дека сте во право, дека мора да се стави крај на молкот, дека ... ова или она. Тие континуирано - молчат!

Знам дека нема рецепт против пасивизираната свест, против соучесништвото дури и она соучесништво што подразбира молк и нечинење. Мимикриско стопување со толпата за да се избегне одговорниот чин. Тоа е сепак прашање на свест и совест, на морал, на личен интегритет ... на избор, а не на наметнати рецепти. И токму изборот, знам, ќе биде еден од џокерите на овие бедни подлизурковци кога денес-утре, младите од Народниот трибунал - а богами не се знае, можеби ќе има и некаква наша варијанта на Нирнбершкиот процес - ќе ги прозиваат. Со мегафон, гласно, по име и презиме, и образложение според уделот – пасивен или активен – во злосторствата, но и според молкот и нечинењето. Нивниот малодушен одговор веројатно ќе биде дека немале избор, дека биле принудени, дека од соучесништвото им зависело ова и она - кариерата, работата, семејството, домот ...! Ќе лажат и мамат како последни бедници, ќе глумат и ќе плачат, ќе убедуваат дека тие всушност биле на страната на правото и правдата, ама ете, не смееле тоа јавно да го манифестираат. Ќе испадне дека тие дури биле и поголеми жртви од другите!!!

Елаборирајќи го (и) однесувањето на советската интелигенција во времето на Сталин во нејзината студија за филмот „Изгорени од сонцето“ на Михалков, Људмила Булавка (социолог на културата и постар истражувач во Институтот за култура во Москва) вели дека не е особено тешко да се измами интелигенцијата. Односно, „интелигенцијата сака да биде излажана; основно е лагата да биде спакувана во културно пакување“[64]!

Па следствено: тоа ли и’ се случи и на македонската интелигенција во изминативе години? Дали антиквизацијата, па самонареченіот проект „Скопје 2014“ и другите будалаштини од тој тип беа таа наша (односно нивна) лага спакувана во културно пакување, со хартија во боја и златна машничка? Не ќе да е така. Тоа би бил премногу лесен, ефтин алиби за многумина. Не велам дека немало и прелажани. Ама, извинете, една цела МАНУ, еден цел Универзитет (со чесни исклучоци), една цела булумента (квази)историчари, (квази)уметници, (квази)писатели, една цела национална (квази)интелигенција, повторно со мали исклучоци, се разбира?! Кооолку тие би сакале да е така, односно ние така да ги видиме работите!

Па дури во тоа и да има вистина, да има и такви будали кои навистина се занесоа по тоа „Скопје 2014“ од (квази)национални побуди, од исправање (божем) историски неправди кон одделни личности и настани од македонската историја, па дури и рехабилитацијата на одделни (квази)национални дејци (кои сега, низ некои нови документи се покажуваат во сосема друга „национална“ светлина!), зарем сите нив не ги поколеба, на пример, едно Панорамско тркало од 18 милиони евра? Ако некои задрти (божем) антикомунисти одвај чекаа да го видат оној музеј на македонскиот хорор (којшто, патем, велат, полека се претвора во олимписки базен, како впрочем и другите „скапоцени“ објекти на тој потег!), па и го дочекаа, но каква врска со

[64] Ludmila Bulavka, *Nikita Mihalkov and Burnt by the sun: a monarchist film-maker confronts humane socialism*, New Left Review I/221, January-February 1997

антикомунизмот имаат оние ступидни галии во Вардар? Или „белана шампита“ наместо прекрасниот објект на Муличковски? Или она стиропорно пресоблекување на сите фасади во централното градско подрачје? Или и тоа е дел од антикомунистичкото ретуширање на македонската историја и нивна некаква рехабилитација?!?
Какво и колкаво ли требаше да биде тоа „културно“ пакување за нашиве слепци да успеат да го забележат? Или замислете Македонија да се соочеше со ваков молк во 1941-та година, или во 1952, или во 1992 година? Во што се годиниве на неморалново и злосторничко живеење подобри од тие години?

Сосема слични приказни за односот на молчаливцива можат да се прочитаат како сведоштва и помеѓу германската интелигенција во времето на Хитлер, па австриската во истиот период или кинеската во времето на „културната револуција“. Или, ако сакате, и во времето на најригидниот бољшевизам во некогашна Југославија, само во поинакво пакување. Ама овие нашиве слепци немаат ни историска наобразба, уште помалку свест тоа да го воочат, нели? Тие да ти биле – излажани!? А како не се чувствуваа излажани кога ги дебелеа банковните сметки, тука и во странство? Кога ги диплеа привилегиите и бенефициите, кога им беше печатен / изложуван / изведуван ... и плаќан со државни пари секој нивни испрдок? Како тогаш не се излажаа да кажат – не, благодарам?
Спомнатата Булавка вели дека советската интелигенција во времето на Сталин – дали и денес (м.з.)? - била убедена дека прашањата на сочесништвото и вината нема никаква врска со неа. „Во целата Советска историја интелигенцијата како да имала само една улога: таа била жртва, а жртвите не подлежат на морална осуда“.
Се разбира, како порачано за нашиве – тие, кутрите, уживаат себеси да се гледаат како жртви на сите системи и режими, иако всушност најбеневолентно учествувале во сите злосторства, заедно со властодршците. Така беше и во минатиот систем, така е и денес. Разликата е само во степенот на инволвираност, иако и тука нема некакви битни поместувања. Се’ е исто како и порано! Ако оние веќе белоглави кои седат во МАНУ, во професорските и другите фотелји, беа себично глуви и слепи за пошироката општествена слика идеологизирајќи ги тогашните едноумни водачи, така денешниве квазиинтелекти, кои полека се инфилтрираат во сите највисоки општествени институции и им се придружуваат на првине, се глуви и слепи за криминалите на овие повеќепартиски номенклатури злосторници. И со нив, секако, оние легии молчаливци и некадарници кои гледаат да се пришлепаат до некоја „величина“ за подобро да молзат. Можеби затоа секое спомнување на поимот професионалец, експерт, стручњак ... па и интелектуалец во македонсково милје веднаш ми буди непријатни асоцијации, лоши слики, да не речам одвратни. И сликите се проследени со живи односно секојдневно оджививеани впечатоци, безмалу како некоја друга реалност, во којашто по правило одбивам да учествувам.

И еве времето и’ нуди и последен тест на оваа македонска молчалива (квази)интелигенција: предлог законот за забрана за поседување, обработка, објавување ... (и какви се’ не глупости смислиле предлагачите) ... на т.н. „бомби“ на опозицијата. Демек, да се заштител јавниот интерес. И да се врателе работите ви институциите, чија доверба била разнишана. А сега е демек е вратена, довербата. Некои, со право, го викаат и закон за амнезија! И тоа е (дали?) и последен обид на налудничавиве властодршци, преку типични болшевици камуфлирани во џаферисти или муковисти, да го контролираат и јавното мнение, дури и јавната меморија.
Се разбира, јас немам намера, ни трпение, да се бавам со такви идиотски орвеловски испрдоци на актуелниве властодршци. Но примерот е како создаден за тест: дали, конечно, ќе проговори македонскава интелигенција? Ќе кажат ли барем две реченици сите оние „демократи“ и „слободољубци“, сите оние „стручњаци“ и „експерти“ по правни и не-знам-какви науки од врвот на МАНУ па удолу? Ќе ја

искористат ли шансава па на грогираниот боксер да му објават, конечно, дека мечот е загубен? Со нокаут.

*

Иако на почетокот напишав дека всушност нема готови рецепти проитв малодушноста, молкот, превртливоста, подаништвото ... на интелигенцијата, не случајно го спомнав Михалков и „Изгорени од сонцето“ (инаку еден од неговите навистина големи филмови!). Заради повеќе нешта. Прво, токму режисерот (Михалков) е еден од тие кои ги уживале сите привилегии на советската власт, не осврнувајќи се наоколу и подалеку од личниот џеб и интерес. Иако, години подоцна, истиот станува еден од најжестоките критичари на советската ера и приврзаник на монархизмот. Нејсе, Михалков, низ устата на неговиот главен лик (Котов, бољшевички командант на дивизија), нуди „рецепт“ - додуша радикален - за неморален компормис, за срамни (животни) опции. Имено, на обидот на неговата сопруга да најде оправдување за регрутирањето на нивниот најдобар пријател (Митја) во редовите на НКВД, велејќи дека немал друг избор, командантот одговара: ако не можел да одбие, тогаш требал да се самоубие! Што ќе рече: секогаш има избор. Радикални времиња - радикални рецепти!!!



## КОЈ Е ОВДЕ ЛУД?!

„Дали ти мислиш дека сум јас луд? - Вие секако сте болен човек. – А каква е таа болест, Јаковљевиќ? Јас себеси не можам да се видам од страна. А не е убаво, Јаковљевиќ, да бидам луд а тоа да не го знам“ ... тече легендарниот дијалог помеѓу Бата Стојковиќ (Илија Чворовиќ) и Бора Тодоровиќ (проф. Јаковљевиќ) во (уште полегендарниот) „Балкански шпијун“.
И не може човек да не се согласи со констатацијата дека не е убаво да бидеш луд, а тоа никој да не ти го каже. Дилемата, можеби, е: дали кажувањето треба / мора да биде отворено изречено, или е прифатлива и некаква „завиткана“ форма? На пример, дали баш мора директно да биде изречена пресудната реченица „вие сте луди“, или тоа може да се каже и поинаку, со поблаги зборови но со (релативно) истото значење и ефект. И зошто нам никој не ни кажува дека сме луди? Зашто, според ова што го трпиме, не сум сигурен дека можеме да се кандидираме за друга, поблага квалификација. Односно, без оглед дали дијагнозата ќе ни биде кажана директно в лице, или некако заобиколно – од типот „шеќе бабо по крову“ – резултатот е горе-долу ист.
Или, можеби, ние сме во заблуда, не гледаме и не слушаме добро? Поточно, можеби не гледаме дека веќе ни било кажано, и директно и одоколу, дека сме навистина – луди? Бидејќи, ако баш сакате, зарем некој би го трпел ова, толку години? Се разбира, оваа локална лудница можеме да ја наречеме и „држава-гротеска со тотално искарикирана реалност“ (Срећко Поповски, „саботерот“), или „искривена реалност“ (Горан Теменугов), ама мене најверќе ми личи на - најординарна лудница! Само што, повторно, не се знае кој овде е луд зашто не може самиот да се види отстрана!

А всушност, ако малку ја активираме меморијата, ќе видиме дека тоа и не е којзнае колкава мистерија. Ќе видиме дека дијагнозата ни била - нам, на „обичниот“ народ - кажана многупати досега, и отворено и во „завиткана“ форма, и директно и одоколу. Или ние упорно мислиме дека ова околу нас е некаква нормална ситуација? И нормална држава? И нормален народ?
А во која тоа „нормална ситуација“ оној Хорхе кој упорно глуми претседател на држава што се распаѓа по сите шевови, би молчел ко туткун при (не само) денешниве збиднувања и би се шетал низ регионов ко да не му гори под газот? И би им држел лекции ту на ЕУ ту на НАТО, перејќи си ги рацете ко Понтие Пилат? И која нормална држава и кој нормален народ би го трпеле, таков каков што е’? Или во која не-луда држава би го трпеле статистон како глуми режисер и архитект, или лигњана како замислува дека е инкарнација на Кристијан Бернард, или оној хипо како замишља дека е братучед на Тајсон ...? Сето тоа биле отворени, директно искажани и воопшто незавиткани експликации за тоа кој е овде луд. Треба(ло) ли да ни се каже уште поотворено? Или, зарем најбезобразното инсталирање - без каква и да е’ толеранција на јавното мислење - на една умоболна идеја наречена „Скопје 2014“ не е само доказ плус за третманот што го добиваме од овие? И за отвореното, поотворено здравје, посочување дека со луд народ нема зошто да се разговара за „важни“ нешта? И малку ли ни беа т.н. „бомби“ за да си го видиме вистинскиот лик во искривеното огледало зашто, всушност, низ „бомбите“ не говореа само криминалците туку и лудаците кои толку години шетаа низ земјава?! Или аферата „Телеком“ која уште еднаш ни докажува дека сме доволно луди да не’ насамарат и со такви договори преку кои ќе плаќаме уште поскапи телефонски услуги за да некој си ги полни резервните џебови во странските банки (зашто локалните овде им се веќе преполни, не собираат повеќе!)?

И уште еднаш: која нормална држава и кој нормален народ цели десет години би гледале дека околу нив се случува ова што се случува кај нас, и – би молчеле? И која нормална држава и кој нормален народ би гледал како му ги разнесуваат парите на секакви будалаштини, плус по некакви рајски острови и – би им давал уште повеќе, секоја божја година, не прашувајќи ништо? А впрочем, каде на друго место освен во луда држава можете на народот да му продадете „математика“ дека 5 и 7 се - 19?!

Сите манифестации на македонската политика и нејзините пајтонлари миленичиња последниве години, се манифестации на отворено посочување дека сите ние сме луди. Ама не знаеме односно не можеме тоа да го видиме зашто, нели, како што вели Чворовиќ, не можеме себеси да се видиме од страна. А тие не' гледаат. И ни се смејат. И треба да се смејат бидејќи вакво подигрување со сопствениот народ е незабележано во историјата на модерна Европа. И ваква пљачка! Лудилото се претвори во систем во којшто функционираат само тие. 5 илјади плус 7 илјади се 19 илјади! А ние - гледаме. Дури и не се чудиме. Освен малкумина.
Затоа, впрочем, ќе се осмели да стане и оној неодамнешнион полицаец и антикорупционер и безсрамно ќе ни држи отворени лекции што треба *ние* утре да правиме. Или еден од оние прескапо и со наши пари (пре)платени „народни“ пратеници, кој ноншалантно излегува на говорница и искажува *резерва* (види мајката) кон извештајот на оној „некојси“ Прибе, зашто не можело човек за само една недела да види што и како се случува(ло) во Македонија и згора на тоа да даде такви оценки какви што дал. Тој, пратеникот, да ти мисли дека на умни луѓе им треба безмалу цела година за да видат кој е овде луд, и до кој степен.
Или онаа велелепна травестија на двајцана потписници (а во име на партиите им) на законот за амнезија. Не знам дали кандидиравме наш филм за годинешниов Оскар, ама овие можеме комотно да ги пријавиме за оскарчиња за главни машки улоги. Каков налудничав двоец, како од цртан филм! И заради нашата лудост, впрочем, и Трифун Костовски може да излезе и да бара Општина Центар да спроведе „процедура“ за тој да си ја повлечел дивоградбата наречена споменик на Мајка Тереза. И Општина Центар веројатно треба да биде доволно луда па да се бави со тоа, кога веќе не успеа истиот споменик, уште на времето, како дивоградба, да му го дислоцира - на негов трошок, се разбира - пред вратата на неговата куќа! Или, зарем идејата за 17 бонус пратеници за победникот на идните избори не е отворено потсмевање со (не)умот и (не)разумот на народов, и тоа по којзнае кој пат годинава (имајќи ги предвид и сите други најбезобразни изјави за странски служби, жолти комбиња, сечење, лепење и монтирање итн.!)? Та зарем кај нормален, или не-луд народ, би можела, после цели девет години бламирање во коалиција со оваа и ваква власт, да излезе Лилето на тато Блаже пред професионалнине војници и да им ветува дека таа ќе им го реши проблемот? И тие да ја слушаат наместо да ја измаршираат? И само во луда држава ќе се осмелат оние шапшали од некаков Совет на јавни обвинители - за кои, апропо, до вчера не ни знаевме дека постојат зашто беа напикани во глувчја дупка - да коментираат што, како и колку и' треба на спец-обвинителката. А не смееја да зуцнат како треба да се гонат криминалциве и колку векови треба да одлежат за стореното?!

Затоа, поотворено кажување дека сме луди и дека можат да ни прават што сакаат - нема. И не ни треба да си се гледаме од страна, како Чворовиќ, туку е доволно да ги гледаме нив како се однесуваат кон нас. И да прифатиме дека лудилото не' обземало целосно. И не мрда, не си оди, ако ништо не се преземе, се разбира. Веќе денес, или утре, ако на дотичниве не им се стави јасно и гласно до знаење дека тука можеби има луди, ама тие се во нивните редови, тогаш останува дамката на лудилото на наша страна. И не само таа, туку и дамката на срамот, на кукавичлакот, на опортунизмот ...

*„Нормална ненормалност“*

Ми се допадна формулацијата „ненормална нормалност“ на г-ѓа Фросина Ременски. Или можеби некому повеќе му се допаѓа - нормална ненормалност? Обете формулации во суштина посочуваат на истата теза, само на поумерен, покултурен начин, и со различно акцентирање. Лудница, и луди, звучи навистина грубо, ама мислам дека сепак повеќе одговараат на нашето секојдневие. Зашто кога оној Зврлевски бесрамно ни објаснува дека тие (обвинителите наши непрежалени) не биле политичка институција и постапувале согласно законот, а ако некој „... донесе политичка одлука да формира политичко обвинителство јас се гордеам што ние не сме политичко обвинителство, а тоа обвинителство нека си постапува согласно политиката“, дали е тоа „ненормално нормално“ или е - лудо? И навистина би било малоумно од мене сега и овде да се обидувам да расправам за тотално промашената работа на македонските обвинители кои сиве години не само што не успеаја да се справат со криминалот туку не сакаа ниту да го чепнат, ама сега „смело“ и „одважно“, по наредба на газдите, ќе го урриваат специјалното обвинителство. Ама сето тоа повторно ме враќа на тезата: кој е овде луд? И навистина ли уште ќе им дозволуваме на вакви „ненормално нормални“ некадарници да не’ гледаат како нивни играчки?
Зашто, нашето општо лудило што ги трпеше овие и вакви персони да ни преоткриваат топла вода и да ни кажуваат што е добро а што не, да земаат огромни плати и да не работат ништо, е една работа. За нашето општо лудило - со чесни исклучоци, се разбира, а јас сакам и можам (за разлика од порано цитираниот Чворовиќ) да се видам „од страна“ себеси меѓу нив - ние си ги добивме овие девет години мизерија. Но ги добивме не од некакво сериозно мноштво, адекватно мнозинство „ненормално нормални“, туку од еден грст налудничави нераниmajковци, од една „шака јада“, меѓу кои некои и со тапија за „ненормална нормалност“! Нивната манипулација со луѓето, медиумите, законите и особено со парите, користејќи го општото лудило, создаде впечаток дека станува збор за не знам каква поддршка, за некаква масовност и слично. А всушност (уште еднаш) - шака јада! Тоа сега најдобро се гледа. Како од авион!

Односно, лудилото на македонската политика, преку соодветни еднакво налудничави „филијали“ во сите други општествени области, беше директно инјектирано во сите (нај)важни пори на државата. А инфилтрацијата на лудилото не е така тешка работа. особено кога се имаат неограничени финансиски ресурси. Туѓи, се разбира. Зашто, политиката, сама по себе, односно политичарите (иако нашиве се тешко подведливи и под тој поим), особено оние со авторитарни амбиции, не можат без кругот на марионетите кои ќе одработуваат за нив. Доволни се по два-три „ненормално нормални“ или „нормално ненормални“ во секоја област, односно стотина до двесте налудничави и полуписмени „стручњаци“ во целиот апарат - а нив сега ги гледаме на дело - и системот функционира!
Дали е, на пример, „ненормално нормална“ или „нормално ненормална“ следнава констатација: „Амбасадата на САД и делегацијата на ЕУ во државава вчера директно ставија под свој диктат македонска институција и тоа Советот на јавните обвинители, кое е автономно регулаторно тело од правосудната власт - власт која според меѓународните стандарди за парламентарна демократија, но и според нашиот Устав треба да е независна“[65]. Нормално за оваа лудница, „новинарката“ не спомнува дека тој фамозен Совет, конечно излезен од дупката во којашто девет години се криеше, самиот се ставил во таква позиција - или, ако сакате, го ставила токму македонската Влада и Собранието односно „системот“ што тие го штитат -

[65] Катерина Нешкова, *САД и ЕУ му издадоа наредба на Советот на обвинителите*, Дневник, 14.10,2015

прифаќајки го Законот за посебното јавно обвинителство, каде што јасно стои дека „Советот ќе го избере јавниот обвинител на седница на која се присутни најмалку 2/3 од вкупниот број членови.“ Или, преведено, никој и не го прашува тој фамозен Совет дали сака или не, туку децидно се вели дека „ќе го избере јавниот обвинител“! И што е тука нејасно, и кој тоа става под диктат „независна“ македонска институција? Или, ајде да пробаме, веројатно си вели „умнава“ новинарка, во оваа лудница никој нема да ја забележи ординарната лага?!
И не дека оваа е сама, туку вакви подеднакво „умни“ типуси очигледно уживаат во лудницава и општите и личните лаги. Па и еден Коле Манев, со прилично бела коса на (дали празната?) глава, без срам умува како „... Шекеринска (која) сака да не' убеди дека прислушувањето го направил премиерот Груевски ...“, односно дека „кога некој, затоа што нема што друго да понуди, нас граѓаните сака да не' направи недоветни, неспособни да резонираме и се обидува со сила, ако може, да ни напика в глава се' што им треба и како ним им одговара ...“[66]! И џабе му е и на Прибе извештајот, и сите анализи, па дури и признанија кој и како ја водел и ја вршел таа одвратна операција, нашата нормална ненормалност го мисли само тоа што сака да го мисли.

Или, ако ова е малку, еве како една друга „компетентна“ персона ги гледа нештата: „Работите за бомбите се толку јасни што и свети закон за свиркачите да се донесе не може да го испере СДСМ од правниот бербатлук што го направи со јавното објавување на незаконски стекнатите материјали. Со ниту еден јавен интерес и општо добро на кое се повикуваат не можат да ја оправдаат штетата што неповратно му ја нанесоа на правниот систем на земјата“[67]! И да немаше текстов наднаслов „Политичко лудило“ (што само ја потврдува мојата теза), некој ќе го сфатеше, можеби, сериозно. Што ќе рече, по којзнае кој пат истиот фолк рефрен: не се важни криминалите на врхушката, виновен е СДСМ што ги обелодени; не се штетни за државата милијардите украдени и разнесени којзнае каде евра, туку оние кои посочија на кражбата; не се виновни оние кои под нозе ставија и систем, и Устав и закони, туку оние кои ги обвинија за тоа ... итн! И нема ама баш никаква врска што Заев од Израел, документирано им ја плеска в лице вистината за набавката на опремата и за бараното мито како директни докази и за самиот чин на прислушувањето. Не бре брате, нашиве „нормално ненормални“ имаат еден рефрен научен како „оче наш“!
И затоа, како по правило, нашево лудило секојдневно зема замав, марионетите на системот платени за тоа како по утврден распоред се јавуваат и настојчиво шират „ненормална нормалност“. И ќе тераат така, по задача, забревтано, уште извесно време, додела системот целосно не се распадне. Односно до денот кога ѕвонците на шапките им толку силно ќе ѕвечкаат што не ќе можат никаде да се сокријат.

### *„Стручно лудило“*

Сега, гледам, во општово лудило, сите, ни мање ни више, ќе се занимаваме со „ликот и делото“ (па бар да е некој лик и некое дело!) на Зврлевски, како да немаме попаметна работа или можеби, нешто ќе докажеме. Нему, или нему сличните. Впрочем, оние тоа и го сакаат, затоа и беше пуштен овој како мамец за кленови. Она со што можеби треба да се занимаваме е како во иднина да немаме такви ликови во струката (која и да е'), а особено во политиката. Зашто овој лик е речиси стереотип, синоним за сите наши лудила, минати и сегашни. Минати - поминати, поодамнешни. Зашто сегашново си има подлабоки корени. На пример, човекот да ти

[66] Коле Манев, *И влакното е дело на Пикасо*, Дневник, 14.10,2015
[67] Тања Каракамишева Јовановска, *Како приказните за мали деца го разнебитуваат правниот систем*, Дневник, 14.10.2015

бил во Обвинителството цели 26 години. И? Тоа автоматски го квалификува за државен јавен обвинител? Кој не разликува право од политика, уште помалку политика од струка?! Па ние сме полни со такви „стручњаци“, со приучени неспособни персони „со стаж“, залегнати во државните институции. Зарем ќе беа на ова дереџе да не беше така. И зарем тоа Обвинителство каде што тој е шеф не ќе ги преспиеше годиниве да имаше некој посаглам од него? Или, како најбениген пример, ене ви ја Националната галерија како жив споменик на глупоста: кој се' во изминативе години не стана директор зашто имал ваков и таков стаж, ама видете ја институцијата на што личи! Или, ако сакате, и бабо дваесеттина години чисти чевли пред Чифте амам, па ајде да го направиме главен кустос? (Иако сум сигурен дека би бил подобар од некои кои за тоа со години примаат државна плата).
И нема тука ништо претерано, зашто ова е едно од нашите посеопфатни лудила што не' следат со децении. Дека некој мора да се пензионира таму каде што почнал да работи. А попатно да стане и директор, ако фати добри врски. Независно од знаењата, способноста, интелектуалните капацитетите, стручноста, моралните квалитети ... Или, ако одиме баш политички, дека секоја шушумига може да биде премиер како прво и единствено вработување. За министер да не правиме муабет, овие ги регрутираат уште од основно училиште!

Нашето лудило стана национален спорт број 1. Секоја будала е способна за се', само треба да биде упорна. И да ги знае вистинските луѓе. Е па зошто тогаш се чудиме на кое дереџе спаднавме? Тоа што политиката е начисто побудалена можеби и не е толку алармантно. Ама кога ќе побудали струката, професијата, тогаш, богами, треба да се стави прст на чело. Ако има нешто позади челото, се разбира.
И нема да свирам на тенки жици потсетувајќи на болните сегашни и неодамнешни трагедии во здравството коишто однесоа млади животи заради немарност, незнаење и непрофесионализам. Ама баш би сакал да чујам за европски и светски примери каде еминентни лекари имаат помали плати од хигиеничарите во некои државни агенции. Или, ако сакате, каде пак „еминентни“ лекари ја напуштаат професијата за да станат - политичари! Или, каде на полуписмен свет им се доверуваат значајни национални институции за нивна забава? Или каде што (налудничави) „стручњаци“ пишуваат учебници, ги учат децата и студентите, магистрираат, докторираат ... па уште стануваат и цитирани по нивните будалаштини?
Зашто, што друго е бисерот дека „...Наркоманите се добри познавачи на рок и поп-музиката, особено ако таа музика ја изведуваат музичари наркомани како Џими Хендрикс или Џенис Џоплин. Нивните средби задолжително се проследувани со разговор за актуелните музичари - наркомани, се дискутира за нивниот живот и нивните најнови активности од светот на музиката. Неретко младите наркомани преку своето облекување и однесување ги имитираат своите идоли, што претставува голем финансиски издаток за родителите. Ова би требало да претставува алармантен знак за родителите дека нешто чудно се случува со нивните деца. Особено ако синот или ќерката подолго време поминуваат лежејќи во кревет покрај музичките системи со бучна музика на само еден вид рок-пејачи и доколку нивната музика ја повторуваат повеќепати трудејќи се да ја запаметат и притоа останувајќи отсутни за средината во која живеат“[68]. Каков „стручен“ ум, ве молам, може да смисли, да искаже, а згора на се' и да напише ваква идиотштина? И, на пример, да ја прогласи целата рок генерација во светот за наркомани само зашто тупакот не разбрал за што таму станува(ло) збор? Или дома му забранувале

[68] Контроверзната книга „Дрога - болест на денешницата“ на д-р Бошко Томовски, чиј извадок деновиве кружи на социјалните мрежи, велат дека е цитирана и во докторски дисертации. Изданието на книгата е од 1998 година, а до ден-денес наводно се користи како референца во научни трудови.

да носи долга коса и да го слуша Џими зашто ќе стане - наркоман? Ама лудилото, повторно, не е негово. Наше е односно на оние кои од него направиле д-р, или стручњак или што ли?
Пред некоја година пак, еден магистар (денес и тој д-р) психолог, веројатно не знаејќи каде да се фати, се беше закачил за уметноста и ни ја плесна в лице неговата „оструомна“ теза дека „маката создава уметност, радоста - кич“ (???). И не само што на тој начин „стручно“ ја искасапи светската уметност од нејзината појава до денес, туку продолжи и дека „македонската уметност е феномен за себе, речиси немерлива со која било друга национална уметност во психолошка смисла. Таа е грандиозна најмногу поради длабинската историја во себе. Македонците, како еден од најстарите народи во Европа, поседуваат огромни количества наталожена архетипска основа “[69]!?? Е па ај не прашајте: кој е овде навистина луд?
А ви текнува на госпожана „стручњак“ која сите разведени ги прогласи за болни? Па и таа подучува студенти, ако не се лажам!? Или сите оние „новинари“ ставени во функција перманентно да долеваат масло на лудилото, па „професорине“ по факултетите кои отворено застапуваат политички опции заради реизбор, или целана „уметничка“ фела стопена во локалното лудило наречено Скопје 2014? А бидејќи го спомнав и тоа лудило, и мислењето на еден „филозоф“ од нашава паланка дека со некакви си публикации „... ќе се докомплетира длабинската смисла на проектот Скопје 2014 односно споменициите на големите македонци ќе добијат и своја духовна страна“[70]! Како ли нешто толку плитко и налудничаво може да добие каква и да е’ смисла, па уште и „длабинска“? Што пак сведочи дека нашево лудило навлегло сериозно и „длабински“ во сите сфери на македонското битие, хранејќи ја и одржувајќи ја во живот константата на идиотштината на македонскава актуелна политика!

Ако ни е сето ова малку, секогаш е тука нашион дежурен палјачо Љ. Георгиевски и неговата ненадминлива интелектуална перверзија, деновиве овековечена во испрдокот дека „преговорите во Пржино се бандитизам“! Се разбира, ништо друго во изминативе девет години - кога и тој, меѓу другите, ја простре пред манипулативната политичка гилотина сопствената творечка кариера - не му остави впечаток на човеков, туку токму почетокот на (рас)падот на неговите газди. Или - секогаш така и било, кај него и кај многумина други? Да се провираат користејќи го општото лудило, особено политичкото? Впрочем, политичарите од ситен, безначаен формат како нашиве на власт по правило се анемични балерини, некадарни манекени неспособни да активират поголемо внимание. Нивните лаги се со краток век, заради што им е неопходна онаа пропратна машинерија (стручна, професионална, интелектуална) што понатаму (ќе) го витка во обланда нивното лудило и му го продава на народот. Впрочем, токму тоа е и неговата загриженост за „геноцидноста“ на идејата дијаспората да не гласа - да му се држи заробен умот на неинформираниот граѓанин дека, на пример, од 80тина илјади македонци во Австралија, на избирачкиот список има само околу 1.600. И тие ако не гласаат, е тоа ќе било пропаст за македонската дијаспора?

### *Помпезни дворски лудории*

Многу би сакал да слушнам некој деновиве да ми каже дека не живееме во типично лудило, дека кај нас нормалноста сепак надвладува, дека силите на мракот се под контрола. Еден аргументиран глас кој би рекол дека младите генерации, барем оние

[69] Весна Дамчевска, *Маката создава уметност, радоста - кич*, Нова Македонија, 20.06.2011
[70] Тони Науновски, *Учење од историски документи*, Дневник, 13.10.2015

што останаа овде, живеат во каква-таква, некаква, здрава средина со нормален ритам, стандарди, вредности ...!
Ама како би, кога цела Европа, плус Америка, се запнале да им докажуваат на пациентиве дека вака не може да продолжи, а овие мува не ги лази и смислуваат дополнителни „квакички 44" како да ја заебат цела држава? Или оние шест-седум шапшали во некаков Совет кои начекаа пет минути и се одмаздуваат на се' што е малку нормално во земјава? Владата пак смислува илјада и еден начин како утре дополнително да се мајтапи со онаа (евентуална) идна преодна композиција што ќе глуми влада, одземајќи им ги сите - и буквално сите - ингеренции на министерствата и идните опозициски министри. Никој дури не може ни да предвиди што следува понатаму, какви се' мангуплуци ќе излезат од „белата шампита" за да го пролонгираат овој налудничав танц.
И прашање: навистина ли беше толку тешко да се предвидат сите овие сопки, до една, што ќе ги следат овие во суштина бесполезни „преговори"? Зарем толку беше тешко да се антиципираат тактиките и потезите на пациентажава, и да се оневозможат, однпред? Или - кој може да предвиди што ќе стори луд човек? Ама, нели е и тоа една од клучните одлики на добрата, професионална политика - да ги предвиди чекорите на противникот и соодветно да парира? Секој нов ден кај нас е ново лудило филувано со незаборавни елементи од неисцрпниот арсенал на политичкава банда.

Културата пак, по правило, е одличен катализатор (и) за политичкото лудило, или за „ненормалната нормалност", секаде, па и кај нас. И тоа во сите сегменти, од „програмски" и „проектни", дневни и долгорочни, до манифестациони - подразбирајќи ги тука аплаузите на отворена сцена на сите идиотштини што ги произведува оваа актуелна македонска режимска „култура", но и глумењето лудило дека не гледаат што и како се случува околу нив. Последната - (уште еднаш) во режија на „табернакулци" и нивната т.н. награда „Табернакул" ама во името на Владата и нејзиниот челник - е само нова коцкичка во повеќегодишниот мозаик на нашите отворени манифестации дека лудилото е составен дел (и) на секоја авторитарна култура. Затоа и не докрај ја разбрав Бузалкова зошто со индигнација се буни дека „... во салата на МНТ, во точно 21 часот и 20 минути или точно еден час и дваесет минути од почетокот на настанот, влезе премиерот со своето обезбедување и седна во првиот ред ..."[71]! А како инаку ќе се знае кој е шефот односно давателот на наградата? Всушност, тој воопшто не невообичаен чин само на дело ја потврдува тезата за тоталната некултура, за културата само како украс на помпезните македонски дворски игри, чин парадигматичен за сите наши (не)културни случувања. И дали навистина некој е до толку забеган да мисли дека во културата сиве овие години се случувало нешто поинакво од другите (поважните?!) сегменти во државава? Дека течеле некакви независни или не-знам-какви (културни) процеси а не најпростачко политичко лудило, многу слично на последново во „позлатениот" МНТ?
Она што мене ме чуди - или, подобро, што веќе не ме чуди - е: што мајка барале сите тие луѓе таму, во „златниот" кафез на македонската (не)култура подарен на народов директно токму од раката на шефот? Па после им пречи кога и како тој дошол, или зошто дошол (а кој да дојде, Хорхе, како „подобра" варијанта?), па се прават налудничави дека не знаат кој ги дава парите за наградата и зошто тоа го прави ...?! Помпезноста е неодминлива (и омилена, како што сме можеле да видиме илјада пати) сценографија на ваквиот тип репресивни режими, особено во предизборјето, па така и на нашиов. Особено пак кога „на гости" ќе имат такви имиња како Том Стопард и Херта Милер, годинава, или оној памучнион и

[71] Зоја Бузалкова, *Не се важни Херта Милер и Том Стопард, важен е Груевски*!, ОКНО, 16.10.2015

„независноно“ русче минатиот пат. И годинашниве, како и претходните, извонредно се вклопија во локалното лудило правејќи се мутави дека не знаат каде се и кој им ги дава парите, пардон - наградите. И сите се луди и никој не прашува за што тоа македонската Влада ги наградува? Или, можеби, некој ќе поверува во флоскулата на г-дин Мухиќ дека „Настанот ја легитимира и Македонија, но и Табернакул на светската книжевна сцена“? Па дајте, ве молам. И која тоа Македонија, ако смее да се праша? Оваа?
Згора на се’, велат, г-ѓа Милер претходно одржала и некаков говор при што потенцирала дека „да се молчи за диктатурата е најлошо“! Е па, frau Muller, дали некој, случајно, ви кажа каде доаѓате и кој навистина ви ја дава наградата?

И некој, можеби, го гледа дури и еден Саше Ивановски како пандан на лудилото на власта, ама човекот минатиот пат стана и праша: алоооо, вие нормални ли сте, знаете ли каде се наоѓате? Е не може секоја година човекот да го прави истото, зашто верувам дека годинава и не ќе го пуштеле да влезе. Го научија. Ама, немаме ли уште барем два-тројца „сашиња“ да го сторат истото, или нешто слично? Нели токму еден таков (според се’ бравурозен) пресврт би му доликувал токму на филозоф од калибарот на еден Мухиќ?
Ама не, туку од ден во ден, толку години со ред, трае (и) истото културно лудило и безмалу никој - или само оние навистина одлепените? - прашуваат: до кога? До кога ќе се правите луди дека не гледате што и како се случува во македонската налудничава култура, дека не слушате што и како се говори за неа во светот, дека секој испрдок на актуелниве културтрегери се евидентира и слави како незнам какво творечко достигнување, дека секоја шушумига (ама буквално секоја) стана „заслужна“ и „реномирана“ да не’ претставува во странство, дека секоја будала се самопрогласи за уметник, писател, глумец, архитект ... а овие му аплаудираат, дека културниот буџет е сведен на партиско чекмеџе за задоволување на амбициите на една толпа некадарници, дека ...? Зарем никој не гледа дека институциите потонаа во ништавило, во тотален партизиран културен мрак, дека нивните „директори“ се само тапоглави шрафчиња во еден обезвреднувачки систем чии „резултати“ допрва ќе ни се удираат од глава?
Некој ќе рече дека ако културата не успеа да излезе од ова лудило, што очекуваме од другите области? И тоа можеби е точно, бидејќи културата обично ја гледа(в)ме (само) како перјаница на интелектуалата на една држава. Ама нашава перјаница е одамна изветвена и избербатена, ослепена, оглувена и онемена. Наспроти дури и сето она што го чувме низ серијалот т.н. „бомби“, каде и културата, преку официјалниот претставник „Скопје 2014“, беше целосно разголена - да не речам разгологузена - заедно со нејзината прва „дама“ - госпожата министерка за (не)култура.

Затоа, очигледно е, ова лудило, па и во културата, нема намера да престане ако некој не му стави крај, ако не го викне жолтото комбе да ги собере лудациве и да ги смести таму каде што припаѓаат. Ама, изгледа, нема кој да го викне. Дури ни Хан, ниту пак св. Хан ја нема таа моќ. Или - не сака да ја има? А богами и никој од внатрешниве. А можеби лудилото е и вистинскиот „формат“ на оваа држава, нејзиниот modus vivendi?
И, можеби, тоа е суштината на барањето на г.г. Стефан да се препогребаат, превенчаат и прекрстат сите Македонци од Австралија кои не се дел од црквите кои се под јурисдикција на владиката Петар? И ние овде треба час побргу тоа да го сториме, плус да се посипеме со пепел, да си ставиме по еден каранфил во реверот и да ја запееме „Излези момче“. Само така ќе заличиме на она што навистина сме!



# ИСТОРИСКИОТ ПРЕВИД НА МАКЕДОНСКАТА ДЕМОКРАТИЈА

## *Мртов зајак*

Јозеф Бојс (1921 - 1986), веројатно еден од најголемите уметници на дваесеттиот век, во 1965 година, во приватната „Galerie Schmela“ во Дизелдорф, го извел перформансот „Како да му се објаснат сликите на мртов зајак“. Сосема неоправдано овој перформанс, со текот на времето, остана како најпознато „дело“ на Бојс, но за нас, во контекстот на овој текст, е битен неговиот почеток, не неговото значење за уметноста. Бојс имено го започнал перформансот со заклучување на вратите на галеријата, оставајќи ги посетителите надвор. Тие сепак имале можност да го следат перформансот - уметниковото „објаснување“ на сликите во галеријата на мртов зајак што го држел во прегратка - единствено низ прозорците на галеријата.
И не знам зошто перформансот на Бојс упорно ме потсетува на македонската политичка ситуација последниве десет години. Се’ некако ми заличува на два света - еден внатре и еден надвор - без соодветен модус за комуникација, без контакт, без разбирање. Особено денес кога, повторно, вратите од „галеријата Пржино“ или на некогашниот Клуб на пратениците се повторно затворени, а ние стоиме надвор и го набљудуваме перформансот на „големите“ македонски политички уметници.
Целата уметничка активност на Бојс беше насочена кон демократизација на уметноста, кон проширување на нејзините дефиниции, дури и вербално односно преку „објаснувањето“ на уметноста (како во перформансот со мртвиот зајак). Веројатно и нашиве политичари сметаат дека на овој начин ни ги прошируваат политичките и демократските видици, ги дополнуваат дефинициите за политичкото и демократијата односно ни ги објаснуваат македонските демократски достигнувања!?
Останува нејасно што, и како, разбра од перформансот на Бојс неговата публика, бидејќи можеше само да го види но не и да го чуе уметникот. Слично како и ние: можеме да ги видиме нашите политички „уметници“, но не и да ги чуеме. Зашто тоа што го слушаме - е неразбирливо мрморење!

Но, сериозно, Македонија последниве десет години е вистинска приватна галерија во која што една самопрогласена политичка „елита“ (сега веќе јасно и конкретно дефинирана како злосторничко здружување!) изведува некаков криминален перформанс, а ние стоиме пред (сопствените) заклучени врати и гледаме што се случува внатре. Гледаме но не слушаме (односно, започнавме да слушаме пред некој месец со „Вистината за Македонија“), набљудуваме но не разбираме што се одигрува пред нас. Со платени билети, со сиот наш вложен имот и живот, тие не’ држеа пред затворените врати на сопствената галерија / земја објаснувајќи ни дека тоа било демократија, дека така требало, дека така ќе не’ однеле во ЕУ и НАТО! И таму ќе сме биле посреќни и побогати, иако тие очигледно нивната среќа и благосостојба ја планирале на некаков Св. Винсент, Белизе или можеби Флорида.
И до доаѓањето на некои поучени, или со подолга историска дистанца интелектуалци, ќе остане мистерија како не можевме, како и зошто не знавме да ги видиме сите манифестации што укажуваа на злото што ни претстои, како и зошто не успеавме да ги прочитаме знаците што упатуваа дека тоа што ни се случува нема врска ни со политика ниту со декомратија, а најмалку со грижа за народот и државата?
Зашто, дури и да имаше (многумина) такви кои со скепса, или неверување гледаа на некои (сепак малубројни) домашни укажувања за тоа што и како ни се случува(ше) и кон што водеше македонскава ситуација уште од 2007та, 2008та, а особено

подоцна, не верувам дека после т.н. бомби на СДСМ таа групација беше којзнае колку голема. А сигурен сум дека особено денес, после т.н. Извештај на Прибе, сосема мал е бројот на тие кои се сомневаат во вистинитоста на криминалното однесување на оваа власт. Тука, се разбира, не ги подразбирам оние кои се професионално платени да се сомневаат во се' што не му оди во прилог на режимот. Елем, материјалот на Прибе (точен назив: Препораки на Групата на искусни експерти за системските прашања за владеење на правото поврзани со следењето на комуникациите откриени во пролетта 2015) може да се регистрира како вистински модел за тој тип текстови, со јасна методологија, аргументирани наоди и конкретни препораки. И токму затоа имаше - и се' уште има - ефект на нуклеарна бомба која што, после „бомбите" на Заев, дотолчи секаков сомнеж во карактерот, намерите и постапките на оваа власт, кој и како целосно неовластено и со години вршел прислушкувања на граѓани, итн[72]. Затоа, впрочем, никој не се осмелува ни уста да отвори контра тој т.н. Извештај, освен по некој несреќник одбран да си самопресуди и да изигрува тотална будала. Како оној „народнион" пратеник кому не му беше јасно како некој може за само една недела така рентгениозно да ја перцепира државава! Таквите како него сигурно мислат дека и во Европа, како кај нас, се станува експерт преку ноќ, од немајкаде или од досада, и времето главно се преспива, до мигот кога ќе го разбудат за да тропне некоја глупост.
Иако, впрочем, и годишните меѓународни извештаи за Македонија, безмалу сите во последниве години, беа со слична (малку позавиткана) интонација, прилично длабоки согледувања, прецизни лоцирања на проблемите и одговорностите ... итн.
Но, од друга страна, тој Извештај на Прибе, а и другите, само (поблаго) ги преповторија нештата што кај нас веќе секојдневно се пишуваа(т) за македонските состојби, за степенот на криминалот и корупцијата навлезени во сите пори на општеството, особено во државната администрација.

Повторно: овој (жален) период од современата македонска историја сигурно ќе биде предмет на идни сеопфатни проучувања, од (да се надеваме) објективни историчари без предрасуди кон личностите и настаните што ја доведоа земјава до катастрофава со невидени до сега размери. Но тоа е нешто што ќе се случува утре. Денес пак сме прилично поумни од вчера. Денес многу појасно се гледаат и проценуваат сите манипулантски пароли и однесувања на сегашниве властодршци. Денес, исто така, многумина отворено говорат дека вакво нешто не смее да се повтори. Но, за да успешно спречите повторување на нештата, особено на непријатните од овој тип, неопходно е да ги познавате условите, причините, генезата на нивното настанување и развој. Тоа секако ќе биде предизвик на таа *некоја* иднина, блиска или подалечна, и на поединци далеку поподготвени (научно и критички) од актуелната македонска историска (социолошка, политичка, филозофска ...) мисла. Но денес, исто така, мораме отворено да признаеме дека во дадениот миг, во таа 2006 и 2007 година односно во самиот зародиш на денешнава катастрофа, само малкумина (всушност се броеа на прсти!) ги дешифрираа скриените знаци и пораки што упатуваа на иднината. Зошто? Бидејќи општеството во тој миг се соочи со непознаница од тој тип? Бидејќи никој не помислуваше дека (наводна) македонска патриотска политичка партија може така да се однесува кон државата и народот? Бидејќи Македонија веќе одамна ги имаше заборавено латентните тоталитарни шифри со можен фашизоиден происход?

---

[72] Апропо спомнитот Извештај, на професионално платените сомничавци ништо не им значи ни фуснотата бр. 6 во Извештајот, која во врска со тоа кој всушност прислушкувал во Македонија, децидно вели: „This fact has been acknowledged to the group by the former Director of the intelligence service (UBK) and can also be inferred from the plea bargain admissions and subsequent conviction of a former employee of UBK"!

Не мислам дека е лесно да се препознае вистинското лице на еден режим во настанување, завиткано во маската на борбен патриотизам и со важен историски префикс на партиското име. Тоа особено не е лесно, односно - тешко е, за помладите генерации чии познавања (за жал и знаења) на историјата и минатото се далеку од доволни за вакви ситуации. Но мислам дека во нашиов случај (којшто несомнено ќе се учи во идните европски учебници!) потфрлија и оние кои веќе имаа слични искуства со тоталитарните режими. Зошто - не знам, но ќе се обидам понатаму да издвојам некои знаци што не смеевме да ги превидиме!
Но, за сега, бидејќи почнав со зајак, и ќе завршам со зајак, овојпат со зајакот на Умберто Еко. Имено, Еко не само што е еден од најголемите писатели на дваесеттиот век, туку е и голем семиотичар (како прво „занимање“) и сериозно се бави со таа проблематика. Еко смета (а мојата маленкост ќе се обиде најдобро да го парафразира) дека когнитивното сознавање, особено на непознатите нешта (предмети, живи суштества, појави) е прилично комплициран, комплексен и доста непознат процес. Не само заради се’ уште за нас нејасните случувања во (како што вели) „црната кутија“, туку и заради сложениот процес на когнитивна типолошка обработка, искуството и сл. И дава пример на човек кој ноќе се движи по замрзнат спореден пат и гледа дека во пресрет му доаѓаат две бели светилки. Дали човекот, не знаејќи што е тоа што му се приближува и не активирајќи ги на време когнитивните процеси, ќе се закопа среде патот како маѓепсан зајак и ќе дозволи да биде прегазен од возилото што доаѓа? Се разбира - не. Но, повторно, се’ си мислам дека ние во изминативе години бевме и зајакот на Бојс и зајакот на Еко. И завршивме покрај патот, прегазени!

### *Terra incognita?*

Историјата покажува дека ниту една - или, подобро речено, ретко која – (негативна) општествена појава, тенденција, случка ... освен оние најригидните, се разбира, што почнуваат и (главно) завршуваат насилно и во крв, е соодветно препознаена во самиот зачеток. Односно, ако се задржиме само на поновата историја, ни сталинизмот во некогашниот СССР, ниту пак фашизмот во Италија, неговиот пандан нацизмот во Германија и тн., во мигот на настанувањето, па и во првичниот период на ширење, не емитувале така застрашувачки сигнали што би ѕвонеле на узбуна кај слободномислечкиот свет во дотичната земја. Дури, како по правило, нивните авторитарно - злосторнички мрачни страни попрво биле насетувани / препознавани *вон* отколку *во* дадените земји. Немам одговор зошто е тоа така, но тоа и не е поентата овде.
Меѓутоа, сталинизмот бил пошироко препознаен како крвав тоталитарен систем дури откако се прочуле бројките на луѓето испраќани во гулазите во Сибир, фашизмот го покажал вистинското лице со прогоните на политичките противници, исто и нацизмот, плус хајката против „нeариевскиот“ дел од популацијата, насилните воени дејствија против соседите, холокаустот итн. И, на стартот да ги избијам евентуалните идеолошки приговори, слично мислам и за некогашниот комунизам / социјализам во екс Југославија. Односно, само малкумина знаеле за Блајберг, на пример, и другите (партизански) злосторства на западниот фронт кон крајот на војната, како што, впрочем, малкумина знаеле и за Голи оток и сличните репресалии кон политичките неистомисленици. Иако, морам да додадам, а секој може тоа да го толкува како сака: размерите на тогашното југословенско лудило ни блиску не можат да се мерат или споредуваат со другите претходно спомнати.

Но, немам намера да ги оценувам минатите и за многумина заборавени историски процеси, иако (со право) умните велат дека историјата - барем поблиската - треба константно да ја имаме на ум. И да не ја трошам познатата латинска изрека, сепак,

историјата е (пре)полна со примери, слични или дури идентични, кои на луѓето, во даден миг, им ја дошепнуваат и актуелната вистина, односно им пружат, бесплатно, материјал за компаративно согледување на актуелните случувања. За жал, многумина тоа не го користат!

Македонската историографија, се разбира, и тоа е нотoрен факт, е приказна за себе. Не сум сигурен дека воопшто и може да се нарече наука. Повеќе ми заличува на некаква конзерваторска струка, каде што локални домаќинки подготвуваат зимница од локалните настани. Односно, македонската историографија ја чува македонската историја како зимница, и ја отвора кога ќе затреба. Поточно, кога политиката ќе огладни и ќе посака да замези - ред ајвар, ред лутеница. И овие спремно вадат теми / материјал за замезување  што се курентни и особено коњуктурни во дадениот политички и општествен миг.
Како инаку да се протолкува оваа актуелна (научно - хохштаплерска) глад токму за античката историја и историјата на вемерото? И ништо друго од македонската или (не дај боже) светската историја не е битно за нас? И како баш сега, во изминативе години се разви таа глад за „толкување“ токму на тие и такви настани што, види случајност, коинцидираат со политичкиот интерес на владеачката номенклатура? Или некој сака да ми каже дека им беше забрането порано да ги проучуваат овие периоди? Е баш би сакал еден, барем еден да се јави и да го каже тоа! И затоа ли денес на долго и на широко ни раскажуваат бајки за историјата на вемерото, за балканските војни, за Аце големиот ... бидејќи порано беа оневозможувани или зашто сега тоа добро се плаќа? Во социјализмот историјата беше особено профитабилна професија. Особено ако беше врзана за работничкото и социјалистичкото движење, Втората светсак војна и слични теми. Денес е исклучително профитабилна, ако умее на кеманeто да ги погоди тенките ноти на власта. А умее, секогаш. И секоја полуписмена будала стана историчар и толкува историја, со посебен акцент на спомнатите периоди. Денес сите се преориентираа во историчари: правници, лекари, апотекари ... Заличуваат на доцноразбудени национал романтични туткуни, на панаѓурски вергл кој врти една иста „мелодија“ ако ставите доволно парички! Умеат дури и без срам да не' убедуваат дека Александров не бил контроверзна личност туку контроверзни биле искажувањата за него! Мореее, каква „наука“ и „научност“!? А можеби и Ќосето, оној сериски убиец кому дури и споменик му изградија, можеби и тој не е контроверзна личност за нашиов „историчар“? Веројатно не е, зашто никој од нивната фела не се осмели глас да пушти!

И никој од тие силни историчари – зашто ним професионално антените би требало да им бидат подобро наштелувани – не успеа во изминативе години да согледа кон какви (историски веќе видени) процеси се движи Македонија? Да воочи дека нешто прилично (историски) познато, а грдо, се подготвува? И да укаже, да потсети, да компарира? И тука најмалку, односно воопшто не мислам на криминалните активности што почнавме да ги осознаваме последниве години, туку мислам на она крајно неуко, малограѓанско, партизирано, насилно устројство што се вгнездуваше во сите општествени пори и навестуваше репресивен систем? Или поисплатливо беше да се правиш мутав и да учествуваш во лукративното разнебитување на и она малку што остана од македонската историја? Веројатно зашто македонската историографија се' уште е на рамништето на романтична дескрипција наместо на научна дедукција!

Впрочем, истиот случај е и со македонската историја на уметноста која што годиниве се сведе на бувљак низ којшто тезгарат разноразни идиоти продавајќи се' што може да се продаде под фирмата – уметност. А богами на овие неписмениве може да им се' продаде се'. Македонската историја (повторно таа „историја“!) на

уметноста не покажува ама баш никаква волја да ги согледа, па нека е и од страна, „процесиве“ и „тенденцииве“ за заглупување до замирање на македонската уметност последниве години. Или чека „историска дистанца“, зашто така (наводно) функционирале историските судови. Иако сето тоа ви се одвива денес, директно пред очите како live илити reality show, тие ќе чекаат некакви „подобри времиња“ да кажат што и како мислат.
Ако пак ја прошириме темата на културата – која што, за право, никогаш и немала којзнае какви проучувачи, освен оние самопрогласени кои не разбираат подалеку од носот – се доведуваме во опасност да западнеме во траорно расположение. Зашто културата, (повторно) освен коњунктурата, денес е средсело, или гумно, за секакви плетач(к)и, шнајдер(к)и и шминкер(к)и (инаку општопознати како „дизајнери“, „креатори“ и „стилисти“), по некој „залутан германец“ кој мисли дека слика, глуми или пишува, и – толку. Се разбира, не ги заборавам и професорските кланови ушанчени во нивното книшко (не)знаење „кој, што и како кажал за културата“, разноразните социолози, филозофи, педагози и други „ози“, па земјоделци и други „елци“ ... И од целата таа булумента никој не виде во кои и какви насоки се движи македонската култура годиниве?
Ова може да заличи на оддалечување од темата, ама не е, бидејќи ретроградните авторитарни и тоталитарни (намерно овде не го вметнувам и поимот фашистички!) процеси во општеството ги зафатија сите области. И никој не забележа ништо? Па ни во здравството, на пример, се’ додека не почнаа масовно да умираат луѓе во болниците? Или сите манифестации, сите симптоми пројавени (некои дури и на самиот почеток) низ годиниве им изгледаа нормално за една - па нека е и млада - демократија?

Ако сите други можеа / можат да глумат наивност и неразбирање на знаците околу нив, историчарите тоа не би смееле. Зашто, за нив, како впрочем и за политичарите, политиколозите, медиумите ... тоа е прашање на стручност, на професионалност, на компетентност. Тие нешта за нив не смееа да бидат terra incognita! А сите се однесуваа токму така: како околу нив да се случува некаква претстава на јазик туѓ и неразбирлив, со сценарист, актери и режисер(и) дојдени од некоја друга планета. Е па не беше баш се’ така неразбирливо и непознато!

### *Последици*

Резилот што Македонија го трпи не само деновиве туку годиниве наназад е огромен, несвојствен и невиден во поновата историја на европските демократии. Капак се демонстрациве на странските амбасадори пред Владата на РМ. Зашто, како што вели проф. Малески, „да се застане пред влада на една суверена држава, јавно да се прочита соопштение и да се замине, како што тоа го сторија амбасадорите на највлијателните држави на ЕУ и на САД, е најсериозен знак на протест против поведението на владата, која е репрезент на политиката на земјата во целина“. Но затоа, оној дежурен Даштевски се препелка ко малоумно пиле во кучина да ни објасни дека тоа што тие излегле пред Владата на РМ било зашто немале каде на друго место, и дека буквалниот демарш - зашто настапот на амбасадорите не може и не смее поинаку да се чита - бил само „повикување“ на договорните страни да продолжат со преговорите. Впрочем, кога се такви „толкувањата“, зошто тогаш и нашана „дипломатка“ ноншалантно да не си пее на „Ѕвездите на Пинк“ - што веројатно ќе биде врвен дострел во нејзината кариера за којшто ќе им раскажува на внуците - и уво да ја боли за срамот на нејзината земја? Можеа барем неа да ја испратат пред „белата шампита“ да ги дочека амбасадорите со песна, ако треба и со игра. А всушност, ако можеше онака да се дере и оној потпретседателон што

нагалено го викаат со еден животински прекар, зошто не би и она? Барем изгледа попристојно!
Но македонскиот (не само дипломатски) срам изгледа допрва претстои. Којзнае уште што нема да видиме, и чуеме, од оваа неписмена булумента. Малку ни се и хиповци и „дипломатки“, и пијани анестезиолози и налудничави министри и даштевци или клековци од секаков сој.

И бидејќи не бевме доволно паметни да ги согледаме показателите на време, ние денес можеме само да ги констатираме последици на ова деветгодишно безумие, и тоа овие видлививе последици, оние што ни се „при рака“ и лесно ги воочуваме. Тие што допрва доаѓаат не можеме ни да ги претпоставиме. Односно, можеби и можеме, ама не и нивниот обем, длабочина, сериозност. Тие, последиците, ќе бидат големи и (некои од нив) непоправливи, не само на државен туку и на личен, општествен, професионален план. Бидејќи изминативе години го контаминираа целокупното општество и сите негови структури и институции. И најмалку ќе биде битно дали Советот на јавни обвинители се резилел како „институција“ или секој поединечен член лично, и дали Уставниот суд (како институција но и секој судија лично) ќе ја прифати претставката на оној (не)срекник за оценување на уставноста на Законот за специјалниот обвинител, и дали некој од судовите ќе ги прифати „бомбите“ како доказен материјал ... зашто срамот ќе биде на целата држава, односно целото правосудство. Уште помалку е важно како, и како што, ќе ја гледа светот нашата певлива „дипломатка“, или онаа „амбасадоркана“ во Хрватска како си ја мие колата пред зграда божем е во Сарамзалино, па онаа во Србија, или во Виена, па ... нашено помпезно министерче кога ги замајува странците, туку срамот е’ / ќе биде на целата македонска дипломатија и, повторно, на државата. Или, ако сакате, зарем Хорхе чувствува грижа на совест, не дај боже срам, за неговото однесување сиве години, за глупостите што ги истреска и остана жив, за неговиот монтипајтонски шоу пред новинарите во Брисел ...? Ни срам ни перде, ама според него, долго време, ќе биде проценувана целата македонска држава! И така ќе се однесуваат кон неа.
Како што, впрочем, е’ и ќе биде уште долги години проценувана и македонската култура и уметност токму според „дострелите“ односно последиците на деветгодишната катастрофа во овие области, иницирана и реализирана од полуписмената булумента културтрегери и самопрогласени уметници, финансирани „шаком и капом“ токму од Министерството за (не)култура. Ќе поверува ли некој дека македонската култура навистина може и поинаку од овие нејзини „реномирани“ претставници, дека не мора баш секој директор на Управата за заштита на културното наследство да заврши на суд, или во листата на културното наследство да запишува објекти градени вчера и завчера, дека не мора да значи дека и утре македонските претставници на културните манифестации низ светот ќе мора да го поминат прво партискиот филтер, дека во Македонија постојат и сериозни уметници а не само шалабајзери и дилетанти, ќе поверува ли некој дека во оваа земја се’ уште има слободномислечки културни работници и интелектуалци а не само партиски куклички на навивање?
Или можеби мислиме дека ќе успееме некого да убедиме дека после „Скопје 2014“ постои поимот македонска архитектура? И која би била таа, кога секој странец прво ги гледа современите злосторства на таа бранша низ главниот град? Или мислиме дека нашето учество на Биеналето на архитектура во Венеција го пере срамот од македонските архитекти? Не, зашто, прво, погледнете кој седел во жирито, а второ, срамот е толкав што дури ни неколку последователни награди не би можеле да го исперат!

Затоа, последиците ќе не’ следат уште долги години. Можеби токму затоа е важно да ги нотираме знаците односно причините - час побргу - што доведоа до ова општодржавно фијаско, до оваа катаклизма од епохални размери.

Ние денес не можеме да знаеме до каде уште ќе одеше ова лудило. Да, јас говорам во минато свршено време, како нештата да се веќе завршени, иако не се. Ама не се само формално, односно крахот на ваквата политикантско - криминална авантура е неминовен, веќе започнат, и ќе се формализира порано или подоцна. Можеби само димензиите не се докрај познати, но и тие се наслутуваат.
И уште побитно е точно да се лоцираат не само причините, туку и причинителите. Оттука, не би рекол дека би биле „... залудни сите домашни расправи и надмудрувања, кој повеќе е виновен за блокадата кон најважната цел во историјата на независна и самостојна Македонија ...", како што цитира Ризаов. И те како е важно, со име и презиме, за навек! Зашто, некој утре ќе мора да им погледне отворено в очи на оние што останале во оваа бесперспективна земја. И да каже дека тој не е дел од злосторничкото здружение. И затоа е важно, иако Героски мисли поинаку, да се објават не само имињата на судиите кои суделе така како што суделе изминативе години, и заради кои невин свет лежел в затвор, туку треба да се знаат и имињата на сите што така функционирале во тој „правосуден" систем. Како што впрочем е важно во потполност да се расчисти, по име и презиме, и со сите други што ја разнебитија, камче по камче, оваа држава! А тие, всушност, и не се толку многу. Само така изгледаат кога се кријат зад флоскулите „ние", „народот" и слично. Тие, директните учесници се неколку стотици, не повеќе. Дел ги гледаме секојдневно низ медиумите, другите се прикриени низ „институциите" на системот. И токму затоа мора да се разоткријат.
А останатите? Е тие се соучесниците, нели!?

### ***Носорогот и демократијата***

Последиците од оваа македонска харанга ги живееме (а и ќе ги живееме, на еден или на друг начин) и никому посебно не треба да му се опишуваат. А можеби треба? Има, веројатно, уште многумина слепи - или што глумат слепило, луди - или што глумат лудило, кои не разбираат ништо. Како „историчарон" за кого се контроверзни *само* мислењата за Александров. Веројатно и за „Ќосето"?! Но, од друга страна, ги живеевме, односно ги одживеавме и почетоците. И тогаш ништо не видовме, не слушнавме, не разбравме. Не ги слушнавме трубите на мракот како ја најавуваат македонската харанга? Не, „историчарот", и тогаш и сега, инкасираше седејќи по разни совети и кревајќи рака. И не само тој. Еден самопрогласен филозоф, од маалски формат, се разбира, ни држеше лекции за „драгстор" и не' убедуваше во грдотијата на македонската архитектура од седумдесеттите и осумдесеттите. А креваше рака за стиропоров и - инкасираше и тој. Дали тоа ги попречи да согледаат што се случува(ше) пред и околу нив? Да ги препознаат сигналите што им мавтаа пред носот?
Дали како и Марко Поло на Јава, во носорогот „препознаа" - еднорог од бајките? Навистина ли автократијата им се виде како - демократија? Умберто Еко имено го наведува примерот на соочувањето на Марко Поло, за прв пат во неговиот живот, со чудно, дотогаш невидено и недефинирано страшно животно, како пример на нашите реакции при средба со непознат феномен и обидот истиот да го дефинираме апроксимативно, во рамките на нашите претходни сознанија и сознанијата на нашата култура. Па така, наведува Еко, светскиот патник од Венеција, здогледувајќи го чудното животно, започнал да копа по сопствената меморија и општа култура, барајќи соодветен одговор за глетката. Се разбира, генерално, успеал да дефинира тело со четири нозе и - рог. А бидејќи неговата култура дотогаш оперирала само со едно такво („познато") животно, Поло одлучил дека тоа морало да биде - еднорог!

Па следствено, дали нашиве „стручњаци" во првите манифестации на нашиов нов „систем" не можеа да препознаат за што всушност се работи, па видоа можеби -

демократија? Се разбира - не. Многумина точно знаеа каде води започнатата паланечка игранка со одвратна музика и малограѓанско - сељачки декор. До Пржино, и понатаму. Односно, ние можеби не може(в)ме да очекуваме дека земјоделецот од струмичко или лозарот од кавадаречко ќе успеат веднаш, на самиот почеток, да ги согледаат знаците што им покажуваат дека нашево „непознато" може да биде и опасно, дека можеби ја навестува пропаста на државата, ама оние чија професија (или „професија"?) се токму тие и таквите општествени процеси? И тие ли не видоа што се случува?
Многумина (денес) ќе речат дека нештата станаа јасни од вториот ден, од директниот пренос на првата владина седница на која што јавно, пред (мал дел од) запрепастеното македонско пучанство, се делеа субвенции за земјоделците. Не се сеќавам дека некаде прочитав / слушнав разумен, рационален коментар, иако сето тоа наликуваше на некои далечни, но добро познати историски популистички манифестации. Ех, што ли ќе правеа Хитлер, Сталин и остала братија да имаа во нивното време телевизија?

Некој (сега!) можеби ќе приговори дека работите всушност беа јасни не од вториот туку уште од првиот ден односно од објавата на составот на Владата. Веројатно е така. И тука не мислам (само) на роднинско - пријателските врски што јавноста бргу ги пофаќа и ги обзнани. Не, зашто тие не беа / се својствени само на оваа номенклатура. Браќа и сестри, кумови и братучеди, побратими и посестрими, внуци и внучки, вујни, тетки, стрини ... сето тоа кај нас веќе од поодамна беше политички фолклор. Ние, покрај другото, и политиката ја гледаме како модус за згрижување на семејствата, потесни или поширoки. Но, она што запрепастуваше во персоналниот состав беше нивото и квалитетот на нивните компетенции, стручност, професионалност. Иако и тука, делумно, има(в)ме материјал за компарации, ама такво нешто сепак не верувам дека паметиме. Македонската влада, сосе целата државна администрација, за кратко време се сведе на детска градинка (не само според возраста!) и дефицитарен IQ.
Или, ако сакате, дали некој ја разбра поентата на постојаното потенцирање на важноста на македонската култура за државата, за идентитетот и слични други флоскули, а за реализацијата на таа „важност" беа устоличувани кадри кои дури и не разбираа(т) што е тоа култура? Или кој се' министеруваше и директоруваше во образованието, во здравството ...? Зарем беше толку тешко да се соберат два плус два и да се постави дијагнозата? Руждi (Салман) вели дека „самовилите не постојат ако децата не плескаат со рацете". Кај нас, на македончињава, рацете им помодреа од плескање, како што на овие им помодреа градите од удирање. Разбирлива е потребата да се верува, ама - во овие, вакви?
Или, никој ли не успеа да ја прочита простотијата и фарсичноста со понижувачки призвук дека тие работеле 24/7? Дури и додека ние спиеме, тие работат, за насм за државата?! „Бомбите" покажаа дека тие навистина „работеле", ама други „полезни" работи! Понатаму, дали тепањето на студентите на Плоштадот, оние кои мирно протестираа против градењето на црква среде центарот на Скопје, не беше сигнал за начинот како власта ќе се справува со потенцијалното незадоволство на граѓаните? Не беше ли тоа вовед во сите други насилни настани, вклучувајќи го тука и т.н. „црн понеделник" како врв на дрскоста, безобразието и насилството?

Требаше ли, на пример, (и повторно ќе се вратам на културата), посебна видовитост, стручност и способност да се согледа дека „носорогот" не е еднорог во феноменот на случајни луѓе на раководни места? Нели беше тоа првиот знак за насоката по која ќе се движат нештата во оваа витална област? Или кога оној несреќникон Илиријан сакаше да забранува театарски претстави? Или кога излегоа првите „резултати" од годишниот конкурс за финансирање на проекти „од национално" значење и кога истите имиња, еве, до денес, се вртат секоја божја

година? Каков Марко Поло требаше да биде човек за да види дека локалниов „носорог“ се трансформира во вистински монструм кој нема врска со демократските бајки? Сето друго беше само прашање на време, на „мајстории“ и далавери. До денешен ден, после толку години, Министерство за (не)култура еднаш не излезе со годишна програма во која што ќе објасни што ќе работи преку годината, а не само да се кити со програмите на институциите. До денешен ден институциите се присилени на нивните проекти и програми да го ставаат логото на тоа и такво Министерство, не баре тоа е нивна програма! И тоа ли никој не го виде?

Се разбира, списокот на знаците може да тече во недоглед, ама својствата на локалниов „носорог“ никогаш нема да бидат еквивалентни на некаков демократски систем. Или мислиме дека ако има влада, ако има собрание, ако има институции, има и систем, па уште и демократски?
Но, ништо од ова нема да промени во ставовите на сите оние кои, според логиката на нештата, беа предодредени да ги препознаат карактеристиките на „носорогот“ како опасно по живот животно и во него да не гледаат еднорог туку смртна закана: по системот, по демократијата, по државата. И да реагираат - стручно, компетентно и јавно. Такви реакции имаше (пре)малку за сериозно да се раздвижи ионака летаргичното граѓанство. Кога реакциите се намножија, Пржино веќе ни беше пред вратата.
А сепак, еден Марко Поло имал доблест да ги признае сопствените заблуди. Во неговото дело „Описот на светот“ тој признава дека „еднорозите“ што ги видел на Јава „се многу грди и нечисти. И не се такви какви што ние овде велиме и ги опишуваме ... ви велам тие се сосема спротивното од тоа што ние верувавме дека се“. Не се сеќавам дека видовме или слушнавме некој од нашиве „стручњаци“ да стане и каже дека грешел во проценките, дека му е жал што не реагирал на време, дека знаците биле очигледни но тој / таа биле заведени од политичката реторика, од парите, од клиентелизмот, од манипулацијата ... Ние не ги признаваме сопствените грешки. Затоа, впрочем, така и ни одат работите!

## ЏИХАДИСТИ И БАРОКОНОСЦИ

Како што работите се подрасчистуваат, пците посилно џавкаат. Осеќаат дека крајот е близу, стопаните ќе ги јаде мрак. Не се свикнати сами, мора некој да ги заповеда, да го затега и отпушта оглавникот. Затоа и бесниот лавеж, последно ехо на омразата кон се' што е поинакво - разведрувањето околу себе го гледаат на крв. И врескаат божем уште трае нивната Недојдија, нивното село зад којзнае какви калливи брда и долини.

Судијкана сега покажува (и) заби - стражарно ќе го спроведувала лидерот на опозицијата. Не гледа дека деновите и' се избројани и дека доаѓа време друг да спроведува. И закон, и се' друго, ако треба и стражарно. Нашион пак безвременски и никогаш непрежален Сарајлија р'жи на тенки ноти. Одамна не ме насмеал така слатко. Иако, некако, се поретко му обраќам внимание, пријатели сепак ми пуштаат линкови со неговите „бисери". Ама последново е - охридски бисер! Или „сваровски"?! Шапшалов ечи: „Омразата кон проектот „Скопје 2014", кој ги исполнува овие лажни револуционери и авангардисти со невиден и крајно неартикулиран гнев, е аналогна на омразата што припадниците на ИСИС ја имаат кон археолошкиот локалитет Палмира во Сирија, каде што џихадистите на современоста се легитимираа во целата своја игнорантност и малоумност низ процесот на уништувањето на артефактите, но и низ манијакалното убиство на стариот 82-годишен археолог и пасиониран поклоник на културните вредности на човештвото". Генијално! Чист Фројд. Колку добро всушност тие си ја знаат дијагнозата за ова нивно лудило (само)наречено „проект Скопје 2014"[73].

Исто, или слично како и „тезата" на едикојси „професор" од „Топ тема" дека за прислушкувањето е крива - опозицијата. Жити мајка! Впрочем, на исти ноти како и општиот бандитски крик: држ'те ги крадците!

Се разбира, и Сарајлија, и другиве, несвесно го кажуваат (и) тоа што (не) го мислат, односно го говорат она што им е нарачано, а излегува - друго! Излегува вистината, точната дијагноза за нашево секојдневие, за нашево современие каде започна последниот чин на драмата на македонскиот културен „џихад".

Речиси идентична паралела како цитираната, но во обратна насока, се разбира, спомнав во еден текст од пред неколку месеци (се' уште необјавен) за еден зборник во подготовка. И искрено мислам дека тоа е најдобрата паралела / дијагноза за (само)наречениот „проект Скопје 2014". Зашто се' што се случуваше кај нас годиниве е аналогно на културоцидот што ИСИС ја покажа (не само) кон преубавата Палмира. Во мракот на актуелните терористички случувања во Париз оваа компарација добива на тежина. И на смисла.

Зашто, навистина и нема никаква разлика помеѓу мракобесните џихадисти што систематски ја уништуваа(т) Палмира, па и оние талибанци кои правеа р'шум низ Авганистан, со нашиве локални бароконосци кои подеднакво ефикасно уништија - буквално и метафорично - цел еден град. Можеби мотивите се различни, иако сепак слични, но праксата е иста. Кај едните, кај џихадистите, наводно, главниот мотив е верата која забранува прикажување на човечки лик, што ќе рече - враќање кон изворното толкување на исламот. И никого не го боли глава што ни Палмира, уште помалку Персеполис, а за Буда муабет да не правиме, немаат врска со исламот и се градени илјадници години пред настанокот на оваа религија.

---

[73] Александар Станковски, *Рекапитулации*, Утрински весник, 09.11.2015

Кај бароконосците пак, главниот мотив никогаш не беше јасно и гласно кажан, но според некои (трчи-лажи) толкувања, а особено според „делата“, и ние се враќаме некаде назад, во некое време коешто, божем постоело и кај нас па сега го „реставрираме“, иако никој не го видел, ни чул. Некој наш „барок“ и „(нео)класицизам“, што некои „стручни“ шушумиги го виделе дури и во Битола, но за живо чудо сето тоа испарило без трага. Што ќе рече, историските реминисценции се една од сличностите на двете идеи. Но, во суштина, ни првите имаат врска со исламот, ниту вторите имаат допирна точка со градењето и „оживувањето“ на некое минато. Тоа е, се разбира, само фасада.
Потоа, кај едните е доминантна средновековната (исламска) религиска природа, кај другите (божем) православниот „конзервативизам“ од временски недефинирана провениенција. Обете варијанти имаат строга вертикална хиерархија, обете варијанти имаат свои „шеици“ кои се занимаваат со теророт, но на различен начин - едните со оружје, другите со политичка пресија. Едните се колнат во ефикасноста на АК-47, другите во политикантската кама и пиштол.
Обете групи го корпорираа и клиентизираа теророт на свој начин. И сето тоа во името на верата, се разбира, и на партијата, апсолутно. Но, и џихадистите и бароконосците, барем повеќето од нив, се всушност „модерни“ луѓе кои верата ја носат како маска за исполнување на нивните други цели. Едните ја носат апокалипсата, другите ја посакуват за да опстанат. Обете групации се потпираат на „дијаспората“: џихадистите на нивните симпатизери во Европа и Америка, бароконосците на нашите низ светот! Џихадистите ги следат законите и заветите на Мухамед, нашиве бароконосци се инспирираат од некои нивни предци од пред стотина години.



Има и многу други сличности. Парите, особено. И едните и другите ги имаат во изобилие. И, велат, некои други супстанци со (не)познато потекло. Мотивирачки супстанци, оние што „подигаат“, или што ли прават, сеедно.
Но, основната допирна точка, секако, е демонската омраза кон делото на другиот. Тој „друг“ може да биде Палмира или Скопје, нешто старо илјадници години, но и реалтивно младо, само педесеттина или сто лета. Тој „друг“ може да биде амфитеатарот во Ефес или објектот на Муличковски или Поповски, сеедно. Битно е да се урне, зашто, вели шапшалот, ГТЦ да ти бил „еден вид архитектонски и градежнички монструм, резултат на еден политички тоталитаризам“! Се разбира, ни омразата, глупоста уште помалку, не води сметка за вредностите, туку за соодветно насилно манифестирање на насобраниот гнев. И затоа и Палмира, и затоа и Скопје (2014)!

Она што се случува(ше) во Македонија од 2007 година наваму е токму таков културен „џихад“ спроведуван од шапшали и шизофреници, а нивното „ремек дело“ е шизофрена инсталација од позиција на сила и моќ, а подоцна и пари, а под закрилата на политички „програми“ и национални „проекти“.
После петнаесеттина години самостојна и независна држава, после сите предизвици поминати со турбулентната дисолуција на Југославија, македонското општество западна во типична варварска стапица поставена од локални политички шалабајзери и нивните квази-интелектуални трабанти. Под превезот на некаковси патриотски наплив маскиран како десен (или лесен) конзервативизам, национален романтизам и потрага по идентитетот, а всушност запаѓање во класичен политички и општествен дилетантизам, оваа неверојатна налудничава инсталација едновремено значеше и нов радикален прекин со сите општествени, културни и уметнички традиции во државава градени повеќе од седумдесет години. Ако Македонија во 1993 година успеа да го одбегне крвавото сценарио што ги зафати останатите Југословенски републики, ако некако, како-така, фати чекор со очекуваните демократски промени во општеството и ги насочи силите кон актуелните евроатлантски интеграции, оваа денешна „роднокрајна“ џихад-чума која некои ја нарекуваат „груевизам“ а воопштено се идентификува и како „проект Скопје 2014“, ги сопре сите современи процеси во државата, ги суспендира и Уставот и законите и ги криминализира сите пори во општеството. Под маската на борбата за национален идентитет, за (божем) нов вредносен систем, за (божем) цврста конзервативна држава ... Македонија доби полуписмена дилетантска група која си игра(ше) власт! А со неа и такви кловнови и опајдари како оној од почетокот, кои по правило ги следат шизофрените, зашто тоа им е шансата (и) за себепромоција!

### *Иконокласти и модернофоби*

Не знам, не сум сигурен дали исходиштето на насилството може да се бара (и) во предрасудите, но не мислам да ја разглобувам таа теза понатаму. Како и да е’, еден дел, нека е и мал, а не е мал, во тоа насилство, манифестирано на различни начини, сигурно е производ *и* на предрасудите. На предрасудите од различен тип: етнички, културни, верски, политички ... И сите ни се добро познати, и низ историјата на ова тло, и денес.
Предрасудите пак, главно, ги дефинираат како однапред создаден, неоснован во реалноста и по правило негативен суд / став за некоја личност, пол, раса, класа, етничка заедница ... И секоја предрасуда во принцип произлегува од незнаење, непознавање, неискуство. И кога речниците и енциклопедиите тоа така убаво ќе ви го објаснат, уште да почнете и да го разбирате, ако не оправдувате. Се разбира дека предрасудите кон човекот, особено оние што се манифестираат низ насилство, се врвот на нетолеранцијата и секогаш добиваат поголема доза осуда. Кај нас

виреат сите по ред, особено денес, но (за среќа) поретко кулминираат во насилно однесување, иако и тие форми не ни се непознати.
Не знам и дали предрасудите ги опфаќаат односно можат со тој назив да се наречат и разните фиксации, патологии, стереотипизирања насочени и вон стриктно човечкиот род и неговите активности. На пример „предрасуди“ кон сегашноста или иднината, кон одделни уметнички форми, кон одделни научни толкувања итн.
А зошто не би можеле, кога и тоа се неразумни ставови *кон нешто*, вообичаено отпорни на разумни влијанија и објаснувања?!
Во таква светлина се обидувам да ги согледам актите на насилство насочени кон, на пример, археолошките локалитети од страна на џихадистите, но и истите (или слични) манифестации кон еден современ град тоест Скопје.

Се разбира, не се повлекувам од тезата дека во основата на таквите манифестации - оние во Палмира, или во Авганистан, но и овие во Скопје - лежи (и) омразата. Можеби омразата е посилна од предрасудите, или е нејзин производ, или ...?! Мислам дека овде се наталожиле повеќе негативни чувства и опсесии / фиксации / патологии, низ чија што призма можат да се (со)гледаат таквите „активности“.
Не можеме баш се’ да сведеме на една од констатациите на CNN дека уништувањето на Палмира е само уште еден акт на привлекување на светско внимание и регрутирање на нови симпатизери. Во еден дел - можеби, но сепак. И дали истото важи и за „Скопје 2014“? Можеби, но повторно делумно, односно ако се гледа како обид да се обединат сите мрачни сили кои едноставно го мразат овој град - таков каков што е?!



Сепак, за Палмира постојат и други објаснувања. Едното го спомнав минатиот пат и лежи во религиските корени на исламот и неговата иконокластична борбеност против сите човеколики претставувања. Од таа призма (и) Палмира би била идолатрија од некаков вид, иако датира многу пред исламот. Иако, велат, дека иконоклазмот не е измислица на исламот туку тој бил запишан уште во Библијата, значи многу пред чинот на отстранувањето на идолите од Кааба во Мека.
А сепак, некои аналитичари сметаат дека Палмира како цел нема врска со потенцијалната репрезентативност на нејзината уметност, туку повеќе заради познатата (некогашна) отвореност, мултиетничност на градот, толеранцијата кон другите култури и религии и сл. Таквиот симбол денес, на тие простори, како самиот да си ја бара(л) бељата!



Но, каде лежат корените на нашево современо модернофобство, на нашиве полуписмени бароконосци кои со „оган и меч“ успеаа да девастираат цел еден град? Знам, многумина ќе забележат дека компарациите на иконоклазмот на исламот со ова нашево туткунско модернофобство можеби и не се соодветни. Веројатно не се, зашто исламот е сериозна религија со објасниви корени, а нашево е шизофрено современо безумие. Ама, некако носат (навидум) слични печати. Иако овие нашиве бароконосни печати „жежат и печат“ дури посилно, зашто се производ на сите мрачни сили собрани на едно место.
Кај нив нема ни светост ни филозофија, ни религија ниту пак ум - тие се напојуват само и исклучиво на изворите на омразата, предрасудата, незнаењето. Инаку, кому му пречеше, на пример, објектот на Муличковски, и зошто? Затоа што беше симбол на некогашниот комунизам? Глупости. По таа логика треба континуирано да се уништуваат (или префасадираат) едно чудо згради, палати, дворци ... низ светот што биле симбол на некакво друго, поинакво, па нека е и омразено минато.
Или, зошто им пречи ГТЦ? Еве тој не е симбол на ништо. Ама - сепак е’, ГТЦ е (повторно) симбол на она омразено нешто - на модернизмот - кон кој тие имаат стоиедна предрасуда, кој тие апсолутно не го разбираат. Тој во нивните очи „монструм“ ни бил израз на т.н. политички тоталитаризам ниту пак бил / е’ репрезент на некакви скриени значења. Тој бил, и е’, само еден прекрасен архитектонски / уметнички израз на едно време, репрезент на еден градски, урбан, модерен светоглед којшто сељачанава научена на кал и опинци не може да го разбере. Како впрочем и објектот на Поштата, што подеднакво му се гадеше на другоно сељаче - филозофче па ќе го ставаше на маици! Тоа се такви типови - од мали врзани во клупче, неизлезени од дома, уштоглени, конзерви, кратковиди и тесногради... ама денес се сите „џезери“ во барокно руво!
Затоа мислам дека кај нас има од се’ по нешто, но највеќе страв, омраза и предрасуди од / кон непознатото, нелагодност од незнаењето, комплекс од неразбирањето. Зашто, да доаѓаш секој ден и да седиш во еден таков објект, треба да го разбираш неговиот концепт, неговата „порака“, да ја разбираш Модерната, и не само неа туку и она што и претходело и тоа што ја наследило. А шутрациве не разбираат - ништо. Ни едното, ни другото ни третото. Бегале од часови, уличареле, препишувале и научиле - тапа! Затоа и сето околу нив им изгледа чудно, нејасно, не можат да ги дешифрираат кодовите, уште помалку знаат како да се однесуваат кон нив. А ги мразат и оние кои умеат се’ што тие не знаат и не умеат. Затоа и уништувањето им оди од рака бидејќи е јасно мотивирано.
Истите проблеми се рефлектираат и во нивните „разбирања“ на културата и уметноста. Џабе им се и одењата до Париз и Лондон, Њујорк и Токио кога (повторно) таму разбираат уште помалку отколку тука. (И) таму буљат ко слепци и ептен ништо не им е јасно. Каква фајда што и овде, на пример, имаат Музеј на современата уметност, со еден Пикасо и уште по некој великан, кога тие ништо од тоа не разбираат. Ним им требаат сликички - руски и украински по можност, оние кичовидни разгледници низ кои што ќе шетаат комити и турци, ќе се бијат битки и ќе се слават измислени победи. Затоа и си направија музеј и затоа истураат толку пари во него. Затоа и на почетокот го спомнав перформансот на големиот Бојс „Како да му ги објасниш сликите на мртвиот зајак“! Иста приказна.

Затоа нашава современа беда и јад доби таков замаф и богами популарност кај одреден број луѓе. Зашто тупавиот не можете преку ноќ да го образувате, уште помалку да му го објасните сето она што го пропуштал толку децении. Незнаењето, неразбирањето, комбинирано со предрасудите и власта во раце води кон избувнување на сите насобрани бесови, на сите запаметени и некои подзаборавени потсмевања и резултира во миг на одмазда, на враќање „мило за драго“, payback time! Демек, е сега ние ќе ви покажеме што е вашиот град за нас. Ќе ви направиме „поубав“ град, од стиропор, и ќе ве оставиме да уживате во него.

А избраниот „модел“ - таканаречениот барок или неокласицизам, се веројатно сосема случајно избрани „од тепка“ примери, нешто што запаметиле шетајќи по продавници низ Европава и им се видело „поразбирливо“ од другото. Или пораскошно, побуржоаско, а тие, пустите, секогаш мечтаеле да бидат буржоазија. Со смрдливи чорапи ама - буржоазија, на балкански начин. Нема врска со нашиов „барок“ и „неокласицизам“ само „поминал“ покрај некаков сериозен барок или неокласицизам. Важно е да се реализира сонот од младоста, да се тргне ноќната мора наречена модернизам, па и по цена на овој стиропор.
А цената - висока. На стиропорот мислам. И расте од ден во ден, со секој анкес договор. Зашто, видоа, можело и така: ем одмазда, ем богатење! (Модерно)фобијата се трансформира во (бароко)филија со акцентиран мирис и шушкавост на парите!!!

***Мирисот на парите***

И бидејќи во два-три наврати, а во контекстот на првичните импресии од (авто)фројдовската конструкција на непрежалениoн ни шапшал за сличностите на џихадистите и бароконосците ги спомнувам парите, ред е и да ги дообјаснам. Поточно тие, парите, се несомнено еден од потенцијалните / можните компаративни сегменти (покрај омразата, незнаењето, неукоста, насилството) помеѓу џихадистичката деструктивност и нашиот бароковозљубен културоцид. Како впрочем и кај сите други и разноразни и разнородни „групации“ (сместувајќи ги тука не само сите можни воинствени збирштини туку и политикантските „терористи“ како нашиве локални модернофоби), парите играат пресудна улога, иако најчесто скриена зад фасадата на религијата, идеологијата или „патриотизмот“, како во нашиот случај. Колку поцврста фасада - а религиозната е прилично цврста - толку посилна убедливост. Нашата фасада е проѕирно патриотска и стиропорна, и затоа самата се рони!
(Патем, за уште една споредба со „сличностите“ помеѓу Палмира и ликвидацијата на 82-годишниот археолог Калед ал Асад, а за која што пишуваше вечниот ни Сарајлија: во годината на објавувањето на ликвидацијата на делото на нашиот Петар Муличковски, архитектот имаше 83 години. Секоја случајност е - намерна!).

Не дека откривам којзнае каква новост дека парите „вртат“ и кај џихадистите и кај нашиве модернофобни културоциди. И повторно: тоа се виде речиси од самиот почеток, од махерското „ѕидање“ на тендерите и десеткратното зголемување на (божем) утврдените износи. Нормално, како што секој „патриот“ тропнуваше на вратата на тендерот, така цените растеа. Мораше да има доволно за задоволување на „патриотските“ побарувања на сите од врвот, на еден или на друг начин. И, за разлика од сите други, нашиве полит-терористи за себе имаа цели годишни буџети, баснословни народни пари за трошење за нивните шизоидни „Миле ми текна“ идеи.
Инаку, на пример, еден од заклучоците на неодамнешниот состанок на групата Г-20 бил дека терористичките групации, вклучувајќи ја тука и ИСИЛ, можат да се уништат само ако останат без приходи. Затоа што секогаш, и секаде, и таквите групации но и „легитимните“ полит - терористички субјекти преправени како и нашиве модернофоби, функционираат на крилјата на туѓите пари. Кај едните тоа е шверцот, насилството, киднапирањето, кражбите, кај другите тоа се „легитимните“ празнења на државниот буџет, па странските кредити, па разноразни обврзници итн. Скратете им ги тие извори и - труба. Нема пари - нема „акција“ (подразбирајќи под овој поим се’ што може да се опфати, па и нашево налудничаво „Скопје 2014“). Но, кога имаш (народен) буџет - се’ е полесно.

Па оттука, сонот на нашиве модернофобни културоциди - сомнабулната „креација“ наречена „Скопје 2014“ - не ќе беше можна без киднапирање на (дел од) државниот буџет. Онака, најбезобразно, најдрско, не баре парите си ги донеле од дома или од родителите. Со години, прво поскришно, криејќи ги низ разни нејасни ставки, а потоа и најбезочно и јавно, беа јадени огромни делови не само од главниот буџет туку и од буџетите на неколку министерства, на други државни институции, на буџетот на градот итн. Теваму фонтана „Воин на коњ“, онаму Археолошки „музеј“, на друга страна едно чудо дилетантски споменици ... и коцките полека се склопуваа(т) додека со око да трепнеш. Малку од Министерство за финансии, малку (или многу, сеедно) од Министерство за (не)култура, па од Собрание на град Скопје, па од Општина Центар ... и сето тоа на штета на други приоритети, на штета на граѓаните од чии џебови беа извлечени тие пари.



Денес тешко дека некој ќе може да пресмета што се’ загуби македонската култура со таквото терористичко киднапирање на културниот денар, или што се’ му беше ускратено на граѓанинот на главниот град за сметка на сите будалаштини испилени во умовите на локалниве бароконосни терористи! Иако и сега сумите допираат фантастични проекции, дури и да останат такви (а нема, многу нешта веќе беа сокриени) какви што ги објави надлежната комисија на Општина Центар, тие изнесуваа близу 600 милиони евра. Еден цел нов град! А ќе бидат поголеми зашто работите на културоцидиве продолжија и целата оваа година.
И што е најинтересно, теророт нема абер да сопре: само градот Скопје наредната година (повторно) ќе поарчи неколку милиони евра за префасадирање и други слични будалаштини заради фикс идеите на неколкумина наши „мули“ и „емири“ од

модернофобна провениенција! А главниот извор - државниот буџет - велат е најголем досега.

Рецептот на групата Г-20 е применлив во наведените ситуации со терористичките групации од различни исходишта, но не и кај политичкиот културоцид од нашиов тип, иако најчесто механизмите на нивното делување се многу, многу слични. Дури и во такви детали како, на пример, тргувањето со археолошките артефакти од Палмира или другите локалитети (кај едните), и многу слични скандали и кај нас, кај нашиве „легитимни“ политикантски групации. Она што го со години го знаеа и врапците, заврши со две-три судења и пет-шестмина притворени / затворени, а огоромен дел од македонското културно наследство беше - разнесено низ светот! Пред носот  на Управата за заштита на културното наследство односно, велат, со нејзина сесрдна помош. Или пак (се' уште) актуелнава игра со празнењата на депоата на Музејот на Македонија според речиси истата уиграна шема. И повторно неколкумина ќе одлежат, експонатите ги нема (или ќе се појават по многу години на некоја аукција, иако почесто завршуваат во таинствени приватни збирки), по некој од политикантите (како Лилено-на-тато) бесрамно ќе ги теши родителите ... и - толку. Што е тука поразлично од безочните пљачкосувања на музеите и локалитетите на Блискиот исток? Зашто се (божем) покултурно изведени?
Но, повторно, рецептите за решавање на проблемите се различни. Во нашиов случај тие мораат да бидат внатрешни решенија, со мала или поголема помош од надвор. И мorат да бидат легални, иако се справуваат со (формално и фактички) нелегални постапки!

## (НЕ)НОРМАЛНОСТ

Дури и кога би се раководеле од далтонистичката „перцептивност“ на „нашиот“ претседател (зборот намерно е напишан со мала буква зашто, извинете, но така го „перцепирам“ човекот!), изминативе десеттина години не би можеле да ги доживуваме како некаква вообичаена состојба на живеење, уште помалку како здодевна нормалност на која што навикнал цивилизираниот свет. Далеку од тоа да го посакувам повторувањето ала „Денот на мрмотот“ односно некаква континуирана летаргија на преживување, ама добро ќе ни дојдеше барем некоја (бледа) копија на она „одвратноно“ европско демократско чувство дека си ги живееме годините без преобилно плеткање на политиката (и политичарите) во нив. Ама не, кај нас тоа уште долго нема да се случи зашто како луди сме без политиката и нејзината македонска варијанта на окупирање на реалноста. И тука најмалку мислам на тековнава криза, на секојдневните бомбардирања дали ќе се реализира „пржинскиот“ договор и кој всушност го минира, и слични будалаштини.
„Утре“, во некое идно утре, а бидејќи станавме зависници, можеби ќе ни недостасува целиот овој шарлатански калабалак? Зашто, овие десетина години свикнавме буквално на се’! И ми остана „во уво“ зборот „нормалност“ (Мерсел Билали) во контекстот на нашево современие. Поточно, нашиот копнеж по здодевната „нормалност“, или нашата (веќе) свикнатост на актуелните ненормалности што ги живееме од ден во ден.

Мислам дека веќе со прилична потешкотија би можеле да опишеме што е односно што тоа беше - нормална состојба! Или не? Сепак мислам дека сме подзаборавиле доста од нештата што не’ учеле дома, во училиште, што самите сме го собирале низ некакви книги или просто - низ животот. Овие десетина години не’ научија дека нормалноста може да биде и поинаква, да биде различна од сите други, да биде - ненормалност. И дека има луѓе на кои таквата ненормалност им е стил на живот, секојдневие, начин на мислење и однесување.
Сакам да кажам дека ништо повеќе нема да биде како некогаш. Не во филозофска смисла, зашто тоа повторно би била некаква „нормалност“, туку дека генерации и генерации се затруени од ненормалното секојдневие, од медиумската пропаганда, од безобразлукот, од лоповштината ... Или, ако сакате, кој цацко бара Хорхе во Париз, на Самитот за климатски промени, па уште да дреме таму цели единаесет дена, а згора на тоа и да им се обрати на присутните? Прво, нели немаме пари, нели треба министерон на „лудаците“ прво да се задолжи па да можеме нормално да го истераме месецов? Или Хорхе ќе оди со негови пари? И второ - што ли таму ќе каже? Особено за климатските промени кај нас? Ќе им испее „изгор лето, кочан зима“? И на кој јазик? И ќе го прошета ли, повторно, и Хорхе Втори Јуниор, на наша сметка, да види детето свет?

Билали говореше за нашата (не)нормалност врз примерот на премиерот односно предвидувањата на сиот нормален свет, кај нас и надвор, дека после „бомбите“, за три дена, ќе поднесол оставка. Нормално, тоа не се случи. А и зошто би кога кај нас нормалноста е поинаква од нормалностите кај другите? Кај нас нормалноста подразбира се’ - наопаку, обратно. По тоа станавме познати и во светот. И тука не станува збор за некакви изменети вредносни критериуми или стандарди, за некаков нов вредносен систем или нешто слично. Не, овде станува збор за една целосно первертирана перцепција на нештата - од воспитувањето до културата, од образованието до науката, од политиката до уметноста, од здравството до социјалата ... - при што локалните ненормалности ни се прикажуваат како „светски процес“! И после се чудат зошто странците не’ третираат како малоумни, како

неспособни ... па и ненормални. Не сум сигурен во тврдењето на пропагандистичката машинерија на мегафониве дека ван Хоуте рекол нешто во врска со наша несличност односно различност со европскиот менталитет, ама ако рекол, сигурено мислел (и) на нашата (не)нормалност!
Зашто ние веќе ги исполнивме повеќето критериуми за такви (пр)оценки. Примерот на Билали завлегува во сферата на моралноста како еден аспект на (не)нормалноста и само еден од многуте примери од нашето секојдневие. Зашто, и моралните принципи се работа на „договор“, ама тие биле договорени одамна, барем во Европа, па и кај нас. Не се сеќавам дека некој последниве години договарал или заговарал нови принципи. Дека, на пример, кражбата, од 2006 година па наваму, ќе биде морално дело!? Или фалсификувањето на избори? Или ординарното лажење, или ...? Освен ако праксата не се земе како форма на договор, па овие така си тераат!? Поточно: се договориле меѓу себе, што не е далеку од вистината.
И не мора којзнае колку да завлегуваме во моралната онтологија или епистемиологија за да го констатираме типичното аморално, а со тоа и ненормално, однесување на шапшаливе околу нас. Луѓето без морал, без етика и образ, без чест и чесност се нашата политичка, културна, образовна, научна ... елита? Или онаа „интелектуална елита“ што им слугува, секојдневно, 24/7?

Нашата (не)нормалност поприма епски размери. И само кај нас една (во принцип) мала група наметнува однесување спротивно на сите конвенционални / прифатени општествени норми. Нивната неприлагодливост (како уште еден аспекти на ненормалноста) ја пренесуваат на околината и на општеството во целина, креирајќи квази-норми (повторно) прифатливи само за нив. Се разбира, такви какви што сме, или барем еден дел од нас, со радост ги прифаќа ваквите девијации кои ги „ослободуваат“ од „синџирите“ на моралните, адаптивните, социјалните, општествените стеги, креирајќи анархичен систем без какви и да се вредности, „систем“ целосно контрапродуктивен за државата и повеќето нејзини граѓани. Зашто, нормално дека таквите ненормалности им одговораат на тие малкумина. Бидејќи нормалноста, нормите, се навистина „синџири“ за таквите поединци. Без нив, тие се тоа што се’ и што отсекогаш сакале да бидат! Прашање е како, и зошто, останатите, наводно нормални, не реагираат на таквата узурпација? Или им требаат (уште) повеќе примери за неморалот, криминалите, малверзациите, неспособноста ... на овие? Малку ли се изнаслушавме за што се’ се способни?
И каде на друго место е нормално, при толкави „развојни буџети“, да се задолжуваш за да на администрацијата и поделиш плати а на пензионерите пензии? И секојдневно да свириш дека финансиската состојба во државата е стабилна? Или најлицемерно, без трошка совест, да бараш од другите да ги расветлуват твоите криминални однесувања? Или да конструираш детски приказни за странски и други служби, или за прислушувањето да ја обвинуваш опозицијата, или да лажеш дека „мерцедесот“ од 600.000 евра бил - за гости? Ненормалноста ни стана константа, неморалот стил на живеење, лагата - добро утро Македонијо!

### ***„Системски“ пречки***

Героски вели: Кому не му се повраќа, тој не е нормален! Констатација, тврда, што сакам да си ја видам во прилог на мојата теза за нашата (не)нормалност, иако алудира повеќе на некакви физиолошки / психосоматски или не знам какви манифестации како доказ или реакција на нашето секојдневие. Впрочем, многу слична конотација (со гадењето!) имаше не така одамна и Зеколи, а во однос на соопштенијата и однесувањето на нашата „славна“ МАНУ.

Но, завртете ја малку реченицата на Героски, односно впрегните ја во таквата можна реалност и ќе добиете 80% од државата што треба да повраќа секој божји ден. Или да и' се гади (Зеколи) нон-стоп кога ќе ги слушне четирите „славни" букви (мислам на МАНУ, не на ВМРО!). Е тоа, богами, не е баш здраво. Иако кај нас здравото и нездравото, ако го прашате „министерот" за здравство, е сосема испомешано и речиси неразделно, исто како и нормалното и ненормалното! Впрочем мислам дека и во другите владини ресори - образование, култура, социјала, економија, финансии и др. - здравото и нездравото тоест нормалното и ненормалното е комплетно измешано до непрепознатливост. Микс што навистина тера на повраќање! Иако, некој поголем песимист, би рекол дека во владините ресори не остана ништо здраво односно нормално. Зашто, да имаше, на пример во културата, нешто што барем малку ќе заличеше на нормалност, белки не ќе бевме на ова дереџе да го имаме оној двоец за министерка и заменик? Или оние двајцана во образование? Таму нормалноста одамна си отишла дома а танцот го водат шушумиги што не разликуваат што е што.

Нашата веќе легендарна (не)нормалност е препознатлива во сите насоки, особено хиерархиски - по вертикала и хоризонтала. Различен е само степенот, или опфатот, а правило е дека вертикалното искачување по хиерархиската скала дава посилни односно поуверливи резултати. Хоризонталата пак прилично ја разводнува (не)нормалноста, но не ја губи. Таа е некако интринсична во оваа гарнитура.
Иако, во одделни мигови, мислам дека (не)нормалноста се натпреварува со глупоста, па не знаете кој води и со колку разлика. Не случајно Ордановски прашува (и одговара): Колку треба да си глупав да им веруваш на овие патриоти-пљачкаши? Треба да си многу глупав"! И тоа добива такви размери да почнуваш да се плашиш и за сопственото ментално здравје, зашто сето тоа може да биде и заразно. А можеби и е', зашто, каде беше сиов овој глупав народ толку време, каде се криеше, па сега дочека да излезе и да ја деминстрира на дело нашата толку фалена во фолклорот „памет" и „храброст"? Да не се шири заразава некако прогресивно, да не е air-borne како некој од оние фатални вируси? А сепак, штом издржавме толку години, белки ќе издржиме уште малку, до првата детоксикација?

Она што фрапира е целосната неспособност - и како држава и како поединци - да се артикулираат во некаква барем просечна нормалност, во некаков тек во којшто нештата барем нема да попримаат налудничави димензии. Последниот пример со оној вчера лустриран „писател" а денес добитник на национална пензија е не само парадигматичен за некоја општа (не)нормалност, туку и симптоматичен (па и гадлив до повраќање!) по многу основи. На пример, што демонстрира „системот" (наводниците се тука сепак за да посочат на неспоивоста на овој поим со нашата реалност), освен ненормалност, се разбира? Дека е справедлив, дека не е одмазнички, дека е помирлив, дека сепак води сметка за вредностите, дека ... што? Па зошто тогаш го лустрирале човекот? Или кодошлакот го казнуваат а за творештвото го наградуваат, па тоа му доаѓа како компензација за резилот? Што се однесува до мене, нека му дадат и две национални пензии, ама дали тоа значи дека и другите лустрирани од културата - особено некои чие творештво е за шест глави повисоко од овега - ќе добијат национална пензија? Ако побараат, се разбира? Просто да не веруваш (ако ви текнува на кого мислам!). Дури мислам дека на некои им е одвратно и да побарат нешто од „системов".
Но, за нештата да бидат уште поненормални, добитникот му се заблагодарува на џелатот, на „системот" што го попљука. Па вели дека Владата (што го лустрираше) и Министерството (она за некултура, што сигурно го поддржало таквиот чин) со националната пензија покажуваат дека имаат стратегија што не' вградува во големото семејство на културните народи" (sic!). И сега сите треба да почнеме да

скокаме од радост, кој заради неговата пензија, кој заради нашето вградување во тоа некакво семејство?

А бидејќи веќе го спомнав, „системот“ на национални пензии во културата, наспроти општата радост на македонските „творци“ е само уште еден доказ за нашата целосна, системска ненормалност. Како впрочем и измислицата - национален уметник, па амбасадор на културата ...? Тоа се всушност системски пречки за развојот на една култура, а не придобивки или, уште помалку, стратегии. Па тоа не успеаа да (ни) го сместат ни најортодоксните комунисти (а не дека не им текнуваше!), ама им појде од рака на „проевропски“ ориентираниве конзервативни „демократи“. А ние среќни и весели што „системот“ успеа да протури уште еден механизам за селекција во културата низ којшто ќе ги протура нејзините пулени.
Не мислам дека баш *сите* на тие листи се протуркани со лакти и со помош на слични методи, ама многумина - се’. Токму заради отсуството на сериозни, нормални критериуми за вреднување на творештвото кај нас, како филтер низ којшто не би поминале барем половината „национални“. Ама „критериумите“ се токму и заради тоа такви! Кај нас ни еден Пикасо не би можел да помине за национален уметник зашто нема некоја од оние толку „важни“ наши награди!!! Или би го повториле оној резил со легендарната Вања Лазарова - набрзина да се склепа предлог, да се додели некоја награда за да и’ се даде национална пензија?
Или, од друга страна, зарем една Франција, една Германија, Шведска, па и други многукратно побогати држави не би можеле да воведат таков систем на „наградување“ на нивните културни / уметнички великани? Или нашиве токмаци мислат дека ним не им текнало нешто такво?
Но, нашата (не)нормалност не успева да смисли соодветни, современи механизми за стимулирање и наградување на врвното творештво на адекватен начин, Сите наши „смислени“ механизми на (п)откупи и награди се само ненормална партиска и квази-државна замена за сериозно вреднување на нештата. Исто како што не успева да осмисли соодветни параметри и за т.н. самостојни уметници, кои прво ги претвори во луѓе-фирми, а сега дополнително ги „селектира“ низ партиски и пријателски филтри.
Ама затоа успева да смисли кога треба да ги награди г-жа Софијанова и компанија за покажани резултати во назадувањето на македонското здравство, нели? Како што, впрочем, и многумина од оние „националци“ во културата се токму тоа - случајни минувачи кои успеале да се закачат на некаков партиски сплав.

### *Капацитети*

Единствен сериозно разработен систем во нашава системска (не)нормалност е системот на лагата. Само таа, нејзиното височество Лагата, функционира речиси беспрекорно, има почеток, средина и крај. Поточно, нема крај зашто крајот е само нов почеток. Perpetuum mobile! Лагата и (не)нормалноста, кај нас, некако си одат заедно. Зашто лагата *во* нашава (не)нормалност се стопи со стварноста, многумина повеќе не умеат ни да ја разликуваат од вистината. Розовите очила на (не)нормалноста подобро прилегаат во друштво со лагата: 10 000 вработени преку проектот „Македонија вработува“, 30.000 вработени преку странските инвестиции, не-знам-колку стотици милиони долари инвестирани за добробитот на македончето во годината што изминува ... итн. Како да не. А сега уште и студентите ќе ги возеле - бесплатно! Па што правеа до сега? Ги извозија, и тоа бесплатно, три пати околу Македонија. Човек ќе си рече дека уште малку па Швајцарија на Балканите ќе стане реалност, и тоа баш пред избори!
И главната оска околу која што се врти целиов наш (не)нормален систем е дека денес е подобро од вчера, а од завчера - муабет да не правиме. Почист е дури и

воздухот, а загаденоста е подметнување на опозицијата. И на она Лилено-на-тато која сега се ококори и почна да блуе оган како Смауг, во дует со Пајо. Зашто ако избега последниов воз, ќе мора да почнат нешто и да работат во животот!

А всушност, нема многу што да им забележите. Секој според капацитетите, секој според решеноста да прогледа тогаш кога сака. И да гледа што и како сака. Овие, ете, согласно капацитетите им, прогледале вчера и сега се колнат дека во светлата иднина ќе одат со отворени очи. И такви ќе има се' повеќе.
А бидејќи ги спомнав капацитетите, се сетив на herr Милошоски, некогашен „хипик“ а сега „г-дин“, кому, ете баш сега, во сета актуелна (не)нормалност, му текна да бара - капацитети. И тоа прво и директно кај опозицијата. Зашто, веројатно, смета дека во неговите редови просто блика од тој спецификум. Сите се - докажани. Капацитети, секако. Сега тој бара од опозициskиот министер да докаже пред јавноста дека има капацитет да се занимава со работи коишто се надлежност на министерството за внатрешни работи. И му дели задачи. Од претходната - не бараше. Или неа и' пишуваше на челото дека „има капацитети“ за таа работа? Или имаше физикус, што се вели? Што впрочем се покажа како „точно“. Особено, на пример, во „Диво населје“, но и на други места. Но „капацитетов“ не бараше ниту од себе некаква потврда дека може „да се занимава“ со надворешнополитичките работи. Уште помалку дека може да биде дури и потпретседател на Собранието! Или таквите препораки, тоест „капацитети“ се потврдуваат на други начини?
Актуелнава (не)нормалност продуцира специфичен тип на македонски капацитети. Едните се за владеачката партија, другите за обичниот народ, а за опозицијата такви референци не се предвидени. Но и кај првите има (премолчена?) поделба на капацитетноста. Некои се, чиниш, родени капацитетни. Што ќе рече со секакви капацитети - поголеми, пошаренолики, дури повеќестрани ... некои се со помали, можеби одвај видливи, ама сепак доволни за раководење со државни работи. „Г-динот“ Милошоски е од првите, како и неколкумина други од „врвот“. Ама далеку се од оној најкапацитетнион, толку далеку што дури не смеат ни да му customs пречат за капацитетот на глупоста што ја поседува. И на лагата. Затоа и е' на чело.

Но, шегата на страна, кога би се примениле барањата на Милошоски па навистина да се мери капацитетноста на секој кандидат за некаква, каква и да е' функција, нешто како приемен испит за раководно место, каков ли циркус би гледале?! Почнувајќи од дотичниот барател, се разбира. Зашто, не е само напумпаното CV низ разноразни „леви“ школи, па нека се и високи (иако, навистина, не знам зошто факултетот се смета за висока школа кога некои, денес, се бескрајно ниски?), па партиски фирми, па леви сметала низ секакви НВО, итн. Какви ли капацитети докажуваат таквите будалаштини? Впрочем, токму *таквите* капацитети и ја донесоа државава на овие капацитетни гранки.
Зашто, наместо рационални капацитети, овие нудат партиско клиентелистички контингенти хиерархиски распоредени долж и попреку земјава. Оттука и нашата (не)нормална капацитетност денес не се мери со менталната и физичката способност за решавање на проблемите, туку со умешноста за марифетлук, за заобиколување на системот, за повладување на врхушката, за ... Кај нас капапацитетот се изедначи со деформитетот - моралниот, етичкиот, професионалниот, стручниот, хуманиот. Сите институции се наштелувани според антонимите на поимот капацитет и капацитетност, така што капацитетот се препознава веќе на влезната врата и не се пушта внатре! Впрочем, погледнете ја капацитетноста на македонската култура денес. И уметноста, се разбира. Врие од „капацитети“ мимикриски камуфлирани во директори и стручњаци, во уметници и интелектуалци. Токму овие „капацитети“ и нивниот светоглед не подалечен од нивниот нос и џеб ја (де)формираа(т) македонската културна сцена до непрепознатливост!

Нашите пак современи „капацитети“ кои ја претставуваат државата последниве години се „од прва“ препознавани и вон земјата. Бидејќи личат еден на друг, скоцкани се ко војничиња во неспособноста им, бодат очи каде и да се појават. Кој, на пример, ги измери капацитетите на актуелноно министерче за надворешни работи кое деновиве плачеше како мало дете странците да ни дале награда (чоколадо?) ако добро ја сработиме задачата во април?
Вистинските капацитети на оваа држава одамна си заминаа. Заминуваат и оние малку потенцијални капацитети. На оние пак кои по некоја случајност - или заради различни други причини - остануваат овде, „капацитетите“ гледаат да им го загорчаат животот по секоја цена. И успеваат во тоа, делумно.

***Mens sana in corpore sano***

Ако некој до сега се сомневал во нашата (не)нормалност - а такви секогаш има - нека ја прочита изјавата на г-ѓа Ременски за измените во Законот за работни односи. Таа вели: „Според она што се предлага, работодавачот на свој трошок ќе може да го упати работникот на дополнителен здравствен преглед за утврдување на менталната состојба, што пак ги нарушува правата на работниците и дозволува злоупотреба на резултатите од работодавачите“! И, се разбира, кој друг би можел да смисли вакво нешто ако не Министерството за труд и социјална политика, алиас Димето Спасов, по налог на Владата му. А овој, како послушно учениче, веднаш - разумем!
И сега, согледано од еден можен агол, ова би одело во прилог на мојата теза за нашата актуелна ненормалност, или пак некој може овој потег да го види како потенцијален „лек“ против општата (не)нормалност, како заштита на државата / општеството од наплив на нови пациенти, особено во државната администрација итн. И тој ракурс, да бидам искрен, ми се допаѓа. Тоа е исто, или многу слично, со заложбите на herr Милошоски за докажувањето на личните капацитети (а кој што, ете, кажуваат дека дури научил да бара и записници од незавршени седници!), а воопшто коинцидира и со општата клима во државава за дефинитивно расчистување со (не)способните, (не)уките, (не)умните ... посебно оние закрепостени во опозициските редови. Односно, како што Хорхе почна да ја оградува внатрешната државна граница, а „архитектот“ со боксерска провениенција го сардиса објектот на Владата, ова некако му доаѓа како продолжение на акцијата, како (симболична?) бодликава жица околу државната администрација и сите јавни служби. Третата фаза веројатно ќе значи поставување и на соодветни сообраќајни знаци што ќе ни укажуваат каде смееме а каде не смееме да се движиме, околу кои објекти ќе смееме да кружиме на соодветно растојание, кои правци ќе ни бидат забранети (ако веќе не се оградени), кои ќе бидат едносмерни итн.
Од овој аспект согледано, прилично проблематично звучи запирањето на процесот на подготовка и донесување на измените на Законот за работни односи со кои им се дава право на работодавачите да бараат од работниците дополнителен здравствен преглед со кој се утврдува нивната ментална состојба.
Зошто? Бидејќи, очигледно, државата, олицетворена во Владата, Претседателот и Димето, сака - а на тоа има право и по Устав и по закони - да се огради од сите можни (не)пријатни и (не)пријателски, (не)сакани и (не)пожелни, (не)уки и (не)нормални упади на нивна територија, особено од страна на некои прилично сомнителни структури блиски до опозицијата и соросоидите, од медиумите блиски до нив и секаквите други гадинки. Вака, со вакви законски измени, оние кои сакаат да им се доближат ќе ги праќаат прво на соодветни лекарски прегледи, се разбира кај однапред договорени ајван лекари, а тие ќе ги елиминираат сите потенцијални закани со едноставна медицинска белешка! И волкот сит и овците на број -

администрацијата нема да биде загадена од надворешни (не)нормалности и нивните пулени ќе можат непречено да си ги развиваат капацитетите до неслутени височини!

А кога подобро ќе погледнете, нашата реалност всушност одамна е убаво оградена. Со (божем) невидлива ограда додуша, и без барање на медицински белешки, но со видливо силно партиско обезбедување олицетворено во владините министри и втори и трети ешалони, кои уште на влезот бараат друга потврда потпишана од генсекот на Партијата. Што му доаѓа на исто.
Дури, мислам дека цели општествени сектори се прилично солидно оградени. На пример културата, или образованието, па здравството ... Таму се залегнати такви безбедносни пречки што пиле (опозициско, за соросоидно да не правиме муабет) не може да прелета. Актуелните ешалони на тие браници на реалната ненормалност играат улога на безбедносни „лежечки полицајци“ - што впрочем е и единствената животна улога што можат успешно да ја одиграат - спречувајќи непожелни комуникации од секаков вид. Тие се едновремено и меѓу најпосветените, најелитните единици на власта. Се’ уште беспоговорно се редат позади „архитектот“, чувајќи му го грбот! Сега се во фаза на инсталирање на безбедносни системи по институциите - ред директори, ред уметнички директори, ред менаџери. Културата, на пример, така својски е оградена, дури забарикадирана од војските на ненормалноста, што ни вонгранични елементи не пробиваат. Освен ако не се со преодна медицинска белешка од некој внатрешен. Исто е и со циркулацијата внатре - надвор. Постапките се идентични. На нормалноста не и’ е дозволено излегување надвор, освен ако не е со билет во еден правец.
Сепак, мислам дека нешто им недостасува во целиот систем. Според латинската „здрав дух во здраво тело“, а во интерес на подобрувањето на вкупната психофизичка кондиција, мислам дека надлежните на највисоко државно ниво мора да размислат за воведување задолжителни утрински, или пладневни, физички вежби. Зашто пациентите им се улежани бре брате. Мора малку да ги размрдаат, а со подобрувањето на физичката подготвеност подобро ќе функционираат и сивите ќелии. Барем кај оние кај кој се’ уште функционираат, без оглед на нивната малубројност.
Или, ако веќе ги мрзи да повежбаат, нека им пуштаат наутро снимки од омилените му бокс мечеви на боксерот - борбите на Али со Форман, или со Фрејзер, со Листон или Холмс ... или со едикојси. Ем да ги размрдаат малку ем да им го подигнат моралот!

Но, од друга страна, односно согледано од поинаква (надворешна) перспектива, можеби ваквата оградена тоест гетоизирана државна неспособност ги држи нивните „капацитети“ и „кадри“ на едно место, не дозволувајќи да се шират низ државава. СЕкој знае каде да ги бара. Што во суштина не е лошо. А во светлината на претстојните избори идејата за медицински белешки може, потоа, да послужи и како потенцијална виза за надвор, за - нормалниот свет. Па кој помине - помине. Кој нема да задоволи или ќе нема соодветна белешка, ќе остане во гетото! Историјата познава многу такви примери на заменети улоги на џелатот и жртвата!!!

### *Сега не ни е смешно*

Кога би почнал сега да ги набројувам сите разлики во (не)нормалноста кај нас и во цивилизираните, сериозните демократии, би ми требал цел ден. Но, еве, на пример, последната опаска на Хилари Клинтон за Трамп дека „не е веќе смешен, опасен е!“, е еден од начините како нормалноста во старт се справува со одделни (не)нормалности односно потенцијално опасни за државата појави. Тоест, првиот

чекор, неајважниот е: нештата веќе во старт да се именуваат со вистинското име, за да нема никакви натамошни недоразбирања. А понатаму, се работи на отстранувањето на можните закани односно елиминирањето на посочените опасности.
Знам дека ваквите формулации може да наликуваат на трилер или крими романче, но суштината е таа. Впрочем една од улогите на интелектуалците (но и на сериозните политичари) во општеството е и таа - да посочат на можните „слаби“ места, на евентуалните лоши појави и (вакви) закани и понатамошни реперкусии од истите. И не само да посочат, туку и да дејствуваат!
Во случајов апсолутно немам намера со ова да фаворизирам еден претседателски кандидат наспроти друг, иако си имам свои преференци, а и разликите се евидентни. Но примерот е доволно сугестивен, и репрезентативен, и специфичен, секако, за да се извлечат и некои можни компарации, па и поуки. Односно, едноставно, коментарот на Хилари Клинтон ми се виде како одличен пример и за некои наши актуелни (не)нормалности.

Од друга страна, кога сме веќе кај претседателските кандидати, не може а да не се спомне дека и ние, пред седум-осум години, бевме предупредени за тоа што не’ чека со актуелниот „претседател“. И тоа, идентично како и во американскиот случај, директно од противкандидатот. Но, луѓето не сакаа да слушаат, па сега оф леле мајко! Но, да речеме дека тоа беше / е’ еден бенигнен пример на нашата (не)нормалност, иако со прилично далекусежни и самопонижувачки, ама сепак не и катастрофални последици.
Меѓутоа, не се сеќавам, на пример, дека, на времето, бевме на сличен, соодветно експлицитен или поинаков начин предупредувани во однос на „капацитетите“ и очекувањата од актуелниве власти. Кога велам предупредени мислам на една не (сепак) мала групација сериозни политичари, аналитичари, коментатори ... од кои, очекувано, требаше да добиеме квалитетни информации / предвидувања за тоа што не’ чека. И во тоа време, говорам за времето пред десетина години, имаше барем грст трезвени, умни и политички и секако друго потковани поединци наспроти денешнава ѓурултија од малоумни „коментатори“ и „аналитичари“.
Да, некој може да рече дека лудилото не е така лесно (пред)видливо. Ама, некои симптоми веројатно веќе тогаш биле (пред)видливи? Зарем немаше ама баш никакви назнаки за оваа тотална неспособност, за оваа веќе болна неукост и нестручност, за овие хаотични умови што ја дотераа земјава до ова дно? Очигледно немало, како што, впрочем, немаше соодветни предупредувања ниту за оние претходните, оние од 1998 - 2002 година, со сето нивно (кај многумина очигледно веќе заборавено) лудило, со сите Тајвани, демолирања на канцеларии, милијарди евра, виенски балови ...! Иако тие, према овие, изгледаат како мали деца!!! Или, некој може да забележи, овие денес биле само добри ученици на оние претходните?
Многумина ќе се сетат дека слатко се смеевме на почетните будалаштини на нашиве во 2006 и 2007 година, на вкупниот провинцијален менталитет (видлив уште тогаш), на оркестрираната (уште тогаш евидентна) ненормалност и првите чекори кон создавањето на типична партиска држава. Ама, многумина мислеа дека тоа се мали сипаници и дека кратко ќе трае. Ама дојдоа големите сипаници, па тргна и „Скопје 2014“, па задолжувањата, па кражбите на изборите ... Оние малкумина кои успеаа да останат со здрав ум и да предупредат, им велеа дека млатат празна слама. Ама кога стана опасно - е тогаш веќе беше доцна. И веќе не беше смешно!

Како и да е’, кај нас е очигледен недостатокот на свест и совест, на лични и општествени механизми што на време ќе детектираат одделни опасни за државата и демократијата појави. И ќе превземат соодветни мерки, се разбира. Некому ова може да му прозвучи и прилично ригидно, или дискриминаторски, или не-знам-како,

ама дали навистина некаде во нормалниот свет е дозволено ова што беше / е' дозволено кај нас изминативе години? Ваков феудален менталитет, ваква распојасаност, ваков општествен грабеж, ваков дилетантизам подигнат на државно рамниште? Зашто кај нас излезе дека навистина секој може се', секому е се' дозволено - ако е на вситинската страна на барикадите, се разбира, дека не се санкционира не само говорот туку ни постапките. Ни оние најкриминалните! Затоа нам одамна веќе не ни е смешно, ама некој тоа требаше да го предвиди на време. Посочувањето на потенцијално опасните појави, но и поединци, не е и не може да биде кршење на човековите права зашто последиците се вакви какви што ги живееме. Односно, изборот е следен: потенцијално прекршување на правата на една ограничена багра или евидентно прекршување на правата на цела држава?
И не само што никој не стана да сигнализира дека државата / општеството со ваквите „капацитети" набргу ќе биде во опасност, туку никој, или само малкумина реагираа(т) и после толку години разнебитување на сите општествени вредности.

Затоа забелешката на Хилари Клинтон, претпоставувам, никој не ја доживува како напад врз личноста на нејзиниот противкандидат, уште помалку како негирање на неговите капацитети за одредени нешта. Човек што направил такво богатство, барем во САД, не може да биде неспособен. Ама тоа се однесува на бизнисот, не и на политиката, или чувството за државност, морал, етика итн. И затоа луѓето треба да се држат до тоа што најдобро умеат да го работат. Некои, на пример, најдобро умеат да прават пари, како што кај нас некои најдобро умеат да - крадат пари! Ама тоа едновремено не ги прави и државници, нели, и добри политичари? Да, знам дека ние сме, покрај другите нешта, и најталентираната нација за се' и сешто, ама и тоа мора да има некакви граници. Барем кога станува збор за сериозни државни работи! И впрочем, со кој образ, да не речам ум, токму оваа држава го кандидираше оној за местото генсек на ОН? И никој не се најде да стане, да срочи едно писание токму до ОН и да ги предупреди со кого си имаат работа? Иако и тие таму тоа добро го знаат, ама сепак?! Или, немаше ли некој да ги предупреди граѓаните на Скопје што се' ги чека со Коцета, колку дрвја ќе бидат уништени, колку фасади, колку други будалаштини ќе никнат во централното градско подрачје? Или некој да спомнеше за оној Тодоровиќ и неговите „капацитети"!? А дека предупредувањата се полезни и имаат ефект покажа токму ефективната промена во Општина „Центар", иако сега и тие, со идејата за некаков си споменик (?) на Ангелковски тргнуваат по нивните стапки. Но, ако така продолжат, и за нив треба да се издаде соодветно предупредувачко соопштение. За после да не ни биде криво!

### *За (не)одговорноста*

Кога кај нас би почнале разноразни началници, министри и останати полуписмени функционерчиња да им се извинуваат на граѓаните како оние во Хрватска, би морале тоа да го прават по цел божји ден зашто збирот на глупостите на оваа администрација е неизмерлив. Ама нашиве го немаат (ни) тоа чувство за одговорност. Оперирани се од тоа, како впрочем и од многу други на нормалните луѓе примерени нешта. Знам дека примерите за нашата (не)нормалност можам да ги влечкам уште којзнае колку трошејќи си го и своето но и времето на тие кои евентуално тоа (ќе) го читаат, затоа можеби е побитно да се најде еден кумулативен поим што на задоволителен начин ќе ги обедини сите актуелни ненормалности. Се разбира тоа е работа на избор и секој веројатно би се определил за друг поим, но мене прво ми паѓа на ум токму зборот - (не)одговорност. Ми се чини дека тој сосема релевантно ги обединува сите (веќе) спомнати и неспомнати „капацитети" на актуелниве пациенти - минати и сегашни, веројатно и идни (до април, се разбира!) - коишто, доколку некој сериозно и темелно секојдневно ги регистрираше ќе станеа

особено значајно историско четиво. Зашто неодговорноста е, некако, симболичен белег на изминативе десетина години, заштитен знак на секој од овие поединечно но и групна партиско - државна слика во сиво, секаде и во сите области, таксативно. Токму таквата лична и збирна - да не речам колективна, зашто не с(м)е сепак сите за во тој кош - неодговорност се провлекува од ден во ден, од година в година, како вистинска црвена нишка што ќе го обележи изминатиов период на државна (не)нормалност.
Не знам дали во нашиов случај може да се раздвои личната и збирната неодговорност, дали такви нешто воопшто постои во случаи слични на нашиов. Зашто, може ли, на пример, еден пратеник во Собранието да се смета за (не)одговорен и исклучен од општата одговорност што ја носи неговата влада, партија, коалиција ...? И утре да се вади, демек, не знаел што навистина се случува(ло)? Можеби и може, ама само на филм, или на некој од нивните „Застава филм" медиуми (Фрчковски) кои од реалноста штанцаат виртуелност за теснопартиски потреби. Во некоја блиска иднина, кога ќе се делат историските значки за неодговорност кон државата можеби и ќе се направи некаква (командна?) ранг листа. Којзнае.

Но, нашава неодговорност, како и се' друго што се случува на ова парче земја, е специфична и само наша, неспоредлива и несподелива. Нашава неодговорност не е само на штета на другите, туку често и на своја лична штета, и на своите блиски. Што, повторно, говори за одредени социопатолошки дијагнози од епидемиолошки размери. Зашто, инаку, зарем некој така би молчел, би се правел мутав и глупав (иако има и такви!) како да целиов отров развеан низ македонскиов воздух нив и неговите не ги допира? Или умее, отровот, да избира семејно, по пријателска линија или партиски, па тие и нивните да бидат поштедени а концентрациите да се насочуваат само кај *другите*, кои и да се? И може ли човек тотално неодговорен кон своето семејство, блиските и пријателите, да биде одговорен кон другите, особено кон државата?
Или можно ли е ваквото неразумно и несразмерно задолжување на државата за којзнае колку генерации однапред да не ги тангира и нивните семјства, блиските и пријателите? Зарем (и) тие нема да го враќаат тој и толкав долг, или мислат дека ќе бидат на некое друго место? Ама можат ли со себе да ги поведат и сите поблиски и подалечни? Толку ли се збогатија? Или баш и не им е многу гајле ни за нив? И повторно: може ли луѓе кои се толку неодговорни кон иднината - финансиска, а поврзано со тоа и секаква друга - на своите блиски и подалечни, да бидат одговорни кон државата и „обичниот" народ?
Или, ако сакате, можно ли е одговорен човек да го разнебити на таков и толкав начин образованието (во сите степени) во сопствената земја, речиси до неписменост и рамниште на вуду магија или бабини деветини (по наше)? Зарем неговите блиски и подалечни, деца и децата на пријателите нема да учат овде, сите ли ќе заминат по странските белосветски школи? Ама и градинките ни се такви, и основните училишта, така што тие им ги „лепат" основите на (не)образованоста. Или пак, понатаму, може ли некој толку да си ги мрази и блиските, и пријателите и целиот народ па да дотера до такво неодговорно поведение да му ја разнебити целата култура и современа уметност? Систематски и најнеодговорно да стимулира негативна културна селекција, шарлатанство, апологетство, културна и творечка дезориентираност, лажни вредности ...? Ама онака, баш својски и патолошки, да го постави целиот вредносен систем наопаку, зашто поинаку не знае, а и не сака да знае!? Да му смени личен опис на главниот град, да му смени идентитет на народот, да му ја преврти историјата на глава ... и згора да не' убедува дека така ни било подобро!? Нивнава актуелна неодговорност веќе ги поништи сите општествени норми создавани толку децении.

Таквата и со такви размери неодговорност преминува, како што спомнав, во облици на социопатија. И не е непозната, видена е и проучувана низ историјата, ама секој мисли дека ќе биде одминат од таквата чума. А нашава е токму таква, историска и коси како чума. Последиците ќе бидат видливи со децении, ќе генерираат нови и нови неодговорности зашто веќе неколку генерации пораснаа задоени со таков прсотачки, провинцијален и неодговорен дух!
Неодговорноста природно генерира (идна) неодговорност на сите рамништа. И тука како да нема спас. Односно, можеби и има, ако таквата веќе дрска, безобразна и дијагностички потврдена неодговорност започне да се казнува - максимално, беспоштедно, за пример. И тоа е (нај)сериозната задача за деновите / годините што претстојат. Инаку - Господ на помош!

***„Уредничка“ шарада***

Таман решив да завршам со нашиве повеќегодишни (не)нормалности кога, ете ти, со тресок доаѓа апелот на Колегиумот на „Вест“ за сите нешта што им ги прави оваа (не)нормална власт. И пак си мислам: како во последно време сите се узјогунија, на сите некој (а посебно ова ненормалниве) нешто им прави, фрчат на сите страни некакви соопштенија, апели, молби, жалби ... Општ предизборен и Пржински мотивиран / структуриран хаос! Згора на се', на шапшалон Мицов му пречи што луѓето во албанска телевизија говорат на албански. Веројатно треба да говорат кинески? А оние во „Вест“ да си го превземат весникот и самите да си именуваат главни и одговорни уредници, евентуално да им продолжуваат, по можност доживотно, договори на оние кои им се по ќеф, и се' така со ред?! Не знам зошто луѓето (се' уште) мислат дека некои права им се само ним дадени, неприкосновено, дека некои слободи треба да ги уживаат само мали групи (можеби избрани?) поединци - меѓу кои новинарите се меѓу првите - дека само нивните проблеми се проблеми од општ односно јавен интерес.
И немам намера да пишувам за македонските медиуми (иако за некои од нив сум напишал повеќе текстови од многумина „новинари“ заедно) зашто тоа е однапред загубена работа. Со мали исклучоци, се разбира, ама навистина многу мали. И јасно ми е дека без слободни медиуми нема слободни граѓани (за избори муабет да не правиме) и демократска јавност, ама, извинете, да не треба да ги прашам оние од „Вест“, или и оние од Пржино, кого да ставам за главен уредник на мојот блог?

„Се сомневаме дека тајмингот за политичкото преземање на „Вест“ е намерно темпиран за време на престојните празници, за да се избегне вниманието на јавноста и особено на претставниците на меѓународната заедница во Македонија. Колегиумот на „Вест“ на чело со Михајловски стравува дека смената е отворен обид од Владата да го скрши „Вест“ како уште еден силен глас што успеа да даде приоритет на јавниот интерес пред партискиот и владиниот интерес и да промовира граѓански активизам. Досега, Колегиумот на „Вест“ истрпе политички притисок преку менаџментот на МПМ за многу објавени и необјавени теми и вести, а имаше и цензурирана насловна страна. Стравуваме дека смената на Михајловски како главен уредник неминовно ќе значи и смена на уредничкиот Колегиум и ќе ја укине уредувачката политика водена од високите стандарди на балансирано новинарство и заштита на јавниот интерес“, вели Колегиумот на „Вест“! Какво ли е сега тоа „политичко преземање“ кога нивниот газда одамна е во политиката со (не)нормалниве? Како ќе си го преземе весникот од сопствената политка? И како ли овие - тој т.н. Колегиум - ќе го спречат во тоа? Зарем со апелот директно до меѓународната заедница, а не до нашава локална боранија? Зашто, веројатно, ние останатите овде не можеме да им помогнеме, ама тие - можат?! Па тоа „меѓународната“ само со нас да се бавеше, малку ќе и' беа часовите во денот!

А баш сакам да видам како ќе им помогнат. Иако повеќе ме интересира зошто би им помогнале? И ме интересира зошто Колегиумот на „Вест“ не им помогна на другите кога им требаше слична помош, односно не се обрати до меѓународната заедница, во нивно и во свое име, туку си ја тераа „политиката“ (ако и тоа, воопшто, може да се нарече политика) на газдата? Или ја тераа политиката на главниот и одгорен уредник? А тој - чија политика терал? Своја? И како не им текна да напишат две-три „слатке речи“ околу кандидатурата на нивниот газда за генсек на ОН? Ама сега - некој се обидувал да „ги скрши“? Брее, па не можете да скршите нешто одамна распадното, нешто пред многу години врзано за погрешниот столб на вистината. Не знам дали само мене (дај боже да е така, ама не е) ми се гади кога ги читам флоскулите од типот „силен глас“, „јавен интерес“, „високи стандарди“ и „балансирано новинарство“. Како да читам за друга земја, и за други медиуми!
Признавам дека одамна, веќе десетина години, не можам да го разберам македонското „новинарство“, што секако е мој проблем и не барам помош од меѓународната заедница за тоа, а и моето неразбирање не е некаква голема загуба за локалново „новинарство“. И како само нивните проблеми се и општи проблеми, а проблемите на другите се - само лични проблеми за коишто тие немаат ама баш никаков интерес? Или имаат - ама оној на газдите?! Нека каже кој како сака ама корените на нашава (не)нормалност се (нај)солидно зафатени токму во таквата плодна почва каква што е македонскава уредничко-медиумска шарада. И „новинарите“ во нив.

Кога ќе се соочите со вакви крајно иритантно-дегутантни соопштенија и апели, навистина станува премногу очигледно во која и каква (не)нормалност живееме. Ненормалност без чест и морал, без чувство за одговорност за постапките и проценките, амблематична саможивост и безобзирност што целосно заборава на се’ друго освен на личниот интерес. И уште безобразно повикува на одбрана токму на нивниот интерес, заменувајќи го со (божем) општиот. И сите ко еден треба да станеме во одбраната на нивните „загрозени“ позиции, за да можат тие и понатаму да си ја тераат својата приказна, а во „наше име“! Имаат ли овие луѓе претстава што се’ се случи низ државава изминативе години, колку квалитетни луѓе беа сменети од нивните раководни позиции, колку луѓе останаа без работа заради своите демократски и политички убедувања, како и колку цели општествени сегменти беа комплетно девастирани и крајно корумпирани ... па тој нивни фамозен Колегиум збор не кажа во нивниот весник? Чии позиции и интереси бранеа тогаш, а чии - сега? И нема ли, утре, да ги слушаме истите флоскулите од типот „силен глас“, „јавен интерес“, „високи стандарди“, демократски принципи и слични нешта и од другите актуелни подопашници на власта, тактички распоредени во сите други медиуми, институции, јавни установи ...?

## ЛОГИКАТА НА ЛУДИЛОТО

Логиката на лудилото, залегната во мозочињата на актуелниве македонски „патриоти" и нивните коалициски побратими вели: само ние сме нормалните, сите други се луди! Затоа и мислат дека флоскулите од типот на оној Груевски дека „ова веќе не е политика" или дека „нашиот народ не го заслужил ова"[74] се однесуваат *само* на другите, дека токму тие *други*, ете, не само што го допреле дното туку „сега е дефинитивно дека го пробија и дното"! Другите, се разбира, ама не тие, кои цели десет години мислеле „на отворање нови работни места" (веројатно за оние кои потоа ќе седат дома и ќе примаат плата), „на куќи за младите" (кои впрочем се одамна иселени од државата, ама како млади, во случајов, можеби ќе поминат и некои шеесетгодишници), „на градење фабрики" (коишто, ете, толку ја индустријализираа земјава што веќе и не може да се дише), „нови болници" (каде што министерон за смрт ќе експериментира со некои негови нови „методи"), на „проекти од интерес за народот" (од кои провизиите ќе одат на сметките во Белизе и некои други островски даночни раеви) итн.

Којзнае какви се огледалата во коишто секојдневно се огледа власта, но очигледно не се како другите, нормалните. Или се како оние благоглаголиви огледала од бајките - единственото нешто запаметено од детството и пресликувано илјадници пати дури до возрасните години? Ама ова веќе ги премина и границите на т.н. младешко лудило во кое што се' (не баш буквално разбрано) е дозволено. Но кај нас лудилото ги надмина и границите на апсурдот, на безумието, на парадоксот. Логиката на лудилото на нашиве „патриоти" вели дека е подобар хаосот од редот, дека колку е полошо толку е подобро, дека назадувањето всушност било напредување ...! Оваа и ваква логика се ежи и добива нервни напади од зборовите од типот „ред и поредок", „устав", „закон", „чест и углед" ... И од случајните или намерните поистоветувања, зашто носителите на логиката сметаат дека некои нешта им се само ним дозволени. Другите се тука да им удоволуваат на нивните барања!

Како инаку да се објасни, себе си но и на другите, сета оваа безочна и апсолутно бескрупулозна налудничава замена на вината и обвинувањата на сите други токму за нивните злосторства против македонските граѓани во изминативе десетина години? Како поинаку да се дефинира логиката на врз другите делегираната вина за комплетното урушување на системот, за протерувањето на демократијата без право на враќање додека се тие тука, за тоталното отсуство на одговорност (не само) кон граѓаните на оваа земја и идните генерации? Или, како е можно точноста на констатацијата дека „Македонија е заложник на неколку луѓе од опозицијата ..."[75], при наводно здрава свест, да се пресликува кај другите кои ни биле ниту се во позиција да одлучуваат за какви и да се' битни прашања за земјата и народот, уште помалку да реализираат нивни замисли што толку би допринеле за општата катастрофална ситуација?

Прашањето на ваквото типично социопатско дистанцирање од сопствените постапки на цела една клика и бркањето вештерки во туѓиот двор сигурно не ќе беше можно без претходно креираната благонаклона атмсофера кон таквиот тип на однесување. Впрочем, тоа беше и она фрапантното, но за жал и вистинитото, македонско секојдневие низ овие десетина години: едно креирано / конструирано опкружување со слична логика, една (не мала) група за константна поддршка на

[74] (Аноним), *Ова веќе не е политика, со антидржавното однесување опозицијата го проби и дното*, Дневник, 23.12.2015

[75] Исто

логиката на лудилото на властодршците во сите негови манифестации, стратегиски позиционирана на невралгичните контролни точки на „дневната вистина“ и со еден команден центар. И тука не може(ше) ни пиле да прелета а да не биде дочекано од снајперите на лудилото. Или, ако сакате, а бидејќи го пишувам ова токму на (три)годишнината од бруталното исфрлање на опозицијата од македонскиот парламент, зарем таквиот бесрамен чин ќе беше неказнето до денес спроведен без комплетната лудачка логика што го следи системот на овие? Зарем ќе беше можно дури и целата вина да се префрли токму врз исфрлените кои, ете, не сакале да го изгласаат државниот буџет!? Секој нормален би помислил дека една земја, после тоа, едноставно не може да продолжи понатаму без сериозни последици по менталното здравје на граѓаните. Но логиката на лудилото ги поништува сите други логики, особено - нормалните. Ние продолживме како ништо да не се случило! Затоа впрочем и држи констатацијата на Геровски дека „... се’ друго потоа се - наши грешки“. А таквите грешки се едноставно недозволиви. И токму затоа логиката на лудилото ги доби димензиите што денес, и вчера, повторно ни го креваат притисокот. Нормалната логика не може да се справи со лудилото од нашиве локални димензии. Нашата „нормална“ логика упатува на мирољубивост, на демократичност, на почитување на правата на другите, па и во вршењето на државните работи во наше име. Ама логиката на лудилото токму тоа го сака, го чека, токму такви кои ќе им ги препуштат не само работите туку и животите во нивните налудничави раце.

Логиката на лудилото не само што сметаше, туку и докажа дека на се’ може да се стават розови очила, да се наметне поинаква визура, нова / уште една лажна реалност (која што не е дури ни виртуелна, зашто лагата е само реална и никаква друга) на вина отсликана во ликот на другиот. Морфологијата на македонското лудило полека станува светски нагледен пример и сигурно ќе се изучува на соодветните универзитети. Прашање е колку ние научивме од овие десет години? Односно колку сака(в)ме да научиме. Зашто, буквално пред очи ни се одигруваше една комплетна слика на структурата и „законитостите“ на логиката на лудилото, можните развојни шеми, начини и методи на функционирање. Многу години поминаа пред дас е (у)види дека имаме работа со сериозни пациенти.
Денес пак, оваа македонска домицилна логика на лудилото е на својот врв, доживува екстатичен климакс броејќи ги последните денови. Затоа е и најгласна, најмонструозна, најубоита. Ним, ете, им било доста од нас, трпението им било при крај (со што ли толку ги изнервиравме?), на криминалците им е преку глава некој да ги прозива, на барабите и уличарите им здодеало да им се поттураат криминалите под нос, особено кога станува збор за оние за коишто мислеа дека ќе останат вечно сокриени од граѓаните. Впрочем тоа е уште една одлика на оваа логика: дека нештата во нивниот налудничав свет траат вечно! За среќа, вечноста е резервирана за други нешта, а за налудничавите бараби и непоправливите криминалци постојат соодветни институции!

### *Цената на лудилото*

Кога визурата на (сегменти на) македонсково актуелно лудило би била искрена, автентична, рационална или емотивна, дури „идеолошка“, во извесна инстанца би можеле да ја прифатиме и како разбирлива. Се разбира не мислам тука на социопатската врхушка кај која што, очигледно, нема ни „и“ од идеолошка, па дури ни партиска, а најмалку национална, нишка во постапките низ овие десетина години. Повеќе мислам на онаа платеничка инфраструктура изградена да им го чува грбот, инфилтрирана стратегиски на главните пунктови на македонската „јавна мисла“ - иако тука најмалку станува збор за мисла, а уште помалку за јавна, во вистинската

смисла на зборот. Оваа инфраструктура, распоредена главно во медиумската сфера, но и на клучните места низ државната и останатата подопашна партиска или партисколика „војска“, командувана главно од еден центар, некогаш покажува дури и многу поразвиени форми на налудничавата логика. Можеби бидејќи мора да најде одговор, или оправдување, за сите бескрупулозни варијации на практикувањето на власта на газдите им?
Не знам, но секогаш, по правило, останувам запрепастен пред налудничавите конструкции што треба да ни ги објаснат - онака, стручно, експертски - случувањата во државава, каде што, нели, оние опозициски петоколонаши полека но сигурно ја предаваат државата ту на странците, ту на домашните непријатели, ту на едикојси кој не е на страната на барабиве. И колку човек однапред да е подготвен на се’, на сите можни варијации на една те иста тема, до сега видени и чуени којзнае колку пати, не успева - барем јас не успевам - да го притисне наредното копче на далечинското, да ја сврти следната страница на весникот. Како некое проклетство што прашува: до каде може да оди човечката лудост, која е долната граница на човечката (интелектуалната, ако воопшто така може да се нарече и ако воопшто има врска со некаков интелект) мизерија, каков и колкав е влогот во таквото губење на достоинството?

Историјата потврдува дека ниеден режим не опстанува долго без соодветна поддршка во медиумите (моделирањето на јавното мислење) и (барем дел од) интелектуалната елита (кај нас, се разбира, со неопходни наводници!), кои ќе ја шират логиката на лудилото на режимот претставувајќи го како единствена народна опција. Особено во земји како нашава, кои поминале низ секакви идеолошки и платенички турбуленции, таа приказна требало одамна да е елаборирана. Ама - не е, очигледно.
И не мислам тука само на онаа, со уште една во низот продолженија, бабина приказна како од пред „Кооператива“, што ни ја раскажуваше „народнана трибуналка“ ала „баба врачара“ како излезена директно од некој хорор на Вес Крејвен. Тој нејзин филм веќе доживеал толку репризи што, ако не се дигитализира, ќе се самоуништи. Што не ќе биде голема штета, нели. Но проблемот не е во квалитетот на филмот или во веќе општопознатата налудничава благоглаголивост туку, повторно, барем за мене, во мотивите за таа поддршка на логиката на лудилото. И не само кај неа, и не само пред ден-два, туку во континуитет од повеќе години. Поточно, кои, какви и колкави (или во која валута изразени?) се мотивите за таквата заштита на барабиве?
Зашто, извинете, ама дури ни на филм, па нека е и македонски, не можат да се екранизираат сите будалаштини што ги произведе оваа логика на лудилото на избраните и нивните мегафони. Без оглед што таа / тие мислат дека мнозинството граѓани мислат како нив. Во тоа не се сомневам - дека мнозинството бараби навистина мислат како нив. Ама тие не се и мнозинството во оваа држава. Напротив. Што ќе се покаже бргу, на дело, иако веќе и она што само го слуш(н)авме е доволно. Ама овие за тоа не говорат. Зашто во тие темни ќошиња на македонскава страшна реалност тие никако не завлегуваат. Бидејќи таму одамна не палат ни теориите на заговор уште од времето на Букурешт и Версај (коишто, нормално, се причината не само за комплетната пропаст на актуелниве политики туку и за криминалите на челниците, веројатно), или дека на оваа држава некој од надвор цели десет години не и’ дозволува на Владата да истера цел мандат туку на секој две години ги тераат на избори (како да сите сме малоумни и заборавивме дека самите си ги организираа сите вонредни избори зашто беа сигурни во добро подготвената кражба на „вољата“ на народот), или дека некој друг, а не нивните криминалци, води психолошка војна со државата и народот, дека ... ова, дека она! Ним пред очи постојано им е „националниот лидер“, кој шест пати во денот кажува друга „вистина“, кој од февруари до денес барем стотина пати раскажуваше

национал-патриотски бајки за тајни служби и комбиња, за сечени и лепени материјали, за чесноста и непогрешливоста на неговите ортаци, и секој пат тие приказни се урниваа како кула од карти и тој остануваше  пред јавноста како празна лејка.
Зарем е можно, за каква и да е’ цена, некој да легнува и станува со такви бараби во устата? Мислам дека ни најблиското, семејното опкружување нема толку високо мислење за актуелниве „патриоти“ како што тоа го прават нивниве подопашници!

Затоа и прашањето: што е тоа што го добиваат овие луѓе како надомест за ваквото континуирано пласирање на говорот на лудилото и замајување на јавноста? Се мери ли тоа со некои вообичаени, секојдневни човечки параметри или останува подоцна да откриеме што се’ било во игра? Ама што и да е’, зарем човечкото достоинство, образ, чест, имаат таква и толку ниска цена? Или, повторно, не е ниска? Па нека е и висока. Ама колку е тоа - висока? Се мери во куќи, станови, стабилни валути, бизниси на синовите (како кај „амбасадорон“) или ќерките, некое место во дипломатијата ...? И - вреди ли?
Цената на говорот на лудилото според убиствената логика на властодршциве мора да соодветствува на степенот на лудилото. Затоа и мегафониве како да се натпреваруваат кој може повеќе, и подобро, да го трансформира фото роботот на битангиве во портрет на некакви сериозни политичари. Веројатно набргу, како што ќе се ближи за нив судниот ден, реториките на лудилото ќе добиваат на интензитет и ќе почнат да не’ убедуваат дека ние ќе бидеме загубени без бандитиве што секојдневно не пљачкаат и малтретираат, дека оваа земја малтене нема иднина без нивните криминални зделки и политики, дека државава нема да биде иста - без нив. Е тука ќе бидат во право. Барем еднаш, за прв пат во животот!



***„Претседателски“ театар***

Еве и јас да се придружам кон честитките за јубилејот на МНТ и орденот доделен од страна на „претседателот“. Иако, некако, државен орден и (дефиницијата за) театар не баш ми одат заедно. Или, всушност, токму тоа оди заедно: доделувањето на орденот е – театар?! Особено денес, современ, политички!? Веројатно. Зашто, да беше МНТ вистински театар на денешницата, ќе се заблагодареше и ќе го одбиеше орденот. Особено зашто доаѓа од рацете на таков „претседател“! Ама за тоа треба да биде вистински театар, со вистински уметници во него, нели? Зашто, и онака, ваквите орденисувања на културните институции доаѓаат само и исклучиво попатно, по повод некакви (заокружени) јубилеи кои што државата си ги смета за свои односно за свој успех. И тоа му доаѓа исто како да си доделува орден себе си! Со други зборови, ќе ми беше помило – иако навистина немам ама баш никаква врска со нашиов театар, политичкиов и „културниов“ – ако орденот дојдеше како резултат на некаква значајна меѓународна награда, или успешна сезона, или ... не знам каков друг творечки и културолошки битен резултат / настан. Да ме прашаше мене „кабинетот“ на „претседателот“, ќе му доделеше таков орден лани на Драги Михајловски за неговиот превод на собраните дела на Шекспир! Зашто тоа е вистински настан не само за македонската преводна литература, туку и за македонскиот театар. Човекот ги обезбеди сите идни македонски театарски генерации со македонски Шекспир! А овие во МНТ, денес, направија – што? Го заслужија орденот со – што? Само со фактот што случајно се нашле таму, во вистинско време и на вистинско место? Па дури не смогнале сили ни да го одбијат орденот!

Инаку, во оваа наша целосно первертирана и налудничава (културна) стварност, овој чин – од многуте слични - некако најмногу ми наликува на онаа ретроспективна претстава на омилениот ми и никогаш непрежален Ацо Станковски алиас Сарајлија во Музејот на современата уметност, кога (и тој) го чекаше Хорхета да му ја удостои изложбата, исто како да му закачил орден. Каков (анти)авангарден политикантски перформанс беше тоа, зачинет со подопашниот му „професор“, библиотекаркана и домаќинкана што глумеше директорка! Македонскава актуелна логика на лудилото си ги наградува пулените. Или, како што вели Југослав Петровски: „Ова ми личи на гуслар, кој без престан пее хвалоспеви за самиот себе, а истиот тој гуслар никогаш не ни видел бој, туку, цел живот, само и единствено, гуслал...“!

Ќе успее ли некогаш македонскиот Уметник да и' каже НЕ на политиката?

Затоа можеби и не докрај го разбрав Александар Поповски? Што толку се жести човекот? Па барем нему треба да му е јасно на кое дереџе е македонскиот театар. Иако, признавам, и јас подеднакво се нервирав пред некоја година кога тутуруткана во Националната галерија го „организираше“ шеесетгодишниот јубилеј како да станува збор за маалска забава! (Иако не се сеќавам дека и' дадоа орден? Можеби толку беше заслужила, зашто за неа, практично, „орден“ беше директорското место. И таа „успешно“ го одработи трансформирајќи една сериозна институција во селска меана!).

Но, се разбира, Поповски точно го лоцира „предметот“ на неговите недоумици и тука човек не може да не му се придружи. Ама, повторно, ни „говорот“ на „претседателот“, како впрочем ниту самата негова појава, не успеаја да го мотивираат МНТовското и останатото македонско глумиште едноставно да му завртат грб на орденот. Но, и зошто би го направиле тоа кога мнозинството од нив (со чесни исклучоци) смета дека актуелниве бараби од нив направиле – луѓе!? Колку подолу може да падне македонскиот театар? Изгледа може, многу!

Но Поповски, колку што разбрав, не е толку загрижен за македонскиот театар, или тоа што остана од него по политичкиве налудничави турбуленции изминативе години, туку од малоумниот говор на „претседателот“. Особено од едно парче, во

коешто овој, „вдахновено“ како и секогаш, тресе глупости: „Ниту земјотресот, нити цензурата на минатиот систем, ниту политичката коректност на денешницата не успеаја да ја спуштат завесата на Македонскиот народен театар. Не успеаја заради една длабока човечка потреба, а тоа е потребата да се биде дел од големиот наратив во чие средиште е борбата за правда, мир и љубов“. И сега Поповски си чука глава да дешифрира што ли му значело она „политичката коректност на денешницата“ на Хорхета. Залудна работа, кога ни тој нема појма што сакал да каже. Како и обично, впрочем. Но мене не ме интригира тоа парче на неговиот „говор“, уште помалку што и како мислел со тоа да каже. Мене секогаш повеќе ме интересирало кои будали му пишуваат такви глупости на еден претседател, па нека е и „претседател“ од калибарот на Хорхета. Или – самиот си ги пишува? На што, се разбира, немам коментар!

И бидејќи Поповски одлично го анализира ова парче на вдахновениот Хорхе, па јас немам причина повторно во тоа да се мешам, ми остануваат две други, подеднакво интригантни, парчиња: она за земјотресот и она за цензурата! Инаку, навистина не мислам дека ова бил некаков значаен говор на „претседателот“, зашто впрочем тој таков и немал, ниту пак дека тој, или некој во негово име, знаел што сака(л) да каже. Но сепак, самите поими, а во контекстот на културата особено, се интересни и прилично асоцијативни.
Па така, еве прво за земјотресот. Да, ама кој? Малку ли ги имало на ова тло? Но бидејќи треба да е нешто доста прозаично, и хронолошки блиско, што пак соодветствува на меморијата и инвентивноста на Хорхета или на тој што му го пишувал тоа, веројатно станува збор за оној земјотрес од 1963 година. Ама зошто „претседателот“ би мислел дека токму тој земјотрес требал / можел да ја „спушти завесата“ на македонскиот театар? Прво, македонскиот „претседателот“, или тој кој му го пишувал ова, белки не мисли дека македонскиот театар, па нека е и МНТ, навистина може да се урне од еден земјотрес, па нека е и таков како тогашниот во Скопје? Белки знае дека земјотресите уриваат згради, ама не и театри? И дека театарот не е (само) зграда? Или за него тоа е исто? Или тој мислел дека во тоа време, во 05.17 часот наутро целата постава на МНТ, плус вкупното македонско глумиште, се наоѓале во тогашната зграда на театарот? Зашто само така земјотресот ќе можел (и) метафорички да го урне македонскиот театар. А да беше библиотека во прашање, ќе се урнеше ли и македонската писменост?
И впрочем, дури и да било така, како би можел еден земјотрес така едноставно да ја „спушти завесата“ на театарот? Скопскиот земјотрес, таков каков што беше, направи големи бељи во градот, па и во скопската / македонската култура, во физичка смисла. Ама не урна ниту една институција, барем не на начинот како што тоа го прави бандата на која што припаѓа и „претседателот“! Такво уривање, и физичко и духовно,впрочем не му успеа ни на „минатиот систем“, како што милува да го нарекува „претседателот“, оној систем во кој што и тој се закити со редица звања. А сега му импутира дека бил – цензорски. Но за тоа во следната прилика.

### *Современа цензорска школа*

Велат дека денес е секогаш попаметно од вчера. Иако не знам дали тоа важи баш за сите луѓе, па и оние од „претседателското“ опкружување, како и за самиот „претседател“. Да беше така, денес Хорхе ќе се јадеше жив што тропаше такви глупости за театарот, за земјоресот, особено за цензурата, а посебно онаа на „минатиот систем“. Денешнината му удира таква чврга што сигурно му ѕунат ушите. Зашто, што е експресноно сменување / прераспоредување на судијата кој го ослободи Верушевски, ако не најдолен и најгнасен облик (и) на цензура? Ако судија не може / не смее да суди според правото и убедувањето, како се вика тоа во

македонскиот јазик што „претседателот“ толку го сака(л)? Логиката на македонското лудило е токму таа дека се’ што било порано, било – лошо. А ова денес е мед и млеко! Уште потрагично е кога таквата битпазарска логика доаѓа директно од врвот – ако нашиов „претседател“ воопшто може да се вброи во каков и да е’ врв (освен на глупоста, нормално!) – и се шири надолу како канцер.
Се разбира дека ова е само уште еден, најнов пример за начинот како се практикува власта денес и со какви методи се служи. А Хорхе, тој уште еднаш докажува дека одамна не живее тука, ниту живеел, по се’ изгледа. Само не можам да определам од која планета е паднат. Мене најверќе ми личи на Плутонец!

Како и да е’, темата за цензурата денес ни е особено блиска, а некако запоставена. Веројатно заради тоа што најчесто доаѓа индиректно, во завиткана форма и со машничка на врвот – бидејќи сме демократија, нели, а таа и цензурата не одат заедно (освен во исклучителни случаи!) - а само во радикални случаи директно и отворено како во случајов со судијата на Верушевски. Нормално дека тоа се должи на изменетите историски услови и начини / методи на справување со политичкиот „непријател“ (иако кај нас наводници се излишни!), зашто цензурата не е ништо друго освен само уште еден начин на спречување на вистината, или вистината на другиот, како сакате, да излезе на видело.
Инаку, ни Хорхе ниту неговата генерација се толку млади за да прераскажуваат божем чуени работи за минатиот систем. Тие успешно го живееле – се разбира, според нивната идеја за успешност – токму тој систем и тогаш не им пречело ништо. Ама сега – нова визура, квазипатриотска и квази демократска. Токму во тој цензорски систем нашиов „претседател“ „започнал со политички активизам во либералните, реформски младински организации“. Барем така лаже неговиот официелен претседателски сајт. И оние од неговата генерација, ама и ние малку повозрасните, одлично знаеме дека тогаш немаше „либерални, реформски младински организации“, туку имаше само една младинска организација – таа на „минатиот цензорски систем“. Што ќе рече дека Хорхе прилично удобно се чувствувал во тој систем, меѓу неговите. Зошто сега го / ги нарекува со секакви имиња?
Оние помладите од него, на пример неговиот син, можеби и би паднале на такви селски финти. Ама зошто? За да подобро се дефокусира вниманието од сегашнава цензура? Или, ако сакате, па токму тој театар кому му доделија орден, беше израснат и овенчан со сериозни успеси токму во тоа време на „цензура“. Ако е така, а така, нели е глупо да наградуваш нешто израснато во и задоено со таков систем?

Инаку, јас не сум од тие кои мислат дека минатиот систем беше идеален систем. Најмалку. Но не би го нарекувал и со секакви имиња. Особено не како цензорски систем, зашто тоа не беше. Што пак не значи дека немало и такви „случаи“, како оној на славниот ни Љубиша Георгивски. Што е идентично на „битолскиот случај“ на Илиријан Беќири токму во времето на оваа политичка гарнитура и со оваа министерка за култура како државен секретар во тоа време. И сега? 1:1? Се разбира не, зашто минатиот систем имаше уште доста инцидентни ситуации од тој тип, ама да се нарече цензорски систем? Тогаш, веројатно, јас сум живеел во некоја друга држава. И сум пишувал по нешто барем во повеќето дневни весници и неделници и никогаш, ниту збор не ми бил цензуриран. А богами не сум бил секогаш „на линија“.
Но денес, овој „демократски“ систем на Хорхета наш така ги има усовршено цензорските методи што дури тешко и ги забележувате. Едноставно - ве нема, година, две, пет, десет ... нема уште редица други кои не свират по нотите на барабиве ... додека една сурија полуписмени ги има секојдневно, некогаш и повеќе пати дневно, ама тие да ти имале – добри проекти! Како денешниве партиски питбул цензори се досетија за тивка елиминација на неистомислениците. Ама тоа не било цензура туку проевропско вреднување на проектите. Тоа што најголемиот дел од

сељачаанава ниту знае што знали зборот проект, тоа нема врска. Важно проектите да им се успешни пред окалките на кратковидите цензорчиња!
Ако нашиов подеднакво кратковид „претседател“ сака да види што е цензура и како таа функционира буквално пред очите на јавноста, прво нека ги смени розовите наочари со вистински. Потоа нека земе, на пример, една годишна програма на Министерството за (не)култура и нека чита. Ако не заборавил да чита, се разбира. Ќе ја види современата цензорска школа на дело! Секоја божја година со ред.
И истото важи за сите други државни ресори, од науката, образованието, здравството, земјоделието, социјалата ... Што мисли тој, кои се тие земјоделци на кои не им се исплаќаат субвенциите? Или социјалната помош? Да не се можеби членови или симпатизери на владеачката партија? А можебо Хорхе го заборави и случајот со рушењето на објектот на Фијат Цановски? Ако тоа не беше вид на „динамична“ цензура, чуена и од устата на неговиот шеф лично, тогаш не знам што тоа беше!? Цензурата (како впрочем и корупцијата!) на дело е видлива не само во сите државни ресори туку и низ сите пори на општествениот живот. Без пардон, без срам, како во најдобрите времиња на болшевизмот. Само што овој нашиов е со „демократски“ и „десен“ шмек!
И, се разбира, посоченото е само врв на ледениот брег, она што се гледа дури од Титов врв (за Триглав не знам). Во некои подобри времиња белки некои подобри луѓе ќе се зафатат и со тие нешта. Ќе излезат на виделина сите срања на системов. И усраните цензори сосе нив. Е тогаш ќе можеме повторно да му пишеме на Хорхета, каде и да биде, тука или на Плутон!



Златко Теодосиевски
*Зошто будалите*
*немаат рогови*

Скопје
декември 2016

Издавач
Нова линија, Скопје

За издавачот
Евгенија Теодосиевска

Дизајн
Златко Теодосиевски

ISBN 978-9989-2986-6-0